КОСТА ПЕЕВ

Р Е Ч Н И К

НА МАКЕДОНСКИТЕ ГОВОРИ ВО ЈУГОИСТОЧНИОТ ЕГЕЈСКИ ДЕЛ

ТОМ 2

НИП "Студентски збор"
Скопје, 2002

KOSTA PEEV

DICTIONARY

OF MACEDONIAN DIALECTS IN THE SOUTH-EAST AEGEAN PART OF MACEDONIA

BOOK 2

NIP "Studentski zbor"
Skopje, 2002

Речникот до пред две години се работеше како дел од проектот на МАНУ "МАКЕДОНСКИТЕ ДИЈАЛЕКТИ ВО ЕГЕЈСКА МАКЕДОНИЈА", со кој раководеше акад. Б. Видоески, откако згасна односниов проект работата врз Речникот се префрли во ИНСТИТУТОТ ЗА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК

Изучувањето и претставувањето на дијалектното богатство на народните јазици повеќе децении претставува сериозен сегмент од науката за јазикот особено во словенскиот свет (со изработката на националните атласи, Општословенскиот лингвистички атлас и Општокарпатскиот дијалектен атлас). Сепак претставувањето на лексичкиот фонд на народните говори преку изработка на дијалектни речници се наоѓа некако во задоцнување. Оттаму трудовите на проф. Пеев (не само сегашниот) претставуваат еден вид пионерска работа во нашата средина, дотолку повеќе што во објавените дијалектолошки монографии од македонското јазично подрачје лексиката е претставена само во ограничен обем - како диференцијална во однос на литературната, а сега пред нас е сериозен обид за комплетно претставување на речничкото богатство на југоисточните македонски говори

акад. Божидар Видоески
извадок од рецензијата

***

Со пиетет сум исправен пред над дведеценискиот макотрпен труд на еден пасиониран истражувач што саможртвено го посветил својот живот за воскреснување на органскиот дел на еден историски етнокултурен субјект што пред нашите очи незапирливо и неповратно гасне... Речиси ги нема веќе македонските песни и ора околу Солун, Кукуш, Серес, Кавала и Драма, одвај се слуша македонскиот збор во Воденско и Еницевардарско, па упорно се задушува мајчиниот шепот и во Леринско и Костурско.

Авторот првин воведно ги разгледува... неповратните демографски промени во Долновардарско и потоа ги претставува основните карактеристики на веќе во голема мерка избришаните македонски народни говори (кукушкиот, солунскиот, серскиот, воденскиот, еницевардарскиот, па и јужногевгелискиот), запирајќи го посебно истражувачкото внимание кон лексичките пластови и укажувајќи на специфичните појави во областа на фонетиката, морфологијата и синтаксата... Професорот д-р Коста Пеев со своите истражувања токму на јужномакедонските говори веќе стана признат дијалектолог. Од почетокот е вклучен во проектот "Македонски дијалектен атлас", како и во меѓународните научни проекти што ги води Одделението за лингвистика и литературна наука во МАНУ "Општословенскиот лингвистички атлас" и "Општокарпатскиот дијалектен атлас". Како познавач на словенските јазици, Пеев со компетенција продира во проучувањето на словенската дијалектологија, со посебно лингвистичко внимание на јужномакедонската регија.

Неговите бројни дијалектолошки студии, објавувани во земјата и во странство, и особено неговата двотомна монографска студија за кукушкиот говор, одамна се влезени во научната комуникација. Сега тој се појавува со еден друг почеток што несомнено означува прва бразда во една неразорана славистичка ледина.

акад. Бл. Ристовски
извадок од приказот "Монументално дело на македонската лингвистика" *(Утрински весник, 28 јануари 2000).*

Коста Пеев со своите истражувања од областа на македонските говори се вклучува во врвот на македонската дијалектолошка наука, а со своите лексикографски прилози во врвот не само на македонската туку и на словенската дијалектолошка лексикографија. Со издавањето на Речникот дијалектната граѓа ќе стане достапна за поширокиот круг љубители и стручњаци во Македонија и надвор од неа. Трудот е особено добредојден за потребите на истражувањата од јазичноисториските и јазичногенетските прашања (на пр. за историската лексикологија, етимологија и сл.)

Речникот спаѓа меѓу најзабележителните проекти од областа на современата македонска дијалектолошка лексикологија, како и лексикографија на словенските јазици, меѓу другото затоа што за првпат целосно ни го претставува лексичкиот корпус на пограничните говори на крајниот југ од јужнословенската територија и затоа што планираниот обем на вклучениот корпус, судиме по првиот том, каде што на 328 страници стојат 3366 зборовни гесла (А-Д), е многу голем.

проф. д-р Аленка Шивиц-Дулар,
Славистична Ревија, бр. 49, Љубљана
(извадок од приказ, во печат)

Посвета

Со почит и благодарност книгата му ја посветувам на д-р Георги Групчев, и на неговиот тим: д-р Љубен Арсенков, д-р Иван Стировски, д-р Славко Крстевски и д-р Валентина Пеева-Лазова.

***

Благодарност

Макотрпната работа во приготвувањето на речник бара, покрај другото, и помош и разбирање од семејството, во таа смисла ја изразувам својата благодарност на сопругата Танка

Коста Пеев

УВОДНИ БЕЛЕШКИ

1.1. Иако постојат реални можности извесни податоци да бидат преповторени во однос на "Уводните белешки" од првиот том, сепак чувствуваме потреба да дадеме извесно резиме на сознанијата што ги имаме во врска со следниве пунктови од работава: претставување на регијата што е предмет на нашето дијалектолошко истражување, збор-два за специфичниот начин на собирање на материјалот, односно за создавање на корпусот, збор-два за методологијата при изработката на Речникот, натаму презентирање на одделни посебности во граматичката структура на долновардарските говори, неопходни заради успешното следење на лексичкиот материјал и др., сè со цел на читателите да им се доближи речничката граѓа, независно дали го имале в рака првиот том или не.

2.1. Под поимот југоисточни македонски говори ги подразбираме оние говори што се зборуваат по долниот тек на реката Вардар, јужно од Гевгелија па сè до Солунскиот Залив. На исток од Вардар овие говори се шират кон серско-драмската регија, а на запад до кајларскиот говор.

2.2. За време на Втората балканска војна, која што избувна на 29 јуни 1913 година (инспирирана од шовинистичките и великодржавни аспирации на владите на соседните држави), грчката солдатеска, за време на жетва, со жесток артилериски оган, со пожари и смрт го смени демографскиот лик на повеќе десетици македонски населби во Кукушко, Солунско, Демирхисарско и Дојранско; во тој контекст ќе истакнеме дека на 3 јули наполно згасна животот во убавиот македонски град, и првенец во преродбата - Кукуш, всушност тоа е почеток на геноцидот што се изврши во тој дел од Македонија. Уништувањето имало такви размери што последиците се сосема евидентни и денеска, имено ако некаде, на улица или било каде во споменатиот град слушнете македонски збор, тоа нема да биде милозвучниот долновардарски (кукушки) говор, туку говорот на некој преселник од други делови на Македонија, бидејќи **таму не останал ниту еден староседелец**. Овој податок добива во својата тежина ако истакнеме дека кон средината на минатиот (односно предминатиот) век Кукуш претставувал, како што рековме, центар на националното будење, имено таму повеќе, отколку на др. место,

бил изразен отпорот против Патријаршијата и фанариотското духовенство (кон крајот на 19. век градот броел 7.750 жители).

2.3. Опустошувањето на останатите делови од Егејска Македонија продолжува, а за време на Граѓанската војна во Грција (што се надоврза на Втората светска војна) доби размери на етничко чистење, кога македонскиот етнос скоро речи исчезна од Ениџевардарско, Воденско, Серско, Леринско, Костурско.

2.4. Овие сознанија ја наложија потребата македонскиот дијалектолошки центар со кој до неодамна раководеше акад. Б. Видоески, својот интерес да го усмери кон егејските говори. Така се создаде цела едиција (повеќе од магистерски, односно докторски дисертации) за односниве дијалекти (некои од нив се објавени): Ениџевардарскиот говор, Кајларскиот говор, Мегленскиот говор, Кукушкиот говор, Дојранскиот говор, Говорот на с. Кула (Серско), Говорот на с. Чифлицик (Серско) и др.

3.1. Кон определбата да ги истражувам долновардарските говори влијаеше и една случајност, имено по завршувањето на студиите, со извесна лингвистичка (дијалектолошка) наобразба, бев назначен за наставник во Струмица и така имав можност да го следам и проучувам "судирот на два дијалектни типа": меѓу говорот на староседелците што се вклучува во источно-македонскиот штипско-струмички говор, и долновардарскиот, претставен со кукушкиот дијалект, што го зборува поголемиот дел од "бижанското" население. Првиот, или основниот дијалект се зборува во селата од централниот и западниот дел од Котлината, како и во самиот град, додека бегалците од Кукушко се населени повеќе во источната и јужната регија, таму живеат компактно во десетина села: Секирник, Турново, Сушица, Радово, Штука, Иловица, Еднокуќево, Хамзалија, освен тоа, пак компактно, го имаат населено и источниот реон од самиот град.

3.2. Некаде кон средината на седумдесеттите години почнав да го истражувам говорот на населбите околу Дојранското Езеро вклучувајќи ги и "бежанците" од дојранските села што се наоѓаат во државата Грција: Патарос, Аканџалија, Попово и др. Од споменативе активности се роди монографскиот опис на дојранскиот говор, потоа интересот се прошири кон кукушката регија, односно почнав да собирам дијалектен материјал кај бегалци од тој дел на Егејска Македонија - според Прашалникот за Македонскиот дијалектен атлас.

Освен тоа, тргнувајќи од аргументот дека топонимиската номенклатура многу меродавно ги презентира дијалектните особености - во топонимите фактички е конзервиран јазикот (главно фонетскиот и лексичкиот дел), паралелно со дијалектни вршев и топономастички истражувања. Се разбира, поради неможноста тоа да се врши на самиот терен, во Грција, кај она македонско население

што таму сепак останало, бевме принудени односниве анкетирања да ги вршиме со преселници, бегалци.

3.3. При ваквиот вид истражувања неопходно е да се земат предвид ред отежнувачки околности: првата опасност доаѓа од можноста за нивелирање на дијалектните посебности на преселниците, како резултат на контактите (економски, женидбени и др.) со месното население. Односново нивелирање доведува до корозија на говорот на бегалците и се врши на различни нивоа од јазичната структура. Оваа опасност донекаде беше превозмогната со определбата истражувањата да ги вршиме во селски населби каде што "бижанците" се во голем број и живеат компактно. Но тука се појави друга опасност, имено во немал број "бижански" села среќаваме дојденци од различни егејски населби, така што доаѓа до меѓусебно губење на нивните дијалектни индивидуалности. Освен тоа за извесни регии од Егејска Македонија информатори можеше да се најдат само во градските населби. За илустрација ќе ја споменеме демографската ситуација во "бижанското" село Секирник, таму живеат преселници од повеќе села па дури и од различни регии: од кукушките села Ајдарлија, Коџомарлија. Маловци, Крецово, Иџеларе, Амбар Ќој, Гавалјанци, Рошлово, Алексово, Владаја, Драгомирци, Грамадна, Казаново, Маловци, Беглерија, Диманци, Ираклија, Планица, од Дојранско, с. Патарос, Сурлево , од Солунско, с. Градобор, од Демихисарско, с. Ливадово, од Серско, с. Азнатор. Ваквата состојба: во одредено "бижанско" село да живеат преселници од 10-15 населби од егејскиот дел ја нотиравме, освен во споменатото село Секирник уште и во др. села.

Од Серско и Драмско бегалци преселници анкетиравме во Радовиш (во градот) и во Штип (во населбите Три Чешми и Свињогојство), од Воденско, Ениџевардарско и Кајларско информатори побаравме во Скопје, во населбите Мичурин, Автокоманда и Чаир. Проблемите што ги споменавме од работата со бегалците од Кукушко, во ваква или инаква форма се повторуваа и при анкетирањата во Радовиш, Штип и Скопје.

Се разбира дека сето тоа создава дополнителни тешкотии, односно налага во истражувањата да се применува посебен пристап.

3.4. При формирањето на картотеката вршевме ексцерпција од повеќе извори на дијалектолошки материјал, впрочем тие се претставени на крајот од Речникот, а сега ќе ги споменеме само позначајните: *Lidové povídky jihomakedonské (z rukopisů St. Verkovicovýh); A. Mazon, A. Vaillant, Lévangéliaire de Kulakia un parler slave du Bas-Vardar, M. Małecki, Dwie gwary macedonskie (Suhe i Wisoka w Solońskiem), Teksty, Słownik* и др., освен тоа се користени и материјали (за кои зборувавме пред малку) собрани од авторот, а се чуваат во Архивот на МАНУ (за Општословенскиот лингвистички атлас и Општокарпатскиот дијалектен атлас) односно во Архивот на Дијалектолошкото одделение при Институтот за македонски

јазик од пунктови од: *Драмско, Серско, Солунско, Воденско, Енице-вардарско, Кајларско, Гевгелиско, Дојранско, Кукушко.*

4.1. Во материјалите од Речникот среќаваме голем број потврди за периферниот карактер на говорите што се предмет на нашиот интерес, овде пред сè се мисли на поголемата диференцираност наспрема стандардниот јазик: од една страна присуство на архаични форми, а од друга позајмени лексички единци, но и граматички обрасци од соседните (несловенски) јазици.

4.2. Од општата шема, односно од мозаикот на дијалектни посебности, прво ќе се задржиме на лексичките што се јавуваат на повеќе нивоа, прво фонетски (*во́шта* 'водата', *бра́јчка* 'брадичка', *пла́јна* 'пладнина'), натаму зборообразувачки (*кусини́на* 'косиште', *мажатро́к* 'мажиште', *утрува́чка* 'отров', *мумура́нка* 'мома', *рујак* 'рој'), и архаични (*деси́ се* 'се случи', *са́к* 'глужд', *кли́ка* 'вика', *прав* 'десен', *топори́шче* 'рачка од секира') .

4.3. Во граматиката (морфо-синтаксата) исто така среќаваме редица архаични форми, пр. употребата на сврзникот **да** во декларативно-интенсионални (комплетивни) реченици: *един ден чу један тел'ал да продава една каште;* натаму употребата на сврзникот **али** во адверсативни реченици: *шта ти дам нишјан, али пак ниште можеш да ја излажеш;* уште проширената употреба на множинската наставка **-и** кај еднасложните именки од м. род: *двана́десет ко́ши па́лни, пу две гро́ши, де́вит ре́ди;* освен тоа се среќава и кај именки од ср. род: *сос зла́тни кри́ли, па́сиши гове́ди-ти.*

Од иновациите да го споменеме мешањето на предлозите **во** и **на** (според грчки образец): *умре́нтујут че́век го зара́ха на гро́бут* (м. 'во гробот'), *лажицата не можеше да си а тури на устата* (м. 'во устата').

Покрај ова среќаваме и други форми што упатуваат на меѓујазични контакти, некои од нив веќе се претставени во литературата, но во долновардарските говори нивното присуство е поизразено. Да ги споменеме синтагмите од две именки во кои едната се јавува како атрибут на другата без граматички показател (според турски образец): *дај ми паша касат ношче / да си сечам јас бисерче* (м. 'касапско ноже'), во примерот што следува има дури два атрибута (именки): *ут восук пчела мет.*

Се разбира дека во една кратка уводна белешка не може да бидат претставени сите граматички посебности, но затоа тие се регистрирани во текстуалниот дел што се јавува како придружник на лексичката единица, впрочем со таква цел и се дадени богатите илустрации.

5.1. Во врска со начините на претставување на речничката граѓа прво ќе се потрудиме да објасниме зошто се определивме формите на свршените глаголи да ги дадеме посебно, а не заедно со несвршените, како што се практикува во некои речници. Тоа го правиме од проста причина дека често, или многу често, богатата

разновидност на значењата што ги нотиравме во дијалектите за едниот и другиот вид не се поклопуваат, односно кај свршениот вид среќаваме побогата семантика, а тоа значи дека не може да се повикаме на несвршениот, за пр. да го споменеме гл. **земе** кај којшто констатиравме 17 значенски посебности, не земајќи ги предвид фразите и изразите во коишто стожерен е споменатиот глагол а нивниот број изнесува 27; такви случаи може да се наведат повеќе.

5.2. Втората специфичност на која сакаме да се задржиме е во врска со присуството на "украсното" **ј** кај одделни лексеми. Имено во ексцерпцијата на материјали од народни песни од долновардарската регија многу често се среќаваме со јотација на вокалите *а, о, у* (поретко и кај другите вокали) во почетокот на зборот. Фактички, според Конески се работи за особеност "што е широко позната во пеењето на народни песни кај словенските народи. П.Г. Богатирев ја истакнува како карактеристична црта на руските, украинските, чешките, словачките, српските и бугарските песни... На Балканот ваков начин на пеење е забележан кај Албанците и Ароманите" (Бл. Конески, *Јазикот на македонската народна поезија,* с. 9-10).

5.3. Сепак, ни се чини дека во односнава говорна регија оваа специфичност е особено силно изразена, впрочем тоа се потврдува низ богатството од примери што ги наведуваме. Се среќава кај сите видови зборови (и полнозначни и службени): *јоградa* 'градина', *јапостол, јодаја; јожинет* 'оженет', *јободен; јо* < *о* < **го** - 'кратка зам. форма'; *јосвести, јобиди, јобиколи; јоткак* 'откако', *јудугорја* 'одозгора'; *јот* 'од' , *јо* < *о* < во, *јуз* < *уз* 'од'; *јето* 'ете' и др.

Прави впечаток дека односнава јотација ја среќаваме и пред вокалите од преден ред и тоа освен пред **е** *(јендра);* уште и пред **и**: *ји* < *и* < **ги** - 'зам. форма', *јиска* < **иска** 'сака' итн.

Ѓ

ѓаволи́ца f 'прекар на жена' (со негативна конотација) [BV,62].

ѓаволшти́на f 'голема итрина' (со негативна конотација) [BV,62].

ѓавул m 1.'зол дух, сатана' (според религиозни и суеверни сфаќања) *~ јаде́ки та́м, а̣дин пајто́н пу̑ па̑тут, ни́кој гуле́миц, ни́кој па́ша уф на̑тре. Де́тто, то́а ма̄ле́чку́т ѓа́вул, му ви́ке на ву́ку-му: "да гу за́приш пајто́нут"* [ИГ,110]; **2.** изр.: **куту гре́пан ѓа́вул** (= се кажува за некој што многу се измачува) [ПК,2 (171)]; **мо́мте ѓа́вуло ги-те́гле за̄ко́-ста, за̄-то́о ра́стат по́-ско́ро** (= девојчињата побрзо созреваат, но некогаш тоа созревање им носи тешкотии – "зашто е од ѓаволот") [ПК,2(176)]; **бе́ге али́с ѓа́вул ут-тиме́н** *~ ка́-ќ ме-ви́де бе́ге али́с ѓа́вул ут-тиме́н, от ме-ј бурчли́а, са̄-бо́о да̄-не-мо: пуса́кум да̄-мј-о:-ва̄рне бо́рцо* [ПК,2(154)]; **са́нки ѓа́вуло ца̄ра̄н** (= црн како ѓавол) [ПК,2(197)]; **ма̄ле́чко: ѓа́вул би́л** (се кажува за несреќа со несериозни последици) *~ мо́ре мо́лчи, не́ ле́-ј жи́в, ма̄ле́чко: ѓа́вул би́л* [ПК,2(179)]; **флизе́ ѓа́вуло уф-не́го** (= кога човек се однесува неразумно, надвор од нормите) *~ та̄ргна́л пу-ло́ши па̑ти-шта, пу-ло́ши ра̄бо́ти* [ПК,2(209)]; **на̄-ѓа́вуло ду́пка̄та га̄-зна́а** (= известен е за се́) *~ ма̄ле́чко, а́ма о́ј и́зла̄жјо:, на̄-ѓа́вуло ду́пка̄та га̄-зна́а* [ПК,2(184)].

ѓавулче n, dem. од **ѓавул** (= сатана) *~ и то́:, о́чте шо му иска̄ра́л ричéл: "па́ му никна́: о́чи на̄-то́:, удде́л на̄-та́: во́:та, са̄-измија́л. Ама то́: на́што ѓа́вулче, то́: ма̄ле́чкуто, о́н га̄-ка̄жа́ ра̄бо́тта* [ПД,166];

ѓа́змо n, bot. Mentha 'вид цвеќе со убав мирис, нане' [ДК,104].

ѓак m 'свештено лице, на почетното скалило во хиерархијата' *~ има́ла ма́јка си́на петеми́ја [си́на петеми́ја, син ка̄јметли́ја [да́ла го, да́ла по́п да се ју́че [по́п да се ју́че, (ѓ)ак да се чи́не* [ШД,1(238)]; *~ о́д си зе́ми адна́ ко́жа [адна́ ко́жа биво́лова [и си ви́кни два попо́ва [два попо́ва, три ѓако́ва [е́зе, ма́ле, да кажу́вам [о́ни, ма́ле, да пишу́ват* [ШК,1(110)].

ѓаур m 'христијан' (обично така се именувани од муслиманите) *~ напкун фатиха да ги биат селаните: "Ајде бе ѓаур шети ми кон'ут"* [MC(B),72]; (pl *ѓаур'а̣*) [MS,s,31]; и: **ѓау́рин** *~ де́ва̄т ли́ри ми-са́ка̄т шче́рко Пе́тро [а не́мум ја́ска ни една́ ли́ра [и-не́-га̄-зна́м ка̄ква́-ј ли́ра̄та [– Е-бре́ ѓау́рин, шо́ че́киш о́ште [шо́ не́ да́јш де́ва̄т ли́ри? [... ки-ти-зе́мме гла́ва̄та бре ѓа́урин* [ПД,155].

ѓаурче n, dem. од **ѓаур** 'христијан' ~ *а бре Македонче ќафир ѓаурче [чини се јарумче раат да најдеш ти [– јас сам Македонче сите ме знајат [дури мен ме знаје и Султан Амид* [БВ,112].

ѓафке impf 'кога кучето лае, но не нападно, туку како да бара нешто' ~ *ка замркнало, си затфоруве вратта и си седнуве да си повичере. Кучето фанува да ѓафке, она му фрл'уве адин залăк* [ШК,5(428)].

Ѓафур 'муслиманско м. л., име запишано во Кукушко' ~ *товарил је Ѓафур ага [товарил је товар тутун [право тегне село Постол [село Постол Аџи Ристо* [БК,105].

ѓаче n, dem. од **ѓак** (= свештено лице) ~ *ми отишле во црквата [во црквата да се венчат [поповите онемеле [ѓаковите ослипеле [се сетило едно ѓаче [да-н сте рода, род роднина* [БК,59].

ѓваа impf 'се движи качен на добиче (коњ, магаре), јава' [ПК,2(43)].

ѓем m 'дел од запрежната опрема на коњ – узда' [BV,61]; (pl **ѓе́муви**), сп. **у́зда** [MS,s,31].

ѓенѓе́р || **ѓи́нѓер** m, bot. 'едногодишно растение со големи, жолти трње' (= магарешки трн) [MS,s,31].

ѓени́а* f 'потекло, ген' ~ *ца́снува куш'у́л'ата на го́р'а, му ука́зува ниш'а́нин на кур'е́му: "ја та́с ми ѓени́ата, то́с ми со́ју!"* [MS,t,15].

Ѓера 'ж. л. име, запишано во Кукушко' ~ *Ѓера мајка плете ситни дребни коси [ем си она плете, ем си тихо дума [молчи Ѓеро ќерко, молчи немој плачи [ти ќе одиш ќерко во свекорви двори* [БК,48].

ѓерѓеф m 'вид дрвен обрач на кој се оптегнува платното кога се везе' ~ *леле Јано моја мила ќерко [цел ден седиш на ѓерѓеф си везеш [на кој везеш тојо зелен барјак* [БК, 110].

ѓердан m 'украс што девојките (жените) го носат на вратот' ~ *елај Ристе па јела [не идам Донке, не идам [мајка ти е на цркви [она ки раздаде за душа [săнгăр măнгăр гримните [рускут плускут гердано*т [БВ,212]; ~ *невесто калеш, море, јубава [шо кротко јодиш, мори, на вода? [дали ти тежат, мори, стомните [или ти теже ѓерданот?* [БМ,59].

ѓеривол' m 'ограден простор со трски во Езерото (Дојранско) – околу 10 м. кв., во кој рибарите ги чуваат езерските птици, на кои претходно им ги имаат отсечено пердувите од крилјата; тука ги чуваат (и хранат) околу еден месец, а потоа ги ставаат во **мандрата** каде што ги гонат рибите и на тој начин им помагаат при ловењето риби' [ПД, 127].

ѓеч'и́т' m **1.** 'плитко место на река, погодно за поминување, брод'; **2.** 'тесно место на патот' (pl. *ѓеч'и́т'а*) [MS,s,31].

ѓеч'кинџ'и́ја m 'патник' (задоцнет) ~ *ути́духа, пи́таха: "то́ ч'у́ка на по́ртата?" "ја́с сӑ иди́н ѓеч'кинџ'и́ја, м'а ни ш'т'е́ти то́с в'е́ч'ер...?"* [MS,t,15].

ѓеџ'е́куш'у n 'ноќно пиле, лилјак' (pl *ѓеџ'е́куш'у́нта*); сп. **в'еч'е́рну пи́л'а** [MS,s,31].

ѓи́ди interj ~ *мури, не́ си не́ма, не си сле́па, ѓи́ди мо́ја до́бро* [ME(P),98].

ѓо́а adv 'божем' ~ *ти́ са́мо слу́ши, ѓо́а ни́што не зна́иш* [СК,321]; ~ *му-ве́ле: "нă-ину-по́п та́му, му ве́ле, ути́ду му-пумо́жи дă-му-пца́лăм, ми-да́ди тро́ литури́ј". И зе́ва, ѓо́а кă-ќ-у-го́сте, гу-сидну́ва та́м* [ДК,118]; и: **ѓоо** ~ *ка́ дујде́ме ут–Ку́кушко, уд-до́лце, ту́кашните ни сӑ-сме́јаа о́ти сме прăви́ли но́го кăтăк,... ѓо́о*

сме јăде́ли ба́ница ус-ле́п [ПК,2 (168)]; **ѓо** ~ *кă пурăстала двејсет гуди́ни чу́пăта не́ са́ка цăрно, сăка́ла бе́ло мăш. А кра́лут, ѓо ра́дус, диме́к, е та́ка-ва́ка, та́ка-на́ка, бе́ла чу́па не́ сă-мăже* [ДК,130]; односно **ѓое́** ~ *кини́са ѓое́ да си и́ди, па́к дјаволо́т гу викна́ и му га даде́ кути́ата* [V,PM,147].

ѓо́збујџија m 'измамник' [СК,321]; и **ѓо́збăџија** 'снаодлив човек, итрец' ~ *ним сă-пра́ви но́го ѓо́збăџија* [ПК, 2(43)].

ѓо́л' m 1.'голема површина под вода, езеро' (pl *ѓо́луви*) [MS,s,31]; ~ *коли газја носат Ѓол'от да запал'ат [а та пуста трска зелена не горе [топовите грмат, трската се луле* [БК,122]; ~ *ѓол'от сардисаја јод четири страни [јод четири страни Турци јанадолци [се сос црни којна, се сос жолти јузди* [БВ,90]; во с. Фурка запишавме освен **ѓо́л'** и: **е́зăро** [ПД(Ф)]; 2. 'вир, дупка со собрана вода' ~ *ѓол' ви́кме де́к ба́нме о́фџте*; 3. 'истечена вода на место каде што не би требало да ја има' ~ *сă-скăпа́ сто́мнăта, нăругузи́нта ѓо́л' стăна́; уд-де́к дујде́ то́о ѓо́л'* [ПК,2(43)].

Ѓо́л'ај top.1. 'мала река образувана од водата што истекува од Дојранското Езерото на кај **Долно Поле** во Егејска Македонија, Грција'; 2. 'местото од каде што истекува езерската вода' [ПД(135)].

ѓо́л'ски* adj 'тоа што се однесува на **ѓо́л'** (= езеро)' ~ *та́ткуто, измăчăн до́јрански рибар, уз-де́нуве не́-сăвăрнува́л до́ма, спија́л уф-ѓо́л'ската кули́ба* [ВД,276]; сп. *ѓолска земја* [ME(P),170].

ѓо́л'ска би́ба f 'езерска птица, *кăфе́на, не́ ло́ве ри́би, па́се тре́ва'* [ПД(127)].

ѓоласија 1.'претставник на власта (турска) што го контролира продавањето на риби' (кога ги изнесуваат на брегот, на скелето); 2. такса што рибарите ја плаќале кога ги продавале рибите (така било во минатото, до 1912-13 – до кога Македонија била под турска власт)' [КД, 60].

го́л'џăк m 'бара, вир' [ДК,105].

ѓон m 1. 'дебела кожа, што се става на долниот дел на чевлите'; 2. изр.: **ли́цто мо́-ј ѓо́н** (= се кажува за човек што нема обзири, што нема срам) [ПК(Ал)].

ѓон m, zool. Upupa epops 'птица пупунец' [BV,61].

ѓо́нди adv 'божем' (= ѓоамити) [ИГ, 124]; ~ *ја́с, тăка́, о́ти ле́то-ї се́га, нă мо́жум да чи́нум. Ѓо́нди не́ вăрве, са́атут си-вăрве* [ИГ,121]; в. **ѓоа**.

ѓо́нце n, bot. Trifolium (Воденско, во Солунско: **ѓонц'а**) 'вид детелина' [BV(S),61].

ѓо́о ми ти adv 'божем' ~ *Ма́нуш шо и́ма а́дин си́н, сте́л'то му изде́... у́че ѓо́о-ми-ти* [ПК,2(195)].

ѓора́м бини́ 'човек што се однесува надмено, како да е од "висока" категорија' ~ *сă-убличе́л, сă-нăкунти́л, сă-пра́ве ѓора́м бини́* (= се прави важен) [ПК,2(197)]; ~ *ка́ се-ї-чини́л а́дин ѓо́рăм бини́, нă-мо́јш дă-му-прăла́фиш* [ПК,2(43)].

Ѓо́рги m (м. л. име запишано во Солунско) ~ *"нăтр'а у но́с пампо́р' зă-ј аракли́кут-ти Ѓо́рги да ха дад'е́ш' на н'е́гу да и-ха дад'е́ на ж'ина́та-ти!"* [MS,t,86]; и **Ѓорге** ~ *ста́ни, ста́ни, цар Кустади́н! [те́б те че́кат ма́јсторето [ма́јсторето, дул'ге́рето [да напра́виш ма́л манасти́р [ма́л манасти́р све́ти Ѓо́рге!* [ШК,1(237)]; ~ *на лулката фидан Ристе] лолејo, Ѓорѓе́јo [шо гу пуле фидан Тана... [фидан Тана Ѓорѓивата* [БМ,29].

ѓот m 1.'задниот, долен дел од човек, задник' (в. **гăс**); 2. изр.: **ни́м че́ки уд-дру́к, ту́ку сте́гни** сј-о-ѓо́то (= зафати се за работа, не чекај од друг) [ПК,2(43)].

ѓо́фре* n 'задник' ~ *На́со се́дни си нă ѓо́фрето!* (= не се карај, не се занесувај) [СК,321].

ѓубек m 'средишен, највкусен дел од лубеницата (во него нема семки)' [ПК(Гр)]; ~ *то: шо́-ј сăрцто, шо́ ко:-иска́риш, то́-ј ѓубе́к. Заклáх адна́ лубни́ца, а ѓубе́ко гу-ја́дум* [ПК,2 (239)].

ѓубре n 1.'ситни работи, нечистотии, фрлени (непотребни)' – смет' ~ *о́ди, му ве́ле, мă-зăко́пи та́м уф-буни́шчăто, буни́шче ви́кăме ни́: ѓу́брăто де́ка о-фăркăт, са́мо гла́вăта дă-ми-сă-гле́де* [ПД,144]; ~ *дујде́ла адна́ лиси́ца дă-ја́де не́што уд-ѓу́брăто, гу-нăјде́ла де́тто, гу-зима́ла* [ПК,2(232)]; 2. 'она што се собира како отпадок од добитокот, се става на нивата за да ја збогати земјата со потребните минерали – гној' [ПД(Ф)]; (pl *ѓубр'ăнта*) [MS,s, 31]; 3. fig. 'човек со ниски морални квалитети' ~ *јај дека идат наште тукмари [нашите тукмари сăте ракијари [најнапред одеше свекорот ѓубре [свекорот ѓубре со кусто чибуче* [БВ,172].

ѓубриште n 1.'место каде што се фрла ѓубрето' ~ *о-уставили нă-ѓубри́штто, та́м д-у́мре* [ПК(Мут)]; ~ *зашто́ вел'а́т сега́ едни́: чи́ни ми сос кăсме́т, та фăрли ми на ѓубри́штето* [V,PM,146]; и: **ѓубри́шту** ~ *се́ква нидел'а о́на са-сличу́ве, са-гулиму́ве, бу́бичката ки-ста́не по́-гуле́ма, се́ква нидел'а ки-ма-а ме́ни сте́л'ката, ѓу́бришту шо́-е па́ ки-ма-а фа́ти сте́л'ката* [BM(C),317]; 2. 'ѓубре, отпадок' ~ *ка́ ки-ви́дум ѓу́бришта пу-дво́ро, цре́фта ми-сă-убрăштат* [ПК,2(210)]; ~ *најде един дивик, отвори устата му, та сички фăрл'аха на устата му ѓубриште, пак си не наситеши* [V, PM,102].

Ѓувезна top. 'име на место во Солунско' ~ *напкун крадеха два кон'а от Ѓувезна; тија кон'ата беха харни дубици* [MC(B),85].

ѓузе́л adj, indecl. 'убав' [BV,62]; ~ *мари Лено, ѓузел Лено [сама ли си, дома ли си? [- не сам сама, дома си сам [при мене је стара мајка [стара мајка и стар татко* [БД,114]; ~ *мома се лула, кара ѓузел [мома се лула [тај фидан Риста [тај Петривата [момче ја пуле [тај фидан Ристо* [БМ,29]; и: **ѓузе** ~ *пијан иде јуд града [Велико моме пен ѓузе [пијан иде уд града [срете ле мома ливада* [БД,162].

ѓузилијка f 'убавица' ~ *сă-субра́ле бра́тјата – ре́кле: во́а ки би́де кăсме́т за дујна́-ѓузили́јкăта* (= убавица на светот). *Фа́шкăт гу ве́нчăт, гу уста́ăвăт до́ма* [ИГ,112]; и **ѓузели** (во синтагмата: **дјун'а-ѓузели** = убавица на светот) ~ *му вели на царјут: "е ванăм царју, сега удајата е харна, ама сега да имаш и ламината керка, она е дјун'а-ѓузели* [V,PM,43].

ѓул m 'цвет, пупка од трендафил' [V, PM,364].

Ѓул'цу́ци 'мали езерца – баруштини', top. во Дојранско [ПД(135).

ѓуле* n 'зрно, граната од огнено (топовско) оружје' [V,PM,364]; [BV,62]; ~ *с коли газја носат Ѓол'от да запал'ат [пушките пукат, трските се л'ул'ат [топовите пукат ѓулијната паѓат [ѓулијната паѓат, рибите ми играт* [БК,124].

Ѓуле 'ж. л. име запишано во Драмско' ~ *ој Ѓуле, Ѓуле, Ѓуле малешенко [*

Ѓуле си храни два сиви суколе [прсте си крши та си ги рани [сăлзи си рони та јода пои [БД,100].

ѓум m 'бакарен сад со тесна уста, за носење вода; има една рачка' [ПК,2(43)]; ~ *дека беше ќерко од сношни до сега [јаска беше мајко на белите чешми [вода да налејам со бели ѓумови [тамо си го најдов мојто прво либе* [БВ,197]; ~ *кату отидоха на едно рамно поли, тамо турили водата и лада сос ѓумот* [V,PM.240]; [MS,s,31]; [CK,321].

ѓуме́ n 'место пригодно за чекање и криење на ловците' [CK,321].

ѓуме́ч' m 'пита со мед' (pl *ѓуме́ч'ă*) [MS,s,31].

ѓумру́к m 1.'платена такса, царина за внесена стока од туѓа држава' [CK,321]; ~ *отишăл је глăга (длăга?) пăтја [глăга пăтја ф Стамбул града [вино пије, ѓумрук бере [на чаша му хабер дојде [ча је Митра тешко болна [тешко болна, шче да јумре* [БД,178]; 2. 'царинарница, митница' ~ *на тоа времи, удеки Исус пу пăтут, а виде иден човек шо седиши на ѓумрукут, имито му беши М...* [MV,K,300].

ѓумче n, dem. од **ѓум** 'бакарен сад за носење вода' ~ *Бог да бије твојта мајка [што те скорна мошне рано [мошне рано на нидела [да си зеваш ѓумче вода [да си измијеш бело лице* [БВ,307].

ѓунди́ adv 'божем' ~ *лăже, ѓунди́ не́* [ПК,2(43)]; в. **ѓонди**.

ѓунду́лсу n 'источен ветар' [MS,s,31].

ѓундул'укчиа* m 'човек што работи на надница, надничар' [ДК,105]; ~ *ричé Го́спот на вá прикáзна: – Небéсинта царшти́на умн'áса су чувéк идéн стопáн, шо испаднá нóгу рáну да фáти аргáти ѓундулукчи́и за лóзиту* [MV,K,314-315]; и: **ѓунл'укчи́а** ~ *вáадин ми-рăбути́а нă-ѓунл'ýк шти́ри ѓунл'укчи́ј* [ПК,2(43)].

ѓунлук m 'парична награда, дневна заработувачка' [V,PM,364]; ~ *"А бе не кажах на ханџијата, кој има да плати, нека плати, кој нема јаз ки платам" "Хе, убаво, ама ѓунлуците?"* [MC(B),90]; ~ *мóјут ѓунлу́к е пéт грóша* [CK,321]; ~ *вáадин ми-рăбути́ă нă-ѓунл'ýк шти́ри ѓунл'укчи́ј* [ПК,2(43)]; и: **ѓулн'ук** ~ *на иди́ну ж'инáта-му пурăнч'ува: "да ни гл'éдаш', мăнц'и, млóгу скăмпа ѓулн'ýк, ýтр'а за сă нáјди пóскăмпа"* [MS,t,47] – пр. за нарушена конгруенција: именката во машки, а атрибутот во женски род *(скăмпа ѓулн'ýк)*.

ѓунц'е́ n, bot. 'трева детелина'; сп. **го́нц'а** [MS,s,31].

ѓупка (и: **иѓупка**)* f 1. 'циганка' ~ *един ден едни ѓупки маесни шетаха по градот, та проминали приз кралицата* [V,PM.240]; ~ *"Да си требиш зăбито" – ми рече. – "Е, как да ги требам?" – му речех. – "На, ѓупките требат, тија мангусарките" – рече* [MC(B),76]; ~ *е, ѓу́пкăта сја: гу-глéде. Знáчи, мóмăта ýмрăна и-ѓу́пкăта гă-шутнáла нă-суфáта. И-тăкá, нăпăлнувăт ти́ă три́ дéна и-чувéко стáне. Кá стăнáл ин-ви́ке нă-ѓу́пкăта...* [ПД,164] – во последниот контекст има присуство на перфективен презент: *и-чувéко стáне*; 2.изр.: **умрéла ѓу́пкăта шó тă-фáл'ше** (се иронизира за човек што постојано се фали) ~ *нóго си-рăбутни́ца, áма умрéла ѓу́пкăта шó тă-фáл'ше* [ПК,2(205)]; **пăртăл'áва ѓу́пка прăт цáро испáѓе** – гатанка: *а.* 'баница'; *б.* fig. 'личност со внатрешна убавина' ~ *óна-ј кут бáницта: пăртăл'áва ѓу́пка прăт цáр испáѓе. Нé-ј ýбува, áма ąкăлли́ą, маабéто ин-éј ýбув* [ПК,2(190)].

ѓу́птин m 'припадник на ромската група, Циганин' [СК,321]; ~ *изле́гăл идну Ѓу́птин и му-ве́ле: "ја́с ќ-о́дăм ќ-ă-уте́пăм ме́чкăта. Да́јте-ми, му-ве́ле, идну-ки́ло у́рда у-иднă то́рба"* [ДК,119]; ~ *извадиха ножот, ми го туриа на гăркланот; дур да удрат, идин ѓуптин тăрча, му ги фана рăците* [МС(В),74]; [BV(K),62].

ѓупцки adj 1. 'нешто што се однесува на ѓуптин'; 2. изр.: **и́ма ѓу́пцка пе́пăл нă-гắзут** (се кажува за човек (жена) што не се задржува дома) ~ *Цве́тла па́ не́-ј до́ма. И о́на и́ма ѓу́пцка пе́пăл нă-гắзо, не́ зна́а до́ма дă се́дне, ки* [ПК,2(166)]; **не́ сум ѓу́пска то́рба** (= не можам да јадам што било и премногу) [ПК,2(181)].

ѓупчăлăк m 'нечесно однесување, односно неморално поведение' [ПК (Кр)].

ѓурбе́т m 'печалба' ~ *ману́от и вили́ на жина́та-му : "за сто́риш' хазарлăк, за по́јми на ѓурбе́т!"* [MS,t, 68]; сп. **гурбет**.

Ѓурѓа 'ж. л. име забележано во Солунско' ~ *кога отвори киларито, виде Делеб Ѓурѓа на летно слăнци* [МС(В),95]; ~ *ка фтасаха таму, он пред неја кажа, оти Ѓурга зе главата на Илија* [МС(В),97]; ~ *ред се редат, Ѓурѓо, ред се редат, сестро [ред се редат, јаман, кумитите [ред се редат, Ѓурѓо, девит реда* [БМ,68].

Ѓурѓалеско top. ~ *капидан Леонида [на султана јодговори:] – ој султан'а, цар султан'а [колку пушки сам испукал [толку Турци сам истепал [низ софиско Ѓурѓалеско* [ШД,172].

Ѓурѓовден 'име на празник, христијански, се паѓа во почетокот на мај' ~ *пушка пукна на сам Ѓурѓовден [пушка пукна во гора зилена [там удари Димчо Димичакот [кога викна Димчо, гората заплаче* [БК,120]; ~ *пăрва је мамо Калина [на моми танец водеше [на оро песни пееше [кога ќе дојде Ѓурѓовден [Калина ќе га одземам* [БК, 140].

ѓурѓовденски* adj 'нешто што се однесува на празникот **Ѓурѓовден**' ~ *не послуша чубан Димо [он ми ојде на трлото [ем си фатил рудо јагне [рудо јагне ѓурѓовденско* [БВ,30];

Ѓуржик top. во Драмско ~ *клали ми са Ванчу [до три ми пусии: [првата пусија [дор на бјала уода [втората пусија Ѓуржик на ливаде [третата пусија [Ѓуржик на дуќане* [БД,124].

ѓуре́ш m 'натпревар во борење'. Освен меѓу луѓе **ѓуре́ш** може да има и меѓу птици (пр. меѓу петли), односно меѓу домашни животни (пр. меѓу бикови) [СК,321]; ~ *нă-свит-Спа́с и́ма ѓуре́ш уф-Да́биле.* Сп.: *шо́ си-сă-рăзгули́л, не́ ќ-о́јш нă-ѓуре́ш* (бидејќи борачите се до појас голи) [ПК,2(43)].

ѓурјуџук m 'вид облека' [V,PM,364].

ѓурке impf 'кога блика силно вода од чешма или извор' [ПД(129)]; ~ *че́шмăта но́го ѓу́рке* [ПК,2(43)].

ѓурлу́к m 'ѓубре, ситни работи' ~ *су́ј ли́ста, су́у тре́ва, сăчки. Збра́јт-јо: то́о ѓурлу́ко, а-та́м зăпăле́јт-јо:*. Со блиско значење: **суути́на** ~ *збра́јт-јаа та́а суути́на дă не́ пра́ве ѓу́бре* [ПК,2(43)]; кај Саќов: 1.'ѓубре'; 2. 'наѓубрено место, таму тревата расте бујно' [СК,321].

Ѓуро 'м. л. име од Солунско' [МС(В)]; се среќава и во Воденско: ~ *ју нидел'а Ѓуро се женило [пуниделник книга ми ти дојде [книга дојде на војска да јодиш [војска д-одиш ду девит гудини* [БВ,31].

Ѓуровица 'именување на жена според името на мажот (**Ѓуро**)' – оваа особеност не е многу присутна во Долновардарско ~ *ју нидел'а Ѓуро се женило [пуниделник книга ми ти дојде [книга дојде на војска да јодиш [.. Ѓуровица дробни солзи рони* [БВ,31].

ѓурултија f 'гласна расправија, каранице' ~ *кад-вас снóшти кут-кá сăтéпше нéкуј; стăнá аднá ѓурултúа, шó бúше тáа рăбóта?* Сп. **шăмăтá** – со исто значење [ПК,2(43)]; кај Будишевска: **ѓурултија** 'гласно зборување, расправија' [BV,62].

гурултăџија m 'човек што е склон на кавга и гласни расправии' ~ *уфпазáрут сáмо нéгуфјо глáс сă-слýше, сé нéшто нé мó-ј тăмáн* [ПК(Гр)].

ѓус pl 'гради'; сп. **гр'éнд'а** [MS,s,31].

ѓуслук m 'градниче, го ставаат на малите деца под брадата'; сп. **пич'éта** [MS,s,31]; ~ *му-турýјме нăдéтто дă-не-сă-извáле кá рýче, сјáа му-вúкăт лигáрник* [ПК,2(184)].

ѓутлук m 'задниот дел од панталоните' ~ *зáкăрпи-мј-о тóо ѓутлýкут, дăнé óдум и вáадăн скúнин* [ПК,2(43)].

ѓутнуве* impf 'става, истура многу течност, без мерка' [СК,321].

ѓутке impf 1.'пие одеднаш, на брзина' ~ *тýри, нáпиј-се пóвќе. Нé му-сăмúсли, ѓýтни тáм, нé ќи-сă-упúјш;* 2. fig. **ѓутнáл éј (глéј кá гувóре)** (= се опијанил) [ПК,2(43)]; 3. 'истура (става) течност, обилно' ~ *ѓýтни пóвиќе шăрлáн нă-мáнцăта* [ПК,2 (43)].

ѓутуре adv 'непрецизно, приближно' ~ *нúм му вóди нóго исáп, ѓýтуре ќи-клáдиш, уд-óко* [ПК(Кр)].

ѓутурум m 'тром, мрзлив, неподвижен човек' [СК,321].

ѓуч'-белá adv 'многу тешко, никако' ~ *имáх з'éнту парú ут бáнката и ѓýч'-белá да сă плáт'а* [MS,t,5].

ѓуџ* m 1. 'мака, јад' ~ *мáлко ѓýџуве úмум, тú-си-ми нă-пăнăгóнут* [ПК,2 (43)]; 2. изр.: **сј-о: вáде ѓýџо** (= го покажува својот гнев, си го тера инаетот) ~ *флизé, ýдри, ýдри нăдéтто, сј-о: извадú ѓýџо* [ПК,2(194)]; ~ *ак-нé дрýго, бăр си-извадúх ѓýџо, гу-нăкăлвáх áдно árно* [ПК,2(43)].

ѓуџéн m, zool. 'мало диво зајаче' [СК,321]; во Дојранско (според Кречов): 'животинче слично на видрата, големо е колку мачка, со црнокафена коса, но со бел мев. Најмногу го има покрај мочуриштата' [КД,59].

ѓăвулија* f 'итрина' ~ *тúа сă-нéгуви ѓăвулúј. Нóго ѓăвулúј знáат óни* [ПК, 2(43)].

Е

е pron 'форма за директен објект од **таа**' ~ *„„Зашто?„„ – „„Зашто овците му умреха от сăпаница, Вардар му зел 12000 ока трева, и за кăшлата што е загубил„„* [МС(В),89]; ~ *хи рéче: „„Мáјку, ако мóжеш да приспúш тази нăш на керамúдите, шта та ожженем„„... И тóј е зимá та е покáчи на вечертá, кугá мрăкнá, на керамúдите* [V,PM,264].

é part *а.* за потсилување ~ *ут тáмка, é, сéга тéрат кóј е* [ВД,279]; ~ *"é! ш'тó úш'тиш' кáзувај!" – "тугáс лу дóхми сăс цáр'у идúн умр'ăнт кáраха"* [MS,t,40]; *б.* за посочување ~ *испаднаха, излезеха солунчани пехливани е там на јамијта порта* [МС(В),97]; ~ *ú вúке: „„Мáле, уфчéра и нéкни прудадéх рúбичкăта, áма é што излéзе ут-нăтре!„„* [ВК, 281]; *в.* се среќаваат и случаи со удвоено **е** ~ *е-е, ăдúн úмше сăјмéнин, јóк до:-чúне, сé шéтше пу рéкта. Ас нусúх лéп, ќи-м-јо-дáăт: áјде, вăрвум áска, нéма штó* [ПК,2 (343)].

е-е, ре interj 'ле, ле' ~ *е-е, рé нăмóжум дă-с-испрáвум, цéл сă-сфăтúх* [ПГ(Ф)].

ебиде adv 'никако, бездруго' ~ *ама ти, што ми позна мене и ме раздели от арапката, ету пуштам веке водата на касабата да тече кату напрет и ебиде да не сăхни* [V,PM,162]; ~ *сега да знајат они да дојдат от тука, от нирујата да земат ... масториту малко кал да лепјат на воденицата, ебиде, си не турнова* [V,PM,167].

еввá interj 'ле-ле' (изразува непријатно изненадување, страв) ~ *еввá с-утипá дéтто* [ПК,2(44)]; ~ *еввá шó направú тóо чувéк вáадин* (= ако сторил нешто погрешно, со последици) [ПК(Гр)].

евет part 'да, така, точно така' [СК, 324]; ~ *му-вéле: „„евéт бáче, ти си прáф„„* [ПК,2(44)].

евстчиа m 'човек што сака да угодува, лицемер, подлец' [СК,324].

еви (са)* pf 'се појави' ~ *та като навăрвило детето на едно мјасто, заспало, и му са евило нозикано djадо* [V,PM,257]; ~ *и на санá му са евúло еднó djáдо сас бjáла брáда* [V,PM,257]; ~ *и о(т) три дни сéтнé са евú адúн чjол'ак на окнóто и рукнá: „„Побрáтимје, нá ти за захмéте„„* [V,PM,261]; ~ *и на-чесá пудý тúхан в'áтар, jýди са свúха сас в'áтар. И са евú едúн чул'áк сас-сúф кóн* [ВД(ГБ),327].

Еврем Дереси – место каде што се фрла **грип** (= мрежа за фаќање риби) во Дојранското Езеро (top.) [ПД(135).

еврејски* adj 'нешто што се однесува до името Евреин' ~ *испаднак да*

си расшетам [низ таја пуста Битола [низ еврејската маала [на една порта шо видох [идно дивојче Иврејче [БВ,246].

ѐврéјче n 'мало дете, наскоро родено, уште некрстено' ~ *ѐврѐјче о-дáвме, ристéнче о-зúмме* (со чинот на крштевање се менува статусот на новороденото дете - станува христијанче) [ПК(Пл)].

европéј* m 'човек од Западна Европа, европеец' ~ *јéфтину ми гу дáват европéиту, éфтину прудáвам и јáс; пúтај ти, áку в'ă лăнu'ам!* [MS,t, 28].

егá 'изразува желба – дај боже' ~ *егá дă-с-свăрше рăбóтта, дă пá дă-дóјш;* се среќава и во клетви: **егá ду-дóма дă-н си-óде** (= да му се случи несреќа, да не стигне до дома) [ПК(Мут)].

егиди interj 'ле-ле' (изразува непријатно изненадување, страв) ~ *óн штáе кăмúлта óде пу нéго. Ка-зăвăрте éдно врéме - нéма кăмúла. „„Егиди, ми-сéга? Мóрум дă-му-кáжум, нéма кáк„„* [ПД,170]; ~ *éгиди, нéмум вичéра, чувéко ми úде уд рăбóта* [ПК (Гр)].

éгидикúса* pf 'казни некого, му се одмазди' ~ *му вилú на арасла́нут: "јáс, цáри, за гу éгидикúсам, за пóда, за му úзида л'áбут ут турбáта и за óстаја глáдин!"* [MS,t,77].

éгне n 'малото од овца, јагне' ~ *да кинисáх по кăшчите [нúгде човéк не си најдéх [сăде најдéх една жéна [дéка éгне ми си пéче [и мăжко дéте ми си л'ýле [ем го л'уле, ем му пéе! [да искарах егнето от раженот* [ШК,2(118)].

ѐгрéк m 'летно трло, заградено место (обично по нивите) каде што лежат овците' [ПК(Мут)].

егумен m 'верско лице, управник на православен манастир' ~ *билки бере, сăлsи роне [дугледа га цăрн калугер [цăрн калугер, млад егумен [да и веле, еме гуворе...* [ШК,2(108)].

едарé adj, indecl. 'уреден, спремен' ~ *едúнoју вел'áши: „„ех, óлан, побрáтими, кóј е оновá човéк, шејсéт пáри да рабóти, вéтко бóрч да плáшта и кăштата едарé да га чúни?„„* [V,PM,118].

едвáј adv 'кога нешто се прави со последни сили' ~ *пуд éдно дăрво рăчéле: „„ај дă сéднăме , дă-сăпучúнăме„„. Пă кóјно сé викáл нăкубúлта: „„áјде, едвáј, едвáј óдиш„„* [ПД,152].

едé* impf 'консумира храна, јаде' ~ *напкун имаше такива халвачие, му чинија хабер, дојдоха, кренаха житото и цела зима едеха* [МС(В),85]; ~ *и на еднá óдае фнéтре úмашја злáтна суфрá и позлáтни стóлове, и фсјéкогá úдеха да едáт фнéтре* [V,PM,259]; ~ *му однéвашје кáта óтрина* (во истата приказна и: *ýтрина) прјáсно млјáку, и змиéта го изјáвашје, та такá едéшје испишúн* [V,PM,261]; сп. **јаде**.

едек m 'превозно средство (пр. коњ, ќајак и сл.) резервирано за војска' [V,PM,367].

едéне n 'храна' ~ *и нúшто ни липсóвашја фаф сарáе нúто óт едéне, нúту от пúане, нúту о(т) дрéхи за нóсене* [V,PM,259]; ~ *тиа фного се карали шчото да си извадат очите един на друг; а пак единот имал фного пријателе, шчо му са брале за едене и за пиене* [ШК,5 (418)]; ~ *испечел едно ејце и ú го дал да еде, а мајка му ниту прело сакала ниту едене* [ШК,5(419)].

еди друг pron, adj 'некој друг' ~ *му вели: „„брате, ету фалан богат ти дава момата му сос толку стока, еди-друг ти дава хил'ади гроша и момата му. Која сакаш да ти га зема, јазика да харца да ти оженам?„„* [V,PM,85].

е́ди-та́му adv 'некаде таму' ~ *гу на́јдоа ѓифаирѓија на пăт'у уте́пан, гу позна́ли, фати́ли е́ди-та́му гу зари́ли* [V,PM,27]; ~ *јадоха зилена трјава, отидоха и на чешмата, на вода место га испиха фрет ракиата, са упиха и легнаха еди-тамо да са валкат* [V,PM,42].

еди-којси pron 'некој' (во случајот партикулата **еди** ја трансформира прашалната заменка **кој** во релативна **некој**) ~ *„„са́кам тирзи́ја да-са-у́чам„„, му-ве́ле на́ј-гул'е́му си́н. „„За́нци-го - му-ве́ле ца́рут на-чо́јкут - на е́дико́јси тирзи́ја„„ ... „„За́нци-го и во́ - му ве́ле ца́рут на-чо́јкут - на-е́дико́јси чијл'а́рен„„* [ВК(Р),322].

едикш'е́ n 'клин со кој се стега каишот што ги поврзува гределот и јаремот' (pl. **едикш'а́нта**); сп. **зе́вла** [MS,t,77].

еди́н* **1.** num 'еден' ~ *„„шо́ ки-м-е́ ма́ка ут-те́бе? Са́мо еди́н ле́п, не́к и́ма а́к са́ке пе́т ду́ши ки-ј ра́нум„„ - вика́л* [ПД,170]; **2.** pron 'некој' ~ *ре́коа едни́ бога́ти меѓу ни́х: „„ади да кладе́ми това јабанѓи́а еди́н паша„„* [V,PM,27]; **3.** 'како именка (однесувајќи се на личност)' ~ *са сабраха толко души, што колибата не ги береше – едни* (луѓе) *вăтри биха, едни вăнка* [MC(B),75]; ~ *еде́н* (човек) *вле́че нă-ту́кă, друк вле́че нă-та́м, дру́к не́ зна́м шо́ пра́ве;* ~ *еди́најут им'ăш'и три́ д'ăца, еди́најут им'ăш'и идна́ мо́ма* [MS, t,78]; **4.** adj 'ист' ~ *едно́ мле́ко сме ца́ли* (= браќа сме, од една мајка); **5.** 'за потенцирање на мислата, без свое значење' ~ *сă-виде́ме, пија́ме пу-едно́ кајве́ и то́лко биде́* [ПК (Пл)]; в. **адин**.

единично adj 'начин на ткаење' (со ставање на една нишка) ~ *ткајнто мо́ш да би́де едини́чно и дво́јно* [ПК(Мор)].

единуф adj 'единичен' (посебен) ~ *тојнака, нетрика аф удајата кату беши, зема ухтар'ут, залепи на дноту му удол единуф алтăн* [V, PM,48].

едипсизлик m 'безобразие' ~ *„„Ангарија от царот нема, што едипсизлик е това!?„„* [MC(B),91].

еди-тамо adv 'ваму-таму' ~ *отидоха и на чешмата, на вода месту га испиха фрет ракиата, са упиха и легнаха еди тамо да са валкат* [V,PM,42]; ~ *дека седна еди-тамо, ету излезел един арапин, му вели: „„што јадо така пешкаш тука и викаш: ох„„* [V,PM,234].

едно **1.**conj 'штом' (= непосредно по дејството на зависната следува дејството на главната реченица) ~ *едно́ лигна́ и зăспа́* [ПК,2(44)]; ~ *едно́ сă скара́а, зима́ си удде́* [ПК(Гр)]; **2.** adv 'исто' ~ *а́ку гуво́ре прути́в не́го, о́ни па́ едно́ пра́ват* [ПК,2(44)]; **3.** изр. **едно време** 'некогаш, порано' ~ *е́дно вре́ме спи́ја: уф лови́шчăта, о́ти ко: стуја́л Ста́р До́јран ма́ндрите би́ле нă го́ре, према Ни́колич* [ПД(128]; ~ *мајка му му вели: „„иди на ахăр'ут! Има таму едно жр'апче от едно време... тој ке да ти кажи!„„* [V,PM, 47]; в. **адно**.

едноч adv **1.** 'еднаш, еден пат' ~ *цар'ут му вели: „„ско́ру от дво́рут ми и от мо́јта ца́рчина да побе́гниш, учи́те ми да ти не ви́дат ту́ка о́шти едноч!„„* [V,PM,10]; и: **едниш** ~ *јаз три пăти паднах от овците, демек ми заборѓиха – два пăт'а од митил и едниш от влакна* [MC(B), 82]; ~ *напкун сă завăрте едниш сă пули тој Шамлијско делијче и дигна Ѓуро пијаница* [MC(B),98] ; **2.** 'веднаш' ~ *едноч са причу на неговата земја авѓиолиа јунак* [V,PM,42]; **3.** изр. **едно́ш ма́јка прă та́тко и то́о прăт Вили́гдин** (=

се однесува за работи што се случуваат ретко и тоа во непогоден момент).

едночко num, dem. од 'едно' ~ *едно́чко му би́ше, не́мше дру́го де́те* [ПК (Мор)].

едношка adv 'еднаш, еден пат' ~ *едно́шка е́с дă флéзум уф-кăшти* [СК, 324].

е́дра* f 'живеалиште, седиште' (центар) ~ *ути́дух на Дими́р-Иса́р и та́м б'ăш'и е́драта на ш'и́ндагма́та* '... (местото на живеење на регументот) [MS,s,27]; [MS,t,1].

едроли́к adj 'човек со широко лице' ~ *зе́то-ј ади́н едроли́к, ади́н прика-жли́в* [ПК(Кр)].

е́дро adv 'начин на мелење на жито' ~ *кăрма́та, că-зи́мă жи́то, că-но́се нă-вудăни́цта, по́-е́дро că-смăл'у́ве и-та́-ј кăрма́* [ПД,156].

едăпсăс adj 'лош' ~ *но́го едăпсăс де́ца că-ти́а Л'а́шкуфте* [ПК,2(44)].

едăр* adj **1.** opp. на 'ситен' (= крупен) ~ *едăр фасул'; ~ неколко трага кату во шо гу има пăтувачут прид очите су неговото... исчувана има „„Пел„„ и други дробни и едри нишајна* [МЕ(Р),69]; сп. **е́дра сипка** (= голема сипаница, кожна болест, се јавува кај децата) ~ *мар одде дојде едрата сипка [едрата сипка и дребната [та јосипа тојте друшки [тојте друшки, мој другаре* [БД,95]; **е́дра сто́ка** (= крупен добиток) ~ *то-ј згра́дичка нăпра́вăна де́ка живе́е гуле́мата, е́драта сто́ка* [ПД(126]; **е́дри па́ри** (= новчаници со голема вредност); **2.** 'висок' ~ *сăто поле опашано-ј су неколку редишта едри и малечки... планини* [МЕ(Р),70].

еже (că) impf (= влакненцата на кожата му се покренуваат на горе) **1.** 'се возбудува од страв, се плаши' ~ *сăта că нăижи́х ка́ гă виде́х кăрво́сăна* (= извалкана од крв) [ПК(Гр)]; ~ *ка к'и видум нош că-ежум, ного ме-ј страх* [ПК,2(44)]; **2.** 'се еже од студ' ~ *за́твор-гă вра́тта о́т că-е́жум* [ПК,2(44)]; **3.** 'кога некој се лути, како да ќе нападне некого' [СК,324]; ~ *ка́ се́-ј нăежи́л, са́мо че́ке дă-прăгуво́риш и дă-că-ска́ре* [ПК,2(44)].

е́ж'иј m, zool. Erinaceus europaeus 'мало животинче со боцки по телото, еж' ; сп. **(ј)е́ш'** [MS,s,44].

езај (азај)* m 'сопственик, газда на куќа, на стан' [МЕ(Р),171].

е́зер m 'голема површина со вода, езеро' ~ *то́јнака ка́ту останал та́му аф байро при смо́квите, по́ на до́л ма́лку и́маши еди́н е́зер. Излезе́ при е́зера, на кра́јут седна́л* [V,PM, 28]; ~ *наедоха на един езер един дивјак: едноч как смрăкаши, сичката вода от езера га земуваши* [V, PM,102]; и: **езеро** ~ *имало на едно мјасто едно езеро, в което имало само три риби, и ни можал никој да ги излови* [V,PM,284]; ~ *тăзи три ламии слăвали на пăто и, л'у ко́ј заминовал, го изјавали и испивали фрăт ăзăрото* [V,PM,290].

е́зерце n, dem. од 'езеро' ~ *та: кули́бă-та а-нăпрăви́л он тăма́н пукрăј е́дна ба́ра, е́зерце* [ПД,154].

е́зми pf **1.** 'земе, прибере нешто' ~ *"м'а-и стра́х да ми-ха ни е́змити!" – "ама́ будала́ ... памро́р' пăлин и́мами смо́кфа то́јт'а за по́јми да е́змими!"* [MS,t,86]; ~ *толкос веки ја додја, да еднош речи: „„ах, Боже, дај ми едно чендо, та ки дам на самовилите, нека гу езмат„„* [V,PM,218]; ~ *пе́т' ли́рă за кафе́ту и петна́јсти на т'е́б'а и за că мăнч'иш' да гу е́змиш' д'ăт'анту* [MS,t,83]; **2.** 'стапи во брачен однос' ~ *му ја да́вах се́стра-ми да е́зми ж'е́на, ја ни з'е́* [MS,t,73]; ~ *то́лку ја мило́ваш'и мло́гу, да ја е́зми,*

с'ётн'ạ ја ни з'é [MS,t,70]; *~ кăк гу гл'éндаш'и кáта д'éн' ... гу арéса, úш'т'ạш'и да гу éзми за мăнч'* [MS,t,82]; **3.** изр. **свјаста за ти езми** (= ќе изгубиш контрола, ќе се однесуваш несвесно) *~ ки ти тера, ти да не си вăрниш да ја видиш, ча, л'у да си обурниш да ја видиш, тја свјаста за ти езми!* [V,PM,279].

ej part (за повикување) *~ кату ги видé, тој са почýди и вéли на стáрата: „„ej бáбо, далú ми дáваш еднá дивójка о-тéзи„„* [V,PM,9]; *~ вилú: "éj, Бóжи Гóспуди, т'éс ч'éш'ма, иднáта ч'éш'ма да стáни вúну"* [MS,t,80]; *~ му вúка на ч'ифч'úјата: "éj, ја ни вúд'ạ мójта парлúца, бé?" ч'ифч'úјата му прáви: "ц-ц, ц-ц!"* [MS,t,43]; *~ му вели: „„ej авциолиа, тинака, што ми докара на меника таја кожа, сакам да ми докараш и от филдиш кокали„„* [V, PM,42].

ej impf '3 л. едн. од **сум**' *~ му-удгувурúл: „„Ти тăргóвạц, та: сéлцка мóма, нáјạлчáк, нạ-гувạдáр éj, кáк ќа: зéмиш?„„* [ПД,151-152].

ејгиди interj 'леле' (изразува жалост) *~ му рекăл: „„Заколи ми едно јагне, дедо нема пари да си купă„„. Тој му рекăл: „„Ејгиди дедо! Колко се мăчăм по тија офци!„„* [ШК,5(439].

éјн num 'еден' *~ е, ут-тáмка, сă-кăчúле двýјцăта брáте, гу свăлúле пóпо, гу пуштúле уф-éјн бунáр, дă-нé сăнáјде* [ПД,162]; сп. **един**.

ејце n **1.**'плод што ѓо снесуваат птиците, има корка што лесно се крши' *~ испечел едно ејце и ú го дал да еде, а мајка му ниту прело сакала ниту едене* [ШК,5(419)]; **2.** 'слаткиш направен од белка на јајце' [СК,324]; **3.** изр.: **ејце ме-ј, ејцете-ј** (= дел ми е, дел ти е; ова е мое, она е твое) [ПК,2(168)]; сп. **јајце**.

еким (и: **екимџија**) m 'тој што лекува болни луѓе, лекар' [BV,53].

екимлијнă (pl) 'некакви пијалоци'? *~ не одăт ув таквијă кăвинијнă, кăдă имă екимлијнă, биро, којнак, скăпи вина* [ME(P),86].

ексúк adv 'покусо, помалу'; сп. клетва **ęксúк дá-ј** (= да го нема) [ПК (Грам)].

ексорúја f (?) 'прогонство, заточеништво' [BV,53].

éкш'ипну adj (m || n) 'бистар, итар, брз' *~ мумáта му вилú: "т'ă гл'éдам јас т'éб'ạ, млóгу éкш'ипну-си, јăс т'ạ ниш'тáм т'éб'ạ за измиќáрин, já-за т'ạ в'éна т'éб'ạ, за т'ạ спудáксам"* [MS,t,26].

ела pf 'дојди' – само во императив *~ фати да вика: „„месу варену дек ми си, ела„„. И то пусто месу беши враговчина, знаиши дă вреви* [V,PM.62]; *~ богáтиот му вéли: „„а брé кăрпáчин, éла да úдими аф мójта кăшта: úмам áдни вéтки папýци, да ти ги дáм да ги закăрпиш!„„* [V,PM,17]; *~ му вели: „„сúнку, тéзи дивójки нé са за тéбика; л'у когá сáкаш тúнака л'ýба, јáзе да ти нájдам; éла по мéника„„* [V,PM,9]; се среќаваат и случаи во кои формата **ела** се однесува како гл. од *а*-група, и бидејќи е со императивно значење се јавува со наставката *-ј* (**елај**) *~ пýл'ăт у-инă ăвлúа пýштен ину вóл стáр. Гупúтăт то: вóлут: „„Елăј, мóре вóл! - му вéл'ăт. Ва: змúјта јáс ă-извáду уд-óгнут, а сéга, вúди, сфиéна нăтúлут, сáка дă-ми гу извáде óкуто* [ДК,137]; има и обратни примери во кои формата се редуцира во **ел** *~ ел, си сине на вечера [нејќум мале јас вечера [вечерата пилин горче [ел си сине на постела [нејќум мамо на постела [постелата огин горе* [БК,41].

ела conj 'ама, но' ~ *една жена се бане на морето, от којато сонце грее... Л'у ја виде, и му се наумило да ја залиби, ела не може ништо да устори, дур не земе изим от стара си мајка* [V,PM,265].

Ела́да f 'Грција' ~ *са разбрăкаха мухараб'ăнта; Кара́да, Ш'ервија, Булгарија и Ела́да ста́наха и ч'итерт'ăх идно́* [MS,t,1].

ел'а́л 'добро пожелување' ~ *о́јгин зăма́х, зăма́х а́ма па́к сă-пувăрна́х дăвă-пи́тум да́ли ки-ми-гу-да́јте ел'а́л о́јгино* [ПД,168].

еласи́ти pl 'борци, припадници на грчката ослободителна војска (ЕЛА С – 1941-1944)' [BV,53].

елбетен adv 1.'барем' ~ *чинима нает да вијме, се шо има по-билижито за видувајне, елбетен то шо може уф три или четири дена* [ME(P),68]; 2. 'сигурно, сепак' ~ *елбетен не ки бидă биз фајдă да сă запузнајă чувек... су буречкăтă* [ME(P),83]; и: **елбет** ~ *а́ко нăпра́виш бела́ елбе́т ки тă кăлвă* [СК,324]; 3.'веројатно' ~ *чунким-ј тăка, елбетен мирбă ки имăт сил'ајнту сăл аку имăт некуј кротук субăшă* [ME(P),90]; ~ *се раскрија ув урманут; елбет не ув блатцкјут урман, шо е припăлнет су вода* [ME(P),77].

елванли́к m 'помпезност' ~ *умр'а́ бра́товата му же́на и га закопа́ сос мло́гу сла́ва и елванли́к* [V,PM,16].

е́ле part 'така' ~ *е́ле ти дујде́, тă сăспăси́х* [ПК,2(44)].

еле алаисе изр. 'за Бога' ~ *му вели на Лиму кехаја: „„дјадо , сакам да ти кажјам един лаф, ама да ти не остани хатир„„... И Лиму кехаја мо вели на чилибиата: „„еле алаисе чилиби, кажи ме„„* [V,PM,163].

Еле́на 'ж. л. име' ~ *селцки пцета лајат, лоши луге идат [право ми си теглат ју горната маала [ју горната маала Таневата куќа [таму си ја нашле момата Еле́на* [БВ,67]; ~ *от Бо́г, си́ну, да си на́јдеш! [та́ја бе́ше се́стра ти Еле́на [се́стра ти Еле́на и зе́тут ти [шчо и́деха уф на́ска на го́сте!* [ШК,2(117)]; и **Еленка** ~ *не љаб са јали, не јода пили [трјава са јали, та са жувјали [Еленка мома, млада војвода [триста је души јаскер јубила [ем ги јубила, ем ги закрила* [БД,175].

елесница f, bot. 'вид јаболкница со кисели плодови' [ВД,72]; ~ *скăпотија пу мумите [- сама мума за хиљада [да чиниме ефтинија [ефтинија по момчета [две момчета за јабăкă [ами тја ми јă елесницă* [БД,189].

еле́ќ m 'машка облека без ракави, предниот дел е опшиен со гајтани' [СК,324]; и: **еле́к** ~ *мо́ж де-ј ши́јн, мо́ж де-ј пле́тин. Гу но́сăт и мăшките и же́нцките* [ПК,2(44)].

еле́фтера adj 'слободен' (m || f || n) ~ *бирика́т ут мрăва вр'ăм'а ги катергисаха па́сунта́та, еле́фтера б'ăш'и пант'о́* [MS,t,,2]; ~ *ут до́дека дур на де́ка пе́нде н'ă уста́ви еле́фтери* [MS,t,,1].

еле́че n, dem. од **еле́ќ** (= надворешна, кратка облека) [ПК(Гр)].

елимцки* (< елински) adj 'застарен, некогашен' ~ *друмут или оша ина шо му велиме... ѡадето, шо е устанат оше уд елимцко време* [ME(P), 72].

е́лин* m, zool. Cervus elaphus 'животно со големи рогови, живее во планините, елен' ~ *хи́тра Пе́три куга́ ви́д'а ме́ч'ка, дива прафц'а́, е́лини и сă упла́ш'и* [MS,t,75]; ~ *најде една змиа страшна, сакаши да изјади един елин, ама еленот, кату имаши големи рогови, не можиши* [V,PM, 80].

Елин m 'припадник на Елада, Грк' [MS,s,27].

Елиса́вет 'ж. л. име' ~ *па не́кој де́ти не́ му си чини́ло, о́ти Елиса́вет бе́ши ја́лоф, и на гуди́ните би́ле устаре́ле* [MV,K,294]; и: **Елиса́ва** ~ *и пу ти́и дни́ти на́пăкон устана́ те́шка Елиса́ва же́ната му; и си кри́иши пе́т месе́ци* [MV,K,295]; во илустративните текстови имаме очигледни примери за аргументот дека категоријата род во Долноврдарско е сериозно засегната, имено атрибутската одредница *јалова* овде ја среќаваме во м. род (**јалоф**), освен тоа личното женско име 'Елисавета' во првиот текст завршува на консонант (за ова поопширно во граматичкиот дел).

ел'ме́к* (|| **илме́ќ**) m 'јамка' ~ *"ја́з за că уб'ăса! дукар'ăти ина́ хо́ртума го́р'ạ!" ја фăрл'а на гринда́та ... и си кла́ва елме́ку на ш'ѝјата* [MS,t, 30]; ~ *нă Го́це му гу клăде́ли ел'ме́кут нă-вра́тут* [CK,324]; ~ *ти са́м дујде́, не́ ти кăлде́х ел'ме́к нă-гу́шта* [ПК,2(44)].

ел' m 'стаклено (или метално) топченце со кое се удираат други топчиња кога играат деца' [CK,234].

ел'микчи́а m 'човек со сурово однесување' (fig.) ~ *у́став-го то́о ел'микчи́а, ни гре́х и́ма, ни стра́м* [ПК,2 (44)]; основно: 'целат, тој што беси'; сп. **ел'ме́к**.

елха f, bot. Alnus glutinosa 'листопадно дрво, расте покрај река' [ПК,2(44)].

е́м 1. conj 'и' (за сврзување) ~ *и că пуч'у́ди паш'а́та, какфо́ тузи́ и́м'ạ? ем ути́ва и că ч'у́ди и хи́ч' ут умо́ гу ни зва́ж'да* [MS,t,48]; ~ *ш'и́ч'ки си уста́наха пуха́хани за да ги гл'е́дат т'ăх, е́м си вил'а́ха "такфе́с пилца́ н'е́мами ви́д'ạну дур сига́"* [MS,t,58]; ~ *и изва́ди ца́р'у ино́ ч'увре́, ш'ту гу има́ш'и дар'е́ну ма́лката́-му мо́ма, му ја врăза рăнка́та; е́м си р'е́ч'и: "ја́ за мо́јта мо́ма јуна́к"* [MS,t,35]; при набројување: ~ *е́м ичуме́но мо:-жнија́ме, е́м не́јкă дă-ни-да́де ле́п* [ПД,158]; ~ *ги пруда́ва и ками́литу и си утфа́ра иди́н дуѓа́н, е́м бакалăк е́м праматарлăк* (= продавање и купување на ситни работи) [MS,t, 14]; ~ *е́м на м'е́н'ạ дă-ј ино́ д'ăт'ạ, е́м да ги зака́ра ж'иви́нит'ạ у с'е́луту* [MS,t,17]; 2. part (во почетокот на реченицата – за потсилување) ~ *„„д'е́ că вари́?" „„... е́м во́гн'у уд'е́?!"* [MS,t,55]; 3. part (за образување суперлатив – 'најј') ~ *хо́диш'и, хо́диш'и ч'итири́јси ска́ли ути́ва е́м на го́рнију пала́т'* [MS,t,53] (во други југоисточни говори: **е́н**); 4. изр.: **е́м шутли́во, е́м будли́во** (= кога некој се прави важен, а нема основа за тоа) ~ *е́м н'о: би́ве зă ни́што, е́м гуво́ре. Не́ гу уме́е за ни́што* [ПК,2(162)].

ембо́лезма f 'калемење на диви растенија' [BV,53].

емболи́ја f 'дебел, волнен покривач со долги нишки (реси)' [BV,53].

е́мборус m 'трговец' ~ *и гу нар'е́вами у удаја́та* (тутунот) *и ч'а́ками с'е́тн'ạ туѝ'а́рин (е́мборус)* [MS,t,5].

емен adv 1.'веднаш' ~ *му ричé: Дида́скалот дујде́, и ти ви́ка. Та́а ка а чу́, ско́ру е́мен стана́, и си ути́ди кăд не́гу* [MV,K,287]; ~ *ка́ гу видéа нă аске́рут, куми́тто еме́н грăбна́а пу́шките* [CK,324]; 2.. conj 'сепак' ~ *că-скина́ла жи́лта и вăлко тăнгăрă-мăнгăра că-тăркăл'а́л нă-до́ле ча́к ду ре́кăта и еме́н не́ că-удăви́л* [BK,287].

емин conj 'штом, туку што' ~ *тој беше вујко му. Емин чу крал Милош, застана, и тој му риче: „„ти сега вија млади деца ки ги сечиш, ама ки ти кăлни сиот свет„„* [MC(B),95]; и: **емен** ~ *ка ми видеха, што водих харамијата, емен го видеха, го познаха – го имаха кăрстен* [MC(B),91]; ~ *рекла: „„што*

убаво прăстинче!„„... си гу клаве на нејнут прăст. Емен си гу клала измеќарката умрела, а момата оживела [V,PM,270]; ~ *ка си и́диши Исус е́мен да флѐзи на идно́ се́ло, гу причикува́ле де́сетми́на ке́л'ови* [MV, K,279].

емин 'во изр.: **но́го е́мин** (= многумина)' ~ *и но́го е́мин шо са напре́жнии ки бидат на́јдо́лни, па на́јдо́лни ки би́дат на́ј-напре́жни* [MV,K, 263].

еминки conj 'штом, кога' ~ *така си а ујдисама работта за кинисувајтто ут тува, шо еминки втасиме на Одеса (зајднăш ут карапампур да флезиме право)* [ME(P),68]; се среќава и со значење 'одвај' (?) [ME(P),171]; сп. **емин**.

еми́ш m 'плодови, овошје' (Воденско) ~ *ќи ти биде стопанин, ќи ти рани со лешници, орехи и други емише; ти ќи го насмеваш со играчките тфој* [ШВ,5(398)]; во Кукушко **имиш** [BV(K),53].

емл'ак m 'данок со кој се задолжуваат граѓаните за недвижен имот' [CK, 324].

е́мо conj 'и' (за сврзување при набројување) ~ *царут и́ рекăл: „„... ка ќи дојдеш емо да веeш, емо да не веeш, емо да ми донесеш бакшиш, емо да ми не донесеш„„ ... ~ офчарката рекла на царут: „„Емо, царо, емо ме причекаха л'удето, емо не; емо веех, емо не; емо ти донесех бакшиш, емо не!„„* [ШК,5(423-424)]; во песните од Кукушко (кај Шапкарев) **ѐме** ~ *билки бере, сăлsи роне [дугледа га цăрн калугер [цăрн калугер, млад егумен [да и веле, ѐме гуворе...* [ШК,2(108)]; сп. **ем**.

емшери́а m 'човек од истото место, сограѓанин' [CK,324].

ен part (служи за степенување на придавките, за образување на суперлатив - 'најˈ) ~ *дошле на вечарта братјата мо, па биз вичера устанале. На другјут ден устанал да готве ен-малечќут* [V,PM,271]; ~ *ути́шăл пишин е́н гуле́мјут... на́јнăса́ди ути́шăл е́н-мале́чќут* [ВГ(Ѓ), 273-274]; се среќава и во примери во кои „„се степенува„„ именка ~ *е́н ма́јстур би́ше тво́о де́до, Глигор кува́чо, нă-ма́јк-ти та́тку-ј* [ПК, 2(44)].

енгерциа adj 'тој што стигнува последен'; сп, зборообразувачка разновидноист: **енгерлăк** [ПК,2(44)].

енгула f, zool. Anguilla anguilla 'риба со издолжено тело, слично на змија, оттаму со исто значење го среќаваме и називот: **змијурка**' [CK, 324].

енгулник m 'јадење приготвено од риба **енгула** (= јагула)' ~ *там ке купиме риба јангула [ке направиме рибник... [ке затровиме беќар и мома* [БК,75].

енгуми pl 'брановите во Дојранското Езеро се викаат енгуми' [КД,63].

ендезе n 'стара мерка за должина (= 64 см.)' [BV,54].

ендо́пиу adj (m || n) 'тој што е одовде, тукашен' [MS,s,27]; сп. **емшери́а**.

е́ндра adj (m || f) 'крупен, јадар' ~ *е́ндра ч'увăк* 'голем, крупен човек' [MS,s,27]. Зб. Голомб наведува повеќе примери со нарушена конгруенција од односниов тип: со атрибут од ж. род во корелација стои именка од м. род *мокра, мăндра, мрăсна* и др. со објаснување: „„тие придавки што имале на крајот тешка за изговор консонантска група и поради тоа по неа развиле вторичен ер „„. Големиот број примери што ги констатиравме и што не влегуваат во односнава шема ни наложија да побараме и др. објаснување (за ова в. во граматичкиот дел); сп. **едăр**.

е́нининда num~ *ја́с сă руди́х на хи́л'а октако́ш'а е́нининда ин'а́* [MS,t,87].

Енкула 'м. л. име - Јанкула' ~ *Енку́ла ви́но пи́еше [ем ми се фа́лба фа́леше [- Ез и́мам же́на крали́ца [ем и́мам си́на јуна́ка* [ШК,2(234)].

Ено 'м. л. име - Јано' ~ *ста́ри Ено ви́но пи́е [на си́нот му че́ша да́ве [а јон ве́ле, ем гово́ре: [- Не́ј́ку́м, те́јко, ма́лка че́ша [туку са́кам ма́лка мома* [ШК,2(236)]; ~ *имал Ено порти самокови [на портите два бели галабе [до галабе две сиви гугуфки [не са били Енови галабе [тук са били Енови синови* [БК,26].

енус adv 'допрва' ~ *си рӑчел: „„Та: мома енус сӑ-роју̑е, јас-сум двајсе гудини...„„* [ПД(151)]; ~ *шо гааре, зер енус аска ка:-лагум зӑ-дал' има, ил' нема. Нӑ мен минутте ми-сӑ-броот* [ПК,2(176)]; 'уште' ~ *ти си ста́р, јас сум е́нус мла́т, шо́ ки-пӑча́л'ме, па́ нӑ-ме́не ки-сӑ* [ПД (144)].

епиди́с conj 'бидејќи' ~ *вили́ на ма-ну̑'о́т-и: „„ти дун'е́вам ма́ну̑'а да ид'е́ми, епиди́с идна́ гӑска ха́та стана́, ја удри́х„„* [MS,t,77].

епистра́тифш'ис m 'мобилизација' ~ *дур да трӑгна на ра́бута и до́јди пак ... епистра́тифш'ис* [MS,t,2].

епитрупи́* f (?) 'комисија' (воена) ~ *и та́м сӑ катата́ксах ('зал'а̑пи́х') на де́катоно́гдон ш'и́ндагма и там м'а̑ изва́ди епитрупи́ту војитити́ко́с* [MS,t,1].

епони́ти pl 'млади припадници на отпорот во Грција 1941-1944, во т.н. ЕЛАС„„ [BV,55].

ептен adv 'премногу' ~ *некуј гу-мӑрзе ептен, не-м сӑ-стӑнуве, ки-му-речиш: е, па ти кут кӑнтар тупуска д-имиш нӑ гӑзо* [ПК,2(171)]; 'сосема' ~ *ај млад зајц, не мисл'ум мӑлечко ептен, него може веч дӑ беге* [ПД(125]; ~ *ти́ ептéн нӑ зӑбрӑви́ ку́ме.* [СК,324]; ~ **ти́а̑ двé дéца ептéн си ли́чӑт**; сп. разновидност **ки́птен** [ПК,2(171)].

е́ре̑ n, zool. 'малото од коза, јаре' [ВД, 71]; ~ *пре́ла ба́ба чу́нкичка [кла́ла го на бо́чвичка [до́шло е́ре, кака́ло [фати́ла ба́ба да пла́че* [ШК,2 (400)].

е: ре́ interj 'леле' ~ *е: ре, шо мише* (= леле колку многу глувци); **е:ре́** ~ *е:ре́ ко́лко пурасна́ло де́тто!* [ПГ (Ф)].

ер-дек adv 'било каде' ~ *му дадел на детто една ајмалиа и му рекал: „„воа ајмалиа се́ наврăз теб да си а носиш, да да не бериш гајле, ер дек да одиш!„„* [V,PM,268].

ер-зашто 'било зошто' ~ *му вели така: „„ах синку, тинака сос това занајат млогу мӑка ке да теглиш, туку ер-зашто на меника да идиш да си питаш!„„* [V,PM,41].

ер-ка adv 'било кога' ~ *тӑкӑ си-ӑ ујдиса работтӑ, дӑ ер ка дӑ дојдӑ дӑ немӑ ич гајле* [ME(P),91]; 'било како' ~ *ер ка да бидӑ нијӑ иммӑ тукӑ прид очите...* [ME(P),83].

ер-кој pron 'било кој' ~ *оти́де на́ ма́ндрата не́гова, на́ чоба́ните му ве́ли: „„о́ј чоба́ни, у́три хе́р-ко́ј човéк да пу́сна, ви́а да гу уте́пити!„„* [V, PM,146].

ер-кӑд adv 'било каде' ~ *уд друга страна, ер кӑд да са наогја чувек уф полјто... Постол ти се пулја кату град* [ME(P),71].

ер-шо 'било што' ~ *субӑштӑ тӑкӑ гу имӑ вӑрsану селту, дӑ ер шо дӑ биде зӑј́днӑш ки му дојдӑ нӑ негу абер* [ME(P),91]; ~ *прачката на земја да удриш и да речеш: „„Излези веки от-тамо ер што да си пласан от Бога!„„* [V,PM,275]; ~ *другиот беши без кӑсмет, ер што да фа-шташи да чини, hasat му отиваши работата* [V,PM,82]; **ер шо да биде** 'што и да биде' [ME(P),171].

ербап adj 'способен, снаодлив' ~ *тој беше от Галичник, тој беше много ербап човек и султано му даде фирман и отиде на Пулин – на Дојран* [МС(В),92]; ~ *нóго ербáп ај тóо вáшјо, сé éфтино купýве* [ПК,2(44)].

ербаплăк m 'способност, снаодливост, итрина' ~ *зă-тáа рăбóта трéбе (трибýве) ербăплăк* [ПК,2(44)]; ~ *ус-ербаплăк нóго рабóти сă-вăршат, такóв бише дéд Питрýш* [ПК (Мут)].

ерéм m 'дрвена направа, како рамка, во која се впрегнуваат волови кога орат (или кога влечат кола) – јарем' [ПГ(Ф)]; сп. **бундруќ**.

еренде n 'метална направа со дупчиња, служи за стругање дуњи или јаболка, за варење слатко' [ПД (121)].

ергеле n во Солунско и Воденско 'стадо од коњи' [BV,54]; ~ *напкун тија харамијте имаха кон'а ергеле* [МС(В),86]; значењето што го дава Саќов од кукушкиот говор: 'коњ пуштен на слободно пасење' [СК, 324] - не го откривме.

ерген m 'млад човек, неоженет' ~ *кут некаа мома шо не аресе ерген. Удбире, удбире и нă-крајта ко-зиме нај-неарн'оо* [ПК,2(196)]; ~ *моми ергени китки редени [с-уста се смејат, од сăрцето пејат* [БВ,75]; ~ *едно времја имал кату на Солун едно дјате младо, ерген беши* [V, PM,82].

ергенка f 'големо женско дете (над 15 год.), девојка' (Пат); во Ник со исто значење: **мумурнă** [ПД(117)]; ~ *мóма зă армáсувне; нă-кумшíјте им-умрé ергéнка, нă-мóж да-а-прăжáл'ăт áј-го пéт гудíни* [ПК,2 (44)].

ергенова impf 'живее слободно, како млад човек кога нема семејни обврски' ~ *бре јуначе јергениче [јошче ли си јергеноваш [јергеноваш, левеноваш [немаш ли си стара мајка [да та глави и јожени?* [БД,112]; ~ *уошче ли си јергеноваш [јергеноваш, левеноваш? [изгори ма, ижежа ма [та ма стори сухо дăрво* [БД,115].

ергенче n, dem. од **ерген** (= младич, неоженет) ~ *сношти адно ергенче ка о-фатиа два-трујца о-нăпрăвиа пустакиа. Ного гу типаа* [ПК,2 (187)]; ~ *стројник да му пуштам белкин ки ја дадат [ако не ја дадат јаска ки си јумрам [јаска ки си умрам, младо ми ергенче* [БВ,192].

ерлíја m 'овдешен, местен жител' ; сп. **ирлíја** [MS,s,,28]; и: **емшерíа**.

Ерменличе (и: **Ерменлијче**) n 'припадник на ерменска националност' [V,PM,367].

ерс m 'железо на кое се става косата кога се остри со чукање (со клепање)' ~ *кога клепăме, уд дол шо-ј, нă н'о: турувăме кóста, а уд горе шо чукăме гу викăме* **чăкáн** [ПД (122)].

ерфине* n 'веселба, гозба со пијачка' [СК,324]; [ВД,67]; ~ *да дојди зима подзима [да сă сăбират момине [момине по попрелкине [момчета по ерфинета* [БД,147].

ерќéч' m 'машкото од коза – јарец' (скопен) ~ *дíлму тáка стáна, ýтр'а да пóј з'éнт'у ут кóзит'а да в'éни идíн ерќéч' да закóлими* [MS,t,17]; ~ *з'é пунá стутíна кóзи и ерќéч'а и íш'тиш'и да му ги закáрат на с'éлутóму* [MS,t,17]; сп. **теќé** [MS,s, 28].

ерăлма f, bot., Brassica 'растение што има корење во вид на кочани, се јадат' [СК,324].

есáп m 'сметка' ~ *добро утро невесто [дај бог добро комити [качете се во соба [да ве служам ракија –*

[нека испадне бај Конде [да си видме есапите [БВ,130]; **2.даржи есап** (= прави сметка за нешто, се грижи) ~ *му вели на владиката: „„не знаиш, господине владика, детету заедноч га дава на даскалут и даржи есап за ајлāците и за писмата„„* [V,PM,39]; **дạ си вѝјме ęсáпо** (= да направиме сметка, да се раздолжиме); **вóј-си есáп мáлко зā-здрáфто** (= погрижи се за своето здравје) [ПК,2(155)]; и **хесап чиниха** (= се договараа) ~ *и јунаците седнаха, хесап чиниха сега, как да чинат за ламината керка да га земат* [V,PM,45].

ѐсин m 'период од годината што доаѓа по летото' ~ *кóга е ѐсин да ми дунесиш [да ми дунѐсиш две зāрна грóзда* [ME(P),93]; и: **ѐсāн** ~ *дѝви крýши, ти шо зāлѐгāт, ѐсāнта шо здрāјýвāт* [ПД(124)]; [ПГ(Ф)]; во песните **есен** ~ *ако е есен, есен Митровден, ти да донесиш две зāрна грозде [ако е пролет, пролет Ѓурѓовден [ти да донесеш две класја жито* [БВ,30].

есено adj, n 'есенско' ~ *сјала мома есено грозди [и гу е сјала, и се фатило [та е родило есено грозде [та направила ројничко вино* [БД, 111]; ~ *ај не плачи, ај не тажи [не грижи се што не стретна [што не стретна сланата есенна* [БК, 100].

есна́ф m **1.**'здружение на занаетчии (мајстори и калфи)' [BV,54]; **2.** 'припадник на **есна́ф-от**', исто: **ęсна́фин.**

ęсна́фски adj 'начин на однесување - достоинствен' ~ *ѐл дā-с дугувóрме, áма ęсна́фски маабѐт ќи-нāпрáјме...*

есни pf 'почувствува остра болка низ телото, бодеж' [CK,324].

еска pron 'л. зам. за 1 л. едн. – јас' ~ *искáрве чѐшкāта ут-пáзвāта, нāпāлне-гу вóда - се-нāпāлнуве сус злáто... Мóмта вѝке: „„Дáј да тýрум и ѐска вóда, дáли е вѐрно„„*; во употреба е и разновидноста **езе** ~ *га запитал: „„Зашчо, жено, ми викаш трикошулник? Езе немум три кушули, а имум само една„„* [ШК,5 (422)]; ~ *му речел на поголемио: „„Баче! Ајде ова ден ти оди на нивата, а езе да останум ф кāшчи и да измиум главата на мајка„„* [ШК,5(419)]; односно непроширената форма **ес (ез)** ~ *сѐди, вѝке, тýк, дѐте, ѐс ут-тѐбе бугáсво здубѝх* [BK,282]; ~ *рекла: „„Царјо! Нели сакāш ез да го закол'ум каминут? То дај му ти пешин душа, а ако го не закол'ам земи ми мојата глава„„* [ШК,5(423)]; ~ *ѐс нѐ знáм прѝкāски, но што сум истѐгл'ал – тувá ки-си-кáжум* [BK,284].

есте n 'јадење' ~ *ка шетáхме низ гóрата[низ гóрата, планѝната [ка шетáхме с арамѝите [нили ни се ѐсте доедѐло [блáго вѝно допиѐло? [си слѐзохме дóлу в пóле [мáлце ѐсте да зѐмиме* [ШК,2(110)].

ети part 'ете' ~ *ка се јава от Араплијте Ѓуро, ети тāрчаха солунските граѓани да го причекат* [MC(B),98]; ~ *ошти не битиса Ѓурга лафот, ети и крал Милош дека лети со кон'от, ги прифтаса* [MC(B),95]; сп. разновидноста **ѐту** ~ *вѐли на женáта му: „„мари жѐну, Господ и нас на имјáл на ум; тихиса, дојдѐ едѝн трагóвец .. и ѐту ми дадѐ дѐсет хил'áди грóша напрет„„* [V,PM,13]; ~ *ѐту от мѐника ѝма шејсѐт хил'áди грóша, аку артирѝса дрýг пóвики, пáк да дóјдиш на мѐника* [V,PM.18]; и **ето** ~ *тукý су сѝти вѝи, ѐто трѝ днѝ са чинѝле вáден, как са чинѝле вѝи рабóти* [MV,K,253].

етāмин m 'вид платно' ~ *тó-ј плáтно зā-вѐзне, ѝма и сѝтни дýпкички* [ПК,2(44)].

етӑрва f 'жените од два брата се **етӑрви'** ~ *изгаси девер борина [метна Илена през рамо [Вела си рукна подрукна: [– де се чуло видело [два брата, два баџанака [две сестри до две етӑрви* [БД,79].

Ефа 'ж. л. име' ~ *бабта Ефа сӑ викше брӑчееата на Сулициита Ристо, баб му на Цииив Васе, шо-ј уф-Скопја* [ПК(Гр)].

ефе́ндим m 'титула во општествената хиерархија во Турско, односно обраќање кон човек што е високо поставен – господин' ... *тој отговори: „„јазе га купих, ефе́ндим, а́ма не за ме́ника„„* [V,PM,18]; сп. **ефе́нди** ~ *не́ин мӑж па́к кату са́каши да га зе́ми, оти́де на кадиата, му вели́ : „„кади́ ефе́нди, ја́зе сакам па́к да га зе́мам„„* [V,PM,11]; ~ *на кадиата му ве́ли: „„кади ефе́нди, ја́зе оти́дох да си раше́там покра́ј море́ту„„* [V, PM,9].

е́фтин adj 1.орр. на 'скӑп' (нешто за кое не се бара многу пари); ~ *на дру́гију мӑнч' ж'ината-му вили́: "ти, мӑнџ'и да сӑ ни клаве́ш' за е́фтин ѓулн'у́к, да ра́бутиш' скӑмпа ѓулн'у́к!"* [MS,t,47]; ~ *и́дими на Цариграт да продаде́ми та́ја сто́ка, но не ки чи́ними ха́рно, за́што та́мо та́ја сто́ка е е́фтина* [V,PM,9]; **2.** изр. **е́фтинто ме́со ни кучи́нта н'оо ја́дӑт** (= мн. често цената го одредува квалитетот, т. е. ако се купи нешто евтино тоа по правило е со слаб квалитет) [ПК(Гр)].

ефтине́е impf 'губи цена, станува ефтин' ~ *ки-че́кум да (у)ефтине́е, то́ги ки ку́пум* [ПК(Гр)].

ефтинија f 'кога работите се продаваат евтино, орр. на скапотија' ~ *дали знаеш, памитуваш [кога беше скапијата [скапијата по момите [евтинија по момчијна* [БВ,178]; ~ *да чиниме скӑпотија [скӑпотија пу мумите [– сама мума за хиљада [да чиниме ефтинија [ефтинија по момчета [две момчета за јабӑкӑ* [БД,189].

ефтинци́(ј)а m 'тој што продава ефтино' ~ *си́те купу́вме уд Ри́сто о́т е́ј ефтинциа* [ПК(Гр)].

ефхаристо́ пули́ (изр. за благодарност) ~ *му р'е́ч'и: "ефхаристо́ пули́!" и ја́хна ко́н'у да си по́ј* [MS,t,, 41].

ефхари́ш'тис m 'благодарност' ~ *вили́ ста́рата :"ман'а́ ! да ми дад'е́ш' и́зин! – сӑс мло́гу ефхари́ш'тис, ве́н' си гу и врит'е́нуту"* [MS,t,,63].

ефхариш'ти́са (сӑ)* pf 'се заблагодари' ~ *гу ви́кнува ца́р'у у удаја́тама-му, му вили́: "сӑ ни ефхариш'ти́са ут мо́јту пла́ш'тани, да така́ сӑ ч'у́диш'?!"* [MS,t,,19].

е́фхариш'то́сан* adj 'благодарен' ~ *и два́та си уста́наха е́фхариш'то́сани* [MS,t,,54].

е́х interj (се употребува за поголема уверливост на оној што зборува) ~ *"е́х, мари́ ж'е́ну, да и́диш'и мрӑ́фка да ви́ш', ц'а́ла т'е́б'а ина́ ни-в'а́ста-ји"* [MS,t,13].

ехе́л' m, zool. 'риба со издолжена форма, како змија - јагула' [ВД,72].

ехӑ́р m 'просторија за добиток' ~ *и фа́ф сара́е и́машја ади́н ехӑ́р, де́ту седе́шја ко́не му на змиата* [V,PM, 259]

ечмен* m, bot. Hordeum 'вид житно растение, јачмен' ~ *завӑрти се доделенце [да се вӑртат јоблаците [да заросе ситна роса [да наваде сето поле [рӑжја да се до стреите [ечмените до гредите* [БВ,23]; сп. **ич'умен**.

еџел' m 'непријатен, мачен крај' ~ *е́, ду́р сјаа к'и-сј-о ви́диш еџе́л'о* [ПК,2 (44)].

еш m, zool., Erinaceus europaeus 'мало (диво) животно со остри боцки по телото, цицач' [СК,324]; сп. **е́ж'ај**.

ешеолу m 'магарешки син - грубо обраќање кон големо момче' [СК, 324].

еште part 'еще' ~ *тугáј áс бих уф-нúх, уф-вујчúнне. Вујчúна кá зée дă-фăркат, дă-пýкăт, сă-пулупú, умрé нă-мéстто, умрé éште... пóмнум éште кá мă-нусúа нă-Сóлун* [ПК,2 (342).

éш'ти adv 'уште' ~ *"да зл'áзими на ниш'úту да éзмими óда, даш'ó úма éш'ти пéт' дни пăнт'* [MS,t,,84]; ~ *и сă бáкнаха éш'ти иднóш' и сă раздилúха* [MS,t,84]; и: **ешчи** ~ *ни си ми троши јехцана [ста си ми скăлвеш рăканă [рăканă ду лактјатă [рăкăнă ешчи нуганă [нуганă ду куленатă* [БД,66]; сп. **óш'ти** [MS,s,28].

Ж

жа́ба* f, zool. Rana 'земјоводно животно. задните нозе му се подолги од предните' [ПГ(Ф)]; *~ ти да ми избереш до десет јунака [није да разбијме турските пусији [тук не се живеје со жаби јадејне [со жаби јадејне и од трăска цволци* [БК,123]; *~ излезé при éзера, на крáјут сéднал и чýиши жáбите, как кр'áкаа: му са виде хáрно тáмука* [V,PM,28]; *~ засвирил гуштер за хоро [фрут жабите се сăбрали [сăбрали и заиграли л'о една жаба нимаши* [БД,62].

жа́бин adj 'нешто што се однесува на жаба' *~ на крáјут сéднал и чýиши жáбите, как кр'áкаа:... и сáкаши и тóјнака да си наýчи жáбин јазúк* [V,PM,28].

жа́бнек m, bot., Muskus 'зелен мов што се фаќа на предмети покрај вода' [ДК.104].

жабри pl 'перките на риба'(?) [СК,324].

жа́га f 'голема бичкија за режење дебели дрва, трупци; со **жа́гата** работат двајца' [ПД(121)].

ж'ạгạра́к m 'звонец што се става на вратот на крупен добиток' [ВД(1), 71].

жа́л f 'чувство на тага, сожалување' (пр. поради слабоста, немоќноста на близок човек и сл.)' *~ и тóј седнá сос брáтите му наеднó и млóгу жáл úмаши, штó не можá да вúди óшти еднóч родúтелите му* [V,PM,25]; *~ тогас синот му сос млóгу жал остана разчýден,... фати синóт му, сос млóгу слава и чест гу зарă татко му* [V,PM,7]; *~ на рóдăнјо брáт зáлăко уд-ýстта тýткин мо· зé. Дујде сé му збрá, ни жáл, ни грéх нéма* [ПК,2(164)]; и: **жјал** *~ и жјал много му дојде на сирак пезодром* [V,PM,315]; изр.: **жа́л ми пạднá** *а.* 'се сожалив' *~ жáл ми пạднá зạ-мáјк-ми, óт úч нé гă видéх; б.* 'се навредив, се налутив' *~ на тас момата жал ја паднало, оти сама ја оставиха, и тја фатила, гу запал'ува ханот, гу изгорјала* [V,PM,208]; *~ јона, мале, не ми отвăрнала [нито с очи, мале, погледна [нито с глава ми намахна... [на мен много жал' ми падна [вехнах кон'а, удрих бре по неја* [ШК,2(234)].

жалба f 'чувство на жалост, на тага' *~ заплакала је Јанинка [на Стојанови гробове [„„Стани ми, стани Стојане [да видиш Јанка вдовица..." [Земја од жалба продума* [БД,105]; *~ тóга сă платú тó шо рéкал Пруфúтин Јеримúа, шо вéлиши: Глáс сă чý на П...-грáт, плакáни, жáлба, удирáни нóгу* [MV,K,306]; и: **жалбă** *~ по ăднă годинă умрăла царицатă, и царо уăвдовăл и паднал в гол'амă жалбă*

и сӑ ч'удил от дӑ да најдӑ царицӑ, да сӑ ожјани [V,PM,289].

жале* impf 1.'чувствува жалост за нешто' ~ *пӑрва пушка кога пукна [нашјод војвода се јудрило [ти не жалај и не плачај [јас ки бидам војвода* [БВ,133]; ~ *дал мајка жалиш ил стари татко [ни мајка жалам ни стари татко [јас си го жалам мојут армасник [пуста тугина пари да изваѓа* [БВ,160]; ~ *и вели: "или да земиш една нивеста или да најдиш една твоја прилика, твоја ишкија, да гледаш да најдиш, и азна да не жалиш"* [МС(В),93]; **2.** – **(сӑ)** 'се брани, се чува' ~ *гла́та уф торба сј-аа кӑлдел, не сӑ жале* [ПК,2(157)]; 'се обжалува' ~ *ја поклела и рекла: "да сӑ, керко, по кӑштите навӑрташ и да сӑ л'у жалиш, чи ни ма си слушала! И това желене хич да сӑ ни свӑрши!"* [V,PM,292].

жа̣ле́: impf 1.'има голема желба за нешто' ~ *жа̣ле́м д-о: ви́дум удо́мин, уз-же́на, уз де́ца*; **2.** 'тагува по нешто' ~ *жа̣ле́е пу де́тто* (= ако го изгубила детето, односно ако му се случила несреќа) [ПК(Гр)].

жален* adj 1. 'кутар' (сиромав) ~ *и тој на старос четник излезе [су дробни деца боси и голи [жални на господ он си остави* [БВ,75]; **2.** 'загрижен, тажен' ~ *тогај стана чобанино, собрал офците, отишел на дома му много ч'уден и ж'ален* [V,PM,169]; ~ *тогас тја млого жална са вӑрнала на дома и́ и си чудиши, сос што тертип да ја погуби и о-таму* [V,PM,212]; ~ *кату фатили да зборуват, ету беши дошел при них и нос човек невидин, да и чул, што вел'аха ж'ални речи* [V,PM,188]; **3.** 'оплакуван' ~ *Мици је рането во левата страна [во левата страна, близу до сӑрцето [Мици је плакано, стрино, Мици је жалано [Мици је жалано од Мициви другари* [БМ67]; ~ *сношти минав крај Црвента Стена [там намери два пресни гробови... [на крӑстови жално милно писмо тука лежат два мина ми бракӑ* [БВ,79].

жално adv 'мачно, тажно' ~ *и вӑлко ӑ-стигна́л и а́ дӑ-сӑ-фӑрле врӑз-не́:, а о́на фӑти́ла дӑ-о́хке и жа́лно дӑ-плаче: "о́-ле-ле гла́вичка"* [ВД, 286]; ~ *ахчи́ата му ве́ли: "а́х ца́рју, дине́ска дојде́ едно́ пи́ле на́ бахча́та, ми ве́лиши жа́лно, дали ца́рјув си́н је́ ха́рин или мо́јто мӑшко дја́те е по-ха́рно"* [V,PM,134]; ~ *колку ј жално за да гледаш [македонцкијот народ [как гу мачат ...* [БВ, 316].

жаловит * **1.** adj 'тажен, печален' ~ *бела книга дојде јод Постол војвода [цӑрно написана многу жаловита [и није да јодме помош да направме* [БВ,135-136]; ~ *му-пе́ија бӑшка́ пе́сни нӑ-та́, сви́реа зу́рлите жӑлу-ви́ти пе́сни* [В,ЕВ,307]; **2.** adv **жаловито** ~ *на крстови имаше писмо написано [мамо писмо написано [писмо пејше, мамо, ного жаловито* [БМ,83].

жаловно adv 'тажно' ~ *свирајте свираче на жаловно [мож ќе чујат моите мили внуци [и ќе дојдат јувер да покажат* [БК,50]; ~ *тилиграми бијат, мамо, тилиграми бијат [тилиграми бијат, мамо, ного на жалоуно... [Бог да го бије мајко, тој бојаџија* [БМ,84].

жалосин adj 'тажен, печален' ~ *Радо ле Радо убава [не пеј си песна л'убовна [тук пеј си песна жалосна* [БВ,159].

жа́лус m(f) 'чувство на тага, на несреќа' ~ *му-пӑдна́ жа́лус нӑ де́јту зӑта́тку-му ка́ гу-виде́* [В,ЕВ, 303]; в. **жал.**

жан m 'душа' (во обраќање) ~ *гледај Злато, гледај [жан да си наглед-даш! [гледај Злато, гледај [гледај да ни падниш!* [БД,22]; ~ *мар Тодоро, жан Тодоро [чула ли си, јели ни си? [- телал јечи по селата [по селата, в градишчата [сички на јојскă да идат* [БД,77]; ~ *мар Димано, жан Димано [хајт да идим Суха Гора [Суха Гора габерова [габерова, јаворова* [БД, 115].

жандарче n, dem. од **жандар** 'вооружен припадник на полицијата' ~ *јавни си војна на друмја [иди го најди Стојана [при мене да го донесиш [заптијче младо жандарче* [БВ, 196].

жанум part (во обраќање: душо моја) ~ *зăлвата вјали: "Да са питаме] да са питаме на мјуфтијата!" [кадија велv: "Зăлвата жанум [пролетна роса - и је подјулбер!" [мјуфтија вјали: "нивјастата жанум [петровска јабăлка - и је подјулбер!"* [БД,93]; ~ *и тăка́, жа́нăм. де́јтто зăфăти́л дă-рăбо́ти, а-та́тко-му са́мо фудулу́к тера́л* [ВК (К),292].

жапка* f 'резе на главната врата (на портата)' [СК,324] – според Саќов, но жапка има и сандакот што се заклучува: ~ *а́дно сандăче, ут стра́нта и́мше жа́пки* [ПК,2(45)].

жапче* n, zool. dem. од 'жаба' ~ *свирнал гуличер на хоро [сăбрали се жапчета [адно жапче немаше [мајка му го плетјаше [и го хитро учеше* [БД,62].

жар m (f) 'вжештено парче изгорено дрво, без пламен, пред да стане пепел' ~ *по ко́лада куга́ зако́лăт сфи́нето, кла́ват жа́р над мастă му и какăфто чил'а́к до́јди: мăшко или же́нско, такво́ ста роди́ стопа́ницата* (верување во Драмско) [ВД(1),85]; ~ *ве́черно вр'а́ме ни сă спомену́ва вăл'кă; ако н'а́как го споменăт, ка́зва са: "жа́р му фаф уста́та, гла́вн'а му фаф гăзă"* (верување во Драмско) [ВД(1),85]; ~ *то́ј бе́ши еди́н ди́в кату жи́ва чу́ма; у́стата му би́ла кри́ва и отворе́на, очи́те му царве́ни кату жа́р* [V,PM,24].

жа́рче n 1. dem. од 'жар'; 2. изр.: **пута́јно жа́рче** ~ *са́мо мо́лче и пра́ве ка́ мо-ј а́рно. Ку́ти не́каа и́скра, ќи-тле́е, ќи-тле́е, дур се́тне ќи-сăја́ве пла́мин. Така́-ј и то́о: ... ќи-ј бу́цке л'у́јто, дуде́к дă-ј ска́ре* [ПК, 2(190)].

ж'а́ска impf 'влече, разнишува' [ВД(1), 74].

жва́ке* 1. impf 'храната што ја има в уста ја раздробува со заби' ~ *по́по ка виду́ве о́ти ја́гнăнцто вăгл'ăне жва́к'е, го пи́те: "Ја́гнăнце бе́гнăнце, шо́ прави́, та вăгл'ăне жва́киш?"* [ВД(П),285]; 2. изр.: **жва́кни-гăлтни** (= храна што може да се консумира на брзина), fig. сп. ~ *а́јде, то́о не́ са́ке но́го, то́-ј жва́кни-гăлтни* (со проширено значење за нешто што може да се стори на брзина) [ПК,2 (45)]; **не́ жва́ки но́го** (= не зборувај многу, не коментирај) [ПК,2(180)].

жган m 'неорганизирана група луѓе' (пејоративно) ~ *зададел се темен облак [од високи балкани [не је бил темен облак [тук је била турска жган [сардисаја ми четата* [БК,116]; ~ *се зададе темен облак [од кон Исток на Запад [не ми беше темен облак [тук ми беше турски жган* [БМ,64].

ж'др'ăпч'а n 'младото од кобила, ждребе' ~ *си ста́нуват ем куби́лата, ем ца́рица́та дити́ни; и си ра́ж'да ца́рица́та идно́ д'ăт'а и куби́лата идно́ ж'др'ăпч'а* [MS,t,31]; и: **ж'рапче** ~ *мајка му му вели;*

"иди на ахăр'ут! Има таму едно ж'рапче от едно време, татку ти гу беши оставил, тој ке да ти кажи!" [V,PM.215]; односно: **жребче** ~ *на Солун сум била [- шчо си там правила? [товар сол' сум носила [дајте ѝ сенце [да небере млекце [да надои жребче* [ШК,2 (399]. сп. и: **ждребе*** ~ *викаха: "ај Трајко! Ај Трајко! Да не виде една кобила с две ждребин'а!* [МС(В),86]; ~ *мо́же дă сă ре́че* **му́се,** *а́ли по́вичке* **ждре́бе** *ви́куме,* [ПД(125)] – уште еден пример за адверсативната употреба на сврзникот **али**, извлечен од контекст.

ждрепка f 'облог' ~ *кога јодиме цăрни кумити [ждрепка фăрлиме меѓу нас сите [кој ќе запале лепата цăрква* [БВ,69] – илустрација за присуството на архаична лексика во Долновардарско: **леп** 'убав' во Воденско.

жегла f 'дрвце, парче од 35-40 см., се става во јаремот и го одредува (заедно со уште една *жегла)* местото на вратот од добичето' [БД,324]; и **ж'е́гął** [ВД(1),70].

же́гне* pf 'почувствува остра болка' ~ *"Чи́ј де́ца сă?" – "Нă-вудинча́рут". Ти́а-и же́гна нăтре. Му-те́кна шуă-нăпрăви́а та́а рăбо́та* [ДК,115]; во илустративниот контекст имаме употреба на номинативна заменска форма во функција на прав предмет (: *Ти́а-и же́гна* м. 'нив ги жегна'). За ова поопширно во граматичкиот дел.

же́дни pf 'стане жеден' ~ *ричé на не́а: Се́кој шо пи́и ут ва́ во́да, пак же́дин; и́лим то́ шо ки пи́и ут во́дата шо ки му да́дам јас, не́ ї кабúл да же́дни ду ве́кут... ~ ве́ли на не́го же́ната: Афе́ндо, да́ј ми ут та́ во́да, да не же́днам, ни́то ту́ка да и́дам да нали́јам* [MV,K, 257].

же́дăн adj 1. 'се кажува за оној што чувствува потреба од пиење течности' ~ *да запејат летни пилци... [да се зберат мои - дружина [мои - дружина шеесетмина [голи, боси како оси [гладни жедни како рăти* [БК,66] – пример за проширена употреба на множинската наставка *-и* кај едносложни именки од м. род (*рăт-и*); **же́дин** ~ *за́шо угладне́х, да ми дадо́хти да ја́дам; же́дин бе́х, да ми напуи́хти; бе́х јабанци́а, да ми и прибра́хти* [MV,K,282]; ~ *е́м и вел'а́: Аку́ ї же́дин не́кој, не́ка до́јди кри ме́н, да не́ка пи́и* [MV,K,260]; ~ *ричé на не́а: Се́кој шо пи́и ут ва́ во́да, пак же́дин* [MV,K,257]; и: **жадин** ~ *отиде аф гората, шетал млогу време гладин, без л'ап, без вода жадин, и на толку време не излезе прет негу никаков дивик* [V,PM,82]; 2. изр.: **нис диве́јс и де́вит ре́ки ки-т пруше́те и па́ же́дăн ки-тă вăрне** (= се кажува за препреден човек, лажливец) [ПК,2(182)].

ж'е́ж'ве n 'мал сад за варење кафе, ѓезве' [ВД(1),69].

же́же impf 'силно пече' ~ *ва́дăн слăнцто но́го же́же* [СК,324]; [ИГ,125].

ж'е́ж'ę-пе́ч'ę n, zool. 'инсект што летно време (во најголемите горештини) со крилјата прави силен шум - жужелен' [ВД(1),72]; сп. **креч**.

желва f, zool., Testudo 'мало животно, заштитено со корупка од рогов состав, по земјата се движи бавно со своите четири нозе - желка' ~ *наварвила вакла желва [тири, ни, ни [да ми иде на пазаре [дамбур, думбур, ду [де ја срешна ежо плешко [тири, ни, ни [та ја фати и пол'уби* [БД,65]; и: **ж'ăл'вą** [ВД,71]; в. **жел'ка**. [СК,324].

железни adj 'нешто направено од

железо' ~ *ки кинисаш по мени да ме тераш, хазна алтăни ки харциш и железни стап колко иглин врăх ки стани, и тога можиш да ми најдиш* [V,PM,90]; и: **железан*** ~ *му вели: "ај синку, куумциовата кăшта има девет порти железани сос кл'учарници, штото некој човек не можи да ги отвори"* [V,PM,68].

же́лен adj 'кога некој нешто присакува' ~ *же́лен сум дă-с пăрбе́рум до́ма;* исто: *же́лен за во́да* [ПК (Грам)].

желене n 'жалост, жалење' ~ *тога мајка хи ја поклела и рекла: "да сă, керко, по кăштите навăрташ и да сă л'у жалиш, чи ни ма си слушала! И това желене хич да сă ни свăрши!"* [V,PM,292].

жел'ка f, zool., Testudo (в. **желва**) ~ *испăдна́ле на-ни́вăта и си-на́шле една́ же́л'ка и си-ре́кле: "Кăто́ка не́мăме де́ца, ки-си-а-зе́вме за-на-че́до ме́сто"* [BM,314]; ~ *на пăтјут најде една желка млогу причудна, га зема, га товари аф едноту муле, га докара на дома му. Как га кладе аф удајата, от желката сетни излезе една мома* [V,PM,78] – во случајот предлогот **аф** ('во') се јавува во функција на предлогот **на**, т.е. упатува на површина а не на внатрешност *(товари аф едноту муле).*

жел'ка́р m, zool. 'вид јастреб' (граблива птица, се храни со желки) [ПГ(Ф)]; [ПД(126].

же́л'кини лу́гунци pl, bot. 'едногодишно растение, има плодови колку поголем орев, но не се јадат' [ПД (123)].

ж'е́л'азу (и: **железу**) n 'тврд метал, хемиски елемент Fe – железо' ~ *тăкат, пла́ч'ат, рисканици да́ват сăс балта́ци, ч'у́кат, ж'е́л'азу ја́кој, сă ни утфа́ра хич'* [MS,t,,53].... *то́с пала́т'у би́ш'и ут ж'е́л'азу, хич' ни сă утфа́раш'и* [MS,t,,52]; ~ *имаши един вујку димирциа, отиде та му речи, да му стори един чифт чизме от железу* [V,PM,135]; ~ *железа се топат, пранги се прават [на Македонци на hose клават* [БМ,96].

жели impf 'жали' ~ *не плачи Натке не жели цанам [мајка те дала на место богато [богато место куки високи [Натка продума на стара мајка [пусто јостале куки високи* [БК,76];

же́л'но adv 'жално' [ВД(1),74].

ж'е́на (и: **жена**) f 1. 'сопруга - во семејството индивидуа од женски пол' ~ *ги пи́та: "заш'то́ сă ка́рати ви?" "За та́с мо́ма, и́ш'тими да ја в'е́ними ж'е́на, ама́ то́ ја в'е́ни сига́!"* [MS,t.19]; ~ *и ути́духа дума́ мăн'ч' и ж'е́на си удрумо́н'аха* [MS,t.,15]; ~ *ја пу́ш'та Ќел'е́ш'у и н'е́гува́та ж'е́на да по́ј да брăка ина́ ж'и́вина да му да́дат да по́ј и то́ј за л'а́к* [MS,t.,36]; 2. 'човечко суштество од женски пол' ~ *та́м, д'е́ фл'а́ха то́с инса́ну, ш'ту гу го́ниш'и напо́сл'ат има́ш'и ина́ ж'е́на дити́н'а* [MS,t.,56]; ~ *и как а чистих хубаво на жената, отивам на мăжот: "хајде стани си, оди на работа, твојта жена оздраве"* [MC(B),87]; ~ *та́мо во царјут чини млогу вре́ме, и еди́н де́н изле́знал да си ше́та по сока́ките, најде́ едни же́ни* [V,PM,9]; 3. 'симбол за нежност, неотпорност' ~ *не́ би́ди же́на, дрăш се* [ПК(АЌ)]; 4. изр.: **да́ј-си по́пе же́нта** (= кога од некого се очекува премногу, да го поклони и она што нему му е потребно' [ПД(137)]; **же́нта ги зе́ла дизги́нто** (= се кажува за семејство во кое жената има главен збор) ~ *уфна́ште кумши́ј же́нта кума́нде, ка́ќ нăре́де тăка́ сă рăбо́те, ни́кој не́*

мóже пéт дă-кáже [ПК,2(163)].

ж'éни (и: **жене**)* impf **1.** 'средува склопување на брак, односно дава согласност за тоа' ~ *ил ме жениш, мајко, ил ми кажи [пуста младуст, мајко, не се траје... [не је оган, мајко, да јизгоре [не је вода, мајку, да јистече* [БМ,128]; **2.** – **(са)** 'кога младич или девојка стапува во брак' (се среќаваат и примери кога девојката **сă мăже**) ~ *хабер ми ј душăл] ут главениця: [за друк сă ј главилă [за друк стă сă жени* [ВД,86]; ~ *ка се нал'ути Лука војвода... [извади пиштол Тодор го уби [одејте кажајте на Тодоров татко [Тодор се жени за Кожув Планина* [БВ,70]; сп. и: ~ *кугá лити́ дăш и слăнцето гр'áе, в'áрват, чи лисúца са жéни* (верување) [ВД,85]; и: **жинýве** ~ *кá сă жинýве чувéк сáке óчте чити́ри дạ си утвóре* [ПК,2(163)]; **3.** изр.: **гу жини́** (= нешто скрши, пр. бардак) [ПК,2 (149)] ~ *шó плáчиш, гọ-жини́ ли бăрдáко, а?* [ПК,2(157)].

ж'éн'енти n (гл. именка) 'жниење, жетва' ~ *ут д'éвит' мăсинца за дóјди за ж'éн'енти, за вéзма аргáтиту и стрăпувéту* [MS,t,66].

женéт* adj 'тој што е во брак' ~ *му вéли: "мăжу, тóлку годи́ни има, што сми женéти сос тéбика, нéкој пăт не ми кáза, ча и́маш брáт на Стáмбол"* [V,PM.18]; ~ *ај одоздола едно лудо младо [не женето [и на анамче вели ем гојвори [аман анамче [колку го даваш твојто бело лице* [БВ,200]; и **жинет** ~ *манав да гу сечам, дăрву јудговори [дăрво јудговори: - Јуначе, јуначе, жинето си, не си?* [БМ,140] – во последниот контекст среќаваме уште една потврда за влијанието на балканската јазична алијанса во долновардарските говори, станува збор за формирање на прашални реченици без партикулата *'ли'* (*жинето си, не си?).*

жéнете n 'стапување во брак, женувачка, односно мажачка' ~ *"та агá бјáх млáда и завјáна, та мá зимá тáтко ти, та сегá ли, стáра што сам и акáллиа, да ни штé ма зéмат?"... л'у за тузú си зборóвашја, саму за жéнете* [V,PM,264], и: **жинéте** ~ *си-и-зéва, си-и-пурăстýва. Еее, сă-стури́ле зă-жинéте дéцăта* [ДК,114]; односно **жененти** ~ *му рекоха на царјут: "ти царју имаш до три дивојки: нај-големата промина от временто, и втората сега е тукму за жененти, и нај-малката си чини веки за армас"* [V,PM,159] – специфично образување на гл. именка со наставката **-те**, односно со редукција **-ти** (**женети, жененти**).

женидба f 'стапување во брак' (в. **женете**) ~ *царјут, кату имал дете за женидба, и пуснал просинити тас мома да ја просат за неговото дете* [V,PM.219].

женило n 'женидба' ~ *да знаи мома, да знаи [как расте ружа в градина [тăј расте мома у мајка - главило пусто цăрнило [женило хајдушко вјасило* [БД,43].

женин adj 'нешто што и́ припаѓа на жената, на сопругата' ~ *му вели на брата му и на жената му, ча и купил ниви за женинот му кăсмет* [V,PM,86].

ж'éнски (и: **женцки, женчки**) adj **1.**'она што и́ припаѓа на жена, односно што е преднаменето за жени' ~ *му вéли бáбата на нéгу; "пóстој тýка ти́нака! Јазе ки извáдам жéнски дрéхи да си примéниш и такá да ти зéмам нéтрика!"* [V,PM,9]; ~ *и т'á... ути́ва у дрýгата удајá, сă прим'ăн'ă у н'éјнит'ạ рýби, ш'ту си имáш'и нагутф'éну ж'éнски рýби*

[MS,t.,26]; ~ *ни мăшкăтă ни женцкăтă нусија нема ич визăници ни шарувă* [ME(P), 81]; **2.** изр.: **ус-жéнцко сăрце-ј** ~ *нéкуј мăш шó сă-плáше, мó-ј стрáх, вúкме óт éј ус-жéнцко сăрце* [ПК,2(206)].

женскути: pl 'женски деца (девојчиња, девојки)' ~ *то: чувéк сé женскути: úма* (= тој човек има само женски деца) [ПД(117)].

женција f 'женувачка' (в. **женете**) ~ *так за стани нивјаста, за бакни пак на сите рăнките, хазăр ки си чини веки, тогај права стој... Чјасот на женција от зентјут јунациту излеват, хоро играјат хламборот стредја селото* (формата на зборот не е сосема јасна, но според Ст. Романски "веројатно е скратено од *женидбата*" [V,PM,249, 536].

женцко adj, n (поименчена придавка) ~ *Стојане л'убе, Стојане [бре как да ти сăм хубава [като си чедо немаме [ни јод женцко, ни јод мăшко!"* [БД,92]; ~ *клáват жáр над мастă му и какăфто чил'áк дójди: мăшко или жéнско, такво́ ста родú стопáницата* (верување во Драмско) [ВД(1),85]; pl (?) ~ *пăрвата кола сребро и злато [втората кола машко и женско [третата кола сé се лазарки, сé се лазарки, сé кошничарки* [БК,23].

жéтва f 'време кога се жнијат и собираат житните култури' (в. **ж'éн'енти**) ~ *мене не ме личе по поле да шетам [по поле да шетам на жетва да јодам [на жетва да јодам житварка да бидам* [БВ,58]; ~ *тáм, у Мóкрина, нăјдéме сé гутóво, сúчко устáвино, куту нúă кá устăвúме дóлу. Сé гутóво, жéтва, сé, óни тук тăкá устăвúли* [ПК,2(221)]; и: **жетфа*** ~ *нé вéлети вúа óти и жетфáр сéја, и жéтфата дујдé?* [MV,K,258].

жетфáр m **1.** 'месец јули' ~ *нé вéлети вúа óти и жетфáр сéја, и жéтфата дујдé?* [MV,K,258]; и: **ж'ęтвáр** 'јуни' [ВД(1),73]; **2. жăтвáр** 'човек што жние на нива' ~ *кóлко шо ки зăфáтăт нă едúн пăт дă жнúт, кóлко шо úма дýши, жăтвáре* [ПД(121)].

жетварка* f 'работничка на нива што жние жито' ~ *ка летнаме двете ние [ка паднаме јý житјата [да кăлвиме бело жито [Бог да бије жетварките* [БВ,245].

жéшко n 'жештина' ~ *пу тóо жéшко сă-дăмлăдисáте вáадăн, сиднáјте дăсă-пучúнте, ајóл* [ПК,2(196)].

жęшкáва f 'врукo време, жештина' [ПД(130)]; и: **жишкáва** ~ *кул-свúт Илúа шо фáште áдна жишкáва, мáле-мáле, нă-мóш сă-живéе* [ПК,2(45)].

жéшук adj **1.**'нешто што има висока температура (пр. ако било ставено на огин) - врук' ~ *жéшук-ај лéбут, пóчек нéк истúне* [ПК(АЌ)]; **2.** fig. 'односнава придавка во синтагма со солзи изразува тага и печалност' ~ *твоји мили брака којнот ти го седлат [којнот ти го седлат дробни салзи ронат [твојот старо татко жалти лири броји [жалти лири броје жешки салзи роне* [БВ,103]; ~ *тогај се Рада развика [и жешки солзи пророна [андарти клети колнеше* [БВ,160]; ~ *Кол'овата мајка низ двори шете [прстите си кăрше жешки сăлзи роне [жешки сăлзи роне и на Димош се моле* [БК,119].

ж'иберúнки pl 'ситни делови од свинско сало што било ставено на оган за да се стопи, да се добие маст' (во други говори: **пршки, чварки**) [ВД(1),69].

жив adj 1.'тој што живее, орр. на убиен, мртов' ~ *ету Го́спод ме и чу́вал и ме изва́ди жи́в до кра́ј, и сега́ да ви́дити ви́а!"* [V,PM,8]; ~ *пăрвăта рăчела: "Е, де-ј жива и здрава, дă-пурасне гулема"* [ПД (151)]; и: **ж'и́ф** ~ *си р'е́ч'и: "ја́ за мо́јта мо́ма јуна́к ку́три б'ăш'и!" ... гу ч'у́кна на грăбо́: "да си ж'и́ф за мло́гу гуди́ни"* [MS,t,35]; ~ *и ја пи́та: "как т'ạ аре́са са́лан'е́ту?" "да си ж'и́ф ... мло́гу ху́бав'ạ са́лаш' "* [MS,t,27]; **ж'у́ф*** ~ *сă ч'у́ди, ш'о́ да и сто́ри на лиш'и́цата? фа́ш'та, ж'у́ва ја удри́ва куж'а́та* [MS,t,77]; ~ *маштеа и, как пак ја виде, млогу са пожали, как пак жува да ја види* [V,PM,276]; ~ *трите ăф уогăн изгорих [трите ăф уода јудавих [трите ги жјуви зарових* [БД,93]; 2. 'успешна имитација, како вистински' ~ *жи́ва ѓу́пка сă-нăпрăви́* (= се облекла како циганка) [ПК (Мут)]; 3. 'недобро варен' ~ *ме́сто е жи́во* (месото не е добро сварено) (според Саќов се однесува само на месо - 324), но во истата регија запишавме и со значење 'недопечен' (пр. леб) ~ *ва́адăн жи́ф гу-устăви́лси ле́бо* [ПК,2(45)]; 4. изр.: **жив го жал'ат** (= се кажува за човек што е во тешка ситуација (пр. ако е болен или беден) та луѓето го жалат како да е умрен' ~ *моите девет брата се кавали правјат [ала с тех не свират, мене жива жал'ат [моите девет сестри сал скутали ткајат [ала с тех не ходат, мене жива жал'ат* [БД,70]; со блиско значење: **жи́ф зă-пла́чне** (= кога некој изгледа многу лошо) [ПК,2(163)]; **ни жи́ва ду́ша (не́мше)** (= нема ништо, пусто е) ~ *флѐвум до́ма, шо́ дă-ви́дум, ни жи́ва ду́ша* [ПК,2(182)]; **жи́ва во́да-ј** (= премногу е испотен) ~ *тăрча́јќи жи́ва во́да стана́, сјаа ќи-ка́шле* [ПК,2 (163)]; ~ *ма шчо си ма дала] на зăл харамија... [мају, дења му са [порти отворени [ма нăшчес си дојде [по цврăста полунăш [конажјува уода!* [БД,162]; **жи́ф го́спут** (= пожелување) ~ *ду-ле́то жи́ф го́спут, ко́ј зна́а шо́ ќи би́де* [ПК,2(163)]; **жи́ф о́гин** (= се кажува за некој што е итар и брз) [ПК(А Ќ)]; **жи́в живо́т** 'вечно' ~ *не да ми раждаши мајка ми един камин или едно дрјаво, туку ме роди човек, ме порастна, да си горја за жив живот* [V,PM,195]; ~ *немој гледи китка [туку гледи мома [китката је до пладнина [момата е ду жив живот* [БК,33]; **ра́ј жи́в** (= вистински рај) ~ *да ки си о́дат ви́и на ве́шново пе́кол, па пра́винти на ра́ј жи́в дуве́шно* [MV,K,282]; **жи́в утру́ен** (= многу растревожен, потресен) ~ *сă-стрите́ли нă-пăтут, ко́ј зна́а шо му-и́ма ка́жно, дујде́ си жи́в утру́ен* [ПК(Мут)]; **жи́-ми крăс** (= кога некој се колни во крстот) ~ *а́ска не́ би́х. Жи́-ми-крăс, ни-чу́х, ни-виде́х, нăса́ј ти ви́кум, виру́ви* [ПК,2(163)]; **жиу здраво** (= поздрав) ~ *кирации разложани [ако си е углавено [здраво жиу да са жени [л' ако ни е углавено ваз пăт да му душа бере* [БД,117]; ~ *голем клас на нива [голем грозд на лозе [живо и здраво до година [до година до амина!* [БМ,15]; **жи-ми мајка** (клетва) ~ *не сум рекол бела Недо [не сум рекол жи-ми мајка [не се кăлни за мајка-ти [мајка ти е стара душа* [БК,324]; **жјува раздјала** (= неповратна разделба) ~ *левен Герги, левен жјува раздјала [като пристјагаш бăрзата кон'а да бјагаш [левен, мене на кого млада оставјаш* [БД,179]; **дă-стă жи́ви и здра́ви** (по-

желување) [ДК,107]; сп. **вóда жи́ва** (и: **жива вода**) 'лековита вода од која "оживува" мртовец' ~ *вéли на нéго жéната: Афéндо, нúто кóва úмаш, и бунáрот мóшни дạлбóко; утдéка úмаш ти тá вóда жúва?* [MV,K,257]; ~ *пак дéтето оште по пăтја дало на момáта от жúвата вóда* [V,PM,258]; ~ *те отровиха и умре, но езе те напрсках сос жива вода и стана* [ШК, 5(426)].

живак m 'бел камен, кварц' [СК,324].

живéе* impf 1. 'постои, суштествува (како жив организам)' ~ *кá нé слýшиш, вáд-си óчте, кá знáјш тăкá живéј* [ПК,2(193)]; ~ *нија не сакаме от бегот, нија саками от ц̧арот или место за нас да живејми, ил калăчка сега туа да ни сечи* [МС (В),89]; и: **живи** ~ *"сúнку - рéкла бáбăта - тáм жúви лáмјăтạ шọтувăднéкни ă-рăнú ти"* [ВВ,312]; ~ *ангаријата за пăтиштата като коа сă сиче, иако оша живи сăл ув оша полош кăлăп като – пăт-параси* [МЕ(Р),74]; 2. 'го поминува времето во одредена регија' ~ *сăл то шо живел 8-10 на чуздина, за толку гудини не е видел ништо от шо му-ј најмило на дујната* [МЕ(Р),68]; ~ *живéјме тýка уд-зóр зăмáн, дрýго чаарé нéмше* [ПК,2(204)]; 3. 'се прихранува' ~ *тóги ут тит'ýно живéјăхме* (= заработувавме пари од продажбата на тутун) [ПК(Гр)]; 4. изр.: **нéма дă-живéе ус-бóрăл'то** (= не ќе живее вечно) [ПК,2(180)].

ж'ивж'áр m, zool. 'врабец' [ВД(1),72].

живечкă* f 'живот, начин и услови' ~ *во ногу ачик ки сă видă аку се стокмă живечкăтă ув Постул ут 20 гудини на наприд* [МЕ(Р),90]; ~ *бејзте најповикјă зăрди менăтă нă живечкăтă и погулеми арц̧уве* [МЕ(Р),86].

ж'úвина f 1. 'животно, добиток' ~ *ја пýш'та Ќел'éш'у и н'éгувáта ж'éна да пóі да брăка инá ж'úвина да му дáдат да пóі и тóј за л'áк* (станува збор за коњ или мазга) [MS,t,36]; ~ *тóа дéтто, шо сă-рудúло, фăтúло живúна дạ-јáде. Сăт инсáн гу-издéло - и мáјкăта и тáткуто* [ИГ,109]; ~ *ш'тó да ја вúди бахч'áта? зерзибúл ја нахóж'да; фáшта да му ц̧úка: "ш'тó гл'éдаш'и ти тýк, ш'ту ж'úвини сă фл'áли, ја сă змáч'кали бахч'áта"* [MS,t,33]; во илустративниот пример, во 3 л. од перфектот се чува помошниот глагол (што претставува општа особеност на источните говори), освен тоа има нерегуларен редослед: прво е кратката заменска форма (за директен објект, а потоа формата на помошниот глагол: – *ја сă змáч'кали*); во Драмско: **ж'ивинă** 'звер' [ВД(1),71]; 2. 'морски животни' ~ *стигнали ду едно гол'амо море. Всред нег имало еднă островичкă, там, сă запрјали чаплоц̧ите дạ починат. И ноз ден сја забахтало морето и исфăрлило на островичкăтă толко жјувини, штото сја напăлнило сичко на там* [V,PM,285]; сп. **живутина**.

ж'úвини pl 'домашни птици, кокошки и сл.' ~ *ут мрăва гудúни с'éтн'ạ са лáха да пруминé нóс туц̧'áрин да брка ж'úвини* [MS,t,16].

зададе (се)* pf 'се појави' ~ *зададел се темен облак [од високи балкани [не је бил темен облак [тук је била турска жган* [БК,116]; ~ *ми се зададоја, леле, три темни јоблаци [три темни јоблаци, леле, над Солуна града* [БМ,43]; ~ *зададе се темен облак [од врв Пирин Планина [не ми беше темен облак [тој ми беше турски зган* [БВ,100].

задева (се)* impf 'се закача' ~ *не задевај се, мори, Недо, не задевај се [не задевај се, мори, Недо, јас сам стар човек!* [БМ,156].

задечка (се)* pf 'се скара, се спречка' ~ *кату се стретили на пăкот, првната мома рекла на фтората: "Зилени ти се дрвата". А фтората рекла на првната: "Мăтна ти је водата". И така се задечкали и се збили* [ШК,5,430].

задими (са) pf '(некој простор) се исполни со дим' ~ *запали се Босна, задими са [уогăн гори от четири краја] сил'ăн уогăн гори, шче изгори* [БД,79].

задјанат* adj 'нарамен' (кога човек носи нешто на грб) ~ *л'у ја Крстју самă самичка [снопе збирам и ги тăварја [да ги карам на вршилто [тојата Марушка Крстју шче ја видиш на крмилто [задјаната з брјама сăчки [та да стопли дечинките* [БД,40].

за́дно adv 'кога повеќе единки (предмети) стојат едно до друго' ~ *Мăри́и и Та́шка се́ că за́дно, кут сăбăта и нидéл'а* [ПК,2(171)]; и: **зајно** ~ *от тамо тăрчат на Тупчиво да питат, оти нија că Димо Кехај зајно стоихме на Румлукот* [МС(В), 80]; ~ *и и́дну дéн дóшăл влăди́кăта, că-субра́ло сéлуто и сăти за́јно су Асăн ти́шле у цăркфа и и нăпрăви́ле сăти ăдéти кăко шу-е рéт и чóику уд Асăн гу прикрăсти́ле у Јóвăн* [ДК,153] и **за́дно** ~ *ви́ке: "Ај дóјме за́дно на-цáро пáрте ки-му-ј ди́гнаме* [ПД,170].

за-дóл adv 'надолу' ~ *тóс că пукáш'та на врăх ц'ами́јата ... că фăрл'а ут ц'ами́јата за-дóл* [MS,t, 56].

задре* pf 'фати, допре' ~ *јако су јоко, тето, погледнам [очите да ми, тето, услепат [јако су рăци, тето, ја задрам [раците да ми се, тето јисушат* [БМ,113];

задреме* pf 'заспие, поспие (малку време)' ~ *цела ноќ сидехте вија черни јочи [цела ноќ сидехте, сега задремахте [дали не видохте по друм што замина [по друм заминаја три синџири робја* [БК,112]; ~ *хи рéче: "Л'у́бе, мáлка мóме, мóе веселíу, на ску́та ти мáлку штá зáдремам, та да гледаш прос злáтна пенж'у́ра"* [V,PM,259]; ~ *дéвере сă ле облáгахă [кóј штă слу́жи ле си́лна свáдба [штă јă слу́жи ле нев'áстатă [служештéм јă ле задрéмалă* [ВД(1),84]; и: **задрјами*** ~ *та караха, искараха [та седнаха да починат [и легнаха да задрјамат* [БД,31]; ~ *л'агајте зулум, л'агајте [свекрва ви је легнала [легнала и задрјамала* [БД,122].

задрăжăн adj 'заможен, богат' ~ *кăго-научи́ха хармíјто, шо-ј-иднá мăра задрăжăн, фати́ха кáта вéчер да-му-ји́дат и да му-пл'áнат дукáнăт* [ВЛ,338].

задружи (си) pf 'воспостави блиски односи со некого' ~ *един човек му и псул мајката, и тој един јумрук гу удри и му извади душата. И о-таму отиде, сос стар хајдута, стар Хајдара, си задружи* [V,PM, 76].

задудее* pf 'здосади' ~ *лéже Богдáн три годи́ни [три годи́ни на постéли ... [на нéго му се задудеáло [от лежéне от гниéне* [ШК,1,107].

заду́ме* pf 'замисли' ~ *шó-că зăдуми́л си тóлко, гими́јте нé-т прăпăднáа* [ПК,2(157)].

за́душа f 'колачиња, варена пченица и др. ситни работи што ги раздаваат блиските роднини за умрените, тоа е *задуша*' ~ *тóо пă јáдăнто шó-ј: чини́цта, лéпче, гурби́ј, că ви́ке за́душа* [ПК,2(165)].

за́душ' m (f) 'леб што се раздава за умрените' [MS,t,130]; ~ *вели на жената му: "ади, жену сега тури аф един казан да вариш, пӑрво да чиними за мени задуш". И тјанака тури чиница да вари заду́ш* [V,PM, 82]; в. **задуша**.

задӑржи (се)* pf 1. 'се запре, остане некаде' ~ *мари Стојке ти јетрво [кога идиш у мајка си [да са млого не забавиш [да са неја ни задржим [за твоето малко дјате* [БД,92]; 2. 'опстане' ~ *два града градили [ден'а ги градили [ношча се уорили... ["Масторе милинки [хат те да вградиме [до малко девојче [дано се град задржи"* [БД,70].

заедно́ч adv 1.'веднаш' ~ *л'у гу виде џарјут гӑлӑбот, познал, ча има писмо, заедноч простриа рӑката, гу фати гӑлӑбот* [V,PM.63]; ~ *и о́н са исма́ми заедо́ч и му рече́ на џа́рјут: "џа́рју, ја́зе сношти бе́х на едно́ ме́сто; виде́х една́ диво́-јка"* [V,PM,9]; ~ *заедно́ч са позна́ха, са пригӑрна́ха, са баџа́ха, са чини́ голе́м ра́дос ме́ѓу них* [V,PM,110]; и: **заедно́ш** ~ *стом ви́де хизмиќа́рот тако́ф мја́сто скри́шно, заедно́ш изл'а́и от ко́н'ут* [V,PM,27]; 2. 'одеднаш (со еден потез)' ~ *му ве́ли: "бра́тќа мои́, ја́зе са́м ги отепа́х осомт'ами́на заедно́ч"* [V,PM,22]; ~ *ка́к да си пока́жи заедно́ч бога́т, чини таква́ една́ дипло́ма́тика: каза́, ча и́ма бра́т на Ста́мбол* [V,PM.21]; и: **за-ино́ш' (идно́ш')** ~ *сӑ м'е́тнува за ино́ш' на илме́ѓу* [MS,t,54]; ~ *"нӑ́ј ... пи́јӑми идна́ нид'ӑ́л'а, то́ј как ја спи́ за идно́ш'!"* [MS,t,74]; односно **зајднӑш** ~ *така си а ујдисама работта за кинисувајтто ут тува, шо еминки втасиме на Одеса (зајднӑш ут карапампур да флезиме право)* [ME(P),68].

заж'адне* pf 'почувствува потреба од пиење течност' ~ *и де́тето заж'адн'а́ло за во́да и му отгово́рилу тога́: "Да́л ти Бо́г по́-добро́!" Та го запи́тало, каде́ са нахо́жда во́да да пи́јат* [V,PM,257].

зажари* pf 'кога жарта ќе запали нешто, односно ќе направи да гори'; овде fig.: ~ *кога ќе идеш на моминӑ двори [ниско да гледаш, бисер да нижеш [– ој даде, даде син, зелин, даде [дали та жар, жар пужарило ? [ни ма ја жар, жар зажарило* [БД,49].

зажена pf 'почна да жние' ~ *сӑбрал ми е Мехмед [премного хӑргате [најнапред засежа* (зажена?) *[Никола постани [до него зажена [Елена главена* [БД,32]; ~ *зажена Смилјан, зажена [до него бела Божана [послед Дафина врзува* [БД,34].

за́зӑби́ца f 'болест во устата на коњ, коњот опфатен со оваа болест не може да се храни' [ВД,70].

зазида pf 1.'стави нешто внатре во ѕидот' ~ *да си зако́л'ја мӑшкуту де́те [те́мил' да фа́та зи́т да зази́да* [ME(P),95]: 2. 'ѕосида празен простор, пр. некаков отвор на самиот ѕид' ~ *за́ѕид-јаа та́а ду́пкӑта* [ПК(Ал)].

зазори pf 'наутро кога денот ќе ја замени ноќта' ~ *зората се силно зазори [слӑнцето трепти, изгрева [над Солун града голема* [БК,134]; ~ *зората веќе зазори [три пати петли пејаа [девет машини врвеја* [БВ,61]; ~ *зора зазорила војска споврела [пушките им светат како јасно сонце* [БВ,168].

заигли pf 'боцне со игла, или со нешто остро' ~ *оседлај ми брза кон'а [оседлај го син'о седло [син'о седло, син'о небе [заигли го сӑс две игли [сӑс две игли л'ути змии* [БД,132].

заигра* pf **1.** 'почна да игра' ~ *таму има лични моми [лични моми самовили [да засвириш да запеиш [да заиграт лични моми* [БВ,34]; ~ *ја засвири Митре дуноземче [да заиграт моми самовили [ки запејам Стојно самовило* [БВ,255]; ~ *српот си јоставам, тебе да те слушам [тебе да те слушам, мори, која песна пејеш [које оро играш и јас да заиграм* [БМ,151]; **2.** 'почна да се движи брзо и лесно ~ *зăткáлă нивéстăтă, кá ă-нăучúл дéуту и сă-чýде, кóлку лéсну и спóрну сăткáе плáтнуту! Зăигрáлă сувáл'кăтă у рăцто нă-млáдăтă жéнă* [ДВ,19]; ~ *тамо си го најдов мојто прво либе [којнот го пасеше на белите чешми [којнот му заигра по бели друмови* [БВ,197].

заим (и: **зајм**) m **1.**'земање пари, или нешто друго, со услов да се врати по одредено време (понекогаш и со камата) – заем' ~ *и áку дáвати на зáим, ут тúи шо умдúсати па да и зéмити, шо дáр ки бúди на вáс?* [MV,K,273]; ~ *отиде, от един увреин на заим пари земал, от един до петстотини гроша, за една година ваде, да му плати парите с фајдáта* [V,PM.192]; ~ *пак пусна мајка му и га вели така; "иди, мале, пак на цар'ут да му кажиш, да ти даде ухтар'ут, да мерими един ухтар алтăни, да дадеми на един човек на заим!"* [V,PM,48]; **2.** fig. 'враќање во вид на освета' ~ *бијала вијеш, римејна стегаш [римејне стегаш пинците јаки [сабја си точиш, пушка си мажиш [дали на некој зајам ки врниш?* [БВ,169]; **3.** изр.: **куту нă зáјм дă-зúмиш** ~ *нéкуј шо-пăлне нóго чáште... му вúкме: ти пă кá-ј пăлниш куту нă-зáјм дă-зúмиш* [ПК,2(171)].

зајаде pf **1.** 'почне да јаде'; **2.** fig. 'почне да боли' ~ *пила Неда ноќна вода [од нидела испијала [испијала л'ута змија [га зајаде на срцето [душман мајка не верува* [БК,42].

зáјде pf 'приквечер сонцето ќе се сокрие на запад (на хоризонтот)' [ПД(Ф)]; ~ *да чујте барем гледна песна и од мене [слăнце јасно, слăнце зајди, помрачи се [и ти месечинко бегај, удави се* [БК,109]; ~ *Јове милна снао сăнце ми те зајде [сăнце ми те зајде зелени ливади [зелени ливади студени кладенци* [БВ,24]; ~ *зајде слăнце, помрачи се [млади Гино пăт ки оде [пăт ки оде шеј ки носе [шеј ки носе на кумите* [БК,113].

зајдем m 'заоѓање' (на сонцето) ~ *на Бога сă нажалило [та си ми пусна Гирана [цел ден ми жетва женеше [јот угрăм слăнце до зајдем* [БД, 34].

зајди слăнца n **1.**'западна страна на светот' ~ *на угри-слăнца и на зајди-слăнца ут негу има цел рет ридишта и долишта* [ME(P),70]; ~ *токмо на читăрдесит километра на зајдислăнца ут Солун са наогја истум до друмут* [ME(P),68]; **2.** 'време кога заоѓа сонцето (приквечер)' ~ *си купила за пара јотрова [си месила бела погача [си најала двете луди млади [момчето умре на зајди сонцето [мома јумре на изгреј сонцето* [БВ,42].

зáјдива (слăнци) impf 'заоѓа' (сонцето) [MS,s,130]; и: **зáјдова** [ВД(1),74].

зáјдивáни слăнци n 'заоѓање на сонцето' [MS,s,130]; в. **зајди слăнца**.

зáји pf 'отиде, наврати' (сп.: **за-иде**) ~ *си р'éч'и сăс умó: "другăнд'ą зáји тóс ќéратá"* [MS,t,10].

зáјинц m, zool. Lepus **1.**'животинче од редот на гризачите, со долги уши, го има и питомо и диво' ~ *пáдна*

ут дало́т у инӑја трӑни; им'ӑш'и иди́н за́јинц [MS,t,75]; ~ *дека са тиа моите другари, што утепаха заинциту... не стига што ми земаха заинциту, љу и ми вӑрзаха за тополата* [V,PM,105]; и: **зајак** ~ *и да отвориш устата от врекиту; ке да дојди един зајак да флези нетри аф врекиту, тинака зајакут да гу фатиш* [V,PM,83]; односно **за́јц** ~ *а́сӑл ти трӑбу́увше дӑ до́јдиш; а́сӑл ти гу утипа́ нӑ за́јцут* [CK,318]; ~ *един цар отишал да лове зајци; испаднал един зајц, пуштил ӑртто (тазијте) да гу тӑрчкат* [V,PM, 292]; **2.** фигуративно се употребува и за плашлив човек [ПГ(Ф)]; ~ *ја́-тј-о́о и́де куту ро́син за́јц*; **3.** изр.: **нӑ-за́јцо ви́ке бе́ги, нӑ-тӑзи́та (ви́ке) дрӑш** ~ *то́-ј зӑ-не́куј лицуме́рин чуве́к шо́ са́ке и ус-то́о де́-ја́рин и ус-дру́ѓо* [ПК,2(184)]; ~ **за́јцте ќи-сӑ-шту́ут уф-ња́а** (се кажува за голема куќа без народ, без деца) [ПК,2(164)]; **зајчо́ф со́н** 'неспокојно спиење, што трае кратко време' [ПК,2(46)].

за́јче n, dem. ~ *за́јче а́ко ти ми́не пӑт'а, не́ је на добро́* - верување [ВД,85].

зајѝф adj, indecl. 'слаб, неквалитетен' ~ *на́ш'та ни́ви сӑ зајѝф* (= нашите ниви слабо раѓаат) [MS,s,130].

за́јно adv 'во друштво, наедно' ~ *муве́ле: "Ја́с ќи-дрӑсӑм, ти́ ќи-бе́риш. Ко́а ќи-сӑ-сфа́л'ӑм и ја́с, туга́ј ќи-ја́јме за́јно"* [ДК,136].

зајумен* adj 'замислен' ~ *што си зајумено ем си зачудено [дали пат не знајш, дали кон'а немаш [до два пата знајам, до два кон'а имам* [БВ,294].

закалва pf 'отсече со удар од секира' ~ *Димитри не си пуслуше [та си закӑлва дрӑуону [ешчи ни си гу закалвал и си ми скалвах рӑкана* [БД,67].

закане (са)* pf 'се лути, најавува освета' ~ *желва му са заканила [дамбур, думбур, ду] – Ја ста ида у дома си [тири, ни, ни* [БД,66]; ~ *ој ти Турче, Турче, гиди клето Турче [макар и да пукнеш, вода ти ни давам! [онӑва Турче џанам луто се закани [– ага дојде лето, лето и пролето [ке те фана џанам долу вӑв пулето* [БД,14)].

зака́ра (и: **зака́ре**) pf **1.** 'занесе некого со превозно средство' ~ *оти́де покра́ј море́ту, најде́ еди́н гимицаа, гу пазари за да гу зака́ра на една́ касаба́ кату на Шам* [V,PM,8]; **2.** 'однесе нешто (предмет)' ~ *"и́ч' ни ја́ди, гла́дин за си л'е́гни, то́с в'е́ч'ер, да му зака́рам го́р'ѧ ино́ бл'у́ду ма́н'ѧ'а"* [MS,t,37]; ~ *извади́ от па́зфата му еди́н гро́ш, му даде́ на риба́ринат, га зе́ма ри́бата, кини́са да га зака́ра на дома́ му* [V,PM,17]; ~ *му би́ха дукара́ли на ца́р'у ин'е́ иримби́ци и му ги стиганисаха и то́с ги з'е́ и то́с ги з'е́ да ги зака́ра на ца́р'у* [MS,t,18]; **3.** 'донесе нешто' ~ *и т'а́, нама́за ч'етирт'ӑх ку́ш'а́нта на ку́при́јата ут но́с ка́л, ш'ту зака́ра т'а́* [MS,t,24]; ~ *та им ве́ли: "о́ј хама́ли, ја́зе ви да́вам три́јси гро́ша да гу изди́гнити на едно́ тезгере́ жрја́пчето, аф мо́јта кӑшта да гу зака́рати!"* [V,PM,120]; **4.** 'дотера (животно)' ~ *сл'а́зи ут ко́н'у и му гу да́ди на т'ӑх да гу зака́рат у аху́р'у* [MS,t,59]; ~ *з'е́ пуна́ стути́на ко́зи и ерќе́ч'а и и́ш'тиш'и да му ги зака́рат на с'е́лутому́* [MS,t,17]; ~ *магар'ѧту да гу зака́раш' на паза́р'у да гу прудад'е́ми* [MS,t,55]; **5.** 'поведе, допрати (човек)' ~ *гу на́јде дја́тету и му ве́ли: "ско́ру да си до́јдиш, на́ до́ма да ти зака́рам, ча жена́та ти е бо́лна!"* [V,PM,110]; ~ *н'ӑ ди́гнаха иди́н такӑм д'ӑца ут там, н'ӑ зака́-*

раха у Бад'ёмч'ифлик [MS,t,2]; ~ *н'ă з'ёха утук кутý исúри, н'ă закáраха дур у Сулýн на тýмбата* [MS,t,2]; ~ *ми закара аф магазúата, дёка úмат имáниту; сáкаши да ми дадé злáту и срéбро, за да му башладúсам живóт* [V,PM.22].

закаре (се)* pf 'почна да се кара' ~ *и кога дошло вејке времја да се женет, закарали се, кој да земе по една од сестрите* [V,PM.266].

закáрува impf 'однесува' ~ *и пáжда, дур на ýтринáта си умúра и гу закáруват на грубó, гу зарúват* [MS,t,61]; ~ *с'ётн'ạ ја пулáват ш'úч'ката тапс'á сăс мáслу, ја закáрувáми* (баклавата) *на ѓиш'тá* [MS,t,8]. Овој глагол во одделни говори (југоисточни) се употребува со изнијансирано значење: 'поведува' (дете, магаре и сл., т.е. она што може да се движи) – [ИГ,125]); сп. **закаре**.

закасне* pf 'дојде подоцна' ~ *е бре бимбаши чета минава [сал закаснеја трима четника... [кога дојдеја пусија удрија [пушки пукнаја ем си згрмија* [БК,118].

закáцин adj 'обесен, прикачен за нешто од каде што виси, закачен' ~ *турбáта ут л'áбут ... ја им'ăши закáцину на иднó др'ăву* [MS,t,77]; ~ *сандáлу стáнува ут п'ёт', ут ш'ёс прăнч'ки, усăхнува сандáлу закáцини пу ш'áјкит'ạ, пу стр'ạхáта* [MS,t,5]; ~ *јај имáш'и манц'ата клáдину да сă варú бакăру на т'ạп'ăту на тупóлата закáцин* [MS, t,55]; и: **закач'ин*** ~ *тáтку-ји вилú: "ја н'ёка ги в'ёни нузú крúвуту мул'ạ и инá скурѓáсана калăч'ка, ш'ту úма дóл на фтисó закáч'ина"* [MS,t,34]; односно **закачен** ~ *на кон'а имаше торба закачена [фăв торбăта има крвава кошул'а [фăф кошул'а има рăка завијена* [БД,162].

закачи pf 1. 'зафати нешто со кука, трн и сл.' ~ *и тóјнака га зáкачи жáбата за устáта, да не мóжи да вúка, да не чýет дрýгите* [V,PM, 29]; ~ *зạкáчạ кạтó кăмпúнạ* [ПС(З), 66]; ~ *и кату са учиха osat конјут олските мрăша, ламјата фати да јаде и си закачи за деветја ú глави сос деветја чингели* [V,PM, 78]; 2. 'зграпчи' ~ *и заеднóч Кулýф гу познá и гу закачи за шиáта и му велú: "гиди харамџие!"* [V,PM,8]; ~ *влезе нетри, га најде, спијши, и заедноч га закачи за косата. И тјанака си разбудила: џаскаши млогу за да си откини* [V,PM,52]; и: **закаци***; 3. 'прикрепи нешто да виси' ~ *кạ ќи флéзе дóма, уф нéгувот двор úма óдрина (асма), ќá сублéче кушýл'та, ќá зăкáче там нạ óдринта, нă дирéкут* [ИГ,114]; ~ *свалила си гердано от грлото и го закачила, та че си легнала* [V,PM,281]; ~ *рăзбóјут: бăрдо úма, нăбăрдúла, крóсно... скрипчúјна на кóшничките, шо сă зăкáчăвăт нạ нúшăлките* [ИГ,121]; ~ *нас гудúна с'ăх мрăва т'ут'ун', гу субирáх, гу исуш'úх, гу закáц'ạх на бинáта* [MS,t,3]; 4. 'се спои едно со друго (во полов акт)' ~ *кога дојде редот да си легнат зетјут сос невјастата, тогас тојнака рече "тутуш", и си закачи зетјут дјавол за нивјастата като куче и кучка, и васа ношт си мачиха да си раскачат, не можаха* [V,PM,98]; 5. 'нападне' ~ *м'ạ закáци кýч'ạту, ми ја з'ё хáркумáта* [MS,t,51] (= ме зафати кучето, ме касна) [MS,s,130]; 6. изр.: **кúтка му зăкăчú** (= го посрамоти) ~ *мóмта нă Мúто áрна кúтка му зăкăчú* (= го посрамоти) [ПК,2(152)]; **ус-тăрăн дă-мáјш нéма шó дă-зăкáчиш** (= се кажува за куќа во која нема намештај, во која живеат

бедни луѓе) [ПК,2 (206)]; **сӑ-зӑка̣чи́** (= влезе во непријателски однос) *~ ус ни́хка да не́ сӑ-зӑка́чиш зе́р ка́-ќ ти сӑ нӑа́кат кут-о́рли нӑ-мӑрша* [ПК,2(171)]; **мӑ-зӑкачи́** (= ме предизвика, ми даде повод) *~ са́мо дӑ мӑ-зӑка́че, ко-о нӑпра́вум са́м дӑ сӑ-аре́се* [ПК,2(197)].

зака́ча impf 'напаѓа' *~ а́ко и́ма фафогӑн'а́ ко́нска пе́тала, вӑл'кӑ ни зака́ча харгиле́то* [ВД,85] (верување: за да не го напаѓа волкот добитокот во огинот треба да се стави коњска плоча).

за̣ка́чфа* impf 1.'става нешто на високо, но не да лежи туку да виси, т.е. го обесува на шајка или нешто слично' *~ и он ста́нва пуле́ка-пуле́ка ӑ-зе́ва кут-шу бе́ше пувие́на, на́дру ӑ-зӑка́чфа нӑ-ко́јл'ӑта* [ДК,150]; и: **закачу́(в)а*** *~ канди́л'ут, ка ки гу запа́л'ат, не́ гу кла́ват пут свити́луту, туку́ гу закачу́ат на́вра̣с сфети́луту, и сфе́ти на сӑти шо са уф ку́ката* [MV,K,299]; *~ ти́ди да бе́ре от-тӑрн сӑме да сӑја̣ да-зди́ќнат да-се-нара́стат да-ќе-вӑрват ка̣ра̣ји́ји со-баба́ки да́ ќе-се-зака́чуват баба́ките по тӑрн'ите да-ќе-гу-бе́ре та́тко-ми* [ВС,294]. 2. 'задева' *~ ним о-зӑка́чуви де́тто* (= немој да го нервираш (задеваш) детето) [ПК (Мут)].

зака́ш'та* impf 'поставува да виси, закачува' *~ и как за усӑхни с'е́тн'а̣ гу зва́ж'дами ут стр'а̣ха́та, гу зака́-ш'тами на бина́та* [MS,t,5]; *~ и ут'е́гнуват о́снува ко́лку мигда́н' и́ма м'ӑстуту и там ја кла́ват ко́тката, ја зака́ш'тат о́снувата* [MS,t,7]; сп. и: *~ зака́ш'там кумб'а́та* (= ги запетлувам копчињата) [MS,s,130].

закл'учува* impf (в. **закл'у́ч'и**) *~ куга л'уде вичерјат [вичерјат и си л'агӑт [и портине закл'учувӑт [паратире запјануват [пролјазену заградјавӑт* [БД,56].

закл'у́ч'и* pf 1.'затвори просторија (пр. соба, куќа, сандак) со клуч' *~ о́ни ќи-ј на̣ди́пл'аа ру́ӑбте, ќи-ј на̣пӑлнаа куфче́јзте и ќи-ј зӑкл'у́чӑт* [ИГ,117]; *~ и така́ излезоха от магази́ата и двата, закл'учи́ха ха́рно, и оти́доха го́ри на удајата* [V,PM,19]; *~ и му ве́леа: Афе́ндо, си а смили́хми* (смислихми ?) *о́ти та́а лӑја шо ре́ка̣л, жи́в биде́ки: по три́ дни на́пкун ки заста́ни. Ти си мо́лими: по́вили да си закл'у́чи гро́бут, дур на три́ти дни́... уде́јтисте, заклучеје́те, как зна́ити*[MV,K,289]; 2. 'прави нешто да биде недостапно, сокрие' *~ рет је дошло Мара да мјаси [квасă хи са закл'учили] та и квасă, та и сол'тă [ут сутре је л'ап мјасила [та и бис квас, та и бис сол'* [БД,95]; *~ му вели: "40 кила житу, ичмен, чиница, рӑж, мисир ки ги турими на един куп, ки ги разбӑрками аф еднс удаја нетри и ки ги закл'учам"* [V,PM,97]; *~ ја затфо́ри фо́тографи́јата у иди́н дула́п ... ја закл'у́ч'и и уста́ви васаје́т на жина́та му* [MS,t,9].

закл'у́ч'ин adj 'она што е недостапно, што е "под клуч" ' *~ ути́ди у на́с удаја́, ш'ту би́ш'и дула́п'у закл'у́ч'ин* [MS,t,9]; *~ му вели: "хубава̑е, ама никој човек не можи да флези аф неговата кӑшта, ча неговата кӑшта има девет порти железјани и заклучени"* [V,PM,67]; и: **заклоче́н** *~ по́вели ва́ дјаво́лцка рӑѓа да испа́дни ут чове́кут; зашто́ и́ма но́гу гуди́ни шо гу грабна́ на не́гу, и бе́ши варза́н су зинѓи́ри, и су бука́и уф но́зите заклоче́н* [MV,K,275].

закове* pf 'набие со удар клинец, шајка во дрво, штица и др.' *~ флезел дефот да го измере, и го затворил*

Јане капакот и го заковал [ШВ,5, 412].

закóле* (и: **закóли**) pf **1.** 'убие со нож, со сечење на главата (било на човек, било на животно)' ~ *"за м'ạ éзмиш' за ж'éна? и áку н'ă, за р'éка на забúтинут да т'ạ закóли!"* [MS,t,83]; ~ *вилú на д'ăт'ạнту: "скóру стáн' хазăр' да б'ăгами ... ч'ạ тáтку-ми и-двáта за нá закóли"* [MS,t,84]; ~ *дúлму тáка стáна, ýтр'ạ да пóј з'éнт'у ут кóзит'ạ да в'éни идúн ерќéч' да закóлими* [MS,t,17]; ~ *р'éч'и: "е липóн, já-că ... тóјут з'éнт', тáс-и тóјта мóма, ш'у úш'т'ạш'и да ја закóлиш' "* [MS,t,87]; и: **закóл'ја** ~ *на сóн му дóшлу Пиливáн Јáну [да си закóл'ја мăшкуту дéте* [ME(P),95]. Во контекстот што следува имаме интересен случај на употреба на императивна форма во која кратката заменска форма доаѓа во препозиција во однос на глаголот, што е необична за другите дијалекти: ~ *и му кăжýве нạ тáтку му: "Јас ќи гу дăржум, ти ел' гу зáкули"* [ИГ,115], **2.**. 'пресече нешто со нож' (од материјалите ова е единствен пример во кој "**се заколува**" нешто што не е живо) ~ *кога дошел денут да заколе момата каминут, царут сос сичките големци излезел... на едно утфорено место и тамка пред сичките момата требувако да го заколе* (каминут) [ШГ(5), 423].

заклан* adj **1.** 'човек или животно со пресечено грло' ~ *кога ќе иде Радина мајка [ко ќе покрене бело јорганче [кога ќе виде Рада заклана [Рада заклана глава земена* [БВ,40]; ~ *ка јотиде на војска [што јостави не најде [најде дрво сичено [најде јовен заклано [најде ружа скинато* [БМ,32]; **2.** изр.: **спúе кут зăкол'ăн** (спие многу цврсто) ~ *тóо Дúне спúе кут-зăкóл'ăн* [ПК,2(170)]; **că-вăрте кут-зăкóл'ăн** (= се препелка) ~ *цéла вéчăр că-вăртéх кут-зăкóл'на кукóшка. Ич нă-мужéх да зáспум* [ПК,2(196)].

закóл'ува (и: **зăкол'ăве**) impf (в. **заколе**) ~ *пáдна гăската ... фáш'та, ја закóл'ува и ја варú* [MS,t,77]; ~ *на зáстрăта ќи дóе пóпут дạ дúге пăнăгúа; кóј сáкше, зạкóл'ăвше курбáн, кóј сáкше вăрéно* [ИГ,118]; ~ *сакам от тебика сос един сахан манџа мојот аскер да го најадиш, аку не, сетни ти га земувам жената и тебика ти закол'увам* [V,PM,79]; сп. ~ *că-закол'увам* (= се самоубивам) [MS,s,131];

закóл'увáни n 'убивање со сечење на главата' ~ *мáри, ш'ó-ми кáзува мáјка-ти, ш'ó că т'éс рáбута ут т'éб'ạ?! тú си за закóл'увáни!* [MS,t, 84].

закон m **1.** 'збир од правила за однесување во општествениот живот' ~ *нúли идéн дéн уф валтáрут ки литургúсаши катý тáкшут шо имáле кри Бóга, катý как му бéши закóн на ефимéриу* [MV,K,294]; ~ *дојдé врéме, родúла еднó мóмче и спрăт турскиј зáкон му турили името Кýлуф* [V,PM,7]; **2.** 'наредба' ~ *кату чу така царјув син, турил закон, момите да идат на војска, да са бијат сос јунаците* [V,PM,70]; ~ *"Јазе ки извáдам жéнски дрéхи да си примéниш и такá да ти зéмам нéтрика, ча нúа úмами зáкон: мăж човек не клáвами нéтри аф товá конáк!"* [V,PM,9].

закóпа* pf **1.**'стави в гроб, го погреба умрениот' ~ *му ричé Исус на нéгу: Остави а на нéа; óти вóа гу чинú за дéнут ми ка ки ми закóпат* [MV,K,288]; ~ *ако не му фăрлăт на Турчинот, коа ки гу закопăт ув гробут су пиштол, он ки стана ут*

гробут [МЕ(Р),77]; ~ *умр'á брáтовата му жéна и га закопá сос млóгу слáва и елванлúк* [V,PM,16]; ~ *кáк а чýле нéгувúти ученúци дујдéле, и му кринáле снáгатá му, и гу закупáле* [MV,K,330]; **2.** 'стави нешто в дупка и покрие со земја' ~ *мéчкта му-рéкла дéка закупáла пáри на-филáн мéсту, и дéтту чујáлу* [BM,318]; ~ *как ке идиш, три прачка ке да најдиш: една зелена, една жăлта и трета царвена. Жăлтата и цјарвената отвунка царјувите конаци да ги закопаш* [V,PM,275]; ~ *збогум, пруштевај млада нивјасту... [јаска утивам на далечин пăт [там шă сă вкопја вăв букова шума [там закупал сја сăс букува шума* [БД,177]; **3.** 'почне да копа' ~ *и тојнака закопа малко и флезе таму аф онаја удаја, дека и била царјувата керка; са искрил нетри аф долапју* [V,PM,102]; **4.** fig. 'кога некој ќе се најде во крајно непријатна ситуација, кога ќе остане без почит од средината' ~ *áсли дéцта, нájнóго тóо малéчкуто, озакупáа нéгу, ут тóо, уд намуве и си умрé* [ПК(Мор)].

закопава impf 'погребува' ~ *с'á шó ше напрај? И отјува нóа чув'áк, отјува, напăд'н'а черéците, зима ги ăв адăн чувал, и го зима попа, и го закопава* [ВД,335].

закопан* adj 'нешто ставено во дупка и покриено (со земја)' ~ *си-кáзăлу: "Да-знáја тузú чул'áк тáм дéту лăжú, чи-úма зăкупáну гăрн'а сăс пăрú, та да-гу-искупáја"* [ВД,330]; и: **зăкупáн*** ~ *и óдма нăридýва дăсéди ду-гудúна врéме пут скáлăта зăкупáна ду-пулувúна, дă-му-скáпăт нóгите, зáшто дă-рóди кýче и мáче* [BK,302)]; ~ *утрината га станал от спанету, и видел тамо, дека ја имаши закопана, биши зниклало един висок кипарис* [V,PM,198]. Глаголската конструкција *ја имаши закопана* демонстрира една постара состојба во која гл. придавка (*закопана*) се сложува со предметот на кој се однесува, наспрема денешната обопштена употреба на формата за ср. род.

закóпчиве* (и: **зăкупчýве**) impf **1.** 'си ја запетлува облеката' ~ *сăгúјта бéше бéла и уд нáпред визáна су цăрвéни пóли и сéкăкви лугúи кóпчи, áма тúа нé-ј зăкупчýваа* [УЕ,11]; **2.** fig. *сă-закупчáа* (= влегоа во голем конфликт на кој не му се гледа крајот) [ПК(Гр)].

закрие pf **1.** 'направи нешто да стане незабележливо, сокрие' ~ *не л'аб са јали, не јода пили [трјава са јали, та са жувјали [Еленка мома млада војвода [триста е души јаскер јубила [ем ги јубила и ги закрила* [БД,174]; **2.** – **(се)** 'се сокрие' ~ *ај дружúна, мúли брáте! [кóј е кáдăр ем и врéден [да си хóде в гробúшчата [тáмока он да се закрúе* [ШК,1,118].

закувáва* impf **1** 'забива предмет, обично ако има врв, во дрво или нешто друго, во случајот во земја' ~ *з'éват ц'ăпувéту, з'éват кóтката и курдúсуват крусно́ту, закувáват два кóли* [MS,t,7]; **2.** fig. 'заглибува' ~ *утúди дур на инó м'ăсту, нájди идúн кáл, гу закувáва мýл'ату дур на кур'éму у калó н'éтр'ă* [MS,t,34]; ~ *утúва пáк дýр на калó, гу закувáва мýл'ату дур на кур'éму и гу мáч'ка тáм* [MS,t,36].

закука pf 'кукавица почна да испушта глас – да кука' ~ *што закука сијна кукавица [не ми била сијна кукавица [тук ми била Јанка сиротица* [БВ,236]; ~ *Бог да бије сина кукавица [што закука три дни пред Благовец [ќе помине, ето, Гоце Делчев* [БВ,92]; – *па му веле*

на Митрета [е бре Митре коџабаши [не ќе дојде рана пролет [да закука кукавица [да зашуме густа гора [БК,65].

заку́си pf 'појаде, касне наутро' ~ *не́ је добр'а́ да чу́јш ку́куто на гла́дно сӑрце, за това́, като ста́ни чил'а́к от сӑн'ӑ, да заку́си* (верување дека не е добро ако наутро гладен ја слушнете кукавицата) [ВД,85].

заку́ска̧ f 'јадење наутро, појадок' [ВД(1),68].

закӑлни* pf 'во името на Господ дава чесен збор за нешто, се колни' ~ *им рече на падариту: "закӑлнети са за вашата господарка, аку ништу не ке да му чини на наш'ут господар, така ки ви оставам!"* [V,PM,45]; ~ *и ца́рот си прижал'а́, о́ти зака̧лна́ сприту го́стити, неќа́л да си нал'у́ти, и а пушти́л џил'а́тин ца́рот, пувел'а́ да гу дуне́сат гла́вата* [MV,K,330]; ~ *и ричѐ Исус: Ко́ј ми фати́? Да сӑти си зака̧лну́аа, ре́ка̧л Пе́тро и дру́зи шо би́ле су не́гу* [MV,K,276].

закӑлнат adj 'во името на Бога дал чесен збор за нешто, се заколнал' ~ *хизмиќарот писа писмо на нивјастата, на царјувата керка та ја вели: "нивјасто, царјува керко, тинака си моја л'уба! Туку да знаеш сам закӑлнат, аку умра и пак да ужувеам"* [V,PM,98]; ~ *гу има скриин един млат, ама дурде не си закӑлнети за мајчино ви златин зӑб нема кабил да гу извадја* [V,PM,51].

закӑрви* pf 'предизвика борба, крвава' ~ *збогум, збогум хеј другари [нема веч да видме [јас ќе умрам за народот [и за братска слобода [ке закрвам својта рода* [БД,177].

закӑрпи* pf 'стави крпа на нешто скинато (кондури, облека)' ~ *бога́тиот му ве́ли: "а бре́ кӑрпа́чин, е́ла да и́дими аф мо́јта кӑшта: и́мам а́дни ве́тки папу́ци, да ти ги да́м да ги закӑрпиш!"* [V,PM,17].

закӑрпин adj 1.'нешто што има крпа на местото што било скинато'; 2. fig.'неснаодлив, со ограничени интелектуални можности' ~ *зима́ ади́н за̧кӑрпин мӑш, са́мо о-лӑже* [ПК (Гр)].

залази* pf 'почне да лази (да се влече)' ~ *си рекал: "И сеа да имум мравината сила!" Са чинил мрава, залазал, флегӑл уф удајата* [V,PM, 295].

залаче n, dem. (од **залӑк**) 'парче леб што може да се стави в уста' ~ *ко́ј те тебе караше [на слатката вечера [на белата погача [на првното залаче* [БВ,305].

зале́ди pf 1. 'кога водата поради ниски температури замрзнува' ~ *ми-с зӑлиди́и рӑцто* (= ми премрзнаа рацете); 2. изр.: **ка́пни** – **за́леди** (така се вика времето кога е многу студено, и капката што ќе капне веднаш замрзнува) [ПК,2(207)].

зале́пе [и: **зал'а́пи**] pf 1. 'прикрепи, прицврсти некои работи едно кон друго' (со помош на материја што лепи) ~ *тојнака, нетрика аф удајата кату беши, зема ухтар'ут, залепи на дноту му удол единуф алтӑн* [V,PM, 48]; ~ *човѐк што му ве́л'ат Христо́с прави́ ка́л, и му са̧ залепи́ уф о́чите, да му ре́ка̧л: о́ди си* [MV,K, 259]; ~ *и ка́к ке да ми дрӑпет да ми ха́пјат, на́ си́чките куби́ли на у́стите му ка да си залипја́т ко́жите сос смо́лата* [V,PM,124]. Се лепат стварите и кога замрзнуваат (мразот ги спојува) ~ *погоди се дрчува година [ден'е врне ноќум заледува [залепили им се пушки за кебијна [ја кебијна за срма јелеци [ја јелеци за свилени кошули [ја кошули за јуначка снага* [БК,86]; во примерот: *му залепи кал уф*

очите евидентно е дека во овие говори предлозите *во* и *на* се мешаат (за ова в. поопширно во граматчкиот дел); ~ *и тја́нака ги за́лепи трите алта́ни на ки́лото* [V,PM,141]; **2.** – **(сӑ)** 'се прикрепи поединец кон група' ~ *ути́дух на Дими́р-Иса́р и та́м б'ӑш'и е́драта на ш'и́ндагма́та ... и та́м сӑ катата́ксах ('зал'ąпи́х') на де́катоно́гдон ш'и́ндагма* [MS,t,1]; **3.** 'се приближи, застана сосема близу' ~ *пампо́р'ут сӑ зал'ąпи́ на крајо́т на ниш'и́ту* (= коработ се приближи до брегот на островот); кај Малецки: *сӑ зал'ӑп'ам* (= се сокривам) ~ *сӑ зал'ąпи́х за даски́т'ą* [MS,s,131]; објаснување за овој превид гледаме во аргументот дека: кога *'ќе се залепи'* (= приближи) човек до некој поголем предмет тешко се забележува, личи како да е сокриен; (проф. Малецки, иако извонреден истражувач, сепак како странец не можел да ги сфати сите финеси на јазикот); **4.**.изр.: **ла́јно ми за̄липи́ нӑ-убразо** (= направи работи поради кои се чувствувам посрамотен); **ми сӑ-за̄липи́ą цре́фта** (= многу сум гладен, немам ништо во стомакот) ~ *ско́ро ва́ди не́што зӑ-ја́дне, зе́р цре́фта ми сӑ-за̄липи́а* [ПК,2(176)].

зале́пин adj **1.** 'прикрепен, прицврстен еден со друг, залепен' (пр. хартија, но исто така **сӑ лепе** и бакарен сад со помош на калај); **2.** 'леб што не киснел добро, не се надул' ~ *не-ј а́рно испе́чин, али́с зале́пин;* **3.** fig. 'многу слаб' ~ *чи́ниш ни апна́л, ни срӑкна́л, зале́пин- еј* [ПК(М)].

залиби* pf 'засака' ~ *една жена са е банела на морето, от која си сонце грееше дур и мене засен'аваше. Јаз си ја, мале залибих, та дојдох и от тебе изим да си терам* [V,PM, 265]; в. **заљубн.**

залива* impf 'става вода на цвеќе (или др. растение)' ~ *јостани мају сӑс здрави! [сӑс здрави керко, сӑс здрави! [јуставјем си ти мају л'у [пӑлни градини бусилјак [да гу пуливаш, заливаш* [БД,56].

залити́ pf 'почне да врне (дожд, снег)' ~ *бу́хото кога́ ношт'а́ бу́ха, сн'а́к ста залити́* (верување = ако бувот почне да вика ќе заврне снег) [ВД(Пл),85]; ~ *та че рукна, рукна и подрукна: [грмни боже прол'атна гӑрма [и залити прол'атна дӑжда* [БД,84]; ~ *сички на цветја шче идат [и Калинине друшчици [и Калина си јотиди [зал'атала л'атна роса [текнала јӑ река Вардаре* [БД,20]; ~ *кога́ и́ма м'а́с'ачината ша́рен о́брӑч, сн'ак ста залити́* (верување = ако околу месечината се стори нешто како обрач ќе заврне снег) [ВД,85].

за́лиф m 'теснина (со вода) навлезена во копното од морето (езерото)' ~ *слу́ши, му-ве́ле, ка́ ки-ти да́де о́н нӑ-те́бе зла́тнио пӑрӑхо́д, па̄мпо́ро... дą-до́јдиш па́ прӑ-ме́не ту́кӑ; не́кој за́лиф има́ло та́мка, уд мо́рто* [ПД,148].

зало́ви* pf **1** .'фати, зароби' ~ *от Арапл'а га заловиха Арнаутите, ги скриха тија кон'а на орманот, един месец ги раниха два, алабилир* [МС(В),85]; ~ *ги испратила нивна мајка [г-испратила турско село... [испаднали анадолци [испаднали ги заловили* [БК,93]: ~ *бе́ге- си де́тто уттам, стра́х мо́-ј да-н-гузаловат, а́ко ви́кне. И мо́мта сипуде́ до́ма, де́тто уф-а́нут* [ВК, 282]; **2.** изр.: **залове за работа** (= почне да работи) ~ *Лудото па от ново се заловил за работа. Направил си един остар кăрлик, па га закачил на мајка му* [ШК,5,419].

заложен* adj 'оставен, даден под залог' ~ *сама е Кана јустанала [сички моми продадени [продадени, заложени [сама е Кана јустанала [зашчо и е пăха скăпа* [БД,154].

за́лугą f 'парче откинат леб што може да се стави в уста'; сп. **залăк** [ВД, 69].

залуде pf 1.'почне да се однесува без самоконтрола' ~ *а он как фати да бега, нија гледа́ки на него, што се залуде..., а зад нас јуруците с пушките, кринати викаха: "давран маин"* [МС(В),73]; ~ *и́ велиши; "мале, не знам кој ми земува хупките от прет меника". И мајка и́ вел'аши...: "мари керку, што залуд'ала си това вечер? Ету уф удајата нетри ниа сми"* [V,PM,34]; 2. 'стане нестрплив' ~ *таја ианабет жена беши залуд'ала, дур да отвори паницата, и как га отвори, побегнал оно шеј от нетри* [V,PM,65]; 3. 'почувствува висока степен на заљубеност' ~ *ти да се набелиш, мори, Недо, ти да се наирвениш [и да и залудиш, мори Недо, сите момчиња* [БМ,156]; ~ *што си залудела скришум да се армасаш [ни уд мајка питана, ни уд брат ти Ване [скришум да се армасаш за тој црни Мици* [БВ,181]; ~ *утрината момата залудјала за Доброту халваиче и му вели на кучициата: "ади, кучициа, направи ... да си разбие кучиата тамука"* [V,PM,56].

залудо adv 'непотребно, без согласност' ~ *зимахме и един каик рибăрски, му најдохме тракта... напкун дојдоха и каикчиите. Сă карахми. Они викат: "Залудо зехте каикот!"* [МС (В),82].

залу́хаф adj 'глупав, што не ги разбира работите, неактивен', во с. Висока: **хајла́с ж'е́ва** [MS,s,131].

за́лăк [и: **за́лук**] m 1.'парче откинат леб што може да се стави в уста' ~ *кучето фанува да ґафке, она му фрл'уве один залăк; и мачето фанало да мефке, и на него му фрлила один залăк от пугачата* [ШК,5,428]; 2. изр.: **за́лăко уд у́стта тј-о:-ва́де** (= сака се́ да земе) ~ *на ро́дăнјо бра́т за́лăко уд-у́стта ту́ткин мо: зе́. Дујде́ се́ му збра́, ни жа́л, ни гре́х не́ма;* **за́лăко уд -у́ста сј-о:-да́ве** (се кажува за човек што е многу дарежлив) [ПК,2(164)]; **ми-ј бро: за́лцте** (= се кажува за скржав човек) ~ *шо́ га́зда-ј то́о, да ти бро: за́лцте шо́ ки-изе́диш* [ПК,2 (175)]; **ми-с нăридиą. за́лцте** (= се задавив) [ПК,2(176)].

залăска pf 'почне да болска' ~ *като́ си пасје́ше бра́вите, и са небје́то заоблачи за да фа́ти дăш, и са залăска там на една́ ба́рчи́на* [V, PM,261].

зал'у́би (си)* pf 1.'се засака (со некого)' ~ *кату си зал'у́биха сос неа, фати т'а́нака да гу пита: "е, бре́ лу́ду мла́до, дали си ви́дел дру́га по-ху́бава от ме́ника?"* [V,PM,9]; ~ *а пă та́а сестра́-му зăл'уби́ла-се сăс не́кој ара́пин* [ПК(2),228]; ~ *има́ш'и иди́н паш'а́ ина́ мо́ма ху́бава; ино́ сирума́ш'ку д'ăт'ą ја и зал'у́б'ął и ути́ди да ја про́си* [MS,t,54]; 2.'земе за маж (или жена)' ~ *он и риче: "дали си вредна да го донесиш на темни дервени, него да загубам, теби да зал'убам?"* [МВ(С),96]; ~ *Ту́рците, кога́ оста́ват же́ните си, им да́ват ни́ка́хот сетни пак да си зал'у́бат* [V,PM,10].

зал'у́бин adj 'тој што чувствува милост, што сака некого (обично од спротивниот пол)' ~ *зал'у́бин за ина́ мо́ма* (= вљубен во некоја девојка)...

зал'ул'а pf 'почне да лула' (народен обичај за новородено дете) ~ *таа вечер дошла бабата заедно сос некои други жени за да го зал'ул'а новороденото дете* [ШГ,5,401]; ~ *мар Гајтано, Гајтано! [шетнала са Гајтана [шетнала са, метнала [та зал'ул'а горта [и горта, трјавта* [БД,184].

замаане (глава)* pf 'мрдне со глава со цел да даде знак – сигнал' ~ *жента, (самовилта) му замаанала глава на детто: "не са сите извадени". Детто рекло: "Не са извадени сите"* [V,PM,268].

замајмуди pf 'направи некој да биде во заблуда' ~ *вечерот, кату и дошел крив самовил у дома му, момата оттук о-там гу замајмуди, ја каза ча сос едно кокалче гу одави попова сина* [V,PM,34].

зама́нут m (многу често со член) 'одамна минато, старо време' [СК, 325]; ~ *ти́ѧ аде́те а́ска ги зна́м о́ш уд-де́до уд ба́ба, о́ш ут зама́но* [ПК,2(203)]; ~ *ти́ѧ рѧбо́ти са́ уд-зама́но* (= многу одамна), *сја́а па́к и-пра́ват, па́ и пуднуви́ѧ* [ПК,2 (204)]; сепак се среќаваат и случаи без член (особено во централниот дел): *имало един заман трима брате* [ШД,5,438]; со исто значење (= многу одамна): *от мно́го зама́н* [BV,173]; поретко и: **за́ма̄н** ~ *ину вре́ме на́ за́ма̄н има́ше ина́ лиси́ца, ину ва̄́лк* [ДК,143]; ~ *на овчар се моли [аман, заман овчар, [подај ми раката од вода д'излезам* [БВ, 16].

зама́нски* adj 'нешто што има старински карактер' ~ *ни́ѧ ќи им да́дме ца́ло (сре́ба̄рна па́ра), алта̄́нче, зама́нска па́ра и цве́ќе* [ИГ,116]; и: **за̄ма́нцки** 'старовремски' [СК,325]; ~ *та́а-ј зама́нцка па́ра;* fig. *то́о-ј за̄ма́нцки чуве́к* (= човек со стари разбирања) [ПК,2(48)] .

зам'а́си (|| **зм'а́си**)* pf 'замеси' (размеша брашно, вода, сол и квасец и направи тесто) ~ *за ина́ тапс'а́ баклава́ ... идна́ ука́ ме́т... с'е́тн'ѧ ина́ ука́ ма́слу, с'е́тн'ѧ за гу зам'а́сат ч'а́стуту ... за гу зм'а́сат ху́бави́ч'ка* [MS,t,8]; и: **замеси** ~ *на Руса гојвори: [Русо мар нивјасто [кој шче се најеми [уода да ми за̄грјаје [лјап да ми замеси* [БД,94]; ~ *запрегни бели ракави [замеси бела пугача [наточи вино, ракија [ште ти дојде бул'укбаша* [БД, 184].

зѧме́не pf 'место едно дојде друго' ~ *и та̄ка́ рѧдо́снјо живо́т нѧ-де́цата пу-сма̄́ртта нѧ-ма́јкѧта гу-за̄мини́л те́шкјо и ма̄́ча̄н живо́т на-сираци* [ВД,276]; ~ *Ива́н и Ти́на устѧна́ле при де́уто. Он сѧ-трудил дѧ-им-ги-зѧме́не руди́та̄л'то, а о́ни рѧсте́ле и сѧ прѧгутвува́ле* [ВД,277].

замес m 'предсвадбен церемонијал, свршувачка' (?) ~ *иде, дојде Марчин свекор [иде, дојде, свадба саке [или свадба или замес* [БК,45].

заметне pf 'префрли, наметне' ~ *оште си Цемо говори [ето го Јордан кат иде [заметнал пушка берданка [припасал колан фишеци [штом го е Цемо тој видјал [прснал е Цемо да бега* [БД,160].

замиже* pf 'почне да миже (= да биде со затворени очи)' ~ *тој се јанал и Госпо се јанал и му река̄л: "Замижи"* [ПД,5,438]; ~ *очи, очи вија черни јочи [досега гледахте, сега замижахте [дали не видехте по друм што минува [по друм што минува, три синџири робја* [БК,92].

замикло* n 'дрво за запињање порта, засовница' ~ *мар таман фл'азе внетре вратата [мар па̄к тој*

бјаше узад вратата [и ја запена с тешки замикла [БД,106].

за̣ми́не pf **1.**'тргне, отиде некаде' ~ *и че́кат ти́а кула́рто ка́ ки-замі́нат зъ̆-Со́лъ̆н дъ̆-пи́тат ко́ј е типа́чо* [ПК(2),336]; **2.** 'помине' ~ *ма́лката мо́ма, прумі́нат, замі́нат јуна́ци пуидѝн ја ни аре́сува* [MS,t,34]; ~ *ако замі́не н'а́кој през зу́ницата, промен'а́ва са: мъ̆жъ̆ ста́ва же́на, а пак жена́та мъ̆ш* [ВД(1),85]; ~ *паднала Рада в Дунава [јоттам замина мајка и [– јала ма мајо извади! [– ни мога шчерко, страх ме е* [БД,154]; **3.** 'влезе и помине низ тесен простор' ~ *о́ти по́кула́ј и́ма да си замі́ни спартѝната кура-ба́рц'ка уф и́глицки у́шите, ни́биле зинги́нин да флѐзи уф царшти́ната Господи́нцка* [MV,K,279]; **4.**'одмине време' ~ *пра́къ̆жува́ки гу гъ̆лтну́ве ка́мъ̆нчто. На́пкум дуйде́ло вре́ме, за̣мина́ло, – за̣бра̣ви́ле* [ИГ,110]; **5.**'навлезе длабоко' (станува збор за остар предмет) ~ *изва́ди калъ̆-ч'ката Кра́л'у Ма́рку, гу удри́ ина́ калъ̆ч'ка на ка́ръ̆сту и гу замина́ ш'и́ч'ка калъ̆чката* [MS,t,39]; ~ *во́а ки си на́јди за гре́хови и за жи́вот за но́гу л'у́ди Израи́лкцки, и на пра́во ки сӑди; па на те́б ки замі́ни уф сӑрцито тфо́јо кӑлъ̆ч су две́ врӑс'* [MV,K,314].

заминова* impf (в. **замине 2.**) 'поминува' ~ *замино́ваше о(т) та́м ца́р'а ка́то тивди́л и ги дочу́л што вре́вили за не́к* [V,PM,254]; ~ *тӑзи три ламии слъ̆вали на пъ̆то и, л'у ко̆ј заминовал, го изјавали* [V,PM, 290]; ~ *като много въ̆рвјали, стигнали ду еднъ̆ рјакъ̆, котра била толко широка, штото ако ни сја прибъ̆ркала никак си, ни сја заминовала* [V,PM,285].

замириса pf 'почна да се чувствува мирис' ~ *на Цъ̆рнодреха кату га замириса на човек, стана и дошла ду таму близу, но, кату беши тојнака въ̆нк от неин съ̆нъ̆р, не можа тјанака да гу види* [V,PM,51]; ~ *црно сјаме посјаено [зелено је поникнало [сино са је расцвјатило... [– "бре како је това чудо [това чудо, това њајшчо [– манастир да замириса"* [БД,68]; ~ *пъ̆т му беше за три денја [тој го стори ден' пладнина [тъ̆мам дојди на сред пъ̆тја [на тъ̆мјан му замириса* [БД,180].

зам'а́ка pf 'почне да мјаука' ~ *вл'а́гла фне́трека и ги-з'а́ла маче́нцето, куче́нцето и кутле́то. З'а́ла мума́та да-ја̣де́ и маче́то зам'а́ка, куче́то пучна́ да ла́ј. Т'а́ ги-наја́ла и-легна́ла да-спи́* [BC,336].

замлејӑ pf 'почне да меле (жито)' ~ *да угреет един казан вода и да јӑ изсипат по каменето: и дјавола шта попарет, и воденицата шта замлејӑ* [V,PM,282]; ~ *усторили тија тъ̆ј и завчас замлела* [V,PM, 282].

за́мк m 'средство за лепење' [СК,324].

за̣мо́лче* pf 'престане да зборува' ~ *ви́кме нъ̆ де́чкъ̆та, ка́-ќ съ̆-у́дра̣т, ка́-ќ фа́тат да̣ пла́чат, да̣-ј замо́лчиме ки-м ка́жме: лу́да ко́за, пре́сна ра́на* [ПК,2(174)].

замота pf 'завитка, покрие нешто' ~ *му донеле една рогозина [ја замота Мара мејанцијка [ја запали млади Турунцула [и ин веле ти сега ќе светиш* [БК,58]; и: **зъ̆мо́те** ~ *е́ј сви́л'ъ̆нта бу́ба ка́ ки съ̆ зъ̆ви́; ка́ ки съ̆ зъ̆мо́те, сви́ла ут то: шо иска́рувъ̆т* [ПД(124)].

замрази pf 'почувствува омраза спрема некого' ~ *не стој срешту мен, изгорјах за теб! [што речех на теб, ти ме замрази [– тргни се од тук, не збори на мен [што*

казвам на татко, на татко и братје! [БД,136].

замрачавани* n 'времето пред да се стемни, самрак' ~ *и така тихиса, по замрачаваниту промина приз сиромахувата нива, гу најде сиромаха тамука* [V,PM,53].

замрач'и́ (сӑ)* pf 'се стемни' ~ *се́ди су на́с, е́ту замрацкна́, и пумина́ де́нут. Да стана́л да си нуќа́ва су ни́х* [MV,K,334]; ~ *за замрач'и́, за си по́да у думá, за ја́м л'ӑп...и за л'е́гна да спа́м* [MS,t,65]; ~ *фта́са на крајó, зи́ма гу фа́ти гул'а́ма на пӑнт'о́ и замрӑч'á, ни зна́ј, д'е́ да по́ј* [MS,t,15]; освен како резултат на дневниот циклус – доаѓање на ноќта, времето може да **са замрачи** и кога небото ќе го покријат темни облаци ~ *ќи вӑрне, ќупте́н сӑ замрачи́* [ПК,Мор)]. Во примериве што следуваат имперсоналниот глагол 'замрачи (се)' се јавува во однос со лица: ~ *ути́духа мло́гу дале́ку на ина́ пул'а́на, ги замрач'á та́м на на́с пул'а́на* [MS,t,46]; ~ *ути́ди у гура́та; там гу замрач'á и си заспá* [MS,t,74]; ~ *караш'и ш'и́ч'ка д'е́н' , до́јди дур на крајó на с'е́луту и ја замрач'á* [MS,t,23] – односнава употреба ја објаснува и Малецки (= се стемни кога таа беше некаде надвор).

замрӑзни* pf 1.'кога водата ќе стане мраз' ~ *фати с ножот да сечи рубите, оттолко студ замрӑзниха рубите над мене* [MC(B),87]; ~ *седам, се чудам, се јумам [как да ја, боже, разбудам... [суз вода да ја попрскам [страх ми је да не замрзне [ах, страх ми је да не замрзне* [БМ,144]; **2.** 'кога човек од силен студ ќе се вкочани' ~ *си прул'е́тнува ута́м и ка́рат, ка́рат, з'е́ха мло́гу пӑнт' , алá замрӑзнаха на пӑнто́ и сл'а́зуха на ина́ го́ра* [MS,t,23]; ~ *и кога отиде ламјата, ги виде нетри на горештата фурна са замрӑзнали и тераха вогин* [V, PM,46].

за́мрӑзник m 'слаб, тенок мраз' [MS, s,131].

замрӑзнува* impf (в. **замрӑзне** – се вкочанува од силен студ) [MS,s, 131].

замрӑкнува impf 'почнува да се стемнува' ~ *и т'а кла́ла но́ва комат хл'ап. И вӑрви, вӑрв'ал, замрӑкнува вӑв една го́ра* [ВД,333];

замрӑркне* pf (в. **замрӑкнува**) ~ *ути́ӑх а вѓана́х маши́нта (ма́кинта), си ути́ӑх па́к на Со́лун. Испадна́а – замрӑркна́ло, тимни́нта* [ИГ,121]; ~ *зӑмӑркна́ло ве́чӑрта, и́де до́ма и не́го о-кла́ве та́м прӑ-зми́ӑта. Биде́а две* [ПК(2),262]; ~ *га вели: "не сакам, дивојку, јазика. Това ми е кӑсметјут, ки гу собрам по зӑрно по зӑрно!" Гу оставиха да гу собре и му замрӑкна таму* [V,PM,72] – во контекстот евидентно е потврдено неразликувањето (според граматички показатели) на директниот од индиректниот предмет; сп.: *га вели: "не сакам"* м. 'и́ вели', односно: *му замрӑкна таму* м. 'го замркна таму'.

занајáт* m **1.**'дејност врзана со мануелен труд, алатки и специјализација' ~ *"ја́с ка́ бе́х на море́ту, ви́а што реко́хти, ча ки си ода́вјам? Јаз не си ода́вјам: то́ј ми́ е занајáту на ме́ни"* [V,PM,24]; ~ *сега ти питам, мале, сакам право да ми кажиш: татко ми, мале, што занајат имаши на животот му?* [V,PM,41]; и: **занајáт'**: ~ *и ја́с кутý сирума́х ч'ув'в'ӑк бити́сах скул'о́ту, м'а да́ди ма́јка да сӑ наýч'а занајáт'* [MS,t,87]; ~ *питна́јси дни му да́ва мјухле́т: то́ за сто́ри по́хýбаву н'ӑш'ту ут занајáт'ут-му, но́с за ја в'е́ни мума́та ж'е́на* [MS,t,19] –

имаме безпредлошка конструкција: *нóс за ја в'éни мумáта ж'éна* м. 'ја вени мумата за жена'; уште: **зéнеет** ~ *úмше аднá дувúца сусаднó мăшко дéте. Тáа гу-учú зéнеет. Нúшто зéнеет не-фáти – сáмо рибáр* [ВК,280]: **2.** изр. **фати (нечиј) занајат** (= тргна по примерот копиран од некого) ~ *тогас мајка му му вели: "ах синку, не ти вел'ах јаз, да не фатиш татково ти занајат, ча млогу мăка ке да тєглиш?"* [V,PM,42].

занајач'úја m 'човек, мајстор што врши занаетчиска дејност' ~ *јáс вéла: кóн'у-ј пóхуваф, занајач'úја и тóс, ш'ту гу стóри кóн'у* [MS,t,20].

зан'éва impf 'однесува нешто' ~ *фáш'та, ж'ýва ја удрúва куж'áта, ја зан'éва пукрáј арасла́нут* [MS,t, 77]; ~ *раж'анúната устáнува на нúвата, ја з'éват кúхајúту, ја зан'éват на мáндрата* [MS,t,67]; ~ *зан'éва на ч'арш'úјата иднó зăрну ут калúнката, з'éва д'éсит' икатумúрја* [MS,t,86]; ~ *ја з'éва ж'инáта-му калăч'ката и мýл'ąту, му ги зан'éва на манц'ó-ји* [MS,t,34].

зандáн* m 'зграда во која се чуваат затвореници, затвор' ~ *и на јунак Станко и на завал Бошко, и затвори на хапсаната на темни зандани три години* [MC(B),93]; и: **зандáн'** ~ *кугá пóнадóл гл'éда инá мрăчува, идúн зандáн' и гу пúта* [MS,t,60]; **зăндан** ~ *тогас момата рекла: "цанăм, нема некој јунак да изл'ази от зăндано?" Едни рекоха: "нема некој на зăндано"* (пр. за употреба на зам. форма *некој* м. 'никој') [V,PM,102]; ретко се среќава **зандана** ~ *стáр Свити-Пéтăр тéмна тимнúца, цăрна зандáна* [ME(P),93].

занданж**ијче** n 'млад човек чувар на затвор' ~ *капкун и му рече на Петре зандан*ж*ијче: "да ми дадеш бела книга и едно каламар да изписам една молба на Имир Никола"* [MC(B),93], в. **зăнданжија**.

занимáва* impf 'врши одредена (основна) дејност' ~ *бáшчи úмше, лузúна úмше, бýба глéхме. И тит'ýн пóвке сéехме, нóго сă-рăбóтше. Сăс-тăвá сă-зăнимáвăхме* [ПК,2(247].

занис'é (: **зан'éси**) pf 1.'однесе нешто' ~ *си вилú: "да пóда да му зáн'еса на манц'óтми мáнц'а на нúвата"*[MS,t,77]; ~ *сúга сă ч'ýди, кáк да ха фăрлú вăнка да гу ни вúди н'ăфту и му т'éкна да ха занис'é на бакáлинут* [MS,t,68]; ~ *му р'éч'и : "за ти дáм иднá лúра, тóс пóп да гу вéзмиш' на грабóт, да гу занис'éш' "* [MS,t,70]; ~ *зă сă врăнат на враш'úлуту, за вéзмат сиц'úмит'ą да напăлн'ат пл'ąвáта ... зă ја занисáт думá* [MS,t,67]; **2.**'пренесе нешто со превозно средство' ~ *му вилú на суфéринут: "кóлку за úш'тиш' да на занис'éш' дур на палáт'ут?"* [MS,t,83]; [MS, s,131], **3.** 'допрати, одведе некого' ~ *му кýпи рýба за ут нăтр'ą и рýба за ут вăнка и гу зан'éси на бáн'ата (на лутрóто)* [MS,t,81]; ~ *ја извади Ил'у кралицата вунка, ја занеси на царјут* [V,PM,24]; ~ *испадни скóро пу дрýмишти и уф пазáрут уф град, и шо ки нáјдиш сиромáси, крúви, слéпи, лóши, áрни, зáнси а вáка* [MV,K,278].

заноси pf 'кога река преземе и удави човек' ~ *ч'ул'ака сја вăрнал от слăнцето, стигнал ду рјакăтă и, като му сторила пăт и заминал, казал хи, чи ни ја приева морето, зашто ни заносе л'уде. От тога и тја зафатила да заноси л'уде, и морето ја приевало. От този је останало, едни рјаки да зеват сјака година курбан* [V,PM,284].

заносин* adj 'убав, волшебен' ~ *моми, ергени, китки редени [с-уста се смејат, од срцето пејат, гласои заносни дур до нибето* [БВ,75].

зацýва impf 1. 'однесува нешто (некаде)' "*Мóјш – му вéле цáрут – дами-шúјш адна-рýба?" "Мóжам" – му рéкăл дéтто. Му-шúе адна рýба и му-а-зацýва* [ВК,322]; **2.** 'допраќа некого' ~ *цáрут гу-вúка чóјкут и-му-вéле да-óде да гу-зéва нáјгул'éмут сúн да-гу упúта дáли сă-наýчи занáт. Чóјкут му-гу-зацýва на цáрут нáјгул'éмут сúн* [ВК,322].

заоблáчи* pf 'кога небото ќе се покрие со облаци и ќе се затемни' ~ *Гóспот познá нéговата клéвета, и затовá на-сред'á пăт'у си заоблачú небéту, вати тéшко да грамú* [V, PM,16]; ~ *пóсле двé-трú саáти грăмиш са чинú на небóто, и паднá тéшка мăнгла и си заоблачи небóто* [V,PM,24]; ~ *катó си пасјéше брáвите, и са небјéто заóблачи за да фáти дăш, и са залăска там на еднá бáрчúна* [V,PM,261].

заóги impf 'кога сонцето навечер се губи на хоризонтот, заоѓа' ~ *тукý вéл'ам на вáс шо уф Анадóлот и уфдéка заóги слăнцито нóго лýди ки дујдéле* [MV,K,265].

заóкули pf 'заобиколи' ~ *дур да пóј тóс да сă заóкули ут нóс сукáк дур на нóс, нив'ăста ... ут будрýм'у на јатáку прáв'а* [MS,t,13]; ~ *и кóн'у бúш'и сăс кл'ýч'уви, врăтна кл'ýч'у, прулéтна кóн'у, утúди, сă заóкули по ш'úч'куту с'éлу* [MS,t,20].

зап (< заптиса = застане, се задржа) 'задржување' ~ *ка видехме, што не се чинат зап, ха бре! пу них викај, вăрли пушки* [MC(B),81]; fig. **чини зап** (= стори некој да биде уреден) ~ *вели на лалата му: "ај лала, ај лала, иди на дома ти да чиниш зап твојта кубила, да си чинам зап мојто жрјапче"* [V,PM, 58].

запáдне* pf 1.'се испушти (падне) нешто од местото каде што било прикрепено' ~ *ошче дума не отрече [клети Турци Арнаути [голи, боси като оси [засјакаха хортумето [западнаха човалето* [БД,167]; **2.** 'се спушти, клекне на колници' ~ *и му западнè при нéгу ду нóзити му, му вéлиши: Исполáјти на тéбе* [MV,K,279]; **3.** – **(са)** 'се усмери' ~ *тиă, как го видăли, сă западили да го грабнат, тој тога ги ударил по главитја с тоăгăтă* [V,PM,290]; ~ *тија л'у как ќу та видăт, ќу сă западăт, да та грабнат и изăдат* [V,PM,291]; **4.** 'се најде во незавидна положба (без пари, без здравје)' ~ *тáтко ми бéши богат млóгу та сегá запáдна: хéм остарјá, хéм жúви са и тáтко ми и мáјка ми, и јáзе сегá рабóтем по шејсéт пáри на дéн да ги хрáним* [V,PM,118]; ~ *и речé сам на сéбе си: "ај Бóжи, тáтко ми знáиши, оти јáзе ки запáднам от ýмот ми и затовá га искри тука нéтри áф товá дáрву тиа драгоцéни кáмини"* [V,PM,8]; **5.** 'се најде во зависност од лоши, недобронамерни луѓе' ~ *фатила да плачи: "ах мале, мила мале! Стани да видиш, на што кучка маштеа западнах!"* [V,PM, 275];

запáднува impf 'губи сигурност, пропаѓа материјално' ~ *ама дојдé врéме и брáт му фатú да запáднува, фатú да продáва нúви, да продáва офци, óлови* [V,PM,15].

запалéна adj (m, f) 'нешто што гори' ~ *кá испаднáле на сýхуту, а глéдат óгин запалéна, и рúба шо си пéчиши, и лéп* [MV,K,338]; ~ *гледа... една трапеза пăлна сос секакви слатки манци, и три кандила наврăх трапезата беха запалени* [V,PM,84].

са́ди adv, opp. на 'напред' ~ *ја́ ка́ ка: до́нца́ме: ки-на́јдиш ти е́дин плу́к, ра́ло, ме́чка́та ка: кла́ме на́-пре́ди и ва́лко, а-ја́с уд-са́ди* [ПД,154]; ~ *и са́то има́нјо си гу даде́ пу ики-мци́ити, не можа́ да си леку́ва ут не́кој; си наближи́ уф са́ди, му фати́ кра́ишта ут кужу́хчито, и на то́а час му са́ запре́ кра́фот* [MV,K,276].

заднина* f 'задниот долен дел од телото, задник' ~ *да расто́пиш смо́лата и да ги нама́каш ко́жите сос смо́ла и да ги залипи́ш на ка́чо-вето ми (задни́ната ми)* [V,PM,124].

замалар m 'учесник во игри што се организираат за време на пости, *замаларите* се маскирани, со шарена облека, со звонци закачени за облеката' [BV,48], во Кукушко: **ца́ма́лар;** во Гевгелиско: **цамала** 'новогодишна маскарада' [ТГ,24].

замбу́л m, bot. Narcissus 'цвеќе што цути напролет, го чуваат во градините' [Воденско]; во Кукушко: **зимбу́л'** [BV,K,48]; ~ *ки́тка, ца́фте си́ничко, кул Вили́гдин, но́го у́буво мирийсе*; сп. *симбу́л' о́чи* (= сини очи) ~ *а́дни симбу́л' о́чи уд мира́к* [ПК,2(50)].

зарзава́т m, bot.'зеленчук'; и: **за́рза́ват** [ПК,2(50)]; [BV,49].

са́стра 1.f 'утро, в. **застра**' ~ *ката застра на царската керка ка́ата, емен ке измолзал две-три офци, ка́ и гу пуштил млекото* [V,PM.295]; ~ *та́мо пи́ле седе́ло си загради́, ја́ца си снесе́! [а ка дојде́ вре́ме за квачеј́н'е [от са́стра до пла́днина се́ ве́тер си ве́е [па не мо́же пи́ле ја́ца да си сто́пле* [ШК,1(63)]; **2.** adv 'наутро' ~ *прави кату шо му ричех и на утрата застра ја гу дека звона на вратта* [MP,68]; ~ *ти да јодиш утре застра [утре застра ов разбојот [да искаеш дипл прегач [дипл прегач за свекрва* [БВ,308].

звезда f 'небесно тело коешто испушта сопствена светлина (топлина)' ~ *родило се малко дете [малко дете нишанлја [нишанлја - даровито [на челото јасна звезда [де ја зачу цар Костадин* [БД,68]; ~ *испадни моме на чардак [да видиш моме небото [колко е грозно без звезди [и јас сум грозен без тебе* [БВ,275]; ~ *ки се скитам по вичери [и по јасните звезди [ако мила не се вратам [ти да носиш црно було* [БВ,315].

звиза́к m 'млад овен', dem. **звизо́че** [ПК,2(50)].

свйска f 'млада овца што првпат раѓа – првостинка' [СК,324].

свизди impf 'кога кобилата пушта глас (пр. ако го бара ждребето)' ~ *до чешмата лоза насадете [кој ќе мине грозде да набере] и да рече бог да прости јунак [и до лоза којна ми вăрзејте [кој да свизди, јунак да си бара* [БВ,142].

свона impf 'создава шум притискајќи, односно движејќи ја направата свонец' ~ *и така ка му утида телјат он наместо да ојма кăда сакше, прави кату шо му ричех и на утрата застра ја гу дека свона на вратта* [МЕ(Р),68].

свăнцупет m 'превозно срдство со две тркала што се движат со помош на нозете' [ПД,129].

севгар m 'два вола впрегнати, пр. кога орат заедно' ~ *отпрегнал си севгар волови [отиде долу в чаршија [продаде севгар волови [купи си пушка минсерка [и остра сабја змијеста* [БК,130]; ~ *купи си севгар волови [изори рамни дворови [посади бела пченица* [БК,129]; и: **сивгар** ~ *кад си дочул нијни татко [си продава два сивгара [да јоткупе двојца сина [двојца сина два близнака* [БК,95]; ~ *ти за пари Стојан гајле да не бериш [пари ки ти дадам, пари триста гроша [јако не ти стигнат сивгар да пурдадам [свадба да направиш, нивеста да земиш* [БВ,47].

семна f 'тоа по што газиме – земја, во примерот: свет' ~ *нăојѓа двé брáвја, кăту шо му кăжáла нéјнта мóма óшче прéт дă ă пýшче нăгóрнăта сéмна, ăднó цăрну и ăднó бéлу* [ВВ,312].

сенгарáшка f 'направа (обично од метал) што создава шум – свонец' (Воденско), во Солунско **зангарак** 'свонец што се става на вратот на добиток' [BV,S,49],

серселйна f, bot., Prunus pseudoarmeniaca 'вид овошје (дрво и плод) – кајсија' [BV,48]; во Кукушко: **сăрсăлйна** [СК,324]; и **сăрсăлйа** [ПК,2(50)].

сйври pl.tt. 'старовремска облека, панталони со тесни ногавици (прилепени до телото)' [СК,324]; ~ *шáјăчки пăнталóне, уд абá, сус гајтáне, сă-ублéчиш уф-нйх, алйс штăркăл* [ПК,2(50]; сп. во контекстот уште еден пример за перфективен презент: *сă-ублéчиш уф-нйх.*

сйгни* pf 'крене, дигне (нешто)' ~ *и гу сýгна на рáмуту и сăс куш'ýја гу зан'éси и гу фарлý пóнадлабóку* [MS,t,70]; ~ *за растувáр'ат кóниту, за сýгнат вр'ăтиш'тăт'а, за супрáзн'ат ж'ýтуту у амбáр'ут* [MS,t,67]; ~ *амéн да-утйва мăра пăнт', пáк пáж'да кóн'ут, пýкна. С'éт'а му-вилý нив'ăстата наманц'óт да-гу-сýгни мăра д'ăдуту на-грабóт* [MS,t,80].

сйгнува impf (в. **сигни**) ~ *фáш'та да стóри, демéк и сýгнува нуs'ăта* [MS,t,78].

сид m 'вертикално поставена ограда, направена од тули, односно камења' ~ *прéфрли се преку сидот [преку сидот, преку плетот [ти да видиш руса Бина [руса Бина дека спије* [БВ,300]; сп. **зид**.

симбйл' m 'плетена направа (од рогоз) за пазарење – торба' (Кукушко), и: **симбул'** ~ *дунцé адйн симбýл' пăзăрлăк* [ПК,2(50)]; во Воденско: **зимбйл'**; во Солунско: **зумбйл** и **зимбйл** [BK,V(S),49].

симпирé n 'немирно дете' ~ *áj симпирé и нă симпирéто, шó знáјш пă и тý да-кáжиш* [ПК,2(50)].

сингйн'у (и: **зингйнин**) adj 'богат' ~ *и тóј, д'é б'ăш'и сирумáх, стáна*

sинги́н'у, сто́ри но́ва кăш'та [MS,t, 48].

sинséл' m, bot. Robinia pseudacaciia 'дрво багрем' ~ *и́ма цăф кут-груздáк, цăфте бéло, гу-ви́кат и* **тăрăн** [ПК,2(50)].

sирка* impf 'погледнува скришно, под око' ~ *вá мăшчéăта и тá ќéркăта, пуду́ента, стуéле нă-врáта, сăмо sиркáле, sиркáле... Вáа и-упикăсáла...* [ДК,120]; в. **зирка**.

sи́фке impf 'неочекувано, изненадно (со допир) закача некого по задникот' [СК,324]; fig. 'подбуцнува, предизвикува' ~ *óн гу-sи́фке, áма тóо и́ч нé сă сéште, си-чи́не нăсăј му-гувóре* [ПК,2(50)].

sрéпки pl.tt. 'очи' (само во некои синтагми) ~ *мóлчи, зéр ак стáнум sрéпките ќи-ти-ј искáрум* [ПК,2(50)]].

sрăнцáла pl.tt. 'направа со оптички стакла со кои се помага човек за подобро гледање – очила' [СК,324].

sулу́фи pl 'дел од косата на човек испуштена покрај ушите' [ПК(Гр)], во Воденско: **цулу́фи** [BV,49].

săдин'о: дингúл' m 'дел од запрежна кола' (го зафаќа задниот дел) [ПК, 2(50)].

săдни́ште n 'задниот дел од патосот (душемето) на запрежна кола' [ПК, 2(50].

săнгăр interj ~ *елај Ристе па јела [не идам Донке, не идам [мајка ти е на цркви [она ки раздаде за гуша [săнгăр мăнгăр гримните [рускут плускут герданот* [БВ,213].

săнsăл* m 'свест, можност за расудување' ~ *нă Вáно кá гу алаксáли пу глáавта, săнsăлут му сă зимáл* [СК,324].

И

и conj 'служи за поврзување на одделни прости реченици (во сложена), односно за поврзување на делови од реченицата' *~ утúди на палáт'ут и гу пăта мумáта: "ш'ó стóри?"* [MS,t,82]; *~ фл'áзуха у пујнá вáрка и трăгнаха* [MS,t,72]; *~ вéли на нúх: Мúрба на вáс. Ка му ричé, му са кажá раците и на плéшките* [MV,K,252]; сп. изр.: **и óн нé-ј кéм** (= и тој не е добар, не е за фалење) [ПК,2(167)].

и́ pron (кратка форма за индиректен објект од 'таа') *~ ут далéку тóј вúд'а манц'óт-и дă-ј лустрац'úја* [MS,t,72]; *~ и гу пăта мумáта: "ш'ó стóри?" тóј и́ вилú: "как ми р'éч'и, тăј стóр'ах"* [MS,t,82]; *~ гу калосурúсаха и и́ р'éч'и на мáлката-му мóма: "идúн јунáк инá рýба имáш'и кутý слăнциту"* [MS,t,35]; сп. изр.: **и́ шáрат óчте** (се кажува за жена со неморално поведение) *~ глéде пу чýзди мăже* [ПК,2 (167)].

и pron (кратка форма за директен објект од 'они') - наместо 'ги' *~ они и имиа најблиските ду селту и најарните ниви* [ME(P),89]; *~ јазика, ка и најдех овците на другар ми... и трăгнах и отидох на тăрлото – е колко един черек имаше от Ридот до тăрлото* [MC(B),75]; *~ и на јунак Станко и на завал Бошко, и затвори на хапсаната на темни зандани три години* [MC (B),93].

и (< е) impf (3 л. един. од 'сум' - со редукција на неакцентираното *е* во *и*) *~ идúн и бúл вудинч'áрин и уч'éл идúн ч'ифч'úја тамóкул вудинúцата, му ја уткрáва пампрúцата* [MS,t,43]; *~ са причý на сúчката околúа тáмо, ча и дошéл едúн трагóвец млóгу богáт* [V,PM, 15]; *~ р'éч'и: "е липóн, јá-că ... тóјут з'éнт', тáс-и тóјта мóма, ш'у úш'т'аш'и да ја закóлиш'"* [MS,t, 87]; *~ гу вúд'а ч'á фармакóсан-и* [MS,t,61] || **ји** *~ "штó-ји нузú тáм на стр'ăш'та?" – "нóс-и парадúсу!"* [MS,t,60].

и conj 'упатува на можности алтернативни – **или**' *~ "јас úмам трú кóни и два суварúји, ја-за ви ги дáм на вáм, за гу пúтам три пăнт'а: знáј да вр'ăј и ни знáј вр'ăј"* [MS,t,30]; *~ гу брка Гóспут' да пóј да гу нáј, да гу пúта: "пúсанóту că распúсува и́ că ни распúсува"* [MS,t,14]; *~ нáјди и идúн ч'ув'ăк, гу пúта: "тóс клáјанц вóда тич'é и́ крăф тич'é?"* [MS,t,40]; *~ цáр'у му пáк вилú на визúрину: "тóс умр'ăнт, умр'ăнт јú? и́ куж'áта му ја кáрат сид'ă?"* [MS,t,39].

и 'до, на' (sic!?) *~ му ги дáва парúт'а nasáт' цáр'у и кóниту и суварúјиту, му пýш'та идúн тилигрáф и тáтку-*

ји, óти "з'éнт'у и тфójта мóма тук că" (= ... испратил телеграма до татко-ѝ) [MS,t,30].

и-и-и interj 1. 'изразува изненаденост (непријатна)' ~ *и вó му ричé: "шó мóри ти прáвиш?" Кумѝсиата глéда мéн дă-ми стрăмýвăш – фрáс, трáс, иднó шамáр. И-и-и! ти ми тéпăш, да-а нéма, гу-устăвѝ* [ВЕВ,305]; 2. 'восхитеност' ~ *и-и сáмо да-гă-стрé-тум, да-гă-вѝдум* [ПК(Гр)].

ибандá f (< **ебанда** - со редукција) 'земја подалеку од родниот крај, туѓина' ~ *идѝн друк трăгна ут ибандá да пój у тóс зингѝнину; că прич'ý, ч'ă млóгу зингѝнин-ји* [MS,t, 46].; сп. **јабандá** [MS,s,38].

иб'é* (си) impf 'полов акт кај луѓето, односно кај животните, иако за нив (за животните) има и посебни лексеми, пр. кравата *că-вóде*, кучката *că-штýе* и сл.' ~ *"да ид'é-ми, да пијéми и да си иб'éми!"* [MS,t,78]; сп. во пцости: **ебе*** ~ *и жéнă-му сјá: нă-пóпо вѝке: "Му ебá:ме мáјкăта, дýри сéга, нă-Лý:то". "А ричéл, нă-пóпо му ебá:ме мáјкăта, нé нă Лý:то"* [ПД,163]; ~ *кá рăзбрáл, знáчи, óти нé мóже: "ебá-ти мáмăта, рăчéл, тă-фăтѝх; кójно шó то: зé - јáс сум, жé:н-ти шо гă-заклáх - јáс сум* [ПД,160].

Ибраими-ефенди 'име и титула на Турчин во Еницевардарско' ~ *Ибраими-ефенди или Ифиндијдă, ка му вел'јăт нă нашту селу, имал по гулем дел ут жентă му* [МЕ(Р),85].

ибрик (и: **ибрик**) m 'сад за вода (вино) од *"прăс"* (= земја, глина), односно од бакар, има усте за поливање' [ПД(120)]; ~ *кату за си вăрни дома, за везми ибрикýт и една стомна, с неколко моми покриена нивјастата, с бела кошула, за подат от три чешми за вода* [V,PM,251]; ~ *да пусрешниш два младенцă [луди млади ацемии [ацемии, кајметлии [с чистă љаба, că ибрик вину [că ибрик вину, că финер борна* [БД, 60].

ибрикчиа m 'прислужник, тој што со **ибрик** точи напивка' [СК,325].

ибришим m 'тенок конец, обично во боја' (од свила или памук) [V,PM, 368].

Иван м л. име (запишано во Драмско, но познато нашироко) ~ *ајде Лахор Божијо [ајде да се земиме [да идем гора зелена [– а бре Иван капидан [јас те тебе не взимам [като тебе хајдутин [хајдутин кашта не гледа* [БД,157].

ивица f 'крајна површина од нешто' (долга и тесна, пр. од материја, земја и сл.) ~ *нѝм óди пу-ѝвицта, ки-пáдниш* [ПК(Мор)].

ивдувéц m 'човек на кој му умрела сопругата, вдовец' ~ *бѝш'и идѝн ивдувéц, имáш'и инá мóма* [MS,t,61]; ~ *и на óсим м'ăјинци гу рудѝ сабáлин и т'á си умр'ă на вич'ерó и такá си устáнах јас ивдувéц* [MS,t,3].

ивдувица f 'жена на која ѝ починал сопругот, вдовица' ~ *и пáк ми казá, чá ивдовѝца - зéла ти мăтнѝца; чорбаџѝјка - кýни си тѝнака, јáзе ки врéвјам, стáни тѝнака, јáзе ки сéднам; сиромáшката - врјáви тѝнака, јáзе ки си кýнам!* [V,PM, 130]; ~ *цáр Дáвид му вéли: "ти сáкат от н'áгде?" – "Ми сáкат от три местá: еднá сиромáшка мóма, дрýга чорбаџѝјцка и еднá ивдовѝца* [V,PM,130].

Иврејче n, dem. 'припадничка на еврејска националност' ~ *на една порта шо видох [идно дивојче Иврејче [на идно скеле седеше [руса си коса чешлаше* [БВ,247].

иврејски* adj 'нешто што се однесува на еврејската земја, или нација' ~ *дивојко, млада, убава [турчинска душа мириса [като на сено спарено*

[иврејска душа мириса [като на гнило јабауко [БМ,31];

Европа (со редукција од 'Европа') 'име на континент, но и пошироко: поим за цивилизација' ~ *пушки пукат, бомби грмат [Турци викат – Алах, алах! [Ура, викат комити [да разбере цела Европа [как се бијат комитите* [БК,116].

игидики́са* pf 'се одмазди' ~ *за гу игидики́сам* (= ќе го казнам, ќе се одмаздам) [MS,s,38].

игла f **1.** 'метална направа со врв, служи за шиење' ~ *пак и ве́лјам на ва́с: по́кула́јно да поми́ни фо́ртомата уф и́глата, нибие́ зинги́н'от на Господи́нова царшти́на да фле́зи* [MV,K,269]; ~ *то́с в'е́ч'ер ма́јкати ти кла́ди ина́ фармака́та и́гла на јата́ку да л'е́гниш', да са́ напо́риш'* [MS,t,31]; има големи игли со кои се ниже тутун ~ *ги ту́рнува́ми ко́ш'уве́ту на зим'а́та и фа́ш'тами да ринди́ми са́с игла́та; и́мами ма́ксус* **т'ут'у́н'уви и́гли** [MS,t,5]; има уште: **јурга́нска (игла)** – за шиење јоргани, има **плита́чка (игла)** – за плетење, **чинге́ла́к (игла)** – за плетење со 1 игла (има **чинге́л'**), **чура́пна (игла)** – за плетење чорапи, **са́мăрци́цка (игла)** – многу голема, ја користат самарциите кога го прават (шијат) мекиот дел (*сте́л'ата*) на самарот; **2.** 'јадица' [ПК,2(51]; **3.** изр.: **ус-и́гла буна́р ко́пе** (= со големи тешкотии заработува, така обично се зборува за шивачите); **и́гла не́ма де́к да па́дне** (= се кажува кога има насобрано многу луѓе) ~ *нăпăза́ро и́гла не́ма де́к дă-па́дне, то́лко наро́т не́ би́ше би́ло* [ПК,2 (166)]; **те́гле и́гли** 'става инекции'; **ко́лко и́гли ти удри́а** (= колку инекции ти ставија) [ПД(Ф)].

иглин adj **1.** 'нешто што има врска со игла' ~ *ки кинисаш по мени да ми тераш, хазна алтăни ки харции и железни стап колко иглин врăх ки остани* [V,PM,90]; ~ *дури ве́ки си раска́па желе́зни чи́зме на́ но́sите и желе́зноју стап оста́на ко́лко и́глин вăрх* [V,PM,131]; **2.** изр.: **ни и́глин врăх** (= сосема ништо) ~ *ут ста́рте не́мме ни и́глин врăх*; **нис и́глини у́ши дă-сă-прăви́ре** (= клетва) ~ *диме́к дă-па́дне бо́лин, то́лко дă-услабе́е дă нис и́глини у́ши да мо́ш дă-пуми́не, куту ко́ниц* [ПК,2(182)]; **низ иглини уши да гу вдениш** (= се кажува за оној што е многу слаб) [ТГ,247].

иглиник m 'мал сад во кој се чуваат игли и конци, или мало перниче (може и везено) на кое се боцнуваат и чуваат игли' [ПК(Мут)].

иглика f, bot. Primula 'украсно цвеќе, јаглика' ~ *как да не жалам, как да не плачам [ката година по три бул'ука [ми испасија најрано цвеќе [најрано цвеќе бела дитилина [бела дитилина жолта иглика* [БВ,182].

игличе n, bot. dem. од **иглика** (Primula) ~ *излажах те моме, измамих те [с-една риза, с суво грозде [однесех те моме в Шар Планина [дека цăфте моме игличето [покрај него зелен здравец* [БК,39]; ~ *поминаја три ајдуци [ја грабија малкај мома [ја носија во гората [каде цути жолто игличе* [БК,31].

иглицки adj 'нешто што се однесува на игла' ~ *о́ти по́кула́ј и́ма да си зами́ни спарти́ната курабарц'ка уф и́глицки у́шите, ни́биле зинги́нин да фле́зи уф царшти́ната Господи́нцка* [MV,K,279].

игра́а* impf **1.** 'прави активности за забава (обично во друштво, но може и сам) пр. кога дете се забавува' ~ *дру́гиту ма́лки игра́јаха на сука́ку* (= другите деца си играа на улица); ~ *игра́јаш'и нузи́ ма́лку та́м, Дијуни́ш' ш'ту гу ви́каха*

[MS,t,46]; ~ *едната и́маши прет не́ја јарибі́ца сос де́вет јарибі́чки, на́ тапсја́ игра́иха, и т'а́нака на́ гирге́ф ве́зиши и сиі́р чи́ниши* [V, PM.135]; **2.** 'прави некакви движења (пр. детето во стомакот на мајката во напредната бременост)' ~ *да ка си чу́ Елиса́вет на Мари́нина радува́ни, му са́-граја́ло де́тито не́јно уф са́рцито, и си наблуди́ Елиса́вет ут Све́ти Ду́х* [MV,K,328]; **3.** 'учествува во некоја забавна игра со движења на нозете, според тактот на музиката – пр. игра оро' ~ *т'е́ кугá хо́ж'даха за о́да, са́ умур'о́ваха, а хи́тра Пе́три на глава́та гу но́си и игра́ј хо́ру* [MS,t,74]; ~ *ру́сали ни́а́ ви́ка́ме на́ ти́а́ е́дно вре́ме шо ше́таа, игра́ја уз да́рва́ни ка́ла́чки* [ПД,135]; ~ *тугáј, е́дно вре́ме се́ на́-па́то са́-бра́ле, игра́ја́ле н-е́јн та́па́н, н-е́дна га́јда, гла́вно игра́ја́ле* [ПД,151]; **4.** 'учествува во хазардна игра со карти' ~ *па́тува́јки та́м, гуле́ми мини́ста́ре, та́кви́ гуле́мци, пучна́ле та́м да-јгра́ат ка́рти* [ПК,2(170)]; ~ *но́с в'е́ч'ер и и́ди ина́ мо́ма на удаја́та и му вили́: "игра́јми ко́мар"* [MS,t,9]; ~ *фа́шка́т да игра́ат на та́бла. Та́ткуто ричел: "Ко́ј ки па́дне, ки му іска́рме о́чте"* [ИГ,114]; **5.** 'фрла од една во друга рака' ~ *ка фа́шка́т д'са́ бо́ра́т, Јара́м-Мина́ре́то са́ умори́л. Гу игра́е куту па́рта́л уф-ра́цте* [ИГ,112]; **6.** 'скришно љубува' (повеќе се однесува за индивидуи и моменти кога "љубувањето" е недолично) ~ *му ве́ли па́к: "ти́нака сно́шти ми кажу́ваши, ча ја́зе сам по-ха́рна от ца́р'увата армасни́ца, а́ма ти́нака сос неа́ мо́жи да игра́иш"* [V,PM,10]; ~ *гу пита: "што ти чини лала?" – Ету лага́м има от тука дур на мојта ка́шта под земјата. Играе сос момата ми... и гу видох, хем гу чух, как чиниши сос тјах"* [V,PM,56], ~ *и́грат они, ас ги-усе́штам, ама не́ да́ј бо́же да́-ра́збе́ре ма́жо́-ј* [ПК (Гр)]; **7.** – **(си)** 'се шегува, односно се забавува' ~ *"о́стави м'а ма́н'ц'и, ми м'а ба́раш' , јас уми́рам, ти са́с газо́ си игра́ш'!"* [MS,t,13]; ~ *как ги виде така царјут, им рече ошти едноч: "сос царјут виа да не играјти, ча лошу ке да патити!"* [V,PM,60]; ~ *до́јдух ту́ка да си игра́јми ма́ра!" "ш'о́ и́гра – вили́ – да игра́јми?"* [MS,t,78]; **8.** изр.: **но́ш ки-игра́а** (= ќе биде употребен нож, пр. при колење добиток, односно при некаква лекарска интервенција) [ПД(Ф)]; **ки игра́а да́рва́н го́спут** (= некој ќе биде казнет, ќе има тепање) [ПД,137]; **му-игра́а не́коо ре́бринце** (= се однесува асоцијално, ги предизвикува другите) [ПК,2 (177)].

играва adj, f 'разиграна' ~ *таму долу трите реки [сите моми чекаја [а сонцето им извриска [трчајте по мен деца [ја сам малкабрза, луда [и играва пеперуга* [БК,29].

и́гране (и: **игра́ја́јне**) n 'активност со која се забавуваат' [ПД(Ф)]; сп. **и́гра** [MS,s,38].

игра́чка f **1.** 'форма за забава (пр. на децата), игра' [MS,s,38]; ~ *оти́де па́к на ца́р Дави́д, му ве́ли: "ох, ца́рју, Соломо́н кату дја́те си гле́да игра́чката!"* [V,PM,130]; ~ *пулијнта по кој шо са има тра́чкано су децата играјајки мижишо "робове", или некоа друга играчка* [ME(P),68]; и: **игра́ја́чка** ~ *рабо́тта не-ј игра́ја́чка, трибу́ве да си то́чин, пуслу́шин* [ПК,2(51)]; сп. изр. **игра́чка – пла́чка** (кога играат децата, се случува да дојде и до тепачка и плачење) [ПК(Гр]; **2.** 'предмет за играње (на децата)' ~ *е́м и́мше пу́но игра́чки е́м и те́јко му дунце́ ош а́дна́* [ПК(Мут)].

игу́мин m 'великодостојник верски, старешина на манастир' [MS,s,38].

идáмц'ија m 'затвореник, осуден на доживотна робија' [MS,s,38] (в.: **идáмц'ис**).

идáмц'ис* m 'осуденик на доживотна робија' ~ *за пójми ýтр'ạ ни апсанáта, за извáјми два хапăза, ш'ту сă идáмц'иза; и тук ѝма идѝн бóлин* [MS,t,42].

идарé (и: **идире**) n **1.** 'управа, администрација'; **2.** 'неопходна (домашна) потреба' ~ *аку имă грăдинă, можă дă садă сăл лук и крумид и то колку зă идире* [ME(P),87]; **3.** изр.: **идарé чѝни** (= управува, господари со имотот, куќата) ~ *ги викнá цáрот и тройцата, ги питá: "кój е товá човéк, што рече: "по шејсéт пáри да рабóти, вéтко бóрч да плáшта и кăштата идарé да га чѝни?"* [V,PM,118].

идвај adv 'со мака, со усилби (нешто станува), одвај' ~ *кá о видéх нă-чăршѝита, умрéх ут-стрáм, идвáј óде,... шó дă-т кáжум: ќорќутýк* (= сосема пијан)[ПК,2 (202)]; ~ *нéмме нѝви... чéкме сáмо нă-плáта, идвáј ни стѝге ут-пăрви д,-пăрви* [ПК,2(170)].

ид'é impf (< **ед'é** - со редукција) **1.** 'консумира храна, јаде' ~ *му вилѝ Настрадѝн-хóц'а на фурнáрину "јáла да ид'éми с'ă гăска!"* [MS,t,57]; ~ *ѝш'тиш' да дóш' сăс м'éн'ạ? за ти дáм ајлăк хил'áда и пéт' стутѝна драхм'áнта и да ид'éш' и да пијéш'!* [MS,t,73]; ~ *и га вели: "марѝ жéну, тајá рѝба га земáх динéска за едѝн грóш. Гóтви динéска от нéа мăра да идáт мáлкате"* [V,PM,17]; **2.** изр.: **ид'é л'áп** 'ручa, вечера' ~ *за усăмни, за стáни да сă мýј, за пѝја кафé, за ид'é л'áп* [MS,t,67]; ~ *јáдух л'áп и трăгнах ут-тáм да на-гóр'ạ в'éч'ер јаján за да си ѝдам* [MS,t,2].

ѝде (и: **ѝди**)* impf **1.** 'се движи во правец на тој што зборува, односно на кого му се зборува – доаѓа' ~ *на трѝт'ạ гудѝни удгóрạ гл'éда ѝди идѝн бенéк на сиф кóн'* [MS,t,44]; ~ *ж'инáта гу скрѝва удóл фустáниту* ; *ѝди гóр'ạ ман'ц'ó, брка кумутýк, кумутáм* [MS,t,10]; ~ *тój отговорѝ: "ѝдам, но тајфáта ми кáк да га чѝна тука"* [V,PM,13]; **2.** 'оди некаде, се оддалечува од местото каде што е' ~ *тинака, л'у да идиш таму да видиш, дека е мајката на водата, да га сечиш да не иди хич вода* [V,PM,42]; ~ *наседлá кóн'ат му и гу вјахнá, кинѝса да ѝди на цáр'ут да му кáжи, ча цáр'ут на друг грáт сед'áши* [V,PM,16]; ~ *му вéли: "нá ти тѝа пáри! Иди на тájфата ти, да ги остáвиш: дýр да дójдиш тѝнака, да са хрáн'ат!"* [V,PM,13]; **3.** 'се враќа назад, оди таму каде што бил' ~ *стáнува сабáлин пак насáт' у с'éлуту си ѝди* [MS,t,9]; **4.** 'дотекува вода (или др. течност)' ~ *отиде да улови, дека да најди, от чешмата мајката, и терајке-терајке га најде и га затăкна, и така вода не идиши на чешмата* [V,PM,42]; ~ *да видиш, дека е мајката на водата, да га сечиш да не иди хич вода* [V,PM,42].

идéк* m 'дел од орачката спрема, клин што се става во јаремот за да го држи гределот' ~ *за клáда кајѝш'ут на бујундрýкут ... за клáда и идéкут* [MS,t,65].

иден (и: **идин**) **1.** num 'еден' ~ *урвáва идѝн трăн и клáва у ганsóт на мýхата* [MS,t,77]; ~ *идѝн вр'éтин' т'ут'ýн' за да с'ăш' ѝш'ти нájмрăва ш'éс дýш'и* [MS,t,5]; ~ *вилѝ : "и јáс иднó вр'ăм'ạ имáх идѝн аратлѝк ат ни з'éх с'éстра-му..."* [MS,t,73]; **2.** adj, num 'прв' ~ *там му дошле три абéра... [ја гу идéнјут ут винчáјне* [ME(P),95]; ~ *идејнут пăт ки одиа дă речимă 20 ралă, другјут*

пăт ки одиă други [ME(P),89]; **3.** 'втор, друг' ~ *иднó вр'ăм'ạ б'ăха двá дóстуви, идúнајут им'ăш'и д'éсит' икатумúр'а парă, идúнајут им'ăш'и двáјси икатумúр'а* [MS,t,70]; **4.** 'трет' ~ *идúнајут кóн' гу јáхна д'ăдуту и идúнајут кóн' нив'ăстата и идúнајут кóн' ч'ýрбаḉ'ýјата* [MS, t,80]; **5.** 'единствен' ~ *Никóла, идéн сину, на мáјка [на теб те лúче, сину, младу арамúјче* [ME (P),100]; **6.** 'ист, еднаков' ~ *зарди шо му ј парталут на Пустулејна иден су куфалцкјут, бузечкјут, питровцкјут и на друјзте села удвăда уд Вардар* [ME(P),72]; **7.** pron 'неопределената заменка - некој' ~ *"ш'ó кáзуваш', дăш'тир'у, ти иднá цáрцка мóма да éзмиш' идúн измúкáрин!?"* [MS, t,84]; ~ *и кăк брăкаш'и у пиш'тá, ја ḉ'áсна нasáт' лупáта, удрúва идúн увréин* [MS,t,56].

ид'éни* (< **ед'éне** - со редукција) n 'консумирање храна, јадење' [MS,s, 38]; ~ *р'áкла на-ќéрка-ú: "Е марú ќéрко, já ќе ти напрáја от чúсто брáшно питúнки и тéбе ќе-та-пýсна да-дукáраш ạлтăни; ú-далá мáче, кýче, петлé и си-утú тáмока и гаизé самá идéнето* [BCep,336].

идести adv 'одејќи, откако отиде' ~ *úдести сáмо на пăрвиј гимциúа, му вéли: "тéбе, господúне, ки ти пóзна за тáтку, ти са мóл'а да ми зéмиш, да ми отнéсиш на нéкој далéчно мéсто"* [V,PM,108].

úди pl 'видови'; сп. *апó óла та úди* 'од сите видови' [MS,t,84].

идúја* f 'општо мислење (за нешто) - идеја' [MS,s,38]; ~ *и на двáта му сă ни л'éгнувáш'и; ш'тó прáв'ат т'é, фăрл'ат ч'óп, тó за л'éгни на бóлнију кривáт, амá нóс бúш'и ч'úста, амá идúјата гл'éдај, ш'тó за дукáра* [MS,t,42].

идинáјсти num 'единаесет' ~ *иднá авдувúца им'ăш'и иднó д'ăтл'ạ ут д'éсит', идинáјсти гудúна* [MS,t,81]; ~ *и сáт'ут бúш'и идинáјсти и пулувúна стрид'ă вéч'ăр* [MS,t,83]; сп. и: **идинајситти** adj 'единаесетти' ~ *имито Сланица... ка гу писале Гăрците тогај, се лафело оша ув идинајситти век* [ME(P),76]; ~ *да станáле на тóа чáс, сạ вăрнáле на Јерусалúм, да му са нáшле и на иденáјсите кýп* [MV,K,252].

идинáк m 'гребен за влачење волна' [ИГ,125].

идна-две num 'еден–два' (приближен број) ~ *и ут идна-две гудини дă нăвакă сă пувелјăт ут Екзăрхијăта и пејăт нă скăлјоту и нă цăрквăтă бугарцки* [ME(P),80].

идначка num, dem. од 'една' ~ *бигала, бигала, мома Пилурјанка [бигала, бигала, кошула нимала [идначка имала, снаина му била* [ME(P),97].

идно* num, n **1.**(еден) ~ *дујдé и тó шо зé иднóто карагрóшот, ричé: Афéндо, ти пузнајáх на тéб шо си идéн скрúвин човéк* [MV,K,271] – формата за ср. род употребена во функција на машки (*иднóто карагрóшот*); **2.** изр.: **идно време** 'одамна, некогаш' ~ *старинцко тукмејне мигју бејзте и силјајнту, шо било идно времă секăдă и шо-ј устанало сăл ув Аларе* [ME(P),87]; **сáту на идúн** (= еден часот) ~ *"ш'тó вилúш'?" "да сă пуч'ýд'ạ тóс в'éч'ер, да ýтр'ạ сáт'у на идúн да дóш' за ти кáж'ạ"* [MS,t,10].

иднóш' (и: **иднăш, иднош**) adv 'еднаш, еден пат' ~ *и сă бáкнаха éш'ти иднóш' и сă раздилúха* [MS,t,84]; ~ *иднăш сăл утипаа идно, и на то сăл кожта маа издраа* [ME(P), 77]; ~ *јáс ти пувéлам: úспадни уф нéгу, и óшт-иднúш да не флéзиш на нéгу. И ка викá иднúш и ка гу трисé на дéтито* [MV,K,285] – во илустративниот текст среќаваме изместена употреба на предлогот

уф (= во) што се јавува наместо предлогот 'од' (за ова в. во граматичкиот дел).

иѓу́пка (и: **ид'у́пка**) f 'жена припадничка на народност по потекло од Индија, живеат распрснато низ Европа, имаат темна боја на кожата, Циганка' ~ *тогас една иѓупка ѝ вели на кралицата: "миличка кралица, да ти кажам касметите, ама требува довечера... да глендаш се́, која мома как ки си има ра̄нцјате кладена на спанету"* [V,PM, 208]; ~ *три в'е́ч'еро́ви с'е́ п'а̄јаш'и иѓу́пката* [MS,t,53]; [MS,t,56]; ~ *момата, дека беши бела и царвена, дојде иса̄хнала ка̄ту да̄ска и почарн'ала кату иѓупка* [V,PM, 195].

иѓуптин (**еѓуптин**) m (в. **иѓупка**) ~ *единојут рече: "л'апот на леш мириса"; второјут речи: "јагнето на куче мириса"; третојут рекла: "море и кадиата кату на еѓуптин мириса"* [V,PM,182] – случај на нерегуларна конгруенција меѓу субјектот и л-формата: *третојут рекла* (за ова в. во граматичкиот дел).

иѓупче n 'дете припадник на народноста Цигани' (в. **иѓупка**) ~ *едно времја татко ти го беха зели на кавгата, та ми остави тука сос едно иѓупче хизмикарче, та јазе сос него са збраках* [V,PM,183].

Иеримі́јас m 'л. име запишано во Солунско' ~ *Гу на́јдуха удо́л ина́ ја́ бла̄ка с'ад'а̄ш'и пруфи́тис Иеримі́јас* [MS,t,59].

ижжеже* pf 1. 'изгоре'; 2. fig. 'упропасти' ~ *уошче ли си јергеноваш [јергеноваш. левеноваш? [изгори ма, ижжежа ма [та ма стори сухо дрво [сухо дрво габероу* [БД,115].

из prаер 'укажува на движење во одредени граници, одговара на предлозите **низ, по'** ~ *Кал'у ле мари Калино [ни стој Калино при коњ'а [ни рони са̄лзи над мен'а [чи шче си кон'а јобода [та шче из па̄тја јостана* [БД,71]; ~ *дне́с та̄ка́ у́тре та̄ка́ и анѝата пупра́ве си а́нут, пупра́ве-си ста́и, купу́ве-си па̄јто́н и де́тто сус-па̄јто́но си-ше́те изгра́дут* [ВК,282].

изајл'а́зе* pf 'стане мрзлив, не сака да работи' ~ *по́ра́но не́ би́ше тако́ф, ама сига́ ка́к са̄-изајл'а́зил, ни́што не́ пуфа́ште* [ПК(Кр)].

иза́рце* pf 'потроши' ~ *и́ма такви́ л'у́де ка́ ки-ви́дат по́вике па́ри,... ки купу́ват но́го за̄-пи́јне, ки-ј иза́рѝат па́рте, се́тне ки са̄-пе́ча̄т на̄-сла̄нце* [ПК,2 (204)].

и́зба f 1. 'помошна просторија, обично под нивото на земјата, визба' ~ *ричé Го́спот ва́ прика́зна: бе́ши иде́н чове́к стопа́н, а сади́ ло́за, и загради́ о́кулу на не́го, и а купа́ на не́го и́зба, и а прави́ ку́ла* [MV,K,269]; сп. **будру́м**; 2. 'премин под земја, вид тунел' ~ *па̄нт' ут зим'а́та удо́л* [MS,s,41].

изба́јна pf 'го измие телото со вода' ~ *и ца́рут на̄риду́ва ба̄ргу да̄-се̄зе́ва же́на̄та, да̄-си-изми́е, да̄-си-изба́јна* [ВЕВ,303].

избакнат* adj 'кога нешто (пр. лице, икона и сл.) дошло во допир со усни во знак на почит, љубов' ~ *кога се јосвестох порти јотворени [порти јотворени, га̄рди разга̄рдени [лице избакнато, пакос направено* [БВ,285].

изб'а́ли* pf 'направи нешто (пр. платно) да биде бело, обели' ~ *суби́рам ина́ трумба́; бити́са ткан'е́ту, с'а̄ и́ш'ти пла́тнуту да гу изб'а̄лими* [MS,t,7].

избега* pf 1.'напушти некој простор, се оддалечи, најчесто намерно за да се отстрани од некоја опасност' ~ *отиде дума и видел неговите жени да скокат голи, грабнал ножа и заклал всичките и напкун избегал на планината* [MC(B),72]; ~ *е то́а̄,*

нă-тăкá сă-ѡáсни, нă-вáј сă-ѡáсни, пáшкăта му-сă-скинáла, вóда, знáчи, пăлăн ќýпо, нé излéве, едвај избăгáл [ПД(157)]; **2.** 'замине некаде' (во ситуација кога никој не го брка) *~ лувѡúата вéле: "А брé мóмче, нé видé нéкуј зăгáр?" "И-и, избигá нăкăт гóрта"* [ПК,2(189)]; *~ а ут ки избегăш немăш рăботă ни су нăпрежнјут мал-сăјбијă* [МЕ(Р),88]; *~ нăд зáсрăта кă дујдé, стáнѧ нивéстта сă-субличú, сă-измитú, сă-исчистú... Му-вéл'ам: ки-јáјте и ки бéгне!* [ВМ,319].

избегуве impf (в. **избегá**) 'се отстранува (пр. од некоја опасност)' *~ нáјлóш е Дубрувéно* (име на ветар што дува во Дојранско), *óн дý ут Крýша, ут Сýрл'ăво, пó-гулéми дăлгú прáве, ги рăстýруве мáндрите, лéсите ги судéруве и тăкá рúбите избéгувăт* [ПД(129)]; *~ сă-кăчýве нă-брóдо, с-избéгуве* [ПД(151)].

избере pf **1.** 'меѓу повеќе предмети дава предност на нешто, односно го претпочита она што мисли дека е подобро' *~ уддé уд дрýго сéло дă-зúме жéна, уд нéгăфто нé мужé д-избéре* [ПГ(С)]; *~ избрáхѧ гу зѧ гул'áм ч'ул'áк* (= го поставија на одговорно место) [ВД(1),36]; *~ и јас си бев една на мајка [една на мајка и татко [додек сум млада зелена [побрзаа да ме оженат... [па на мен ерген избраха* [БК,161]; **2.** 'заврши со собирање на плодови (градинарски или овошни), тутун и сл.' *~ о-избрáхме тит'ýнут* [ПК (Гр)]; **3.** 'земе, прибере' *~ úма на мóјта цáрчина човéци, штото не можáх да зéмам от нúх двáјси годúна даванúна. Таја даванúна сáкам да ми га избéриш* [V,PM,107]; **4.** 'нешто смести во одредено пространство' *~ на цар'у да му кажиш: хем кадăр сам цар да дочакам, хем сос колку аскер да дојди, аф един чадăр нетри мога да гу изберам!* [V,PM,36]; *~ Боже, да ми помогниш, на небету што има звезди, сас слăнцето и сас месичината, да мога да ги извадја на едно кадро и да ги изберам аф лешката... ~ и на морету, што има гимиа, риби и друго нешто, да ги извад'а на едно кадро и да ги изберам аф мигдало нетри* - со еднинската форма *гимиа* се означува мн. [V,PM,89]; **4.** изр.: **гу избрá бустáно** (= се кажува за човек којшто доживеал голема непријатност, *áк зăгáзе*) [ПД(136).

избéрăве* impf 'меѓу повеќе предмети (лица) се определува за нешто што мисли дека е подобро' *~ куту сáа ка избéрăвăт "красúва" нă свéтут, и уф стáро врéме, и тóѓи тăкá имáло дујнá-ѓузилúјка* [ИГ,110].

избúе pf **1.**'ги истепа сите (редум)' *~ сă рăзгувурúа, - рéкле: "Вóа уд нáс пó-сúлин, дѧ му а дáдме дѧ си óде - ќи нă избúе"* [ИГ,114]; *~ утúдија Тýрците тáм. Тúе избúле нéкуј óсум дýши, и-извадúја и-дунисéа* [ВЕВ, 297]; **2.** 'исчука млеко во бутим – за да се оддели маслото од матеницата'; **3.** сп. **избијá вóда** (некаде, пр. во нива, во двор) 'се појави вода' [ПК(Гр)].

избигáн* adj 'кога некој ќе напушти некоја средина без да биде забележан' *~ и пупáјăта си-ă исфăрли бýндăта у-óгнут; кóа ќ-испýл'ăт лисúцăта избигáнаа* [ДК,143].

избира* impf (в. **изберăве**) *~ му-рекла: "Штѧ-ми-кáжеш с'á зѧштó мѧсвѧлú ут-кубúлѧтѧ, зѧштó ни-úскѧше дѧ-сѧ-издуú нăз óфца и зѧштó избúрѧщѣ тăј јáгн'ѣтáтѧ"* [ВД,76].

избирýа* impf 'собира предмети, ги присвојува' *~ ричé: Афéндо, ти пузнајáх на тéб шо си едéн скрúвин човéк, жнúиш дéка нé си сиáл, и*

избиру́аш де́ка не си дава́л [MV,K, 271]; сп. **изберăве**.

избира́н adj 'обран' (напр. орев или друго овошно дрво); сп. **субира́н** [MS,s,41].

избирлиф adj 'тој што не се задоволува со осредност, перфекционист' ~ *то́о шо са́ке се́ а́рно. Нă-не́го нă-мо́јш дă-му пуго́диш, но́го-ј избирли́ф, не́к си ку́пе са́м* [ПК,2(51)].

избі́стре pf 1.'кога некоја течност што е матна ќе стане бистра' (пр. вода, вино) ~ *ни́м дă-пи́јш дуде́к не́ сă-избі́стре*; 2. 'кога облачно време ќе се разведри' ~ *сă-избистри́ нăкăд Угрăжде́н.*

избі́струве impf 'кога плод почне да зрее (ако има тенка и провидна лушта, пр. грозје)' ~ *нă-Прăбрăжде́н гро́здито ќи-по́чне дă-сă-избі́струве* [ПК(Мор)].

избі́че pf 'заврши со бичењето (кога од трупци се прават штици)' ~ *дăгу-избі́чме то́: уре́ут, ќи-испа́днăт у́буви дăски* [ПК(Гр)].

избл'а́е* pf 'кога овцата пушти глас' ~ *то́ј фа́тил дру́гу, пăк в-тузи́ вре́м'ę не́гувăтą ма́јкą избл'а́лą и рęкла́: "Ја́ си-и́мąм са́му две́ ја́гąнца"* [ВД(1),76].

избли́же* pf 1. 'со јазикот помине по некој предмет'; 2. изр.: **прăстто дă-си-избли́јш** (= се кажува кога се јаде многу вкусно јадење) ~ *шо-јăде́х уф-Бо́жа... прăстто дăси-изблі́јш (изе́јш)* [ПК,2(189)].

избл'уве* pf 'исфрли преку уста она што го има изедено' ~ *"... а шо и́ма дą и́ма - си́те дą и избл'у́виш, дą-ј иска́риш". Избл'ува́ла и жи́ви и умре́ни* [ИГ,109].

избо́де* pf 1.'кога со предмет што има врв допре до кожата (или до нешто др.) и така направи дупчиња (на кожата)'; 2. – **(сă)** 'кога со боцкање нешто се оштети' ~ *мuréче нă-вăлко: "Ама ко:-ки-влезăме уф-ме́не, са́мо прăт-те́бе дă-сиглеј́ш, дă не́ ди́гиш гла́ва нă-го́ре, о́ти го́ре и́ма тăрне и гло́же, ки-т-сă-избо́т о́чте"* [ВД(П),286].

избриче (си)* pf 1.'со многу остар нож (брич) ги отстрани влакната до самата кожа' ~ *она отиде на младо терзијче, си крои от цар бостанџија руба, и отиде на берберот, си избриче руса коса* [МС (В),93] – во контекстот имаме случај (покрај турски образец) во кој првата именка се јавува како атрибут на втората (сп.: *от цар бостанџија руба* м. 'руба од царски бостанџија'), освен тоа се потврдува и употребата на предлогот **од** "како граматички показател на односот на припадност" што претставува еден од аргументите за дејството на балканската јазична алијанса во југоисточните (егејски) македонски говори; ~ *мăлчи моме не ми плачи [ки си избричам белта брада [ки потстригнам мустаките [ки се сторам младо момче* [БВ,292]; ~ *му ви́ке: "Јас сум дујде́л с те́бе дą сă би́ăм". – "Ајде", му ви́ке. – "Че́ки дă сă избри́чум"* [ИГ,112]; 2. fig. 'наплати нешто многу скапо' ~ *нă-То́мто зă ни́што рąбо́та музе́ле но́го пąри́, о-избрича́ли.*

избри́чăве impf (в. **избриче**) ~ *фле́ве уф ąдин гра́т, уста́ăве ко́јнут ... фле́ве уф ąди́н дуќа́н (бирбе́рин) дą сă бри́че. Тама́м сă избри́чăве пулви́нта и гра́дут сă затво́рăве* [ИГ, 113]; ~ *кą сă избри́чăве, гу пи́те: "Са́а, ка́ са́киш дă сă те́пме - сус кăлăчка или на јуна́сво, нă буре́јне?"* [ИГ,113].

избрише* (и: **избăрше**) pf 'со крпа (или со др. предмет) ги собере капките (или прашината) што се имаат нафатено на некој предмет' ~ *Мари́а бе́ши шо му а мажа́ на Исус су ми́ро, и му избриши́ но́зити*

су ко́сата му ут гла́вата [MV,K, 286]; ~ *им дуј́де́ла кӑрфта дӑ-ӑ-пузна́ат о́ти им-е̣ ма́јка, и извӑди́ле шӑмичи́јнӑта, ӑ-избриша́ле, ӑ-бакна́ле* [BEB,302]; ~ *сто́мнӑта то́не, нӑто́нуве, избр̆ш-а, о́на па́к пушти́ла ма́лчко* [ПД(129)].

избришуве impf 'го отстранува напишаното' ~ *внӑтре писало: "Предлозан да го готвиш вечар, да го јадиме!" Ка видел така Предлозан, а избришуве книгата, пишуве друго писмо* [V,PM,272]; в. **избрише.**

изброе pf 1. 'ги изреди броевите последователно за да стигне до она што претставува крај' ~ *ка видел оти истепал фного мухи, поми лил да ги изброе. Ги избројуве и гледе: утипал читриесе мухи* [ШК,5(432)]; 2. 'даде одредена сума пари, плати за нешто' ~ *прид свидо́ци му-ги-избрујал пӑри́те, ама то̆ па́ не́ са́ке дӑ-призна́а* [ПК(Гр)].

избру́ше pf 1.'избере плодови од дрво со чукање на гранките'; 2. изр.: **чу́зди кру́ши ни́м бру́ши** (= немој да се мешаш во туѓи работи – поговорка) [ПК(Гр)].

избуга́рин* adj 'нешто што си ја изменило основната карактеристика' (обично за семе) ~ *измиле́зин, се́мто сӑ-избугӑри́ло* [ПК,2(51)].

избукли́ф adj 'се кажува за оној што брзо и нервозно реагира' ~ *нӑ-н'о́о ни́м му кӑжу́ви о́т е́ј но́го избукли́ф* [ПК(Ал)].

избу́кнуве impf 'лесно се возбудува и за ситници се кара' [ПК(Ал)].

избуте́ве impf 'кога семето фрлено в земја не никнува од преголема влажност' ~ *избуте́ве; шо́ не́ ни́кне се́муто ут по́вике ла́дно, уд вла́гӑта* [ПД(123)].

избу́лва* pf 'поврати, ја исфрли низ уста храната што пред тоа ја консумирал' ~ *тој не можаши да ходи. Тогас карталите избалваха месото и гу кладоха пак на ногата му, гу оздравјаха* [V,PM,222]; ~ *му ве́ли: "кату се исфӑрши месо́то, искина́х една́ парча́ от нога́та ми, ти да́дох, ја́ди". Тогас карта́лот гу избу́лва, и па́к оздравја́ му и нога́та* [V,PM,136].

избарбо́ре* pf 'прозборе нешто (непотребно) на брзина' ~ *не́што избарбури́, а́ма а́с и не́ гу ра̣збра́х* [ПК (Гр)].

избарка* pf 1. 'изгони' ~ *едно лудо младо на мијани било [пило се јупило, ашчикот го испило... [намани му Мито на нашите цета [на нашите цета нека го избркат* [БВ,240]; ~ *ми испрати ќаја младите кијаи [ми избркаја силните јуфчари [ми истипаја јабре сите цета [ми испекоја руди јаганца* [БВ,182]; 2.. 'измеша различни работи' (направи да бидат заедно) [ПК (Мут)].

избарӑкува* impf 'прави нешто да биде измешано'; сп. **збарӑкува** [MS,s, 41].

изва́ж'да (и: **изваги, изваѓа**) impf 1. (в. **извади** – изнесува) ~ *го зева нас д'ун'а ѓузели от рӑнката, го изваѓа вунка на сухо и мо вели ...* [V,PM,162]; ~ *напкунта иди дјавулут, и му изваги уф-сӑрциту шо слушале, да не си веруат да уткинат ут грехуви* [MV,K,274]; – во првиот контекст има несоодветна употреба на предлогот **от** наместо 'за': *го зева от рӑнката*; во вториот предлогот **уф** (= 'во') се јавува наместо 'од': *му изваги уф-сӑрциту* (поопширно за ова во граматичкиот дел); ~ *изва́ж'да т'а́ уд м'ибо́ ш'иш'е́ту сӑс вуда́та, му ги уми́ва уч'и́т'а̣* [MS,t,24]; ~ *изва́ж'да визи́рину и му брујѝ хил'а́да ли́ри, му да́ва* [MS,t,40]; 2. 'соблекува' ~ *ги изва́ж'да н'е́јнит'а̣ ру́би, ги*

да́ва на про́с'ацку; про́с'ацку ги изва́ж'да н'е́гуви́т'ц ру́би, ги да́ва на н'е́ја [MS,t,23]; ~ *дур да н'ој то́с да сӑ заокули ... нив'ӑста фуста́н'у гу изва́ж'да, ут будру́м'у на јата́ку пра́в'ц* [MS,t,13]; ~ *и то́ј кајм'е́н'ју ш'и́ч'ки ги изва́ж'да ут грӑоо́ и си уста́на сид'ӑ у куш'у́л'а* [MS,t,41]; **3.** 'собува (кондури)' ~ *сто́р'ацха мухабе́т и сл'а́зи да си по́ј д'а́т'ацту, ги изва́ж'да папу́цит'ц ут нуга́та* [MS,t,22]; **4.** 'одерува (кожа)' ~ *н'ӑј нуз'ӑт'ц – вили́ – куж'а́та уди́ра ('изва́ж'да')!* [MS,t,78]; **5.** 'истава, тргнува' ~ *гу зва́ж'дам ут во́гн'у* [MS,s,42]; **6.** 'извлекува' ~ *гу ц'а́снува му́л'ацту ут кало́ то́ј, гу изва́ж'да, гу кла́ва у бајиру да пасе́* [MS,t,36]; ~ *то́с ни канди́сува, изва́ж'да но́ж'у за да гу зако́ли* [MS,t,18]; **7.** 'симнува' ~ *и пути́р'у и гу спи́ва, гу уста́в'ӑ пра́зин; изва́ж'да и прӑстин'у ут н'е́ј'н'у прӑс, си гу кла́ва на н'е́гуву прӑс* [MS,t,21]; **8.** 'симнува од коњ' ~ *кату за подат у зентјувата кашта, и таму си клани нивјастата. Тогај излева зентјув татко, ја изважда от кон'а... и сос две ламбади запалени... сос свјатило да влези на ј.дајата* [V,PM 250]; **9.** 'поведува' ~ *тогај го зева нас дјун'а ѓузели от рӑнката, го изваѓа вунка на сухо и мо вели: "јазе бездисах от човечи најам: до сега не и можјал некој да ми даде каршилӑк"* [V,PM,18]; **10.** 'корне' ~ *зва́ж'дам ко́рин'ц;* сп. **ко́рини** [MS,s,,53]; **11.**'испира, плаји алишта' (откако биле испрани) [ПК,2 (51)]; и: **изва́јде** [ПД(114)]; **12.** 'прави слика, копира' ~ *влезе́ не́три само́с, земá кни́га, отво́ри пе́нцирјата, фати́ горе да изва́жда јурне́к схе́дио* [V,PM,18]; **13.**'означува, прогласува' ~ "*Колко за дадеми, толко и за езмими. Ету толко деца имам и јаз, сакат шамии, лелите и сестрите сакат кошули." Тогај на татко-то веки му дават нај-веки единајси гроша от хил'адата. Другите ги изваждат фира* [V,PM,246]; ~ *му флезӗ нӑ бегут пут кожӑ, шо не гу-јзваѓӑ негу кипазе* (= почна да му се умилкува на бегот бидејќи премолча, не кажа дека е безобразник) [ME(P),90]; **14.** изр.: **м'ц зва́ж'да** (= имам пролив); **м'ц ни зва́ж'да** (= имам тешкотии при вршење нужда) [MS,s,42].

изва́ж'дани n 'пролив'; сп. *м'ц зва́ж'да* (имам пролив) [MS,s,42].

изва́де (и: **извади**) pf **1.**'изнесе нешто од некаде' ~ *е, му ве́ле, о́ди нӑ-то́ изе́руто, ќи-си вӑрзиш ину ќуп ysáди и ќи са нӑпӑлне ќу́пут и ќ-у-изва́јш* [ДК,143]; ~ *Пе́три изва́ди идно́ ице́ ут ц'ибо́т, гу ст'е́гна ице́ту сӑс ка́минут набу́н и пу́сна о́да* [MS,t,75]; ~ *фа́ти да ко́ли на л'а́ву на пра́ву да му сӑ наби́ рӑнка́та и изва́ди ца́р'у ино́ ч'увре́, ш'ту гу има́ш'и дар'е́ну ма́лката́-му мо́ма* [MS,t,35] – во контекстот наоѓаме присуство на архаичната лексема **прав** (= десен), поопширно за ова в. во граматичкиот дел; ~ *ми кажаха: "твоја човек се утепа"... напкун го извадихме от долу с макината, го турихме на един табур, гу нусихме у дома и там псувиса* [MC(B),83]; **2.** 'извлече нешто што е заглибено' ~ *и така тихиса на пӑт'у един азмак, нетри кату батиса кон'ут, отидох, дури да гу извадам* [V,PM.55]; ~ *паднала Рада в Дунава [јоттам замина мајка и [– јала ма мајо извади! – ни мога шчерко, страх ме е [јоттам помина татко то [– јала ма татко извади! – ни мога шчерко, страх ме е* [БД,154]; **3.** 'претстави, изнесе нешто' ~ *о-извади́ на пазáрут, ама ни́кој не́ купи́, ни ади́н гро́ш не-м дадéа на рибáринут* [ПК (Ал)]: **4.** 'однесе, исфрли нешто

на брегот' ~ *оти́де аф море́ту, најде́ гемі́а, си пазари сос гимиџи́ата да гу изва́ди на една́ ада́* [V,PM,23]; ~ *Кулу́ф аф море́ту а ту́ка да си ода́ви, а та́мо, ѓалги́те гу извади́ха понапрет та́мо, де́ка са́каши да изле́зи, гу фӑрли море́ту на сухо* [V,PM,9]; ~ *кату флезе́ сос гими́ата аф море́ту фати́ една́ стра́шна фурту́на и гу извади́ на́ кра́ј едни́ ца́рџки кона́ки* [V,PM,24]; **5.** 'откорне дрво (заб)' ~ *от мӑра саат сетника Половингѓазју, кату са џасна еднош, га извади тополата от корин и га зема на гѓрбот, га закара џјала на мајка му* [V,PM, 104]; ~ *та са пусна стари џјадо [стари џјадо јот хорото... [та јотиде до дома си [јобричи си бјала брада [извади си жӑлти зӑби* [БД,62]; ~ *му р'е́кухе : "ми т'е́глиш'!" и ути́ди идна́ ла́м'а, си изва́д'ала иди́н дӑмп, си гу з'е́ла на грабо́т* [MS,t,75]; **6.** 'одере кожа од животно (евентуално од човек)' ~ *вазден са мӑчеха, не можиши некој да гу отепа; тојнака, кату фӑрли сос татковата му пушка, гу отепа фил'уту и му извади кожата* [V,PM,41]; ~ *ја́зе ти са́кам да ми си џја́ниш хизмика́рин от ку́к до ку́к и хати́р да не́ ти оста́ни, ча́ на ко́го хати́р ки му оста́ни, по една́ фа́ша царву́ли от грабо́т ки са изва́ди* [V,PM,127]; ~ *хе́м му ве́ли: "о́ј хама́ли, на́ ви пе́т гро́ша да гу изди́гнити това́ жрји́че от ту́ка и, а́ко са́кате, зако́лите гу и изва́дите му ко́жата"* [V,PM,120]; **7.** 'симне капа' ~ *тогај стана и бӑлгаринот, са уму, извади капата си, са прекрӑсти, каде угрјаи слонцето, па си надјана капата* [V,PM,179]; ~ *тогас за станат прави двата сватови, за са извадат капате каде угрјај слӑнце, за си прикриет три крӑстови и един другиго за си бацат рӑнџите* [V, PM,245]; **8.** 'покаже, разголи' ~ *му риче: "верно да веруваш, ни лӑжам" – "е, ако не ми лӑжиш, извади белите џицки"* [MC(B),98]; **9.** 'се појави, никне' ~ *јади тој, даде и на жена му и на керка му, јадоха и троицата, извадили пу две рогови* [V,PM,35]; ~ *та кој ки јади од смоквите, ќе да извади рогови* [V,PM,35]; ~ *хекимџилӑк чинал, и тихиса един џар кату вас да има една керка, та џарјут и жената му и керка му беха извадили пу две рогови на главата му* [V,PM,36]; **10.** 'истави, симне' ~ *момичката га нашли набодена на един кол наврз плетот, и така мајка и а нашла, а извадила от колот* [ШГ,5(402)]; ~ *и тјанака извади от ушите и ушниците, ги даде на оно џјате и му вели: "лудо јуначе, гледај харно да не ги запри мӑжот ми"* [V,PM,68]; **11.** 'потера' ~ *тогас Мајдон вјахна пак на кон'ут, гу извади вӑнк от протудракувот конак, и му извади сетни и свингерите от ногите и заедноч гу закара кон'ут на џарјут* [V,PM, 74]; **12.** 'совлада' ~ *тамука имаши малку един јукуш на пӑтјут; тогас џарјут му вели: "побратими, сега и двата да ходими, ке да постанини, но нади јаика да ти вјахна мӑра, и сетни тинака пак ми вјахнуваш мӑра – така гу извадими то јукуш!"* (печатна грешка, пишува: *гузизвадими*, на истата стр. подолу: *... и јаз да гу вјахнам негу мӑра, та така да гу извадими оно јукуш*) [V,PM,54]; **13.** 'ослободи, пушти (пр. од затвор)' ~ *за по́јми у́тр'а на апсана́та, за изва́јми два хапӑза, ш'ту сӑ ида́мџ'иза; и тук и́ма иди́н бо́лин* [MS,t,42]; ~ *тогас кадиата позна́ нихната кри́вина прати да ги тера, ама не можа́ да ги сти́гни. И така́ гу извади́ негу от хапу́зот, гу пусна* [V,PM,9];

14. 'ангажира' ~ *виа не знаити, ча јазе имам дефови, които човек жив не оставјат, кога ки да ги извадам* [V,PM,45]; **15.** 'дезангажира од некоја обврска' ~ *и ипидис мајка ни има́ш'и дру́гу д'а́т'ѧ, м'ѧ изва́ди ут но́с ч'урба́м'ија* [MS,t,87]; **16.** 'одреди цена' ~ *еди́н де́н промина́ тел'а́лот приз ка́рпа́чинот, хе́м ви́ка, за́ ка́штата за педисе́т хил'а́ди га извади́ха* [V,PM,18]; **17.** 'соблече' ~ *да им чинат хизмет, да им носат таин царска софра ката ден, ката вечир, сиромашките дрехи му га извади и га примени сос царски дрехи* [V,PM,64]; ~ *"расприм'ѧни́ са́ с'е́тн'ѧ, и́звади ру́бит'ѧ, да́ј ги на м'е́н'ѧ, у диса́јку кла́д' ги, на́дини си ги в'е́ткит'ѧ ру́би"* [MS,t,32]; ~ *фта́са д'а́т'ѧту на б'а́ла во́да, си изва́ди ру́биту и фл'а́зи на кури́туту* [MS,t,14]; **18.** 'собуе' ~ *за по́да у дума́ да и́звад'ѧ царву́лит'ѧ, скаху́нит'ѧ, за́ са́ му́ја* [MS,t,65]; **19.** 'принесе, постави' (јадење) ~ *тога́ му извади́ха, за петми́на ја́стие му дадо́ха, гу изја́ди и па́к ви́ка: "гла́дин сам"* [V,PM,24]; **20.** 'се роди' ~ *една жена не можа да роди, вика баби от четири села... напкун са ма́чиа да го извадат детето, ама не можаха* [MC(B),8]; **21.** 'приготви нешто, донесе' ~ *му ве́ли ба́бата на не́гу; "по́стој ту́ка ти́нака! Јазе ки изва́дам же́нски дре́хи да си приме́ниш и така́ да ти зе́мам не́трика!"* [V,PM,9]; ~ *извадил царјут аскер млого, ама се́ крастав гу кардиса сичкото; пак извади един аскер се́ арапи* [V,PM, 226]; **22.** 'допрати, занесе некого (некаде)' ~ *по́пот му ве́ли на барли́воју: "изва́ди гу дјáтето ва́нка да си раше́та!"* [V,PM,128]; ~ *рекоха меѓу них: "ајде, побратими, да го извадими по курбет, да го загубими дегонде, да му везмими парите"* [V,PM,178]; **23.** 'прогласи, означи' ~ *как не бехме рода бре бај Пустоле [как не бехме рода пет години време [рода ни извадихте бре бај Пустоле [рода ни извадихте во неделата* [БВ,138]; ~ *и та́м са́ катата́ксах ('зал'ѧпи́х') на де́катоно́гдон ш'и́ндагма и там м'ѧ изва́ди епитрупи́ту војититико́с* [MS,t,1]; **24.** 'заработи, спечали' ~ *"ни гл'е́даш' на́ш'та ра́бута не ди́га; ко́лку за изва́диш' ут пуртука́литу ... за т'е́б'ѧ ги да́вам!"* [MS,t,26]; **25.** 'изучи, совлада' ~ *детету кату пејал некои две месеци, извади га па́рвата книга и сака друга* [V,PM, 38]; **26.** 'одреди цена' ~ *еди́н де́н промина́ тел'а́лот приз ка́рпа́чинот, хе́м ви́ка, за́ ка́штата за педисе́т хил'а́ди га извади́ха* [V,PM,18]; **27.** 'подари' ~ *па́к га чу́кнова и ве́ли: "кути́јка, и́звади за́ де́цата ми по еди́н таки́м дре́хи се у зла́то"* [V, PM,148]; **28.** 'изнесе на позиција, приготви за акција' ~ *тогас катарниата отиде на царјут, му вели: "ади, царју, извади аскерјут, ча докарах манца да ги наситјам фрет". Царјут извадил аскер без број* [V,PM,79]; **29.** 'оддели нешто од целоста, отсече' ~ *тој забави млогу, тјанака угладн'а, извади што е да јади, ама не можа, зашто мирисаши на човек, и, кату не можала да јади, извади една парча месу, гу фа́рли под ругозината* [V, PM,62]; **30.** 'направи на некое место да тече вода (за пиење, односно за миење)' ~ *на другаре вјали и гојвори: "ој другаре, верни мои л'уде [ја шче умра, умра и загина! Ај тука ми гроба ископајте... на глава́ ми чошма извјадјајте* [БД,161]; **31.** 'заврши некоја работа' ~ *во ура́чут изва́ди́л а́дна́ бра́здă, дигна́л ра́лту, ва́рна́л воло́те на́-дру́га́та́ стра́на́, дiméк... утде́ка́ за́фа́ти́л па́рвна́та́ бра́здă* [BB,309]; **32.** изр.: **му извади**

излачуве* impf (в. **излаче**) ~ *ка́ ки-по́чнат да ја́дат тре́ва ги излачуме за да мо́лsиме мле́ко* [ПК(Пл)].

изма́цан adj 'извалкан' ~ *це́лјо би́ше изма́цан* [ПД(Ф)].

измаже* pf 'стави нешто (пр. маст) во тенок слој врз одредена површина' ~ *сла́нцето им ве́лиши: "и ви́а сти ха́рни, а́ма на́ј-ма́лката, Ангели́ну, е на́ј-ха́рна". Те́нака от ја́д што да чи́нат? Оти́доха, га изма́жаха сос о́лцка лајна́* [V,PM, 132]; ~ *Мари́а па а зе́ иднó чире́к ми́ру миросли́в но́гу ска́пу и али́з, измажа́ на нозити Ис-а и а бриши́ла су ко́сата ут гла́ва* [MV,K, 288].

измаме* (и: **исмами**) pf 1. 'направи некој да биде во заблуда, излаже' ~ *излажах те моме, измамих те [с-една риза, с суво грозде [однесех те моме в Шар Планина* [БК,39]; ~ *и вили́: "ба́бу, јас и́ш'та да и́смам'а идна́ ж'е́на, ка́к мо́га да ја и́смам'а?"* [MS,t,68]; ~ *и са и науч'и́л мло́гу ут ш'и́ч'ку и си вл'а́ш'и: "н'е́ма ч'ув'а́к да м'а исма́ми!"* [MS, t,37]; 2. – **(са)** ~ *и о́н са исма́ми заедо́ч и му рече́ на ца́рјут: "ца́рју, ја́зе сношти бе́х на едно́ ме́сто; виде́х една́ диво́јка"* [V,PM,9]; ~ *са исмами уврејката, гу зема, са ужениха двата, и дур на годината, уврејката родила две дечјунка от него* [V,PM,224]; сп. **сма́мувам** [MS, s,50].

измели pf 'кога житни зрна со триење меѓу воденични камења ги претвори во брашно' ~ *тамо растовари товарот; водинчарот гу тури на водиницата, гу измели брашно* [V,PM,39].

измени* pf 'направи нешто да стане поинакво' ~ *и така от то време ги изминиха името, ги викаха кабанчари* [MC(B),92]; – **(са)** 'доживее промена' ~ *и заедноч са изминил на образут и онова час отиде́ да види неговите карагроши* [V,PM,39].

измере* pf 1. 'одреди колку нешто е тешко, или долго и сл.' ~ *со пушка гроба измерејте [со штикови гроба ископајте [на главата цвеќе посадејте* [БВ,143]; ~ *му речел Јане: "Стој, да го измерам дал' е тамам". Дефот му речел "Стој, јас да го измерам; ним са мачи ти"* [ШГ,5(112)]; 2. 'изгледа (внимателно)' ~ *шо́ чуве́к ки пуми́не ко:-изме́ре уд-гла́ва ду пе́ти* [ПК, 2(158)].

изме́се* pf 'со мешање на брашно, вода и сол направи тесто' ~ *испадна́а дву́јца чуве́ци и адна́ же́на, на парчика́а... га-зима́а та́а вре́јкта бра́шанто, удде́ га-јзмиси́а ве́карта, саба́јлинта ни дунсе́е саму́не* [ПК, 2(339)].

изме́т (и: **изме́т'**) m 1.'служење' ~ *дујде́ Исус на Витаниа, та́му шо бе́ши Ла́зар шо умре́, он шо гу крина́ ут умре́шут. Му прави́ле вечéра... па Мариа чи́ниши изме́т* [MV,K,288]; ~ *земи ме Струнке, земи ме [јаз шча ти тебе јоткупја [до две ми, до три јалајки [на тебе измет да чинат [на Турчин кафе да варјат* [БД,153]; 2. 'грижи за нешто' ~ *"е́, за тузи́ бире́ш' гајле́?, ви́кни гу пуна́ два́ ве́ч'е́ро́ви... да бити́са изме́т'у!"* [MS,t,57]; 3. изр.: **си-пра́ве изме́т** (= се грижи за својата уредност, облека, чистоќа) ~ *и о́на си-пра́ве́ла изме́т. А ма ни́ку вре́ме ма́јка-му па́ути́шла* [ДК,144]; сп. ~ *и́мам мра́ва изме́т'*

(= зафатен сум, имам работа) [MS, s,42].

измéте* pf 'исчисти под или нешто друго со помош на метла' ~ *когá дојдé врјáмето нá врăшилáта, тогáс тójнака, нóвио стопáн, кладé тајфáта му да измéтат амбáрите* [V,PM,119]; ~ *нарăчај, моме, порăчај [кога ки метат пулена [и твојта пулена да а изметат* [ME (P),100]; ~ *тјáнака по-нáпрет отúде, кóлко јýди самовúли úмаши тáмо, ги кладé, измéтоха, исчúстиха хáрно нéјните конáци* [V,PM,140].

измéтне (сă)* pf 'заличи многу на некој од своите претци' (по физички изглед, односно по карактерни особини) ~ *цéл нă-тáтко-му сăјзмитнáл, уф гắзо нé о-гришúл* [ПК,2(196)].

измеќар* m 'слуга, наемен работник' ~ *"Имаше друг човек с него?" – "Имаше двама измеќари, и ка не му уј́дисе на исапот, ги сиктирисал"* [MC(B),83]; и: **измиќар** ~ *нé и пóгулéм измикјáрут ут áгата нéгуво* [MV,K,316]; ~ *бејзте фăтијă дă си-ј рăботăт сами бијлиците су измикјарă* [ME(P),89]; ~ *и измиќáрот бéга, оти измиќáр, и нé му и гајлé за óфците на нéгу* [MV,K,311].

измеша* pf 'стави на едно место заедно различни работи, едно со друго измешани (во случајот од брашно, вода, сол и квасец и замеси тесто)' ~ *фати ќусету, ѓната страна брашното го измешú една пита, ја кладе на вогинот да са пиче и фати да му прикажува на детенто* [V,PM,202].

измешани adj, pl 'разнородни предмети, ставени заедно' ~ *грозин бој се започна между Срби и Балгари [между Срби и Балгари напола Македонци [напола Македонци сус Германци измешани* [БМ,21].

измие pf 1.'со помошта на вода направи нешто да биде чисто' ~ *зема две нови стомни и киниса да оди за Дунав на вода, вода нали и лици изми, и киниса да си ходи на дома* [MC(B),96]; ~ *ти да дојдиш на чешмата [да си зевиш калуп сапун [да измијеш бело лице [ти да јодиш на јорото* [БВ,209], **2.** изр.: **му-сă-измијáа óчте** (= се збогати, застана на свои нозе) ~ *уддé уфгрáдо, купú кăшта, сјаа не нă пузнáве гáаре. Му сă-измијáа óчте, гулéм чувéк ај* [ПК,2(178)]; **му-измú гắзо** (= му помогна да заврши некоја не многу чиста работа) ~ *сјáа и ќи-т сă-смéе бúле, ут кá му измú гắзо* [ПК,2(177)]; **си-измú убрáзо** (= се покажа како што треба пред луѓето – се отсрами) ~ *áрно шо си-чýвах нéкуј динáр дă-купúх шо трибýвше, си-прăчикáх гóстто, си-измúх убрáзо*; **си-ј измú рắцто:** *а.* 'се помири со нешто што не е добро' ~ *вúкме нéшто áк зăгýбиш, ја пă дă-ти прăпáдне имáне, тугáј ќирéчиш: áска си-измúх рắцто уттóо и тóо шéј*; *б.* 'кога некој го откажува своето учество во работа што не е успешна' ~ *с-извличé гắзо óн, си-ј измú рắцто* [ПК,2(193)]; ~ *си-измијá рắцто (= нă дрýк винáта а фăрлú)* [ПД,137].

измиен* adj 'исчистен, освежен (со помош на вода)' ~ *шче докара врана кон'а [на кон'а ле сино седло [на седлото малка мома [малка мома Катерина [– измијена, изрешена* [БД,78].

измилезе* pf 'кога нешто се измени и изгуби од својот квалитет' ~ *тóо пипéро ќуптéн сă-измилизúл, ни л'ýте ни ич бúле* [ПК,2(51)].

измине pf 'нестане, заврши (нешто)' ~ *а човеко не флезел во реката, – според лафо на старецо, исчекал да претече и измине силата* [ШГ,

5(408)]; ~ *коледе бабо, коледе [што-ј та лица на пулица? [клади мене у трубулица! [дан м-измине дружиница [дан м-изеде пес за ножица* [БМ,25].

изминува impf 1.'се движи низ некое место'; 2. 'патот "проаѓа", е трасиран низ некои места' ~ *преку во месту мигју селту и полјту изминува друмут* [МЕ(Р),79].

измѝслино adj, n 'добро, многу убаво направено' (нешто) ~ *а-дарувáли адин пăрстин, áма нóгу ýбуво ирабóтин, измѝслино нéшто* [ПК (Мор)].

измитлăк m 'помагање, грижа за стар човек или болен' ~ *áшколсум сѝнко, шó измитлăк му-прăувá нă-свéкурти* [ПК,2(51)].

измитчиа (и: **измичиа**) m 'човек што помага, што служи' (што прави **измет**) ~ *на вечарта му дунесле на Бога измитчијте мо (тьа биле нарăчниците) вичера (вичерта му била: што е мир на светут; су ного видоло и со ного јасте)* [V,PM, 266]; ~ *тóга ричé цáрот на измичѝити: Вăрзáјти на вóа рăци и нóзи, зевáјте на нéго, и извадéјте* [MV, K,270]; ~ *тукý кóј ут вáс сáка да си чѝни гулéм на вáс, ки бѝди на вáс измичѝа* [MV,K,286].

измитчијка f 'девојка (жена) што помага во домашни работи' ~ *не налови диви пилци [тук налови малкај мома [та ја фати за раката [ја префрли на којнчето [ја однесе дури дома [на ти мале измитчијка [а за мене прво либе* [БК,27].

измѝкáрин* m 'човек што помага дома, слуга' ~ *"ш'ó кáзуваш', дăш'тир'у, ти иднá цáрцка мóма да éзмиш' идѝн измѝкáрин!?"* [MS,t,84]; ~ *"јáс за ти дáм ш'ѝч'куту имáни и на т'éб'ạ за стáна измѝкáрин!"* [MS,t,70]; ~ *дóјди ги напýлни трѝт'ạ дугáн'ă вѝца н'ăш'ту и фѝти пу идѝн измѝкáрин* [MS,t,28]; сп. **измѝкар**.

измѝкáрка* f 'слугинка' (жена најмена да врши домашни работи) ~ *"и ш'то прáви там нáс мóма?" – ја пѝта бáбата; "мумáта тáм јад'é, пѝј сăс измѝкáркит'ạ, ни мóж'и да пóј пуидѝн нѝту пѝлă биле"* [MS,t, 21]; ~ *"има тóлку цáрцка д'ăцạ да стáниш' пáк царѝца, а да éзмиш' тýс д'ăт'ạ а да стáниш' измѝкáрка?"* [MS,t,84].

измѝкáруве* impf 'помага, работи секакви работи, слугува' ~ *óн си штáа ќи-му измѝкáрувум* (= тој си мисли, се надева дека ќе му слугувам); ~ *цéл век ти измѝкáруве и пá пугóдба нéма* [ПК,2(52)].

измѝкạрлăк m 'работење за мала награда, слугување' ~ *уз измѝкăрлăк ги-пурăснáх дéцта* [ПК,2(52)].

измóкре* pf 'натопи со вода' ~ *мăфạтѝ дóш, мă-измукрѝ, дýдле мăнăпрăвѝ* [ПК(Гр)].

измолзе* pf 'од вимето на овца (коза, крава и сл.) со помош на прстите го извлече млекото' ~ *ката застра на царцката керка ќаата, емен ке измолзал две-три офци ќ-и гу пуштил млекото, за да се мие* [V,PM, 295]; сп. **измóлзувум** impf [СК,325].

измóле (сă)* pf 'кога волнена материја биде нападната од молци што ќе ја изгризат и ќе ѝ направат дупчиња' ~ *клáј-им тóс нă вăлнутѝјте óт ќи сă-измóл'ăт* [ПК,2(52)].

измóлче* pf 'воздржано изреагира на некој вербален предизвик' ~ *áма шó дă-т гувóре тѝ дă-измóлчиш пạ дă-вѝдме шó ќи-бѝде* [ПК(Мор)].

измóрạн adj 'тој што имал голема активност и сега е исцрпен' ~ *дујдéх измóрạн, кá сиднáх цéл лéп смăкнáх* [ПК,2(210)].

изморе* pf 'почувствува исцрпеност' ~ *Стано л'о, душо л'о [јела ми јотвори [– не мога да стана [*

лозе сам копала [декил сам дигала [мачно са-изморих [ни мога да стана [БД,126]; *~ си здрубили нејни остри сабји [си скршили тешки боздогани [си изморили нејни брзи којни [се фанале с-раце да се борат* [БК,57].

измоче pf **1.**'изврши мала нужда, т.е. испушти урина'; **2.** изр.: **си-измуча́ла нала́но** (= се кажува за некоја жена што се однесува многу нервозно, нетолерантно) *~ ка́ са-л'у́те, ка́ ви́ке но́го не́каа же́на, ки-ј ка́јш: шо мар-ти са́ба́јле си-измуча́ла-си нала́но, диме́к на-кри́во си-стана́ла* [ПК,2(193)].

измочуве impf (в. **измоче**) *~ кученцето и́ рекло: "Дај ми малце грозденце!" Она му рекла: "Што ки ти дадам, што ки устане за мене?" Не му дала. Кученцето за инат са измочуве, го изгасуве огинут* [V,PM,269].

измрјан* adj 'тој што не е жив, умрен' *~ и кога́то отише́л ханжи́ата да ви́ди измрја́ни ли́ са, и ги нашја́л зра́ви, почју́ди са, та ги́ попи́тал: "Ви́дєхте ли н'а́што, като́ приспа́хте ту́ка?"* [MV,K,254].

изму́шке pf 'нанесе повреди со нож' *~ сно́шти не́кој ирге́нчта са-измушка́ли – за не́каа мо́ма, зашо́ ке-ј дру́го ?!* [ПК,2(52)].

измушкин adj 'избоден (насилно, со нож)' [ПК,2(52)].

измарзне* pf 'настине човек (или животно, па и растение)' [ПД(Ф)]; *~ флезе тојнака нај-напрет и фати да вика...; "ади братку, елајти и виа аф фурната, ама земајти и мара вогин, ча измразнах!"* [V,PM, 46].

измарзнува́чка f **1.**'состојба на настинка'; **2.** fig. 'кога човек се чувствува многу непријатно од страв, срам и сл.' [ПК,2(52)].

измарска f 'болест, настинка' *~ ка́ меј фати́ла адна измарска , на мо́жум гла́ва да-ди́гнум* [ПК,2(52)].

измарсуве impf 1. 'каснува нешто мрсно (пр. месо), ако претходно постел' [СК,325]; **2.** 'кога на ткаенина се допре нешто мрсно и остави трага'.

измаче* pf 'кога некој допринесува друг да чувствува мака, истоштеност' *~ но́го ма-измачи́, ма-изде́, кра́ста до-ја́де* [ПК,2(170)].

измачин* adj 'тој што повеќе време поднесувал маки (физички и психички)' *~ ни́а бижа́нците но́го сме измачини ут то́о бигу́винто* [ПК (Пл)].

измаже* pf 'стапи во брак девојка' *~ ил ме мажиш, ил ми кажи [сите друшки се измажија [молчи Митро дан-т чујат [твојте брака поголеми [поголеми неженети* [БВ, 291].

изнапи́ (са)* pf 'се напие убаво, до ситост' (пр. алкохол) *~ са-изнапи́ме адно а́рно и фати́ме ко́ј на-де́ка* [ПК(Кр)].

изнемуште́е* pf 'изгуби од силата, од здравјето' *~ то́ги са-гладува́ло, изнимуште́ли л'у́јто уд-гла́дус* [ПК (Гр)].

изникне* pf 'се појави (пр. цвеќе)' *~ пак сестра му пепелот гу сеја нетри устред бахчата. Тамо изникнало червен триндафил* [V,PM,15]; *~ садила Димка босилок [на бели камен мраморен [не изникнало босилок [тук изникнало гингерче* [БВ,45]; *~ и ми текна́ за две мла́ди [да оти́да да ги ви́да [момче́то ми изникна́ло [изникна́ло бла́га абу́лка [неве́стата изникна́ла [бе́ла ло́за с бе́ло гро́зде* [ШК,1(118)].

износе* pf **1.**'комплетно однесе нешто некаде, префрли од едно место на друго' *~ гу износи́ има́ниту аф еди́н ха́н: не оти́де пра́ве на дома́*

му [V,PM,15]; ~ *ти млогу л'ап за јадеш у мени, л'у довечера ис седомдесе врјатина да ха сјаиш, да ха жниш, да ха врашеш и пшеницата на амбарот да ја износиш* [V,PM,278]; ~ *тогас ми текна и меника, господине владика, ча гаргите ги износили фрет тиа карагрошите аф нас* [V,PM,40]; **2.** 'искине алишта или кондури од долга употреба' ~ *дă-сјоо изно́сиш дăлго вре́ме, су-здра́ве дă сјоо иски́неш* (добро пожелување) [ПК(Гр)].

изно́син* adj 'нешто (пр. облека или кондури) искинати од употреба' ~ *ни ддéа адни изно́сни папу́ци и адна вира́н пу́шка и ајде вăрви нă-фро́нто* [ПК(Мор)].

изнăмо́шшăн adj 'исцрпен од болест, или многу работа' [ПД(115)]; и: **изнăмуште́ј** ~ *то́о шо́ кăпна́л га́јре. шо́ нă мо́же дă-сă-бу́гле* (= да се одржува чист) [ПК,2(52)].

изоре* (и: **изора**) pf 'заврши со орањето (кога земјата се разрива со рало или плуг)' ~ *продаде пушка манѕерка [и остра сабја змијаста [купил си ѕевгар волови [отиде поле широко [на татковите имотје [изорал ниви, ледиње* [БК,129].

изо́стре pf **1.** 'направи некое сечило (од нож, од секира) да биде остро, да сече убаво' ~ *о-изустри́л то́о но́жут, о-направи́л бри́ч;* **2.**fig. **сă-изустри́ло вре́мто** (= дошло до промена на времето, станало студено) [ПК(Мор)].

изпил'ува* impf 'кога од јајцето (врз кое лежала птица) се појавува мало птиче' ~ *ја поклела и рекла: "Дано, керко, да сă хич ни навревиш...!" Тја зафчас станала пиле, што сă зове "куковица", та затова тја сега л'у сносе јајцата, пак други пилета ги испил'ват* [V,PM,292].

изпрати* pf 'прати некого некаде (пр. да однесе нешто)' ~ *испишаха две писма – цăрно писмо, бела книга, изпратиха два чувадара* [MC(B),97].

изпăрво adv 'отпрвин' ~ *изпăрво говорили базирґаниту на гемициити, да фăрл'ат мрежите на морету зарди нихноу касмет* [V,PM,242].

изра́боте* pf 'заврши нешто, направи' ~ *уд ме́н не чика́јте га́аре, а́с гу-изра́бути́х мо́јто* [ПК,2(152)].

израбо́тен* (и: **изра́ботăн**) adj 'убаво направен' ~ *кога́ оти́доха на неговата кăшта, сирома́хот са почу́ди са́мо на скалата што и ви́дел, де́ мр'а́мори, што има́ло израбо́тени* [V,PM,13]; ~ *о́на уд дăрво би́ла кут ти: букли́нта шо би́ли, са́мо по́-шăре́на изрăбо́тăна и по́-мăле́чка* [ПД,120].

Израили́тин m 'жител на Израел, Израелец' ~ *и ве́ли зарди́ не́го: Ету пра́вин Израили́тин, шо не́ му сă наóги на не́гу кривути́а* [MV,K, 283].

израи́лцки* adj 'нешто што се однесува, што има врска со Израел' ~ *и сă чини́л Пруфи́тин, и велја́л: Благусу́ве́н си, Го́споди, Бо́га на́ша Израи́лцка* [MV,K,322].

израмне* pf **1.**'прави некоја површина да биде рамна' ~ *уз-бра́нта сăра́мне зе́мната, ни́вăта ка-а изра́мниш;* **2.** 'прави ивицата на нешто да бида еднаква, рамна' ~ *не́ тој пра́ва та́а дăска трибу́ве дă гă изра́мниш* [ПК(Мут)].

израсне* pf 'стане поголем' ~ *излела една тикфа покрај една топола; излела и израсла дур на врвот* [ШГ, 5(409)]; и: **изра́сте*** ~ *храни́ гу ма́ју, гле́дај гу! [да́вај му саха́нче про́су [да́вај му кавра́нче во́да [дурде́ му кри́ла изра́стăт* [ВД,87].

изра́стин* adj 'за млад човек со висок раст' ~ *ко́га сă-вăри́не та́ткуто огле́де де́тто изра́стино* [ПК(Кр)].

изре́бруве (сӑ)* impf 'кога некој покажува сила, односно се прави важен' ~ *но́го с изре́бруви́ш, а́ма ќи-с на́јде не́кој тӑ ќ-о изе́диш (ќуте́кут)* [ПК(Мор)].

изре́де pf 1.'нешто се извршува по ред' ~ *нӑ-дру́гӑта ве́чӑр: вӑлко, ме́чкӑта, за́јците, си́те сӑ-изриди́ле* [ПД,154]; и: **изрјади*** ~ *три момички са на дори чу́јаха [кој да иди јода да нелеје [ред по редом, фрет са изрјадиха [ред је дошло Марија да иди* [БД,122]; 2. 'раскажува, изнесува настани, случки по ред' ~ *ќи-по́чне да кажу́ве шо́ би́ло, ка́к би́ло, ка́к сме бигува́ле, ќи-изре́де сӑто* [ПК(Гр)].

изре́нде* pf 'кога плодови (пр. дуњи, јаболка) со помош на ренде ги стори на ситни парчиња' ~ *нӑ-мужех дӑ-ј изре́ндум си́те, ма́лце устӑна́а* [ПК(Кр)].

изресе* pf 1.'пушти цвет како реса' (пр. врбите, оревите така цутат, со реси) ~ *изриси́ле ви́ќе га́аре вӑрбите*; 2. 'кога некоја ткаена материја ќе попушти, ќе се потроши и на краиштата ќе останат како реси' ~ *длӑги гуди́ни пумина́ли, сӑ-изриси́ло* [ПК(Гр)].

изре́че pf 'искаже (нешто)' ~ *дор да изре́че лакӑрди́јата, о́фцете стана́ле чафќи и летна́ле* [ВС(Г),295].

изрешен* adj 'исчешлан' ~ *шче докара врана кон'а [на кон'а ле сино седло [на седлото малка мома [малка мома Катерина [– измијена, изрешена* [БД,78].

изри́ге* impf 'кога човек има киселини во стомакот и подждригнува' ~ *ка́ ја́дум фасу́л' но́го изри́гум* [ПК, 2(52)].

изрнден* adj 'нареден, ставен во ред' ~ *гу пулја сӑто поле су зилинилото му, су сӑта му села и курији изридени като бели и цӑрни бамки* [МЕ(Р),71].

изризиле pf 'посрамоти, навреди со груби зборови' ~ *уз-н'а́а ним сӑ-зӑка́чуви, ќи-т изризи́ле, та́а не́ма пирде́* [ПК(Гр)].

изридувачка* f 'низа, редица' ~ *на ва питачка му са пувӑрија на чувек изридувачката на сӑта патки шо имам пуминато* [МЕ(Р),67].

изри́не* pf 'со помош на земјоделска алатка (лопата, гребло) исчисти некој простор од ѓубре' ~ *о-изрина́х ѓу́бӑрто, се́га-ј чи́сто* [ПК(Гр)].

изроди* pf 'добие рожба, стане мајка' ~ *а затварат Митра во темни зандани [во темни зандани токму три години [изродила Митра турско машко дете [си седнала Митра горе на балконот* [БВ,54].

изро́и* pf 'кога свилената буба се испили, т. е. јајцата станат инсекти, и се сторат како ројак' ~ *и пиши́м, утпӑрвин ки-си-бе́риш ли́шче ма́уце, а́ма то́ но́гу си́тну ки-гу-дро́биш, о́ти то́ о́ште пл'у́нкичка и, ки-по́чниш да си-а-ра́ниш ви́ќе. Дутри́те де́на ки-а-изро́иш* [ВМ,317].

изро́не pf 1.'ги оддели зрната од класот на пченка'; 2. – **(сӑ)** 'парче леб се направи на трошки' ~ *сӑ-исуши́л ле́бут и сӑ-изруни́л* [ПК(Кр)].

изруге pf 'искара, посоветува' ~ *у́буво гӑ-изруга́ мӑш-ај, не́ма га́аре дӑ-м сӑ-пра́ве куџа́бӑши́ка. Сја́а ми дујде́ сӑрцто нӑ-ме́сто* [ПК,2(175)].

изру́ка* pf 'извика' ~ *с'а́ки дӑн' мумӑта утива́ла на-се́нка пуд-дӑро́ту да-кинди́са. Аднӑш на-дӑро́ту ка́цнӑлу пи́ленци а изру́кӑлу: Киндизму́шку, Мару́шку, у́мр'ал мӑш шта-зе́меш"* [ВД(ГБ),329].

изру́се* pf 'кога нешто добива светла боја (пр. од стоење на сонце)' ~ *по́ те́мна му би́ше ко́сичката, са́а сӑ-исруси́ла* [ПК(Гр)].

изруча (сӑ)* pf 'се најаде' ~ *дујди́ја дӑ-ӑ-ру́чӑт. Сӑ-изруча́ја, сӑ-издрӑува́ја, на́м и си избига́ја. Уттам*

си-стăну́вне су-де́цта... ричи́ја дă-бе́гине па́ дă-бе́гине [БМ,206].

изсипе* pf 'истури течност, песок односно други ситни предмети' ~ *нези, на котри ни може ди млеја водениката, да угреет един казан вода и да јă изсипат по каменето: и дјавола шта попарет, и водениката шта замлеја... ~ тја хми рекла: "Заврите един казан вода, изсипите јă вăрх каменето и шта замлеја"* [V,PM,282].

изтенчи* pf 'направи нешто да биде тенко' ~ *хождаха, копајаха, дјалаха, гу истенчоваха брјастот... пак еленот вечер хождаши, сос јазикот брјастот го лизноваши, гу прајши пак дебел* [V,PM,241].

изуба́зе* pf 'кога се промени и прими лоши особини' ~ *ут-ка́ удде́ уфни́хка (де́тто) ку́пте́н că-изубази́* [ПК,2(52)].

изуба́зин* adj 'тој што се однесува непристојно' ~ *но́го изуба́зни му că-де́цта* [ПК,2(52)].

изу́ме* pf 'заборави нешто' ~ *изуми́х от că-рудни́ни и му-ричéх, се́тне зăто́о о́н că-нăл'ути́* [ПК(Мут)].

изумре* pf 'на живо суштество му престанат животните функции' (формата ја констатиравме само за луѓе или животни, но не и за растенија) ~ *му рекăл: "Поможи Бог, ќаа!".. "Ти имише девит илјади овци, сите ти изумреа, сăлде една ти устана"* [V,PM,293]; ~ *и царјут го послушја, да накарал, извадиха три харамије, да мо што му зема по малко крăв, и тројцата нос чјас са измрјали* [V,PM,168]; ~ *Ту́рцте но́го па́кус прăви́а, запали́а се́лта... но́го нăро́т измре́ тугáј* [ПК,2[342)].

изупа́че (că)* pf 'се смени (на лошо)' ~ *уф-гра́до că-изупăчи́л;* сп. *гу-изупăчи́л рăкупи́со* (= пишува поинаку отколку порано) [ПК,2(52)].

изупа́чин adj 'лош, суров човек' ~ *о́пăк чуве́к, изупа́чин, гле́де ло́шо дă-т нăпра́ве* [ПК(Ал)]; ~ *но́го изупа́чин că-чини́л-си* [ПК,2(52)].

изуру́ва* impf 'ора продолжително, завршува со орањето' ~ *ја́с на ни́вата јо́дам, Не́до, ни́ва изуру́вам* [МЕ(Р),99]; ~ *ка́ ти вăрве, си́нку, ура́јнту? – Ми спо́ре, де́ду, но́гу ми-спо́ре: зă-де́н изуру́вăм две́ пурго́ни* [ВВ,310].

изу́сте* pf 'проговори нешто' ~ *дă не́ си изусти́л зă-то́о прăд не́го дăка́жиш, ќи că-дука́че* (= ќе се налути) [ПК(Гр)].

изутиде (си)* pf 'замине некаде' ~ *вечарта като си изутишли граждането, тја влезла при мăжо си и, като усторили здраво живо, пратила го, зашто је сам* [V,PM,282].

изуче pf 'заврши некоја наобразба' ~ *де́цта му-изучи́а, că-фатиа нăрăбо́та и така́ рăбо́тта му пурăсна́* [ПК,2(178)]; ~ *на́ште де́ца изучи́а, că ижини́а, că-измăжи́а, не́мум гајле́ га́аре, нăпăрчи́х ко́шо* [ПК,2 (185)].

изфрăкне* pf 'летна (одненадеж)' ~ *тамо си најдох идно дивојче [идно дивојче вода налива [като ја видјах, умăт ми шчукнă [сокол изфркна, конче избјагна* [БД,154].

изфăрли pf 'со брзо и силно движење измести нешто од едно на друго место' ~ *изродила Митра турско машко дете [си седнала Митра горе на балконот [поминува Ѓорѓи, на Митра гојвори [– исфăрли си Митро това мăшко дете* [БВ,54]; ~ *гимиии́ата га земá мáчката и кини́са да и́ди на пăтју. Не́три на море́ту от мло́гу фурту́на гу исфăрли́ сос гими́ата нá еднó пусто место, вăнка от море́ту* [V,PM, 241].

изчо́пке* pf 'исколве нешто до крај' ~ *де́ка е балти́ата ? – ја́ а на*

кова́чот [– де́ка е кова́чот? [– се́е про́со [– де́ка е про́сото ? – го изчопка́а пи́лците [– де́ка се пилците? [– ги изеде́ лиси́цата [ШГ,1(402)].

изчјука pf 'удри нешто повеќе пати' *~ тога́ жрја́пчето фрăкна́ та изчјука́ но́sите му на́ ка́мино, во́гин изл'а́зи от ка́минот* [V,PM,122].

ијлен adj 'добар, каков што треба'(?) *~ и така викнахми Маргарит, ама тамам ијлен иким* [MC(B),77].

Икарус m (лично име) *~ то́ј има́ш'и и иди́ни си́н, Икарус гу ви́каха* [MS, t,58].

икатуми́рју num 'милион' *~ "идно́ кума́ч'ạ прода́духми, з'е́хми идно́ икатуми́рју фра́нгă"* [MS,t,86]; *~ зан'е́ва на ч'арш'ја́та идно́ зăрну ут кали́нката, з'е́ва д'е́сит' икатуми́рја* [MS,t,86].

иким m 'доктор' *~ и така викнахми Маргарит, ама тамам ијлен иким* [MC(B),77]; в. **икимџ'и́ја**.

икимат* m 'општинска управа' *~ мостут икиматут му гу дава на прикупувача и тија зеват ут чувек шо вăрва... 20 пари* [ME(P),72].

икимџ'и́ја m 'лекар' (доктор) *~ и р'е́ч'и: "бре́ уд'е́ ми до́јди то́с ху́баф лạка́рин", ги зго́н'ува ш'и́ш'кит'ạ икимџ'и́ји до́л и си ути́духа* [MS,t,25]; *~ идину икимџ'и́ја му вили́: "бо́лкит'ạ ни ка́цат, ама́ на на́м ни-н-да́ва рăнка да рич'е́ми, ч'ạ ни ка́цат ... и така́ ни гла́дни за уста́ними!"* [MS,t,42]; *~ е́ту идна́ же́на, му те́чиши крăф двана́десет гуди́ни, и сăто има́нјо си гу даде́ пу икимџи́ити* [MV,K,276].

икимџијница f 'просторија во која се продаваат лекарства, аптека' [CK,325].

икиндиа f 'времето на третата попладневна муслиманска молитва, околу 16 часот' (пред заоѓање на сонцето) *~ и татко и́ отговори: "мари керку, кату орјах на нивата, истом каде икиндиа дошел и тојнака таму, ме питал за некој близну село да му кажа"* [V,PM,54]; *~ телал се вике на нова пазара [се продава којна на вересија [на вересија утре до икиндија [кој си име пари којна да си купе* [БК,140]; *~ ти́ па́ дујде́ на ики́ндиа, прăби́р-că по́ра́нко* [ПК,2(52)].

ики́с m близнак' (pl **ики́з'ạ**) [MS,s,39].

икиситакса* pf 'испраша' *~ да гу ики-сита́ксаш да ви́диме да́ли научи́л не́шчу* [BV,65].

иклиж'а́ш'тика f 'црковен весник' [MS, s,39].

ико́на f 1.'портрет на светец, служи како религиозен предмет на кој му се поклонуваат христијаните'; 2. изр.: **нă-ико́на до:-кла́јш** (= се кажува за многу лично дете) *~ а́дно де́те бе́ло, цăрве́но, нă-ико́на до:-кла́јш. Дă-сто́јш, до:-гле́диш* [ПК,2(184)].

ико́пиду n 'простор до куќата (зградата)' *~ и д'ăт'ạту купо́ва ино́ ико́пиду на дијафура́* [MS,t,12]; [MS,s, 39].

икра f 1.'ситни зрна, семе, што ги исфрла женската риба и од кои се развиваат риби': со рибата што се лови во Езерото и со *икрата (ајварот)* се прави богата трговија [КД,59]; *~ ајве́р = 'и́кра уд же́нски ри́би'* [ПД,128]; 2.'дебелото месо на ногата под клечката'; во солунското село Градобор ја запишавме како множинска форма: **икри**; *~ кă удиле, удиле, истум нăближиле да испаднат, са свăршило месото, оралут викнал "Га!" Немало месо... На трите пăта ка викнал, си сичел детто от икрата, му дал да јаде* [V,PM,271].

икра́м (и: **икрăм**) m 'почитување, чест' *~ они фати́ха да пла́чат, ча ги бе́ши стра́х, ца́р'ут да не ги расипи;*

му чини́ха мло́гу икра́м онова́ ве́чер на ца́р'у [V,PM,10]; ~ *стореха двата здраво живо, седнаха двата, фатиха да зборуват, и царјут мло-го икрам му чини на ерген цар* [V, PM,206].

иксѝ conj **1.** 'или' ~ *з'е́вами ни́титу и гри́бин'о́ ко́лку пасма́ пла́тнуту, двана́ки иксѝ трина́ки гу ни брујѝ?* [MS,t,7]; ~ *"заш'то́ ми сӑ см'ӑш'?! на ма́н'ц'ата ми сӑ см'ӑш' и́кси на м'е́н'а ми сӑ см'ӑш'?"* [MS,t,18]; **2.** 'ако' ~ *ала́ бирика́т ни зна́јат иксѝ да зна́јат да до́ат ... да му ги умѝјат уч'и́т'а, утино́ш' за му сӑ утфо́р'ӑт* [MS,t,24].

иксѝк m 'проклетство' (клетва) ~ *вили́ : иксѝк да б'ӑш'и и гӑската, тузѝ, ш'ту гу па́т'ах јас, н'ӑј за ка́зува́ни!* [MS,t,57].

икунумисуве* impf 'штеди' ~ *та́ткуто водѝл еса́п, икунумисува́л, пурӑсна́ли де́ца* [ПК,2(158)].

ил conj **1.** 'замена, алтернативност' ~ *нија не сакаме от бегот, нија саками от царот или место за нас да живејми, ил калӑчка сега туа да ни сечи* [MC(B),89]; ~ *и му рекла: "Ил право да ми кажеш, как виде нишјана, маслинкӑтӑ, на женӑтӑ на това чјул'ак и как хи зе гердано, ил шта ти отсека главӑтӑ"* [V,PM,283]; **2.** 'за дополнување, ама' ~ *и да́ј му на ни́х а́кут му, да за́фати да пла́тиш и́л пишѝн ут напуко́шнити дур на прӑвнити* [MV,K,315]; сп. **или**.

ил'а́да num **1.** број 1000; **2.** изр.: **уфил'а́да ко-пузна́м** (= така се кажува за оној што ни е многу добро познат) [ПК,2(205)].

и́лам adv 'потребно, барем' ~ *и́лам јас за до́јда* (= потребно е јас да дојдам); ~ *и́лам при́кас и́ш'там да ми ка́ж'иш'* [MS,t,57]; сп. **тр'а́бува** [MS,s,39].

Илена (од Елена – со редукција; за односнава фонетска појава поопширно во граматичкиот дел) 'ж. л. име забележано во Воденско' ~ *ај мори моме, моме Илено [ке ти сечиме русата коса [твоја руса коса, коса до појасот* [БВ,76].

илечли́ја adj 'нешто што може да лекува - лековит' [BV,65].

иле́јќ* m 'елек' (дел од облеката, pl **иле́јќа**) ~ *за ми дад'е́ш палто́, пантано́л, иле́јку, ш'и́ч'кит'а ру́би* [MS,t,41].

иле́н m, zool. Cervus elaphus 'диво животно со разгранети рогови – елен' [ПГ(Ф)]; ~ *оралут, дефут и мравата утишле на лоф, утипале един илен, гу удрале. "Кој ки ни го деле?" (рекле)* [V,PM,294].

илери́гиде́н m 'тој што е високо поставен (во општествената хиерархија), првенец' [CK,325].

иле́фанда f, zool. Elephas 'најголемото сувоземно животно, има сурла и два големи заба – слон' [MS,s,39].

илече n, dem. од **илејќ** (горна облека без ракави) ~ *јодоздола јиде јидно лудо младо [бело променето мори дотко, бело проминето [во бело фустанче, в глено илече* [БМ,119].

или conj 'означува алтернативност' ~ *ти́нака, то́лку па́ри што и́маш, и́ли не́која ца́рска хазна́ стӑ́пна или најде́ не́која магази́а ца́рска* [V,PM,16]; сп. уште: ~ *му вили́: "на кумлу́ку но́с кла́јанц во́да тич'е́, кӑрӑф тич'е́?"* [MS,t,40]. Пример за редење на реченици без сврзникот 'или' односно на прашална реченица без партикулата 'ли'. Сп. **ил**.

Илија m 'л. име запишано во Долновардарско, но се среќава и пошироко' ~ *на пӑтот а срете Илија, незнаена дилија, и вели: "а бре Сраулица млада, блазе-ј на тој млад јунак, што ти прегӑрнува твојта бела*

примена" [MC(B),96]; *~ речи дур да доречат, Илија испадна пред них и плесна рăци за да се бијат* [MC(B),97].

илик m 'добро дело, добрина' *~ и кату си благодари, змиата вели на негу: "сега ки ти закарам на татко ми... Тој, как ки види, на мене толкос илик што ми стори, он ки сака бакшиш да ти даде"* [V,PM.112]; *~ Га земá човéкот змúата, га кладé на пáзвата му, чинú илúк на змиáта, га куртулúса от омирáлото* [V,PM.138]; според Саќов: **иллик** *~ Мúцо ми нăпрăвú едúн гулéм иллúк* [CK,325].

илик m 'специјално направен прорез на облека (порабен, направен) во кој влегува копче за да се запетла' [ПК(Грам)]

иликúја f 1.'возраст, генерација' *~ и дóјди тузú дéка иптá у апрúл сă пýш'таха нáш'та иликúја* [MS,t,3]; *~ един човек по дно времја г. седјал на едно касаба, имал сирмае, харно работиши; дојде на иликиа, си ожени за една вдовица жена* [V, PM,161]; *~ кога дојде Ил'у на иликиа, рече на мајка му: "мале, што стана от башта ми за мене?"* [V,PM,170]; **2.** 'век, човечки живот' [BV,65].

иликчúа* m 'кога некој не е ангажиран, не работи' (сп. **ајл'ак**) *~ нúе нéмăхме сéдба, нúă бăхме иликчúј - нéмăхме ураче, нéмăхме вóнкăшна рăбота. - Кăквá си мурú? сă пúтаа. Иликчúјка или урáчка?* [ИГ,119].

илим conj **1.** 'за алтернативност – или' (укажува на различни можности) *~ му питáа Учéницити нéгови, ем вéл'ат: Дидáдскале, кóј и грешú, вóа, úлим тáткото, úли мáјка му, да си родú слéп* [MV,K,258]; *~... ки разбúра за прикáзната, утдéка ут Гóспот, úлим јáзе уд ýм са прикáжувам* [MV,K,256]; **2.** 'за дополнување, ама' *~ и вóа Исус ка сă наближú пуóдиши сус нúх; úлим óчити на нúх му сă стимнúле да не гу пузнáват* [MV,K,334]; *~ вéли на нéа Исус: Нúму ми фáки; óти нé си утúдох óшти гóри на Тáтко ми; úлим óди си на брáткја ми, и рéчи на нúх* [MV,K,336]; **3.** 'за спротивност, ама' *~ шо виа нé гу знáјте; илим јáс гу знáм, óти ут нéго сам, да óн ми пуштú...* [MV,K,256]; *~ сéкој шо пúи ут вá вóда, пак жéдин; úлим тó шо ки пúи ут вóдата шо ки му дáдам јáс, нé ј кабúл да жéдни* [MV,K,257]; *~ и си нáшле такá катý как му са рéкле жéните; úлим на нéго нé гу нáшле* [MV,K,252].

илúн (и: **илéн**) m 'виме' (млечни жлезди од крава); сп. **вăм'а** [MS,s,39].

Илинден 'православен празник посветен на св. Илија (2. август), на тој ден 1903 год. македонскиот народ се кренал на востание против турското ропство' *~ рáно слáната пóпадна [прет сáми дéн Илинден [па ми пóпари, пóпари [сé по гóрата шýмата [лéлин áман шýмата* [ПК,2(236)].

илиндиса* pf (в. **ил'ăндисуве**) *~ ка усамна, пуштиха коните на зелена ливада – коните да попăсат, а они малци да илиндисăт* [MC(B),95].

илиникá adj 'грчки' (< еленика, еленски - со редукција) *~ кнúгата бúла писáна илиникá* [BV,65].

илифтерúја f 'слобода, кога може да се работи по своја волја' [MS,s, 39].

úллем adv 'веќе', 'сигурно' (на крај на краиштата) *~ тăјáтрото ки зăфáте уф 7 сáатут, úллем уф 8 мýтлăка* [CK,325].

илмéќ m 'парче јаже, свиткано во вид на круг, со него се затега – јамка' *~ клáј-мо: ил'мéко и áјде (гутóф éј)* (= задави го); сп. пог.:

Или Стáна нă-дýша, ѝли ил'мéк нă-гýша (= кога заљубениот за саканата е готов да се жртвува) [ПК, 2(52)]; (во текстот од Малецки среќаваме превид, односно непрецизно објаснување: 'хóртума') *~ загрáж'да инó м'áсту ...имáш'и тáм идѝн фидáн, гу м'éтнува илмéку ('хóртумáта')* [MS,t,53].

илќáс m 'пролет' ; сп. **áниш'и** [MS,s, 39].

илчиа m(f) 'тој што е испратен да соопшти нешто' *~ тогај дјатенто тури на вогин от карталите мишјано, и дојде илчиа от них и му вели: "да му кажиш на карталите тас зготвиш тос вечјар да си махни оттука!"* [V,PM,158].

ил'ам m 'писмена согласност, дозвола' *~ ама јуруџите имаха ил ам от пашата; затуј ни сардарот не можеше да направи ништо и а пушти давиата на Солун* [MC(B), 74]; *~ как ги попалаха јуруџите козите, дојдоха на Солун и зимаха ил'ам от пашата да отепат кăде ки најдат харамиата* [MC(B),73].

ил'áч m 'она што се дава на болниот за да оздрави - лек' [BV,65].

ил'дисе pf 'со игла и конец направи раб на материја, но со ретки бодови, колку да добие форма, а потоа се шие (дефинитивно)' *~ áк сáкиш да бѝде тамáн, рáмно, трибýве пăрво до ил'дѝсиш* [ПК(Гр)].

ил'ници pl 'купчиња окосена трева на ливада' (Ник); во Пат: **кукачки** [ПД(122)].

Ил'у m 'л. име' (запишано во Долновардарско) *~ изл'ази Ил'у применент в царски дрехи горе на гимиата на триферич'ут. И кралицата изл'ала на диванханата* [V,PM,172].

ил'ăндѝсуве сă impf 'се забавува закачајќи некого' *~ нѝм сă ил'ăндѝсуви ус-дéтто* [ПД(116)].

им pron 'им', conj 'или'(?) *~ за то селјајнту видувајна гу оша уд далеко на аскерут ако сус кола им сус дубитук завăртуват* [ME(P),74].

ѝма* impf **1.** 'располага со нешто' *~ богáтиот му вéли: "а брé кăрпáчин, éла да ѝдими аф мójта кăшта: ѝмам áдни вéтки папýци, да ти ги дáм да ги закăрпиш!"* [V,PM,17]; *~ нăј гу ѝмами ... сăс нáм, алá нá и стрáх, ѝш'тими да гу спандѝми, ч'ạ за на уклавé ш'ѝч'ка!"* [MS,t,75]; **2.** 'чува' (на некое место) *~ џарјувут син, ја фати, ја не остави ошти еднош да влези нетри на сандукот, туку ја имаши на удајата му* [V,PM.235]; *~ ми закара аф магазѝата, дéка ѝмат имáниту; сáкаши да ми дадé злáту и срéбро, за да му башладѝсам живóт* [V,PM. 22]; *~ гу пѝта цáр'у: "д'é-ти кóн'ч'ạту на т'éб'ạ?" "у пасáта си гу ѝмам"* [MS,t,37]; **3.** 'носи, држи' *~ видох сос учите ми, ча една гарга, кату л'аташи, гу имаши карагрошут на устата* [V,PM,40] – јасен пример за тоа како предлозите 'во' и 'на' се мешаат во долновардарските говори, конкретно **на** се јавува во функција на 'во'; укажува дека нешто се наоѓа внатре (*карагрошут на устата*) ; **4.** 'заедно со временски термин укажува на возраст' *~ д-ѝмше, д-ѝмше пé-чиснáјсăт гудѝни* [ПК(М)]; **5.** како помошен глагол *~ д'ăт'ạнту ѝма з'éнту иднá кнѝга на хýрната п'ăј* [MS,t,81], *~ нăј тáс рáбута ја ѝмами стóрину у думá* [MS,t,77]; **6.** 'треба' *~ ѝмам да трăгна* (= треба да заминам) [MS,s,39]; **7.** impers. 'постои' *~ "да зл'áзими на ниш'ѝту да éзмими óда, даш'ó ѝма éш'ти пéт' дни пăнт' "* [MS,t,84]; *~ и тáм за стујáт дур да усăхнат ... с'éтн'ạ сабáлин кугá ѝма рóса, ум'éкнуват ... ги прáвими сандáлạ* [MS,t,5]; *~ как идахме на*

Солун, баш на Араплија имаше едно тӑрло от галичани, и там имаше братјата на владиката [МС(В)] – уште една потврда за присуството на предлогот **од** со граматичка функција (да укажува на посвојност: *едно тӑрло от галичани*); **8.** изр.: **ш'ту има́ш'и да има́ш'и** (= целокупност, се́) [MS,s,39]; **и́ма дӑш', сн'а́к** (= врне дожд, снег) [MS,s,39], сп. **до́жде, сне́же** [ПК(Гр)]; **и́мум ми́сл'а** (= планирам, имам намера) [СК,326]; **и́мум уму́т** (= се надевам) [СК,326]; **и́ма да ви́диш** (= ќе бидеш казнет) [ПК(Гр)]; **и́ма грӑп** (= има поткрепа, подршка од некого) ~ *не́ о гле́ди ти не́го, о́н и́ма грӑп* [ПК,2(166)]; **и́ма о́чи и нӑ-ти́ло** (= се кажува за оној што реагира умно и брзо) ~ *сига́шните де́ца и́мат о́чи и на ти́ло, о́ј д-излӑ́јш* [ПК,2(166)]; **и́ма у́плак** (се кажува кога некој има претрпено голем страв) ~ *ут то́о ва́што ку́че и́мум у́плак, ме́-ј стра́х ду-дво́ро дӑ-сӑ-дубли́жум;* сп. ирон.: *а́ска пӑ уд не́го но́го сӑ-бо́м, ча́к у́плак и́мум* [ПК,2(166)]; **и́ма сирми́јчка** (= се кажува за оној што има вошки - тоа е преносното значење, основното: 'има богатство') ~ *ти́а го́стто шо спа́а сно́шти уф-на́с ни устави́ли сирми́јчка* [ПК,2(166)]; **и́ма ле́сна пулизи́а** (= се кажува за оној за кого се верува дека носи среќа) ~ *нӑ-Варва́ра са́кум Ши́л'ка дӑ-мӑпуле́зе, от и́ма ле́сна полизи́а. Диме́к ле́сна ин-е́ј но́кта, у́бво ќи ни о́де* [ПК,2(166)]; **и́мум нӑ ạкӑ́л** (= мислам на тоа) ~ *и́м-сјо нӑ ạкӑ́л, мо́ж дӑ тӑ пи́те, дӑ зна́јш;* **и́мум не́ет** (= планирам) ~ *а́к не́ вӑ́рне и́мум не́ет д-о́дум нӑ-пӑза́р* [ПК,2 (166)]; **ќи-и́миш зӑ-зи́мне** (= така му се одговара на оној што многу пребарува и, се разбира, нема да го добие бараното) [ПК,2(201)]; **имам хабер** (= имам сознание) ~ *минува от Гроздинта куќа, демек мојта керка, и́ вели: "На татку ти отиде поп Игнат да го конка. Имаш хабер или немаш?"* [МС(В), 80]; се среќава и со негација: **хабер не има** (= не знае, не му е познато) ~ *кату видоха таквии чудби од момата, забравиха... и, га отидоха на царјут, хабер не имаха, што да му кажат* [V,PM,219]; сп. *у́тре и́ма пито́к* (= утре е петок) [ИГ].

имајна̣* (и: **имајне, имаѓо**) n, 1. 'домашни животни, добиток' ~ *ка ки си пуштӑт силјајнту дубиците не си-ј припалуват цела гудина: имајнту дур издивувало* [МЕ(Р),77]; **2.** 'богатството што човек го има во семејството, имот' ~ *аку́ са́каш да би́диш досто́ин, о́ди си, про́дај си има́нито, и да́-му гу на сирума́сите, и ки на́јдиш има́н'о на не́бито* [MV,K,268]; ~ *тузи́ ма́лку ш'ту сӑ руди́ то́с в'е́ч'ер и то́с ч'урбаџ'и́ја тук ш'ту сӑ ла́ха, тузи́ д'ӑ́т'ạ има́ниту за му клирунуми́са* [MS,t, 16]; ~ *му да́ва ш'и́ч'куту има́ни, му да́ва д'е́сит' икатуми́р'а парӑ́ и му ста́нува иси́рин* [MS,t,71]; **3.** 'пари, богатство' ~ *му вели́: " да ми плати́ти пари́те, што длаго́вати на мо́ј господа́рот, ча и́ма то́лку вре́ме, бли́зу две́ годи́ни, как сти земали има́ниту"* [V,PM,21]; ~ *му вел'ат: "а́х бра́те, и ни́а инќа́р не чи́ними, што не́ сми земали има́ни о-тво́ј господа́ра"* [V, PM,21]; ~ *а вика́ на измикја́рите, и му а даде́ на ни́х има́ниту му. И ко́ј ут ни́х му са̣ да́л пе́т карагро́шови, ко́ј две́, ко́ј иде́н* [MV,K,271]; **4** 'производство, предмети' ~ *кога́ фати́ха доби́ците да игра́јат, да ска́кат сто́мните, гӑрни́тата си растро́шиха... Кадиата му ве́ли на барли́воју: "зашто́ си чини́л така́ ти́нака, бре́ хаирсӑ́з, му раси́па има́ниту на ти́а л'у́ди?"* [V,PM,126]; **5.**'дел што му следува на некого (од некое

богатство)' ~ *ету и кл'ýчот от магазѝата и,... стáните да ѝдими аф горáта, да вѝдити сáми сос учѝте ви, и сéкој да си зéми имáниту му!* [V,PM,22]; **6.** 'стока (што се држи во продавница)' ~ *му вилѝ на измикáриту: "исáп'у за гу дрăж'ѝти хýбав'ą трѝ гудѝни, у трѝ гудѝни с'éтн'ą ни дójдух, ш'ѝч'куту имáни на вáс н'éка-ј!"* [MS,t, 29].

имáм бајалдѝ 'јадење од модри патлиџани, лук и др.' (толку било вкусно што *имáмут* од многу јадење *бајалдисáл* = се онесвестил) [ПК(Кр)].

ѝм'ą (и: **имă, имја**) n **1.**'тоа што човек (односно животно и сл.) го носи како именување, како посебност' ~ *на рăкăта има до сребăрăн прстен [на прстења има имја написано [ма името мјаса като братово ми* [БД,162]; ~ *и вѝкнува на им'ąнту: "јáла тýка, мáри, ш'óми кáзува мáјка-ти, ш'ó сă т'éс рáбута ут т'éб'ą?!"* [MS,t,84]; ~ *да верýват на нéговóто ѝми; шо не-ј нѝто ут крăф, нѝто ут снáга, нѝто ут човéк, тукý ут Гóспот са родѝле* [MV,K,251]; **2.** 'фамилијарно име, прекар' ~ *мар јот ми мају ти думаш [Димо је чума и харо [ногите му са в главните [главата му је ф пизул'а! [– мáр ако Недо, мар ако [нали је кăшча богата [нали је имја чујано* [БД, 63]; **3.** 'името како сознание за личноста' ~ *останá сóс ѝм'а, ча брáт му от Стáмбол му дадé пари и са чинѝ богáт* [V,PM,19]; **4.** 'името како спомен по смртта на личноста' ~ *заш'тó имáш'и три ч'éтир д'ăцă, зарáт тузѝ сид'ă кож'áта ја зарѝха, им'ąту тýк му устáна* [MS,t,41]; ~ *от неколку време сетни умр'а татко му, и остана детету сос имету пепеларув син* [V,PM,47]; **5.** 'назив на место' ~ *имито Сланица... ка гу писале Гăрците тогај, се лафело оша ув идинајситти век* [ME(P),76]; **6.** fig. 'авторитет' ~ *тóо ѝма ѝме (гулéмо), зăтóо óдат уф-нéго* (= познат е, пр. како лекар, како мајстор и сл.) ; **7.** изр.: **му-извăдѝи ѝме** (= го набедија, пр. дека е пијаница, неморален и сл.) [ПК(Мут)]; **ки му извáди ѝмито** (= ќе го именува, ќе го крсти) ~ *и тфójта жéна Елисáва ки си рóди дéти на тéбе, и ки му извáдиш ѝмито Иван* [MV, K,294]; ~ *тó шо ки сă рóди ут нéа, ут Сфéти Дýх ј. ки сă рóди дéте, и ки му извáдиш ѝмиту Исус* [MV,K,305]; сп. случаи со преименување (со прекар) ~ *та она не приндјаши, туку си буташи сé нетри на пипелот, седјаши; дури веки ја* **беха извадили едно имја – кутро пипелашко** [V,PM,205]; со блиско значење: **име му турија** ~ *каури глави кренаја, Џемо [турски бегови фатија [бели кадăни фатија, Џемо [лично му име турија... [Маријка Белоградјанка* [БМ,69]; **нóса ѝмă** (= се именува) ~ *нă бáшка мéсту нóса бăшкá ѝмă* [ME(P),79]; **Трáјко мо-ј ѝмто** (во одредени моменти не треба многу да се зборува) [ПК,2(150)].

ѝмąла f, bot.,Viscum, Lorantus 'паразитско растение со дебели, сочни лисја, се вгнездува во кората на гранките од бор или друго дрво' ~ *рáсте пу дăрвăта, нóго а јáдат кójсте* [ПК,2(52)].

имдáт m'помош' ~ *бéши идéн човéк... шо гу чéкат на Јерусалѝм сăти за имдáт* [MV,K,314]; ~ *благусувéн си, Гóсподи, Бóга нáша Израѝлц'ка, шó си умѝл и си давáл, и а чинѝл си имдáт и пумагáч на твóити лýди да уткѝнат* [MV,K,322].

име (и. **имă**) n 'орган со млечни жлезди од крава, виме' [ПГ(Ф)].

именýва (са) impf 'се вика, се нарекува' ~ *му вéли: "амáн, човéче, тинака, што си дошéл тука, да ти пúтам: тýка, што излéзох јáзе, кáк са именýва товá грáт?"* [V PM.8]; ~ *така отварјат удајата, влеват тиа двете деца. Нивјастата им бакнува ранците хем и дарува две по една перница. Тиа двете деца са именуват прокефалции* [V, PM.249]; ~ *по дно времја на един цар му беши умрјала жената, и царјут имал на конакут му и един човек нај-верен, штото са именуваши чамурциа* [V,PM.231].

имерулóј m 'календар' (pl **имерулóја**) [MS,s,39].

ими part – варијација на 'ами' (за спротивставување односно за дополнување) ~ *вéли на нúх: úми кáк Дáвид му вúка на нéго у-дýхот А фéндо, шó му вéли уф псáлтирут* [MV,K,270]; conj ~ *а извадúле нáдвор уф лóзата, и утипáле; úми кóга ки дујдéл стопáнот ут лóзата, шо ки му чúни на тúи јарацúите?* [MV,K,269] – уште една потврда за употребата на предлогот **ут** 'од' со посесивно значење *(стопáнот ут лóзата)*; ~ *"... ми-пăднá нăăкăло дă-дójдум пăр тéбе, дă-тјăвúдум кăштта". – "Ими, ак сáкиш, кýмчо вăлчо, ај д-ójме, дă-т сăчúне атăро"* [ВД,286].

иминáк* m 'тој што има исто име со некој друг' ~ *тúи чувéци шó úмат úсто úме сă иминáци* [ПК,2(52)].

имини́: pl 'кожени обувки' (Дој), во околните села Пат и Ник: **папуци** [ПД(118)].

Имир m 'муслиманско л. име запишано во Солунско' ~ *Имир Никола, јумрукчија* [MC(B),93].

имúш' m 1.'плодови, овошје' ~ *отидоха мошне на далеку, таму беха нали една хубава бахча, штото имало на бахчата от секакво имиш, и от златните јабалки* [V,PM.206]; ~ *ахтаринот беши млогу сиромах, и нетри на дукáнот му немаши млогу сирмаја: аку имаши една ока орјахи, една ока имиш* [V,PM.34]; 2. 'овошно дрво'. Малецки направил превид, имено **имиш** го дава со исто значење како и **фидáн'**, фактички 'фидан' зн. 'млада гранка што силно потерала', односно 'млада садница' [MS,s,29,39].

úмници pl tt 'болест на вимето од кравата' (сп. **úме** = виме 'млечни жлезди на крава') [ПК,2(52)].

имот m 'своина, стопанство, богатство' ~ *купил си севгар волови [отиде поле широко [на татковите имотје [изорал ниви, ледење* [БК,129]; ~ *го дúгнал цáрја от нáзикáна касабá та го пýснал на еднá дрýга, на пó-гол'áмо мјáсто. Пак женáта си и дéтето ги остáвил на свójата касабá, за да глéдат имóтето* [V, PM,256]; и: **úмут** ~ *и си рече на нéхини брáте: "Хат да úдем да вúдите, кадé сам седјала фаф змииви пéштери и какви са негувú сарáе, и да зéмем негувáта úмут, сúчку да му дúгнем!"* [V,PM,260] – во последниот контекст имаме нерегуларност во конгруенцијата: *да зéмем негувáта úмут.*

имрýк* m 'тупаница' ~ *на цáр'у уч'úт'а му сă сă надýли кутý имрýци* [MS,t,24]; и: **тумрук** [ВД(1),67].

имрукчиа m 'митничар' ~ *да кáк си утидóа и заседнáле уф кýкјата, éту и дрýзи нóгу имрукчúи и грéшни л'ýди* [MV,K,300].

имуш'áк adj 'скромен' ~ *и такá сă курталúса д'улбéр'у мóма и имуш'áк ут мăш'тихóвата зил'á* [MS,t,64].

ин pron 'кратка фор. за индиректен објект од **она**' ~ *шо ни пăјáл пúл'то, шó ин кăжувáл нă-гергéфо,*

то́ă ки би́де [ПД,164]; *~ под селото чешма шарена [на чешмата маџирка девојка [ин се моле делија незнајна [ја подај ми маџирке девојке [ја подај ми вода да-с напијам* [БК,140]; *~ тоги жената му рекла: "Пушчи го, ќи ти дадам една златна јабулка". Ин га дадела и мăжăт излезăл* [ШК,5(441)].

ина́ 1. num 'една' *~ за клад'е́ми иди́н крива́т ч'и́ста и на но́с бо́лнију, ш'ту лиж'а́ш'и, зă-că и-два́та крива́-т'а у ина́ удаја́* [MS,t,42]; *~ му пи́ш'и ина́ кни́га ч'урбаџ'и́ја на А ркуду́т' и му пи́ш'и н'е́тр'ạ ...* [MS, t,17]; *~ ка кинеса́л, то́а пу пăтут пу-ина́, пу-ина́ ри́ба си и фăрл'а на пăтут* [ДК,143]; при бросење се јавува со значење: 'еден' *~ ина́, дв'ă, три́ ...* (= еден, два ...); **2.** 'прва' (adj) *~ ја́с că руди́х на хи́л'а октако́ш'а е́нининда ин'а́* [MS,t,87], **3.** 'единствена' (adj) *~ "ш'о́ ка́зуваш', дăш'тир'у, ти идна́ ца́рца мо́ма да е́змиш' иди́н измиќа́рин!?"* [MS,t, 84]; **4.** pron 'некоја' (како неопределена заменка) *~ как б'ăгаш'и пу сука́ку, ви́д'ạ ина́ по́рта утво́рина* [MS,t,56]. Сп. изр.: **ина́ камі́ла пари́** 'многу пари – еден товар (камилски) со пари' *~ "ш'то ана́нги да по́да ја́с скла́вус дăсапа́к, афу́ и́мам ина́ камі́ла пари́, си ни фа́там ина́ мо́ја ра́бута?"* [MS,t,14].

инак (и: **инăк**) adv 'не така, поинаку' *~ не мо́жат и́нак да си зе́мат, но ки и́дат или на кади́ата, и́ли на хо́џата да ка́жат* [V,PM,10]; *~ та́ка că-вике зă-некуј чувек шо рăботе инак, не тăка как шо требе, как шо-ј редо* [ПК,2(194)]; *~ ја ч'изилиди́суват ... ш'и́ч'ката ни́ва и с'е́тн'ạ că убрну́ват пак и́нак ја ут'е́гнуват хо́ртума́та* [MS,t,3].

инакуф* (и: **инакфу** – форма што се употребува освен за ср. и за м. род) adj 'различен' *~ ногу инăкви (истучну бугарцки) лăкăрдиј: башта, кăштă, вонкă, искăм и ногу друзи* [ME(P),82]; *~ да та́му шо că мо́лиши он, му că чини́ о́бра́зут и́накфу, па ру́ба му бе́ла că лăскаши* [MV,K,327].

ина́т'* (ѝ: **инат**) m **1.** 'лошо однесување, упорност, омраза (често без причини)' *~ кученцето за инат са измочуве, го изгăсуве огинут* [V,PM,269]; *~ ина́то мо́-ј гуле́м – плача́, плача́ дуде́к до-зи́ме, сјáа пă не́ гу са́ке; он-еј тăко́ф, ина́то мо-ј гуле́м* [ПК,2(166)]; *~ кугá ја ви́д'ạ ма́јка-и ут ина́т'у и ут нифеланѓа́та-и пу́кна* [MS,t,64]; **2.** 'конфликт' *~ виа пăк, не́ли кăжува́ме, но́го ина́те та́мо, но́го вујска́, ọти́шле д'că би́ăт сăс дру́зи* [ИГ,110]; **3.** изр.: **мăгăре́шки ина́т** (= некој што се однесува претерано нетолерантно) *~ ти́ạ и́мат мăгăре́шки ина́т, ич не́-че́ки дă-до́от* [ПК,2(179)].

инатлăк m 'негативна постапка, кога некој е упорен и бара се́ да биде според неговата замисла' [СК,326]; и: **инăтлăк** 'нетолеранција, инает' *~ но́го инăтлăк и́ма уф-то́о чве́к. Инăтлăко не́-ј а́рна рабо́та* [ПК, 2(182)].

инач'и́ја m || n 'тој што по секоја цена држи до своето, или секогаш сака да биде прв' *~ тус ма́лку и́ј мло́гу инач'и́ја* [MS,s,39].

ин'е́ pron 'некои' *~ и то́ј гл'е́да, н'е́ма пуиди́н наокул, л'у л'етну́ват ин'е́ римби́ци и му вили́ на римби́цит'ạ* [MS,t,18].

иникатори 'други некои'(?) *~ и му дуј де́л вре́мито на Елисаве́т да си ро́ди, и că роди́ де́ти. И слуша́ле иникато́ри шо седе́ле на та ку́ја... о́ти му прижал'а́ Го́спот да му да́л не́гуво ра́дус на не́а* [MV,K,320].

Ингилина 'ж. л. име запишано во Драмско' (< Ангелина – со редукција и асимилација) *~ нен'о Инги-*

лино [френгива невесто [зашчо ме лăжеше [за Карлова Гинка? [тја си јă оглавена [БД,157].

ингилиски* adj 'нешто што се однесува на Англија' ~ *на онúа днú са случи да дојди един траговец од и́нгилиската стра́на сос има́ни... така́ сирома́хот остави тајфата му та отиде со́с о́нај трагóвец на и́нгилиска зе́мја* [V,PM,13].

Ингили́с* m 'Англичанец' ~ *заш'тó ут Сулу́н на гóр'ạ ни мóж'иш'и да прумин'е́ш' ... а́ку н'е́маш' па́су ут Ингили́зиту* [MS,t,2].

инги́н' 1. adv 'надолу' [MS,s,39]; 2. adj 'надолен' ~ *инги́н ме́сто* (= стрмно, надолно место) [ПК(Ал)]; [СК,326]; ~ *нă-мóш сă-óде, нóго-ј инги́н пăтут* [ПК,2(52)].

индизе́ n 'дрвена (или железна) мерка за должина, лакот' ~ *з'е́ва инó ж'е́л'ạзу инó индизе́ длăгу и така́ сăс н'е́гу ш'тив'а́сува* [MS,t,5].

инди conj 'зашто, бидејќи' (причински) ~ *братјата рекле: "Алатувут којн е по-арин ут твојут"... Други пăт си пофалил царут душекут (по-стил'ак-от). Братјата пофалиле А латувут инди, бил по-арин* [V,PM, 272].

инди́с adv 'наместо' [BV(S),65].

инитли́ф adj 'човек што секогаш сака да биде по негово, и кога не е во право' ~ *нóго-ј инитли́ф, и́ч не мóже дă сă нóсе ис-л'у́то* [ПГ(Ф)]; сп. **инач'и́ја**.

ини́ч'ка f, zool. 'млада крава, јуница' [ВД(1),71].

инка f 1.'направа, од едната страна има тесен отвор, служи за ставање течност во сад што има тесна уста' [ПК(Гр)]; ~ *ти да кладиш една инка на диминикут на кукта, да низ неа да го торувиш просто, оно ке паге уф куки* [V,PM,294]; 2. 'количина, колку што содржи една инка' ~ *ка дојде време да го вăрше, Коложек, Сечко, Марин ричеа: "А д да му го призимме бирикетут, кулку една инка шу бере да му уставиме"* [V,PM,294]; 3. 'домашно цвеќе, има црвени и сини цветови, наутро се отвора цветот, а навечер се затвора' [ПК,2(52)].

инó 1. num (n) 'едно' ~ *инó ма́лку сă руди́ д'ăтинци и гу крăст'ạх Димитра́ку* [MS,t,3]; ~ *си ку́п'ạх инó магáрч'ạ, си ка́рахми дрăву́ш'ки* [MS,t,1]; и: **ину** ~ *и нóс сăс ку́ката ц'а́ска пу хóртумата, пра́ви ч'изи́ја ... ја удм'а́стува хóртума́та ину́ ме́тру пóута́так* [MS,t,3]; 2. pron (неопределена заменка) 'нешто' ~ *ни́ на т'е́б'ạ ти сă см'ăја, ни́ на ма́н'ц'ата ти сă см'ăја; ми т'е́кна за инó дру́гу* [MS,t,18].

инóш' adv 'еднаш' ~ *"ш'тó и́ш'тиш', стóр!" – "ја́с инóш' ни мóга да м'е́там"* [MS,t,63]; ~ *си́га ни пра́ими инóш' на та́с зил'е́ната тр'ăва?* [MS,t,...];

инса́н pl 'народ, свет' ~ *вили́: "т'е́с га́лица да ста́нат с'е́ óфцă да да́м на ш'и́ч'кајут инса́н мл'ăку!"* [MS,t, 80]; ~ *му вили́ на инса́ну: "за прумин'е́ти ш'и́ч'ки ут мóју двóр за ка́ж'ити, кутрó н'ăш'ту-ј пóху́ваву!"* [MS,t,20]; ~ *та́м, д'е́ фл'а́ха тóс инса́ну, ш'ту гу гóниш'и напóсл'ат има́ш'и ина́ ж'е́на дити́н'а* [MS,t,56]; сп. изр. **тóо инса́н не́-ј се́ инса́н, пулви́нта сă-мăгăри́ја** (= има многу луѓе наоколу, но вистинскиот човек ретко се среќава) [ПК,2(52)].

инсạнла́к m 'човештина, однесување без суровости' ~ *ни́м тạка́ бре, има́јте ма́лце инсạнлăк* [ПК,2(52)].

инса́ф m 'разбирање, совест' [ПД(133); ~ *и́ми ма́лко инса́ф, пуче́к гу-ма́лце* [ПК,2(52)].

инсафлија adj 'кроток, мил, друштвен' [BV,66].

и́нска кукóшка f, zool.'специјален вид кокошка, многу е мала, со убави

бои' ~ *та́-ј шаре́нка, мале́чичка-ј, ре́тко мо́ш сӑ-сре́тне ту́ка* [ПК,2(52)].

и́нски* adj 'памучен' ~ *да́ј-ми сто́ дра́ма и́нска буја́* [ПК,2(52)].

интире́син adj 'необичен, занимлив' ~ *Постул ӑј от ногу страни интересин* [ME(P),82].

интири́а f 'долга женска облека' ~ *же́нте ги но́саа, буба́јк би́а пӑлни, ду-куле́нта фа́штаа* [ПК,2(52)].

интифа́ f 'оглас, наредба' [CK,326].

инќа́ре impf 1. 'порекнува, откажува (да ја каже вистината)' ~ *и да си гу-виде́л, чи́м ко̆-пи́тиш пра́во инќа́ре* [ПК,2(52)]; 2. изр. **инќа́р (чине, праве)** = откажува, порекнува ~ *му вел'ат: "а́х бра́те, и ни́а инќа́р не чи́ними, што не́ сми земали има́ни о-тво́ј господа́ра"* [V,PM,21]; ~ *кадиата му вели: "Мусо, алтините да му дадеш на тиа троица умовитни л'уди!" Мусо фати инќар да чини, чја а не најди* [V,PM,181].

инќарла́к m 'порекнување на она што било договорено (сторено)' [BV,65].

инфие́ n 1. 'вид тутун, се користи како прашина и се мириса'; 2. изр.: **инфие́ не да́ве** (= многу е скржав) ~ *ее, до̆-зна́јш како́ф ај, нӑ-па́ткумо инфие́ не му да́ве, а не пӑ дру́го дӑ-т да́де* [ПК,2(166)].

инцити(у)сува impf 'вознемирува, задева' ~ *се́днаха на ре́т, фати́ не́говата л'убо́вница да гу ба́ра, да гу инцитусува на трапе́зата, ама то́ј сира́к мӑлча́ши* [V,PM,10].

иншан* (веројатно: **нишан**) m 'знак' ~ *ве́ли...: За̂шт'о ми виде́ верува́; блазе́ ј шо не видо́а, да верува́ле. И дру́зи но́го ви́ки инша́ни прави́ Исус кри Учени́ците, шо не са писа́ни на ва́ кни́га* [MV,K,254].

инӑја pron (pl) 'некои' (едни) ~ *си súгна нуга́та и хи́тра Пе́три па́дна ут дало́т у инӑја трӑни*; ~ *на́ва на пӑнт'ут, д'е хо́ж'даха, инӑја га́лица мло́гу* [MS,t,78].

ипархи́ја f 'голема црковна област, управувана од владика, верска административна единица' ~ *на ш'и́ч'ки му да́ди пуина́ ипархи́ја за да диики́сат* [MS,t,,60].

ипиди́с conj 'бидејќи' ~ *и ипиди́с ма́јка ни има́ш'и дру́гу д'ӑт'а, м'а изва́ди ут но́с ч'урба́ц'ија* [MS,t,87].

ипиме́на adv 'зборувајќи, откако рече' ~ *т'а́ ипиме́на ја́з за сӑ уб'ӑсам, а́ку ни зна́ј да вр'ӑј и гу пи́та па́к ... му вили́ си́га: "уш'тино́ш' за т'а пи́там ... ти да ми и́маш' гр'ӑхо́, за сӑ уб'ӑса јас"* [MS,t,30]; [MS,s, 40].

ипире́тин m 'слуга'; сп. **измиќа́рин** [MS,s,40].

ипси́к m 'грамада луѓе, толпа' ~ *сӑ субира́ ш'и́ч'кију ипси́к за да гу ви́дат, ка́к за гу уб'ӑсат* [MS,t,22]; ~ *и до́јди и то́ј пукра́ј ипси́ку и гл'е́да, ка́к сӑ мӑнч'ат за да гу ја́хнат ко́н'у* [MS,t,59].

и́псома f 1.'религиозен термин поврзан со настанот – принесување жртва на светец' ~ *на годината на четри празника са чинат тиа жертви, којто са именува од сел'аните ипсома: Димитровден, Архангеловден, Ѓурѓовден и Богородичен ден. На тиа празници на млого кашти има от тези ипсоми, што правјат и кол'ат корбани* [V,PM,251]; 2. 'дел од религиозен ритуал кога свештеникот на празникот св. Никола раздава парче леб натопен во винце - нафора' [BV,66].

ипсосова impf 'го благословува принесувањето на жртва на светецот' ~ *така сетне домакинот поклонува три поклони, и попот земува литургиата, ипсосова и псалит "достојно ест"* [V,PM,251].

ипта́ num ~ *и до́јди тузи́ де́ка ипта́ (19)17 у апри́л сӑ пу́ш'таха на́ш'та илики́ја* [MS,t,3].

иптен adv 'многу, сосема' ~ *то́о ва́што ну́че ни ạпна́ло ни сӑркна́ло, сла́бо ипте́н* [ПК,2(182)].

ипурго́* m 'министер' ~ *ги кале́са на у́трина́та про́типурги́ту, и́пурги́ту, стра́тиги́ту, ди́кут'е́ту и му сто́ри го́зба* [MS,t,12].

ирам m 'постилка ткаена дома, служи за покривање на кревет и сл.' ~ *пустилена су негувите високи треви и реката пустредин му като гулем темин ирам* [ME(P),71]; ~ *кили́мче тка́јно до́ма, вӑлнино-ј, ус-не́го сӑпусте́л'уве криве́то. Но́го бо́ц̣ке то́о ира́мо, нӑ-мо́ш дӑ-спи́м бис чӑрша́ф* [ПК,2(182)].

ира́т m 'она што го раѓа земјата – летнина' ~ *но́го ира́т и́мше ла́ни, се́ не́што би́ше руди́ло* [ПК,2(52)].

иризи́ја f 'железна шипка за затворање на надворешна врата' [KE,2,0]; сп. **резе**.

иримби́ца* f, zool. Perdix perdix 'еребица' ~ *и то́ј гл'е́да, н'е́ма пуиди́н нао́кул, л'у л'етну́ват ин'е́ иримби́ци и му вили́ на иримби́цит'а̣* [MS,t,, 18]; ~ *иди́н д'е́н' му би́ха дукара́ли на ца́р'у ин'е́ иримби́ци и му ги стигани́саха* [MS,t,18]; и: **ирибица** ~ *целото село, Митро мори, ти гу запусти [за вода јодиш, Митро мори, збор ми зборува [збор ми зборува, Митро мори, као ластавица [попот ми јодиш, Митро мори као ирибица* [БМ,159].

иримби́чка f , zool. Perdix perdix 'еребиче' (dem. од **иримби́ца**) [MS,s,40].

иринд'е́ n 'направа за рендење плодови (дуњи, јаболка и сл.)' [MS,s,40].

иринди́са* pf 'иситни плодови (дуњи, јаболка и сл.) со *ирин д'е*, изренда' [MS,s,40].

ирли́ја m 'староседелец, тој што живее таму каде што се родил'; сп. **ерли́ја** [MS,s,40].

ирма́ќ m 'крупно мелено жито – гриз' . според Малецки: 'изрендан, ситно исечен леб' (непрецизно) [MS,s,40]; кај Саќов (во Кукушко): **ирмиќ** [CK,326].

ирмиклии pl 'десерт, гурабии направени од гриз (= крупно мелено брашно), со јајца и малку сода бикарбона, полиени со зашеќерена вода - шербет' [ПК,2(53)].

ирмиклиа алва f 'вид десерт, алва правена од варен гриз, шеќер и други додавки' [ПК,2(53)].

ирмилиќ (и: **ирмилик**) m 'турска монета од 20 пари' [CK,236]; ~ *и сватувиту за метнат дар; кајто таткото, за метни алтун, на другите кој грош, кој ирмилик, спроти обичај* [V,PM,245].

Ирми́ндин 'празник св. Еремија' (– со редукција и елизија од Еремиин ден) [ВД(1),73].

ируди́са pf 'тргна, се упати' ~ *да ка испадна́ле дја́волити ут чове́кут, фле́гле уф пра́фцити, и ируди́са бил'у́кјут на до́ло уф бла́туту, и си удави́ле* [MV,K,275].

ис adj 'еднаков' [ПК,2(206)]; ~ *пӑрна́р се́-ј пӑрна́р, а́ма пло́до мо-ј ис куту нӑ дӑбо и му ви́кӑме жир и нӑ него* [ПД(124)].

ис prpaep **1.** 'од' ~ *му рекал: "Шчо правиш, побратиме, тука?" Тој имал га кӑлӑчката во рӑцете. Тоги нашарил и рекал: "Ќо дигнам теја место, да тече ис тука"* [ШД,5 (436)]; ~ *ти млогу л'ап за јадеш у мени, л'у довечера ис седомдесе врјатина да ха сјаиш, да ха жниш, да ха врашеш и пшеницата на амбарот да ја износиш* [V,PM,278]; **2.** 'низ' ~ *добӑр ти вечер јуначе [– дал ти бог добро бабичко [–*

јуначе харно, јуначе [каде се луташ ис поле? [БД,102].

исáбин* adj 'нож (или друг вид сечило) што станал тап и не може да сече' ~ *нóжут ај-исáбин, нúшто нé мóж дă-сéчиш;* ~ *сă-исăбúли сăрпуфто* [ПК(М)].

исап (< есап) m 1.'сметка, евиденција на приходи (и трошоци)' ~ *ми вели: "а бе кехаја, ти си ми бил харамија, што не ми кажа лирата, кога си видехме исапот?"* [МС(В),82]; ~ *и сл'áва тóс дóл, утфáра пóртата, утúва на дугáниту; му вилú на измиќáриту: "исáп'у за гу дрăж'úти хýбав'ą трú гудúни"* [MS,t,29]; 2. изр.: **исáпо нé испáѓе** (= не може да се усогласат сметките) ~ *лáгигă кáк сáкиш, исáпо нé испáѓе* (= како и да се прави сметката не излегува) [ПК(Гр)]; **му бир'е исáп'у** (= му ги срамнува сметките), со исто значење: **вúде исáп** ~ *гу нусихме у дома и там псувиса... ка псувиса, ма фати жената му – ама та беше бугарка, потурчена – и ка видехме исап с иснафот, останах 30 лири борилија* [МС(В),83]; односно: **исап'у му гл'еда** ~ *ја з'é идúн кихајá (ч'élингáта) за графéа, за граматúк гу з'é; фáти да пúш'и на кúхајáта, фáти да му бир'é исáп'а* [MS,t,68]; ~ *ги напýлни трúт'ą дугáн'ă вúца н'ăш'ту и фáти пу идúн измиќáрин ... тóј кáта м'áјąнц исáп'у му глéдаш'и* [MS,t,28].

исé 1. part ~ *ми ти дéк а кладé? Јáз дă-н ти прéчум исé* [ИГ,120]; 2. adv 'инаку' ~ *си-ричéла уф-сéбе: "ах мóре, јáс с-излăжáх кá тă-пуштúх пу-крóсно. Нóго тă-прăучúле тéбе, исе јáс ќă-тă-нăýчаах кáк сă-рăбóте спрути срéда* [ВГ,276];

исем adv 'многу, сосем' ~ *исéм бăшкá гувóрат грăждáне* [ПК,2(53)].

исенски adj 'нешто што се однесува на годишниот период *есен*' ~ *золвино лице ка ситна роса [кај што заросил се изникнало [снаино лице исенска слана* [БВ,26].

исéнцко сéно n 'сено од второто косење' [ПК(Пл)].

исúк (де-ј) изр. (= подобро да го нема) ~ *тăквó дáвăне исúк де-ј, нис нóсо ка-ќ тј-о: искáрăт* [ПК,2 (182)]; ~ *ка ќи навéлиш стó пăтă, исúк дé-ј тąквá пóмуш* [ПК,2(167)].

исилјáт* m 'родот од земјата' ~ *лозјăтă и пчиничките сă рăботăт су кирија:... аку не испаѓја гу делјăт нă пулвини исилјатут* [МЕ(Р),89].

исипе* pf 'истури течност, односно ситни предмети (жито, ориз, пари)' ~ *и му кáзало: "Когá úдеш на крáј морéто, да исúпеш пчени́цата, медá, просóто по сýхо, а пак кóнете да сосечéш и да расфа(р)лúш по сýхо половúната, и по водáта половúната"* [V,PM,258].

исúр m 'заробеник, роб' ~ *го рашита Солун, кладе тил'ал, борба да са боре: ако го сăборат, да го земат исир* [МС(В),97]; ~ *н'ă з'éха утýк кутý исúри, н'ă закáраха дур у Сулýн на тýмбата* [MS,t,2].

исúрин m (сп. **исúр**) ~ *му дáва ш'úч'куту имáни, му дáва д'éсит' икатумúр'а парă и му стáнува исúрин* [MS,t,71]; ~ *аскéр'ут ... утúдуха у касабáта нăтр'ą, гу фáт'ąха и цăр'ут исúрин* [MS,t,87].

исúтне pf 'направи нешто на мали (ситни) парчиња' ~ *трибýве до-исúтниш óт óн нé мóже гулéми зáлци дă-јáде* [ПК(Гр)].

йска impf 1.'бара' ~ *му вел'áт: "а брé ти заштó гу отепá онова ąифаирąúа тогáс на горáта? Ади éла. сегá ти úска пашáта!"* [V,PM,27]; ~ *тúдаа и тé на пашáта, му вéл'áт: "пашá ефéнди, нúа татку на от тéби гу úсками; на твójта зéмја си загубú* [V,PM,27]; ~ *и јаз му*

ричех: "Тескере не искам, јаз с уста ки му речам и тија ки дојдат" [MC(B),89]; **2.** 'сака' ~ *и кату му са собра́ млóгу стóка, и́скаши да га продáди* [V,PM,26]; ~ *ре́ча: "Гóспот да ми дадé, а тó от цáрја парú ништá". И пáк му кáза: "Já парúте, та áко и́скаш зéми ги, и когá дóјде харапúна, ти си вúш!"* [V,PM,256]; **3.** – **(са)** 'има љубовна желба' ~ *по поле ходихме цвјате сăбирахме [л'убов зафанахме малки дор гол'ами [л'у са искахме пак ни си са зехме* [БМ,188]; **4.** изр.: **искали роб да го земат** (= недостасуваше малку за да го заробат) ~ *невестата му го пита: 'е, как стори?" И тој ја вели на неа: "ошти биз малко да не хождах, татко ти искали роб да го земат"* [V,PM,160]; **искала да роди** (= уште малку време требаше да роди) ~ *кату си ожени, припадна много сиромах, и жената му тешка си чини, веки искала да роди* [V,PM, 161]; **колкото си го искала** (= да биде соодветно казнета) ~ *разбрал оти била пиена, и га фанал сос едно дрво, и и́ дадел по плешчите колкото си го искала* [ШГ,5(416)]; **иска да умри** (= малку недостасуваше за да умре) ~ *си навалиха наврăх него четиријсите змии, го покриха. Ама и тој от страх веки искал да умри* [V,PM,176]; со исто значење: **иска да пукни** ~ *отивајке, отивајке, го извади дјатенто на едно поле. Тамо от много топло за јода искал да пукни дјатенто, и сé му велише: "аман, јодичка да ме најдеш"* [V,PM,156]; сп. **ишти**.

иска́жи (и: **иска́за) (си)** pf **1.**'опише' ~ *детету имаши глас, толку му беши благ, којто не можи да се искажи; немаши на дјун'ата таков глас* [V,PM,37]; ~ *најдé еднó гúздаво пéро, ама какó гúздаво, нéговата гиздавúна не мóжи вéки да си иска́жи* [V,PM,120]; **2.** 'раскаже, соопшти' ~ *и ут тá грáда нóго Самарúти верувáле на нéго, зарди жéнцкото прикáзна, шо му искажá на нúх* [MV,K,258]; ~ *цар'ут, как га виде нивјастата да е толку лична и хубава, са почуди и не можи да си искажи радоста* [V, PM,46]; ~ *Кулýф на нéгу са искáза за сúчку, му кáза и за тáја лажá, што кáза на кадúата* [V,PM.12]; **3.** 'претстави' ~ *му ричé сúнот му: Тáтко, и грешúх на нéбито и на тéбе, и нé сам врéдин вúки да си искáжам сúн ти* [MV,K,280]; ~ *кóј ут вúј пувéлити вúки ки расúпи нéкуа пóмалéчката, и да искáжи такá на л'ýдити, нáјдóлнин ки си кáжи* [MV,K,298].

искад'éн adj 'потемнет од дим, исчаден' ~ *запали се Босна , задими са [уогăн гори от четири краја... [за двјаста се тимјан искадили [за триста се уосăк изгурјали* [БД,78]; сп. **кад'éн** [MS,s,40].

искае* pf 'од преѓа (со притискање на нишките една до друга) изработи материјал, платно (се ткае на разбој)' ~ *ти да јодиш утре застра [утре застра ов разбојот [да искаеш дипл прегач [дипл прегач за свекрва* [БВ,308]; ~ *извира вода студена [од Јанина градина [Јанина мајка викаше [ела си Јано ела си [килимот да го искајиш, червето да го довезеш* [БВ,298].

иска́ле (сă)* pf 'се стори нечист, извалкан од кал' ~ *нúм óди лóш е пăтут, цéл ки-с иска́лиш* [ПК(Кр)].

искалăпе* pf 'заврши со калапењето' (= редење на тутун во калапи) ~ *сéкушпăт ду-свит-Никóла тит'ýно нé-ј искăлăпин, лáни пó-рáно о-искăлăпúме* [ПК(Гр)].

искаре* pf **1.**'изнесе, извади нешто од некаде' ~ *правих чингели, пуштах нăтри, полека, полека му а*

фатих едната рăка, му а вăрsах, напкун му раздробих коските, му искарах дробут [МС(В),87]; ~ *та јотлупи сандăците [та искара баш премјана [премјани се, нареди са [та јотиде сăс момите* [БД,125]; ~ *и пáк гу попúтал, кóлко окú вóда úма фаф барáта, и хизмикáрја искáрал кратýната и акóлата та му кáзал: "Сас ај тáзикана кратýна примерúх и на акóлата п'совах"* [V,PM,256]; **2.** 'симне капа' ~ *тогас ламјата гу пл'уна на образот и му искара капата и му вели: "ету ти а капата ти"* [V,PM,46]; **3.** 'отстрани нешто (од некаде)' ~ *и напкун турвам гăрнето вăрху мехот; море, што ветăр или вода да има човек, кабил не е, ако не го искара* [МС (В),84]; **4.** 'со јаже извлече нешто од длабочина' ~ *да ми врăзéти и да ми пýснити áф дýпката, и, когá ки гу клăтнам вăжето, да ми искáрати гóри* [V,PM,135]; ~ *големјут брат рекал: "Вăрзајте ме сус една ортома, пуштејте ме уф дупката и, кога ки а дрăснум, да ма искарите!"* [V,PM,271]; **5.** 'изведе, допрати некого' ~ *тогас ламјата искара момата, га чини теслим на авциолиа* [V,PM,46]; ~ *ка ке вчераме дур не ú искараш сите ут апсаната да ú видиме да не зафатиш да вечераме* [V,PM,46]; **6.** 'добие' ~ *уд млекăто шо ки-сăискаре, шо ки сă чуке мăтăницăта, то-ј масло* [ПД(119)]; **7.** 'принесе' ~ *напкун оди сестра ми да искари кабаницата да вичерами – типцијата празна!* [МС(В),92]; **8.** 'покаже, претстави' ~ *ами сегá кáк да ти искáрам от-прéт мáјка ми, чá мáјка ми е стáра самовúла, и сéстрите ми са јýди самовúли и, л'ý ки ти вúдјат, ки ти изјáдат?"* [V,PM,131]; **9.** 'заработи, спечали' ~ *една от момите рекла: "Мале, царут пувил'ал да не седе никуј доцкăна на вечера". Мајка ú ú рекла: "И, керко! Ако да не предиме да искариме пари, за утре лебче ки немме"* [V,PM,267]; ~ *ми, рăчé, нáшио цáр úма мóма, зă-мóмăта сă-тăкмúчăме кóј дă искáрă пóвике пăрú, тă да-зúме мóмăта* [ПД,150]; ~ *искăрáа нóго (пáри)* (= се збогатија, спечалија многу пари); **10.** 'заврши нешто до крај' ~ *карај, карај длăга постава [длăга постава и широка [дано на крај искараме [на крај има до двја сјанки* [БД,30]; ~ *сáмо ýше тóо рéт до-искáрам и ки устáвум* (= да го завршам тоа што сум го почнал и ќе оставам) [ПК (Кр)]; **11.** изр.: **нис нóсо мј-о искăрá** (= услугата што ми ја направи ја наплати многуструко) ~ *тăквó дáвăне исúк де-ј, нис нóсо кá-ќ тј-о искáрăт* [ПК,2(182)]; **искаре ил'ам** (= добие писмено одобрување, согласност) ~ *дили-Димо сам остана, виде, ча инак не можи да чини, сам на царските човеци са придади и сам влезе аф зăнданот. Ил'ам искараат да гу обесат* [V,PM,66]; со блиско значење: **искара пусула** ~ *и сичките порти ги помаза, и така сетни искара от конаќут владички пусула за да са венчај, отиде, попови викна* [V,PM,70]; **искăрáх си лéбут** (= спечалив колку за едно бедно живеење) [ПД(116)]; **му-искарá душáта** (= го измачи, го уништи) ~ *Јáнке, киридáнке [Јáнке кисидáнке! [на кóј му сечé, Јáнке [му искарá душáта* [ШД,1 (239)]; **му-искáра учúте** (= го остави без очи, но и пошироко: го уништи) ~ *"и-и, вампúрко, к'им-искáриш óчте, шó мýшкиш?" Бáбăта с-исплашúла, избигáла* [ПК,2(234)]; ~ *дујдé гарвáнката и кáк га-вид'áла тóс чув'áк, з'áла да-му-искáра учúте. Гарванчéта реклú: "Нúмој, мáјко... тóј ја утепá змиáта"* [ВСер, 337].

иска́руве impf 1.'извлекува' – в. **искаре** *~ то:-ј гуле́м ка́мăн, уд зе́мăта ни́кнăн, не́ сă иска́руве, не́ сă мăрдну́ве* [ПД(129)]; и: **иска́рăве** *~ о́де на ни́вта, зафа́шќе да о́ре; на адна́ бра́зда, на две́ - иска́рăве а́дна чуве́чка гла́ва уд зе́ми с ра́лто* [ИГ,110]; *~ ка па́жќе де́тто, о́дма пуве́л'а ут ца́рут да гу вăрзат де́тто. Фа́шќăт, гу вăрзу́вăт, му-ј изка́рăвăт о́чте* [ИГ,1 4]; **2.** 'истерува (говеда)' *~ удде́ ба́ба дăјска́руве гуве́та нă-гувида́ро и ни́а пу не́а* [ПК,2(248)]; **3.** 'добива' *~ ај свил'ăнта буба ка ки сă зăви:; ка ки сă зăмоте, свила ут то: шо искарувăт* [ПД(124)]; **4.** изр.: **на мигдан искарува** *а.* 'ги открива тајните'; *б.* 'успешно завршува некоја работа' *~ имаши три керки: најмалката беши нај-хубава и на-лична, и млогу била акăлијка: што работа да фашташи, на мигдан га искаруваши* (пишува: *на-лична* наместо 'нај-лична') [V,PM,70]; *~ фати една скала да направи: тој га ковиши, он га расковиши, не можа никоја работа на мигдан да искарат* [V,PM,87]; *~ му вели: "ај море, мајстори, виде динеска как не можахми да искарами двамината една работа малка на мегдан"* [V,PM,87]; **иска́рăн нă ка́дро** = сликан, фотографиран); **искара́ чимичо́к** (= му излезе брунче, јачменчок на окото) [ПД(Ф)].

искарăи adj 1.'изваден, изнесен од внатре надвор' *~ сă-пузна́ве, о-и́миш иска́рно ут стре́ди;* **2.** fig. 'претставено, преведено, испишано' *~ господи́ново и сфета́го Е... на Бо́га на́шаго го́лема Црăкфа Христја́ноф, иска́рено на буга́рцко изи́к* [MV,K,4].

иска́стре pf 'со помош на направа што има сечило (пр. нож, секира) ги отстрани ситните гранчиња од дрво или од подебела гранка' *~ трибу́ве пăрво дă-ј-иска́стриш гра́нките, тă-се́тне ус-ни́х с-испле́туве ко́шут* [ПК(Гр)].

искатéре (сă)* pf ' се искачи по нешто стрмно некаде (на високо)' *~ с-искăтири́ са́м на́ј-на-врăо* [ПК(Гр)].

искауие* pf 'изрази желба некого да го најде несреќа, го проколна' *~ сус друго либе, мамо, думаше [ји моите думи, мајко, думаја [јем сребрин прстин мајко менија [ји јас го луто, мајко искауна [девит години, мамо да леже* [БМ,153].

искаче (и: **искаци**) pf 1. 'крене нешто на високо' *~ ле́бут на-висо́ко ќи-м-јо: иска́че* (поговорка = не е во можност да ми направи нешто лошо); **2.** – **(сă)** *а.* 'се измести и застане на повисоко место' *~ тамо има чешма и една висока топола; ти да си искачиш на тополата, јако да си дăржиш, јазе пак за са искриа на орманот* [V,PM,186]; *~ от та́мо са иска́ци го́ри, најде́ четири́јси одаи́ закл'уче́ни, и кл'у́човету бе́ха та́мо* [V,PM,123]; *б.* 'се качи на превозно средство' *~ кату остана царјут сам на пăнтот, тихиса тамо от орманот беши изл'ал един харамиа сос остра сабја, си искачи на кучиата* [V,PM, 35].

искине* pf 1.'открши гранка' *~ простр'а ра́ка́та му, искина́ еди́н дал со́с де́сет ја́бăлки и еди́н дизги́н удри́ на ко́н'ут, побегна́* [V,PM,113]; *~ са́каши да пу́кни и гу покăлна́ така́: "а́х Бо́же, ко́ј искина́ дало́т со́с де́сетја́ ја́бăлки? Ако е же́на , мăж да си чи́ни, и ако е мăж, же́на да си чи́ни"* [V,PM,113]; **2.**'отргне, откине плод од дрво' *~ тогас тој отиде пак, искина три смокви от другото дăрво и от три дни сетника отиде пак на царјут* [V, PM,35]; **3.** 'отсече дел од нешто' *~ приближиха да излезат на го́ри*

áф бе́ла зе́мја, месо́то се́ исфӑрши... Тогáс то́јнака искина́ от ногáта му една́ парча́, му даде́ на картáло [V,PM,136]; 4. 'извлече нешто од корен' ~ *рекал: "Ги завӑрзах сичките пӑрнаре... Ќе тӑргна с-ортомата и ќе се искинат сичките"* [ШД,5(436)]; ~ *тогáс и то́јнака ги фати, му искина́ по едно́ влáкно от пáшка и по едно́ от шиáта, влакнáта ги вӑрза́ на́ прӑсти́те* [V,PM,136]; 5.'прави нешто на делови (пр. јаже, конец, било што)' ~ *сáкаха да иски́нат вӑжиту, диво́јката и́м ве́ли: "по́сле ме́ника и́ма о́шти две ди́војки. Ги тегл'áха и три́те диво́јки, гу искинáа вӑжету* [V,PM,135]; ~ *áма двете́ си́нови нáс на извади́ха, искинáха вӑжито, та то́ј пáдна пáк на до́лна зе́мја* [V,PM,138].

иски́сне* pf 'нешто останало на дожд, се измокрило' ~ *фати́ ади́н до́ш, дуде́к дӑ-сӑ-вӑрнум жи́ва во́да станáх, сӑт искиснáк* [ПК(Гр)].

исклáве* pf 'заврши со ставањето' ~ *и ки си клáвиш ут кӑпи́нта, ки-сӑ-по́унат, ки-сӑ-ле́пат, ти клави си... ки-си-ӑ-исклáвиш ду-три́ де́на* [BM,317].

исклáсе* pf 'кога житно растение развие (пушти) клас' ~ *жи́тта о́ште не́ би́а исклáси́ле, прӑт свит-Кустáди́н би́ше* [ПК(М)].

исклéпе* pf 'заврши со клепањето (= острење на коса и сл. со чукање на сечилото)' ~ *о-би́ве зӑ-тӑкви́ рабо́ти, дӑ-т исклéпе ко́са, балти́* [ПК(Мут)].

исклúнче pf 'намерно отсуствува, односно ескивира од некоја обврска' ~ *научин ај на лéсничко, са́мо удвујниклáк не́ мужé д-исклúнче* [ПК (Гр)].

искл'óпе* pf 'изеде нешто лакомо и во голема количина' ~ *и мо́јто ја́дне о́н гу-изде́, се́ искл'упá* [ПК (Мор)].

искове pf 1.'заврши со ковење, кога со шајки се прицврстуваат дрва, штици' ~ *моите мили брáка сандук да ми прáват [сандујќ амбарлија со три мали врати [кога Бона јумре сандујќ исковале [од првата врата́ слáнце да га грее* [БК,143]; ~ *ки сӑ иско́ве уддо́ле душиме́ и по́сле нӑ ку́ши́нта ки сӑ пу́шчӑт дӑрва и сӑ-нӑпрáве кути кӑшчичка* [ПД,127]; 2. 'обработи железо (со ковење)' ~ *искувал ли си јуначи [сребарӑн прстин зӑ-мене? [– искувал гу сӑм, искувал [л'у немам хич маламу [за да си гу маламосӑм* [БД,44]; ~ *не врви Герги на турцка свадба [на турцка свадба девер да бӑде [девер да бӑде прјапор да носи [прјапор да носи на нивјастата [да ми искове сребӑрно копче* [БД,58].

исколе* pf 'убие со пресекување на грлото (на човек или животно)' ~ *а Арáпуто пá, о́ште сӑбáјлинта кá видéле тáм иско́л'ӑни то́лко л'у́ге, пӑрвјо - до́л шо́ би́л - о́дма сӑ-зӑсу́кӑве, це́л'о кӑрвишта сӑ-улупо́те* [ПД,168]; ~ *пӑ-тáтко – тугáј тáтко би́ше куμáбаши́а – тáтко ви́ке: "ско́ро бигáјте, ќи-до́т Ту́рцте, ќи-вӑ-иско́л'ӑт"* [ПК,2(343)]; ~ *в пуста Македонија [горе села изгорени [стари баби исклани [нигде трева не никнало* [БВ,118].

иско́л'уве impf (в. **исколе**) ~ *а глéат еднáта - мáш, дру́ӑгта - мáш; си́те три́јстосум - се́ мáже. И иско́л'уве цáрут* [ИГ,110].

ископе (и: **ископа**)* pf 1. 'разрие земја (пр. околу посадена култура)', односно: 'со земјоделска алатка направи дупка' ~ *ут кá о-искупáме тит'у́но но́го путкӑрá* [ПК,2(190)]; ~ *ах, да знаје мојата мајка, гроба да ми јископа, јископа [гроба на мен*

да ми јископа, каде сланце јизгрева, јизгрева [БМ,149]; **2.** 'извади нешто што е закопано' ~ *дошал и до дјадото, на котро лозето ни рăждало, и му казал, чи ни рăжда, зашто всред него има пари и ни га сја ископали. Тога дјадото зел да копајă* [V,PM,284]; ~ *си-кăзăлу: "Дą-знăја тузú чул'ăк тăм дéту лăжú, чи-úмą зăкупăну гăрн'ą сăс пăрú, тą-дą-гу-искупăјą". Тој кăтó чýл и рăзбрăл сúчку, стăнăл и искупăл гăрнету* [ВД,331]; **3.** 'извади очи' ~ *л'-јако ма Драганке напјајеш [да ми јодрјажиш крилцата [крилцата до раменцата... [л'-јако те Драганке натпјаја [шче ти ископам јочите* [БД,184].

ископче (се) pf **1.**'кога копче ќе излезе од своето лежиште'; **2.** fig. 'напушти нешто, се отстрани' ~ *úскóпчисă нéкак, глéј дă си-дóјш* [ПК,2(53)]; **3.** fig. **că-искупчá** 'се спаси, избега од некаква опасност' [ПД(114)] ~ *тăм úмше гулéма рąбóта, áма óн нéкак că-искупчá;* сп. **că искóпчуве** impf 'избегнува' [СК,326].

искорне* pf 'извлече растение од земја (со корења)' ~ *си-дукара на умут: "сеа да иăм силта на дефут!" Му дујде сила. Една едра тупола имише тамо, фати а искурна, си а прăфарли на рамуто му, са пушти на аскерут* [V,PM,206].

искосе* pf 'заврши со косењето' (кога тревата е искосена) ~ *жалам бре сине, како не [кога ке море изгоре [зелен ми чăир да стане [да го искосат косачи [тогај ке мајка прежали [бела шамија забради* [БК,92]; сп. ~ *рéт искóсăна трéва нăмлиа că вúке* [ПД,122].

искоче* pf 'излезе' ~ *а па заецот, ка видел мечката умрела, искочил от дрмата и избегал по гората* [ШГ,5(402)]. Заб.: освен кај Шапкарев односниов глагол на др. место го немаме констатирано.

искóте (că)* pf 'се намножи' ~ *că-искутúи нóго глýхци вáа гудúна* [ПК (Гр)].

úскра f **1.** 'најмалата светликава честичка од нешто што гори' (од оган) [MS,s,40]; ~ *кути нéкаа úскра, ќитлéе, ќи-тлéе, дур сéтне ќи-сăјáве плáмин* [ПК,2(190)]; ~ *хугáто úма на писристéрă úскри, парú ста са брóјат* (верување) [ВД(1),85]; ~ *на третта вечар пак му донесле измитчијте малко вичера и малко видоло,... една ронка вичера и колко една искра видоло* [V,PM,266]; **2.** изр.: **úскри му-излéвăт уд óчте** ~ *нóго-ј нăл'ýтин, бéги уд нéго* [ПК,2 (167)]

искрéка pf 'кога кокошка ќе испушти звуци' (истото важи за жаба)' ~ *уф-тимнúцта искрикáа кукóшките* [ПК(Мор)].

искрепе (că)* pf 'се спреми' (?) ~ *и тăкá вúке că-влизéле унăтре, а нé и пукăнúле нú узгóрą, вúке нúкăк. И тăкá că-искрипúле, că-исчинúле и ки că-прăвúла нивéстта азăр. árну-ма вúе нé-că-кăчúле узгóрą úч* [БМ,207]. Сп. во Кукушко: **că-скрешú** зн. 'нешто нестана, исчезна'.

искрúва* impf 'прави нешто да биде недостапно' (в. **искриј**); || **скрúва**: *јáс гу скрúвам* [MS,s,40].

искрúве (că) pf 'нешто престане да биде право' ~ *уд-вéтăро сé că-искривú дрăфцăта* [ПК(М)].

искрúј* pf **1.**'стави на скришно место, сокрие' ~ *порача на жената му, неговата пушка да га не продадé на друг авциа, туку да га искриј аф таванут* [V,PM,40]; ~ *и речé сам на сéбе си: "ај Бóжи, тáтко ми знáиши, оти јáзе ки запáднам от ýмот ми и затовá ги искри тука нéтри áф товá дáрву тиа драгоцéни кáмини"* [V,PM,8]; ~ *и*

а-вéли: "Жáлна-ми штéрко, уд-дрýсти ти-сéстри искрúх, áла уд-тéбе ни-мóја да-искрúја: уд-н'áко вр'áми навáм (погрешно пишува: 'давам'), *мóмата-ми, фатúха да-ми-јúдат харми́и* [ВЛ,338]; **2.** – **(са)** 'најде убежиште, се сокрие' ~ *"ч'áкај мáлиту, úскриј сă тýк да пóм дóл триндáфилу да вúш' как за рич'é пúл'ату"* [MS,t,52]; ~ *та úм вéли: "скóро влезéјте нéтри áф пештјá дá си искрúјти, ча аскéр млóгу дофáда* [V,PM,140]; ~ *"амáн, пóпи, д'é да т'а úскрија, манц'óтми хлóпа?!"* [MS,t,68].

искубе pf 1.'извлече растение (со корења) од земја' ~ *та сáмо вóда-ј, и кá кá искýбиш нóго врéме ки сто тăкá, нé сă исýшуве лéсно* [ПД(123)]; ~ *тóо шо искубá дăрфцто, рăкта дă-му-кáпне* [ПК,2 (191)]; **2.** 'извлече влакно (коса)' ~ *сја уд нúхка пóáрни нéма, áдно врéме кóсте си-ј-скубáа* [ПК,2 (170)]; **3.** fig. 'избегне некоја непријатност' ~ *úмше адна рăспрăвúа, ама... сă-јскубáх* [ПК,2(196)].

искýбуве impf (в. **искубе**) [СК,326].

искулáса* pf **1.** 'се ослободи (од некоја обврска)' ~ *искулáса Алéксандрóту ут скул'óту – и тóј бúш'и на цáр'у д'ăт'ă* [MS,t,59]; **2.** 'остане без работа' ~ *с'éднах ...у Сулýн ... за да рáбут'а, амá ни имáш'и рáбута и такá искулáсах и ут нáс рáбута* [MS,t,,1].

искулáсува (и: **скулáсува**) impf (в. **искуласа**) – 'се ослободува од училишните обврски'; 'нема ангажман' [MS,s,40].

искусин* adj 'тој што научил, што умее' ~ *имало на едно мјасто едно езеро, в което имало само три риби, и ни можал никој да ги излови. Тримина брáкă, искусни рибари, утишли да ги ловет* [V,PM, 284].

искăрке* pf 'кога некој на брзина, лакомо изеде нешто' ~ *сăто сáм сј-о искăркá* [ПК,2(196)].

искăркуве impf 'изедува сé' (в. **искăрке**) [СК,326].

искăрпе pf 'на местото каде што нешто било скинато стави крпче и го сошие' ~ *му-ј искăрпúх чурáпте и о-пуштúх дă-с óде* [ПК(Кр)].

искăрши pf 'прави нешто да биде искршено на парчиња' ~ *Тодор од кýка скокнало [сăте фăрлија на Тодор [ни једен Тодор не удри [фăрли ми Мици Касапин [Тодоров милин побратим [двете му рăци искăрши* [БВ,73]; ~ *слушај Мите, слушај кој тропе на порти [кој тропе на порти, порти ќе искрши [едно лудо младо на мијани било* [БВ,240].

искăршува* impf (в. **искăрши**) ~ *јáс на нúвата јóдам, Нéдо, нúва изурýвам [нúва изурýвам, дýшо, рáлото искăршýвам* [МЕ(Р),99]; ~ *на ливаѓе одам, сăрпот на рамото [пинците пуд мишка, торба на рамото [... сăрпот го искăршувам за дома да дојдам* [БВ,260].

искăце* pf (во контекстот што следува тешко се открива врската со основното значење – 'истолчи') ~ *Бре Стојане сино мили [чије је нова стадо [шчо је рано подранило [Драмцко Поле поцрн'ало [Сјарцко Поле побел'ало] мостове је искăцало* [БД,38].

исламче n 'припадник на исламската вероисповед, поконкретно: Турче' ~ *е бре Котен, Котен ај Никола [нели знаеш тоа исламчето [што досади на нашите л'уде... [– как да не знам това исламчето [в село Банско, в река на имотот [тутун пије на камен си седе* [БК,98-99].

исмука pf 'испие одредена количина течност', односно: некоја материја

што е порозна (пр. земја) ја прими течноста (со која е во допир) во себе' ~ *не́-ј но́го та́а во́да, зе́мта ка:-исму́ка* [ПК(Кр)].

исмăркне* pf 'вдише, силно повлече' ~ *момата га откинаха, али момата са и вăрнала назат, да гу види пак, какоф деф беши; т ојнака заедноч га исмрăкна, га зема кату магнит* [V,PM,64].

иснаф* (< еснаф - со редукција) m 'сталеж од занаетчии' ~ *едни сă пуштиха и ми фатиха кон'от. "А ман, Трајко, да си жив, остави тој човек, што сакаш си ти дадими. Јазăк, Трајко, ке окепазиш иснафот!"* [MC(B),92]; ~ *викнаха тамо просицкиот иснаф, ги питат просицету за н'амојут. Те отговориха: тос н'амојут, има сега около 40 дена, што си загуби!"* [V,PM, 178]; ~ *Фа́т'аха да ци́кат, трăч'а́ха ут о́кул исна́ф'у, за да ви́д'ат, ш'то́ј та́с гирултија?* [MS,t,56].

испаѓе impf 1.'излегува, се појавува' ~ *пăтникут шо има... застанато, да гу распулја чуднјут извор, шо така ич не чикано му испаѓа прид* [ME(P),69]; ~ *да бе́ши удуви́ца осу-де́сет и чити́ри гуди́ни, шо не испа́гиши уф валта́рут, де́н'а но́ка а по́стиши* [MV,K,314] – во последниот контекст имаме проширена употреба на предлогот **уф** со значење 'од' (*не испа́гиши уф валта́рут* = не излегуваше од олтарот) (за ова в. пошироко во поглавјето "За одделни граматички прашања"); ~ *шо не испагиш дунадвур да видиш [шо вија л'уда на наште порти, шо се вртат* [ME(B),261]; и: **испа́жѓе** ~ *о́де, гу запи́ре на пăтут и во́а мăле́чкуто де́те, ѓа́вулут, прăфтăса́л, испа́жѓе и му кажу́ве...* [ИГ,110]; 2.'изникнува' ~ *ки-по́чнăт вла́кна да испа́јѓăт, купри́на, ки-по́чнат влакне́нца да-испа́јѓат уд-муцкăта* [БМ,201]; 3. 'одговара, може да се реализира' ~ *лозјăтă и пчиничките сă рăботăт су кирија: 20 гр. лирă 100 погунут лозă и 10 кутли погунут пчиничкă, аку не испаѓја гу делјăт нă пулвини исилјатут* [ME(P),89]; 4. изр.: **уд акăл не́ ми испа́ѓе** (= не можам да заборавам) ~ *е, уд-акăл не́ ми испа́ѓат ти́а ва́ште уре́е, но́го би́а гуле́ми* [ПК,2(203)]; **не́ испа́ѓă сăип** (не помага, не се појавува како заштитник) ~ *... кој ки кундисăт ув селту некуј Турци... и ки фатăт дă ти правăт зулум не испаѓă сăип* [ME(P),90]; **ка́ испа́ѓе прăт све́т** (= како не се срами да се јави пред луѓето) ~ *шо на́муве прави́, не́ зна́м ка́ испа́ѓе прăт све́т* [ПК,2 (169)]; **сме́тката не́ ми испа́ѓе** 'тешко се снаоѓам во трошењето пари' [ПК,2(53)].

испадне* pf 1. 'излезе' (в. **испаѓе**) ~ *Исус пак пикаса́л шо му испадна́ куве́тут ут не́гу, си-вăрте́ кăд л'у́дите* [MV,K,324]; ~ *и испа́дне во́нка дă-ви́де да́ли и́ма не́где о́јгин нă-близи́на* [ПД(168)]; ~ *о́ти не́ма не́кој ше́ј скри́шно, шо да не́ си чи́ни били́, ни́то ди́п по́скришно, шо да не́ си пика́са, и да не испа́дни на ашикире́* [MV,K,325]; 2. 'се појави (нешто) некаде' ~ *и гла́с испадна́ уд обла́кут, шо а велја́ла: Во́а и мо́јо Си́н милосли́ф, на не́гу да му слу́шити* [MV,K,327]; ~ *пуфтура́к сă ви́ке и не́ко: си́тно не́што шо ки испа́дне пуфто́рно, дă ре́чăме гро́зде* [ПД(122)]; ~ *сă-фăти́ла цăри́цта зă-дăржа́л'то, пли́га и испăдна́ло* (= некои луѓе и малите напори тешко ги поднесуваат – поговорка) [ПК,2(198)]; 3. 'пристигне некаде' ~ *шăта́јки дујде́л нă-не́ко: приста́нишче, испăдна́л уф-не́ко: се́ло* [ПД(151)]; ~ *мори сестро, мори моја сестро [нек ти дадат триста дакти платно [да намо-*

таш мојте болни коски [рипна којна горе до небеси [ми јиспадна на бели чаири [БВ,26]; *~ нă-двá сáта пăт, адúн сáт пучúвка. Испăднáме гáре нă-вăро* [ПД,174]; **4.** 'врши голема нужда' *~ дéтто дур вáадин испаднá (пу вóнка* [ПК, 2(53)]; **5.** 'никне' *~ испăднáа кукичúјнта* [ПК(М)]; **6.** 'роди (грозје и сл.)' *~ груздáк немá д-испáдне* (да се роди) [ПК,2(53)]; **7.** 'спечали' *~ устинаа за чифлиците и фатиа да пулјăт сăл нă то кăт може дă-јспаднă повичкјă* [МЕ(Р),86]; **8.** 'се спротивстави' *~ му вели.. "не е право да сă бориш со стари л'уди, изпадни с акранот"* [МС(В),98]; **9.** 'се покаже (пр. како успешен)' *~ ги пратила да се учат [да се учат занаетчии [занатчии млади терзии [испаднали баш терзии*; **10.** изр.: **уд-акăл испăднá** (= многу се исплаши); **испăднá пу-мајто** (= се случи тоа што го претпоставував).

испаднуве impf **1** (в. **испаѓе**) *~ ги дочуло едно старче [ми јотишло на сред гумно [на сред гумно, на сред ноќи [дваш му викна, триш му тропна [испаднувај малкај мома* [БВ,292]; **2.** 'оди по голема нужда' [СК,326].

испагјајне n 'излегување од некаде' *~ во ѓаде удејки се на југ и зајдислăнца пуминува прико р. Караазмак не дип далеко ут неговото испагјајне ут "блатто"* [МЕ(Р),73].

испасе* pf 'заврши со пасењето (пр. на некоја трева до крај)' *~ как да не жалам, как да не плачам [ката година по три бул'ука [ми испасија најрано цвеќе [најрано цвеќе бела дитилина* [БВ,182]; *~ немој моме, немој душо [нем да се лажиш [тамо има висока трева [немојш да дојш [ке се сторам руд ј агне [сé ке испасам* [БВ,252].

испастри* pf **1.**'среди, намести' *~ женáта му земá мéтли, отúдоха сóс мăжо и на бýн, га пометоха кăштата, га испáстриха* [V,PM,19]; *~ и л'у отидоха аф царските конаки, царјут и викнал двамина л'уди и им рече да испастрјат при неговата удаја една удаја* [V,PM,64]; *~ бáбата по-нáпред отúде, велú на момáта: "úспастри мáлко тýка, чá цáрјув сúн ка дóјде áф нáзика на гóсти"* [V,PM,134]; **2.** fig. "среди" (овде со значење: убие) *~ бóг да прóсти мáјка му и тáтка му óн, што га чинú таја рáбота! Ама и дрýгиот да гу испáстриши, бéши по-хáрно"* [V,PM,22].

испáстрин* adj **1.**'приготвен, среден'; **2.** fig. 'уништен, убиен' *~ му пúш'и н'éтр'ą: "тузú д'ăт'ą, ш'ту гу пý-ш'там сăс ж'ивúнит'ą, дур да дóјда да гу нáјда испáстрину"* [MS,t,17].

испáстр'ува* impf 'исчистува, ја извађа внатрешноста од заклано добиче' [MS,s,41].

испат m 'доказ, потврда, сведочење' *~ да не утéпаш, да не бăркаш су дрýга жéна, да не крáдиш, да не чúниш испáт на крúво; да úмаш тимúа на тáтко*[MV,K,268]; *~ му вели на Марина и на друзите: "ако можите виа испат да ги чините това, јазе на вас да сам роб и сичкото мој имане да и вашјо"* [V,PM,166]; *~ тогас јабанциата изважда от пазуфата му седим јазици, та испат чини отпрет сички тамо, ча тој оклава ламјата* [V,PM,222].

испате 'покрај патот' *~ колку конче да си купја [барем пеша да не ходја [– извади си шехатето [шехатето испатето [– шехате са јасни звезди [испате са рамни грдини* [БД,151].

испатландиса (сă)* pf 'се увери' *~ и пáдна, си умр'á, и такá сă испатла-*

ндисаха икимц'ијиту, ч'а болката ни каци, сид'ă ш'убјету прави ш'ту прави [MS,t,43].

испаште* impf 'поднесува тешкотии поради некоја грешка' (негова или на некој од неговите) ~ *они шо правили не знам, ама зашо па ас д-испаштум* [ПК(Мор)].

испее* pf 1. 'заврши со пеењето'; 2. изр.: **си-ј-спија песанта** (= се кажува кога некој починал или пак ја изгубил власта) [ПК,2(194)].

испезе* pf 'искритикува (сериозно)' ~ *ного бише са-нăпăрчил, ама Тудрако ка о-испизи адно арно, дăвијш ка мо:-прăсиче кашлицта* [ПК, 2(177)].

исп'екува (и: **испекова**) impf 1. (в. **испече**) ~ *тогас тој и на бабата една бозлугана ја удрива, та ја клава нетре на хурната, ја испекова* [V,PM,220]; 2. – **(са)** ~ *а клава у пиш'та, са исп'екува хував'а* [MS, t,51].

исп'ецува* impf 'става метална плоча на копитото на добиче, потковува' (пр. коњ) [MS,s,41].

испепелин adj 'извалкан, покриен со пепел, или со прашина од било што' ~ *дек се-ј бутнал кој знаа, сăт испепелин си дујде* [ПК(Мор)].

испере* pf 1.'со помошта на вода и сапун направи нешто да биде чисто' ~ *един ден хи дала цăрнă вăлнă и хи рекла: "Иди на кладнецă да испереш тăзи вăлнă, и, дур ни стане бјала, да ни си дојдеш"* [V, PM,287]; ~ *немам мајка, татко мене да ме жалат [ајде немам либе рани да превăрзи [ајде немам сестри кăрпи да исперат* [БВ,153-154]; 2. fig. 'се оправда со тоа што винната ја префрли на друг' ~ *ас не бих ус васка, грео ви на душа, ак сакте ус мен дă са исперте* [ПК,2(157)].

испердаше pf 1. 'начин на малтерисување, со брзо триење се прави малтерот да биде мазен'; 2. fig. 'изнатепа' ~ *до:-испердашат дома нема де-ј тăкоф* [ПК(Кр)].

испече* (и: **испич'е**) pf 1. 'кога нешто (пр. леб, јадење) стои подолго време на оган и стане погодно за јадење' ~ *јазе сам Мајдон, што сакаши да ми испечиш на ражен да ми јадиш, туку сега јазика ки ти закарам на мој цар, он да ти изјади* [V,PM,76]; ~ *момичката утишла и, кога са вејке убаво смрачило, испекла си еднă пепелашкă (богача) и седнала да вечарјă* [V,PM,287]; ~ *лудото, кату сфршил работата, га занесел на мајка си на като и дал фурката да преде и ошче испечел едно ејце и и го дал да једе* [ШГ,5(419)]; 2. fig. 'се кажува за некој што многу време бил на сонце, се исунчал' ~ *лето, опни му са-нă-слăнцито цел ден, ки-сј-спечиш* [ПК,2(187)].

испечин adj 1.'кога нешто (пр. леб) бил доволно време на оган и станал погоден за консумирање'; 2. 'кога некој бил многу време на сонце и поцрнел'; 3. fig. 'кога некој поминал низ многу искушенија и станал отпорен на тешкотии' ~ *чик Кол'о има ного прăтăрпино уд Гăрците, (ис)печин ај* [ПК(Гр)].

испие pf 1. 'кога некој консумира (до крај) одредена количина течност (вино, вода)' ~ *един вечир са упи царјут и чини каул сос едни богати, ча морету да гу испие...* [V,PM,58]; ~ *по-гол'амија брат зел да ја распоре и нашал в корема хи еднă чаша. Вечарта пил с нејă вино и, като штјал испијă виното, от устăтă му затичали алтанјă* [V, PM,285]; ~ *така зема и стомната сос виното. Изјади чопл'акот каниската, испил и виното* [V,PM,242]; 2. 'пиејќи течност голтне и нешто тврдо' ~ *пила Неда ноќна вода [*

од нидела испијала [испијала л'ута змија [га зајаде на сăрцето [БК,42]; сп. и: **испие очи** ~ *умри си, јумри млад ранен јунак [да ти испијам черните јочи* [БД,176]; ~ *чујам та Јанке, слушам та [јела ни мога да стана [црна ма земја потиска [змија ми јочи испила [косă ми гн'аздо извила* [БД,104]; **3.** изр.: **си-испи́ ча́шта** (= се кажува за оној што му се ближи крајот, било на животот, било на некаква сила) [ПК,2(193)]; **уф-ча́ша до:-испи́јш** (= се кажува за лично дете, односно за убав младич или девојка) ~ *а́дно де́те шо и́мат Питру́хци, уф-ча́ша до:-испи́јш* [ПК,2 (208)]; **ќи-ти-испијам крăфта́** (= ќе те убијам) ~ *мечката рекла: "Ее, сега да има един сел'анин да ми донесе една топла пита, тоги ќи ти испијам крăфта"* [ШК,5(440)]; **не́ тј-о: испија́а ча́фките (акăло)** (= не си без ум) ~ *а́к сј-о: да́јш имо́то, ќи-т сă-сме́ет, не тјо: испија́а ча́фките (акăло)* [ПК,2(181)].

испива impf (в. **испие**) ~ *така младата самовила гу приуча на јунакот и гу фăрли у морету,... Ету и старата самовила прифтаса и фатила да испива морету* [V,PM, 279]; ~ *кутри́ пи́е ви́ну на гул'а́мија пе́так, крăфта́ си-испи́ва* (поговорка) [ВД(1),85]; ~ *му вели: "царју, сега дали душата да ти везма, или ми даваш триста алтăни... Хем чувај си да не викниш, ча ти закол'увам сига, ти испивам крăвта"* [V,PM,210].

испи́јна adj (m, f, pl) **1.**'течност што веќе е исконсумирана' ~ *мума́та сă разбу́ж'да, гл'е́да ш'анда́ниту м'ан'е́нти и ш'урбе́т'у испи́јна па́к* [MS,t,21]; – за нерегуларностите во конгруенцијата в. во "Одбрани граматички прашања"; **2.** fig. 'слаб, исцрпен' ~ *сă-вăрна́а пуцăрне́ли, испи́јни, чи́ниш ле́п не́ виде́ли* [ПК (Мут)].

испика (са) pf 'се измоча' ~ *мăжă ка́зăл на-уфча́р'а да-издуи́ ма́лку мл'а́ку. По́чнăл то́ј да-дуи́, ну-уфцăта ре́кла: "Ти́ ма дуи́ш, ăмаја́ с'а́ шта-са-и́спика в мл'а́куту"* [ВД,331].

испиле pf **1.**'кога од јајце ќе се појави мало пиле'; **2.** 'кога од многу стоење (и несоодветно чување) од зрнца од ориз, жито и сл. ќе се појават мали пеперутки' [ПК(Мут)].

испил'ва* impf (в. **испиле**) ~ *тој на мене ми каза: [– иди си, иди Калинко [че ти си оште малечка... [јас му казах деверо: – и пилето је малечко [само си пилци испил'ва [само си вије гнездото* [БД,99]; и: **испил'ува*** ~ *тја зафчас станала пиле, штото сă зове "куковица", та затова тја сега л'у сносе јајцата, пак други пилета ги испил'ват* [V,PM,290] – во контекстот имаме уште еден лексички архаизам присутен во југоисточните говори, гл. *сă зове.*

испи́ра* impf 'измива, исплакнува со чиста вода' ~ *дали беше пране прала [пране прала, испирала [на дула нози испирала [на врба нози прустирала* [БД,20].

испита* pf **1.** 'испраша, со прашања дознае нешто' ~ *и от н'а́колко годи́ни, като́ нара́снало де́тето, испи́тало ма́јка си́ за да и́де при башта́ си, а ма́јка му ни гу пу́штала* [V,PM,256]; **2.** 'го распрашаат на суд (да се утврди вистината)' ~ *а пак ца́рја са би́л на́л'ути́л на но́зика́на, штото́ му напсо́вал ма́јката,... И закла́ли но́зи, штото́ са вăрнал за парта́л'а, бис да го испи́тат* [V,PM,254].

испитува impf (в.: **испита**) ~ *видела, чи от кладнецо изл'али много јаволи, между котри имало един*

много гол'ам. Тој седнал на стол и зафатил да испитува сјако џаволча, што је усторил на л'удето нози ден [V,PM,281]; *~ одма и зевăт на горе децăта и и испитувăт и царут и пита: "Зашто ă-избришате таа гнăсутијăта, дă-ă-бакните?"* [BEB, 302].

испише* pf 'напише нешто комплетно' *~ и тикна за Ѓуро пијаница от Куфалову: испишаха две писма* [MC (B),97]; *~ чи си му книга исписах [шчо прави мајка да прави [поскору при мен да дојди* [БД,101].

испишин adv 'прво' (од самиот почеток) *~ и му однéвашје кáта óтрина прјáсно млјáку и змиéта го изјáвашје, та такá едéшје испишúн по еднá óка, и по-сéтне по двé* [V,PM, 261].

исплакне pf 'кога со вода ќе помине низ нешто што е веќе измиено' *~ гутóва сум, óш д-испла́кнум. сăдăфто* [ПК(Гр)].

исплате* pf 'даде извесен износ од пари, да задоволи некои потреби (пр. да се раздолжи)' *~ Кол'овице ор нивесто [извади си тешки дарои [ја бркни си у џепои [да прибројме триста гроша [борџот да го исплатиме* [БВ,46]; *~ после ископал и нашел пари безброј. Си исплатил борџовете и се сторил фного богат* [ШГ,5(406)].

исплачкан* adj 'ограбен' (до крај) *~ нејни деца уд далеку [уд далеку и поздрават [татковци си непознават [нејнте жени затворени [а куките изгорени [изгорени исплачкани* [БВ,318].

исплáше (са)* pf 'почувствува страв' *~ унá са-исплашúла и казáла: "Мáченце, кýченце кáк да кáжа?" – "Кáжи, дукáрај ми чеúс"* [BCep, 336]; *~ сите се исплашили и, зели да трчкат низ воденицата – бравот от страх от волкот се буткал уф него* [ШГ,5(404)]; *~ гарванчéта реклú: "Нимóј, мáјко, да-му-ги-звáш на-нéгу учúте, тóј ја утепá змиáта"... Тóј са-исплашúл и тéра да-га-утéпа* [BCep,337].

исплéве pf 'исчисти од трева и плевел' *~ нóго трéва сă-јавúла, сáке дă-с исплéве крумúдо* [ПК(Мор)].

исплете pf 'направи нешто исплетено (пр. плетенка) со ставање на две или повеќе нишки една преку друга' *~ што му веле џан Султана [стој, причекај Петре братчет [да исчешлам руса коса [да исплетам пет кусланки* [БК,153]; *~ ајде глава да измије, бре џанам, коса да исчешла [коса да исчешла, леле, да исплете* [БМ,152]; *~ јодоздола иде мома ми Руменка [вода да наполне, вода да налеје [глава да си измије, коси да исплете* [БВ,230].

исплетен* adj (сп. **исплете**) *~ га виде тој, на космито и имало четиријсет урлиди исплетени, на секоја урлида имала по четиријсет драгоцени камини* [V,PM,261].

испливува* impf **1.**'со движење по вода стигнува до некаде'; **2.** fig. 'се појавува нешто што пред тоа не можело да се забележи' *~ арџувиту повикјă пурăстеа, имајнту сă раздруби, борџувă фăтиа да јспливувăт* [ME(P),86].

испли́ске (си)* pf 'потури мала количина течност' *~ си-исплискáх фустáнут, бирбáт сă-чинúх* (= си го извалкав фустанот со капки од течност) [ПК(Кр)].

исплитува impf (в. **исплете**) *~ мори варај мајко, стара мајко [каскандисаш, мајко, нивестата [јод се бело, мајко, применува [ситно, дробно исплитува* [БМ,16)].

испл'ўске pf 'изеде голема количина од нешто на брзина' *~ о-испл'уска́*

тéнцăрто зă-ăднóш (изеде сé што имаше во тенцерето) [ПК(Мор)].

испод prаер 'под' ~ *сите се спремиле, пушки си земале [лежат во окопи стрелат испод око [пуста да јостане Димчова Пол'ана [што там останаја сé нашите брака* [БК,138].

испол m 'дрвена направа, црпка, стои *уф курáбо* (во Дојранското Езеро)' ~ *нă курáбо чýкăме сус úспол* (за да се плашат рибите), *сус нéго и сă цăрпе вóта ут курáбо* [ПД(128]; [КД,56].

úспо̧лица f 'работа на полски имот од која добивката ја делат на половина работникот и сопственикот на земјата' ~ *имáл стóка нóго, арцúј (урáче на јарјá – úспо̧лица), нúви, зéмја* [ИГ,110].

испóркува* impf 'убива'; сп. **пóрнува*** [MS,s,41].

испоте* pf 'кога човек (или животно) од топлина и физички напори се нароси со капки пот' ~ *ни слăнце нéма, на нéго му бúло тóпло, дă не сă-испутú пуд изúко* [ПК,2(196)].

испрáви pf 1.'нешто што е извиткано направи да биде право' ~ *éто иднá жéна беши, а úмаши тéшка бóлка гудúни осомнáдесет; да бéши навидéна брáна, нá мóжиши да се испрáви дибидуз* [MV,K,278]; 2. 'угоди' ~ *вóа па сáкаши да сă испрáви árно на дýшата* [MV,K,277]; 3. 'стори, направи' ~ *но арапинот ниту стана, ниту са подмести, зашто гол'ама работа исправил, уклава ламјата* [V,PM,261]; 4. изр.: **исправú пăтут** (= си замина) ~ *глáс вел'áла уф пусталúа: исправéјти пăтут Господúноф* [MV,K,307]; ~ *ричé: Já сам глáс шо вúкам на пустилúа: исправéјтисте пăтут Господúново* (= тргнете по патот божји) [MV,K, 252]; **ма: исправú пăшкăта** (= нешто му овозможи) ~ *ма: свăрши рăбóтта и са: не прăзнáве* [ПД(137)].

испразнă* pf 1. 'направи нешто да биде празно, без содржина' ~ *испразнúли о грáдут, устанáл без л'ýде; ~ кă-го-научúха хармúјто, шо-ј-иднá мăра задрăжăн, фатúха кáта вéчер... да му пл'áнат дукáнăт. Уд н'áко вр'áме сéтне дукáнăт-му сосé си-испразнú* [ВЛ,338]; 2. – **(се)** 'се ослободи, остане без обврски' ~ *најногу он можă да-ј експлуатирă ăјл'ăкчијте, су секакви "обикувачки", дă му дадă sивгар, штом ки се испразнă некуј од них* [МЕ(Р),89]; 3. сп. изр.: **с-прáзни рăци** (= без ништо) ~ *с-прáзни рăци нă-свáдба нé-с óде* [ПК(Гр)]; **прáзни лăфуве** (= само зборување, вејавање без исполнување на ветеното) [ПГ(С)].

испрáскуве impf, fig. 'се најадува убаво, лакомо' [СК,326]

испрати* pf 1. 'упатува, средува некој да отиде некаде' ~ *ми испрати ќаја младите кијаи [ми избркаја силните јуфчари [ми истипаја јабре сите цета [ми испекоја руди јаганца* [БВ,182]; ~ *испратете нас на чуждина [за многу пари да спичалиме [младоста наша да изгубиме [млади невести нас нé испраќаат [срце со сăлsи си истопија* [БВ,80]; 2. 'прати писмо (и сл.)' ~ *јазе ќ-одам, кутра Митро, доло во Русија [доло во Русија, Митро во града Софија [– јоди кај ќе одиш, лудо, писмо да ми испратиш! [ако книга немаш, лудо, мојто бело лице [ако писмо немаш, лудо, моите црни јочи* [БМ,150]; ~ *бегот ми риче: "Ки испратам една пусула на коџабашијата и на субашијата, да видам, што човек си ти?* ; 3. 'организира нешто да отиде некаде' ~... *и напкун ки испратам 12 коли с бајрак, да ти кренат от Дăрмица и да ти носăт на Ватилак*

[МС(В),89]; **4.** 'кога некој заминува домаќинот му прави чест на тој начин што го придружува до некаде, обично до главната, надворешна врата' ~ *кату чу́ така ца́р'ут, извади́ мло́гу да́рови, му даде на јуна́кот и гу испрати́ дур вӑнка от кона́ќут му* [V,PM,22]; ~ *и тога́ зе́л ца́рја та на пӑрвиа да́де де́сјат хил'а́ди и го испра́ти, и на ѓто́риа да́де хил'а́да гро́шја и една́ хала́јтка и не́к испра́ти* [V,PM,254]; ~ *му даде́ еди́н ха́рин ко́н и пари́ бе́з бро́ј и дру́ги да́рови, и сос мло́гу пла́ч гу и́спрати ду́р вӑнка от градо́т* [V,PM,25]; **5.** 'учествува во погребна церемонија' ~ *прӑд Бужи́к гӑ-испрӑти́ме ма́јка* (= починала пред Божик) [ПК(Пл)]; **6.** – **(се)** 'се поздравува, се збогува' ~ *"До́бро, де́до, спула́ј-ти, збо́гум". "Збо́гум, су здра́ве". Сӑ-испра́шчӑт* [ПД,150]; **7.** изр.: **ус-пи́нци дујде́, ус-пи́нци гу испрати́а** (= се кажува кога некој не успеал да се постави, да успее) [ПК,2(206)].

испрашќе impf (в. **испрате**, т. **4**) ~ *ре́кле: "Во́а уд на́с по́-си́лин, да̣ му а да́дме да̣ си о́де - ќи нӑ избие" И мо а да́ват, гу испра́шкӑт, си о́де* [ИГ,114]; и: **испраќа*** ~ *татко, мајка и роднини [сите мен ме испраќат [само мојто верно либе [покрај мене го нема ...*

испраќајне n 'поздравување, односно придружување од домаќинот на гостинот до дворот, односно до портата' ~ *ој ти мори Марку Кралевиќе [не ме-ј тешку од твојте госте [уд причикувајне уд испраќајне [на мен ми е тешко за мојта мајка [девет години, ни она дошла, ни јас сам отишла* [БМ, 45].

испреве́ре* pf 'стигне прв, пред другите (односно заврши некоја работа пред другите)' ~ *нӑ-ни́жне т'иту́н ни́кој нӑ-мо́же ус-ме́не, си́те г-испрӑва́рум* [ПК(Гр)].

испреве́рте* pf 'работите ги стави наопаку, во обратен ред' ~ *бӑрка́л па́ри и се́ испреве́ртел, до́ма но́ждум се́ испреве́ртено* [ПК(Грам)].

испреде* pf **1.**'заврши со предење (= активност со која од волна се прави преѓа)' ~ *сутрин сам рано станала [кош сам толопе испрела [шиник вритина напрела* [БД,46]; ~ *ставајте зулум ставајте [свекрва ви је станала [кош је тулупе испрела [шиник вретена напрела* [БД,123]; **2.** fig.'кога некој од пакост измислува работи' ~ *уд н'а́а-ј испа́днино то́о, о́на го-ј исприде́ла* [ПК,Гр].

испреден* adj 'преработен памук (волна) и претворен во нишки' ~ *догде да испреде адна чунка, фного време врвело; а сега фного веќе работа – пушчувала од вечер воф врчувата испредената чунка пред мӑжо и́... ~ си рекал: "Фного чунки има жената ми испредени, ајде сега да га накарам да ми ткае една кушул'а"* [ИГ,5(422)].

исприминува* impf 'облекува некого во нешто ново' ~ *ој ти Марко, Марко Кралевиќе [чудно чудо, Марко, си направил [му исприминуват помалата ќерка [му-ј качиле на нејнта брза којна* [БМ,18].

исприши́и pf 'кога со игла и конец ќе помине повторно покрај веќе сошиеното' ~ *нӑ-не́кој ме́ста ејсла́бо фатно, ши́јно зӑто́о трибу́ве дӑ сӑ исприши́и* [ПК,Гр].

испри́ште pf 'кога покрај устата ќе се појават мали брунчиња од температура или некое напрегање (обично психичко)' ~ *де́тто се-ј испри́штило, зе́р ејима́ло о́јгин* [ПК(Мут)].

испро́бе* f 'провери дали нешто е направено како што треба (пр. дали е според мерката)' ~ *пӑрво ќ-о́*

испро́бум да́л' ej тăма́н, тă се́тне ќи-т-пла́тум [ПК(Гр)].

испроводи pf 'допрати' ~ *тогас кадиата фати, ја заколи мајка му, да са вăрна пак на конак ут му, даде на трите л'уди... и други дарови му и дарил, да ги испроводи о-тамо* [V,PM,183].

испрода́ди pf 'прави размена: даде стока – добие пари' ~ *трагóвецат седна́ та́мо о́коло две́ ме́сици, ду́р да испрода́ди има́ниту* [V,PM,13].

испроси* pf 'измоли' (да добие нешто) ~ *башта ни много ки си радува сос нас и сос тебе, хем за ти даде многу дар, ама ти да не си земал ништу, туку најсетне да испросиш от него едно каминче, што има удол јазикот му!* [V,PM, 169].

испруду́пчин* adj 'кога нешто има дупчиња (пр. од куршуми)' ~ *вра́тта би́ше це́лта испрăду́пчина* [ПК (Мут)].

испру́же (сă)* pf 1. 'се постави во легната положба' ~ *прăбе́р-се, си сă-испружи́л си, чи́ниш са́м си уфуда́ата;* 2. изр.: **испру́жи си нóјсто спу́рти че́ргата** (= немој да трошиш повеќе отколку што можеш) [ПК (Мут)].

испрăске impf 'потури, исипе капки од течност' (пр. од вода, од плувачка) ~ *кóга ла́фе са́т ќи-т нăпра́ве пл'у́нки, ќи-т-испрăске* [ПК(Гр)].

испрăву́ва (сă) impf (в. **исправи**) 'престанува да криви' ~ *и зе́ва то́ ме́суту му-гу-да́ва, му-гу-залипу́ва та́му и сă-испрăву́ва то́ де́јтту, кинису́ва* [ВВ,313].

испрăснува* impf 'почнува силно да трча' ~ *и сă-трăгнаха т'е́с, му-гу-да́духа кóн'у на-н'е́гу, гу-врăтнува кому́ слăнциту да-гл'е́да... испрăснува кóн'у да-б'а́га* [MS,t,41]; || **спрăснува** (*кóн'у*) [MS,s,41].

испрăхне* pf 'се исуши, остане без влага' ~ *испрăхна́л ле́бут, ро́нки сă-чини́л* (= се исушил лебот та се сторил на трошки) [ПК(Грам)].

испувјидува (си) impf 'верникот си ги кажува греовите пред свештеник (исповедник) со надеж дека ќе му бидат опростени' ~ *на ва́а саа́т си радува́л Исус уф сăрцито, да ричé: на те́бе, Та́тко, си испувјидýвам, Стопа́н на не́бито и пу зе́мнјата* [MV,K,292]; ~ *и пууди́ле на́двор са́та Јуде́а се́лото, и Јерусали́мцки; и си крăстаа сăти на Јорда́на ре́ка ут не́гу, ка си-спувјидýаа гре́хови* [MV,K,307].

испуде́руве impf 'прави нешто на парчиња, испокинува' [СК,326].

испука* pf 1.'заврши со пукањето (стрелање)' ~ *на султана јодговори: – ој султања, цар султања [колку пушки сам испукал [толку Турци сам истепал* [БД,172]; 2. fig. 'цркне, умре' ~ *фл'ала ми је мома ăв равна градинка [цвјате да набере, китка да јовије... [јунак стадо вије и го л'уто кăлне: [– стадо пусто, стадо, да но испукали* [БД,36].

испукăрши* pf 'направи нешто на парчиња – искрши многу работи' ~ *фати́л адин ве́тăр се́ испукăрши́л* [ПК(Мут)].

испу́ле* pf 'се загледа' ~ *и пупа́јăта си-ă исфăрли бу́ндăта у-о́гнут; ко́а ќ-испу́л'ăт лиси́цăта избига́нааа* [ДК,143]; ~ *а лęси́цăта скокна́ ęтпăнăго́нут и си-и-сęбра́ла ри́бите и си-и-зăнęсе́ла до́ма... И оти́шăл кумо-во́лче нą-го́сте у-лęси́цăта, испули́л нą-го́ре* [ВМ,316]; ~ *а бре́ вăлк, да до́јш у ме́не да ви́ш, а́ма не́ма да са испу́лиш нă та́вăнут и́ч, зăшо́ и́ма пи́пер, ќи ти па́дне у о́чите* [ДК,143].

испулајти 'изрази благодарност' ~ *стуја́ и за не́гу ви́а си мо́лиши: Го́спот, испола́јти, шо не́ са́м кату́*

дру́зити л'у́ди, ло́ши, кри́ви, пу́шти, ја́ кату ва́ јумбрукчи́ата [MV,K, 280]; ~ *и му западна́ при не́гу ду но́зити му, му ве́лиши: Испула́јти на те́бе* [MV,K,278].

испу́л'уве impf 'загледува провокативно' (в. **испуле**) ~ *ни́м са̄-испу́л'уви то́лко, ки-са̄-на̄л'у́те* [ПК(Мут)].

испумине* pf 1.'претекне, излезе напред'; 2. 'прегледа, провери редум' ~ *на̄-јспумина́а си́те, на̄-глида́а ко́ј шо́-ј за̄ра́зин и ко-зе́мат ко-фа̄рл'а̄т у-ва́рта* [ПК,2(340)].

испусте* pf 'направи нешто да биде запустено, уништено' ~ *таму он си најде до тримина Геги [до тримина Геги, Геги јарнаути [ја елајте долу јас да ве упитам [зошто испустите сиромашки седби* [БВ,95].

испучи́нуве * impf 'одмара' ~ *ути́дух на-н'и́ва, ра́нуту пасих уло́ити ко́лку два́ саха́ти, се́тн'и спригна́х, ура́х, испучинува́х, ми-са-прија́ди. .*

испушти* pf 1. 'испрати' ~ *да му но́сими ѡиа́п на ти́и шо ни испушти́ле: шо ве́лиш за́рди те́бе?* [MV, K,252]; 2. 'ослободи' ~ *и през на̄шта натоварва ги нез мулета умр'алите и ги испусне ка̄де искат да идат мулетата* [ВД,335]; ~ *кату наближила крај нихка, накарала сел'ането да го испушчат заецот пред л'удето* [ШК,5(424)]; 3. 'она што го држи в рака го остава да падне, да се најде долу' ~ *шчом кату се сфалило доле, то от горе му рекло: "Ја дај ми лишанут, ја пак ки ти испушчам, да останиш доло'* [ШК,5(425)]; 4. – **(са̄)** 'почне да тече, потече' ~ *та јотиде дрво билижито [што извади сабја колаклија [го присече дрво билижито [с-испуштика дванајсет извори* [БВ,28].

испу́шча̄н* adj 'нешто стрчи настрана, издадено' ~ *ча̄та́л ка̄ту бу́ква Т, еди́нјо де́л о́де пра́во на̄ го́ре, а ут стра́нта и́ма испу́шча̄но де́ка ле́же купи́та* (= веслото) [ПД(128].

испа̄де* pf 1. 'принуди некого да напушти одредено место, го набрка' ~ *царут им рекал: "Манајте се ут тука, голоташе!" Пуштил л'уде да и́ испа̄дат* [V,PM,270]; ~*"Што на тузи па̄нт седиш, дјадо, да ти плачиш?" – "Што да праја, сину. Имах три синуви, ги пораснах, ги ужених, сега ми испандиха"* [V,PM, 175]; и: **испа̄нди***: ~ *ама е́ла ма̄жо́т ми не тихи́са да е ха́рин, ме испанди́ и па́к сега́ са́ка да ми зе́ми* [V, PM,11]; ~ *"ч'у́т'-са̄ ху́бајa̧, за т'а̧ и́спанд'а̧ го́ла и н'е́гу за гу и́спанд'а̧"* [MS,t,84]; ~ *то́с ч'ув'а̄к тр'а̄бува да гу спанди́ми уту́ка* [MS,s,40]; 2. 'ослободи (некого) од ангажменот, го набрка од работа' ~ *ка̄шта не́дупра́вена, ра̄бо́тта не́ сва̄ршена, а он ги испа̄ди́л дул'ге́рто* [ПК (Мор)].

испа̄да̄н adj 'кога некој е присилен да замине, набркан (од некаде)' ~ *не-ј испа̄да̄н, са́м си удде́л* [ПК (Мут)].

испа̄лне pf 1. 'кога нешто ќе се пополни, односно престане да биде празно' (пр. шише, соба, плоштад) ~ *та изгради девет ката конак [испа̄лниха тија клети Турци [запалиха девет ката конак* [БД,179]; fig. ~ *млади невести нас не́ испраќаат [срце со са̄лѕи си истопија [кога невести ќе не́ пречекаат [срце су радост ќе си исполнат* [БВ,80]; 2. 'кога нешто предвидено се реализира' ~ *шо ра̄че́ле на̄ре́чниците, то му са̄ испа̄лни́ло* [ПД (152)]; ~ *а момчето, от страх, да не се испа̄лни таја нара̄ѡба и најстина, станало от рано и, немаеки тука никој, а зел момичката... и а забодел на един кол на плетот* [ШГ,5(401]; 3. изр.: **са̄-испа̄лни́ле**

де́нуфто, то́лко би́ло (= дошол крајот); **цена ќе испӑлне** (= ќе даде пари (за нешто), колку што заслужува' ~ *ќе идме није двамата [на това пусти панаѓир [там ќе те Руске продадам [воденица мори ќе купам... [на това ќе те продадам [кој ќе ни цена испӑлне* [БК,63].

испӑлнуве impf 1. (в. **испӑлне**); 2. – **(сӑ)** изр.: **сӑ-испӑлнуве вре́муто** (= одминува одреден термин) ~ *ка́ сӑ-испӑлнуве вре́муто дуде́ка му рӑче́л де́уто, нӑ-та: да́та дӑ-сӑ-на́јдӑт па́ та́м, о-зӑпи́ре прӑхо́до* [ПД(150)].

испӑрже* pf 'приготви јадење што се пржи на оган' ~ *за рӑчо́к ки-испӑржум ја́јца* [ПК(Гр)].

испӑрле pf 'кога влакна (пр. од коса) или мали пердувчиња (пр. од искубена кокошка) дојдат во допир со оган и се подгорат' [ПК(Гр)].

испӑрлин* adj 'подгорени влакна од нешто' ~ *ве́јште ми сӑ испӑрлини (ут пла́мин)* [ПК,2(53)].

исслушва impf 'слуша до крај (она што се зборува)' ~ *като ја чешла, кӑлнеше: ["Да даде господ Рате ле [црна циганка да станеш... [за вода Ратке да идеш [од студен бистар кладенец" [тихо си Ратка исслушва [грабнала стомни вӑв раце* [БД,70].

истӑлчи pf 'удри, убие' ~ *и зми́јата сӑ-удви́, зӑста́на нӑ-пӑтут... "Абре́ - ве́ле - се́га у́дри су га́гӑта." Та́ап то́: су-га́гӑта, уфча́рчито, ӑ-истӑлчи, ӑ-уте́па зми́јата* [ДК,138].

исфӑрли* pf 'отстрани нешто со фрлање' ~ *сретнал ја Кол'о сокаче [подујнал силин ми ветар [му го исфрли дулбенче [белото лице му видел* [БВ,205]. Заб.: во контекстот среќаваме уште еден случај на безпредлошки додаток за место (што се вклучува во широкиот спектар на балканизми во Долновардарско): *сретнал ја Кол'о сокаче* (место: 'во сокаче').

истакми pf 'заклучи, среди (стокми)' ~ *тогас единојут рече: "на главата му има кату гребен и пашката му е крива кату сӑрп". Второјут речи: "н'аштото има и пера". Третојут го истакми пак: "тос н'ашто е пентел"* [V,PM,175].

исте́гле* pf 1. 'кога нешто оптегне, исправи' ~ *ми гӑ истигл'а́ рӑкта*; 2. – **(сӑ)** 'некој се повлече назад' *а.* (како воен термин) ~ *Гӑрцте пӑртисна́а, ни́а сӑ-истигл'а́ме нӑ-Кру́ша пла́нна* [ПК(Гр)]; *б.* 'ескивира, намерно избегнува контакти' ~ *он се́ сӑ-исте́гл'уве, не́ сӑ-бӑрке ус-ни́хка* [ПК(Грам)]; 3. fig. 'претрпе тешкотии, се измачи' ~ *е́с не́ зна́м при́кӑски, но што сум истегл'а́л – тува́ ки си ка́жум. То́о си-зафати́ ут-пӑрво* [ВК,284]

истегнал* adj 'испружен (мртовец)' ~ *најсе́тне, кӑто́ сти́гнала ду-се́тната ста́ја ви́д'ала на-сре́т ста́јата исте́гнали, умр'а́л мӑш* [ВД(1),77].

исте́пе* (и: **истепа**) pf 'уништи, убие' ~ *"Ајде, ви́ке нӑ-мӑјшто, ила́јте", же́нте фӑти́а дӑ-плакӑт. "Ај, ги́ди бо́же, ќ-исте́пӑт сја́а на́ште"* [ПК,2(53)]; ~ *царут пуштил аскерут мо, да и истепе. Тоги стреднјут брат пуштил ногата,... И малечкјут пуштил воденичарскјут камин, сӑт аскер и царут и истепале* [V,PM,9]; ~ *Кулужек, Сечко, Мартин и Април ка удиле, рекле: "Аде да му истепиме на тоа ќаа девит ил'ади офци!"* [V,PM,293]; и: **изтрепа*** ~ *друго рекло: "Јаз днеска, двӑмина брӑта на едно лозе дел'аха еднӑ лозӑ, седнах вӑрх нејă, и ни може́т никак си да јӑ разделет и шта сӑ изтрепат от карание'* [V,PM,281]; ~ *ај такова железо*

имахме ние, токмак го викахме. А ј тăј железо, на дăрво навр'ано. Отјува –... та ги истрепал [ВД, 336].

истепуве* impf (в. **истепе**) *~ куга гледат на барјакут му пише: "На едно мануване четријсе души истепувам"* [ШК,5(433)].

истéрă* pf (в. **истеруа**) *~ тамо видоме една невеста [... сватовите мајко них истераме [зетот вăрзаме горе на патот [а невестата пот пат вăрзаме* [БВ,62]; *~ дă тогăј и можиа, да дојше ред, дă му сă пожал'ăт нă бегут и да гу истерăт субăштă* [МЕ(Р),90]; *~ да чýдби на тѝи шо ки верувáле такви́и ки си чи́нат за ни́х: су мójто и́ми дјáволи ки истéрат* [MV,K,333].

истерýа impf 'прави некој под присила да замине' *~ ем велјáле: дýри сéја нé а видóми такфá чýдба на Из... Па Фар... вéлеа: мóжи суз дјáволити а истéрýа лошоти́ити* [MV,K, 266].

истече (и: **истăча**)* pf 1. 'кога ~ечност (или нешто полутечно, пр. смола, или нешто зрнесто, пр. ориз) од еден простор помине во друг, што стои пониско' *~ ама они го одриха на десната рăнка, малко истече крăв. И тогај царјут извади сирвета царска да му врăза раката* [V,PM,295]; *~ ил ме мажиш, ил ми кажи [не е река да истече [не е јајце да се скрие* [БВ,291]; *~ и от много болика́ ку зăмăт да хрипат в ăзăрото, та тиă ку услăкнат, пак ăзăрото ку истăча прăз онă дупкă* [V,PM,290]; **2.** 'искажува мисла, артикулира зборови' *~ на тóа врéми си чуди́ле л'ýдите за дарувáнити прикáзни шо истичéле уф ýстата Исусува, да вéлеа...* [MV,K,325] – случај на нерегуларна употреба на предлогот **уф** наместо **од** *(шо истичéле уф ýстата)*; **3.** изр. **истичéе ми óчте** (= од плачење, од грижи како да ослепев) *~ јокапаха ти русите коси [русите коси по вăзглавници! [истекаха ти црните уочи [пригорјаха ти тенките бăрни* [БД,95]; *~ Доранче сину, Доранче [хеј диги мајчин храненик [дор да та мајка исхрани [исхрани јошче изгледа [косите хи побелјаха... [јочите ле истекоха* [БД,47]; сп. уште: *нóго врéме истичé ут-тугáјн* [ПК(Мут)].

истизáве impf 'прави некој да има тешкотии' *~ нóго го мăче, гујстизáве, живóто мо-ј куту нăжáр до:-пéче (нă-ши́ш до:-вăрте)* [ПК,2(186)]; сп. *~ гулемá истизá видéме уд бéгинто* [ПК,2(53)].

истиклим adv 'намерно' *~ ти се трача, оти то шо а правил ва дујната истиклим гу избрал стридурекут ув Постол* [МЕ(Р),71].

истина f 1.'тоа што одговара на фактите, орр. на 'лага' *~ ним плакасте, лăжа е, одејте на селото, ва не верувам да е истина* [МС(В),80]; *~ ви́д'ą, ч'ą сăс паш'áта сă ни сл'áва нáглава и му вили́: "на т'éб'ą ланнц'á ни станýва, за ти кáж'а на и́стина"* [MS,t,48]; *~ за да му покажи истината, за која причина требува ногите да имат човеците на по-ихтибар, а не главата* [V,PM, 66]; **2.** изр.: **зą-теп лăжа, зă-мéн и́стина** *áдно гăрне пáри нăјдéли* (= вистина е, иако изгледа неверојатно) [ПК,2(164)].

истиндакт m 'распитување на суд' [СК,326].

исти́не pf 1. 'се прелади, остана без топлина' *~ глéде прăд-вудни́цта ăднá тáва сус-кáша. Вудничáро ă-искăрáл дă-исти́не. Лиси́цта ă-грăбнáла тáвта и сј-ă-истури́ла кáшта нăглáвта* [ВД(П),286]; **2.** fig. изр.: **ми истинá** (= чувствувам одбојност, немам желба за нешто) *~ тóо чувéк*

м-истина́, нӑ-мо́ж дӑ-живе́ем ус не́го га́аре [ПК,2(175)].

истѝнува* impf (в. **истине**) [MS,s,41]; *~ ќ-и гу пуштил млекото, за да се мие, истум ка ке стане ут сонут. А пак тиа, што гу чусиле, зашто било дилеко, истинувало, дур да го носат* [V,PM,295].

истинцки adj 'она што не е лажно, што одговара на вистината – вистински' *~ ут шо колко за да му сӑ бијӑт пеза на истинцките Гӑрци* [ME(P),83]; *~ му удупу́ су муздра́к на ре́брити, и на ча́с му испадна́л крӑф и во́да. И то́ шо и виде́ искажа́; и кажа́нито му бе́ши исти́нц'ко* [MV,K,294]; *~ во́а и учени́кјут шо кажу́ва за ви́и, и шо писа́л би́а; и пикаса́ми о́ти исти́нцко во́ не́говуто кажа́ни* [MV,K,295]. Во последнава илустрација имаме присуство на глаголска именка од перфективен глагол – *кажа́ни*, што веројатно има врска со расколебаната граница во употребата на перфективните и имперфективните глаголи во презентот. За ова види во одделот "Одбрани граматички прашања".

истичѐн adj 'нешто (пр. течност, односно зрнеста материја), што по законот на земјината тежа ќе се најде од повисоко на пониско место' *~ и му ве́ле о́на: "Ви́ди ка́ко ми е гла́вӑта, мо́зукут ми е истичѐн, ја́с ут-шо́ мӗ-бо́ле гла́вӑта не́-знӑм шо́ ла́фӑм"* [BM(C),316];

исткаа* pf 'заврши со ткаењето' *~ она зиме да ткае; а шчо ќе ткае? Само ади́н рӑкав едвӑј исткала и му го облекла, па отишла на орото* [ШГ,5(422].

истлѐе* pf 'се стопи, помине во течна состојба (пр. мраз, маст и сл.)' *~ се́ бирба́т стана́ло, о́т е́ј то́пло, истлија́ла ма́ста* [ПК(Ал)].

ис(т)* adj 'со еднакви особини' *~ и́стој то: тре́ва, широ́чки ли́ста да́ве; ка́ ко: путрӑгниш о́дма куту ко́нци сӑ чину́вӑт; ли́сто сӑ туру́ве нӑ ра́на, да: те́гле гно́јта* [ПД(122)].

истокми pf 'спреми, приготви' *~ тогај отиде јатенто, му вели на царју: "да ме дадиш 40 товарја просо, и 40 товарја мет...!" И царјут ги истокми тиа работи и му и дал; и киниса јатенто* [V,PM,157].

исто́пе* pf 1. 'направи нешто да биде намокрено' *~ испратете нас на чуждина [за многу пари да спичалиме [младоста наша да изгубиме [млади невести нас не́ испраќаат [срце со сӑlsи си истопија* [БВ,80]; 2. 'со помош на средина од леб измака течност (пр. сок од јадење)' *~ и́стоп-га та́фта усма́лко ле́п, да не́ сто́о та́а ма́нцичкӑта* [ПК,2(53)].

исто́пин adj 1.'намокрен, наврнат' (пр. од дожд) *~ дујде́ сӑт исто́пин*; 2. 'кога во сад за јадење сокот (течноста) е измацан' (пр. со средина од леб) *~ исто́пина-ј (ду́ри и) та́фта, не́ устӑви́ле ни́што* [ПК,2(53)].

исто́пуве impf 'полива со вода, прави нешто да биде наводенето' [СК,326].

источе pf 1. 'префрли вино од еден во друг сад', во случајот: 'стави вино од бу́ре во *карта'* (= специјален сад за вино) *~ си забравил милиот вујко [неговјот вујко Крали Марко [си источил млад Секула [си источил карта вино [си јотиде да го кани* [БК,54-55]; 2. 'извлече нешто од лежиште' *~ изважда от пазуфата му седим јазици, та испат чини отпрет сички тамо, ча тој оклава ламјата... та тогас јабанџијата источи неговата остра сабја отпрет царјут, му зема на арапинот цӑрната глава* [V,PM, 222]; *~ тогај јадото источи ос-*

тра сабја, да ја посечи змиата от стредја [V,PM,174]; ~ *и те му вел'ат: "на пусна царјут,. . кога за проминеш, да ти изјадеми". Тогас малкото дете источи негова-та остра сабја, да едноѝ јурудиса на врăх ламите* [V,PM,225].

исто́чуве impf (в. **источе** под 1.) [СК,326].

истра́аве impf 1.'се кажува за човек што се воздржува, што не реагира (пр. на некоректно однесување)' ~ *о́на но́го истра́аве, не́ удгувóруве а́к не́-ј прăки́пе*; 2.'издржува на болка, на мака – без обжалување' ~ *истра́аве на се́ не́што, не́ сă бо́о кут ме́не* [ПК,2(53)]; сп. **истра́-јуве*** ~ *истрăја́х нă гуле́мјут зо́р* [СК,326].

истра́да* pf 'се измачи' ~ *и ми каза́ си́чко, што истрада́л от ти́а ѝи-фаирѝие, но́ не чини ха́рно, што му даде́ пра́вина на тиа, а ѝа това́ чове́к сиро́ма́х кри́вината* [V,PM,9].

истребе pf 1. 'направи нешто да биде чисто, без примеси' ~ *о-истриби́х фасул'о, ко: ту́рум дă-с-ва́ре*; ~ *истриби́х урѝзут;* ~ *истриби́х кла́нцут* (= го исчистив кладенецот) [СК,326]; 2. 'уништи' ~ *ăрцте уф-вујна́та се́ истриби́ли, ду-чуве́к, ду-у́ше* [ПК(Кр)].

истребуве impf (в. **истребе**) [СК,326].

истре́се* pf 1.'со брзи движења направи нешто да се ослободи од она што го придружува' ~ *и тигл'а́јки ку́по му-că-скина́ па́шкăта. Излизе́ уд-во́та, că-истрисе́ и că-спугна́ пулиси́цта дă-ă-фа́те и дă-ă-уда́ве* [ВД,286]; ~ *дă-гă истре́си и таа кру́шта, ки-цăрве́се;* 2. изр.: **истрисе́е му це́буфто** (= му ги зедоа сите пари) [ПК,2(167)].

истре́син adj 1. 'кога со тресење нешто остане чисто, без придружни елементи'; 2. fig. 'несериозен, неумен' ~ *ку́пте́н-ејистре́син, ич не зна́а маабе́т дă-т напра́а* [ПК(Гр)].

истре́сук* m 'дете родено последно во бракот' ~ *Ко́л'то ме́-ј истре́суко (нă ста́ри гуди́ни о-руди́х)* [ПК,2 (53)]; сп. **истăрсо́к** 'последно дете на многудетни родители' [СК,326].

истрие* pf 1.'со триење (низ вода) направи нешто да биде чисто' ~ *да помијат Хајринито [Хајринито мило дјате [јомиха го, истриха го [истриха го, повиха го* [БД,18]; 2. изр.: **и́стриј-му му́цкăта** (= изнатепај го) ~ *ка́-ќ мо: истри́јш адно а́рно му́цкăта не-ќ му те́кне ош адно́ш да пцу́у* [ПК,2(167)].

истри́же (си)* pf 'си ја скрати косата' ~ *нăбра́а-се о́ра. Та́а се нăпрăви́ нă-măш – истрижа́ си-ко́ста* [ВД, 283].

истроши* pf 'направи нешто на парчиња, искрши' ~ *Ангелино милна снăхо [уот са снăхо не јоглавиш [не јоглавиш, не јожениш... [чифчијето по нивите [јоралата иструшили [фрет јот тебја, фрет за тебја [дрварето по баира [брадвите си истрошили* [БД,89].

истру́жуве impf 1.'изострува' (пр. молив); 2. 'прави нешто да биде мазно' [СК,326].

истрăгне* pf 1.'повлече (нешто што е притиснато)' ~ *истăргн'о: то: до́лнуто па́рче* [ПК(М)]; 2. 'насилно одземе' ~ *европејите ду сеа гледаа сăл ка да истрăгнат нешто от там ако са имаше најдено* [МЕ(Р), 69];

истрăгнуве (că) impf, fig. 'се крие, избегнува конфликти' ~ *ка́ и́ма таквú рабо́ти он се́кугăш că-истрăгнуве;* сп. уште: ~ *сј-о: истăргна́ гăзут* [ПК(Гр)].

исту́м adv 1. 'точно' ~ *селту că наогја туку речи истум нă стредин мигју кăрцкуту и полцкуту месту* [МЕ(Р),79]; 'веднаш' ~ *токмо на*

читардесит километра на зајдислăнца ут Солун са наогја истум до друмут [ME(P),58]; ~ *царцкјут пăт Солун-Битоља-Драч вăрва истум пуд Постул* [ME(P),71]; и: **истом** ~ *на крај морету имаши един гол'ам камин, та истом по ручокот хождаши чобанинот, седјаши на камино да ручјаши* [V,PM,169]; **2.** conj 'кога, штом' ~ *ќ-и гу пуштил млекото, за да се мие, истум ке стане ут сонут. А пак тиа, што гу нусиле, зашто било дилеко, истинувало, дур да го носат* [V,PM,295]; ~ *сеа истум ки дојдă времиту зă урајнă зă уров, арнăујтту шо а имăт кăшлăтă, не уставăт дă стăпнă ралу* [ME(P), 88]; и: **истом** ~ *истом веке дошли на стреду морету, тогај чилиби Теодорак си содврузова нејнот кораб да ја пусна на морету самичка* [V,PM,166].

иступл'ава* impf 'прави нешто да биде топло, загрева' ~ *иступл'овами вода, фăрл'ами мрăва брăшну н'ётр'а гу забрăкувами кутý кăш'а* [MS,t,6].

иступоре (сă) pf **1.** 'се искачи на високо' ~ *сă-иступурил нă-кирмијте;* **2.** 'зафати висока позиција (власт и сл.)' [ПД(Ф)].

истýре pf **1.** 'исипе нешто (пр. вино)' ~ *глéде прăд-вудницта ăднá тáва сус-кáша. Вудничáро ă-искăрáл дăистúне. Лисúцта ă-грăбнáла тáвта и сј-ă-истурúла кáшта нă-глáвта* [ВД(П),286]; ~ *истурúх жúнто уф амбáрут* [СК,326]; **2.** – **(се)** 'се исипе, истече (од некој сад или нешто друго)' ~ *дăрвоту е бúло хрáлопо, хем е било пăлно сос драгоцени и млогу скăпи кáмини штото, когá си разби врăхот от дарвоту, са беха истурúли млогу ѥифаири* [V,PM,7]; **3.** 'врне многу силно' ~ *истурú се дóш;* **4.** fig. 'ако овошката роди многу' ~ *ваа гудúна сă-истурúи слúфте;* исто: 'кога некој ќе плати нешто многу скапо, односно ќе даде многу пари' ~ *Митто сă-истурú* [ПК,2(167)]; **5.** изр. **истуре коски** 'умре' ~ *Богдане бре сине слушај што ти думам [девет години сине болен как си лежиш [уште девет Богдан, болен да ми лежиш] болен да ми лежиш, коски да истуриш* [БК,88].

истýруве impf (в. **истуре**) [СК,326];

истýрăн adj **1.** 'неприбран, неспастрен човек'; **2.** 'човек што има хернија, килав' ~ *óде алúс истýрăн* [ПК,2 (167)].

истăже* pf 'сожали за нешто' ~ *на јурајне јодам, рало гу скăршувам [тебе те смислувам дома да те најдам [белкин ки те најдам тăга да истăжам* (погрешно запишано: 'тага да истажам') [БВ,260].

истăрбуше* pf 'извади внатрешни органи на животно (откако му го расече стомакот)' ~ *тóа јáгăнто орăстурбушúх, о-уставúх нă-дéцта д-оо спáстрăт* [ПК(Пл)].

истăрси pf 'истресе' ~ *помниш ли мари, знаиш ли [куга бјах у вас ратăјче [та си са бол'ăн разбул'ах [та си пошетах, потерах [коматче лјапче и јодă [та ти истрси трухите* [БД,22]; ~ *сéга ќи-ј извáгум и ќи-ги-истăрсум рýбите* [ПК(Пл)].

исќари* pf 'спечали' ~ *сам јотиде на Стара Србија [да ми ќари бјали мјаждадии [там сидјаше сја уосем години [исќарие бјали межадии* [БД,178].

Исýв m 'машко муслиманско име запишано во Солунско' ~ *напкун ка ми риче така Кимо, отидох на Исув паша* [MC(B),87].

Исýс m 'име на светец (Исус Христос)' [MS,s,41].

ису́ше (сӑ)* pf 1. 'ја изгуби влажноста, стане суво' ~ *сӑ-исуши́ла зе́мта*; ~ *нас гуди́на с'ӑх мрӑва т'ут'ун', гу субира́х, гу исуш'и́х, гу зака́ц'а̣х на бина́та* [MS,t,3]; ~ *ка́ ка̣ иску́биш но́го вре́ме ки сто̣ тӑка́, не́ сӑ ису́шуве ле́сно* [ПД,123]; 2. 'престане да вегетира растение' ~ *сли́ва̣та сӑ-исуши́ла* [ПГ(Ф)]; сп. ~ *јо дӑ дујне морски ветар [да ја крене пуста сламка [да се здружат криватите [да јогреје летно сонце [да исуше росна китка* [БВ,208]; 3. fig.: **исуши ме** (= ме упропасти) ~ *карамфилој мало моме [изгорја ма, исуши ма [ти ма стори како дрво [како дрво јаворово [земи пушка та ме јуби* [БД, 138]; клетва: **рӑкта дӑ-му-сӑ ису́ше** (= да не може да прави злодела) [ПК,2(191)].

ису́шуве impf (в. **исуше**) ~ *то̣ са́мо во́да-ј, и ка́ ка̣ иску́биш но́го вре́ме ки сто̣ тӑка́, не́ сӑ ису́шуве ле́сно* [ПД(123)].

исфа́р'ӑ* pf 'приготви, зготви јадење' (ставајќи го на оган) ~ *ја́с гу исфа́р'ӑм (: пикме́с)* [MS,s,41]; сп. **вари́**.

исфиро́суве impf 'исчезнува незабележливо и ненајавено' [СК,326].

исфра́ске* pf 1.'изнатепа (силно и брзо)' ~ *дујде́ а́дно а́рно гу-исфрӑска́ де́тто, сј-удде́;* 2. 'изеде (нешто) лакомо' ~ *исфрӑска́ се́ нӑӑдно́ш, за се́тне ки-не́ма ни́што...*

исфӑ́рке* pf 'отстрани, фрли на страна' ~ *ко́га сӑ ко́се лива́та, шо ка̣ исфӑ́ркат тре́вӑта и мӑка́р то̣ чи́сто ме́сто нӑмли́а сӑ ви́ке* [ПД(122)]; и: **исфӑрле*** ~ *лежал што лежал петнајс години [па дошло време Стојан да јумре [го однесоја, го погребаја [земја не декса, па го исфӑрлила* [БВ,63]; ~ *и ноз ден сја забахтало морето и исфӑрлило на островичкӑтӑ толко жјувини, штото сја напӑлнило сичко на там* [V,PM,285]; ~ *а по̣-пӑтут ле̣си́цӑта стана́ла и ко̣-да̣-ви́де ри́би у ко́шо̣јте и-фӑти́ла ри́ба по̣-ри́ба му-исфӑрли́ла пулуви́нта ри́би* [BM,316].

исфӑрши* pf 1.'направи, заврши нешто' ~ *му ве́ли: "е́, ма́јстори, за това́ гаиле́ бе́рити?* (пишува: 'бериши' – ?) *Ја́зе та́ја ра́бота га исфӑршем, л'у́ и́ди на́ ца́рјут да му ка́жиш, два́јси и че́тири саа́та мјухле́т да ти да́ди!"* [V,PM,137]; ~ *аку можите марифетите да ги исвӑршите виа, да ви га дам момата* [V,PM,45]; ~ *кату чу јунакут, това вечерот отите* (sic?, веројатно 'отиде'), *зема камшикот, исварши долапите и пак тамо остави камшикот* [V,PM,278]; 2. 'снема нешто' ~ *забраве́ха да гу пи́тат на гимиции́ата, ка́к ки си исвӑршат ми́шките се́тни, што ки ја́ди* [V,PM,169]; ~ *му дават највеки єдинајси гроша от хил'адата. Другите ги изваждат фира. И така, кату за си исфирши зборот, клават мизенти благи и пијат ракиа, хем и вину* [V,PM,246]; ~ *приближиха да излезат на́ го́ри а́ф бе́ла зе́мја, месо́то се́ исфӑ́рши... Тога́с то́јнака искина́ от нога́та му една́ парча́, му даде́ на карта́ло* [V,PM,136]; 3. 'помине одредено време' ~ *са цени на един чорбациа за три алтани да му работи три година. И фати да работи сос млогу вера, дури веки са исфаршиха трите години* [V,PM, 92].

исха́ркува impf 'каса' ~ *исха́ркува ку́ч'а̣-ту* (= кучето каса) [MS,s,41].

исходи* pf 'заврши со одењето во одредена регија' ~ *бил Богдан, бил харамија [дор осем - девет години [осом е гори исходил [осом е трла изгорил* [БД,164].

исхрани* pf 'даде храна, нахрани некого' ~ *дур тога јасното сонце хи даде златните дрехи..., ја децата останали при змевита звезда, та тија ги исхранила* [V,PM,265]; ~ *Доранче сину, Доранче [хеј диги мајчин храненик [дор да та мајка исхрани [исхрани јошче изгледа [косите хи побелјаха* [БД,4].

исце́де pf 1. 'кога млеко или некоја друга течност се прочисти со тоа што ќе помине низ цедило'; 2. fig. **сӑ-исцидѝ** (= се кажува за човек што многу ослабнал) [ПК,2(196)].

исце́ре (сӑ)* pf 'се излечи' ~ *ус-то́о мӑјле́м ќи-сӑ-исце́ре* (= со оваа маст ќе се излекува) [ПК,2(53)].

исцибре* pf 'ослабне, пожолте' ~ *то́о де́тинцито ипте́н сӑ-исцибри́ло, зе́р еј бо́лничко* [ПК(Мор)].

исцинѕи́лин adj 'кога материјата ќе изгуби од својата цврстина, ќе се истенчи' ~ *то́о ира́мо но́го-ј исцинѕи́лин, ско́ро ќи-сӑ ски́не* [ПК,2 (53)].

исци́це* pf 'го исмука млекото што го има во вимето' ~ *не́ма, не́ устӑна́ло ни́што, сӑто мле́ко о-исцица́ло те́л'то* [ПК(Кр)].

исцӑрка* pf 'од вимето на овца (коза, крава) со помош на прстите од рацете го извлече млекото – измолзе' ~ *влакна́та ги вӑрза́ на́ прӑсти́те му и тури́ со́с де́вет рачи́цки каза́но, и куби́лите са чини́ха кро́тки кату о́фци, и то́и ги исцӑ(р)ка́л* (пишува: 'исцӑкал' – ?)[V,PM,124].

исцӑрпе* pf 'со помош на сад односно лопата изнесе нешто (течност или нешто ситно, пр. зрна)' ~ *и ти рӑбутни́ците а-бре́, у-бре́, а-бре́, у-бре́, а исцӑрпе́ле та ко́па зла́то* [ПД,150].

исчека* pf (в. **исчикувӑ**) ~ *а човеко не флезел во реката, – според лафо на старецо, исчекал да преспече и измине силата* [ШГ,5(408)].

исчете* pf 'сознае што е напишано, прочита' ~ *би́ло нӑпи́сӑну: "Кӑто́ пручӑте́ш тӑс кни́гр, ја́ штӑ ста́нӑ и штӑ-сӑ-о́жӑн'ӑ зӑ-те́б'а". Че́лӑ Мӑру́шкӑ три́ дни́ и три́ нӑшти. Ага́ јӑ исче́ла, умр'а́лијӑ мӑш сӑ-сӑжуви́л* [ВД,330].

исчешла* pf 'ја подреди косата со помош на чешел' ~ *што му веле ѓан Султана [стој, причекај Петре братчет [да исчешлам руса коса [да исплетам пет кусланки* [БК,153]; ~ *вода да налије, леле, глава да измије [ајде глава да измије, бре ѓанам, коса да исчешла [коса да исчешла, леле, да исплете* [БМ,152].

исчикувӑ impf 'не презема активност, чека' ~ *субӑшувите пријӑтил'ӑ му кӑжувӑт нӑ негу, ӑ он пӑ сӑлдӑ исчикувӑ, коа нӑ кој ки му дојдӑ редут дӑ си а тегл'ӑ ѓизатӑ* [МЕ (Р),91].

исчи́не (сӑ)* pf 'нешто се стори, се приготви (било што)' ~ *и тӑка́ ви́ке сӑ-влизе́ле унӑтре,... И тӑка́ сӑ-искрипи́ле, сӑ-исчини́ле и ки-сӑ-прӑви́ла ниве́сттӑ азӑр. а́рну-ма ви́е не́-сӑ-кӑчи́ле узго́рӑ и́ч* [БМ,207]; ~ *ка и ве́лиши ви́а ла́фови о́н, си пустрами́ле сӑти шо би́ле та́му су не́гу; и сӑто инса́н си радува́ле за сӑти ви́а чу́дби шо си исчини́ле ут не́гу* [MV,K,278].

исчисте* pf 1.'направи нешто да биде чисто' ~ *тја́нака по-на́прет оти́де, ко́лко ју́ди самови́ли и́маши та́мо, ги кладе́, изме́тоха, исчи́стиха ха́рно не́јните кона́ци* [V,PM,140]; ~ *гу најдо́ха едни́ чоба́ни и гу зема́ха, ... фати́ли гу, примини́ли гу, исчисти́ли гу и и́мето му тури́ли Мица́н* [V,PM,195]; 2. 'уништи инсекти' ~ *ус-то́о пӑрскине сӑ-исчи́сте ба́лсӑрта* [ПК(Гр)].

исчи́стина (ни́ва) adj 'новоотворена нива'; исто: **стре́мина** [ПК,2(53)].

исчо́пкуве impf 'кога птица со клунот собира зрнца – исколвува' [СК,326].

исчјука pf 'уништи' ~ *татко ми и сичката тајфа и сел'ани изл'азоха на наша нива на бижин'а, и таму отиде панукла, та исчјука; сичките сел'ани беха умрјали таму и не можаха да си зарăјат* [V,PM,182].

исчуван adj 'запазен во првобитна состојба, зачуван' ~ *гласут* **а** *исчуван ăј јасин, сăл су удрувачка на него* [ME(P),82]; ~ *имиту Обăр сеа ăј сăл за извурут исчувано* [ME P),78]; ~ *да најда сăл неколко трага кату во шо гу има пăтувачут прид очите су неговото... исчувана има "Пел"* [ME(P),69].

исчувă pf 'заштити' ~ *он ăј убличен су силă, секăдă ки дојде нешту ду негуву селу дă-јспаднă сăип и да му-ј' исчувă интересите нă бегут* [ME(P),90].

исчуди (си)* pf 'се изненади' ~ *и а́рно но́си и ло́шо но́си. Па́ си-исчуди́ја, не́-и-ујдиса́, ни́кăк. Е, нăпрăви́а ручо́к* [BEB,304].

исчуке pf **1.** 'со удирање направи нешто да биде ситно' ~ *до: исчу́киш то́о ме́сто ки-пра́вме ку́фте́та* [ПК(Мор)]; **2.** 'уништи, убие' ~ *царјут от мăра дни сетне са беши разбол'ал от тешка болка и са фати от вăрла чума; кату гу изчука, падна четиредесјат дни болин и после умрја* [V,PM,195].

исчу́шке* pf **1.**'изчисти грав, ги оддели зрната од чешулките'; **2.** fig. 'набрка' ~ *мă-исчушка́а утсе́где, ни́што не́-м дăде́е* [ПК(Гр)].

и(с)ши́ле* pf 'направи врв (**ши́лка**) на нешто' ~ *гриши́х, тре́бише до:-исши́л'ум то́о ко́лчито за-да-вле́зе* [ПК (Кр)].

исăăне (и: **исăхне**) pf **1.**'стане суво нешто што било влажно (пр. облека)'; **2.** 'кога растение престане да вегетира' ~ *от Бога да најдат, што ни разделиха от пăрво ми л'уби... Исăхнејти дăрви, пукнејти камини!"* [V,PM,91]; ~ *кога си китка погледна [китка му је јовјахнала [јовјахнала, исăхнала* [БД,72]; ~ *и така тикфата фанала от ден на ден да сăхне и иссăхнала* [ШГ,5(409)]; **3.** fig. 'многу заслабне' ~ *момата, дека беши бела и царвена, дојде исăхнала кăту дăска и почарн'ала кату иґупка* [V,PM, 195].

Италі́ји pl 'Италијани' ~ *си до́јдух туќа́; и тук на́јдух Англи, Га́ли,

́ли́ји, Срăби на сулу́нската периф́ер'а* [MS,t,2].

итер adj 'снаодлив, со брзи реакции' ~ *не́ма да са испу́лиш нă та́вăнут и́ч, зăшо́ и́ма пи́пер, ки ти па́дне у о́чите ... а́ма и́тер вăлкут, путро́, пу-тро́ сă-испули́ пригóр* [ДК, 143].

и́ти conj 'алтернативно, или' ~ *и за фа́тиш' да уре́ш' , за фăрли́ш' с'ăм'а на ина́ л'а́ха и́ти пш'ини́ца, и́ти ич'уме́н* [MS,t,6]; ~ *за и ка́ж'иш' на н'е́ја за да м'а ни ч'а́ка и ш'ту за руди́ и́ти мо́ма и́ти д'ăт'а да гу крăстити Инса́ф* [MS,t,48].

итил'дисуве impf 'со пегла прави облеката да биде мазна, ја пегла' [СК,326].

итиран m 'вид кожна болест' ~ *испа́ґе нă-прăстто нă-рăцто, кут си́ката-ј. Но́го-ј ло́ш, уд не́го и но́хут па́ґе. Сă-ло́же ус-ле́нно се́ме за да пуми́не. Се́тне уста́нуве лиша́н уд не́го* [ПК,2(53)].

итăрва* f 'жените од два браќа се **итăрви**' ~ *ти́а бра́ќа ути́шле нăгурбе́т и си-устăви́ле же́јнте са́ми. То́лку вре́ме ти́а итăрвите не́-ăсака́ле та́а по́мăле́чкăта ниве́ста* [ДК,150].

ифа́зма* f 'материја за облека' [MS, s,41]; ~ *за псуни́саш' има́ни ... за*

дрýгију дугáн' ифáзмата митаксутá [MS,t,28].

ифиндијă* m 'господар, бег (во турската хиерархија)' ~ ... *нă них су друбните бези или ифиндиј* [ME(P), 86].

ифкирúја f 'способност, возможност (нешто да се направи, да се има)' ~ *ифкирúјата самáс си дóјди* [MS, s,38].

ифколúја f 'помилување, згода' [MS,s, 38].

ифрит m 'што има особини на огин'; fig. 'силна нервоза, лутење (како огин)' ~ *кá чý шó лафúл ифрúт сă-чинú чувéко*. Сп. уште: ~ *тáа пипéркăта ифрúт, л'ýте нóго* [ПК,2(53)]; кај Саќов: **ифрúт** 'бегање со паника' [СК,326].

Ифтúм'у m 'сопствено име, запишано во Солунско' ~ *си удрúва Ифтúм'у т'уфéјќу на рáмуту, прумúна прúс главн'áта, ги глéда главн'ата сă пýснали филúз'а (дáлч'анта)* [MS, t,44].

ифтúм'уф* adj 'нешто што му припаѓа на **Ифтúм'у** ~ *т'éс ифтúм'увúт'а глáвн'а стáнаха млóгу рáвни дрăвé, стáнаха диб'éли, с'é за гр'éнди* [MS,t,44].

ифтира f **1.** 'лажно обвинување, набедување, клевета' ~ *тукý за прикáзната шо и писáна да сă стóкми на нúнјото нóмо: Шо ми пизмúле ифтирá* [MV,K,318]; **2.** изр.: **нé-ј такá, нé му фăрл'áјте ифтирá нăчувéко** (= не е виновен тој немој да го обвинувате). Сп. уште: ~ *тóо па сé нă-мéн гă-фăрќе ифтирáта* (= секогаш мене ме обвинува) [ПК,2 (53)]; [ПД(133)]; и: **ифтера** ~ *се паднали турцко село [турцко село, турцка куќа [им фăрлиле зло ифтера [дека л'убат турски моми [ги фанале двоица бракá [ги фанале затвориле* [БК,95].

ифќé* n 'инает, одмазда' (?) ~ *дúфуту вилú: "áх брé пýста мúш'ка! на т'éб'а да ти гу звáм ифќету!"* [MS,t,50]; [MS,s,38].

их interj 'изразува незадоволство' ~ *их, ибáти думăкúнут шó нéма рăкúа дóма* [ПК(Грам)].

ихтибар m **1.**'почит, чест' ~ *там дека сă ногу имăт алăш-вириш су Гăрците и дека сé шо е гăрцку имă гулем ихтибар* [ME(P),82]; ~ *ако ја не просат млого и заеднош да ја дадат, онаја дивојка нема ихтибар* [V,PM,245]; ~ *кату видé такá гимицúата, млóгу на ихтибáр гу úмал јунáкот, штóто гу земá сос нéгу аф еднá трапéза да јадáт двáта* [V,PM,23] – уште еден случај на нерегуларна употреба на предлозите: **аф** ('во') наместо **на** *(сос нéгу аф еднá трапéза)*; **2.** 'благослов' ~ *рече на мајка му: "мале, јазе ке да идам на чуздина да работам.... да земам малку ихтибар"* [V,PM,48]; **3.**'признание (за нешто)' ~ *и па на третоју ѓавол го питат: "ами ти, зарзарик, што стори?" И он отговори: "е!, јазе..." Та и на него му даде гол'амоју ѓавол гол'ам ихтибар* [V, PM,167]; **4.** 'грижа, почит (кон нешто)' ~ *вели на негу: "ај гиди, побратими де, ногите требува човек да ги има на ихтибар, а не главата" ... за која причина требува ногите да имат човеците на поихтибар, а не главата* [V,PM,66]; ~ *ету една хубавина ти сторјах: тоа тас да гу имаш млогу на ихтибар и... кој ки иди да мели на водениците, хак да не зеваш* [V,PM, 278].

ихтибарлиа adj 'човек што е ценет од средината, почитуван' ~ *и понéже, кату бéши млóгу ихтибарлúа човéкот, му úдиха млóгу гóсти на дóма му* [V,PM,25]; ~ *и тóј, кату бéши млóгу ихтибарлúа човéк, как*

гу и бил кадиата, гу беши страм да излева пред човеците [V,PM,27]; и: **ихтибалиа** ~ *и му вели: "царју, ету на нас земја има една кралска мома, кату неа нема на земјата; ти, ако можиш да ја везмиш, млого ихтибалиа ки са чиниш"* [V,PM,210].

ихтиза f 'потреба (голема)' ~ *за това добро, што ми чини тинака на меника, да ти дам и јазе едно перо, и кога ки ти стани ихтиза жива вода, перото да гу туриш на вогино* [V,PM,96]; ~ *тă терăт су силă дă гу којсш и аку не ти-ј ихтиза* [ME(P),89]; ~ *нему ихтиза ни уд нику* [ПК(М)]; во Воденско: **истиза́** [BV,66].

ихтизалиа* adj 'она што е многу потребно' ~ *за то прид кинисувајнето му удрих иден телј: шо права да права, да си ј зева по ихтизалијте шејва и поскоро да са најда на Питирбург* [ME(P),67]; ~ *за друмут ут риченто мадаф арно да са кажа, от он му-ј ихтизалија на кирацијта* [ME(P),74]; ~ *таквијăт људă... не правăт ногу грцува, сами работăт и не сă ногу ихтизалиј уд јăрцијте* [ME(P),87].

ихăр m 'покриена просторија за добиток' ~ *фатиха, чиниха двата збор, пăрво да дел'ат оловиту и кравите; чиниха еди́н нов ихăр и еди́н имаха: кој добитук ке да флези аф ловијут ахăр, да е на барливоју син, кој ке да флези аф веткио ихăр, да е на умовитију син* [V,PM,124].

ице́ n 'она што го снесува птица и од што се испилува птиче (= јајце)' ~ *Петри извади идно ице ут ц'ибот, гу ст'егна ицету сăс каминут набун и пусна ода* [MS,t,75]; ~ *и гн'азду гледа да чини на наj-високо дарву... за да не можи змиа да изјади ицата* [V,PM,30]; ~ *ја зева лудојут, ја отпира на фтисот и, кату беши зинанта устата и, зева тој едно ице та ја клава на устата и* [V,PM, 228].

ич' 1. adv 'никако, воопшто' ~ *да ти кажи д'аду: "ич' ми утиваш' да са клавеш', да пош' да му рич'еш' на ч'урбаци'јата ..."* [MS,t,14]; ~ *пăтникут шо има... застанато, да гу распулја чуднјут извор, шо така ич не чикано му испаѓа прид* [ME(P), 69]; ~ *му вили на ступаниту: "тузи малку ш'ту сă руди, ви сă мол'а млогу, дад'ăти гу на м'ен'а заш'то ич' н'емам малки"* [MS,t,16]; ~ *ич ајл'ак не устанувум* [CK,317]; 2. 'сосема ништо' (орр. **нешто**) ~ *и ути́ди го́стину да си л'е́гни; ж'ината-му вили на манц'о-ји: "тос тфоју аратлик млогу страмлиф, ич' ни јади"* [MS,t,37]; ~ *Георги как зе страх, как си натика там на тиквите и ич не сборувами* [MC (B),80]; 3. 'до крајна степен' ~ *рече: "тето, ти сă мол'ам да ми даиш кл'учовете да отворам млади килари и темни зандани, да разгледам вашата дăржава, оти сă чини 9-10 години, што не видех ич ништо"* [MC(B),95]; 4. изр.: **ич мă не́ма** (= многу сум заборавен) ~ *де́к ки́ту́рум не о но́ждум, сјаа ко-кла́м ше́јо, нă мо́ж до-на́м* [ПК,2(167)]; **и́ч не́ гу би́ве** (= тешко е болен) [ПК,2(54)].

ич-олма́с adv 'барем малку' ~ *да не́мам на пу́шката ич-олма́с...* [BV, 65].

ич'или́к m 'крупно мелено брашно, гриз и др. што се става меѓу корите на баклавата' ~ *за да прусти́рат ино́ ли́сту на тапс'а́та и удго́р'а фăрл'ами на врăх ли́стуту ич'или́к* [MS,x,8].

ичкадија m 'некаков судија (?)' ~ *един друг си отромоне: – хајт да бирем, да убирем [да убирем чирашница [та да идем ф чуздо надалечно:*

ти да бѐдеш ичкадија [ја да бѐдѐ пак сѐдија [БМ,188]

ички́а f 'жесток алкохолен напиток' [СК,326].

ичумен (ич'уме́н) m, bot., Hordeum 'вид житно растение, јачмен' ~ *субашта̀ нема ак на ништу повикѐ ут 2 килѐ жито и на 1,5 ичумен* [МЕ(Р), 90]; ~ *кѐрцкѐтѐ земјѐ дѐрѐдиса за секаква турлија жито, ичумен, уров, овес, лозја, бубакј* [МЕ(Р),78]; ~ *и за фа́тиш' да уре́ш' , за фѐрли́ш' с'ѐм'ѧ на ина́ л'а́ха и́ти пш'ини́ца, и́ти ич'уме́н* [MS,t,6]; и: **ичме́н** ~ *се́дбѐта зна́чи тѐва́ сии́дбѐта шо́-ј, шо́ сѐ-жни́и, шо сѐ-вѐрше: чини́ца, рѐш, ичме́н, уве́с* [ПК,2 (247).

ич(у)мини́чница f 'слама од јачмен, се користи за покривање на трла и сл., се добива со тресење на класјето, а не со газење од коњите врз сламата на гумното' [Г.К(М)].

ичумини́ште n 'нива од која е ожниен јачменот' [ПК(М)].

ицел' m 'судбина, предодреденост' ~ *ти дујде́ и нѐ-те́п ице́л'о, нѐ мо́јш га́аре* [ПК,2(54)]; ~ *калугеро му огдговари: "моја една врева една флурина е". Тогај му дава единоу алтин. да калугер му рече: 'е сину, без ицел човек не омира"* [V,PM, 162]; ~ *хем киниса, си отиде тамо на вода та гленда, водата си наберала като ѓол', и он си рече: "Боже, ако ми е от тука ицел'у да умра, нека умра!"* [V,PM,162].

ицирет m 'принуда' (?) ~ *рѐботѐт су ицирет* [МЕ(Р),172].

иш interj 'извик со кој се бркаат птици' ~ *Бог да бије жетварките [иш, иш пуста јаребицо [дујда бујда сиво сокле* [БВ,245].

и́шѧла interj 1.'дај боже' (со среќа) ~ *и́шѧла - ма́шѧла* (ајде аирлија); 2. 'како да не' (со иронија) ~ *гузима́ ли о́н? - и́шѧла ко:-вѐрне* (= никогаш нема да го врати) [ПК,2 (54)]; кај Саќов: **и́шалла** (= божја работа, ако господ рече) [СК,326].

ишире́т (и: **ишѐрет**) m 'разбирање преку договорен знак' ~ *му-дадѐ ишире́т да мо́лче;* сп. уште: *ус-ишире́те сѐ-рѐзби́рат* [ПК,2(54)]; ~ *Го́це ми дѐдѐ ишире́т дѐ о́дум прѐ не́го* [СК,326].

ишихиса (са) (и: **ишийса**) pf 'се одмори' [BV,67].

ишкија f 'врсничка, лика' ~ *и јунак Бошко, как зе такоф ѧухап, пушти една книга и вели: "или да земиш една нивеста или да најдиш една твоја прилика, твоја ишкија"* [МС (В),93].

ишки́н m 'начин на трчање на коњ' [СК,326].

иш'кити́ја m 'пустелник, тој што живее сам'; сп. **ашкити́ја** [MS,s,41]; **сфе́тиц ашкити́а** [BV,67].

ишта́х m 'мерак, желба (пр. за јадење)' ~ *по-гул'а́мојут бра́т га изја́ди смо́квата, на по-ма́лкојут ишта́х му оста́на, ка́к и то́јнака не можа́ да не ку́си от смо́квата* [V,PM,28]; и **иштаф** ~ *ус-ишта́ф сѐ-нѐјѐдѐ* (= со добар апетит се најаде); ~ *ишта́ф ме́-ј дѐ-т ви́дум* [ПК,2(54)]; кај Малецки: **иш'та́х** 'гнев, лутина'(?) [MS,s,41].

иш'тахли́ја m 'злобник, лош човек' [MS,s,41].

ште part 'ете' ~ *и́ште га́аре кѐздиса́х;* ~ *не́јкум и́ште* [ПК,2(54)]; ~ *му кѐжу́ве ште́ тиа сѐ по́-јуна́ци ут-те́бе* [ИГ,112]; уште: **ишче** ~ *и́шче ја́с сум ут Стру́мица, дѐ-ка́жѐме* [ПД,150].

и́ш'ти impf 1. 'сака' ~ *му вил'а́т: "иди́н про́с'ѧк и́ш'ти, да т'ѧ ви́ди, л'а́к да ти дад'е́"* [MS,s,24]; ~ *и до́јди вр'ѐм'ѧту ца́р'у да ги токми́ мо́мит'ѧ. Дијата́ксува да пруминѐ́т ш'и́ч'кит'ѧ јуна́ци прис по́ртата да ви́д'ѐт мо́мит'ѧ, да си удбира́т,*

кутрú гу úш'тат [MS,t,34]; *~ мáјка-и кáзува с'éтн'ạ на тáтка-и: "нáш'та мóма úш'ти да éзми на кафеḉ'úјата измикáринут за мăнч'"* [MS,t,84]; **2.** 'треба' *~ úш'ти идúн да ḉ'áска ч'изúји* [MS,t,5]; *~ с'ă на крусно́ту гу навúхми, úш'ти да сă привръ́з'е́ на разбо́ју* [MS,t,7]; *~ идúн вр'éтин' т'ут'ýн' за да с'ăш' úш'ти нáјмрăва ш'éс дýш'и* [MS,t,5]; **3.** 'бара' *~ му р'éч'и на д'ăт'ạнту, кóлку парă за úш'ти у гудúната?* [MS,t,81]; *~ з'é пунá стутúна кóзи и ерḱéч'а и úш'тиш'и да му ги закáрат на с'éлутóму* [MS,t,17]; *~ ви сă мóл'а млóгу, дад'ăти гу на м'éн'ạ заш'тó јас ич' н'éмам мáлки, кóлку парú úш'тити за ви дáм!"* [MS,t,16]; **4.** 'се допаѓа' *~ и дóјди вр'ăм'ạту цáр'у да ги токмú мóмит'ạ. Дијатáксува да пруминáт ш'úч'кит'ạ јунáци прис пóртата да вúд'ăт мóмит'ạ, да си ус бирáт, кутрú гу úш'тат* [MS,t,34]; **5.** 'зема' *~ му вил'áт: "ш'ó ха úш'тиш' смокфат'ạ сăс т'éб'ạ набýн?!"* [MS, t,86]; **6.** изр.: **úш'тиш'и да умр'é** 'малку недостасуваше за да умре' [MS,s,41]; *~ рибата... му вели на Ил'а: "што сакаш да ти дам, тузи добро што стори на мене? Јазе вунка по суха земја иштах да умра"* [V,PM,172]; со исто значење: **иштиши да ми изл'ази душата** *~ царјут, колко беши страшлив, ошти толко си оплаши от харамиата, и без мăра иштиши да му изл'ази душата* [V,PM,210].

иштра́ке* pf, onom. 'при извесна дејност ќе се создаде силен шум' *~ иштракá-гу цéлто шпúрто* [ПК (Мор)].

ишур m 'данок (= десеток од производството) што селаните го давале на бегот' *~ гу извагјăт: ундăлăкут, семиту и субăшлăкут... испаднă дă речиме две килă ишур* [ME(P),87].

J

ja pron **1.** 'л. зам. за 1. л. едн. - **јас'** *~ му вилú: "já-сă устáв'ах гудинúцата на с'éлуту и имáх р'éч'ину да м'ạ ч'áка"* [MS,t,19]; *~ му утфáра пóртата и гу пúта: "ш'тó бркаш'?" Ја кáзува фóтографúјата: "н'ă-си ти?" т'á вилú: "ја-сă"* [MS,t,10]; *~ му вилú: "já сă устáв'ах гудинúцата на с'éлуту и имáх р'éч'ину да м'ạ ч'áка"* [MS,t,19]; **2.** 'кратка форма за директен објект од **она, таа'** *~ ја урáт нúвата ч'éтир, пéт' уралá, стáнува хýбаф надáс* [MS,t,,3]; *~ му дáва иднá лúра; д'ăт'ạнту ја зан'éва лúрата на афиндикóту* [MS,t,82]; *~ ја гл'éнда мáјка-и и сă ч'ýди кăк стáна тóлку диб'éла* [MS,t,,84]; *~* **3.** 'кратка форма за директен објект од **оно, тоа'** *~ "да ја вúда кнúгата!" и ја гл'éда н'éгувóту писмó и тóј си млăкна пак* [MS,t,17]; **4.** 'кратка форма за индиректен објект од **таа, она'** *~ изл'ази гранчаровата мајка, му вели: "дека хождаш?" И тој ја вели: "касмет сакам"* [V,PM,230] (м. 'й вели'); *~ си содрузова нејнот кораб да ја пусна на морету самичка, хем ја вели: "ајде с здрави л'убов! Ако си чинила харно, Бог харно да ти даде..."* [V,PM,166].

ja part (за потврдување) 'да' *~ нáпкунтạ фăтú нивéстта дă-дăрýве, си-издăрýве сăте, свúрки úмише, свúрките свúрăт, нивéстта дăрýве, дрéме, já!* [BM,319]; *~ му вéли: "áку не веруваш, цáр'у, пýсни л'ýди и, аку не ти докáрат алтăните, ја кифил мојата глава!"* [V,PM,32].

ja part 'ете' (за посочување на предметот, односно за засилување) *~ ќáснува куш'ýл'ата на гóр'ạ, му укáзува ниш'áнин на кур'éму: "ја тáс ми ѓениáта, тóс ми сóју!"* [MS,t,15]; *~ да ја сигá станá касмéт, да ја в'éна мумáта-ти и да ти кáж'а ш'ту ми р'éч'и Гóспут'* [MS,t,15]; *~ "ја за умр'ăнтију сă науч'ú, ш'ту куж'áта-ј сид'ă?"* [MS,t,24]; *~ ја-ти-ги прумúнат з'éнтуфцéту и му вил'áт: "áјди-бé Ќел'éш', óш'ти тук си?"* [MS,t,36] - во илустративниот текст имаме употреба на презент од перфективни глаголи: *ја-ти-ги прумúнат з'éнтуфцéту.*

ja conj 'или' *~ дали си гладна, ја жадна [јели си гола, јел боса [дал ти је л'убе зилјарин* [БД,72].

ja - ja conj 'или - или (алтернативно)' [BK(1),68]; *~ на нас гора има една бела, бесна кубила, штото ч'увек не остави жив, ниту добици, ја да ја фатиш, ја да ја оклавиш* [V, PM,186].

јаалúа (кревет) adj 'кревет со пружина, на федери' *~ плитинúца не вúке - туку плéт. Ус пăрте. Јаалúа кривéте* [ИГ,120].

јаба f 'земјоделска алатка што личи на вила, се користи при вршење (односно веење) на житото' ~ *кути лупáта, цéла нăпрáвăна уд дăрво, зă вéјне нă врáо; сă упутрéбуве кá ки дó: жúтто дă 'сă пудвé:* [ПД(122)], (разновидност: **јава** Ник); ~ *тá-ј вúла, дăрвăна, ус-штúри зăба (рóга), зă-збúрне, зă-убрăштине слáмта – кá вăршиме нă-гýмăнто* [АЌ], со исто значење во Грам: **кăрпăлоќ** [ПК,2(55)]; кај Малецки **јáба** 'даска на која има прицврстено кремен камења, служи при зршење на житото' [MS,s,42], веројатно погрешно, направата што ја споменува тој во повеќе долновардарски говори се вика **дикана**.

јабандá (|| **ибандá**) f 'туѓина' ; сп. **кш'инитјá** [MS,s,42]; ~ *ним ме пити да ти кáжам: ["имах мóмче малечкáву [на дванáјсет гудúњи [он утúде на јабандá"* [ME(P),95]; ~ *пушчéјте нă двéте на јабандá* [BV,68].

јабанџиа m 'туѓинец, непознат човек' ~ *си разл'ути млого и му вели на гостот: "а бре јабанџиа гидиа, зашто не стануваш прав и ниту се поклони на мене, кога си дошол"* [V,PM.222]; ~ *ој јабанџии слепи и криви* [BV,68]; ~ *му вéли на сајбúата: "господúне, éла дур на хáнот! Ти вúка едúн јабанџиа трăгóвец"* [V,PM,15]; кај Малецки: **јабанц'ија** m 'туѓинец' [MS,s,42].

јабанџијче n, dem. од **јабанџија** ~ *телал се вике на нова пазара [се продава којна на вересија [на вересија утре до икиндија [кој си име пари којна да си купи [најмело се ј дете јабанџијче* [БК,140].

јаблок m 'опклада, облок' ~ *мори, јаблок ми фатиле, јунак јем дивојка [јунак јем дивојка... [заидно да нуќеват, да не се бурават* [БМ,131].

јáблăка (и: **áблăка**, односно **јабýлка**) f, bot., (Pirus malus) **1.** 'јаболкница' (дрво) ~ *простр'а рăкáти му, искинá едúн дал сóс дéсет јáбăлки и едúн дизгúн удрú на кóн'ут, побегнá* [V,PM,113]; ~ *"јáс јáм, јá ут тáс јáблăка пујнó лúсту си лúзнувам и тузú-ми јáдин'éту!"* [MS,t,59]; ~ *гу нáјдуха удóл инá јáблăка с'ад'ăш'и пруфúтис Иеримúјас* [MS,t,59]; **2.** (плод) ~ *дјáвулу идúн д'éн' уткрáва инá јáблăка ут парáдиса и исл'áва на зим'áта* [MS,t,30]; ~ *пáк нáјди инá јáблăкă сăс јáблăки тувáрина.*

јабре interj ~ *Торунџа војвода, јабре, Турунџа војвода [што си толко нажалано [јем си толко јустрашнало* [БМ,75]; ~ *седи јабре лудо младо [седи ним јоди [ка ки миниш Шар Планина [полна ајдути* [БВ,250]; ~ *на чешма има три млади моми [полнеја јабре врвеја [јоздола лудо на којн качено* [БВ,178].

јаваш-јаваш adv 'полека-полека, постепено' ~ *ридиштта и долиштта сă јзрăмнувăт и кăту рăмнинă (јаваш-јаваш), не пузнăјату се спушкăт нă долу* [ME(P),79]; ~ *Постол се наогја на иден рид шо јаваш-јаваш се чина по нисук ут кăда-ј селто* [ME(P),70].

јаве* pf **1.** 'соопшти' ~ *брáт-ај бúл óдăн уф-тóо мумéнт нă-Сóлăн, пукирúа. Му-јăвúли. Брáт-ај úде* [ПК,2(337)]; **2.** – **(се)*** 'се покажа, се појави' ~ *ка се јава от Араплијте Ѓуро, ети тăрчаха солунските граѓани да го причекат* [MC(B),97]; ~ *тýка скáла, тáму скáла - нéма. Вúкăт пăндăрут дă-му-сă-јáве, дă-му-ă-дáде скáлта, нúкуј нéма* [BM,323]; ~ *Стамено пиле шарено [јави си глава пинџере [да ти го*

видам лицето [да го запишам на пушка [БВ,163].

јаве n 'вистина' ~ *јаве ил' сон* (= вистина или сон); сп. **на-јаве** adv 'навистина' ~ *тој што ми даде прстинот [низ прстен да го провираат [тој што ми бакна лицето [тој, дај го боже на јаве* [БВ,310].

јавор m, bot., Acer pseudop atanus 'шумско дрво, расте високо, има лисја што личат на дланка; кората му е белузнава' ~ *ни набрала зилен здравец [ам сăпасала ален појас [врзала го за јавора* [БД,88]; ~ *надвор од Гуменца покрај реката [на дрво јавор Грк је убесен [нека разберат Турци и Грци* [БВ,74].

јавроф* adj 'нешто што има врска со дрвото **јавор**' ~ *ај ти Голаш, Голаш земја опустена [земја опустена крăф је облијена [дојранцките моми за Гăркот зборуват [Гăркот је обесен за дăрво јаврово* [ГД,135].

јавуве (се) impf 'се јавува, се пријавува' ~ *и вóа чувéк разглáсăве низнéговта околúја дали ќа-се-нáјде нéкуј да-а-унúште мéчката нóго ќе-гу-нагрáде. На-тóа се јавýве едúн чувéк сус-éдно малéчко кýченце* [В,273].

јáганче n, dem. од 'јагне' ~ *утринта отúде бишкáринот да пáси кубилата и жрјáпчинто. Тáм, дéка пасјáха, са чинúха óфца сóс јáганче* [V,PM,117]; в. **јáгн'а**.

јаглăк m 'крпа шарена, везена, обично од свила' ~ *ела мене изваси ме [га са жен'а шче та дарја [тăнка риза купринена [тăнăк јаглăк и тој такăв...* ; ~ *повниш ли друшке, знаиш ли [кога в градина седјахме [и тежăк јаглăк везјахме [мар ти са млого фал'аша [че ни шче мајка јоставиш* [БД,43]; ~ *седнала је Рума Ленка [долу - долу в градината [в градината под дун'ата [там ми везе тенăк јаглăк* [БД,109].

јáгн'а n (pl: **јáгн'анта**; dem. **јáгнич'а**) 'малото од овца' [MS,s,42]; ~ 120 *овци ги фатила сапаница и умрели на Митровден, и да му ги дам на Георґовден јагăнца, и 12000 оки трева, зашто излизел Вардар и му ги удавил* [MC(B),87]; ~ *"от мóјта цáрчина да побéгниш, учúте ми да ти не вúдат тýка óшти едноч! Јазе сакáх да ти закол'ам. кáту јáгне, ама пак ти сожалúх"* [V,PM, 10].

јодромон'а pf 'прозбори, одговори' ~ *мома седи на градина [на градина ду калина [уттам мина лудо младо [на дивојка јодромон'а: [– пуснăх л'уде, терăх тă [терăх тă, не те дават* [БД,12]; и: **јудромоне** ~ *калтатана вели [вели јудромоне: [- "кумови, сватови [зăлви ли девирјувци [дукарајти кола...[да качим нивјастă"* [БД,51]; ~ *та си и веле јудромоне [– душа си давам, Јана не давам [па си му са осакатили левата рака [левата рака, десната нога* [БД,161].

јожинет* adj 'тој што е во брак, што има жена' ~ *ти да се набелиш, мори, Недо, ти да са нацрвениш [и да и залудиш, мори Недо, сите момчин'а...[ем најповеќе, мори Недо, јожинетите* [БМ,150].

јоздола adv 'одоздола' ~ *на чешма има три млади моми [полнеја јабре врвеја [јоздола лудо на којн качено* [БВ,178].

јозрја pf 'созрее' ~ *мари Рујне моме, Рујне [мар дојде си веке јесен [веке јесен Димитровден [мар јозрја си бјало грозде [згăчиха си рујно вино* [БД,72].

јој interj 'ej' (повикува, но изразува и силно чувство) ~ *и му вели, хем хем говори: "јој ти, царју, да ми дадеш златна гимиа сос секакви кăтки, в неа да има мјасто за триферич"* [V,PM.172]; 'о ф' (во случајов што следува се изразува тага) ~ *свети Тодор јодгојвара: [- јој ти мају, мила мају [зимнини са загинали [л'тнини са иссăхнали* [БД,11].

јојде pf 'отиде' ~ *кон'а кове зоб го зоби [та да иди да јобиди [да јобиди зимнине [зимнине л'атнинине [шăнен јојде, срден дојде* [БД,11].

јо́к part 1.'не' (никако, во решително негативен одговор) ~ *пујно́ вр'ăм'ạ три икимụ'ји сă развр'ăвạха за бо́лкит'ạ: "јо́к ка́цат бо́лкит'ạ ут иди́н ч'ув'ăк за дру́к"* [MS,t,42]; ~ *фа́тиха да сă ка́рат: "јо́к ја́с за ја в'е́нам, јо́к ти́ за ја в'е́ниш"* [MS,t,19]; ~ *гу удри́ва ина́ ја́блăкă мума́та, фа́ш'тат да сă ка́рат и дру́ги јуна́ци, та́м ш'ту има́ш'и: "јо́к! м'е́н'ạ м'ạ удри́!" "јо́к! т'е́б'ạ т'е́ удри́!"* [MS,t,34]; и **јук** ~ *"аман, Трајко, да си жив, остави тој човек, што сакаш ки ти дадими". "Јук, кератијата ке го носам на Солун"* [MC(B),92]; 2. изр, **јо́к дăсă-чи́не и чуве́ко, (шо́ мă-уплаши́)** (клетва = да исчезне, да го нема) [ПК,2(55)]; **јо́к до чи́не** ~ *е́е, ăди́н и́мше сăјме́нин, јо́к до чи́не, се́ ше́тше пу-ре́кта* [ПК,2(342-343)]; **јо́к ста́ни** (= бегај одовде) ~ *јо́к ста́ни, ụиндимо́си се. Ка́ не-т слу́ше де́тто, мăшко-ли, же́нцко-ли, ќи му ре́чиш тăка́* [ПК,2(164)].

јокапа* pf 'нешто се истргне од местото каде што било прикрепено' ~ *дор да та мајка исхрани [исхрани јошче изгледа [косите хи побел'аха [зăбите хи јокапаха [јочите ле истекаха* [БД,47].

јокове* pf 'со клинци прицврсти плочи на нозете на добиче' ~ *барабани бијат редом по селата [редом по селата и по градовите [ќе се зберат младите налбати [младите налбати врагот да јоковат* [БК, 138].

јокопа* f 'ископан ров што служи како заклон во воени судири' ~ *во Битола, во јокопи [млад војник*

леже [ја до него милна сестра [сенка му дăрже [БВ,152].

јомијан* adj 'исчистен, измиен' ~ *мома јиде јот бан'ата [јомијана, јоплетјана* [БД,12].

јомие* pf 'исчисти со вода, измие' ~ *уогăн кладăт, уода топл'ат [уода топл'ат да помијат [да помијат Хајринито [Хајринито мило дјате [јомиха го, истриха го* [БД,19]; ~ *Дафино грозна нивјасто [земи си снăхо, јомии са] јомиј са снăхо прјамени [с нивјастинцката прјамена* [БД,77].

јомăрси* pf 1. 'во време на пости касне нешто мрсно' ~ *ќ-о: умăрсиш, ама на тéп ќé-ј грéо* [ПК(М)]; 2. 'извалка нешто, го направи нечисто' ~ *подранила за водица [чешма-л нема јуф селото [има, има как да нема [клети Турци јомăрсиле [детинцка крăф помазале* [БВ,123].

Јоно (м. л. име запишано во Воденско) ~ *пукна пушка во гора зелена [пушка пукна јунак там ми падна [Јоно викна, бог да просте јунак [ко ки умре гроба ископајте* [БВ,142].

јоно pron 'л. зам. за 3 л. едн., ср. род' ~ *пусакала понудица [понудица жалта дујна [жалта дујна бело грозје [што го нема на сред лето [јоно бара на сред зимо* [БВ,226].

јонцă f, bot. 'специјален вид трева, служи за исхрана на добиците – детелина' ~ *вéтăрут дýе, сéвăрут, сă-запáл'ăт тúа дăрвăта, а уд дăрвата јóнцăта* [ПК,2(261)].

јопасан adj 'стегнат со појас' ~ *мар та искарај Златина клашник [мар л'у јошиен, та нинадјанат [мар та искарај Златина појас [мар л'у јобагрен, та ни јопасан* [БД,71].

јопитува* impf 'испрашува' ~ *наминувам, навалувам [на бел камен починувам [и за Грозда јопитувам [дека седе Делјан Грозда* [БВ,150].

јоплетјана adj, f 'девојка што има коси собрани во плетенки' ~ *мома јиде јот бан'ата [јомијана, јоплетјана* [БД,12].

јопусти* pf 'да се запусти' (клетва) ~ *мајка му го порукваше: ["јела сино да вечерјаме [чиста пита и плакета!" ["јопустјала чиста пита [чиста пита и плакета [јоткак нема малка мома"* [БД,113].

јоран m 'нива што се ора, во др. говори **ораница**' ~ *Стојан и нишчо не јодрече [та си ми пусна јолове [та прегна хубава Стана [цјал ден ми јоран јорала [кога ја остен бодеше [бело и млеко фркаше* [БД,101].

Јордан 'м. л. име запишано во серско-драмската регија' ~ *оште си Цемо говори [ето го Јордан кат иде [заметнал пушка берданка [припасал колан фишеци* [БД,16)].

јоре interj 'море' ~ *јоре момчин'а, леле, мои брака [това со лудба не бива [кладејте прстен, леле, на бука [земајте пушки, леле, во рака* [БМ,74]; ~ *јоре срца ме тргнало, бре мајно, море [каурка да станам [калеш мајно, ја бре, каурка да станам* [БМ,52].

јорс m 'наковална за острење коса' (со чукање) [ВД(1),71].

јосамнате n 'зора, самнување' ~ *петли пејат на јосамнате [ке станам јаребицо ки-с јодам [вија петли абре се лажовни [јоца вике на јосамнате* [БВ,211]; во случајов имаме употреба на гл. именка од свршен гл. Во истата регија (јужна) често се среќаваат и форми на перфективен презент; може да се допушти дека и двете појави се во извесна спрега и сигнализираат дека категоријата гл. вид во овие говори

не се јавува со оние посебности што ги среќаваме во другите македонски говори.

јосвести (се)* 'се пробуди' ~ *порти да затвориш да-н ти некој дојде...[некој од комшии, некој касканции [кога се јосвестох порти јотворени [порти јотворени грди разгрдени* [БВ,285].

Јосиф (м. л. име запишано во Гевгелиско) ~ *шамијка бела, ва·цана [Ленка на Јосиф таксана* [ТГ,142].

јосипа pf 'добие кожна болест сипаница' (најчесто ги напаѓа децата) ~ *мар одде дојде едрата сипка [едрата сипка и дребната [та јосипа тојте друшки [тојте друшки мој другаре* [БД,94 .

јоскӑ f 'вооружена група млади луѓе, организирани од државата – војска' ~ *та фл'азја Кал'а в градина [та набра цвјатле сјакакво [јовиму китка златена [та му је кладе в пазува [та стана Петар јотиде [отиде на вӑрла јоскӑ* [БД 72]; и: **јојскӑ** - *телал јечи по селата [по селата, в градишчата [сички на јојскӑ да идат* [БД,77].

јостре impf 'прави некој предмет (пр. нож и сл.) да биде остар' ~ *мори сестро, мори моја сестро [јоди јостри мојта јостра сабја [ми отиде она да ми јостре [му сакајат нејното бело лице* [БВ,26].

јостӑр adj 'предмет што може да сече, со острило' ~ *не можам мајко да станам [турски ме куршум прониза [црна ме земја посипа [јостри камејна крај мене [мермерска плоча над мене* [БВ,156].

јот conj (< оти) 'дека' ~ *била Кал'а хубава [била Кал'а гиздава [јот шчо је била хубава [јот шчо је била гиздава [неја мајка не пушча [ни на јода на пл'ава* [БД,76].

јот adv (прашално) 'зошто' ~ *мене ме армасале за една вдовица [за една вдовица млада чорбаџијка [јот нг ми казаја оти мен ме сакеш* [БВ,187]; и: **јоти** ~ *зошто не ме питаш јоти си ги носам [јоти си ги носам шарени пантофли [мене ми ги купи нашијот кумшија* [БВ,176].

јотвратки pl 'првата посета по свадбата на младоженците кај родителите на невестата' ~ *јој ти Вело, моме Вело [ја шче стана пахун перо [да ма кладеш на главатӑ [та да идем у мајка ти [ју мајка ти мар на јотвратки [на јотвратки, на вӑзвратки* [БД,69].

јотвори pf 'направи некоја просторија да биде достапна' ~ *јодоздола јиде јидно лудо младо... дал да му јотворам, мори дотко, дал да му јотворам* [БМ,119]; ~ *а-бре Пено, шпиун Пено [ја свали се да ни утвориш [није сме ти Хаџи табур [се излага шпиун Пено [му јотвори на војвода* [БВ,130].

јотвӑнка adv 'однадвор' ~ *тука ми кажоваха [има мома јаргенка [да изл'ази отвӑнка [нешчо шчӑ ја попитам [добрӑ шчӑ ја подарјӑ* [БД,11].

јотгледа pf 'исчува (дете)' ~ *дор да та мајка исхрани [исхрани јошче изгледа [косите хи побел'аха [зӑбите хи јокапаха [јочите ле истекаха [теб да исхрани, јотгледа* [БД,47].

јоткак adv 'откако' ~ *бре Јоване болно дјате [болно дјате пӑро л'убе! [јоткак сме са неја зели [л'у си бол'ӑн, та си болен [ни јумираш, ни стануваш* [БД,81]; ~ *Стојано снӑхо, Стојано [гиди габрофцка нивјасто [јоткак си ми дома дошла [дома дошла, фнетре флјала... [кучета ми грозно лајат* [БД,92].

јоткупи* pf 'даде пари за да биде ослободен од некоја обврска, во случајот од затворска казна; во вториот контекст даде пари за да добие право врз некого' ~ *ги фанале двоица брака [ги фанале затвориле [кад си дочул нијни татко [си продава два sивгара [да јоткупе двајца сина* [БК,95]; ~ *земи ме Струнке, земи ме [јаз шчă ти тебе јоткупја [до две ми до три јалајки [на тебе измет да чинат* [БД,152].

јотлупи pf 'покрене капак, отвори нешто' ~ *Пеперинка мајка не слуша [та ми стана, та јотиде [долни, долни килерова [та јотлупи сандăците [сандăците мај ини си [та искара баш примјана* [БД,28].

јоторја* pf 'отвори' ~ *на портите чукат [Јанините братја [– "Јано бјала, Јано [Јано наша сестро [сјлази јоторјај ни [на госте дојдохме"* [БД,90].

јотпрегне* (волови, коњи)* pf 'ослободи', орр. на **впрегне** ~ *моми пејат тува горе, леле [ми дочуло стари дедо, доз, доз [ми јотпрегнал воловите, доз, доз [ми јотишол при момите, доз, доз* [БМ,105].

јотпусни pf 'ослободи, извади (рака)' ~ *јудутзгорја, јудутзгорја [Радината мајка [– тичај мамо, тичај мамо [змија в пазува ми... [јотпусни си рăка мамо [јела извади ја* [БД,84].

јотрјази pf 'отсече' ~ *"повниш ли мари, знаиш ли [кога бех у вас ратајче [мар та са болăн побол'ах...[мар пăк ти јода потерах [пăк ти си јоми рăките [на мен'а даде скăрните?" [та си искара нохчето [та хи главата јотрјаза* [БД,23].

јотрова f 'средство што ако се консумира може да отруе човек (или животно)' ~ *ај ќе си ојме на нови пазар [там ке купиме риба јангула [там ке купиме жива јотрова* [БК,75]; ~ *си научила пустата макеја [макејата кучка магиснарка [си отишла на нови пазари [си купила за пари јотрова* [БВ,42].

јотровено adj, n 'нешто што содржи отров, отровно' ~ *Стојан свадба бăхте [мајка му бил'е бере [бил'е јотровено [Стојка да јотрови* [БД,95].

јотрови pf 'на некого му даде отров, го труе' ~ *Стојан свадба бăхте [мајка му бил'е бере [бил'е јотровено [Стојка да јотрови* [БД,95]; **јотруе**.

јотроди (са)* pf 'се оддели, напушти роднинство' ~ *јотродјај са момин рода [като пепел јот јогнишче [като кăклă јот пчиница* [БД,56].

јотруе pf 1. **'убие со давање отров'** ~ *да ми зéвиш, бéла снáо, да ми зéвиш л'ýта бúл'ка [да јутрýјам, бéла снáо, да јутрýјам л'ýта змúја* [МЕ(Р),98]; 2. - **(се)** 'се напие течност во која има отров' ~ *отрујсе јотрујј, Митро мори, жива ним шетај [жива ним шетај, Митро мори, по црна земја [ного нивести, Митро мори, јоставија [ного јиргени, Митро мори, не се жинети* [БМ, 158].

јоттам adv 'оттаму' ~ *бјали си рăки мијаха [и ногите си тријаха [ма л'у кој јоттам помина [сички си мају јумрјаха [и срико ма јоттам помина [и срико мају там јумрја* [БД,112].

јоттатăк adv 'оттаму' ~ *истекаха ти цăрните уочи [пригорјаха ти тенките бăрни! [јоттатăк вăрви тојта свекрва [тојта свекрва фăф рăки носи [фăф рăки носи тешка понуда* [БД,95].

јоттук adv 'одовде' ~ *јот му мома не терати [ни терати, ни питате? [– нас на мома ни хареса . потерахме, попитахме [јоттук, јоттам јот силата* [БД,15].

јотчепи* pf 'откине, оддели, открши' ~ *легнала Рада заспала [под едно дрво маслино [дунал, поддунал ветерот [јотчепил гранка маслина [удрила Рада по грло* [ЕВ,310]; сп. **чепче** 'гранче од цвеќе'.

јохапи* pf 'касне' ~ *пустото ви куче [на скалта лижи [мен'а страшно гледа [мен'а криво гледа [мен'а шче јохапи* [БД,113]; ~ *на това бјало видјало [сăс добрјам да са заповним! [зăл си сăм сăн'а сăнила [ф сăбота срешчу нидел'а [цăрно ма куче јохапа* [БД,105].

јочинка* f, dem. од **око** ~ *ај стани, моме, јај стани [јај стига што си, моме, пуспало[моме ле јубаво. Погледни, черни моме, јучинки* [БМ,154].

јоџа m 'верски поглавар кај муслиманите' ~ *петли пејат на јосамнате [ке станам јаребицо ки-с јодам [– вија петли абре се лажовни [јоџа вике на јосамнате* [БВ,211].

јошиен adj 'добиен со составување на две парчиња (со игла и конец), односно на два краја од извесна материја' ~ *мар та искарај Златина клашник [мар л'у јошиен, та нинадјанат [мар та искарај Златина појас [мар л'у јобагрен, та ни јопасан* [БД,71].

јошче adv 'уште' ~ *ез направи́л голе́м хаи́р: на два пăка́, на два дру́ма [ма́ла че́шма бурмали́ја [јо́шче, ма́ле, сум направи́л в стред Стамбо́ла ма́ла цăрква* [ШГ,1,233].

ј̣суши (< исуши) pf 'стане суво она што било влажно' ~ *дека по приказната са напија вода Ај таксеркувјут аскер, ут коа се ј̣суши Галик* [МЕ(Р),72].

ј̣счуван adj 'останат во првичната состојба, запазен' ~ *сеа дă вијме какви сă друзте тукмечки, и ка сă-ј̣счувани они нă Постул* [МЕ(Р),87].

ју praep 'во' ~ *право ке ми кажиш, кои војводи беја [кои војводи беја ју вас на вечера [дали Толе Паша или Доде Кол'о* [БК,113]; ~ *право иде ју џерквата [да се венча да ја земе [поповите онемели* [БК,60].

јуведе pf 'внесе, стави нешто во затворен простор' ~ *додека Иванчо изрече [татко му глава одрежа [и го јуведе вăв фурна [Иванчо да се испече* [БК,78].

јуви́е* pf 'завие, свитка' ~ *нă-мо́жăм, ли́бе, дă-ста́нăм, ту́рцки ку́ршум мă-пруни́за [нă-ле́ва стра́на дусăрце, те́шка ми зе́мја нăд ме́не [змија ми гла́ва јуви́ла, ко́ски ле́сно струши́ла* [ДК,167].

Јувреј* m 'припадник на еврејска националност' ~ *му вели на јувреиту: "зашто, син'ори, така го биити тузи христијанско гроб?"* [V,PM. 173]; и: **Јеврејс*** ~ *Јевреје сватба правјаха [на самовицко вăршило [та са заклали, заклали [до девет крави јалови* [БД,26].

јувчера adv 'денот непосредно пред денешниот – вчера' ~ *ој нивесто калешава [дека беше ти јувчера [јас си беше ју градинче [јас си берej дробни китки [да ти пуштам здраво живо* [БВ,261].

југасна pf 1. 'престана да гори нешто, згасна'; 2. fig. 'престана да функционира живот (сила)' ~ *веќе Трпковски се проштава [од планини, долини [шпиунски куршум те пронижа [твојата сила југасна* [БВ,316]; 3. fig. 'престана, згасна некоја желба' ~ *вода Ленке да ми*

дадеш, вода да-с напијам [грло да разлада срце да јогаснам [БВ,176].

југо n 'јужен ветар' ~ *ду́у ју́го, ќ-и́ма до́ш* [ПК,2(55)]; ~ *дујни југо, дујни ветар гурјанине [да разнесиш југо глас в Македонија [да разнесиш југо нашите мајки...[да јиспратат југо кăрпи ем вăрзалки [да превăрзиме југо лутите рани* [БК112].

југуви́на f 1.'меко (топло) време во зимски период' ~ *ќи-фа́те не́коо југуви́на, ќи-уме́кне тит'у́но, то́ги ќи-ди́плиме*; 2. 'лесна дождивка, изобилство' ~ *таква́ југуви́на ни́где гă-не́ма* [ПК,2(55)].

јуда f 1.'зол дух; *"јудите* ги носи ветарот што се врти во круг" ' (според митологијата) ~ *и си́чки оти́доха на хо́ро... и игра́еха мло́гу кату на Вили́гден. И на чеса́ пуду́ ти́хан в'а́тар, ју́ди са-сви́ра сас в'а́тар* [ВД,327]; ~ *да бе бра́ла ју́да [овни́ над овни́те [... та бе́ше сабра́ла [доле́ напăлни́ла [ам е бра́ла ју́да [јуна́к над јуна́ци* [ВД1(83]; ~ *фре́т кăштата, и бе́ пригизде́на фне́тре сăс с'а́ка́кви прилигиа́, штото не-мо́ж'а ч'ул'а́к да-отбере́ направа́та-хи, о́ти ни-е ч'уле́шта на́права, ами от-ју́ди, зми́уве* [ВД,328]; 2. fig. 'зол човек' ~ *ка́ ќи-фле́зе уф-кăшти, али́с ју́да ќи-фле́зе* [ПК,2(55)].

јудари pf 1. 'убие со куршум' ~ *пушка пукна Горно Родиво [го јудари Исин бего* [БК,108]; ~ *црна се чу́ма зададе] долу ми Македонија [Првата пушка пукнала [Саев во срце јудари* [БВ,84]; и: **јудре** ~ *ниту книга пушка, нито пари пушка [ако кафе пије на здравје да му је [ако друго л'убе куршум да го јудре* [БВ,162]; 2. – **(се)** 'биде убиен' ~ *пăрва пушка кога пукна [нашјод војвода се јудрило [ти не жалај и не плачи [јас ки бидам војвода* [БВ,132].

јуде adv 'откаде' ~ *дегоде да подат, на што сахат да го викновали, он хатăр не расипуваше. Јуде гу дочуха јуди самовили, си разедиха* [V,PM. 227].

јудинцко* adj 'нешто што ѝ припаѓа на **јуда**' ~ *туку да поими на јудинцкото поле; тамо има чешма и една висока топола; ти да си искачиш на тополата..., јазе пак за са искриа на орманот* [V, PM.186]; и: **јудинско** ~ *мајка му му вели: "ти, мили сину, кату захождаш на пăто, ки проминиш приз јудинско село. Тамо да глендаш, некој да не те смами"* [V,PM. 155].

јудувит* adj 'отровен' ~ *ни свăртај ми стаду [пукрај езерото [чи е езерото [мошну јудувиту [и е поморлиу!* [ВД(1),83]; многу е веројатно дека се работи за следнава промена *јадовит* > *јадувит* (со редукција) > *јудувит* (со асимилација), тоа значи дека лексемата *јад* во серско-драмската регија се́ уште го чува архаичното значење 'отров', впрочем познато и во подалечните словенски јазици, пр. во чешкиот; во нашите говори го констатиравме при анкетирањето на источните говори во Струмичко (во подножјето на Огражден) како **јадич** 'отров од змија' исто така и во некои постари текстови од Велешко.

јудутгорја adv 'одозгора' ~ *јудутзгорја, јудутзгорја [Радината мајка [– тичај мамо, тичај мамо [змија в пазува ми... [јотпусни си рăка мамо [јела извади ја* [БД,84].

ју́ж'ина f (и: **икинди́ја**) 'јадење приквечер, кога ќе падне првиот мрак' [ВД(1),69].

јужăн ветăр m 'ветар што дува во Дојранско од *Бело* (Егејско) *Море'* [ПД(129)]; 'дува од кај морето; почнува од март и трае до Крстовден. Речиси секој ден ги раздвижува *(расклатува)* водите на Езерото. Не е опасен' [КД,63].

јуз ргаер 'од' ~ *котлите му светат като јасно слăнце [тенка снага крше като мрена риба [руса коса метке јуз рамо на рамо* [БВ,191].

јýзбашúа m 'титула во турската воена хиерархија' ~ *му викнá на јýзбашúјата, распитá на него дал си умрé ут вáкăт. Да как пузнајá ут јýзбашúјата, му башладисá снáгата на Јосúф* [MV,K(255)]; ~ *тогá отúде и Кулýф на óјска, и Гóспод му дадé јáкос млогу и марифет: са чинú онбашúа, от онбашúа јýзбашúа* [V,PM,9]; и: **јусбаши** ~ *ферман се врати од Стамбол [А лексо да се убије [отидоја до А лексо [некој шес души јусбаши [и тријсит мина јаскери* [БВ,128].

јýзда f 'направа од кожа којашто се става на главата на коњ и служи за водење и управување на коњот' ~ *тогáс тóјнака га кладе прет цáрјут самáр и јýзда; га вјахнá и побéгнал* [V,PM,29]; ~ *фати татко ми един бăлх, му тури на гăрбот седлото, на устата му јузда, та и вјахнал* [V,PM,202]; сп. **узда**.

јука f 'навика' ~ *млада нивеста да бидам [на тујґа кујќа да одам [чуждински јуки да јучам [на свекор диван да правам* [БВ,207].

јукаден* adj 'исчаден, поцрнет' ~ *нашите брака сăте на сурґун се [нашите сестри турцки алајки [нашите мајки црно јукадени [нашите мајки црно јуплакани* [ГМ,73].

јукапе pf 'падне' ~ *јако су глава , тето, завăртам [главата да ми, тето јукапе [јако со јоко, тето, погледнам [очите да ми, тето, услепат* [БМ,113].

јукумат (и: **јуќумат**) m 'административна, државна институција' ~ *ув село Грубивци за бегов борч гу бра ув селто пазарцкјут јукумат* [МЕ(Р),86]; ~ *... или на јуќуматут ки ти нăправă некуј кедăр* [МЕ (Р),90].

Јулван 'м. л. име' ~ *грăмни боже пролјатна гăрма [... да сахориш висока кулија [висока кулија врата железни [да излезам на бјала јаснина [да си видја Јулвана јунака* [БД,84].

јулкен m 'платно со чија помош се движи брод кога дува ветар' [V,PM, 7].

јулмéк* m 'јамка' (од јаже за врзување) ~ *турú от дóл едúн кóш, си качú на кóшут, тури јулмéкот на гăрлото му, го пéрна кóшот да са обéси* [V,PM.7].

јýл'ус m 'месец јули' ~ *там с'ад'ăхми пу на с'éдим, óсим м'ăјинц'а и дóјди вр'ăм'а на јýл'ус нам да н'ă пýснат* [MS,t,2].

Јумер m (мусл. м. л. име) ~ *Јумер си јоде на аскер [кутал пари ки си носе [шиник вошки ки дунесе* [ТГ,369].

јуме (се)* impf 'се чуди, мисли' (како да стори нешто) ~ *седам, се чудам, се јумам [как да ја, боже, разбудам [суз вода да ја попрăскам [страх ми је да не замрăзне* [БМ,144]; ~ *мори, чуде јуме кучка Павлувица [какво чудо она да направе [море, да јумрăзне сестра уд два брата* [БМ,98].

јумјаси pf 'замеси брашно (тесто)' ~ *дăл си гола, ил си боса [запретни са, засукни са [да јумјасиш чисти љабе [да наточиш и баница* [БД,96].

јуморен adj 'тој што имал голема активност и чувствува умор' ~ *стани ми постели јаска да си легнам [многу сум јуморен јод Пазарско поле [– не ми са станува јаска ти са лутам* [БМ,44].

јумрејне n 'умирачка' ~ *мојто либе болно леже [болно леже на јумрејне [ни јумира ни станува [ни на мене прошка дава* [БМ,156]; во споменатиов контекст среќаваме уште една потврда за присуството гл. именка од перфективни глаголи – посебност констатирана порано од други истражувачи, но повеќе за говорите во југозападниот дел.

јумрук m (и: **буктăница**) 'удар, тупаница' ~ *влезе аф халету да си турни водата Дили-Димо, најде време, си сотвăрза рăците и, кату излезе вăнка, сос един јумрук утепа един целатин* [V,PM,66]; ~ *ка́-ќ сј-а: збе́риш ша́кта, да:-сти́сниш, то:-ј јумру́к. Ак тă у́друм а́јн јумру́к, ќи-рăзбе́риш а́ајнто* [ПК,2(55)]; ~ *гу втаса гул'амото дете, не можа да гу познај, ама он гу позна него, та един јумрук му дава на уврејнот, гу оклава* [V,PM,231].

јумрукчија (и: **јумбрукчиа**) m 'тој што работи на митница' ~ *Имир Никола, јумрукчија* [MC(B),93]; ~ *иде́нјут бе́ши фарисе́и, па дру́ѓут јумбрукчи́а... си мо́лиши: Го́спот, испула́јти, що не́ сам кату дру́зити л'у́ди... ја кату ва јумбрукчи́ата* [MV,K(28)].

јумрăзне pf 'почне да мрази некого' ~ *мори, чуде јуме кучка Павлувица [какво чудо она да направе [море, да јумрăзне сестра уд два брата* [БМ,98].

јунак m 1. 'младич, млад човек' ~ *"ни́а и́мами за́кон: мăж човек не кла́вами не́три аф това́ конак! А ма ти́нака, зашто́ си ха́рин јунак, ке ти зе́мам не́три* [V,PM,9]; ~ *на пăтот а срете Илија, незнаена дилија, и вели: "а бре Сраулица млада, блазе-ј на тој млад јунак, што ти прегăрнува твојта бела примена"* [MC(B),96]; ~ *и до́јди вр'ăм'ату ца́р'у да ги токми́ мо́мит'а. Дијата́ксува да пруминá́т ш'и́ч'кит'а јуна́ци прис по́ртата да ви́д'ăт мо́мит'а, да си удбира́т, кутри́ гу и́ш'тат ... ~ гул'а́мата мо́ма си удбира́ иди́н јуна́к, фăрли́ ина́ ја́блăкă, гу удри́ и си гу з'е́ дума́* [MS,t,34]; 2. 'силен, млад човек' ~ *на пăт'у најде един јунак, на гората букити га свииши* [V,PM,43]; ~ *и клал тел'ал да вика: "котри јунак за излези сос кон да ја прискокни дупката, он за везми царјувата мома!"* [V,PM.181].

јунакуф* adj 'нешто што му припаѓа, што има врска со јунак' ~ *јунакува старă мајкă [има сина зă главени [зă главени, за женити [јот му мома ни терате* [БД,16]; ~ *уф ју́на́кăви дво́ри [сла́ѓе прăпичéло [уф мо́мини дво́ри [ро́са зăрусúла* [БМ,117]; ~ *за си собрат роднините и от двете страни, јуначките на јунаковата кашта, дивојкините на дивојката* [V,PM.246].

јунацко* n 'храброст, јунаштина' ~ *тогас тојнака викна балтаџиите и им вели: "а сега да ва вид'а јунацкуто!"* [V,PM,42]; и: **јуна́чво** ~ *"ти́а пари́ , што́ бера́ от та́му, си́чките да са́ тво́ја: хала́л не́ка ти са за тво́јто јуна́чво!"* [V,PM,25]; ~ *кату чу́ ца́р'ут не́говото јуна́чво, гу земá на конáкут му* [V,PM,22] – во контекстот е испуштен предлогот **за**; би требало: *за не́говото... ; ~ "ти́а пари́ , што́ бера́ от та́му, си́чките да са́ тво́ја: хала́л не́ка ти са за тво́јто*

јунáчво!" [V,PM,25]; и: **јунашко** ~ *риче: "и јаз палах или нивеста или мома, сă направих царско ѓостанцијче и дојдех да ви земам; немах друг колај – сă смеам с мојто јунашко, што сила ми даде господ, па плакам ваште мăки"* [MC(B),94]; и: **јуначку** ~ *мајка му му вели: "чини си работата, синку, немој веруваш на мома да има толку јуначку"* [V,PM.71]; и: **јунáцтво** 'машкост, убавина' ~ *тáмо тóј úзвади жéнските дрéхи и стáна прáв. Когá гу видéха, мóмите се почýдеха на неговото јунáцтво* [V,PM,9];

јуначе n, dem. (односно vok) од 'јунак' ~ *ej јуначе, младо гарматиче [што ти јуста, јуста п гурела* [ТГ,178].

јунáч'ки* adj 'нешто што се однесува на јунак' ~ *млóгу здрáви úмаш' ут бóлин Дујич'úн, да натóч'иш' тас калăч'ка за јунáч'ка верасúја ('бис парú')* [MS,t,51]; ~ *за си собрат роднините и от двете страни, јуначките на јунаковата кашта, дивојкините на дивојката* [V,PM.246].

јун'ạ n 'тригодишно теле' (pl. *jýн'анта*) [MS,s,43].

јунер m 'умешност' ~ *натурили девет коли трăн'е [кој е јунак трăн'е да прескоче [никој неме јунер да покаже* [БК,53].

јунерцика f 'жена што покажува умешност, во случајот негативна' ~ *не ја канил от је сиромашка [сиромашка гиди јунерцијка [јунерции много кавгации* [БК,53].

јуница f 'млада неотелена крава' ~ *та-ј јуница, как дă ти кажум, женско теле, по-гулемко, дăначка викуме,* **јуница** *викуме, пу нашо повике мојш дă гу нăпишиш* **дăначка** [ПД(125].

јупита pf 'распраша' ~ *да не ми пушки фрлате [да не ми песни пејите [дан ве дучује мајка ми] дан ве јупита за мене* [БМ,71].

јуплакан* adj 'натажен, расплачен' ~ *нашите брака сăте на сурґун се [нашите сестри турцки алајки [нашите мајки црно јукадени [нашите мајки црно јуплакани* [БМ,73].

јургáн m 1.'дебела покривка со која се покриваме кога спиеме, исполнета е со памук' ~ *стáнува ж'инáтаму, клáва идúн прускéфал дóл јургáн'у, гу пукрúва дур гóр'ạ* [MS,t,13]; ~ *да на вич'éро фл'ăзи у јургáн'у* [MS,t,55] – во последниов контекст имаме нерегуларна употреба на предлогот **у**, т.е. мешање со други предлози, во конкретниот случај со предлогот 'под'; за ова в. поопширно во граматичкиот дел; нерегуларноста на редукцијата на неакцентираните вокали за којашто зборуваме во граматичкиот дел се потврдува и во оваа лексема, имено во материјалите од Малецки освен редуцираната форма **јургáн** има регистрирано и **јоргáн** ~ *"м'éн'ạ мáјка м'ạ úма науч'éну сăс лúрину јоргáн да м'ạ пукрúва"* [MS,t,50]; **2.** сп. изр. **јургáн пиливáн** 'потсмешлив назив за човек што се прави важен, а во суштина е плашливец' [ПК,2(55)]; со исто значење: **јургáн планúна** ~ *нúм сăпрáви нóго, тă-знáм кăкóф јургáн планúна си* [ПК,2(55)]; **пýшти-си-ј нójсто спруму јургáно** ~ *нé глéди шо úмат л'ýјто, глéди кóлко мóжиш ти, пýшти-си-ј нójсто кóлко тé-ј длăк (спруму) јурáно* [ПК,2(190)].

јурнéк m 1.'нешто што служи за образец (модел, копија)' ~ *га вели: "жену, да ти кажа, динеска дојде едно младо јуначе, ми докара един чифт ушници јурнек... хализи кату твојте"* [V,PM,69]; ~ *земá кнúга, отвóри пéнцирјата, фатú горе да*

изва́жда јурне́к схе́дио [V,PM,18]; **2.** 'вид' ~ *бе́ла-ј чини́цта, ама цăрно кла́се. Дру́·ăгто - цăрвенка. Са́ткă-та па три јурне́ка сă* (пченицата *сатка* ја има од три вида) [ИГ,119]; **3.** изр.: **зă-јурне́к ли ќо-чу́виш** (се кажува кога некој претерано се грижи и чува нешто) [ПК,2(165)].

јурони (сауза)* pf 'капне солза' ~ *туку ти да дојдиш [на мојата гроба [свеќа да запалиш [саузи да јурониш* [БМ,123]; ~ *лежев, се долежав, веќе ке се јумре [бар да дојдиш моме на мојата гроба [свеќа да запалиш, солза да јорониш* [БВ,213].

јурт m 'говедарник' [ВД(1),71].

јуртчиа m 'човек што поткиселува и продава кисело млеко' ~ *то́о шо пруда́ве јурт. Уф Стру́мица јуртчи́а би́ше Али́ Ко́ч* [ПК,2(55)].

јуругун* m 'дел од пушката' ~ *па гајрет чиниш, моме, ле, простум стануваш [простум стануваш, моме, ле, којна ми фаќаш [којна ми фаќаш, моме, ле, за рагаванот [пушка ми фаќаш, моме, ле, за јуругуна* [БМ,142].

јурудиса pf 'се нафрли' (врз некого) ~ *тогас малкото дете источи неговата остра сабја, да еднош јурудиса на врăх ламите... посечи* [V,PM,225]; ~ *и заедноч јуродиса на врăх тјах и посечи от них осоммина* [V,PM,21].

јурук* m 'турски сточар што живее по планините' ~ *как ги попалаха јуруците козите, дојдоха на Солун и зимаха ил'ам от пашата да отепат кăде ки најдат харамиата* [МС(В),73].

јуруш m 'напад, притисок' ~ *ки си упиат, тогас балтациите да са хазăр, заеднош јуруш да чинат сос балтиите* [V,PM,42].

јуруштиса* pf 'оди заедно', овде: 'се нафрли' (сп. **јурудиса**) ~ *и они, кату јуруштисаха сос балтиите, сичките филдишите ги утепаха* [V,PM,42]; со исто значење: **јушти́са** ~ *земáха си́чки кóј сáбја, кóј дăрво, јушти́саа на врăх нéгу да гу отéпат* [V,PM,24].

јусма m 'тепач, убиец' ~ *фати да вика: "Хеј, бре Хасан, ела бе тука, ја јусма (што убива луѓе – убиец) има"* [МС(В),93].

јусојница f 'нешто што се однесува на осој' (= место што не го фаќа сонце); сп. **змија усојница** ~ *хајт да идиме ăв гора зилена [там шче берем биле и корене [там шче најдем змија усојница* [БД,53]; **чума усојница** ~ *Јана боли бело гăрло, не е гăрло како гăрло [Јане гăрло вăрла чума [вăрла чума јусојница* [БД,182].

јуста́ве* pf 'прекине брачен однос, се разведе' ~ *да́ли си чу́ла, разбра́ла [от ки-т тéбе јуста́ват[от ки те тéбе јуста́ват [óти ти нé си ју́бава [ка́то прăвната годи́на* [БМ,107].

јустрашне (си)* pf 'се исплаши' ~ *Торунца војвода, јабре, Турунца војвода [што си толко нажалано [јем си толко јустрашнало* [БМ,75].

јусăмнуван'е n 'рано наутро, зора' ~ *петлите пејат [котлите дрнкат [петлите пејат на јусăмнуван'е [котлите дрнкат по кладенците* [БК,145].

јут praep 'од' ~ *дивóјко, ма́ри , и́згору лéле [јут бóга на́шла твóјата мáјка* [ПС(З),145].

јуткине* pf '(се) спаси од некоја неугодна ситуација' ~ *аку сам си братче, на кривина [да запалиш воја силин огајн...[да изгорам млада ем зилена [мори ако сам си братче на*

правина...[море, да заросе, братче, сиуна ситна роса [да јоткинам млада ем зилена [БМ,99].

јутре adv 'не денеска, наредниот ден' ~ *динеска сум тука, Злато [јутре ки си јодам [на мој ми вилајет, Злато* [ТГ,178].

јутăрпне* pf 'кога дел од телото (рака, нога) поради притисок (што траел повеќе време) не функционира добро' ~ *Ангели́но мо́ја пăрва л'у́бо [са́ношт ми си на рăка лежа́ла [дури ми е рăка јутăрпна́ла* [ШГ,1, 235].

јучи impf 'советува' ~ *што е ова мили сино [карај јучи нивастата [невеста се променува [се́ сос жолто се прикрива [не се толку применувај девет пати ју нидела* [БВ,217].

јуч калмас, јуч калур 'секако, обавезно' ~ *рече он: "Ај, ки осиме на кунакут, ки кажими". Па јаз му рекох: "Јаз ми е страх, ако не, јаз сам ки одах". "Јуч калмас, јуч калур – ки дојдеш"* [МС(В),85] – во контекстот имаме евидентен пример дека деклинацијата кај заменките не функционира, имено номинативната форма **јаз** се јавува на местото на долгата форма (во случајот) од неправ предмет 'мене': *јаз ми е страх.*

јă part 'ами' (= категорично тврдење) ~ *на́што се́ло би́ше. Дисти́н ду́ши друга́ре би́а, јă-ка́к. Си́чко им да́вăхме* [ПК,2(323-324)].

јăвудиа pf 'скржавец, Евреин, лош човек' [ПК,2(55)].

јăвудицка игличка f 'игла со главче, уште се вика и **тупузли́а и́гличка** [ПК,2(55)].

јăвăшлăк m 'мрзливост' ~ *ка́ ме́-ј фати́л а́јн јăвăшлăк, а́ма ѣе́-ј нă-а́рно* [ПК,2(55)].

јăдини́ци pl 'јадења (повеќе, различни)' ~ *искара́ли на со́фрăта јăдини́ци, не́ зна́јш шо́ пăрво* [ПК,2(55)].

јăзла́ f 'пасиште' (далечно) ~ *де́к па́сăт о́фџите нă дăле́ко, нă при́мер зи́мно вре́ме де́к ги сле́вăт;* називот го запишавме при анкетирање во Дојран, додека во соседното село Николич запишавме: **кăшла́** [ПД,126].

јăкăлăк m 'дел од облеката, јака без шпицеви' [ПД,130].

јăла́к m **1.** 'петно' ~ *јăла́ци, јăла́ци те́-ј фуста́но*; **2.** 'модрица' ~ *ка́ că-удри́х, це́л јăла́к ми-că-чини́л нă-но́кта* [ПК,2(55)].

јăлѕа́ f 'пламен, огин' [ПД,119].

јăли́а adj, fig. 'богат' ~ *јалли́а-ј та́тку-ј, зăто́о са́ке дă-с-же́не ус-н'а́а* [ПК,2(55)]; основното значење: 'дебел, мрсен'.

Јăлăмо top. 'име на рид со пештери во околината на Стар Дојран' [ПД, 135].

јăнак adv 'накриво' ~ *о́т тăка́ (нă)-јăнак сј-о-тивари́л?;* сп. **јан** [ПК,2 (55)].

Јăна́к 'м. л. име' [ПК,2(55)].

јăнакли́а adj 'искривен' [ПК,2(55)].

јăпиа f 'голема куќа, палата' ~ *нăпрăви́л адна ка́шта це́ла јăпи́а, зă се́кој башка́ уда́а* [ПК,2(55)].

јăрбиќово јајце n **1.** 'јајце од еребица'; **2.** fig. 'нешто мало' ~ *то́о пă адно јăрбичо́во ја́јце, и о́н кут та́тку-му* [ПК,2(55)].

јăрдисе pf 'погодува' ~ *нă-тит'у́но ка́р ме́сто но́го му јăрди́се;* сп. уште: *ти́ ут ка́ дујде́ но́го ми јăрди́се* [ПК,2(55)].

јăрдăм m 'помош' ~ *јăрдăм кумши́ј, изгуре́ме* [ПК,2(55)].

јăрдăмџиа m 'тој што има волја да помага' ~ *пумухчи́а (те́јко би́ше но́го јăрдăмџи́а, на-си́те пума́гше* [ПК,2(55)].

јăрли́ą adj, m 1. 'богат, богаташ'; 2. бегалците од Кукушко на староседелците во Струмичко им викаа: **јăрли́јте** [ПК,2(55)].

јăсник m 'зимно време кога е многу студено, небото е чисто без облаци, без магли' ~ *ка́-ј фати́л а́јн јасни́к, се́ зале́дуве, не́ сӑ-сно́се* [ПК,2(55)].

јăстӑк m 'дел од запрежна кола' ~ *и́ма пре́дин и сӑдин јăстӑк. Пре́дн'оо јăстӑк сӑ-вӑрте, нӑ сӑдн'оо сто́от кунлу́чките* [ПК,2(55)].

јăшла̄ци pl 'вид облека' ~ *о́ни сӑ ут алăą́а, тка́јни, паму́чни сӑ* [ПК,2 (55)].

К

ка conj 1. (временски) 'кога' ~ *на сахатот Имир Никола пушти Бошко и завал Станко; и ка ги виде царско бостанџијче, ги грабна, ван'а кон'ут* [МС(В),94]; ~ *то: са́мо во́да-ј, и ка ќа: иску́биш но́го вре́ме ки сто: тӑка́, не́ сӑ иску́шуве ле́сно* [ПД (123)]; ~ *ка-ја ви́д'ӑ то́ј, трач'а́ и ангул'а́са и сӑ-спузна́ха* [MS,t,26]; 'откако' ~ *ка сӑ науч'и́ да п'ӑј, ути́ди па́к на ца́рува́та мо́ма* [MS,t, 26]; ~ *му го открал, и Алате са пуштил пу него. от ка префӑрлил вагичката, на мужел вике да оде пу него* [V,PM,272]; 2. (исказно) 'дека, оти' ~ *е́дно вре́ме слу́шӑт ка́ пла́че во́нка, нӑ-ко́ло нӑде́нна* [ПД(151)]; 3. (со условна нијанса – ако) ~ *ка сӑ-л'у́те, ка ви́ке но́го не́каа же́на, ќи-ј ка́јш: шо́ мӑр-ти сӑба́јле си-измуча́ла-си нӑлӑно* [ПК,2(193)].

ка́вине́* (и: **ка:вӑне́**) n 'просторија во која се точи алкохол и каде што се собираат граѓани (обично мажи) на разговор и пијачка' [ПД(Ф)]; ~ *"јас у́три за по́да на кавин'е́ту и ти за до́ш' та́м куми́ш'ијата на ина́ кӑш'та"* [MS,t,27]; во последниов контекст среќаваме додаток за место без предлог (*та́м куми́ш'и́-јата*); за ова в. поопширно во граматичкиот дел. Сп. и: **кајвене** ~ *и тој зема после нос пӑнт, отиде на Стамбол и да тихиса пак касмет да пои на нејното кајвене, да пие кајве. Она кајве му служи, тој не можа да ја познај* [V,PM, 239]; односно **кафин'е*** ~ *за с'е́дна на о́гн'ут, за пи́ја кафе́ту и за и́да на кафин'е́ту* [MS,t,65]; ~ *с'е́тн'а̣ ка́к сӑ уж'е́ни, ути́ди на кафине́ту, сид'ӑха ас паре́ата* [MS,t,70]; ~ *"и́диш' у м'е́н'а̣ да ра́бутиш'? ја́с и́мам кафине́ и за пума́гаш' на гул'ӑ-мӑт'ӑ гарсо́ни!"* [MS,t,81]...сп.: **сто́ри мло́гу гуди́на у ну́с кафине́** 'одмина многу време во онаа кафеана' [MS,s,107].

каапе́ conj 'ама' ~ *дӑ-не́ им-ка́јш зӑ-рӑбо́та, каапе́ де́цта нӑ Ил'о да́л' не́ слу́шат, ка́ виде́е зо́р!* [ПК (Мут)].

каафпити́на* f, pej. 'девојка со лошо поведение' ~ *а́к ти ста́нум каафпити́но и нӑ каафпити́нта, ќи-ви́јш а́рӑнто*; уште и: **мумити́на** [ПК,2 (57)].

каба adj 1.'дебел, груб' ~ *каба́ ч'ув'ӑк* 'груб човек'; *каба́ кни́га* ... [MS, s,44]; 2. **каба месо** 'дебелото месо на ногата од човек, под клечката, во други говори **икра, прасе**' ~ *и тој са чуди, што да стори, л'у си науми та изважда остро ношче и отсече от ногата му кабата месо, гу дава на карталите* [V,PM,222].

кабаа́т* (и: **каба́т**) m 1.'сторена грешка, виновност' ~ *му пиша книга молена: "или кабаатот да ми простиш или глоба ки ни глобиш, или глава ки ни сечиш"* [MC(B),93]; ~ *им ве́ли сос за́тресна гла́с и со́с раси́пано о́браз: "господа́ри, дине́ска ви приказу́вам и казу́вам прет ва́с, ча то́с сирома́х не́ма н'а́кој кабаа́т!"* [V,PM,28]; ~ *му вили́ "ха́ди, ха́ди, баш'ладисај му гу каба́т'у, ниш'та́м ни да ми гу зва́ди, ни да му гу зва́ја!"* [MS,t,57]; **кабахат*** ~ *"јазе ки најдам от тебика́, ама и тинака ки најдиш от друг". Кату чу така царјут, му прости кабахатут и не гу заклаха* [V,PM,106]; 2.изр.: **чини кабаат** (= покажа неубаво, невоспитано однесување) ~ *о́ни кату видо́ха, ча та́тку му не зна́и да му са ка́ра, кога́ чи́наха кабаа́т, фати́ха са чини́ха безу́мни* [V,PM, 25].

каба́к m 1 'кочан од пченка, без зрна '; сп. **кубала́чка, куба́к, кукума́ра** [MS,s,44]; 2. **каба́к ко́за** f 'коза без рогови, шута' [MS,s,44].

кабаница f 'јадење од сукани кори, зелник' ~ *свадбата стана баш на запост, и жените правиха за нас една кабаница за да запостиме* [MC(B),92].

кабанчар* m 'прекар на оној што јадел многу **кабаница** (= зелник, баница)' ~ *и така от то време ги изминиха името, ги викаха кабанчари* [MC(B), 92].

кабатли́ја adj 'виновен' [MS,s,44]; и: **кăбатли́а** ~ *"дали пристăпнахти царјувата порака, што ви порăчи?" Сиромахут кату кабатлија са куниши, немаши што да отговори, пак човекот царскиј му даде малку тарос да отговори без шубе* [V,PM,65]; ~ *ка́ ути́ди во́, зе́ гла́ви, изи́ци и му-и-но́си. А бе́, ка́ ти риче́, риче́ ја́с. Они са́кăт дă-гуфа́нăт зă-кăбăа́т, кăбăтли́ја не́што* [B,EB,304].

каба́чка f , bot. 'вид тиква, којашто, откако ќе се издлаби, се користи како сад' (= лејка) [MS,s,44]; ~ *утрината фати старата змиа, му дава млого бакшиш, алтини и пари с товара. Тој нифтја да земи ништу, л'у и рекла: "аку ми дадети една кабачка, што имати, харно, ако н'а за си пода"* [V,PM,176].

каби́л (и: **кабил'**) adv 1.'возможно' ~ *и от тога́с наса́м не е́ каби́л се́кој ве́чир ду́р да не до́јди на спане́то ми не́говата крăв да ми ви́ка* [V,PM,28]; ~ *а́ку ти е каби́л', е́ла и ти́ ус ме́не* [CK,328]; ~ *бејзте фăтијă дă си-ј рăботăт сами бијлиците... амă па кабилј не бише да пуминăт тикмилј без ăнгăријă* [ME(P),89]; ~ *и напкун турвам гăрнето вăрху мехот; море, што ветăр или вода да има човек, кабил не е, ако не го искара* [MC(B),84]; 2.. изр.: **каби́л еј све́то до-зе́ме** (= многу е лаком, незаситен) [ПК,2 (172)].

кабули (и: **кабу́ле**)* impf 1.'прифаќа, поднесува' ~ *кога ти питах, ти ми риче: "дăлмо, не ги фатих с рăкета, не сăм харамија, ама мене душата не ми кабули"* [MC(B),82]; ~ *и́ч не́ кабу́л'ум тăкви́ рăбо́ти, не́јкум дă-с-бăркум уф чу́зди рăбо́ти* [ПК(Мут)]; 2. 'сака, почитува некого' ~ *жена́та му фати да не гу кабу́ли, гу спăжда, гу не́ки не́три да вле́зи* [V,PM,15]; ~ *не можам лудо да станам [руса ми коса под татко [– подземи Лено ножици [потсечи Лено косата [јас те кабул'ам и без коса* [БВ,228]; 3. изр.: **кабул не гу чини** *а.* (= не го зема за сериозно) ~ *нузи дете сакаши царјут да гу научи да пеи*

книга, ама са чудиши, как да стори, ка некој учител кабул не гу чиниши [V,PM,276]; *б.* (= не се согласува, не дозволува) ~ *да л'у отидеха на царју, Зарзавилата рече: "јаз кабул не чина, тој с мојта невеста да говори. Да го заколити!"* [V,PM, 158]; исто: **прави кабул** ~ *му вили: "н'е́-м'а-пра́ити кабу́л да-до́јде то́с в'е́ч'ăр у-ва́м да-про́мина, зири́м сӑ-мо́кра ут-дӑш!"* [ВБ,340].

кавад* m 'голем сад (обично дрвен, но во примерите што следуваат од злато)' ~ *ја вели на кралицата: "за гул'амата мома, кралица, гајле ми да береш, зашто она пак царица ки си чини, туку да ја сториш три кавадја се у злато и ут алтăн, да и ги дадеш и да ја пусниш, сама, да си брăка кăсмет"* [V,PM, 208] – има употреба на кратката заменска форма за директен објект **ја** во функција на индиректен, наместо **и́** (*да ја сториш три кавадја*); ~ *ханџиата кату и видел такос кавад, речи сам себе си: "кавадјут вреднова за три хана, а не за един". Зева кавадјут от момата, та ја остави да си пои тја на пăнтјут* [V,PM,209].

кавазин (и: **кава́з**) m 'чувар, надзорник' [MS,s,49]; ~ *до́л кава́зину ја го́ни ут по́ртата: "б'а́гај уттýк скă-рн'у!"* [MS,t,,24]; ~ *си разумиа а́рно, и на кава́зити и даде́ле па́ри но́гу* [MV,K,290].

Кавазово лувиште top. 'име на место покрај брегот на Езерото (во Дојран), семејството Кавазови таму имале **лувиште** – рибарска колиба'; се наоѓа во локалитетот **Манастир** [КД,65].

кавак m, bot., Populus pyramidalis 'дрво што најчесто го има покрај вода, топола' ~ *ч'уљака станал чаплок, та утишал в селото си и кондисал дома си; на дорă му имало един кавак (топола), на нег направил гн'аздо* [V,PM,285]; ~ *тој хи рекал: "Јаз си бех тук и ката ден си та гледах от кавакă през гн'аздото"* [V,PM,286].

кавал m 'дрвена направа за свирење (со дување) – шупелка' ~ *ке капниш мајко, ке капниш [пу кирајџии питајне [дали сте вишле мојот син [– видеме бабо, видеме [крај Црно Море сидеше [су шарен кавал свиреше* [БВ,215]; ~ *змија покрај ходи, мома и се моли [пушти мене змијо дома да си ида [моите девет брата се́ кавали правјат [ала с тех не свират, мене жива жал'ат* [БД,70]; и: **кăвал** ~ *српăт си јуставих [тебе да заслушам [која песна пејаш [и јас да ја пејам... [нă кăвал да свирја* [БД, 147]; во Воденско: **кавул**.

каварџик adj, indecl. 'кадрав, завиткан' [V,PM,369].

кавга (и: **кавга́**) f **1.** 'нервозна расправија меѓу луѓе што немаат меѓусебна почит' ~ *отидоха на чешмата царски л'уди, да напујат царските кони, му вел'ат: "бегај дете, да пијат коните вода". Детенто не бегаши; чинили една кавга тамо сос детенто царцките л'уди, извадили сабите, да гу заколат* [V,PM,369]; **2.** 'судрување на војски од различни држави, војна' ~ *и калеку през друг пăт отиде на валтата, си пусна бăрза кон'а и вјахнува на кривото муле та си хожда ошти на кавгата* [V,PM, 160]; ~ *тихиса един пăнт да гу викат на кавга, да са бијсос друг цар; кату чу тој, млого са оплаши и гу беши страх, как да пои на кавгата* [V,PM,210]; **3.** изр.: **кавга фатиле** (= влегле во конфликт) ~ *греови имам милна дружина [Велигден ки правам с мојата мајка [она ми кажа да га заколам [*

зошто си они кавга фатиле [БК, 70]; **кавга се прави** (= се војува) ~ *тýрскăта вójска и-зăгрăдú тáм. Пучнá стрăжéние, кáвга дă-се прáви, дă се-бúјат и тăрчат вójските. Апустóл вујвóда гузăгрăдúме* [В,ЕВ,298].

кавгаџиа m 'човек што лесно се лути и се кара со луѓето' [V,PM,369].

кавпилăк m 'неморално однесување на жена, неверство' ~ *иднá жéна а фатúле кăт чинăла кавпилăк; и а кладéле на нéа уфстрéт* [MV,K, 316].

кавра́к 1. m 'вид свилена шамија' ~ *купри́нна шăмúја зă зăбрáдувне. Ус кăврáко нé сă зăбрáдувăт ýште, сáмо кóста. Жéнте кăврáко гу нóсат кá сă прăмéнувăт* [ПК,2(63)]; ~ *дунсéа дупл'áн (мамудúа) и двá стамбóла (алтăјне), пăпýци, чурáпе, кавра́к, едúн за клајнáјне, два, за пукријувáјне* [ИГ,116]; ~ *свéкурут, дéвирут, ќи донéсăт алтăјне, пăпýци, купри́нин кăвра́к, шăмúа, кóлба, сенка, спăлéто* [ИГ,116]; 2. adj, indecl. 'убав, елегантен' ~ *тú Вáно нóсиш сé кăвра́к кудýре... кăвра́к кубúла* [СК,327].

кавран m 'сад во кој се чува вода' ~ *хранили су гу, гледали [давали му ф сахан просу [поили гу с кавран уода* [БД,30]; **кабра́н'** 'дрвена мерка за брашно, личи на решето (но нема дупки), собира 1,5 оки' [MS,s,44]; со блиско значење го констатиравме во селата под Беласица (Струмичко) **кабран** = воденичарски термин, мерка за жито.

кавранче n, dem. од **кавран** ~ *храни гу мајy, гледај гу [давај му саханче просу [давај му кавранче уода* [БД,30].

кавурски adj 'нешто што се однесува на **кавур'** (= немуслиман) ~ *Јано л'о бела Бăлгарко [распл'ати Јано, распл'ати [кавурски једри пличонки [јопл'ати Јано, јопл'ати [кадăнски дребни пличонки* [БД,152]; и: **каурски** ~ *седи си мајо слободна [каурска пушка ни рани [каурско ноже ни сјаче [оште си Џемо говори [ето го Јордан кат иде [заметнал пушка берданка [припасал колан фишеци* [БД,160].

кавăрмá f 1. 'запршка со кромид, брашно и црвен пипер, се става во гравот и др. јадења'; 2. 'јадење од пржен прас со свинско месо' [ПК, 2(57)].

кад* m 'дим' (в. **кадéш**) ~ *вúа дéка ки вúдити сúн дúм, чéрни кáдови, царвéн плáмин, тáмо да дóјдити... фрéт ги изгорјá и, кату горјáха, от них излéваши сúн дúм, чéрни кáдови,* [V,PM,140]; (чл. **кадó**) [MS,s,48]; ~ *запали голем вогин, нетре на вогинот беши турнал тимјан и осокот. И от млогото кад кадот отиде дур на џăрăн бога. На џăрăн бога забот гу и бол'ал, от кадот са беши оздравјал* [V,PM, 229].

кáде impf 1. кога нешто запалено пушта чад, чади' ~ *нóго кáде, сáк сă-истрéсе тáа кýрсúита*; ~ *баџáта кáде* [СК,327]; ~ *нема да ходиш сутрина рано [свјашти да палиш, тимјан да кадиш [збогум, прошта-вај мила нивесту [јаска утивам на далечин пăт* [БД,176]; 2. 'пуши цигари' ~ *áј гу úма двáјс гудúни кá о кáдум* [ПК,2(50)].

кадемлиа adj 'среќен, тој што носи добри вести' ~ *говори: "е, здрави, добр'а ви најдох, свато, да са здрави и живи, да му и чистито! хајрли и кадемли да бидат"* [V,PM, 245].

кад'é (и: **кад**) 1. adv ~ *кад'é хóж'даш'?* (= каде одиш?); ~ *пуштих два-троица мина от вечерта: "А да оти да ги најдите, они сега*

варат месо, кад ки бадат, ки ги најдите " [МС(В),91]; сп. **д'е́**, **канд'а́**, **канди́**, **канду́** [MS,s,44]; и: **кад** ~ *кад са́а? Ку́ зна́, каква́ кури́а е пуштини́а* [ИГ,102]; ~ *каде о́диш, мури лу́до! [каде о́диш во́ја вре́ме?* [МЕ(Р),99]. Заб.: интересна употреба на безпредлошка конструкција (*каде о́диш во́ја вре́ме?* место: *во* ова време); **2.** ргаер'накај' (насока на глаголското дејство) ~ *гимиции́ата пусна една́ ша́јка каде́ не́гу, сос ва́жи га ва́рза́* [V,PM,24]; ~ *ве́ли зе́тјут на ца́рјут: дја́до ца́рју, зашто́ си кату разиде́н тс не ми врја́виш? Тога́с ца́рјут му вели́ на́ зе́т му: "мло́го разиде́н сам каде́ те́бика* [V,PM,115]; ~ *вратејке, вратејке, пак излезе на друмот, идејке каде д'атенто саја кату пезадром* [V,PM,155]; и: **ка́д(а)** ~ *оти он имаше нает пишин да ода на јдно руско село кад и ден му другар...* ~ *там да пуседа тро* [МЕ(Р),67]; ~ *Постол се наогја на иден рид шо јаваш-јаваш се чина по нисук ут када селто* [МЕ(Р),70]; односно **ка́ди** 'кај, до' ~ *н'икна́ до́л, фати́ да расте́ идна́ власти́нка, ка́ди ѓо́лот, пуле́ка пуле́ка нара́сна, ти́ди ута́так ѓо́лот* [ВБ,344].

кад'е́н adj 'исчаден' (= потемнет од чад); сп. **искад'е́н** [MS,s,44].

кад'е́на f 'ланче на кое има нанижено златни пари, обично ги носат девојките' [MS,s,44].

каде́ш* m 'мешавина од гасови и прав од саѓи што се изделуваат при горење – дим' ~ *тјанака познала, ча за носо и така вревиши гостут, и заедноч му дала каршила́к, му вели: "ај господине, уако е крив, но кадешут изл'ава праве"* [V,PM, 54]; и: **ка́де́ш*** ~ *зи́да́но на́д уако* (зн. над огништето), *де́ка́ о́де ка́де́жо* [ПД(119)].

кадешница f 'специјална метална (сребрена) направа во која се става запален темјан и се прекадува' (црковен реквизит) ~ *на тиа празници... кол'ат корбани, се́ овни, не друг добитук... увенот за го дражи един на ранката, за езми домакинот на една кадешница за кладе вогин и тимјан, за го прикади около три па́нтја* [V,PM,251] – во текстот имаме случај на уште една нерегуларна употреба на предлогот **на** наместо **со**: *увенот за го дражи един на ранката.*

кадиа (и: **кадија**)* m 'судија во турскиот период' ~ *кадиата му вели на троицата: "излезејте вунк, и јазе да скрием едно њашто, дали ки можите да познаите!"* [V,PM. 12]; ~ *си ути́ди парапуни́сану д'а́т'ату, ути́ди да си ка́ж'и ха́лу на кади́јата* [MS,t,54]... *л'у за до́ј да т'а упа́да... ја́са́ кади́ја, ја́з за т'а курталисам т'е́б'а* [MS,t,56]; сп. vok. **кади** ~ *на кади́ата и му ве́ли: "кади ефе́нди, ја́зе ... по кра́ј море́ту и гу најде́х това́ чове́к та́мо, и ми каза́ си́чко, што истрада́л от ти́а ифаирии́е* [V,PM.9].

кадијка* f 'жена на кадија' (= судија во турскиот период) ~ *кади́ата напа́лна́ каза́н сос во́да, гу кладе́ до не́гу, седна́л со́с кади́јката му. Барли́вој фати да сви́ри, фати кади́ата сос кадииката да игра́јат* [V,PM.127].

кади́иски adj 'она што му припаѓа на кадијата' ~ *ету дојде́ кади́јски чове́к, му ве́ли: "ај Кулуф, не гле́даш ли, ча угреа́ сла́нцето, да изле́зиш от удајата, спроти пазарла́кот"* [V,PM,11]; ~ *тој ве́ли на кади́јски чове́к: "на ме́ника, бра́те, не ми тре́бува́т алта́ни; же́на ми требуваши"* [V,PM,11].

кадијче n, dem. од **кадиа** ~ *кадијче младу фил'дијче [ти се молиме тебика [три села прајме давија [од тој ми сирак Стојана [он ни пол'уби момите [и тија калеш нивести* [БВ,196].

кадилук m 'судска административна единица во турскиот период, каде што управува (суди) кадија' ~ *Тја му искала нова кадилук, от де тја била... и двесте души ојскă, да јă отведат ду градо хи. Царс благодарно приел това хи прошение и хи дал ферман, штото нова кадилук да је нихин* [V,PM,282].

кадиов* adj 'нешто што му припаѓа на кадијата' ~ *тогас Мус отиде, товари казанот сос алтуните на дно муле, ги донесе на кадиов кунак, му а даде на ониа трите ум ѫвитни л'уди* [V,PM,182].

кадифе́ n 'вид светликава ткаенина' [MS,s,44]; во примерот што следува се јавува како атрибут (наместо 'кадифен') ~ *ни фустанче сакам, ни тебе те сакам [те нејќам Јане, те нејќам [– јаска ки ти купам кадифе пригачче [зевај ме јагне, зевај ме* [БВ,253]; има и др. случаи во кои именки (според турски образец) вршат функција на придавска определба – за ова поопширно во граматичкиот дел.

кадро́суве (се) impf 'се фотографира' [ПК,2(50)].

ка́дру* n 'фотографија' ~ *р'е́ч'и: "ми́лата сфи̇та́ Бугурди́ца! у гура́та т'а́ еѝд'ах и ка́друту ти гу сӑ кла́ли на кла́јанцу"* ; и: **ка́дро**: ~ *да му кажиш на твој сина магаре-шка глава, ако можи на небето, што звезда има, сос слӑнчето и сос месечината, да га изв ри на едно кадро... и пак, што има на земјата дӑрва, кӑтки цвете и друго нешто, да ги извади на едно кадро* [V,PM,88,89]; сп. изр. **испа́днин нӑ-ка́дро** (= фотографиран) [ПК,2(50)]; сп. **фо́туграфч'и́ја** [MS,t,25].

кадăнфа́тм'а f (сп. **кадăна** = жена на Турчин) ~ *гу з'е́, гу закара́ на кадăнфа́тм'а, да гу клад'е́ на пиш'та́* [MS,t,51].

кадăнски adj 'нешто што се однесува на **кадăна**' ~ *Јано л'о бела Бăлгарко [распл'ати Јано, распл'ати [кавурски једри пличонки [јопл'ати Јано, јопл'ати [кадăнски дребни пличонки* [БД,152].

кадăр adj (indecl.) **1.** 'способен' [MS,s, 44]; ~ *му ве́ли: "а бре́ ти́нака не си кадăр сам се́бе си да хра́ниш, а́ми как ке да хра́ниш таква́ една́ же́на бео́фка?"* [V,PM.12]; ~ *ако сакăш дă си гу платиш борѫут он ки тă извадă бурчлијă повикјă ут колку си кăдăр дă платиш* [ME(P), 88]; ~ *му вели: "ету колај, ѫарју, јазе да ти кажа: кумшиата твој, што седи покрај тебе, кадăр је тој, да ти ја донесе дур тука"* [V,PM.210]; **2.** 'дораснат' ~ *иди да му кажиш, ча ошти не е кадăр тојнака ѫар да дочака аф кăштата му* [V,PM,36].

каже (и: **ка́ж'и**) pf **1.** 'соопшти нешто со зборови, рече' ~ *мајка му му вели; "иди на ахăр'ут! Има таму едно жр'апче от едно време, татку ти гу беши оставил, тој ке да ти кажи!"* [V,PM.215]; ~ *и му вили́ стра́тигóту на инса́нут: ко́гу зна́ј га́ч'ица да ка́ж'и?* [MS,t,73]; ~ *"да му сто́р'ѧ ина́ го́зба за да ка́зуват такфе́с ра́бути, ш'ту и́ма сто́рину с'а́кутри, за да ка́ж'и и д'ăт'ѧту"* [MS,t,12]; **2.** 'покаже, упати' ~ *и она отиде да му вели на ѫарјут: "тате, да дојди и калек да тја види, белки ки има подин л'ак да ти кажи"* [V,PM,161]; ~ *ре́кăл: "ди́-л'ми са́кте че́до, ки-ви-да́ам по една јабу́лка, куту ва́а шо тă а кăжу́вум"*

[ИГ,109]; ~ *тојнака му вели: "не сакам да ми отнесиш дур тамука, стига да ми кажиш сокакут, јазе типăра сам утивам"* [V,PM,34]; **3.** 'се пожали' ~ *но ки ѝдат или на кадѝата, ѝли на хо́ата да ка́жат* [V,PM,10]; **4.** 'пријави' ~ *му вели: "брате, на владиката му са загуби-ха толку карагроши, хем има на нас двата шубе, и аку не кажими карагрошите, ке да ни ашореса"* [V,PM,39]; **5.** 'посочи' (нешто) ~ *влезе́ не́три, си најде́ си́чките де́лви пăлни алтăни, кату ка́к му ги каза́ напре́т бога́тиот* [V,PM,18]; **6.** 'запее' ~ *ка́жи а́дна пе́сна* [ПК(Гр)]; **7.** 'претскаже' ~ *сто́ј дă-ви́дум ва: ве́чăр шо ки-до́јдăт, нă та: мо́ма шо ки ка́жăт* (= каква судбина ќе ѝ претскажат); **8.** – **(сă)** 'се покаже, се појави' ~ *ка́ж-сă на ба́лко́нут дă-т пи́тум не́шту* [ПК(Мут)]; **9.** – **(сă)** 'се спомене' ~ *од них мадав имă ошă идно нешто сакă да сă кажă, а то је ăнгăријтă* [ME(P), 89]; **10.** – **(си)** 'си помисли' ~ *на та́а гла́вта пиша́ло: "чти́рсăт ду́ши ки загѝнăт ут ва́а гла́ва". И во́а де́тто си кăжа́ло: шо ки загѝнăт уд не́а чти́рсăт ду́ши ка: изго́рум* [ИГ,111]; ~ *не и да кажи и нога или глава – киликатно нешто е* (станува збор за окото дека е "нешто деликатно", односно *киликатно* како што вика стариот овчар од солунското село Ватилак); **11.** изр.: **и го́рно и до́лно си кăжа́а** (= се навредија многу) ~ *шо́-ќ си-гуво́рăт, сă-л'у́тат, и го́рно и до́лно си кăжа́а* [ПК,2(166)]; **ка́ж-ми дă-т ка́жум** (= не сум паметен што да ти одговорам) ~ *шо́ не́ сă-мăже та́а тво́јта ште́рка? – Е, ка́ж-ми, дă-ти ка́жум* [ПК,2(169)].

кажувајне n **1.**'она што се зборува, зборување'; и: **ка́зува́ни** ~ *му вили́: иксѝќ да б'ăш'и и гăската, тузѝ, ш'ту гу па́т'ах јас, н'ăј за ка́зува́ни!*[MS,t,57]; ~ *га викна: "ела тука, попадика! Што тераш?" "Ох, царју, јазе што терам, не е за кажувани"* [V,PM,88]; **2.** изр.: **не су кажувајне** (= не може да се опише со зборови) ~ *кога сеал, кога работил, вел'ал: "На Богувто име и на дедувто касмет!" Ту си рудила една седба, не су кажувајне* [V,PM,267].

кажувѝтин adj 'тој што пророкува' ~ *на Сфе́тиц Та́тко на́ш... кажувѝтин* [MV,K,298].

каза f 'област, административна единица во турската држава' ~ *ги дадела на занајат [да се учат занатчији [занатчији баш терзии [си јучили најучили [и тргнали по селата [по селата, по казата* [БК,94]; и: **каазá** ~ *и они ти́даа на една́ чу́зда каазá, фати́а еди́н сирома́х чове́к от ни́вата* [V,PM,27].

ка́за pf **1.** 'рече' (в. **каж'и**) ~ *на ж'ина́таму хич' и ни ка́за* [MS,t,70]; ~ *си гу кла́ди у пи́ч'ката, да ја згури́, ш'у ка́за, о́ти ја иба́ дирминџ'и́јата* [MS,t,78]; **2.** – **сă** 'отиде на преглед' (кај лекар) ~ *и как ути́дух, сă ка́зах на иди́н икимџ'и́ја* [MS,t,3]. **3.** – **сă** 'се претстави' ~ *н'ăм сă ка́за* 'се претстави како нем' [MS,t,15,29].

каза́лка f 'стебло од пченка'; сп. **бастарăк** [MS,s,49].

казан (и: **казăн'**) m **1.**'голем бакарен сад, поголем од **ха́ркума'** [MS,s,49]; ~ *напкун ја зави у рогозини и тури Илиевата глава врăз неја и тури един казан смола и га запали* [MC(B),97]; ~ *"то́с ве́ч'ер за му ту́рними варе́на о́да!" ... вари́ха иди́н гул'а́м каза́н' о́да* [MS,t,75]; ~ *за субира́т лајна́ ут кра́ват'а, за ха клада́т у каза́н', за ту́рнат*

óда нѐтр'ạ у казáн'ут [MS,t,66]; **2.** 'специјален бакарен сад за варење ракија' ~ *цѝпур'éту ш'ту устáнуват ... ги звáж'дами ... и утѝвами на ракиц'ѝјскију казáн'*; ~ *нóс, ш'ту гу звáд'ạхми за пикмéс гу лáвами у казáниту, гу фѐрл'ами и пéп'ạл н'éтр'ạ* [MS,t,4]; **3.** Освен тоа се јавува и со значење на: содржината што се наоѓа во казанот; сп. ~ *ги тýрнувáми у казáн'у, ги вулóсувáми сѐс капáјќу и запáл'увáми вóгн'у и варѝ казáн'у* [MS,x,4].

казанди́са pf 'зема, добие ~ *А лéксандрóту, кугá умр'ѐ тáтку-му стáна цáр' тóј и ја казанди́са ш'ѝ·ч'ката з'éм'а* (= ја доои сета земја) [MS,t,59]; ~ *вéли на нéгу: Афéндо, пéт карагрóшови ми сѐ дáл, éту дрýзи пéт карагрóшови казандисáх су нѝх* [MV,K,271]; ~ *"тинака колку да си мѐчиш, не можиш от това повики да артирисаш. Туку требува ката година да си идиш на вилеетут. Колку си казандисал, сос толку да си идиш!"* [V,PM,87].

казди́са pf (в. **каздисува**) ~ *и тóј каздѝса и му клáди фармáјќ на винóто за да пѝј* [MS,t,60]; ~ *прумина́ идѝн Фрѐнк, му вилѝ на Тýрч'ину ќелкóр! Тýрч'ину каздѝса, му вилѝ "сéнкóр!"* [MS,t,54]; и: **кѐздисе*** 'се разбесни' ~ *кѐздисáх вѝки гáаре* [ПК,2(63)].

казди́сан adj 'налутен' ~ *с'éдна на суфрáта пáк каздѝсан и тóј билизнóјут-му аратлѝк му дс́ва вѝно сѐс фармáјќ* [MS,t,60].

казди́сува impf 'се лути, се нервира' ~ *напóсл'ат имáш'и инá ж'éна дитѝн'а, ут стрáха сѐ удбѝва и т'á; каздѝсува ман'ц'ó-и, гу грáмнува и тóј* [MS,t,56]; сп. **каздѝсува** [MS,s,49].

казма f 'земјоделска алатка за копање дупки во земјата' ~ *тогај детето отишел на царјут, му и рекла: "царју, да ми дадеш 40 камили, товарени вину, и 40 казми и 40 човеци!"* [V,PM,171] – уште еден случај на нарушена конгруенција: субјектот во ср. род, а предикатот (л-формата) во ж. род *(детето ... му и рекла)*; во Воденско според Будишевска: = голем чекан (веројатно станува збор за превид) [BV,83].

казмир m 'волнен материјал со убав изглед' [BV,82].

казува* impf **1.** (в. **каза, каже**) ~ *им вéли сос зáтресна глáс и сóс расѝпано óбраз: "господáри, динéска ви приказýвам и казýвам прет вáс, ча тóс сиромáх нéма н'áкој кабаáт!"* [V,PM,28]; ~ *алá ни ж'инáта му казýва ... ч'а кш'éнудóхину и-ị мѐнч' нѝту кш'éнудóхину му вилѝ ... ч'ạ нáс ми-ị ж'éна* [MS,t,12]; и: **кạжýве*** ~ *кату оплашен му вели: "варај, господине владика, што и това што ми кажуваш?"* [V,PM,39]; ~ *тạкá сѐ-кạжýве нѐ-нéкаа жéна шó нé-ј кѐштóвница, шó óде ус-мѐже* [ПК,2(191)]; **2.** 'покажува нешто' ~ *му утфáра пóртата и гу пѝта: "ш'тó бркаш'?" Ја кáзува фóтуграфѝјата: "н'ѐ-си ти?" т'á вилѝ: "јасѐ"* [MS,x,10]; ~ *и тјáнака кату жéна са исмáми, га извадѝ от сандѐкот. óнáја кутѝјка и га кáзува нá хентрава и: "ету, мáри сéстру, сос тáја кутѝјка сѝчку добѝхми!"* [V,PM,149]; ~ *сиромáхот му вéли на трагóвецат: "ај гиди трагóвец, господáр мој" – му казýва брáтувата му кѐшта – "ету глéдаш онáја кѐшта, што је кату цáрски конак крáсна?"* [V,PM,13]; **3.** 'означува, потврдува' ~ *лѐкѐрдијѐтѐ "блату" ј токму су турцкѐтѐ "ѓолј" и кѐжувѐ зѐ ногу месту пукриено...*

су вода [МЕ(Р),80]; ~ *имиту "Слајнца", сувите сулени бари и тревите, шо и велјат сулило кажуват оти идно време полјп о било мора* [МЕ(Р),76]; **4.** 'пренесува, соопштува' ~ *зă сé шо сă имă ричену, гирек нă цăрквă, гирек на анут или неѓин нă другу месту, субăшувите пријатил'ă му кăжувăт нă негу* [МЕ(Р),91]; **5.** – **(си)** 'се претставува' ~ *стăнýве ут тáм, к'инúсăве, óде уф ѧднó сéло. Сă кăжýве бис тáтко, биз мáјка* [ИГ, 14]; ~ *пак от таму киниса, нататак отиде, најде на пăтју един цар. Царјут е бил мома, ама не си кажуваши* [V,PM,99]; **6.** – **(са)** 'изгледа' ~ *фил'у – тој е добитак, кату малка камила; кожата му е лăскава кату златна са кажува* [V,PM,47]; **7.** изр.: **не си кажува сăрцетс** (= не зборува за своите работи, ги држи во тајност) ~ *тојнака е будала, барлиф, сака да кажи на жената му сăрцето му; јазика имам четириси жени, ама на никоја не си кажувам сăрцето ми* [V,PM,82].

каик (и: **кајúк**) m 'направа за движење по вода, чун' ~ *усред ѓол'от имаше една нисија, ... и овците зимаха кад нисијата. Ка загинаха они и ни зимахме и един каик рибăрски, му најдохме тракта* [МС(В),81]; ~ *дојдох крај Вардар, викнах, дојде каикот и заминах овците на една нисиа* [МС(В),87]; [MS,s,45 .

каикчиа* m 'сопственик на каик, односно тој што го управува каикот' ~ *зимахме и един каик рибăрски, му најдохме тракта... напкун дојдоха и каикчиите. Сă карахми. Они викат: "Залудо зехте каикот!"* [МС (В),82].

каил' adj, indecl. **1.** 'согласен' *и нăкóрво дéте дă-рóде ќи-сă-рăдýве, ќе-ј каúл', тáа шо нé-ј ѓудúла* [ПК,2(152)]; ~ *Стојан си тихо продума:[– Ти не си каил да гледаш [да гледаш мајко две млади [туку си каил два гроба [два гроба мајко да редиш* [БК,68]; **2.** изр. – особено честа е синтагмата: **чини каил** (= се согласи): ~ *"На ти една грăст!" Тоги, куту му тикнало на човекут, са чинил каил да земе толко пари, да да даде јајцата* [V,PM,274]; ~ *човекут нај-пешин не сакал да а заколе. Чифутинут му таксал пари. Напкум човекут са чинил каил, а заклал* [V,PM,274]; **гу чиних каил** (го убедив, го натерав да се согласи) ~ *му вéли; "брáте Панóл, јáзе гу чинúх каúл на цáрјут да ти дáди мóмата му: хéм ýтри úмами свáдба"* [V,PM,140]; **каил се стори** (= се погрижи за нешто) ~ *дејгиди луди, млади години [летнавте како сиви галаби [паднавте во момини дворови [легнавте на момини скутови [за мене каил не се сторивте* [БВ,275].

каинчо n, dem. од **каин** 'роднинско име – на жената брат, шура' ~ *назат, назат чузди јунак [мои брата јокрај гледа! – Л'ако гледа, нека гледа [на теб брата мен каинчо* [БД,120]; исто и **каинче** ~ *така фатиха, каул чиниха сос царјувото дете, негово каинче: ако познаи царјувото дете, што пиши на кипарисут, пак да ја везми сестра му nasat* [V,PM,198].

кај adv 'каде' (во индиректни прашања) ~ *кај ки најдох, на која арна нива одих, и пуштах овците нăтри* [МС (В),92]; ~ *и киниса крајта ѓол'от, и друзите станаха и кинисаха с неј, ... напкун нија гледахме сеир, кај ки одат – од двете страни вода, само борунот е сухо* [МС(В),81].

кајá f 'скала' [MS,s,45].

кајама́ти impf 'жали' (?) ~ *гу вид'а ш'ту спи́; кајама́ти да гу разбу́ди* [MS,t,17].

кајамет (и: **кајамѐт**) m 'чудесија, нешто за чудење (во случајот поради дебелината)' ~ *му вели: "старчу, да ти питам, дур кога можиш да га сечиш таја бука?" Ча буката беши за чудо дибела един кајамет* [V,PM,83]; adv 'многу, множество од нешто' ~ *кајмѐт драва́* (= многу дрва); *кајмѐт пăнт'а* (= многу пати, често); ~ *ско́ро ко-иско́пе, ви́а кајмѐт сте* (= многу народ сте, бргу ќе завршите со копањето) [ПК, 2(63)]; сп. *кајмети́ло* (голем број од нешто) [MS,s,45].

кајгана f 'јадење од пржени јајца' [BV,72].

кајдиа f 'свирка, песна, мелодија' ~ *му ве́ли: "а бе ширланџи́а, да́ј ми една́ пара́ да ти чи́нам една́ кајдиа сос свирката ми"* [V,PM,126]; ~ *кату виде така гранчаринот, ча зјан чини толко стока, му вели на лудојут да папса, да не свири. Тој му вел'аши – ошти не дсврăши кајдиата му* [V,PM,230].

кајди́сува* impf (= се решава; сп. **кајдиса**) [MS,t,14]; ~ *това владика беши млогу ... сребро́л'убец: не кајдисуваши на некој да даде една пара* [V,PM,37].

кајма́ f 'месо ситно исечено, направено на парчиња' (пр. за ќофтиња) [ПК (Гр)].

кајма́к m 1.'кората што се фаќа на варено (или кисело) млеко' ~ *кога бех дети, порастнах с млеко, кајмак и масло* [MC(B),77]; ~ *ка́к ви́дѐ така́, жрја́пчето фати́ да ви́ка: "о́х ма́јко, то́лко кăјма́к са чи́ни ма́јка на чѐдото!"* [V,PM,1.3]; во случајот што следува: "кора се фатило" од стоење, од прашина на вода ~ *три години са сакахме [три месеци невидени [само еднаш на чешмата [сланцето там нѐ зајдело [водата ја кајмак фати* [БВ,210]; 2. fig.'она што претставува врвен квалитет' ~ *гу-збра́ кăјма́ко и с-уддѐ* [ПК(Гр)].

кајмака́м m 'управител околиски' [СК, 327]; ~ *ја елајте долу јас да ве упитам [зошто испуштите сиромашки седби [не си ти падарот назе да не судиш [ја не сум падарин, туку сам кајмакам* [БВ, 95]; и: **кајмакан** ~ *црква да запалиш бре бај Постоле [црква да запалиш да не нѐ разделиш [што Апостол беше стара ле мајко [што А постол беше, а што кајмакан* [БВ, 138].

кајмѐнт (и: **ка(ј)мѐнију**) adj 'несреќен, сиромав' [MS,s,45].

кајмо́ n 'мака, несреќа' ~ *сид'ă ина́ фо́тографи́ја и з'е́ и до́јди дума́, сă разбул'а́ ут нузи́ кајмо́* [MS,t,9].

кајник (и: **кајнăк**) m 'извор со чиста вода (погодна за пиење)' [ПД(129)]; [ПК,2(57)].

кајну adv 'каде' ~ *мар вранцице, вранцице [кајну си ми л'атјăлă?[– Л'атјăла сăм, л'атјăла [по букууи корење* [БД,26].

кајнăш m, bot. ~ (вид) *трѐва, ра́сте висо́ко, ли́стто-и́ сѐчат, а́к ги тѐглиш. Сто́кта а́к гă-ја́де но́го, сă-изду́ве, уми́ре* [ПК,2(57)].

кајса́ f 'врвка со која се стегаат **царву́л'а-та**' (= опинците) [MS,s,45].

как I. conj 1.'кога' (временски) ~ *и вили́ ... : "ни фарл'о́вам на дăнуту, за фăрл'а на стрид'а́ !" т'е́ как ч'у́ха, л'е́гнаха на дăнуту* [MS,t,69]; ~ *им рече на хизмиќарите: "как ки идити на пăтјут, да земити конски мухи, да им кладети на мăлитата, за да ходат по-скору"* [V,PM,49]; ~ *му ве́ли на ца́р'у: "а́ми ца́р'у, о́ни как ки ти ви́дат тѐбика,*

не́ма да чи́нат кату сношти ѝимбиш, зашто ки га и стрѝм" [V, PM,10]; **2.** 'штом' ~ *и как а чистих хубаво на жената, отивам на мăжот: "хајде стани си, оди на работа, твојта жена оздраве"* [MC (B),87]; **3.** 'дека, оти' ~ *му вели́: "така́ не би́ва, господи́не, ами́ и́ди да дока́раш де́сет хил'а́ди гро́ша не́ј та да зна́јми, ка́к му́ ѝлак га купи кӑштата"* [V,PM,18]; **4.** 'бидејќи' ~ *гу кла́ј на ду́пката ш'иш'е́ту, как иш'т'ӑш'и да хри́пни на го́р'ạ за да гу та́са* [MS,t,50]; ~ *кажа на сејмените по грăцки, да го забикол'ат; ... сејмените, как знаеха гăрцки, го забиколија и го зăрѕиха* [MC(B),74]; ~ *напкун как имах овци пуштено там на Куритин да пасат, напкун вел'ам на Киро: "јаз си сакам овците,..."* [MC(B),86]; **5.** 'додека' ~ *как б'ӑгаш'и пу сука́ку, ви́д'ạ ина́ по́рта утво́рина* [MS,t,56]; **6.** 'што' ~ *и така́ Де́дала́та сӑ чу́диш'и, ка́к да сто́ри, за да си по́ј на патри́дата* [MS,t,58]; ~ *"ч'а́кај ма́литу, и́скрај сӑ чу́к да по́м до́л тридафилу да ви́ш' как за рич'е́ пи́л'ạту"* [MS,t,52]; **II** adv **1.** 'како' *а.* (во директни прашања) ~ *ми рече: "Сега, што си млад, не можиш да ги јадиш, ам как ки остариш, как ки ги јадиш?"* [MC(B),75]; *б.* (во индиректни прашања) ~ *му вили́ на н'е́гу: "по́т' ма́јч'ин-ти! ... ч'ạ з'е́нт'у спи́ о́ш'ти; ка́к да гу разбуди́ми"* [MS,t,17]; ~ *ка́к да си пока́жи заедно́ч бога́т, чини таква́ една́ дипло́ма́тика: каза́, ча и́ма бра́т на Ста́мбол* [V,PM.21]; ~ *нӑј ... пи́јăми идна́ нид'а́л'а, то́ј как ја спи́ за идно́ш'!* [MS,t.74]. **2.** 'каде' ~ *ами кажи ми, господине владика, как га имаши карагрошите и какво това чудо, как си загубиха?* [V,PM,39]; **3.** 'колку' ~ *излези најмалката мома да купи и му вели: "как ги продаваш вретената?"* [V,PM,72]; **4.** изр.: **не́ ви́ки ка́к сум, тук ка́к ки би́дум** (= немој да се занесуваш, т.е. да ја прецену́ваш моменталната позитивна ситуација) ~ *ним сӑ-фа́ли о́ти си ва́адăн а́рăн, туки ми́сли шо мо́же да-т сӑ-де́се у́тре* [ПК,2(180)].

какара́ска f, zool., Pica rustica **1.**'птица со црно-бели перја, со кречлив глас – страчка' ~ *какараска је пиле, којато ката година са мин'ува гн'аздуто* [V,PM,540]; ~ *га вели́: "же́ну, сно́шти засони́х, ча една́ какара́ска на бе́лујут о́л му фл'а́зи от уста́та му та му изл'а́зи от гӑзот"* [V,PM,30] – во илустративниот пример среќаваме несоодветна употреба на предлогот **от** (*му фл'а́зи от уста́та* наместо 'низ устата'), за ова поопширно во граматичкиот дел; ~ *фати́ гу, закла́, гу удера́ оти́де на кру́шата, гу убе́сѝ месо́то. Дојдо́ха га́рки, какара́ски, ви́каха на врӑк кру́шата "кра́, кра́!"* [V,PM,124]; **2.** fig. 'слаба, но подвижна жена' ~ *а́рна су́у кӑкӑра́ска си-зима́л* [ПК,2(63)].

кака́ч'ка* f 'кака (измет) од дете' ~ *му да́ј идна́ смо́кфа, утѝ́ј на ч'и́ш'ката и да́ј о́ш'ти идна́, ути́ј на кака́ч'ката* [MS,t,50]; сп. **гумно́** [MS,s,45].

какија f, bot., Robinia pseudoacacia 'растение од родот на пеперудоцветните, има боцки – багрем' [BV, 72]; во Кукушко: **тӑрӑн** и **синѐел'** (со исто значење).

какфо́ (и: **како́**)* **1.** adj, pron 'каков' ~ *вили́ д'ӑду́ту: "како́ ч'у́до ста́на ту́с?!"* [MS,t,80]; **2.** 'кој' ~ *"д'е́ј мума́та?" – пи́та, "го́р'ạ спи́ сӑс з'е́нт'у". "Какфо́-з'е́нт' ?" – пи́та ч'урбаѝ'ја́та* [MS,t,17]; **3.** 'што' ~ *по́сле оти́де пе́рвиат писа́р да ви́ди, де́тето квво́ пи́ше* [V,PM,152].

како adv (за споредување) ~ *"на м'ен'а ми клади идин трăн, на н'еја, когу знај, пуидин како кол и слади!"* [MS,t,78] – во примерот имаме употреба на формата за директен предмет **когу** (знај) со значење на номинатив 'кој' (знај); прашањето е елаборирано во граматичкиот дел, во партијата за заменките.

как-си (и: **каксиј**) ... израз (adv) 'нешто неочекувано многу, многу силно' ~ *ино д'ăт'ą гу фат'ąха, гу биха, имаха и ино куч'ą гу сха́ркаха какси* [MS,s,45], [MS,t,2].

кал* m 1.'земја и вода измешани' ~ *"аку знајат да доат да в'енат ут тос клајанц ут кало мрăва да да намаж'ат ч'етирт'ăх ку м'анта на купријата ..."* [MS,t,24]; ~ *că вике дек има тресилиште, неко кал, неко дупка, дека гнијало тамка сăто, значи дека прăпажде* [ПД (129)]; ~ *и прави кал ут пл'унката, да му а липи калот уф очите на слеп'от* [MV,K,258] – уште еден случај на необична употреба на предлогот **уф** (=во) кога упатува на површина, а не на внатрешност, наместо предлогот **на** ; прашањето е обработено во граматичкиот дел; ~ *"да знајат они да дојдат от тука, от нирујата да земат малко вода да го умујат, царскиј син оздравјава, и да земат масгориту малко кал да лепјат на водиницата, е биде, си не турнова!"* [V,PM,167]; во Драмско среќаваме интересна множинска форма **калуви** ~ *Гергину млада нивјасту [мар сл'агни порти утуори [чи că Димитар уморил [од длега пăтја врвјаши [дребни камине тептјаши [чести калуви бркјаши!* [БД,60]; **2.** изр.: **устăви гу уф-калта (уф-бăтакут)** (= се понесе нечовечно, го напушти кога му беше многу потребен) [ПК(Мор)].

кал'а f'крепост, висок ѕид од камења' ~ *имаши таму един калкан кал'а ветка. Тил'ал тури да вика: "кој јунак ки изл'ази калканот да гу растури сос стрјалка, негу зет ке да чини, момата му ки га дај"* [V, PM,102]; ~ *кладе тил'ал по сичката му земја да вика да си собрат сичките јунаци, ча царјут чини една кал'а меѓу една вода: кој јунак ке да скокни кал'ата, на негу ке да даде нај-гол'амата му керка* [V,PM, 61].

Кал'а Тепе – највисокиот рид над Нов и Стар Дојран (top.) [ПД(135).

калабалăк m 1.'толпа, множество од луѓе' ~ *и тој, кату излезе един ден заран вăнка, ету гленда един калабалăк да иде каде неговата златна кула и... за да си научи толкос калабилик што сака...* [V,PM,216]; **2.** 'голема количина од нешто (во случајот: вреќи со жито)' ~ *му вели: "добар ден, побратими!" – "Дај ти Бог добро! Добрја дојди. Ади растовари де!" Тој му вели: "не растоварјам тука: калабалăк има. За пода на дол на друга водиница"* [V,PM,202].

калакáнзар m'митолошко суштество, чудовиште' ~ *кугá са стемни́, л'агнаха да-спи́ат. Дујдé калакáнзар и ви́ка: "Трáс, трáс, дęво́јко, ото́ри, ќа та-ја́да, ќа-та-пу́л'а!"* [BC,336].

калáм* (и: **калем**) m **1.** 'парче трска на кое се намотува преѓа' ~ *усăхнува ут слăнциту прéлуту ... и з'éвами руда́н'у и врăтката и калáмиту... и каламúсами* [MS,t,6]; ~ *на един калам го нанижјат, от едната страна на богазиата, сос бела книга прајат един крăст... На каламјут от гори сос едини лимон и две јабилки прајат крăст* [V,PM,248]; ~ *они смукаха є каламот и пл'укаха на рăката и велиха:*

"на, број!" [МС(В),76]; **2.** 'растение што се среќава во мочуриштата, со празна срцевина' (во други говори – трска) ~ *дојдé врјáме, рúбата дéка бéши зарúена, от очúте и знúкнали двé калáми, зáеднóч нáрáснали до сúн'у нéбо... и пак мéѓу нúх збóр чинúха дá утсéчат и онúа дветé калáми* [V,PM,144]; **3. калем** 'перо за пишување' [BV,73]; **4.** fig. 'долгата коска од колеството до стапалото' [ПК(Гр)]; **5.** изр.: **ýдри му кăлéмут** (= направи сметка колку чини) ~ *е, сјáа јадéме, пúме, ýдри му кăлéмут дă-вúдме кóлко-ј* [ПК,2(205)]

каламар m 'молив, писалка' ~ *напкун и му рече на Петре занданжијче: "да ми дадеш бела книга и едно каламар да изписам една молба на Имир Никола"* [МС(В),93].

каламúса* pf 'навитка преѓа' (за основа – за ткаење) ~ *и з'éвами рудáн'у и врăткáта и калáмиту и фáш'тами да каламúсами* [MS,t,6].

Каламита top. 'име на река во Солунско' ~ *оттам напкун кинисах накаде Ватилăк. Една река има Каламита ја вел'ат; покрај та река одејки един черн шеј излизе, кониса по мене* [МС(В),87].

каламóта f, bot. 'трска' [MS,s,46].

каламфир m, bot. 'вид цвеќе' (карамфил ?) ~ *Кал'у мар Калино [шчо си повехнала [като лен за уода [босилек за сјанка [каламфир за слăнце* [БД,122].

Калан top. 'име на локалитет покрај брегот на Езерото (Дојранско), таму има повеќе *лувúшта* (= рибарски колиби)' [КД,65].

калауз m 'човек што има задача да посредува и да организира, посредник' ~ *пет пати пу теп јас дујдех [пусија на теб ти кладех [калаузи верни јас нимах [зар и теб ки те истребих* [БВ,128].

калдисува impf 'кога нешто тешко се стекнува' [BV,73].

калдарăм m 'пат (тротоар) поплочен со камења' [MS,s,46]; **калдăрăм** ~ *гол'áмата рéчи: "áко мóжи дá гу покрúј конáкут сóс еднó плáтно... и пáк áко мóжи да чúни едúн калдăрăм от нéгов конáк дýр нá нáшот от карагрóши, тогáс ки гу зéмам"* [V,PM,130]; ~ *на черно муле, мамо јаздеше [на червен килим сјадеше [руба му јоган, мале, гореше [лико му слăнце грејаше [муле му пиле фăркаше [кăлдрмјато трошаше* [БД,158]; в. **кăлдăрма.**

калеко (и: **калек**) m 'роднинско име – зет (= маж на сестра) или тетин (маж на сестра од мајка)' ~ *фатили пак да проминат јунаци; тогај промина и калеко неприменент, неоружент; на него метнала нај-малката јабалката* [V,PM,159]; ~ *и на пăтју го најдоха, калеко пасиши мулинту на една валта, и кату го фтасаха, му вел'ат: "с здрави калеко"* [V,PM, 160]; ~ *фати да ражи тајчинто вел'ајке: "да не јадеш, калеко, от манџ'ата динеска, оти ки те утрујат с зехир!"* [V,PM,158].

калеков* adj 'нешто што му припаѓа на *калеко*' (= зет) ~ *тогас невестата калекова отиде, на калека му вели: "рече татко ми да земиш кривото муле и два дена по-напрет да кинисаш"* [V,PM,159].

кален adj 'она што е извалкано од кал' ~ *царјут кату чу така, млогу са миракландиса за момата. И таму, дека зборува, ету и дјадоту дојде от воденицата кален, мокар и тој, и кон'ут* [V,PM,55]; сп. **каллија** и **каллив.**

каленчица f, bot. 'име на растение' ~ *изникнала каленчица [над вратата на два друма [поминале дома д-*

одат [кој ке најде една гранка [една гранка каленчица [БК,45].

калéса pf 1. 'покани (некого на гости)' *~ дóјди нид'ăл'ата, ги калéса тáтку-ји на óтбрăтки* [MS,t,15]; *~ твójте сéстри, брé нивéсто [твójте сéстри кулáк мéсат [кулáк мéсат да калéсат* [ME(P),94]; *~ гу калéса гиритлúцкију цáр, за да му стóри идúн кунáјќ* [MS,t,58]; 2. 'повика' *~ ковал хи Турчин, ковал хи [сребăран прстен да носи [калеса Турчин, калеса [дур двестја були кадăни [а триста Турци катлии* [БД,142]; *~ ут дóдека дур на дéка пéнде н'ă устáви ел'фтери и на дéка пéнде м'а калéса на аскéр'у* [MS,t,1].

калéсува impf (в. **калеса**) *~ на ýтринáта стáнува Настрáдин-хóц'а, ги калéсува паш'áта и валúту за да ги густú* [MS,t,54].

кăлеша adj 1.'овца со парче црна волна на главата' (со исто значење: **кăрăбаша** и **мăрка**); 2. fig. *~ ýбува, здрáва, цăрнумýрна жéна* [ПК,2 (64)]; кај Будишевска: **калéш** indecl. 'со црни очи и црни веѓи' [BV,74]; *~ кадијче младу фил'дијче [ти се молиме тебика [три села прајме давија [од тој ми сирак Стујана [он ни пол'уби момите [и тија калеш нивести* [БВ,196]; *~ Рада има девет браќа [јарамии, батакчии [му донесе калеш јовин [викна, тропна на портата* [БВ,36].

калешти* adj (в. **калеш**) *~ бележил јунак, бележил [калешто јагне в трлото [убава мома в селсто [и росна китка в градина* [БК,22].

калешув* adj (в. **калеш**) *~ мор невесто калешова [каде ти је твојто момче [– Ој бре лудо, ти бре младо [мојто момче у чуждина [нилти писмо тој испраќа [нилти него па го има* [БВ,165]; и **калишав*** *~ ој невесто калишава [нимо стои крај реката [река тече матна вода [матна вода јем студена [ќе те смăкне, ќе те крене* [БВ,166].

калимáна* f 'кума' [MS,s,46]; и: **калмана** *~ л'у ми прил'агаша Хрисо [млад стопанин да уодиш [мајшки дечинки да гледаш [кăшчата си да редиш [да срешчаш Хрисо калтата [калтата с калманата* [БД, 42]; *~ взела Јана кошничката [да набере бјало грозде [бјало грозде л'сичино...[ни нăбрала јут нихното [а јотишла јот комшицко* [БД,44].

калимáнка f 1. 'крстеното девојче на кумовите им паѓа: *калимáнка'*; 2. 'буба мара' (zool. Coccinella) [MS, s,46].

калимера 1. (поздрав) 'добар ден'; сп. **дóбруýтру** [MS,s,46]; 2. изр. **рăсипáа кăлимéрта** (= се скараа) *~ тăкá нé сă гувóре, зéм-си лáфо нăsăт, úнăк ќи-рăсúпме кăлимéрта* [ПК,2(164)].

калимерúсува impf 'поздравува' (зборува: **калимéра**, односно **дóбруýтру**) [MS,s,46].

Калин 'м. л. име запишано во Драмско' *~ ја бре дели, дели Калин [шчо ми сјадиш на јондјара [та си чешаш черјан чамбјер [черјан чамбос ду петите* [БД,148].

Калина 'ж. л. име запишано во Драмско' *~ Калино моме хубава [шчу ходиш милно вăз двори [нажалено, намилено? дăли тă мајка карала [ил тă сă братја бедили?* [БД,154]; во Воденско: **Кал'а*** *~ скриј се Кал'о, скриј се лудо ќе помине [тебе ке те виде, дома ќе ни дојде [това ке посака л'утица ракија* [БВ,239].

калинúхта израз (поздрав) 'добра ноќ' *~ и калинúхта си р'éкуха, утúди, си л'éгна* [MS,t,11].

кали́нка f , 1. bot., Punica granatum 'медитеранско овошје' ~ *"с'е́тн'ạ кăк за до́јдиш', за-ти на́пăлн'а ја́с зимби́л'ут пуртука́л'ạ и кали́нка"* [MS,t,86]; ~ *најде́ кали́нки продáват, купи́ една́ кали́нка да га прати́ на ма́јка му пону́да* [V, PM,109]; ~ *ја́зе па́ри не прати́х на ва́с, ту́ку една́ ма́чка и една́ кали́нка* [V,PM,jjJ]; и: **калина** ~ *мома седи на градина [на градина ду калина [уттам, мина лудомладо [на дивојка јодромен'а:[– Пуснах л'уде, терăх тă [терăх тă, не те дават* [БД,12]; **2.** zool. 'инсект со црвени крилца и црни точки – буба мара' [ЛС(К)].

калинуу adj, n 'дрво од **калина** (Punica granatum)' ~ *бре Димитри, бјал Димитри! [подранил ми бјал Димитар [сутрин рано аф едјалје [та си ми тера дăруону, калинуу [калинуу, маслинуу* [БД,67]; и: **калинково*** ~ *што ти лице путимнело [како платно не билено [што уста ти подгорела [како кора калинкова* [БВ,254].

калита́та m 'кум' 'тој што крстил, односно венчал – кум' ~ *калпатана вели: [– "докарајте кола [кола и биволе [невеста да качем" [крцнаха колата [крцнаха, строшиха [ревнаха биволе [ревнаха, пукнаха* [БД,130]; ~ *ошти не беши седнал да почини, ету дујде един негов крештенлик, му вели: "калитати, ти са мол'а да ми дајш твојта кубила да ида на воденица, да мел'а едно кило чиница!"* [V,PM,94]; и: **калитат,** кај Саќов: **кăлитато** [СК, 328]; в. **кăлиман.**

калита́ч'ạ (и: **калита́тлạ**) n 'крстеното дете на кумовите им паѓа: *калита́ч'ạ* или *калита́тлạ'* [MS,s,46].

калишник (го викаат и **белсичко**) m 'ветар што дува од север, најчесто се јавува во месец февруари. Прави многу големи бранови, но тие не се опасни за рибарите; ако дува кога Езерото (Дојранско) е замрзнато тогаш се топи мразот' [КД,63].

калкан m 'висок ѕид (не е дебел)' ~ *имаши таму един калкан кал'а ветка. Тил'ал тури да вика: "кој јунак ки изл'ази калканот да гу растури сос стрјалка, негу зет ке да чини, момата му ки га дај"* [V,PM,102].

калкандилиа m 'јунак, делија, тој што може да прескокне преку *кал'а* (= висок ѕид), односно со удар да го растури' ~ *тил'ал тури да вика: "кој јунак ки изл'ази калканот да гу растури сос стрјалка, негу зет ке да чини, момата му ки га дај!"... Зема стрелата и заедноч гу растури калканот. Тогас са и причул на сичката земја сос имја калкандилиа* [V,PM,102].

калкуд'е́та f 'држач на чорапи' (жартиера) [MS,s,46].

кạллија* adj 'кално' ~ *су во имă ("блато") на нашјут изикј не сă кăжува сăл кăлијă месту* [ME(P), 80].

кạлли́ф adj 'нешто што е извалкано со кал' ~ *кạлли́ф пăт* [ПК(Мут)].

калосури́са pf 'пречека, поздрави' ~ *ути́духа мо́мит'а, гу калосури́саха (цар'у)... и манц'о́-ји си до́јди, гу калосури́са и н'е́гу* [MS,s,35].

калосури́сува impf (в. **калосури́са**) 'поздравува' [MS,s,46].

калпа́к m 1. 'машка капа од кожа' ~ *му вели: "а бре ахмаци хем будали, хич клавам јазе на калпакот пари?"* [V,PM.189]; ~ *тикмилј сăјзгăрчија: и фăрлија везувиту и шарувиту, ријсте, калпаците, алавта буја, изикјут, адетиштата* [ME(P),75]; ~ *кату ги занеси на един тјасин сокак, тамо најде вре-*

мја да му тури една куцулја, да падна просикут на земјата, му падна калпакот на земјата [V,PM, 188]; **2.** 'вид капа што ја носат "**м'éруфци-те**"– учесници на карневалските игри'; **3.** 'гребен на петел' [MS,s,46].

калпéа* f 'нечесна постапка' ~ *аку фáтиш, сúнку, сос пиáнсфо и сос калпéи и сос лошотии, да знáеш óти ки гу изјáдиш имáниту* [V, PM,7].

калтáк m 'седло за коњ' (од кожа) [MS,s,46].

калтатув* adj 'она што му припаѓа на **кал'тата** (= кум)' ~ *калтатана вели [вели утрумоне: "Кумуви, сватуви [зăлви ли, девирјувци [докарајте кон'е [кон'е ли калтатува* [БД,51].

калугер* (и: **калýјер, калýјăр**) m 'православен духовник што живее во манастир' [MS,s,46]; ~ *му вели сиромахот на калугера: "зашто, татку, не вревиш с мене?" Калугеро му отговари: "моја една врева една флурина е"* [V,PM.162]; ~ *калугириту земаха ракиата, пијаха сос детенто, дури веки гу опиха, гу сториха дип ќор ќутук* [V,PM,56]; ~ *царјут дванајси човеци негови ги стори калугери, сос калугерски дрехи ги примени, и ги пусна да ги бăркат* [V,PM,238].

калугерица f **1.**'православна духовничка што живее во манастир' ~ *стани, стани малкај моме [стига си спало [либето што си го л'убиш [ти се армаса [– Ак се армаса, нек се армаса [просто да му је [јас ки јодам Света Гора [калугерица* [БВ,222]; **2.** zool. Vanellus cristatum 'птица, напред зеленоцрвеникава и сјајна, на стомакот и од страните бела, а на секаде на друго место по телото црна. На главата има капулче, а клунот ѝ е кус. На нозете има по три прста' [КД,57].

калугерúчка f, bot., Iris 'цвеќе перуника' [BV,74].

калугерски adj 'нешто што се однесува на **калугер**' ~ *царјут дванајси човеци негови ги стори калугери, сос калугерски дрехи ги примени, и ги пусна да ги бăркат* [V,PM,238].

Калутка 'ж. л. име запишано во Воденско' ~ *оздола иде Калутка [Калутка мома јубава [под гушка подврзана [чичо му дума думаше [Калутке мома јубава* [БВ,274].

калфа m 'помошник во занаетчиска работилница' ~ *терзиата са почуди и на млого гајле влезе за тоа. Тогас му вели тос гнуснојут калфа: "што мајсторе, гајле имаш? дурде сам јазе"... Калфата му вели: "мајстори, јазе за го стор'а тос фустан!"* [V,PM,223].

кáлци pl 'дебели волнени чорапи, дома плетени' [ПК,2(50)]; в. **кăлчуне**.

калч'ăк m 'ситни влакненца (реси) на житниот клас' [MS,s,46].

калăп m **1.** 'одредена форма' ~ *усăхнува хýбав'ą, гу субúрат, гу диплóсуват ... гу прáв'ат инá трýмба за да фáти калăп* [MS,t,8]; ~ *зăрди шо му личă кăлăпут на "блатто" ки сă имă ричену блату* [ME(P),80]; ~ *ангаријата за пăтиштата като коа сă сиче, иако оша живи сăл ув оша полош кăлăп като – пăт-параси;* **2.** 'образец, начин' ~ *Бугарјто повикја сă бăркаа су Гăрците, и сéкуј иднó нéшту гу приправувиа на гăрцки кăлăп* [ME(P),75]; **3.** 'парче сапун, обично од домашно производство' ~ *мојте јочи црни чирјаши... [моите вјажди два златни гајтане [тојте рăки два калăпа бјали [мојте рăки два симидја бјали* [БД,178]; ~ *јоттам шче поминат [луковицки моми [бјали*

кат патки [калăп сапун држат [рăки да си мијат [БД,116]; и: **калуп** *~ три нидели јармасани [јармасани невидени [ти да дојдиш на чешмата [да си зевиш калуп сапун [да измијеш бело лице* [БВ,208]; **4.** 'направена дрвена форма за изработка на цигли' [MS,s,46]; **5.** 'парче дрво направено во форма на чевел, го користат кондураџиите при изработка на чевли' [ПК(М)] **6.** изр.: **а́рно тă-тури́ли нă-кăлăп,** *(нă-мо́јш дă-сă-мрăдниш)* (= сериозно те притиснале) [ПК,2(184)].

калăч'ка* f **1.** 'специјален нож со острила од двете страни, сабја' *~ но́з бо́лин Дујич'и́н и р'е́ч'и на с'е́тра му да по́ј на димирџ'и́јата, да му нато́ч'и калăч'ката* [MS,t,51]; *~ нија не сакаме от бегот, нија саками от царот или место за нас да живејми, ил калăчка сега туа да ни сечи* [MC(B),89]; и: *~ рăбојтăте сă минијă: му сă зе пусатут (немă изим дă носăт пушки и кăлăчки а ками и револјă пăк дистур)* [ME(P),88]; **2.** fig. 'кога нешто стои настрана' *~ ни́м се́ди нă-кăлăчка, и́справ-се, и́ма ме́сто, се́дни а́рно* [ПК,2(63)]; в. **кăлăч.**

ка́м adv 'каде' *~ папучи́ата му вели́: "абе́ ка́м гу бра́т-и, не до́јди?"* [V, PM,19]. Сп. *~ ка́м де́-ј кут ка́ ви́киш, чу́л-те го́спо!* (= би сакал да биде како што зборуваш...) [ПК, 2(211)].

ка́ма но́ш' f 'нож со острило од двете страни' *~ но́ш' у-дв'ă стра́ни ш'ту сич'е́* [MS,s,46].

кама́ра f **1.** 'специјална длабнатина во ѕидот од кујната, таму се чува кафето, шеќерот, ѓезвето'; во примеров што следува конкретно: 'длабнатина во ѕидана чешма' *~ "ми́лата сфита́ Бугурди́ца, ш'ту п'ạ ви́д'ạх у гура́та ... и с'ă т'ạ гл'е́дам на врăх кама́рата*** [MS,t,25]. Во **Речникот** на Малецки: 'сенка, стреа **козирка** над чешма' [MS,s,46] (веројатно погрешно сфатено бидејќи **камарата** (отворот) одозгора има испуштено како сенка, па двата поима се измешани – превид); **2.**'дупка во ѕидот, под стреата во "**пичалто**" (= помошна просторија во дворот) во која кокошките носат јајца' [ПК,2(64)]; **3.** 'куп дрва, наредени' *~ адна кạма́ра дăрва изгуре́еме* [ПК(Гр)]; *~ ва́а зи́ма не́ сă пла́шме ут-сту́д, ви́ј ко́лкува кăма́ра дăрва дунце́ме* [ПК, 2(64)].

камарка f, dem. од **камара** *~ там наградила едни сарајă на котри доварето били от голо злато, потонето от сăрче, и на сјакă кăмаркă светил златен свештник* [V,PM,285].

камба́на f 'направа од месинг – големо ѕвоно во црквите, со чукањето на камбаната на верниците им се најавува дека настапува празник, односно дека во населбата некој починал' [ПД(Фур)]; [MS,s,46]; *~ а́ј го, кăмба́нта чу́ке зă-не́кој шо́м сă-скуси́ли де́нуфто* [ПК,2(178)]; *~ "Јој Велини до двја снăхи [мајка ми је змеј л'убила [на мен го је прика дала..." [јошче Вела ни јодрича [зачукаха камбаните [да заведат мома Вела* [БД,68]; *~ твојата мајка песни пеје [а пак мојта солзи леје [теб ти чукат тапаните [а пак мене камбаните* [БМ,113].

камбу́р adj, indecl. **1.** 'грбав – маж (или жена) со грпка' [MS,s,46]; и: **камбу́ра** *~ фарли́ камбу́ра* (= стана грбав, *сă камбуре́сува)* [MS,s,46] *~ кути кăмбу́р о́диш* – ако е поднаведнат [ПД(134)]; **2.** 'специјално дрво, извиткано (како со грпка) го користат шивачите за пеглање' [ПД(134)].

камена adj, f 'нешто направено од камен' ~ *стани Боно стани, на вода да одме [ја одете сестри мене не чекајте [мене не ме пуште камена свекрва [камена свекрва, дрвени девере* [БК,142].

камила* f, zool. Camilus **1.** 'товарно животно од редот на преживарите, во минатото се користеле како превозно средство во југоисточна Македонија, имале грпка (една или две), ги има во тропските или суптропските краишта, издржуваат горештини' ~ *цар'ут ги земá онúа книги и писá дрýга книга, си нéгов човéк прати́ ино камúли, гу земáха Кулýфа* [V,PM,12]; ~ *напкун работиха каравание, демек камили; одиха зад камилите, сечи сиимите на камилата, земи вреките* [MC(B), 85]; ~ *и стáна сабáлин, му нагутф'óва инá камúла, му тувáра вóда* [MS,t,14]; **2.** 'камилски товар, количина што може да ја носи камила' (во овој случај пари) ~ ***ш'то анáнги да пóда јáс склáвус дăсапáк, афý úмам инá камúла парú, си ни фáтам инá мóја рáбута?*** [MS,t,14]; **3.** 'става (= наредени снопје) од 'ржени снопје'; **4.** fig. 'висока грда жена' [ПК,2(4)]; **5.** изр.: **сăкáјќи камúлта рăгóве и бизýши устанáла** (= сакајќи многу остана и без малку) ~ *кут нéкаа мóма шó нé арéсе ергéн. Удбúре, удбúре и нă-крáјта ќо-зúме нáјнéарн'оо* [ПК,2(196)]; **чúниш камúл'те му сă-рăстувăрúли** (= се кажува за некој што се однесува надмено, како да добил богатство) ~ *Кул'ýшкуфци нóго сă-шéн, чúниш камúл'те им сă рăстувăрúа* [ПК,2(211)].

камилварин m 'човек што врши превоз со камили' ~ *тó камилáринот úмаш'и иднá топýска на-ракáта аудрú иднá топýска си-рацип и либин'úцата, пл'úсна иднá óда* [ВБ,344]; ~ *фатих ножјут да брăкам; ножјут кату брăках, најдох един камиларин та на него му вел'ам: што сакаш, побратими, тука?* [V, PM,202].

камилски* adj 'нешто што се однесува на камила' ~ *Јоáни бéши убличéн ут влáтно камúлцко, и пóјас кóжа на пулувúната, и скрáпли јадéл и ут дúви пчéли мéт* [MV,K,307] – во контекстот имаме употреба на именка во служба на атрибут: *појас кожа* (м. 'кожен појас') – за ова в. во граматичкиот дел.

камилишче n 'место каде што одмарале, пладнувале камилите' ~ *Атанасо моме, Атанасо [Атанаса бире бели китки [Аргир чека на камилишчето [Атанаса брала бели китки [та ги дава кришом на Аргира* [БД,156].

ка́мин (и: **камăн**) m **1.** 'тежок и тврд минерал, составен дел на земјината кора, камен' ~ *ти: áчкувуто* (птиците), *ти: сă нóго лóши и пăјмúнат уф блáтто, уф трăскăта уд гóре кути кáмăн* [ПД(128]; ~ *идúн д'éн' мéч'ката, кугá исл'áваш'и за да пóј да брка јáдини, му клáваш'и и-нá рóпката на устáта, идúн гул'áм кáмин'* [MS,t,16]; ~ *пр'éлуту ... гу прустúрами на идúн дрăнк и удóл му прумúнами идúн дрýк дрăнк, му врăзувами и два кáмин'а* [MS,t,6]; **2.** 'острило' (камен за острење) ~ *ни имáш'и кáмин' да тăрăгни* [MS,t,52]; **3.** изр.: **двá óстри кáмăне кăрма прáвăт, брáшно нé мéл'ăт** (= нетолерантните луѓе тешко доаѓаат до компромис и предизвикуваат штети) [ПД(137)]; **кáмин ми сă свалú уд дýшта** (= нешто се разреши позитивно); со исто значење: **ми пăднá кáмин ут сăрцто** ~ *да-мăжум óште Рýшка, и óна дă сă удóме, мúсл'ум ќи-ми-*

па́дне ка́мин ут-сӑрцто [ПК,2(176)]; **а́к фйрлиш нӑ-се́ко: ку́че ка́мин, ка́мине не́ ќи-уста́нат** (= не треба да се влегува во расправија со секого) [ПК,(Ал)]; **ка́мин дӑ-сти́сне во́да ќ-испа́дне** ~ *но́го е си́л'ӑн;* **ка́мино уд бли́зо по́ бо́ле** ~ *ка́-ќ ти ка́же ло́шо бли́сук по́вќе бо́ле;* **ка́мино си те́же нӑ-ме́стто** (= човек треба да се држи до родното место и огништето) ~ *тақа́ се́-ј, не́ сӑ се́де по́вќе вре́ме нӑ-чу́здо ме́сто* [ПК,2 (169)]; **не́ сум фӑрли́л ка́мин** (= не сум прекинал за секогаш) ~ *о́дум и уф гуле́мјо си́н ча́т-па́т, ка́ не́-ќ-о́дум, не́ сум фӑрли́ла ка́мин;* **не́ фӑрли ка́мин уф ну́жнико, о́т ќи-т испӑрске** (= не влегувај во расправија со лош човек) [ПК,2 (181)]; **пут ка́мин дӑ-уста́не** (= се кажува после некој непријатен настан – да не се повтори) [ПК,2 (190)]; **ус-тво́ј ка́мӑн пу-гла́ва** (= кога некој ви прави пакости со работи што сте му ги подариле) [ПК,2(206)]; **уф-не́го-ј и ка́мӑно и уре́о** (= се кажува за некој што има големо влијание и моќ) ~ *то́о шо кума́нде не́где, шо́ мо́ж, дӑ ре́чум, дӑ тӑ ту́ре нӑ рабо́та ил' пӑ дӑ ти свӑрше не́каа друга рабо́та* [ПК,2(207)]; **ка́мин от небе́ту** 'гром' ~ *фарли́ о́спот ка́мин от небе́ту, гу грӑмна сос ко́н'ут му наедно́, ги загуби́ от земјата* [V,PM,16]; со исто значење: **ка́мӑн ут трӑсну́вӑне** 'постои верување кај нардот за некој специјален, поцрнет камен дека е од гром'; сепак информаторот заклучува: ~ *не́ о́т гу и́ма* [ПД (129)]. Сп. **скӑп ка́мин** (= драгоцен, украсен камен) ~ *н'а́кој вр'а́ме ималу еди́н мло́гу бога́т човéк и бил ѕифаирѕија, санким и прода́вал мло́гу скӑпи ка́мини* [V,PM,26]; ~ *кога́ виде́ ха́рно, дӑрвоту е би́ло хра́лопо, хем е било пӑлно сос драгоце́ни и млогу скӑпи ка́мини* [V,PM,7].

каминлиф* adj 'место (пр. пат) каде што има многу камења' ~ *и, кога дојде време, чиницата са чинила мутлак кату мори и, кој да проминаши приз таму, са чудиши, как стана таја чиница на таков каминливо место* [V,PM,86].

ка́минч'а̣ (и: **ка́мӑнче**) n, 1.'dem. од камен – каменче' ~ *фати царјут да му дава дар злата..., а он не зема туку и рекла на царјут да му даде нос каминче, што имал одол јазикот* [V,PM,170]; ~ *ка си о́ре, дуна́л ади́н ве́тӑр, а излитка́л пе́пӑлта, ко́а гле́де – адно̣ ка́мӑнче уф о́г'инут. Нӑ мужа́л д'сӑ на̣гле́де на̣ не́го – то́лко шо би́ло ли́чно ка́мӑнчто* [ИГ,110]; **2.** 'брадавица на градите' [MS,s,46].

камничка* f, dem. од **камин** ~ *којнот го пасеше на белите чешми [којнот му заигра по бели друмови [камнички скокаја, мене ме удрија* [БВ,197]; ~ *каменичке фрлат наврз нашӑта кујќа [нимој керко нимој, надвор ним испаѓај [надвор ним испаѓај, тебе ки те зема* [БВ,240].

кампи́на (**капина**) f, bot., Pubus 'растение што се лози, има трње, дава сочни црни плодови' ~ *има́ш'и ина́ кампи́на; си с'е́дна н'е́тр'а̣ у кампи́ната и та́м-си млӑч'а́ш'и* [MS,t, 24] ; ~ *јаз флизех на орманут, са скрих нӑтри на една капина* [MC (B),86]; ~ *прсна мома ле да бјага [по зилено ле ливаде [јунак хи са ле мол'аше [– постој моме, ле ни бјагај! [закачи ја капинана* [БД, 120]; и **кӑпина:** ~ *ут та́а кӑпи́нто ли́сто нӑјде́х пу́фка, гу-вӑрsа́х, петна́јс де́на ни́где не уди́х, по́сле а́јд Бела́сца, дӑрва но́сах* [ПК,2 (240)].

камуха f 'тенка, свилена материја' ~ *нашиот базирґанин* (сака) ... *тенко кату камуха, штото мăра драмови да има, млого пари да сече* [V,PM. 188]; ~ *дојдоха ја земаха нијаста момата. Остана камуxата неткаена на старолакот: нихто, njахто не знаиши да влези на старолакот, да ја ткаи* [V,PM, 195]; ~ *и Госпот послуша неговата молба, гу стори пиле, и летнал, отиде, ја најде нетре на бахчата, дека беш. везила тенка камуха* [V,PM,227].

камшик m 'направа од сплетени ленти од кожа со која се тераат коњи' ~ *и тојата главеница – тја хорото водјаша [между двамина јунака [бјали хи рăки кршаха [прстенето хи капјаха [та ги јунаци бираха [та ги камшици нижаха* [БД,74]: ~ *му вели: "Што плачиш? Колај има за тас работа: довечира татку ми как ки спии, покрај негу има един камшик... седим направо, и три на л'аво да удриш сос камшикот, долапите сами ке си чинат!"* [V,PM,278] – во контекстот го среќаваме уште еднаш архаизмот **прав** 'десен' *(седим направо, и три на л'аво да удриш)*; и: **кăмăшúк** [ПД(Ф)].

камăнци pl 'име на детска игра со каменчиња' [ПД(Ф)].

кáна f 'тркалезен сад за вино (со него канат гости за на свадба)' ~ *вели на жената му: "иди мари жену долу на старата кăшта, от бăчвите да извадиш вино!" И тјанака зема канатата отиде вино да извади* [V,PM,94]; сп. **канáта** [ПК,2(57)].

Кана 'ж. л. име запишано во Дамско' ~ *сама е Кана јустанала [сички моми продадени [продадени, заложени [сама е Кана јустанала* [БД,154].

канáп'* m, bot.,Cannabis sativa 1. 'индустриско растение од кое се добиваат конци што се користат за изработка на јажиња'; ~ *му рекăл: "Ч'óрбаџи, на цáрја јас шта му кáжа: "пýсни еди́н тел'ál по касабáта, л'у кóлко има сижúме, канáпја, хóртоми, та ги прéкопи!"* [V,PM,256]; 2. 'врвка за нижење тутун' ~ *úмами мáксус т'ут'ýн'уви úгли; ја напулн'увáми иглáта,... ги прумúнами на канáп'у листáта* [MS, t,5].

кан'áт m 'капак на прозорец'; сп. **капáјќ** [MS,s,46].

канáта f ('сад', в. **кана**) [MS,s,46]; ~ *вели на жената му: "иди, мари жену, долу на старата кăшта, от бăчвите да извадиш вино!" И тјанака зема канатата отиде вино да извади, и га гледа дјатето тамо* [V,PM,94]; ~ *служи ме, Sано, мори, служи ме [лута ракија, Sано, негошка [шарени чаши, Sано, воденцки [бели канати, Sано, солунцки* [БМ,137].

каначиче n, bot., Impatiens balsamina 'вид украсно цвеќе, го има во дворовите, но и во бавчите' [ПК(Гр)].

кан'éла f bot. (Cinnamomum) 'вид мирудија, се става во колачи за да добијат мирис' [MS,s,47].

кандáр' (и: **кăнтар**) m 1.'направа за мерење тежина (до 100 кгр.)'; кај Малецки: 'вага за мерење жито'; 2. 'најголемата тежина (крајна) што може да се мери со кантар' ~ *Гркина веле говоре [земајте мене јуначе [јас тебе ке ти донесам [триста кантари куприна* [БВ,287]; 3. изр.: **бис кандáр' гр'áхуви** (се кажува за некој што нема хумано однесување) [MS,s,47]; **кăнтáр нé о-фáште** (= се кажува за човек со несериозно однесување) ~ *нóго-ј ликушáн, кăнтáр нé о фáште* [ПК, 2(172)]; **кут-кăнтáр тупýска д-úма**

нă-гắзо (= се кажува за многу лежерен човек) ~ *не́кој гу-мắрзе еп-те́н, не́-м сă-стăну́ве, ќи-му-ре́чиш: е, па ти кут кăнта́р тупу́ска д-и́миш нă гắзо* [ПК,2 (171)]; **н-а́јн кăнта́р ќи-до́от** (= исто размислуваат) ~ *дă-ј кла́јш нă-пăла́нца, н-а́јн кăнта́р ќи-до́от* [ПК,2 (180)].

канд'ắ adv (в. **кад'е́**) ~ *канд'ắ ути́ваш'?* (= каде одиш?) [MS,s,46]; ~ *канд'ắ хо́ж'даш'?* [MS,s,44]; и: **кăнд'ạ** ~ *ут кăнд'ạ ко́гу си ти?* (= за која партија навиваш?); *кăнд'ạ ту́к, кăнд'ạ та́м* (= овде, онде); сп. **канди́** и **куму́** [MS,s,53]; односно. **кăнду́** 'каде' ~ *кăнду́ за по́јми с'ắ?* (= каде ќе одиме сега) [MS,s,47].

канди́ praep 'кон' ~ *и вили́: "ми трукули́ ко́н'ут, ми разби́ ку́рут, гл'е́нда канди́ т'е́б'ạ!"* [MS,t,78].

канди́лчичéк m, bot., Aguilegia vulgaris 'вид украсно цвеќе' [BV, 5]; во Кукушко: **кандилце**.

кандиса pf **1.**'се согласи' ~ *и сиромаху кандиса, са чини каил, му баца рăката на владиката и си отиде* [V,PM,37]; ~ *мắнц'о́ вили́: "да гу дад'е́ми!", ж'ина́та ји сă ни да́ва, нас'е́тнина канди́саха и два́ѓа и гу да́духа ма́лкуту* [MS,x,16]; ~ *поскоро се врни абер да ми сториш [ако не-т ја дадат седи да поседиш [седи да поседиш белкин ки кандисат* [БВ,191]; **2.** 'наговори' ~ *му рекăл на син мо: "Товари един товар праматиа, оди продави на тоа село! На вечарта оди на госте на тоа човек и гледи да го кандисаш, да а заколе кокошката"* [V,PM, 274]; **3.** 'се одлучи да направи нешто лошо' ~ *ко ќе види, што да види [старо момче с бела брада [море старче, старо аро [старо аро врколако [как кандиса на мојта младост* [БВ,292].

канди́сува impf **1.** (в. **кандиса,1**) ~ *то́с ни канди́сува, изва́ж'да но́ж'у за да гу зако́ли* [ТФ,x,18]; ~ *е, кăнди́сувăт, о́дăт* [ПД(152)]; и: **2.** – **(се)*** 'наговара, убедува' ~ *тогај јас на него се кăндисувих да не бера гајле: нека пучека оша ва гудина* [ME(P),68].

кандарди́се pf 'наговори некого (да дојде, односно да сврши некоја работа)' [ПК(Гр)].

ка́ни impf **1.** 'повикува некого да дојде (на гости)' ~ *а чо́ику, са́кăл-не́јќăл и-ка́нăл сил'а́јнте нă-го́сти, а и сил'а́јнте зă-а́тăр се́ му гриде́ле* [ДК,153]; ~ *жента оди, на тоа дулап чукни, излези измитчии, оди на друѓут, излези манци, оди на друѓут... напкум и канил и них царувуд син* [V,PM,268]; **2.**'повикува некого да земе нешто' ~ *ма́јка-му ко́лку гу ка́ни: "ја́ш' ма́јч'ин ма́нц'а!"* [MS,s,47]; **3.** 'повикува некого да стори нешто' ~ *пусто да е мојто бело лице [га си немам в село либовница [една беше и тја се ожени [канеха ме кум да хи венчам* [БД,130]; ~ *курба́н не́кам, о́ти не́ дујдо́х ту́ка ја́с да ка́нам на пра́винти, туку на гре́шинти да сă пука́јат* [MV,K,300]; **4.** – **(са)** 'планира нешто да направи' ~ *пуканувачката на Г. Лавров за ва работа, на коа му са каних јас оша утдамна* [ME (P),70].

кани́са pf 'покани' ~ *напкун Милош каниса род роднини, да ги гости, и побратиме* [MC(B),97].

Кангăличко блато top. 'име на блато во Ениќевардарско' ~ *да не забрам да кажăм уздолу ут селто Кангăлич... имало блато, шо му велјăт "Кангăличко блато"* [ME(P),77].

Канли Армут (top. во Дојранско) 'црвена (крвава) круша' – таму се

фрла *грип* (вид рибарска мрежа) [ПД(135)].

канóн (и: **канóна**) m (|| f) **отпуштање на греовите при исповед** [MS,s, 47].

каноса* pf 'бојадиса коса со кана' (= препарат за заздравување на косата, има жолтеникава боја) ~ *ни ја зимал ле за ваја [јам ја зимал за кадăна: [наденăл хи црна фережă [каносал хи црните коси [и хи каносал бјалите некте [направил ја млада кадăна* [БД,106].

канушгисувă impf 'отседнува (пр. во конак)' [МЕ(Р),172].

канца f 'остра железна кука, ја користат шивачите' [СК,327] (?).

канăн 1.'повикан да дојде некаде или да учествува во нешто'; 2. изр.: **нéканăн гóс зăд врáтта сéде** (= за да биде добредојден дома гостинот треба да биде поканет) ~ *шó áк н'о: кáниш, óн ќи си дójде. – Е, ќи-си дójде, тýки нé кáнăн гóс зăд врáтта сéде* [ПК,2(180)].

кáпа f 1.'дел од облеката, се носи на глава, шапка' ~ *друг му велиши: "от умó ти такá стрáдаш"; друг му вéлиши: "таквá глáва ѝмаш, таквá кáпа ти перл'áга"* [V,PM,7]; ~ *тоги момата и детто а прагăрнале и рекле: "Ти си нашта мајка!" Си свалиле капите, косата да му виде* (погрешно запишано: *камите* место 'капите') [V,PM,268]; ~ *т'анака отиде на неин бăрзоходника, му вели: "гледај да гу успиш таму, да му земиш капата и по-напрет да дојдиш"* [V,PM,45]; [MS,s, 7]; 2. изр.: **си нăкривѝ кáпта** (= се кажува кога некој ќе заврши некоја важна работа) ~ *прудде́ áрно пипéро, зѝма бајá пáри и си нăкривѝ кáпта* [ПК,2(194)]; **сј-а: ѝме мýта нă кáпта** ~ *ѝма тăквѝ чувéци, си-штáат сé зă-нѝх сă-гувóре, óти сј-а: ѝмат мý:та нă-кáпта* [ПК,2(194)]; **кáпа му-свáлґувум** (= признавам дека е поумешен, односно поспособен); **му-дадé пóкапта** (= го набрка, го изнатепа по капата, по главата) [ПК(Мут)].

капáјќ* (и: **кăпáк**) m 1.'направа со која се покрива сад, кутија и сл.' ~ *утѝвами на ракиц'ѝјскију казáн' да сфарѝми ракѝја; ги тýрнувáми у казáн'у, ги вулóсувáми сăс капáјќу* [MS,t,4]; ~ *тăвá-ј издăлбăно уд дăрво, има кăпáк и дулнѝште; уфлýпкăта сă-тýре, ниă му вѝкăме кăтăк* [ПД(120)]; ~ *кату и дошел на самовил(с)киот бунар, беши ожадн'ал за вода, и бунарјут кова не имаши, туку капак имаши, што си затвариши* [V,PM,207]; 2. 'покривка' (било каква); 3. 'направа од даски со која се заштитува отворот на ѕидот – наместо прозорец' ~ *кóј мóже клáве ѝам на диминѝкут, кóј нé – гу фрáске вéтăрут. Еднѝ пă – кăпáци, вăрзани ус сиѝим за зѝдут* [ИГ,119]; (сп. **канáт'**); 4. 'оклоп од желка'; 5. 'струп на рана' [MS,s,47]; 6. изр.: **сă-тăркăл'áло гăрнито си-нăјдéло кăпáко** (= кога ќе се најдат двајца слични); ~ *сă-нăјдéли и-мăжо и-жéнта, какóф тóо, таквá тáа, ни адн'óо ни пó-гóре, ни пó-дóле* [ПК,2(198)]

капáн m 'направа за фаќање глувци – фак' [MS,s,47]; и: **кăпáн** ~ *мѝшо фл'ăзéл уф кăпáно* (= глушецот се фатил во факот) [ПД(121)] ; сп. **пахѝда**.

кáпари (рýби) adj, pl (и: **в'éтки, расч'óкнанти**) 'стари, искинати алишта' [MS,s,47].

капа сандра 'затворено, покриено' ~ *му наринчја: "кога сакаш да ја отвариш, да велиш: "ач асандра" – ки си отвари сама и пак:' "капа сандра" – ки си затвари* [V,PM,176].

ка̏па́че* n, dem. од **капајќ** (= поклопче); сп. изр. ~ ... *сј-оо најде́ло ка̏па́что* (= кога ќе се воспостави врска меѓу луѓе што си одговараат) [ПК (Мор)].

ка́пе (и: **ка́пи**) impf 1. 'тече по малку, на капки' ~ *манц'о́ ја пи́та. "ш'то́ има́ш'и у синду́ку, са ту́ра, гл'е́дам ка́пи?"* [MS,t,11]; 2. 'крши' – во некои регии *са̏-ка́пат* оние предмети на коишто може да се отвори дупка, пр. тенцере, чаша, кондури, чорапи, глава и сл. ~ *са̏-ска̏па́ ба̏рда́ко; му-ска̏па́ гла́ва̏та* (Ник), она што е масивно не *са̏-ка́пе*, пр. камен, дрво и сл., сепак во Дој запишавме: *да̏-ј ка́па̏т гру́јте* = да ги кршат грутките [ПД(116)]; а во песна од Драмско *са̏-капе* и прстенот ~ *и тојата главеница – тја хорото водјаша [между двамина јунака [бјали хи ра̏ки кршаха [прстенето хи капјаха [та ги јунаци збираха* [БД,74]; 3. 'паѓа' ~ *мар ва̏скачај са горе чардаци [горе чардаци, честом пармаци [мар та погледај горја и долу [из јасно небо пушки са пукат! [куршуми капјат като градушка* [БД,171]; ~ *тиха̏н вјатер дујеше [мигсале са л'ул'аха [цветлето хми капјаха [по моја бјало грло* [БД,108]; 4. 'со длабоко орање отвора нова нива на место каде што била ледина' [ПД(121)] ~ *га̏-ска̏па́х це́линта*; 5. 'одзема дел од нешто цело' ~ *ни́м га̏-ка́пи та́фта* (= немој да одземеш од јадењето испечено во тава; исто: *ни́м гу ка́пи млични́кут* (пита правена со јајца и млеко) [ПК(Гр)]; 6. изр.: **кра̏ф ка́пе** (= многу е студено); **му-ка́пат ме́са** (= се кажува за организам што се распаѓа) [ПК,2(57)].

капе́ла f 'вид шапка (женска)' [MS,s, 47].

капиа f 1. 'ограден премин од каде се влегува или излегува' ~ *и л'у отиде слепиот на капиата му, отворил вункашната капиа, влезе нетри на дворот, та не и знаел, ча и друг човек иди после него* [V,PM,188]; ~ *гу зема детенто, киниса, излезе кату от* **Вардарската капиа** (топ. во Солун), *чја за појдим на панагир* [V,PM,173]; 2. изр. **са ва̏рнува на друга капиа** (= се обидува повторно да стори нешто но на др. место) ~ *вели на мајка му· "иди тинака, мале, да ја тераш! Ако ти га даде, харно, ако не, пак ва̏рни си дома! Ниа просими: ако на дадат, харно, ако не, пак са ва̏рнувами на друга капиа"* [V,PM,88].

капида́н(ут)* m 'водач на вооружена група комити' [BV,76]; ~ *а бре А лексо капидан [шо ке те питам ки кажиш [дилми ме питаш ки кажам [шо зулум имам правено* [БВ,128]: ~ *а бре Иван капидан [јас те тебе не взимам [като тебе хајдутин [хајдутин кашта не гледа [хајдутин деца не гледа* [БД,156]; ~ *ја излези шпиун Пено [– Не излевам, мои братќа [не излевам на полноќи [тогајн викна Јован капидан* [БК,102]; сп. **капита́нин**.

капи́сі капана̏к 'се́ што има останува (затворено)' ~ *то́ј му даде́ са́мо кути́јката, а па́к бра́т му му даде́ си́чката ка̏шта сос си́чко не́што: пара́, ни́ви, ло́зја, си́чко капи́сі капана̏к, што ве́л'ат Ту́рците* [V,PM, 149].

капи́стра f 'огламник, јаже за водење коњ, магаре и сл.' ~ *тога̏с јазе да ва̏зма две д'али, ти едно, ама знаиш, тес магаринта, как за ти а дам така без капистра, сал самарја да му сториш* [V,PM,180]; ~ *за по́да ја́с, за му зва́д'а̏ ут*

магáр'ąту капúстрата, за ја над'ăнам јáс [MS,t,55]; ~ *вели....: "тате, јазе ки си чинал един кон...тогас ки сакат да ми купјат от тебе и ти да ми продадеш за колко гроша можиш, сăл капистрата наѕат да ја земиш"* [V,PM,217].

капитáнин* m 'капетан на брод' ~ *фл'áзи у иднá вáрка, утúди на пампóр'ут, нáва капитáнинут* [MS,t, 84]; [MS,s,47]; и: **капитан*** - *с'éстрит'ăму д'éн' и н'éса óш'ти ж'úви сă б'ăли, сă сл'áвали утпрăт' пампóру и ги сă пúтали капитáниту* [MS, t,61].

капицúа* m 'чувар, тој што стои на врата' ~ *на нéгу му утфáра капицúата, и óфците му слýшат нéгувуто глáс* [MV,K,319].

кáпка f **1.** 'мала количина од течност, во форма на топче' ~ *кáпка ут дăш'; ~ лúцто му бúше кáпки пóт; ~ дај-ми капка вино [грло да натопам* [ТГ,330]; ~ *вино се пије, вино ем ракија [капка по капка чеша си пăлни [кој пије вино без нивеста спије* [БВ,174]; **2.** 'петно' пр. *кáпка ут варó(т)*; **3.** изр.: **кáпка пу кáпка ц'áл ѓóл' станýва** (поговорка: 'со штедливост може многу да се постигне') [MS,s,47]: **4.** fig. 'млад и убав' (обично за момче или девојче)' ~ *кáпка дéте, шó сă вúке*; **5.** fig. 'нешто во мала количина' ~ *áнцăк две кáпки ми ддé* [ПК(М)].

капне pf **1.**'истече сосема мала количина од нешто, во вид на капка' ~ *сéтнека т'á пучнáла да-плáче. Еднá слăза и-капнáла на-лицéто-му* [BC,337]; **2** 'падне – во клетва': ~ *ке ти сечиме рăце јод рамијна [– Сичејте рăци Турци цилати [рăци да ви капнат јас не гу знајам [ке ти сечиме hosu јод кулена* [БВ,66]; ~ *тóо шо искубá дăрфцто, рăкта дă-му-кáпне* [ПК,2(191)]; **3.** 'почувствува силна умора' ~ *пилишта бегат, пак идат [јаска ки бегам, не идам [ке капниш мајко, ќе капниш [пу патишта мајко стујајне [пу кирајции питајне* [БВ,215]; ~ *кăпнáх гáаре, нă-мóжум пóвќе д-óдум* [ПК(Гр)]; **4.** изр.: **кąпнáла ти ýста** (клетва: – да не се оствари тоа што го зборуваш) ~ *мерак ме тргнало анăмка да бидам [на сарај да седам фирице да носам [фирице да носам жăлтици да бројам [– Капнала ти уста, немој тука вели* [БК,85]; **кáпни зáледи** (= многу е студено) ~ *вáа вéчăр éј кáпни-зáледи, кýчто и мáчто ки-сă-зáадно*; **ќи-кáпне нéшто** (= ќе добиеме некоја пара, макар малку); со исто значење: **ќи-пáдне нéшто** [ПК,2(201)].

кáпнин adj **1.** 'преморен (од работа или од др. активност)' ~ *си-дујдé кáпнин, прáво лигнá*; **2.** 'стар, болен' ~ *кáпнин гáаре тóо чувéк, шó чéкиш ти уд-нéго* [ПК,2(57)].

кąпнýве impf 'многу се исцрпува, чувствува силен замор' [ИГ,125]; ~ *кąпнýвум уд рăбóта и пá нé сă пугóжде* [ПК(Гр)]; сп. **капне, 3.**

капус m 'кога човек не може да оди по голема нужда, запек' [СК,327].

капýш' m 'паразит што го има во кожата на коњите' (= вид крлеж) [MS,s,47].

капци pl 'купчиња од собрано сено на ливада' [ПК,2(57)].

капцула f 'направа што го активира барутното полнење' ~ *елбет су то пусат они шу гу имиа тогај: пушки криминлиј или су капцули... можиа сăл да-ј заплашат на дивите прасијна* [ME(P),77].

капче n, dem. од **капа** ~ *нејќам ви јазе виното [туку ви го сакам момчето [то што ви го воде*

крванот [то што му-ј капче над очи [БК,146].

ка́пш' m 'тврда столица (не може да оди по голема нужда)' ~ *и́ма ка́пш'* ; сп. *изва́ж'да зо́рт* [MS,s,47]; сп. **капус.**

Кара-азмак top. 'име на место во Еницевардарско' *(азмак* = влажно место, *кара* = црн) ~ *су Кара-азмак, шо испагја ут блатто* [ME(P),71].

кара adj **1.**'со темна боја, црн' ~ *Богдане, кара Богдане [бил Богдан, бил харамија [сем - восјам - девет години [девјат е гори исгодил [девјат е мандри запалил* [БД,162]; сп. **кара боја** 'црна боја' [BV,76]; **2.** fig. 'лош, опасен' ~ *Бог да бије Стефанке твојта стара мајка [што ми те пратила теб рано за вода [ја уздол иде кара турски аскер* [БК,83]; **3.** изр.: **кара севда** 'несреќна љубов' ~ *на срце ме јаде како лута змија [како лута змија, како кара севда [сега ки помине нашето кумшијче [нашето кумшијче ґузел бела Мара* [БВ,190].

ка́ра (и: **каре**) impf **1.** 'упрекнува некого' ~ *мăр сја сăм Јанице дошло [сја тă сăм Јанице нашло [се́ жална, се́ разжелена [дăли тă мајка карала [ел тă сă братја бедили* [БД,183]; ~ *гу продáдох месóто нá гáргите и нá какарáските, áма крýшата си чинú кифúл да ми платú парúте! Кату чý такá брáт му, млóгу му са и кáрал* [V,PM,125]; **2.** 'советува' ~ *тамо си најдох идно дивојче [... като ја видјах, умăт ми шчукнă [сокол исфркна, конче избјага [– учи мă, карај по кого да врвја [дали по конче или по дивојче* [БД,154]; ~ *што е ова мили сино [карај, јучи ниваста́та [невеста се пременува [се́ сос жолто се прикрива [кога јоде на чешмата [накитена, направена* [БВ,217]; **3.** – **(сă)** 'грубо се расправа (на висок глас)' ~ *сă ж'éни за идúн кујимц'úја (хрисóкóс); фáтиха да сă кáрат* [MS,t,19]; ~ *тојнака така сос мајка му кога вревиха, пак нив'астата сос цар'ут са караши, зашто цар'ут беши стар* [V,PM,46]; ~ *станáха сéтника мирахчúе, фатúха да си кáрат, кóј пóвики да зéми; делúха што делúха, вúки кăштата нé си дéлиши* [V,PM,17].

ка́ра (и: **каре**) impf **1.** 'носи' (дотерува нешто со превозно средство) ~ *úш'ти ... друк да бóцка кóрин'ą, друк да вáди кóрин'éту, друк да кáра вóда сăс кóн'у* [MS,t,5]; ~ *си кýп'ąх инó магáрч'ą, си кáрахми дрăвýш'ки* [MS,t,1]; **2.** 'носи нешто сам, без превозно средство' ~ *гу фáш'тат мăн'ч' и ж'éна синдýку и гу кáрат по скалáта на дóл* [MS,t, 11]; ~ *"и инá кнúга кáрам"* [MS,t, 17]; **3.** 'јава, вози, управува (превозно средство)' ~ *и тој сетне ја зема кралицата, за да му види гимиата. И кату влезоха в гимиата, 40 човеци карат гимиата* [V,PM, 172]; ~ *ја клáва на кóн'у на кăч'у ... си прул'éтнува утáм и кáрат, кáрат, з'éха млóгу пăнт'* [MS,t,23]; **4.** 'прави нешто да биде некомпактно' ~ *гл'éдаш' анáва катáва гу кáрат с'éлуту* (го претресуваат – крстосуваат одозгора до долу) [MS, t,2]; **5.** 'оди' ~ *трăгна пу пăнт' да úди, д'é да нáјди с'éлу да пóј. Кáраш'и ш'úч'ка д'éн' , дóјди дур на крајó на с'éлуту и ја замрач'á* [MS,t,23]; ~ *ако ја открадн некој сестра ни, сетне чохап не можиш да на дадеш. Ајди, карај по-скоро да појми,...* [V,PM,233]; **6.** 'тера' (животно, односно живина, обично со стап) ~ *му вилú: "д'é утúваш' ,*

ш'то́ ка́раш'?" "ути́вам на ч'урба-ѝ'ѝјата, ж'иви́нит'а ги ка́рам и ина́ кни́га ка́рам" [MS,t,17]; 7. изр.: **сус си́ла трибу́ве доо-ка́риш, тă дă-свăрше не́што** (*ни́што не́ пуфа́ште са́м*) [ПК(Гр)]; **ка́ри си му́л'то ус ме́н не́миш рăбо́та** (= гледај си ја работата, не се закачај) [ПД(135); со слично значење: **ка́р-сј-о́ măга́рто** [ПК,2(169)].

карава́на f 'големо плитко тенцере' ~ *це́ла карава́на ја́дне си-напрăви́ла* [ПК,2(57)].

Кара́ач top. во Дојранско – место со лозја (има и брестови од каде што доаѓа името) [ПД(135).

Кара́бали́ top. (црн рид) – рид над Стар Дојран [ПД(135).

Караборун top.'име на излетничко место' (во околината на Солун?) ~ *порăнчова на жената му, вел'а-јке: "динеска, жену, да сториш манци харни, ч'а ки излезгми на трифирич дур на Караборун!"* [V, PM,166].

карава́н m 'коли (или коњи) наредени во колона со кои се врши превоз' ~ *бил кондиса́н никуи карава́н баздриѓа́ни чифу́ти* [BV,78]; и: **крван*** ~ *там поминало крванот [крвано белограждане [кротко тирајте крванот [да не ми платно згазите* [БК,146].

караване n 'превоз со животни, коњи, камили' ~ *напкун работиха караване, демек камили; одиха зад камилите, сечи сиимите на камилата, земи вреките* [MC(B),85].

Каравлашко 'регија (држава) каде што живеат Власи – Романија' ~ *се јармасала, леле, мома Влајина [од Каравлашко, леле, дури во Грчко [влашки му зборува, леле, јони не знајат [грчки му лафат, леле, јона не знаје* [БМ,101]

Кара́да top. ~ *са разбрăкаха мухараб'ăнта: Кара́да, Ш'е́рвија, Булгари́ја и Ела́да ста́наха и ч'итерт'ăх идно́* [MS,t,1]. Малецки во "Речникот" дал погрешно објаснување: *Кара́да* (= "Turcja"), фактички станува збор за една од сојузничките земји што се бореле против Турција (*Црна Гора?*) [MS,s,47].

карагрош m 'мала турска монета' ~ *вели на мајкаму: "варај, мила мале, тука кату плачах, падна отгори ету това карагрош"...* [V,PM,38]; ~ *кату чу така владиката, поверува харну, зашто... дека га имаши карагрошите, имаши тамо гн'азда от гарги без број; и тогас позна, ча наистина гаргите га износиха карагрошите* [V,PM,40].

караѓоз m, zool. 1.'вид дива птица' ~ *гуле́м е́ј ко́лку скулувра́ницут. Нăси́во би́е; нă-вра́то уддо́л и́ма бе́ло*; 2. adj, indecl. 'човек со црни очи и црна коса – калеш' ~ *бр'ѝт ни би́ше кăрăѓо́с, цăрнуо́к* [ПК,2(65)]; со исто значење **караѓозлија** ~ *Ма́ро, Марија, караѓозлија [малка си била, много си знала [момче да лăжиш, момче да мамиш* [БД,156]; ~ *милој, милој караѓозли [немој беги од мајка ти [ке ти флезам в градината [ке ти сечам калинката* [БК,41]; кај Будишевска: (= остроумен) [BV,77] – веројатно се работи за превид до кој е дојдено поради мешање со **ачиѓос** (= тој што оди со отворени очи).

карај praep 'покрај, до' ~ *тој Иванчо војвода [и тој Постол' постарјот [су Лазарев карај него [пушките си пукаја [малихери пукаја* [БВ,84].

каракашлија adj 'човек со црни веѓи' [V,PM,370].

Каракировото лувиште top. 'име на место на брегот на Дојранското Езеро, сопственост на семејството Каракирови (таму имале **лувиште**

= рибарска колиба)'; се наоѓа во реонот на локалитетот **Рăт** [КД,65].

каралија adj 'грозје фатено од слана, поцрнето' ~ *услан'éнту грóзди прин да угр'ăји слăнци* [MS,s,47].

караман m 1.'преселник од малоазиската област Караман'; 2. 'назив за силен коњ' (веројатно се работи за вторично значење) [BV,77]; 3. 'име на куче' ~ *вржи Бојчо кучка канза [кучка канза за жинжира [Карамана за пајвана [да ти. дојдем на мандрата* [БД,168].

карамáрску кафé n 'кафе измешано со печена 'рж, јачмен' – подбивно, според името на селото **Карамáру**, сп. **мáгарéшку кајвé** [MS,s,48].

карание n 'грубо расправање; сп. гл. **се кара**' ~ *друго рекло: "Јаз днеска, двамина брăта на едно лозе дел'аха еднă лозă, седнах вăрх нејă, и ни может никак си да јă разделет и шта сă изтрепат от карание"* [V,PM,280].

Каранфилка* 'ж. л. име запишано во Драмско' ~ *Каранфилке, ґрăндафилке [ошче ли си ергенуваш [хергенуваш, сербезоваш? [ти ми одне имането [имането шестотини [и сто гроша дребна пара* [БД,151]; ~ *Карамфилој мало моме [изгорја ма, исуши ма [ти ма стори како дрво [како дрво јаворово! [земи пушка та ме јуѓи* [БД, 138].

карапампур m 'воз' (за разлика од бродот којшто е *водин пампур*, возот е *карапампур* – црн пампур) ~ *така си а ујдисама работта за кинисувајтто ут тува, шо еминки втасиме на Одеса (зајднăш ут карапампур да флезиме ґраво)* [ME(P),68].

карáр m 1.'одредена мерка, точно колку што треба' ~ *áдна чéша вúно и áдно крáпче пéчино нă-жáр карáр мéј* [ПК,2(57)]; ~ *нă мен еднá рикúа ми е кăрáрут... трăбýве нă-сúчко дă úмиш кăрáр* [СК,428]; 2. кај Малецки 'препорака, заповед' ~ *с'ă цáр'у дáва идúн карáр да гу уб'ăсат* [MS,t,22],[MS,s,48]; 3. кај Саќов: 'состојба' (во негативна смисла) ~ *тá рăбóта нă кăкóф кăрáр мă дукăрá* [СК,428].

карáтаўк m, zool. 'птица кос' [СК,327].

караќéл m 'рачка за отворање, повлекување на вратичка од комода' [MS, s,47].

караул m 'одредена точка на граница каде што има стражарница и војници' ~ *оттаму тăргна, отиде на един караул. Четиријсет царски арапи чуваха, да гу оклават, и на них така им стори кату ламите и ги остави* [V,PM,225].

караулџија m 'војник, стражар од караула (на граница)' [V,PM,370].

караџа adj 'човек со црн тен' [V,PM, 370].

каргелин m 1. 'стадо диви животно (пр. од диви коњи)'; 2. fig. 'човек со сурово однесување' [V,PM,371].

кардаш m 'машко суштество родено од иста мајка, брат; пошироко: другар' [V,PM,371]; и: **кардашлар** ~ *јаште и пијте кардашлар [на тăзи бјала јасница [на това бјало видјало [сăс добрјам да са заповним* [БД,104].

кардиса pf 'уништи, остави' (?) ~ *извадил царјут аскер млого, ама сé крастав гу кардиса сичкото, пак извади един аскер сé арапи* [V,PM, 226].

карéгла* f 'столица' ~ *стáна забúтинут да пóј пáк нă кáфи-нéту, с'éднува на карéглата* [MS,t,82]; ~ *трăгнува ... хóж'да на кáфинéту ... с'éднува на карéглата* [MS,t,83]; кај Саќов: **кăрекло** 'стол со стра-

нични потпирачи' [СК,328]; сп. **скóмин** [MS,s,48].

карга f, zool., Corvus monedula 'црна птица, грабливка, живее во населени места – чавка' [BD,78].

кармá* f 'крупно мелена зрнеста храна за добитокот' ~ *за му дáм и на óлувéту да идáт, за му дáм пл'ăва, за му дáм кармáта* [MS,t,65].

кармеж m 'лек против сипаница, има темно црвена боја, се добива од некој вид растенија' [BV,78].

каро* n 'кола на две тркала, двоколка' ~ *и тија зéват... ут кари (концки коли су две тракал.ајна) 2 гроша* [ME(P),72] – независно како ќе ја изведеме еднинската форма, од м. или ср. род (**кар** или **каро**), сепак множинската форма **кари** не е обична и упатува на архаизам; за ова в. во граматичкиот дел.

кароца f [V,PM,137]; 'запрежна кола, убаво опремена, за превоз на луѓе' ~ *и éту едúн господáр голéм, ас еднá карóца сос чéтри кóни опрегнáнти, сóс кушúа дохóждаши... тогáс му вéли господáрот: "éла, вјáхни на карóцата ми да úдими на домá ми!"* [V,PM,152]; сп. **каро**.

кáрпа f 'голем, неподвижен камен' (обично в планина) [MS,s,48]; ~ *а на стредú блáто úма éдна вúшна кáрпа* [ШГ,1(64)].

карпáч m (в. **кăрпачин**) ~ *тој е бúл папучúа, карпáч, штото излéваши на чаршúата, кăрпиши папýци* [V,PM,16].

карпус m, bot. Citrullus vulgaris 'градинарска култура со голем и сочен плод (од родот на тиквите) – лубеница' ~ *по-напред да пијах вода не можах, не можах да јадам хлеб; да јадах карпус, ми трăпнуваха* [MC(B),76].

карта 1.'специјален дрвен сад за вино' ~ *стáрте вúка:, нéко: врéме кáрти имáло, вúно шó турувáли, кáрти ги викăт. И óна уд дăрво бúла кут ти: буклú:нта шо бúли, сáмо пóшăрéна изрăбóтăна и пó-мăлéчка* [ПД(120)]; ~ *кинисала мома желка [на орање, на копање [на главата зелен зелник [в раце држе карта вино [на пăт стрете ежот момче* [БК,160]; 2.'сад за мерење на зејтин, течни масла' [СК,327].

картáл m, zool., Vultur monachus 1.'голема птица, мршојадец, вид орел' ~ *картáлу јид'é услéкнанти ж'úвини* (орелот се храни со мртви птици) [MS,s,48]; ~ *ету на онова сахат дошли карталите, сакаха човекот да го изјадат. Пилците фатиха да викат на мајка си: "сакăн мајко..."* [V,PM,222]; ~ *ги зема, ги закара на карталот, ги товари, и тој вјахна и кониса, фрăкна* [V,PM, 137]; 2. fig. 'човек што има обичај да приграбува' ~ *кá-ќ сă-здáде кут нéкуј кăртáл* [ПК,2(64)].

карталчи* n, zool. dem. од *картал* (= орел) ~ *и кинúса да си úди и, кату отúваши на пăтјут, нájдé нá едúн брјáст от гóри úмаши гн'áздо от картáл, úмаши áф гн'áздото мáлка картáлчита* [V,PM, 136].

картáлкондýу m 'карпи каде што живеат орли' [СК,327].

картоп m, bot. Vibirnum opulus sterile 'многугодишно растение со убави бели цветови' ~ *тáа кúтка-ј кут тóпка, úма бéла буја́, цéлта-ј удмалéнкички лúхчита* [ПК,2(57)].

карýл'ка* f 'дел од разбојот, вид макара на која се закачуваат нишките при ткаење' (во кукушкиот говор: **убéтки**) ~ *гу з'éвам и крусно́ту, субúрам и масýр'ạ да-сă гóтуф ... ги врăзувам нúтит'ạ ут патú-*

трит'ạ, ги вра̄зувам кару́л'китạ ут ни́тит'ạ [MS,t,7]; *~ напу́лнува́ми два́јси, три́јси кала́м'а ... з'е́вами пра̄нч'ки, кару́л'ки, ко́ли и мутуви́луту и пр'е́луту* [MS,t,6] – уште еден случај на необична множинска форма со наставка *-и*, ка̄ едносложни именки *(коли)*.

каруфи́л m bot. (Dianthus caryophyllus) 'домашно цвеќе, цутот има убав мирис' [MS,s,48] ; и: **каранфил** *~ мома мете рамни двори [сос две са̄лби бел босилок [сос три са̄лби каранфил* [БК,37]; односно **карамфи́л** *~ земи пушка та ме јуби [да ме праеш парче, парче [да ме фрлиш на градини [там ке никнам ран босилек [ран босилек и карамфил* [БД,138]; односно **карнфил** *~ слези ми си долу в бавча [там ке најдеш ал - карнфил [ка момини ал - јанаци* [БК,150].

карфи́ца f 1. 'специјален вид игла, служи за придржување, а не за шиење, *безопа́сна'* [MS,s,48]; 2. 'брош' *~ за̄ а́рмạсо све́куро ма̄ дарува́ зла́тна ка̄рфи́ца* [ПК,2(65)].

карш'и́ adv и prаер 'спроти' *~ аресла́нут гл'е́да ут карш'и́ и вили́* [MS,t, 78]; *~ везден ја дражаха на ла̄нцето; вечер ја зеваха нетре, на вогинот карши ја печаха около девет дни ја прајаха така, ја ма̄нчеха* [V,PM,195]; *~ сетне си отиде Ил'у до крај онова град, што седјащи кралицата, карши неините конаци си запрја гимиата, и ошти рано, рано изл'ази* [V,PM, 172].

каршила̄к (и: **ка̄ршила̄к**) m 1. 'одговор' *~ му вели́ на не́го скри́хом: "сака̄н това ла́ф на дру́г да не́ го ка́жиш, за́што ја́зе ке да ви́кнам на мо́ите л'у́ди, да ги пи́там, дали́ ке мо́жат каршила̄к да ми да́дат за ти́а лакарди́и"* [V,PM,118]; *~ и така са куниха и двата, и не знаиши сиромахут да му даде каршила̄к ... тојнака ми рече, да ми(му) вјахна ма̄ра, и јаз да гу вјахна него ма̄ра, та така да гу извадими оно јукуш. Јазе на това каршила̄к не можах да му дам* [V,PM,54]; 2. **каршилик** 'мислење' *~ кату зема јунакот каршилик от тајл'акот, отиде на царјут му вели: "царју, да ми дадеш 40 сунгарја и 40 товара вину"* [V,PM,185]; 3. 'отпор' *~ го изваѓа вунка на сухо и мо вели: "јазе бездисах от човечи најам: до сега не и мож'ал некој да ми даде каршила̄к"* [V,PM,162]; 4. 'договор меѓу закрепостените селани и беговите во врска со давачките' *~ во е ка̄ршила̄кут: семиту се вагјā ут стредин, т.е. то шо ки устанā ут ка ки сā јзвада семиту ки се делјā нā пулувини* [ME(P), 87]; [ME(P),173].

кара̄к m 'тесен простор, леа во градина' [MS,s,48].

касаба́ f 'урбана населба, град' *~ пујно́ вр'а̄м'ạ и би́л иди́н ч'урбаџ'ија и такш'иде́псувал ут с'е́лу на с'е́лу, ут касаба́ на касаба́* [MS,t,9]; *~ д'а̄т'ạнту и р'е́ч'и на ма́јка-му: "јас за по́да на касаба́та да бра̄кам ра́бута"* [MS,t,81]; и: **ка̄са̄ба̄*** *~ мен си ми жално и милно [че сички терзии шче идат [на Драма, на ка̄са̄ба̄та̄ [и ти шчиш либе да идеш [мен на кој шче ме оставиш?* [БД,148].

касабалиа* m 'човек граѓанин' [V,PM, 371]; *~ и кату го виде царјут, не имал дек да го кладе, му и дал един товар алтини бакшиш; и касабалииту фатили да му носат от радос кој сто алтини, кој двеста, кој хил'ади* [V,PM,163].

касабалијски adj 'нешто што упатува на касаба (= град), конкретно станува збор за градска облека' *~ и он,*

дур да дојдат даскалите, на терзии кроил касабалијски руби за армасницата му [V,PM,164].

касáп* m 'занаетчија којшто коле добиток и продава месо, месар' ~ *за езми домакинот на една кадешница за кладе вогин и тимјан, за го приклади... Тогај касапот за го труколи увенот, да го заколи* [V,PM,163]; ~ *не си моме кај мајка ти [тук си моме кај пашата [– Дај ми паша касап ношче [да си сечам јас бисерче [да нанижам форините [да приумјасам на кадăна* [БВ,52] – во контекстот имаме случај кога атрибутската одредница е претставена со именка наместо со придавка: **касап ношче** (место касапско ноже), што претставува позајмен образец од турскиот јазик (за ова поопширно во граматичкиот дел); и: **касáпин*** ~ *бре Петко, бре касапине [колиш ли крави јалови? [ја имам крава јалова [јелај ја Петко заклај [закарај Петко, заколи* [БД,91]; сп. *касáпскију нóш'* (= голем нож) [MS,s,47].

кáскамáт adv 'намерно, умислено' ~ *ти́ кáскамáт не дујдé дóма* [СК, 327].

касканџијка f 'жена што многу завидува' ~ *Димитрија мили сино [покарај нивестата [да не оде горе-долу [горе-долу по чешмите...[– мори мале, стара мале [нека оде, нека шета [што си многу касканџијка* [БК,72]; ~ *кога јоде на чешмата [накитена, направена [кога с-иде јод чешмата [растурена, разбушена [ој ти мајко стара мајко [што си толко касканџијка* [БВ,218]; в. **кăскăнциа**.

каснáк m **1.** 'дрвената рамка на сито, *луб*'; **2.** 'големиот жлеб на дното на бочвата каде што влегуваат страничните штици' (М. Малецки, и покрај високиот степен на професионалност, како човек на кој македонскиот јазик не му е роден, направил превид и односнава единица ја објаснува како: 'големиот обрач на дното на бочвата'; **3.** 'лак, дага, арка'; **4.** дрвениот дел (рамката на тапанот) [MS,s,48]; **5.** **кăснáци** pl 'ламарините што го оградуваат каменот во воденицата за да не се растура брашното' [ПК,2(65)].

кáстру n 'крепост, тврдина' [MS,s,48].

кáт m **1.** 'спрат', сп. **партимéнт, пáтума, табакá**; ~ *дур да дóјда, да гу најда уж'éн'анту сăс мумáта и да гу клад'éти на гóрнију кáт, тáм да с'адú* [MS,t,17]; **2.** 'комплет облека' ~ *"кога ки ми сакаш мене, да ги лизнуваш, та јаз ки идам да ми вјахнуваш; та сториши един кат харни руби, да си имаш по тебе"* [V,PM,159]; ~ *тогас от трите л'ашка идната разби ја, и от неа му дошла един кат такăм руба, штото царјут не имал таквас руба* [V,PM,222]; **3.** 'свиткано платно, трабо' [MS,s,48].

кáт'а* f 'голем дрвен сад за ставање комиње, расол и сл.' ~ *цúпур'éту ш'ту устáнуват у пáтусу, ги звáж'дами у катúт'а и утúвами на ракац'ијскију казан' да сфарими ракúја* [MS,t,4]; и: **кад'а** ~ *дв'ă кáд'а* [MS,s,48]; ~ *пáк трéтоју дéн кинисáа да úдат да са шéтат, порăнчаа: "да напăлниш двé кáдја сăлзи динéска!" ... Пáк змéјут казá на нéја: "да зéмиш две кáдја, да тýриш áф тјáх по еднá кутúа сóл"* [V,PM, 132]; во Кукушко: **каца** ~ *кăци, кăци бабичка [напрела је бабичка [до две, до три вретенца [на каца ги ставила [дошла маца бутнала* [БК,161].

кат adv 'како' ~ *седи си мајо слободна [каурска пушка ни рани [каурско*

ноже ни сјаче [оште си Џемо говори [ето го Јордан кат иде [заметнал пушка берданска [припасал колан фишеци [БД,160].

кат conj 'кога' ~ *не е ни од Бога, не е ни од л'уде [кат сам била мала, мала ем малечка [многу сум плакала, мајка ме проколна* [БК,76].

Ката* (и: **Кате**) 'ж. л. име запишано во Гевгелиско' ~ *дал' си чула Като, или разбрала [твојот вујко, Като свадба ки праве* [ТГ,156]; исто и во Драмско ~ *Като, Като, Катерино [хајде Като да бјагаме [в долно село Кобалишча! [– Бјагај Кочо, јас ни мога [братја имам, ни ма пушчат* [БД,120].

ката* indecl. **1.** 'секој' (пред зборови што означуваат време) ~ *ка́та д'е́н' хо́ж'даха са сара́ лам'а́т'а за дра́ва́* [MS,t,75]; ~ *ка́та сто́ гуди́ни стану́ва и пујно́ та́вма - тфо́јта га́ска прул'е́тна, ути́ди да ти напра́ви па́нт'о́* [MS,t,57]; ~ *т'а́ му вили́: "бро́ї ги ро́гуве́ту! ко́лку ч'ата́л'а и́ма, то́лкус гуди́ни и́ма; ка́та гуди́на ино́ ч'ата́лч'а пу́ш'та"* [MS,t,19]; поретко и во други состави: *ката фамилиа, ката куќа* [B,80]; **2.** (оди со бројка и означува "пати" – колку пати е нешто повторено, зголемено) ~ *даде́ Го́спод, гу прода́доха онова́ има́ни три ката по́вики, кату што му гу даде́ господа́рот ... тојнака на Цариграт кату доби́ три ката от има́ниту, па́к сос они́а пари́ купи дру́га* [V,PM,14]; **два ка́та** 'двојно' (двапати) ~ *де́тето, кату зема́ а́ф ра́ки има́ниту, со́с ма́ра вре́ме гу чини́ две ка́та по́вики* [V,PM,153]; ~ *два ка́та пари́ дипо́ж'иту* (= двојна сума пари како депозит) [MS,s,48]; **3.** 'кога *ка́та* "пати" се однесува на оддалеченост' ~ *на́што се́ло е три́ ка́та по́диле́ко ут ва́што* [СК,327].

ката́ва adv 'одозгора' ~ *гл'е́даш' ана́ва ката́ва гу ка́рат с'е́луту* (го крстосуваат одозгора до долу) [MS,t,2]; [MS,s,49].

ка́таде́н adv 'секој ден' [СК,327].

каталаху́ 'секоја година' ~ *каталаху́ на но́с сирума́х жина́та-му би́ши дити́н'а, ја фа́тиха були́ки за да са́ руди́ ма́лкуту* [MS,t,15].

каталетинка f 'крава што раѓа секоја година' [ПД(114)].

катанд'а́ f 'потребни работи (лични, но и за домаќинството)' ~ *бра́т му фати́ да запа́днува, фати́ да прода́ва ни́ви, да прода́ва офци, о́лови и други катанд'а́* [V,PM,15]... ~ *што н'а́шту му аре́саши за ка́штата, и купи́л: по́стел'а, перници и дру́ги рабо́ти... тој и купи́л катанд'а́, штото ги не́маши ни́кој бога́т на не́гов вилае́т* [V,PM,18]; ~ *и ка́к ги ви́де жена́та му, са почуди и му́ ве́ли на ма́жо́ и́: "чи́а са ти́а катанд'а, ма́жу?"* [V,PM,19].

катандиса pf 'се снајде' ~ *катандиса́, во де́тето, ка не́маше јаде́јне, фати́ од мо́мата да му купува со паричк'и* [BV,80].

катарџиа m 'човек што врши превоз со мазги, коњи и др.' ~ *едно време един катарџиа, кату отиваши на горат,а да бери да́рва, на па́тјут најде една желка млогу причудна, га зема, га товари аф едноту муле, га докара на дома му* [V,PM,78] – во случајот имаме уште една потврда за нерегуларната употреба на предлозите во Долновардарско, за мешањето на **во** и **на**, имено во нормативниот израз "се товари" **на** нешто, а не како што е овде **во (аф)** нешто (в. во граматичкиот дел); и: **ката́ржиа** 'коњар' ~ *пи́ет ви́но и така́ го-благосла́вет: да е жи́во, да е здра́во и да нара́сне гол'а́мо, да-би́ди на-башибе́го ката́-*

ржúа с-пéт мулéта – трú бéгови, двé нéгови [ВД,326].

кататáкса (сă)* pf 'се приклучи' ~ *утúдух на Димúр-Исáр и тáм б'ăш'и éдрата на ш'úн-дагмáта ... и тáм сă кататáксах ('зал'ąпúх') на дéкатонóгдон ш'úндагма* [MS,t,1]; сп. *сă кататáксувам аскéр* (или: *óж'дам вéјки аскéр*) = станувам веќе војник [MS,s,49].

катафéра pf 'успее да заврши (направи) нешто' ~ *тó мóжи да катафéра за-да утфóри пóртąта?* (= кој ќе успее да ја отвори портата?); ~ *мóгам да ја катафéрам тá: рáбута?* (= можам ли да ја завршам таа работа ?) [MS,s,48].

катафрунúса* pf 'загуби' (?) ~ *гледáјтисте, да нé катафрунúсите идéн ут вúа сиромáсите* [MV,K,262].

каташ'кинóса* pf 'остане на логорување, се задржа' ~ *каташ'кинóсаха тáм и утúди Алéксандрóт, ... да нáјдат л'áп да кýп'ат* [MS,t,59].

катергúса* pf 'укине, оддалечи' ~ *бирикáт ут мрăва вр'ăм'ą ги катергúсаха пáсунтáта, елéфтера б'ăш'и пант'ó* [MS,t,2].

катигúтис m 'учен човек' ~ *имáш'и идúн катигúтис и ш'етáл д'унґáта ш'úч'ка и сă и науч'úл млјгу ут ш'úч'ку* [MS,t,37].

катигурúса* pf 'обвини, нападне' ~ *ричé на нéа: Жéна, кăт са тúи шо ти катигурúсаа? Нéкој не ти сăдú?* [MV,K,317]; ~ *блазé му на вáс, кóга ви пúзмат л'ýдите, и кóга ки ви растрăчкат, и ки катигурúсат, и ки ви извáдат лóго úми* [MV,K,303].

катил' adj, indecl. 'лош (човек)' [BV, 80]; ~ *Кулиман испадна поле да расшета [поле да расшета, саракинско место[таму он си најде Геги Арнаути [Арнаути катил седби што си пасат* [БВ,93]; ~ *еднó вр'áме са-билú дв'á сéсри. Еднáта билá áс сéсра, еднáта дукáрăна. Мąштéąта билá кăтúл' жéна* [BC,336].

катина f 'направа за затворање врата, катанец' [BV,81].

кáтина f 'крупен, висок коњ, од убава порода' [CK,327].

катирúнкину бăли n, bot. (= катеринкино билје) Mentha; со исто значење: **катирúнна дýш'а** 'нане' (миродија) [MS,s,48].

катли* adj 'лош, бездушник' (сп. **катил**) ~ *ковал хи Турчин, ковал хи [сребăран прстен да носи [Јана гу шака чин'аше [ја Турчин шака ни знаје [калеса Турчин, калеса [дур двестја були кадăни [а триста Турци катлии* [БД,142].

катма* adv 'нешто заедно' (додадено, зголемено) ~ *у нидел'а рано от цăрква сетне пак за си собрат жени и моми, за занесат от зентјут на нивјастата катандја та што две шамии, фес, скахуни, папуци, појас, катмата* [V,PM,249].

катмадóх (|| **катнадýф**) m 'мал тавански прозорец' [MS,s,48].

като (и: **катý**) 1. adv *а.* 'колку' (укажува на степен, размер) ~ *един сон соних, една змија ка се пушти да ми хапни, като вратот ми дебела* [MC(B),95]; *б.* 'како' (за споредување) ~ *"за ш'étати пу сукáциту, катý прóсјąц'éту ут кăш'та на кăш'та!"* [MS,t,84]; *д'ăт'ąту пáк утúва, кáту прăвнију в'éч'ер* (= младичот пак отишол како првата ноќ) [MS,s,49]; 2. conj (укажува на време) *а.* 'кога' ~ *и кату гу видé барлúвојут речé: "брате, éту на мáјка ми и вратéното, што и принд'áла!"* [V,PM.241]; ~ *кату чу такá женáта му, му вéли: "мăжу, тóлку годúни има, што сми женéти сос тéбика, нéкој пăт не ми кáза, ча úмаш брáт на Стáмбол"* [V,PM,18];

б. 'додека – истовремено вршење на дејствата' ~ *макеха Ратка чешлаше [като ја чешла кăлнеше:[– Да дае Господ Рате ле [црна Циганка да станеш [Циганка црна катунка* [БД,70]; ~ *и татко ѝ отговори: "мари керку, кату орјах на нивата, истом каде икиндиа дошел и тојнака таму, ме питал за некој близну село"* [V,PM,54]; ~ *фчера мојту дете кату плачаши на дворут, сакајке от мајка му пари... падна от неботу един карагрош от прет негу* [V,PM,38]; *в.* 'откако, штом' ~ *тогáс децáта, кату чýха такá от тáтко им, и тройцата спăлзнáха рăка и излéзоха от тáтковата му кăшта* [V,PM, 19]; ~ *и кату си свăрши тóј рáботата му от онáја адá, станá та отиде на дрýго мéсто* [V,PM,23]; **3.** 'бидејќи' (укажува на причина) ~ *кату беха торфанда смоквите, друк не можи да га купи, цар'ут га купи* [V,PM,35]; ~ *си научи харно царковниј рет и кату му беши харин гласот, и кату немаха рахат от аскерите, побегнали от таму* [V,PM,40]; ~ *и тóј, кату бéши млóгу ихтибарлúа човéк, как гу и бил кадúата, гу бéши ст.áм да излéва прéд човéците* [V,PM,26].

катóх m 'килер, подрум' [MS,s,48]; во Воденско: **катој** 'ограден простор за крупен добиток' [BV,81].

катрáн m **1.**'црна маст за подмачкување' ~ *јаска тебе свеќа ќе ти светам [зеде Марко жалта ругузина [ја намачка со црна катрана [а запали она да изгори* [БМ,46]; ~ *мóш' да клад'éш' ниш'áн'ă, на зим'áта пéп'ăл за настил'éш'; и на скáлата пармáку катрáн за гу намáж'иш'* [MS,t,22]; ~ *ак те личе за младина, лице] ќи те ранам лице] цăрвен шикер, сухо грозде] ако не те личе, лице] ќи те мажам лице смола и катран* [ИГ,101]; **2.** fig. opp. на "рај" (= пекол) [ПК,2 (65)] ~ *уф-кăтрáно ќи-врúи* (= ќе биде на вечна мака во пеколот).

катрáнин adj 'нешто што содржи катран' ~ *é шó кулáј најдéте: катрáнин казáн турúте, тáм да-прапáдне уф-казáно. Дóбро, прападнá мó: гáзда, áма дудéка му загúне глáвата, áс мо:-зéх и на мужéте до:-пузнáјте кóј чувéк е* [ПД,171].

катý катáм (|| **хатýк хатáм**) adv 'овде, онде' (= а-тука, а-таму) [MS,s,49].

катука adv 'тука' ~ *дали некоја чума почукала катука?* [V,PM,276].

кату-как 'како што' ~ *затова, кату как ви кажа цар'ут, такá да чинити* [V,PM,32].

катуна* f 'времено живеалиште, пр. планинска колиба за сточарите' (во случајот што следува: **черга** = циганска колиба) ~ *грабнала стомни вăв раце [за вода Ратка отишла [таму си Ратка намери[до три ми црни Цигани... катуни Ратка завлекле [клетвите Ратка стигнали] Циганка црна станала [Циганка црна катунка* [БД,70].

катунка f 'Циганка од оние групи што немат постојано живеалиште, што спијат во **катуни** (= колиби); споменативе Цигани уште ги викаат и **чергари**' ~ *макеха Ратка чешлаше [като ја чешла кăлнеше:[– Да дае Господ Рате ле [црна Циганка да станеш [Циганка црна катунка... ~ грабнала стомни вăв раце [за вода Ратка отишла [таму си Ратка намери[до три ми црни Цигани... катуни Ратка завлекле [клетвите Ратка стигнали] Циганка црна станала [Циганка црна катунка* [БД,70].

катăричка f , zool. Sciunus vulgaris 'мало шумско животно – верверица'

~ о́на и́ма гуле́ма у́бува па́шка, ја́де но́го ле́шки [ПК,2(58)].

ка́ул* m 'опклада' – се среќава во повеќе синтагми со различни глаголи, сите со значење = се обложи, сп. изр.: **фати каул** *~ "хич' ни вид'ạ д'ăгунд'ạ во́гни?" "Вид' х". "Е, ти са си нагр'ăл, сă ни фа́ш'та ка́улу!" и гу згóни* [MS,t,54]; *~ каул се фатија јунак ем дивојче [заидно да спијат да не се бурават [момче му такцало гердан од ил'ада [мома му такцала колан ут петстотини* [БВ,213]; **чини каул** *~ на гатјут гу срете един цăрн арапин, сакаши да му земи нивјастата. Каул чиниха сос негу да са борјат: кој ке надбори, он да земи нивјастата* [V, PM,78]; *~ му-вили́ дирминц'и́јата: "Ка ч'и́н'ими кавýл, кóј ка-ка́ж'и пóгол'а́ма лаж'а́, ка-и-зе́ми и три́тẹ товáра пш'ẹн'и́ца"* [ВБ,344]. *~ на онаја водиница фатиха, каул чиниха сос водинчарот: да сторјат една пита, и, от двата кои ки смами, на него да е питата* [V,PM,200]; **каул стори** *~ каул стори кеманциата сос царјут: ако не гу стори на н'амојут да отговори, царјут да му везми главата* [V,PM,192].

ка(ј)урин* m 'назив за христијанин, немуслиман' [V,PM,371]; *~ но увреинот еднош гу беши нал на чаршиата и еднош му вели: "а бре кајурин, ја парите дај ми, или за ти зања на пашата, да ти заторја!"* [V,PM,193]; сп. **ка(ј)урка** 'жена христијанка' [BV,82]; *~ што ме срце тргна кајурка да станам [кајурка да бидам на црква да јодам [– А к те срце тргна бегај по меника* [БВ,56].

каурски* adj 'нешто што стои во врска со **каурин**' *~ засфирил Марку, засфирил [сас тенка бјала пишчалка [ваз горна - долна махала [ваз каурската механа* [БД,24]; *~ тогај си Ратка дочула [дочула песна кајурска [тогај се Ратка покаја [зашто се млада потурчи* [БК,81]; *~ седи си мајо слободна [каурска пушка ни рани [каурско ноже ни сјачеа* [БД,160].

кафе (и: **кајве́**, односно **каавé**) n, bot. Coffea arabica 'зрна од тропско растение од кои се прави пијачка за освежување' *~ ги кирáса пу инó кајвé и прáв'ат мухабéт, ч'áкат да сă сфари́ мáнц'ата* (pl *каје'ăнта*) [MS,s,45]; *~ си пустил'áха да пуч'и́нат и бáбата сăс гул'áма рáдус му стóри кафé* [MS,t,84]; *~ не одăт ув таквијă кăвинијнă, кăдă имă ... кој нак... ами поминува су 1 улнук (1 копејка) кафе* [ME(P),87]; *~ éс пи́м сáмо áс каавé* [CK,318].

кафе-ода 'послужување кафе, фактички се мисли на разговор пропратен со пиење кафе' *~ напкун отидех на кафе-ода, ма питаха: "што сакам?" – "Ај така и така ми халот"* [MC(B),89].

кафеџ'и́ја* m 'тој што служи во кафеана, крчмар' *~ мáјка-и кáзува с'éтн'ạ на тáтка-и: "нáш'та мóма и́ш'ти да éзми на кафеџ'и́јата измикáринут за мăнч' "* [MS,t,84]; *~ го виждаши ч'унки пак тес троицата: единојут му беши кафеџиа, второјут сиизин, третојут ахчиа – му готвјаши манци* [V,PM,177].

кафи* n (в. **кáвинé**) *~ и́днă вéчер излéгăт нă-кáфито и су бáбăта, су дéдуто пи́јат, димéк, сă-висéл'ăт* [ДК,140].

кафиц'и́к m 'метален сад (со долга рачка) за верење кафе'; сп.: **кăвăлăк, ц'узвé** [MS,s,45].

кафказ(ин)* m 'човек од Кавказ' (= симбол за тврд, суров карактер?) *~ кажи Маро враго кое момче сакаш [Маро мор кафказко кое*

момче сакаш [јас го сакам мамо тое калеш Томо [БВ,263].

кахарлиа adj, indecl. 1.'загрижен, нерасположен' ~ *как гу виде мајка му, така гу пита кротку-кротку: "варај, синку на мајка, што си толку кахарлиа?"* [V,PM,43]; ~ *му ја зе главата и побегнала, оставила котката само бл'удуту на софрата. Стана тој кахарлиа, котката да ја тера и тука, и тамо* [V,PM,210]; односно: **кăхăрлиа (кахăрлиа)** ~ *Јангелино прво л'убе [шчо ми са си кахăрлиа [дăл си гола, ил си боса [запретни са, засукни са [да јумјасиш чисти љабе* [БД,96]; и: **кахирлиа**: ~ *му и рекла царјут, да му донесе филдиша. Ја тој посака три дни мјухлет... Тогај отиде на мајка му кахирлиа* [V,PM,jл'j]; **2.** 'измачен' ~ *нóго мăка видéме устóо бéгинто, кăхăрлúј л'ýде сме нúа бижáнците* [ПК,2(173)].

кахпеа f'девојка (жена) со неморално поведение' ~ *и отиде с много радос на Марин базирґан и на другите да му вели: "е море господари, де она є била кахпеа! Играј с секаков човек. Ету јазе хем ја фатих и едну мишјан земах от неа, ако не верувати"* [V,PM,166]; и: **кахпе** ~ *и он ја отговори да ја вели на бабата: "е море бабо, де она е била халис кахпе! Хем ја сам фатил, и ету ме даде и един алтăн"* [V,PM,165].

кахăр m **1.**'грижа, жалост' ~ *сирáк Кулýф от кахăр и от жáлбата му са чинú кату нúкакоф човéк* [V, PM,10]; ~ *така кату на млого кахăр што си наваши кралицата, ету един ден едни ґупки маесни шетаха по градот, та проминали приз кралицата* [V,PM,208]; **2.** изр.: **кахăр бере** (= се жалости) ~ *царúцта тáмо мóшни кахăр берјáши и млóгу са жáлиши. Пóсле нéколко дéна родúла еднó мóмче и са хрáниши тамо сóс зелéни трéви и зéлје* [V,PM,154]; ~ *тогас кату от гробот глас са и чуло: "Ај керку, мила керку! Ти за това кахăр ми бериш: тебе Госпот ке ти чува, ке ти брани!* [V,PM,274].

кахăрландисува (са) impf 'многу се грижи, се коси' ~ *"да идиш, от протудрако да ми докараш гăлăбите му!" Кату чу така Мајдон, пак фати да са кахăрландисува* [V, PM,74].

кацарá кóсми adj, n 'кадрава коса' [MS,s,44]; во Кукушко: 'парче кадрава коса што паѓа над очите' ~ *тáа кăцăрáта óчте ки-ти-ј извáде* [ПК,2(66)].

каца* impf **1.** 'застанува, допира' ~ *папаруда л'аташи, л'аташи [ут дăб, нă дăб кацăши, кацăши [и сă Богу мол'аши:[– Фати боже росицă, росицă* [БД,24]; **2.** 'се пренесува болеста – од човек на човек' ~ *три икимџ'úји сă развр'ă-в'ąха за бóлкит'ą: "јóк кáцат бóлкит'ą ут идúн ч'ув'ăк на дрýк!"* [MS,t,42].

каци (сă) pf 'се поткачи (на повисоко)' ~ *дúрата гóр'ą сă кáци, алá да си пóј дúрата нasáт' н'ă-си уч'илá* [MS,t,22] (в. **кăцне**).

кација f'мала лопатка со која се чисти огништето, односно печката' ~ *па си го пратила дури на Амерка [пари да пичали, руба да ти купе [вршник ем пудница, маша и кацција [маша и кацција, копан и корито* [БВ,181].

каче* pf **1.** 'стави нешто (некаде) со поткревање' ~ *"Да го дајте на бегот, и ако излези да дој с вас, харно, ако не излези и е болин, да гу качите на тезјарото и да го донсите"* [MC(B),89]; **2.** 'обеси

нешто (стави да виси)' ~ *носиш ли кемер през крста? [Струмка му порти јотварја [дено Стојан конче врзува [и тој там конче врзува [дено Стојан пушка каче [и тој там пушка закаче* [БД,100]; **3.** 'покрене некого (или нешто) и го стави на коњ или др. превозно средство, за да биде пренесен' ~ *ќа а ка́чăт на ко́јнут, ќа а иска́рат ут се́лто на во́нка, ќи сă про́сте ус та́ткуто, ус ма́јката, ќи чи́не мита́јне, ќи ба́кне рăка, дă тăка́ ќа а ка́чат на ко́јнут* [ИГ,117]; ~ *"вудничáро мј-ă скăпá глáвта дă ми-тéче мóзуко. Амáн, рицá-идéрăм, кáчи-ме нă-гăрбо и уднéси ме дóма!" Вăлко ă-кăчи́л лиси́цта нă-гăрбо и ă-нóсе дóма* [ВД(П),286]; **4.** – **(си), (сă)** 'се измести, в. т. **1.**' ~ *тогас мајка му си качи на тавану и му извади татковата му пушка* [V,PM, 41]; ~ *земá еднó вăжи ... да си обеси, фăрли вăжито на врăх дăрвóто, тури́ от-дóл еди́н кóш, си качи́ тој на кóшот* [V,PM,7]; **5.** – **(са)** (в. т. **3**) ~ *напкун отидох дома, са обличих, са качих на кон'ут и си дојдох тука право на митрополијата* [MC(B),87]; ~ *сите мен ме испраќат [само мојто верно либе [покрај мене го нема [јас се качив параходот [и извикнах на сáт глас* [БВ,315]; **6.** изр.: **óш нé сă-кăчи́л нă-мăгáрто нóјсто си-ј-мáа** (= се кажува за некој што се фали пред време, пред да се заврши работата) [ПК,2(187)]; **нă-висско ќи-мј-о-кáче лéбо сăнкин** (= не зависам од неговата добрина, не може да ми стори ништо) [ПК,2(183)].

качувă* (сă) (и: **качуве**) impf **1.** (в. **каче**) ~ *оралут му рекал: "Една змиа иде ката гудина, ми јаде пилците..." Тоги детето а удире змиата, ка са качувала по дрвото, а утепуве* [V,PM,271]; **2.** 'додава, става повеќе' ~ *кăдă-ј ногу семиту там гу скусувă, кăдă-ј малцă там гу качувă* [ME(P),90]; **3.** – **(сă)** 'се подместува, се движи кон повисоко место' ~ *нă-мóш сă-кăчýвум нă-дăрву* [ПК (М)]; ~ *на лулката се качува [дилбер Босилка [оздол иде лудо младо [с брза којна [шо ин пејат нинте друшки* [БК,43].

кáш'-ми (< кажи ми) – зап. н. ~ *жинáта-му вили́: "брé мăнц'и, кáш' ми ... ш'то бркаш', да си ни загуби́ умó?" – "млăч'! нимóј вр'ắ-виш'! "* [MS,t,11].

кáш'а f **1.**'варено јадење од брашно и вода измешани – ретко' ~ *иступл'óвами вóда, фăрл'ами мрăва брáш'ну н'éтр'а гу забрăкувáми кутý кáш'а* [MS,t,6]; ~ *грозде да дават сус туваре [да си варме слатук пикмез [да си варме блага каша* [ТГ,435]; ~ *бигáјки пумина́ уддéка ăднá вудени́ца зă-дă-сă-скри́. Глéде прăд вудни́цта ăднá тáва сус-кáша* [ВД,286]; **2.** fig. 'нешто измешано, неуредно' ~ *кату фатиха сички тамо да играјат, и казанот кату фати да играе, водата и каминиту си турнаха наврах кадиата. Кадиата са чини вода, каша* [V,PM,230].

кашичка f, dem. од **каша** ~ *пеперуда л'атала [под букови корени [две са змии кл'уцаха [кои ша земи бабичка [да му вари кашичка* [БД,26].

кашле impf 'испушта специфични звуци при дразнење на дишните органи и грлото' ~ *кáшле кýту стáр* [ПД(Ф)]; во Солунско: **кáш'ли (сă)** 'се кашла' [MS,s,48].

кашлица f **1.**'испуштање на специфични звуци при дразнење на дишните органи и грлото' ~ *мă-фăти́ áдна кáшлица нă-мóш сă-издýшум*; во Солунско: **кáш'лица** [MS,s,48]; сп. **цăрна кáшлица** (= болест кај децата

со мн. силно кашлање, коешто граничи со задушување) ~ *нéкуј и вúкат цăрна кáшлица, нéкуј па магарéшка* [ПК(Г)]; 2. изр.: **мо:прăсичé кáшлицта** (= го принуди да биде смирен со пореални амбиции) ~ *нóго бúше сă-нăпăрчúл, áма Тудăрáкто кá о-испизú áдно árно, дă-вúјш кá мо:-прăсичé кáшлицта* [ПК,2(177)].

кашмер m 'потсмев' ~ *му-вел'ат: "дека хождаш, калеко?" – "На кавгата". – Тогај веке на кашмер го са зевали дип, вел'ајке: "калеко хожда, и си вăрновами"* [V,PM,160].

каш'тýрка f 'куќичка' (dem. од **кăш'та**) [MS,s,48].

каш'ќéта f 'вид капа, со сенка напред, повеќе е обична во медитеранските земји' [MS,s,48].

кạăр m 1. (в. **кахăр**); 2. изр.: **нă-тéп ạтăр, нă-мен кạăр** (= се кажува кога некој претерано се грижи за другите и со тоа си прави штета за себе) ~ *не си глејш дă-сисвăршиш твојта рăбота, туки нă-тип ạтăр, нă-мене кăăр, си-правиш* [ПК,2(186)].

квáкне pf 'заседне' ~ *амáн уд нéго, кá ќи-квáкне, нă-мóјш дó-скóрниш, цéл дéн д-о:-устáвиш – цéл дéн ќисéде* [ПК,2(169)]; ~ *цéл мéсиц кáј квакнáл, нé му тикúне да-с óде* [ПК,2(58)].

квас m 'средство за потквасување, содржи габички за ферментација' ~ *рет сторили л'ап да мјасат [рет је дошло Мара да мјаси [квасă хи са закл'учили – [та и квасъ, та и солтă* [БД,94]; ~ *тој ден четвăртук на нивјастинската кашта рано викат попот, им пеј водосвјатение млого пате, и они на понеделн'ак и на читвăртук за фаштат квас* [V,PM,248].

квạсáрник m 'глинен сад во кој домаќинките го чуваат квасот' ~ *гăрнче ут-прăс, висóко кулк áдна пéда, ус-кăпáче, зă-квáс* [ПК,2(58)].

квасинúк m 'леб месен со квас' [ПК, 2(268)].

квачка f 'кокошка што води мали пиленца, се грижи за нив' [ПГ(Ф)]; ~ *нájдоха áф еднá дýпка еднá лешúца. Човéкот вéли на лéшицата: "лéшицо, да ни сăдиш прáво, јáзе ке ти докáрам еднá квáчка сóс дéсет пúлца бакшúш!*[V,PM,41]; ~ *малко ли ви сам донела [донела и докарала: [шарăна крава с теленце [и теленцето шарăно [шарăна квачка с пилета* [БД,64]; и: **кфачка** ~ *а-е, јáс нă-тéбе ќи-ти-пудáрăм иднă-кфáчка су-читирдéсит пилúна* [ВК,326].

Квачката f 'име на сосвездие' ~ *тúа сă нóго sвéзди, излéват пу Кирвáнката* (**Караванка** – име на др. sвезда) [ПК,2(58)].

квечери 1. 'јадење навечер – вечера' (независно од формата лексичката единица претставува предмет во реченицата) ~ *Никола постаци [да пусниш Елена [кăдăни са болни [прогимă да зготви...[* ***Елена остана [квечери да зготви*** [БД,34]; 2 'вечер' (во вториот случај споменатава единица има улога на субјект) ~ *да пусниш Елена [кăдăни са болни [прогимă да зготви...[Елена остана [квечери да зготви [* ***квечери дојде*** *[Елена не дојде* [БД, 34].

квиче impf 1. 'кога свињата испушта глас' [ПГ(Ф)]; 2. изр.: **тú гу-чéшиш, óно квúче** ~ *ти му-прáвиш árно, а он зă лóшо о-зúме* [ПК,2(199)].

ке part (за образување на идно време) ~ *гу-чинúхми хајдамáк, éту сéга кáту си нарáсти не кé да рабóти*]V,PM,150].

квăкну́ве impf 'заседнува, се задржува долго време' [СК,327]; сп. **квакне**.

кеба́рски adj 'нешто што е со висок квалитет (што му припаѓа на великодостојник)' ~ *"ско́ру да ми даде́ти да ја́м, ча мо́шни сам гла́дин! И не́мој гле́даш кеба́рски ма́нци: што да е јаз ја́м"* [V,PM,24].

кебе* n 'дебел (волнен) покривач' ~ *погоди се дрчува година [дење врне, но́кум заледува [залепили им се пушки за кебијна [ја кебијна за срма јелеци* [БК,86].

кевернија f 'трошоци околу издржувањето на болен човек' [BV, 85].

кедар m 'пакост, штета' ~... *или на ју́куматут ки ти нăправă некуј кедăр* [ME(P),90].

кедерлиа adj 'болникав' ~ *но́го кедерли́а му сă-пугуди́ же́нта* [ПК(Кр)].

кејф (и: **кеф, кјеф**) m 1.'пријатно доживување' ~ *и ка́к гу виде́ха мо́мите Кулу́фа, си́чки на́ нога стана́ха от ра́дост и која́ понапрет да му рече́: "добрја до́јди!" Ама Кулу́ф не́маши ке́ф, зашто от не́гу по-гол'а́м има́л по кра́ј не́гу* [V,PM,10]; 2. 'волја, располагање (со нешто)' ~ *да се рăзберă ва рăботă сакă да се кажă најнаприд, оти сăтă лăгачки му стоат на кјефут нă бегут* [ME(P),85]; 3. 'задоволство' ~ *му вели на цар'у́т: "харну ти докара авциолиа таја кожа,... да направиш една удаја и да га постелиш... да пирл'ага за три кефа!"* [V,PM,41]; 4. изр.: **сиглéде кéјфут** (= живее слободно, по своја волја) ~ *о́на ше́те, пра́ве, си-гле́де ке́јфут, и́ч не́ да́ве пе́т па́ри* [ПК,2(197)]; **немам кеф** (не сум добро расположен) ~ *утринта, кату стана от одăрот, си уму лицето, вели на жена му: "варај, жену, динеска, кату немам кеф, нека дојди едната дивојка с мене на овците!"* [V,PM, 169]; со исто значење: **не́ сум нă-ке́јф**, односно: **не́ сум кифли́а** (= не сум расположен) ~ *е́ла друг пăт, ва́адăн не́ сум кифли́а* [ПК,2 (181)]; **ти расипа́х ке́фут** (= направив нешто против твојата желба, те нерасположив) ~ *е́ту то́лку гуди́ни шо ти рабо́там, и не́кој пăт не́ ти расипа́х ке́фут* [MV,K,281]; ~ *же́ната му ве́ли: "е, цани́м мăжју, кату гу ви́дох со́с мома́та пригăрнат, нифтја́х да му ра́сипа ке́јфот, пу́снах на́ше дја́ца* [V,PM, 146]; со блиско значење: **му скрши кефут** (= не му ја исполни желбата) ~ ... *ămă ја скăрши му гу сăл тро кефут дă видиш тогăј колку пари чинă* [ME (P),90].

Кекаро m 'име, прекар (?) од Солунско' ~ *напкун питами: "Кој излезе сега наскоро от свадбата?" "Ште, излезе Кекаро и Бојко, двојца"* [MC(B),92].

кел'а́к m 'неплодна земја' ~ *ме́сто що́ не́ ро́жде, уф-не́го лижа́ла во́да, зе́мта-ј кут ке́л'ува* [ПК,2(58)].

кел'гире́н m 'неплодна земја' ~ *ло́ша зе́мна, ни́што не́ да́ве, пăрста-ј кут суле́на, а-бли́жат о́вците* [ПК,2 (58)].

келе́ш m 'погрден збор: неугледен, тој што не заслужува внимание' [ПК (Гр)].

ке́л'уф adj 'тој што има рани на кожата – лепрозен' ~ *по́сле, дăзе́ме ут-та́ во́да, ца́рувута ке́рка-ј ке́л'ува, дă но́се (ле́кува ут се́кăде бăркăт, нă мо́жăт да: изл'ăку́văт), дă му но́се ки-се изле́че, и па́ри ки му да́: о́ште удго́ра ца́ро* [ПД(166)]; ~ *еме́н да флези на идно́ се́ло, гу причикува́ле де́сет ми́на ке́л'ови* [MV,K,Кл'л]; и: **келев*** ~ *отде дојде пуста сипка [та осипа тојто стадо ... [та остана дор једничко*

[и то бјаша бре краставо [и то бјаша бре келево [БД,38].

кем impf 'сакам' (од χътати) ~ *му показаха и карагрошите, ама тојнака рече: "дурде не видам пț ет меника да падни некој, не кем да верувам!"* [V,PM,38]; ~ *тójнака вéли: "нé сáкам јáзе злáто и срéбро, туку сáкам кóн'у хендéк атлатáн. Аку ми гу дадéш, хáрно, аку нé, не кéм нúшту"* [V,PM,112].

кем adj, indecl. 1.'нешто многу добро' (во изразот: *и óн нé-ј кéм* = и тој не е идеален) [ПК(Гр)]; 2. 'работен, прокопсан' ~ *тá мóма нé е к'éм* [СК,327].

кем pron 'кого' ~ *диуојку мари диуојку [ни гледај мари диуојку [с кем стă зимоваш диуојку [с кем стă л'атоваш* [БД,52].

кемер m 'кожено кесе за пари' [BV, 84]; ~ *н'акој ми чука на порти [дăл порти да си јотвора? [– Струмке ле младо невесто [питај го Струмке, питај го [носи ли кемер през крста [тогај му порти јотвори* [БД,100].

кемерлија adj 'нешто што се однесува на кемер = кожен појас во кој се чуваат пари' ~ *сон сонило лудо младо [на сон дошла малкај мома [да му легне на раката [на раката, на ракавот [ракаво му кемерлија* [БД,40].

кеманецца m 'музикант' ~ *во еден ден царјут за денот мо и имал гозба и гостјăл гости, в трапезата му имал и еден кеманецца. Тос кеманецциата, кату гу виде н'амојут...* [V,PM,192].

кенди́халăнă adj, indecl. 'човек со тврд, непопустлив карактер' [СК,327].

кеносе pf 'послужи, стави на маса јадење (пиење)' ~ *вечерот, кога си дојде манжот ú, и штаха да јадат, кладе жената софрата и кеноса на един сахан едната јарибица и биската ú, и го кладе саханот на софрата* [V,PM,240].

кепе n 'дебела облека, ја носат овчарите' ~ *"не мога, синку, сос што да ти благодар'ам, туку нá ти о това кесе и това кепе дар от меника"* [V,PM,33]; ~ *вúкуме ти уфчáрто шó-ј нóсăт,... áко-ј пă тýпăно, áко-ј вáл'ăно* **кéпе** *сă вúке* [ПД(118)]; ~ *тогас ахтаринот му каза сукако, и тојнака си зàви сос кепету и отиде при царјувут конак* [V,PM,34].

кепче n 1. 'дел од ралото – крајниот издигнат дел од **арăшот** (гределот), што се спојува со **бондруќот** (јаремот)'; 2. 'мал дрвен сад, црпка' [ПК,2(58)].

керамида* f 'глинена плоча, добро печена, служи за покривање на куќи' ~ *и хи рéче: "Мáјку, аку мóжеш да приспúш тази нăш на керамúдите отгóре на кăштата, шта та оженем"* [V,PM,264]; и: **кирамида*** ~ *един ден, кату идех от вăнк, видох на врăх кирамидите лăскаши едно нешту* [V,PM,40].

керасува impf 'почестува гости, им подава кафе, слаткиши, овошје и др.' [BS, 84].

кератија* m 'погрден збор, нераниајко' ~ *"Аман, Трајко, да си жив, остави тој човек, што сакаш ки ти дадими". "Јук, кератијата ке го носам на Солун"* [MC(B),92].

Керванжијцка 'име на ѕвезда Деница' (кога ќе се појави таа ѕвезда тргнуваат керваните) ~ *мар та запали финер борна [мар та изл'ази вăн на чардаци [мар та са уопри честом пармаци [мар та погл'адни низ јасно небе [мар изл'азл'а ли ја звјазда деница [звјазда деница, баш керванжијцка* [БД,95]; и: **кирвáнка** ~ *испáѓе сабáјле рáно, нă-кирдúјте*

(= тие што превезуваат стока) *дим свéте дудéк сă-прăвúде* (сп. **керван** [ПК,2(58)],

кересте (и: **киристе**) n 'дрвен материјал што се вградува во куќата, особено во кровот' [ПК(Ал)].

кéрка f 'женско чедо во однос на родителите' ~ *цáр'увата кéрка гу чý, кáк вúкаши, излезé дури на пóртата* [V,PM,29]; ~ *ма скриј ма, скриј ма миличка мају![– Де да та скрија миличка керку?[– На твојано си десничку крилу [десничку крилу, десна пазува* [БД,56]; ~ *Танка Арнаутка излизе на пазарот, тури един тел'ал и викаха, и така не испадна никој луд да продај керка за многу пари* [MC(B),93]. Сп. **керо** vok. од **керка** ~ *на сички дава по једно цвјатленце [на мен си дава ја једнă хурка [кришом ма поглева. Дали да го зема [дали да го зема мају, јели немој? [– Керо мари, керо, ти кого ни земиш [мар ја шче го зема, татко да ти стани* [БД,36].

керпич m 'тула што не е печена' ~ *та фати мајстори, му сечеха керпичи, и на секој керпич турил по един камен цифаир* [V,PM,190].

керханé n 'куќа во која има девојки што се занимаваат со проституција, јавна куќа' [CK,327].

кесат adv 'нешто во мала мерка, недоволно' [CK,327].

кесе n **1.**'сошиено платно како торбиче, во него се чуваат парите – паричник, има поголеми кесиња со кои децата одат на училиште' ~ *старио му вели: "синку, аф това кесе колку дребни пари да туриш, сé алтăни ке да си чинат"* [V,PM, 33]; ~ *извади теслата му и фати да дјалка едно другу и, кату дјалкаши, му падна кеситу сос парите аф водата, кату на Струмс. нетри* [V,PM,87]; ~ *"не мога, синку, сос што да ти благодар'ам, туку нá ти о това кесе и това кепе дар от меника"* [V,PM,33]; **2.** изр.: **мистăнá уртáк нă-кéсто** (= многу често бара и му давам пари) [ПК,2 (176)].

кесаџијче n, dem. од **кесаџија** ~ *бре терзијче, кесаџијче [шу ма често прогледнуваш [ни сăм крушка дă мă зобниш [ни рăкија дă мă испијаш* [БД,128].

кесиџија (и: **кисиџија**) m 'тој што ограбува, разбојник' ~ *изл'ава сама на сокаќут и нала един арапин кисиџија. Кисиџијата ú рекла на неа "ајде л'убов да са уженими двата!"* [V,PM,235]; ~ *ма дене имала [ма здраве немала...[ма шчо си ма дала [на зăл харамија [на боил ќасјажија* [БД,162]; ~ *слушнале гу клети арамии [арамии до триесет души [четиријсет души кесиџии [фанале гу Коста врзале гу* [БД,168].

кесим m 'времено користење на нешто (пр. на нива) со соодветна наплата, аренда' ~ *гу пувелјă чифликјут или су људă шо-ј пушкјă низ пăтă или пă гу давă кесим* [ME(P),85]; ~ *сеа имă кулибă и сă давă су кесим (наем) 25 л.т. нă гудинă* [ME(P),89]; ~ *тијă шо сакăт дă ловăт су потискă или су мрежи му плајкăт нă мајстурут нă кулибăтă кесим* [ME(P),89].

кефлијă adj 'весел, расположен' (обично по пиење алкохол) ~ *като вăрвјал по пăто радостан и кефлијă, срештнал един овчар с три хил'ади все бјали овци* [V,PM,280]; изр.: (**нé сум**) **кејфлúа** [CK,327]; сп. **кејф**.

кефсиз adj 'нерасположен, налутен' [V, PM,372]; ~ *веч'ар го пита жената му: "дек си бил толко дни? Што си загоби?" Ја он ја вели: "бех на*

един приател на гости и, кату бех малко кефсиз, не можјах да дојда" [V,PM,170]; *~ та́а нивéстта кефсăс сă-чини́ла* (= невестата се нерасположила) [ПК(Мут)].

кехаја* m 'сточар, в. **кихáја**' *~ на дружина вјали [вјали и гојвори:["Дружини, дружини [Димови дружини [ја мă каде је Димо [Димо кехајата?"* [БД,35].

кехајув* adj 'нешто што му припаѓа на **кехајата**' *~ от хорото праве станува, сам отива на Лиму кехајувата куќа на гости. И, кату си напиха ракиа, фати чилиби Теодорак да му вели на Лиму кехаја* [V,PM,163].

кечибујнази n , bot., Ceratonia siliqua 'сладок овошен плод на средоземноморско растение, има рокчиња' [BV, 83].

кéше (сă)* impf 'се дотерува (премногу), кокетира' [СК,327].

кешки (и: **кески**) part 'нека, ѓ'добро да' *~ тога тја станала пиле, што сă зове "тјувка", та и ду днешнио ден ходи от даро на даро, жали сă и вреви: "Тјух! Кески да донесјах на мајкă вода! Тјух! Кески да давах на татко царвулето!"* [V,PM,292]; *~ вели старата самовила: "Ај мăжу, падарин беши наша керка, бостан'ут беши јунакут, кешка да урвиши една либиница* [V,PM,279].

ки part *~ тогај калек му кажува раната, што и била врăзана, хем му вели на царју: "таја сирвета да не и, што ми вăрза?" Га го виде царјут, позна ки, как он бише* [V, PM,161].

кивернúса pf 'уреди (нешто)' [MS,s,50].

кивернисýва impf 'се грижи за болен' [BV,87].

кивор m 'гроб' [BV,87].

киврак adj 'извиткан, кадрав' [V,PM, 372].

кизáп m 'запаллива течност, се користи при бојадисување' [BV,88].

кикóте (сă)* impf 'се смее прегласно' [СК,327].

килав adj 1.'тој што има хернија, што му попуштила стомашната кошулица' (со исто значење: **истýрăн**); 2. изр.: **нă-нóго бáби дéтто кúлаво испáѓе** *~ уф нéкаа рăбóта кá сăбăркат нóго л'ýде, рăбóтта нé а бúве* [ПК,2(185)].

килаф m 1.'вид капа'; 2. изр.: **мо: скрујá килáфо** (= го поткажа, му намести некоја непријатност) [ПК,2 (177)]; **вúд-мо: глáфта, крóј мо: килáфо** (= преку постапките се покажува кој каков е) [ПК,2(155)]; сп. **килафка**.

килафка f (в. **килаф**) *~ кáпа утцăрăн сатéн, бес-кузúрка, нóшше тéјко, нóсаа и пóпуфто нáши* (мисли на католичките свештеници) [ПК,2(58)]. Заб.: еден дел од кукушките семејства во настојување да се ослободат од притисокот на грчката црква го прифатиле унијатството, католицизмот; в. во уводниот дел на монографијата "Кукушкиот говор" од К. Пеев.

килар (и: **килéр**) m 'помошна просторија во која се чуваат различни работи, вид визба: *малéчка удáјка, уф-н'аа си-устáваа шéјвето шо нéј кулундрúсат* [ПК,2(58)]; [ПД(119)]' *~ тогај му вика кутра ми Лена:[– Скрај се бре, скрај се братче бре Таше [скрај се бре, скрај се в земни кирали [в земни кирали в шаренјо синдуќ* [БВ,66]; *~ бегут му дава нă јăрăцијтă; кукјă су тремиштă, килар, аăрă, кушуварник и сăмăлăк* [МЕ(Р),87]; *~ един ден Сраулица рече на млада Милошица: "тето, ти сă мол'ам да ми даиш кл'учовете да отворам млади килари и темни зандани"* [МС(В),95]; во југозападниот егејски дел се јавува

со различни значења: 'пивница каде што се точи вино', натаму 'кујна' и др. – Долна Преспа [В,8-].

килáрче n, dem. од **килáр** 'помошна просторија' ~ *кă ќи флéјш уф кýќта, нă дéсно úма удâјка (зạ гóсте), нạпрáво трéмче, нă лéво килáрче. Килáрчто зạ синдýцте, пустéл'та нăридéна тáм* [ИГ,119].

килеров* adj 'нешто што се однесува на **килар**' ~ *Фида мајка ни послуша [ами стана, та јотиде [долни кăшчи килерови [та јотлупи сандăците [та искара баш премјана* [БД,124].

килúја f 'орман во ѕидот, плакар' [КЕ,270].

килúм m 'постилка исткаена од волнени нишки' ~ *дунсéме п-áјн јургáн и нéкуј килúм, и нúх уф-Дубрушúнци си-ј устăвúме, си уставúме кóлта и шéјфто* [ПК,2(339)]; ~ *пусти да му останат нејните форинти [кога-ј мила мајко момчето малечко [дали да го кладам у мојто пригачче [дал да го завијам у тој пусти килим* [БВ,175]; ~ *как дă ни вехнам, мале ле, и сăхна [куга шчă дојди, мале, јов село [на черно муле, мамо јаздеше [на червен килим сјадеше* [БД,158]; сп. **ресен килим** 'покривач со многу реси, јамболија' ~ *чекај ме мамо почекај [што лудо врве по друмот [на сива којна вјанато [на ресен килим седнато* [БВ,272].

килúмчă n, dem. од **килим** ~ *чăргáре, ус-килúмчăта, дă нé-нă вăрне дóш, вéтăр дă нé нă дý* [ПК,2(2..0)]; ~ *перница немаме, перница за него [перница ќе биде мојта десна рака [килимче немаме, килимче за него [килимче ќе биде белото јамболче* [БВ,241].

килипýр m 'корист (парична но и др.) од извесна трансакција' ~ *шó килипýр шó бýфтум цéл живóт* [ПК,2 (58)]; ~ *лисúцта си-ги-збрáла фăрл'ạнте рúби пу-пăто и си-ги-уднисéла дóма. Ги-убисúла рúбите нă-тăвáно... и пá си излизéла дăбăрке нéкуј дрýк килипýр* [ВД,286]; често се употребува со иронија ~ *гулéм килипýр!* (= голема добивка! – подбивно); ~ *тú сáкиш килипýр дă о зéмиш* 'без пари, бесплатно' [СК,327].

кило n 1.'мерка за тежина' (1.000 гр.) ~ *зă пúне вóда, мóж дă бúде уд бăкăр, алмúн, ус рăчка, субúре пулвúн кúло* [ПД(120)]; ~ *тинака не помниш, каков татку имаши, ама сос твојта прокопиа за три или четри години си добил сос кила алтăни* [V,PM,51]; ~ *и-с-нучúа фнáс от úма рăкúа, вáрăхме пу пéтстóтни кúла рăкúă ут цăрнúци* [ПК,2(223)]; **2.** 'дрвена направа за мерење жито' (до 15 кгр.) ~ *и тóјнака кинúса да úди да зéми кúлото от пóпа, на пăтју сé вéл'аши: "прóсо-парú, прóсо-парú"* [V,PM,125]; ~ *му вéли: "цáрју ти са мóл'а да ми дáдиш вáшто кúло да мéрими алтăните" ... цáрјут му намáза дăното на кúлото сóс катрáн и гу дадé... Гу земá и тјáнака ги зáлепú трите алтăни на кúлото... мéрихми сос нéгу дéвет кúла алтăни* [V,PM,140]; изр.: **да ти удри некулку килă (по)кусу** (= да не ти даде тоа што ти следува) ~ *нă вăґајнту сноп, ки ти утберă баштă снопувă дă ти удрă некулку килă кусу* [МЕ(Р),90]; **3.** 'коњски товар = стара мерка за житни култури' ~ *му веле на уфчарут: "А јде, пубратиме, сега нимо сак'и пари за житто, ами на кило двеста офци да сак'иш, пак да си натамамиш офците!"* [V,PM,294]; ~ *ошти не беши седнал да почини,*

ету дујде един негов крештенлик, му вели: "калитати, ти са мол'а да ми дајш твојта кубила да ида на воденица, да мел'а еднo кило чиница!" [V,PM,94].

километăр m 'мерка за должина' (= 1000 м.) ~ *токмо на читăрдесит километра на зајдислăнца ут Солун са наогја истум до друмут* [ME(P),68].

киман'е́* n 'инструмент за свирење, виолина' ~ *на скáлата как исл'á-ваш'и кугá тугáс фáти киман'éту да гагари́са* [MS,t,27]; ~ *засвирáа кимăни́нта, зачукáа тăпăнто* [ПК, 2(58)].

киманија́ f 'музички инструмент, виолина' [MS,s,50]; сп. **киман'е́**.

киманиса* impf 'свири на виолина' ~ *да ти дáм с'ă óш'ти парú да пóш' да нáјдиш' идúн киманиц'ија да са науч'úш' да киманúсаш'?* [MS,t,27]; ~ *ч'áка, чáка мумáта да фáти да киманúса, н'éма да фáти; мрăкна* [MS,t,27].

киманисува* impf (в. **киманиса**) [MS,s,50].

киманиц'ија́ (од 'кеманеција' – со редукција) m 'тој што свири на инструмент **киман'е́** (= виолина)' ~ *да ти дáм с'ă óш'ти парú да пóш' да нáјдиш' идúн киманиц'ија да са науч'úш' да киманúсаш'?* [MS,t,27]; ~ *царјут за денот мо имал гозба и гостјал гости, в трапезата му имал и еден кеманецца. Тос кеманецциата, кату гу виде н'амојут, и рекла на царјут* [V,PM,192] – случај во кој нема сложување меѓу субјектот и предикатот (л-формата): **тој рекла**, што дало повод за тврдење дека во овие говори се вокализирал крајниот ер (за овој превид в. во граматичкиот дел).

ки́ману (и: **ки́мну**) n bot. Carum carvi 'ким' (служи како додавка кон јадењето, вид мирудија) [MS,s,50].

кимер m 'дел од плугот' ~ *то: зăвúнто шо гу дăрже тéглуто зă нăпрéди и плýго шó сă влéче пу нéго; кимéро ај спóјн зă глăвúнта и зă тéглуто, уд цăлéзо-ј* [ПД(121)].

ки́миси pron 'некој' [MS,s,50].

кинатă n, гл. именка 'отворање нова нива – *кинење* од необработена ледина' ~ *и имăт чифт бивујлјă зă нăдвурешни рăботи, кăту зă дăрвă, вудиници,... и зă кинатă новини* [ME(P),88].

ки́ндија f 'времето пред да зајде сонцето' (тогаш е третата муслиманска молитва) [BV,86]; сп. **икиндија**.

киндисан adj 'сошиен, извезен' ~ *мар и искарај Златина појас [мар л'у јобагрен, та ни јопасан [мар и искарај Златина скутник [мар л'у киндисан, та ни јопасан [мар и искарај Златина шарфета [мар л'у купена, та ни врзана* [БД,87].

кинди́сува* impf 'шие, бродира' [MS, s,50]; и: **киндисва*** 'везе' ~ *јој ти л'ел'у, л'ел'у Вело [л'у ти ли си мома била [л'у теб ли са момци терали? [нито предеш, нито тăчеш [ни на гергеф киндисваш [и неја сме моми били [и предехме и тăчахме [и на гергеф киндисвахме* [БД,69].

ки́не impf 'прави нешто да биде на парчиња, разделува (пр. хартија, конец и сл.)' [СК,327]; ~ *бýбичкąта ки-стáне пý-гулéма, сéква нидéл'а ки-ма ą-мéни стéл'кąта... и сé тăкá, а ут-тá стéл'кąта тóлкуви кумáти ки-кúниш* [BM,317]; ~ *ăмă-кá глéдăм, чéду, нé-ти-спóре... Оти сé уд-ăднá стрáнă ткáјш и кúниш кóницут – вăтукут?* [BB,309].

кини́на pl 'ситна чипка со монистра за украсување на шамиите (**чимбéрто**) што ги носеле младите невести во Кукушко' [ПК,2(58)].

кинисе (и: **кини́са**) * pf 1. 'тргне, замине' ~ *и стана да си бега, и змиата по негу киниса. Татко и́ га вели: "дека ке да идиш гинака, керку?"* [V,PM,81]; ~ *и тро́ицата спӑлзна́ха рӑка и изле́зоха от та́тковата му кӑшта, кини́саха и тро́ицата да те́рат кӑсме́т* [V,PM,20]; ~ *кинисаха на пӑтот; там, дека сӑ смеише, там плачеше* [M(B),94]; 2. fig. 'се занесе во мислите' ~ *де́к си-кинеса́л, дур не́ слу́шиш шо́ ла́фме* [ПК,2(58)]; 3. изр.: **кинеса́л ус-не́го** (= тој му е образец, тргнал да го имитира) ~ *а́рно си-кинеса́л ус-не́го, ки-т изва́де нӑ бе́ло* [ПК,2(201)].

кинисувајне* n 'заминување од некаде)' ~ *за то прид кинисувајнето му удрих иден телј: шо права да права... поскоро да да са најда на Питирбург* [ME(P),67]; в. **кинисувате**.

кинисувајте* (и: **кинисувата**)* n 'тргнување, заминување (од некаде)' (гл. именка со наставка **-јте**) ~ *нијќајки ногу да са моткама пу Одеса нија су негу така си а ујдисама работта за кинисувајтто...* [ME (P),68]; ~ *видема шо видема, пулима шо пулима ама и времиту се чини за кинисувата* [ME(P),68].

кинисуве impf 'тргнува' ~ *"Ти., риче, имише девит ил'ади офци, јас флизех, ти утипах две ил'ади и деветстотини и деведесит и девит, ти устана ушт една". – "Да ти си бил мој душман!" Факе и него го натепуве коту друзите, па си кинисуве* [V,PM,293].

кино́тита́та f 'општинска управа, општина' ~ *пујно́ вр'ӑм'а изл'а́зи ца́р'у сӑс визи́рину са сӑ ше́тат пу сила́та; до́јдуха да ка́ж'ими кото́ на на́ш'ију кла́јанц, на кумлу́ку и кла́јанцу и бил на кино́тита́та. Ца́р'у ви́д'а та́му, што пи́ш'и на кино́тита́та* [MS,t,39].

кипазе n 'бесрамник, човек со ниски квалитети' ~ *му флезӗ нӑ бегут пут кожӑ, шо не гу-јзваѓӑ негу кипазе* [ME(P),90].

кипарис m, bot., Cupressus sempervirens 'јужно, зимзелено дрво, го има во парковите' ~ *утрината, га стана от спанету, и видел тамо, дека ја имаши закопана, биши зникнало един висок кипарис. На кипарисот, на коренот имало писано едни букви, штото њахто не знаиши да ги пеи* [V,PM,198]; ~ *хождаши царјут сос тајфата му пот сјанката да седи. Кипарисот сос даловето му ги бијши, не ги сакаши пот сјанката му* [V,PM,241].

кипе impf 'бавно, полека врие' [ПД (119)]; ~ *о́стај-о не́к иски́пе, дӑ-н сӑ-раси́пе се́тне...*

кипре (сӑ) impf 'се прави важен' ~ *но́го сӑ-ки́пре, чи́ниш ки зна́: ко́јај* [ПК,2(151)].

кипӑр* adj 'привлечен, убав' (повеќе за жена) ~ *што се вртиш, море, што се кршиш? [како змија, море кујнашница [като рипче, мори, ју водата [имам жена... ќи ја уставам... зарам твојта, мори, кипра снага* [БМ,146].

кир f (m) 'нечистотија' ~ *ништо Гано не се пуле [сал се пуле едно дрво [под дрвото лудо младо [лудо младо болно леже [кир фатила кошулата* [БВ,194].

кирли́ф adj 'тој што не е чист, односно тој што оди со валкани алишта' [ПК(Гр)].

Кирана 'ж. л. име запишано во Кукушко' ~ *а́к сӑ-стрӑму́ве нӑ–Кира́на га́штте дӑ-мо-ј убе́сме* (iron.) [ПК,2(184)]; ~ *нӑ-Кира́на ин-ај у́стта али́с...* [ПК,2(151)].

кира́са pf 'почести' ~ *ги калéсува паш'áта и валѝту за да ги густѝ; с'éднаха думá, ги кирáса ѓу инó кајвé* [MS,t,54].

кирациа m 1.'тој што користи нешто (пр. стан) по договор – со плаќање' [V,PM,372]; 2. 'тој што превезува стока за пари (во минатото тоа го правеле со запрежни коли, односно со камили)' ~ *оде Стоје крај сукаци [крај сукаци, крај друмовѝ [да ми чека кирациии [да ми прати црно писмо [црно писмо до Ѓоргија* [БВ,164]; ~ *и тојнака един ден отиде да си рашета ... и, кату шеташи таму-нака, ету и едни кирациие проминаха приз таму и вел'аха: "ама чиница ола таја нива!"* [V,PM,86]; ~ *фатил сос брадвата да дјала – не отгори да сече дарвото, туку фатил удол да дјала. Нос час замина от тамо един кирациа. Как го виде, ча за падни, му вели: ...* [V,PM,233].

кирацијцки adj 'нешто што се однесува на кирација' (= тој што превезува стока и луѓе за пари) ~ *и тија зеват... толку ут кирацијцки брăчки* [ME(P),72]; и: **керажијски*** ~ *мари Димко, моме Димко! [Димка бјали бјало платно [на рјакана киражиска [керажијска, разлоганцка [јоттам минат керажије* [БД,116].

кирацилак* m 'занимање со превоз на стока' ~ *и ут ка са напăлни Пазар су мацири, кирацилакут пумина за Бугарјту, Френците и мацирјто му зеа кјарут* [ME(P),73].

кирван* m 'група кирациии што вршат превоз на стока и луѓе (со коњи, односно со камили)'; сп. ~ **Вардино** (= име на место на патот Стојаково (Гевгелија) – Солун. Овде се менува *небетчијата* – тој што го води *кирванот* од арабациии [ТГ,423] – станува збор за периодот пред Балканските војни, кога не постоела граница меѓу Вардарска и Егејска Македонија.

кирдисе pf 'разбие, скрши' [V,PM,372].

кирдóсе pf 1. 'нешто заврши среќно' ~ *сă-зéе и сă-кирдусáа* (= се венчаа и имаат среќен брак) [ПК,2(58)]; ~ *Македонка веле гојворе [земајте мене јуначе [јаска сам сама прикија [јунак му веле гојворе [кој ке приплива Дунава [та ке ме мене кирдоса* [БВ,286]; 2. 'спечали' ~ *и тóа човéк шо си уставѝ кýки, или брáтка... или жéна, или дéца стó кáта ки си зéми дáр, и ки кирдóса жѝвот ду вéка* [MV,K,263]; 3. – **(сă)** 'се спаси' ~ *и си рéче: "Сегá некá са кóртолѝсам, и сéтне пак шта са вăрна да си óберам змѝјуви сарáе и сѝнку да си кердóсам"* [V,PM,260]; 4. сп. клетва: **дă-н сă-кирдóсат** (= да не видат среќа); освен тоа се среќава во благослови, кога се пожелува среќа: **нéк сă кердóсăт** – се однесува на свршеници [ПД(133); ~ *нéк вé-ј ајăрлѝа, млáјте нéк сă-кердóсат* [ПК(Мут)]

кирек m 'воиште, дрвото со кое се влече ралото, колата – гредел, ок' (?) [ME(P),172]; ~ *имајнту дур издивувало, оти не припалано дур на вăкăт на учејна, кирек на ралто, кирек на колта* [ME(P),77].

кираса (сă)* pf 'се погосподини, почна во разговор да се обраќа со **кирјос**' ~ *утѝди у ч'урбац'ѝјата думá, с'еднáха, пуч'инáха, сă кирáсаха* [MS,t,48].

кирѝја (и: **ќерѝја**) f 1. 'учителка' (поретко: **даскáла**); 2. 'назив за обраќање кон било која жена'; 3. 'госпоѓа' ~ *му вилѝ: "áфиндикó, на кирѝјата и ги дукáраха т'éс н'аш'тá за двáјси ѝ-пит лѝри да ги запр'éми, ш'тó вилѝш'?"* [MS,t,12].

киријӑ f 1.'наплата за користење на изнајмени работи, пр. за простории (стан) и др.' ~ *јăрăцij или чифчиј сă тијӑ силјајнă, шо имăт sивгар, а ајлăкчij – тијӑ шо немăт, и шо си рăботăт су киријӑ* [МЕ(Р),85]; ~ *фáт'аха иднá кăш'та сăс кирúја* [MS,t,84]; ~ *лозјăтă и пчиничките сă рăботăт су киријӑ* (во случајов се наплаќа за отстапена нива) [МЕ (Р),89]; и: **кирио** ~ *го товари на хамалино та го занесе на чилиби Теодораковата куќа... Та излева пак и учела дии да брăка кăлтја с кирио* [V,PM,165]; **2.** 'занимање со превоз на стока или луѓе (поретко) со коњи, со запрежни коли, односно со камили' ~ *бивише љуту, ка ки јспаниа су којлте су кирија, ниделја, две и три не са вăријни дома* [МЕ(Р),73]; ~ *неја ли сме Јано [фрет сме кережије [сăс кирија ходим [јоткрај накрај земја [и при теп шче дојдим* [БД,90]; ~ *брáт-ij бúл óдăн уф-тóо мумéнт нă-Сóлăн, пу-кирúа* [ПК(Кр)].

кирикúка f, bot. Arashis hupogea 'растение, индустриска култура со плодови како зрна што се нафаі аат на корењата, завиткани во мешунка – кикиритка' [СК,327].

Кирúт top. 'остров Крит' ~ *утúди у Кирúт...и тáм ги накáра цáр'у, стóр'аха идúн будрýм лавúринту* [MS,t,58].

кúрјос (и: **кири**) m 'господин'; сп. **афиндикó** [MS,s,50]; ~ *влезоха на една магазиа, му вел'ат на траговецот: "кири господине, нашиот базирґанин сека има пи тенко кату камуха, штото мăра драмови да има, млого пари да сече"* [V,PM, 110]; **кира** 'госпоѓа' ~ *са мóлја, кирá, на вáс, да остáним товá вéчјар* [V,PM,110]; сп. **кирија**.

киркинес m, zool. 'вид птица' ~ *пúлеј тăвá, пó-мăлéчко уд чáфкăта, óн éј сúво, пăпăл'áво, кá ки-вúде мúш сă-фăрле кут-тóпка;* fig. **киркинеѐс** *сă вúке и зă чувéк шо гувóре тéнко* [ПД(126)]; [ПК,2(58)].

кирфúи (и: **к(а)ăрфиа**) f 'метална направа, има врв, служи за ковање – голем клинец' ~ *истум го изваге жента, му факе, а клаве неа уф казанут. Ајмалиата била закачена на една кăрфиа, а зел Предлозан, си бегал* [V,PM,273]; ~ *пустолцкуту поле ј кăтă иднă кăрфија забудена уд угри слăнцă нă зајди-слăнцă* [МЕ (Р),80]; ~ *и óн му речé: акý не вúдам на рăците му нишáните ут карфúите,... и акý нé клáдам рăката ми на рéбруто му, нé ќ-поверýвам* [MV,K,252]; кај Саќов: **кăрфúа** [СК,329]; сп. изр.: **кирфúи-ми-зăбудé** (= многу ме насекира).

кислачка f, bot. 'јаболкница со ситни, кисели плодови' ~ *та-ј дúва јабýлка* [ПД(124)]; сп. **кисл'ачки** pl ~ *сúтни јабýлки, г-úма уф-Ограждéн, кúсăли-сă, мáлце нăгóрнуват, сúтни сă* [ПК,2(58)].

кисне impf **1.** 'кога тестото, во кое има квасец, се остава да стои за да се развијат квасните габи, се вика дека *кúсне*, а потоа се пече' ~ *втората му веле: пушти ме дедо [пушти ме дедо, бобот ми се варе [– Ако ти се варе нек ти заваре [третата му веле: пушти ме дедо [пушти ме дедо лебот ми се кисне [– Ако ти се кисне, нека ти прикисне* [БВ,176]; **2.** 'кога нешто стои потопено во вода' ~ *ги устăвúх дă-кúснат рýбте;* **3.** 'кога некој (или нешто) продолжително е оставено да го врне дожд' ~ *тýр-го нăтре, дă-н-кúсне нă дóждут*; **4.** fig. 'стои многу време на исто место' ~ *уставú-ме дă-*

ки́снум нă-ч́ўздо ме́сто ус-де́нуве, до:-че́кум...

киснăна пугача f ~ (така се вика) *а́ко-ј ки́снăна, а пуга́ча* (леб) *бес квас е* **присни́к пуга́ча** [ПД(118)].

кисăт adj 'тој што дава малку, шкрт' ~ *тă терăт су силă дă гу којсш и аку не ти-ј ихтиза, аку ј пă кисăт гудинтă бегут му гу прудава скăпу* [МЕ(Р),89]; сп. **кисăт сă (гудинтă)** impf 'се кусат годините, одминуваат' [МЕ(Р),172].

кисăл'ак m, bot. 'трева киселец' ~ *Мил'у са жалба нажали: [–"Мар нека Кал'у, мар нека [шча изл'азиме на л'ато [шче изл'ази зелен кисăл'ак"* [БД,74].

китап m 'книга во која се пишуваат сметките' ~ *ка к'и дојдат к'и отворăм к'итапут* [BV,89].

китен* adj 'украсен, накитен (со цветови)' ~ *играј, играј Лазаре [у ва куѓа богата [полна, рамна до врата [сос босилок китена [сос карамфил прскана* [БМ,15]; ~ *Сепето село големо [над село дрва китени [на дрва пајак стоеше* [БВ,22].

ки́тка f, bot. **1.** 'цвеќе' ~ *та́м ви́д'ạ ин'е́ ч'ајр'ạ сăс ху́бави ки́тки* [MS, t,61]; ~ *мене си давам, китка не давам [нăшчја ја клавам ăḑ чаша уода [ден'а ја носам на десна пазва [мене си давам, китка не давам* [БД,114]; и: **кăтка**: ~ *тогас тој јунак, кăту даде Госпот, са чини мăнж, ја кладе јабалката на кăтка мјасто на главата му* [V, PM,187]; ~ *тој ден ... прајат бајракот наричјан хла(м)бор. Тој хламбор го чинат с алава богазиа и сос зелени кăтки* [V,PM,248]; **2.** 'цвет' ~ *кугá за фáти да пу́ш'та ки́тка удгóр'ạ и тугáс* (го береме); ~ *ситури́ла нă-ýхто áдна ки́тка* **3.** 'дел од раката – меѓу прстите и големиот зглоб'; **4.** изр.: **ки́тка му зăкăчи́** (= го посрамоти) ~ *момта нă Мито арна китка му зăкăчи* [ПК,2(152)]; **и ти́ не́ си ки́тка (за мири́сне)** (= и ти не си подобар од оној што го критикуваш) [ПК,2(58)].

киткичка* f, dem. од **китка** = цвет; сп. ~ *та:ј тре́ва зă би́шките, ни́ско ра́сте, пу-зе́мăта-ј то:, жăлти ки́ткички си́тни цăфте, и да́ве но́го се́ме, цăрно си́тно* [ПД(123)].

китук m 'дебело парче отсечено дрво, пењушка' ~ *а ме́суту... убису́ва на адну китýк* [BV,87].

кифи́л m 'гаранција, лице што гарантира, пр. во опклада' ~ *па́к вели́ на кру́шата: "кифи́л са чи́ниш ти́нака, кру́шо, за пари́те?" И кру́шата от ве́теро си кла́тјаши ли́стите* [V,PM,125]; ~ *му ве́ли: "а́ку не веруваш, ца́р'у, пу́сни л'у́ди и, аку не ти дока́рат алтăните, ја кифил мојата глава!"* [V,PM,32]; ~ *ја́зе гу заколи́х о́лот, гу прода́дох месо́то на́ га́ргите ... а́ма кру́шата си чини́ кифи́л да ми плати́ пари́те!* [V,PM,125].

ки́фка (и: **ки́хка**) f 'кијавица, кивање' [MS,s,50]; сп. **кифкавица**.

ки́фка (и: **ки́хка, кифке**) impf 'испушта специфични звуци (како експлозија) при дразнење на дишните органи и грлото – кива' [ПГ(Ф)] [MS,s,50].

ки́фкави́ца* (и: **ки́хави́ца**) f 'испуштање на специфични звуци при дразнење на дишните органи и грлото – кивање' [ПГ(Ф)]; ~ *ај пу́ста н'а́адна и ки́хави́цта, ка́ мăзафатú ва́адин, не́ мă-пу́ште* [ПК, 2(58)].

кихаја́ m 'богат сточар, тој што има многу овци' ~ *ути́ди ж'ина́та у идно́ с'е́лу да брăка ра́бута; ја з'е́ иди́н кихаја́ (ч'е́лингáта) за графе́а*

[MS,t,68]; ~ *раж'ани́ната уста́нува на ни́вата, ја з'е́ват ки́хајйту, ја зан'е́ват на ма́драта* [MS,t,67]; ~ *ој кихаја, млад кихаја [изврзи си кучетăтă [шче ти дојдат харни гости [харни гости туј харито* [БД,165]; сп. **ќеаја́** [MS,s,50]; уште: **кехаја** 'управител на кралски двор' [V,PM,372].

кихна pf (сп. **кихка**) ~ *момата от пиперот кату си попари, еднош кихна; прăстенот кајдиса, излезе от устата, и гу зева мишката, гу дава на котката* [V,PM,20].

кичен* adj 'украсен, накитен' ~ *млого гледам да те видја [да ти простја моја нишан [моја нишан главе-никоф – благи смокви и стафиди; [ти на мен'а – кичените [кичените бјали крпи* [БД,76].

Кичо 'м. л. име запишано во Драмско' ~ *Галăпке моме, Галăпко оште ли мома ште ходиш [хората мали да лажеш [на стари баби дедовци [на млади булки мажето? [оттам замина Галăпка [Кичо си на друм седеше* [БД,141].

кичу́к adj 'мал' ~ *ни́сук, мале́чук чуве́к, ич не́ма бо́ј* [ПК,2(5.)].

кишили́а adj 1.'некаков предмет со ќошиња'; 2. fig. 'нетолерантен, избувлив, без смисла за комуникација' ~ *ус-н'о́о маабе́т не́ сă-пра́ве* [ПК, 2(58)].

кла́ва (и: **кла́ве**) impf 1. 'става нешто некаде, сместува' ~ *загра́ж'да ино́ м'а́сту, ги кла́ва н'е́тр'а гаскит'а и затфа́ра ху́бав'а* [MS,t,53]; ~ *там д'е́ сп'ăш'и на н'е́гуо́ту м'ăсту кла́ва иди́н ч'а́нкур* [MS,t,75]; ~ *ни́кој не́ гу запал'у́а канди́л'ут, да гу зави́ва, туку на́врас сфети́лоту гу кла́ва, да му си гле́дат ви́делот* [MV,K, 325]; 2. 'поставува, приготвува трпеза' ~ *кла́вам суфра́* (поставувам јадење на маса) [MS,s,51]; ~ *и ни ви́д'ува́ш'а мома́та фаф-кона́ка дру́к буди́н от-змі́а башка́, ни́ту вид'ува́ш'а ко́ј кла́ва софра́ и ко́ј доне́ва ма́нжите фаф-сара́е* [ВД,328]; 3. 'дава, става како залог' ~ *ги казанди́сува н'е́јнит'а пари́ ... ги казанди́сува и н'е́гувит'а ... на с'е́тнина гу кла́ва и кш'е́нудухи́јуту мума́та* [MS,t,10]; 4. 'ангажира' ~ *кш'е́нудо́хину кла́ва ма́стур да му сто́ри кăш'тата* [MS,t,12]; ~ *и татко и клаваши негови л'уди да ја питат, дали аресова некој јунак от онна царски синови. Но тја, кој да отиде да ја пита, всите ги закол'уваши* [V,PM,190]; 5. 'придава' ~ *кој sивгар имă малцă тајфă, нă негу клавă другă тајфă* [ME(P),90]; ~ *напкум и уставијă дă-ј рăботăт бијлиците сами, оти субајште му клавиа нă исапут нă бејзте ногу мăстраф* [ME(P),89]; 6. 'пушта' ~ *јазе ки изва́дем же́нски дре́хи да си приме́ниш и така́ да ти зе́мам не́трика, ча ни́а и́мами за́кон: мăж чове́к не кла́вами не́три аф това́ кона́к* [V,PM,9]; 7. – **(сă)** 'се мачи, се труди' ~ *да ти ка́ж'и д'а́ду: "ич' ми ути́ваш' да са клаве́ш', да по́ш' да му рич'е́ш' на ч'урба-ц'и́јата ..."* [MS,t,14]; ~ *то́ј ми р'е́ч'и: "и́ч' ми сă клаве́ш', врни сă, по́ци (по́т' си)"* [MS,t,15]; ~ **сă клава́х** = *сă умури́х* [MS,s,51]; 8. изр.: **на-сăрце кла́ве** (= се кажува за човек што многу ги преживува работите); сп. ~ *не́ си зи́ми се́ нă-сăрце, ки-сăрăзбо́лиш* [ПК,2(186)]; **клавам на рăка** (нешто) (= става под контрола) ~ *Сетни нај-малкиот син сакаши да поди на воденицата, но татко му и рекла: "Синко, постој мăра да пода јаз, белким ја клавам на рăнка самовилата!"* [V,PM,277], в. **кладе рăка**; **кла́ва на у́м** (= помислува) ~ *са причу́ на си́чкиот*

гра́т ве́ки, ча е дошéл такóс еди́н трагóвец... тогáс чу́л бра́т му за нéгу, а́ма не зна́иши и ни́ту кла́ваши на умóт да е нéгов бра́т трагóвец [V,PM,15]; в. **си кла́ј са̏с умó.**

кла́де (и: **кла́ди, кла́ј, кла́а**) pf 1. (в. **клава,** 1) ~ *им рече на хизмика́рите: "как ки идити на пăтјут, да земити конски мухи, да им кладети на мăлитата, за да ходат по-скору"* [V,PM,49]; ~ *са̏ примóли на нáс ж'éна да спи́ вич'арóт та́му и кóнизма́та да клад'é нăтр'а̣* [MS,t,71]; ~ *вéли на жéна му: "мари́ жéну, у́три да ми кладéш л'áп аф тóрбата! Јазе ки си и́да да тéрам кăсмéт'ут ми"* [V,PM,31]; **2.** (в. **клава,4**) ~ *отидеха на царју, Зарзавилата рече: "јаз кабул не чина, тој с мојта невеста да говори. Да го заколити!" И кладе царјут л'уди, го заклаха отпрет Зарзавилата* [V,PM,158]; ~ *го рашита Солун, кладе тил'ал, борба да са боре: ако го са̏борат, да го земат исир* [MC(B),97]; **3.** 'назначи' ~ *рекле: "Уште две пăта имаме адет, па така да чиниме: уште на двата пăта пил'то ак ти застане на главата, теб ке та кладиме цар"* [V,PM,274]; ~ *и са случи, паша́та си разбол'á и умр'á; пóсле са чу́деа, кóго да кладáт паша́. Рéкоа едни́ богáти меѓу ни́х: "ади да кладéми товá јабанди́а еди́н паша!"* [V,PM,27]; **4.** 'закова плоча на нога на коњ, на магаре' ~ *а пу́сна бра́т-и да пóј да му клад'é пéтала на кóн'у* [MS,t,51]; **5.** 'зададе задаче на ученици' ~... *дáскалу м'а̣ кла́ди млóгу мáтима* (учителот ми зададе многу лекции – задолженија) [MS,s,51]; **6.** 'тера' ~ *гу кла́ват ... пóфтур да прумúн'é* (= го тераат да помине повторно) [MS,s,51]; **7.** изр.: **уф-прéсол ќо кла́м** (= се кажува со иронија за нешто што не ни е потребно) ~ *шó ми-ј нóсиш... уф прéсол ќи-ј кла́м* [ПК,2 (208)]; **уф-ма̏лéчкуто ца̏пче мóж до-кла́де** (= се кажува кога некој има поголеми можности во споредба со другите) ~ *нéкуј шó-ј нóго вéш, нóго рăбутни́к, ус-нéго нăмóж са̏-мéре ни́куј* [ПК,2(207)]; **си кла́ј са̏с умó** (= си помисли) ~ *ч'урбаџ'и́јата си кла́ј са̏с умó, óти Гóспут' са̏ ни нахóж'да, за ш'éта ... и за са̏ загу́би* [MS,t,14]; ~ *и тóј си кла́ј на умó: "јас тузи́ д'ăт'а̣ за гу в'éна за гу уклăва"* [MS,t,16]; и: **си-кладéх нă акăло** (= си помислив); **кладé мирáк** (= се заинтересира) ~ *и ка отидоха до сред пăтот, кладе мирак јунак Бошко, му рече: "ти се мол'ам, царско бостанџијче, ки ти питам един лаф, дали има изин?"* [MC (B),94]; **клади уф ра̏ци** (= завладее нешто, се збогати) ~ *са̏ утвурија̏ ка̏са̏бајте Пазăр и Солун; кој шо клади некуј паричка̏ ув ра̏ци, бега̏ј на̏ Пазăр* [ME(P),88]; со исто значење: **кладé ра̏ка** (на нешто) (= стана сопственик); и варијанта: **а ка̏лдé на ра̏ка** (= ја има под свое, ја командува) ~ *Милкано-ј моме Милкано [дејгиди пиле шарено [дејгиди јагне ругушо [чифликот ки си продадам [тебе на рака ке кладам* [БВ,286]; ~ *му вели на протудрако: "ај море, протудраку де! Јазика от кога са мăчах да ти клам аф ра̏ката ми!* [V,PM,76].

кла́дин* adj 'ставен' ~ *јај имáш'и мáнџ'ата кла́дину да са̏ вари́ бака̏ру на т'ап'ăту на тупóлата закáцин* [MS,t,55]; ~ *напкун отидоха тија чувадаре; софрата кладена, ама не прекрăстил да фани да јади* [MC(B),97]; и: **кладен:** ~ *и га сл'азуха прис скалéте на вратáта, чи*

ви́деха на врата́та кла́ден ади́н ка́мен пе́ндесе́т хил'ади оки́ [V,PM, 260].

кла́јанц (< кладенец) m 'извор со чиста вода' ~ *там'а́ има́ш'и иди́н кла́јăнц и ина́ тупо́ла гул'а́ма* [MS, t,24]; ~ *н'е́тр'ą има́ш'и иди́н кла́јанц, ш'ту тич'а́ш'и ... и ино́ пи́л'ą ви́каш'и* [MS,t,60]; ~ *пујно́ вр'ăм'ą изл'а́зи ца́р'у сăс визи́рину са сă ше́тат пу сила́та; до́јдуха да ка́ж'ими кото́ на на́ш'ију кла́јанц, на кумлу́ку* [MS,t,39]; и: **кланец** ~ *кату хождаши на пăнтјут, младата самовила са чини кланец (чешма). Старата самовила пила от водата и заеднош пукнала* [V,PM,280]; и: **кладниц*** ~ *Соломо́н ми каза́: "дјáдо, гора́та побел'а́, кла́дниците присуши́ха, две́ биз три́ не́ чи́нат* [V,PM,130].

Кла́јнска Ре́ка top. 'име на река во Кукушко' (сп. **кла́јанц**) ~ *адна́ сăви́кше Вампи́рска Ре́ка, адна́ сăви́кше Кла́јнска Ре́ка, дру́га сăви́кше Бизи́мска Ре́ка* [ПК,2(223)].

Клајнци top 'име на место во с. Морарци, Кукушко' ~ *а пă и́мше и Кла́јнци – вудни́ште, буна́рче тăкво́, кăјна́че, сă-цăрпе во́да уд ни́х* [ПК,2(216)].

кламбу́ш'ка f 'клопче, топче преѓа' [MS,s,51]; сп. **клăмбу**.

клане (сă) impf 1. 'се поклонува, изразува длабока почит' ~ *и си ја хитро учваша:["Мар кога идиш Данинка [на свекрови си дуорове [да се клан'аш, поклан'аш"* [БД,45]; ~ *кату за подат у зенјувата кашта, и тамо си клани нивјастата. Тогај излева зентјув татко, ја изважда от кон'а на пехера...* [V,PM,250]; ~ *с неколко моми покриена нивјастата,... за подат от три чешми за вода; на чешмите си клани околу по три пăн'ија* [V, PM,251]; 2. 'се моли' ~ *има некуј ќи-ј молиш, ќи-с-кланиш, тă дă-т свăршат рăбота* [ПК,2(205)]; ~ *един бајр'амна ден отидоха сичките Турци на џамиата, да клан'ат Бајрамот* [V,PM,181].

клан'а* impf 'дава поклон, поклонува' ~ *клан'ај, поклан'ај Калино нивесто [гости ти дадат дванајсет кл'учеи [да си откл'учеш темно темници [да си испуштиш твоите брака...[мустаките ха са дур на лактето* [БД,61]; во илустративниот пример има употреба на перфективен презент: *гости ти дадат* (за ова поопширно во граматичкиот дел).

кланети n 'поздрав, порака' ~ *и вели на мајка му: "мале, ти са мол'а, иди на цар'ут да му чиниш от меника кланети"* [V,PM,48]; ~ *му вели: "годподар мој, цар'ут ти пушта кланети и ми речи да ти кажа как не си кадăр"* [V,PM,36]; ~ *да викниш, да подрукниш, ке дс излези мојта лел'а: да ја речиш от меника кланети, да ти даде нај-малкото саханче*; и: **кланенти**: ~ *и тој: "добрја ти најдох керко! Хуба е и мајка, и тја кланенти ти пушташи, и ету една кошничка грозди ти и пуснала"* [V,PM,214]; ~ *и они му вел'ат: "сос здрави да си пајте, добар пăнт, кланенти да заневати на сватќата"* [V,PM, 245]; во Градобор (Солунско) запишавме: **клăн'ате**; сп. **кланне**.

кланик m 'место каде што гори оганот – огниште' ~ *сношти сам било на свадба [сите момчин'а там бија [и мојто јаро там беше [глава му бише у кланикот [нози му бија у пепелта* [БМ,42].

кланне (клајне, в. **кланети**) n 'поздрав' ~ *дă носиш ного кланне нă мăјкати дома* [ПД(114)]; [СК,327]; ~ *клајне и здраве имате уд татко и*

мајка, да знајте оти уф нидел'а ки треба да доите да венчите [ТГ, 160].

кланче n, dem. од **кла́јанц** 'извор со чиста вода, обично се користи за пиење' [ПД(Ф)].

кла́па f 1. 'парче дрво што се врзува за ногата на животно за да не бега' [MS,s,51]; ~ *вăрs-и́ нă-куко́шката а́дна кла́па нă-но́кта дă-не́ бе́ге. Ни́а му-вăрsу́вме нă-куко́шките кла́пи ка́ сă-но́ви ку́пини*; 2. 'напречна греда во ѕидот' (за стабилност); ја викаат уште: **ку́ндури др'ава́** [MS, s,51].

кла́пе impf 1. 'стои нестабилно, се движи' ~ *ми-кла́пат папу́цто* (зн.: чевлите ми се големи и на нозете не ми стојат стабилно); 2. 'блада, зборува неконтролирано' ~ *це́ла ве́чăр де́тто кла́пе уд но́го о́гин* [ПК,2(58)]; [СК,327].

кла́пне* pf 1. 'остари, стане изнемоштен' (за човек, цвеќе, животно, т.е. се́ што е живо) ~ *клăпна́л чуве́ко н'оо би́ве*; 2. 'легне, се намести, си го најде местото' [ПК(Мор)].

кларино n 'музички инструмент, кларинет' [BV,90].

кла́с m 'лебни зрна наредени на врвот на стебленцето од житно растение' ~ *жи́то се́ат, ичуме́н, ра́ш, уве́с, уро́ф, ле́шта, уса́тка – за чини́цта – жи́то. Има цăрно кла́с* [ИГ,119]; ~ *там да си походим, там да си видиме [бјалата јаснина и родното мјасто [ја л'ако је л'ато, та да си наберем [та да си наберем до жăлти ми класе* [БД,86]; ~ *пу́снаха кла́с с'ăдбит'а* (засадените жита почнаа да развиваат клас) [MS,s,51].

класе impf 'се кажува за житото кога цвета, пред да се оформи класјето' ~ *жи́то се́ат, ичуме́н, ра́ш, уве́с, уро́ф, ле́шта уса́тка – за чини́цта – жи́то. Има цăрно кла́с Бе́ла ј чини́цта, а́ма цăрно кла́се* [ИГ,119]; ~ *класи́ха с'ăдбит'а* (засадените жита почнаа да развиваат клас) [MS,s,51].

класица f, bot. 'вид пченица' ~ *сăбрал ми беше Никола [до девет моми хубави [десетта Стана гиздава [одвел си беше Никола [на нăзи нива гол'ама [на нăзи бјала пчиница [на нăзи црна класица* [БД,102].

клати́ (сă)* impf 'се движи нешто, мрда' ~ *то́ј стуја́ш'и халѝс ма́рмару, хи́ч' сă ни клат'ăш'и ... ~ гу гл'е́ндат, хи́ч' сă ни клати́* [MS,t,78]; ~ *они́а бра́тка има́ли две́ ко́ни, ко́ните ги назо́беха, и, ка́к клатја́ха ко́ните гла́вите, му па́ждаши чуме́нот* [V,PM,116]; в. **клапе**.

клатне* pf 'се придвижи, мрдне' ~ *малкајут брат им вели на гол'амите: "ади братја, за ва врăза сос ортома и да ви пусна нетри на дупката, да терати ламјата и, ако си оплашите нетри да клатнити ортомата, да ви извадам пак вăн"* [V,PM,251]; и: **клăтни** ~ *ут иди́н саха́т' гл'е́нда, н'е́ма да сă клăтни н'ăфту ут трит'а́* [MS,t,70]; ~ *да ми врăзе́ти и да ми пу́снити а́ф ду́пката, и, кога́ ки гу клăтнам вăжето, да ми иска́рати го́ри* [V,PM,135].

клашче n, dem. од **клас** ~ *плодо после му стăнуве куту уд чиничка клашче, мал'ка уд чиничка, цăрвено, расте пу кăрувăто'* (станува збор за тревата **змијанăц**) [ПД(122)]; во Кукушко: **клахче**.

клашник m 'волнена облека, од шајак' ~ *мар и искарај Златина клашник [мар л'у јошиен, та ни надјанат [мар и искарај Златина појас [мар л'у јобагрен, та ни јопасан* [БД,87].

кл'ăш'ти pl.tt. 'железна направа за вадење шајки' [MS,s,51].

клéвета f 'кажување лажни аргументи за некого, со цел да биде оцрнет' ~ *тогáс тóј му вели: "брáте, от твójта клéвета и мизавирлѝк, штó ки чúниш на мéника, не ми е стрáх на мéни"* [V,PM,16].

клекне* pf (в. **клекнува**) ~ *как го садат пиперот [така, така, сади го [дупни, клади коренче [как го вадат пиперот [така, така, вади го [клекни, копни, лии го* [ГВ,174]; ~ *как го берат пиперот [така, така, бери го [клекни, скини, пушти го* [БВ,174].

клéкнува* impf **1.**'се наведнува и останува на коленици' [MS,s,51]; **2.** fig. 'станува инфериорен' ~ *коските ни кршат [жилите ни ги сечат] и крфта ни ја пијат [није не клекнуваме [није ќе се бориме* [БМ, 90].

клéнтфа (и: **клéтфа**) f **1.**'израз што упатува проклетство кон некој што ни направил лошо' [MS,s,51]; ~ *тó-ј клéтва: уф-чéрга да го дóнцăт* (= изразува желба некој да настрада толку многу што дома да го донесат како мртовец); ~ *тóо дéте-ј кут билéк, нă-нéго нúшто нé офáште, ни куршýм, ни клéтва* [ПК, 2(206)]; ~ *сă прăдáаве и гу вăрзýве за врáтут ус синцúрут за кóјнут, кинúсăве. Тáа се ј клéтвата – дрýга нéма* [ИГ,113]; **2.** 'давање збор, јавно или лично, дека нешто треба да се заврши како што е договорено' ~ *и ја пусна книгата сос сајата, ја занесе книгата на татко му, ја даде. Ала он не пристапна клентвата, што си и закăлнал на бунаро* [V,PM,156]; ~ *и тојнака га пусна, и са чиниха брат и сестра, и тјанака от клетвата си не вăрна* [ПК,2(139)]; ~ *и тогас фати да казува на вујку му, ча... "и на чели добро чиних и ме чиниха, и на картал добро чиних и он ми донеси жива вода и ужувјах. И така не стапнах клетвата, што си закăлнах"* [V,PM,98]; **3.** 'оставање задолжителна порака' ~ *јодоздола иде мома ми Руменка ... [над јамбарот седе тоска Исин-бегче [море ја подај ми вода јас да пијам [море клетва јимам јод мојата мајка [вода да не давам на Турчин да пије* [БВ,230]; **4.** изр.: **клетва зема** (= се обврза, се заколна) ~ *ми продума Секула добар јунак [рипај кон'у да прерипаме [да прерипаме девет коли трн'е [клетва земах Варадин да влезме* [БК,52]; ~ *варај Чону, кротко јагне [се лажаме три години [лоша клетва си зедоме [да не си се јармасаме* [БВ,255].

клепáло n **1.** сп. **клепка, 1; 2.** 'влакненцето од очниот капак, трепка'; **3.** 'примитивна направа од железо на кое се чука за да се соопшти нешто' ~ *клипáлто чýкше зă-рăчóк – кá бúхме уф-куликтúво* [ПК,2(59)].

клéпе impf **1.** 'чука клепало, камбана'; **2.** 'остри коса (или др.) со удирање' [ИГ,125]; **3.** 'намигнува, дава знак со затворање и отворање на окото'; сп. **намúгнува** [MS,t,78]; **4.** fig.'клевети' ~ *сă-чý óти Кúро го-ј клипнáл* (= го наклеветил) [ПК(Гр)].

клепка **1.** 'кожниот капак со кој се покрива окото' [MS,s,51]; ~ *цáр Давúд му вéли: "брадáта ти и кóсмите от главáта ти побел'á, очúте ти присошúха клéпките, нóгите ти без стáп не чúнат* [V,PM,130]; **2.**'котелец' (при плетење) ~ *чéк сјáа фáтум клéпката марú, ми-с-испуштú* [ПК,2(59)]; **3.** изр.: **ми тéжат клéпките** (= многу ми се спие) ~ *ај пустéли, клéпките ми утижнáа гáаре* [ПК,2(176)]; **нă-клéпките мé-ј** (= се кажува за некој што многу ни пречи, што го мрази-

ме) ~ *тóо чувéк нă клéпките мéј, нă мóж до-глéдум гáаре* [ПК,2 (184)].

клéпни* pf (сп. **клепе**) ~ *пóпут, кăк тимн'акóсувáш'и, утúди при н'éја, и кл'éпна ас укóту* [MS,t,67].

клет adj 1.'проклет, лош' ~ *са не и писано, Боже, подин брат на самоеилски рăнци да промине кату мене! Жива ки ми изјадат, пусти клети самовили!* [V,PM,195]; ~ *га вели: "е, ади вăрни си, да идими на домата му, ке да ти кажа!" Толку клета била, са и вăрнала от пăтјут* [V,PM,82]; ~ *и катó си отúде, запúта е нéхина стáра мáјка и нéхин си тáтку: "Как си дóјде, мúлно чéду? Кáк та пýсна клéти змијý?"* [V,PM,260]; сп. **клéта гудúна** (= година со непогоди, обично временски, пр. голема суша и сл.); 2. 'наострен предмет, во случајот *сорче* = мал срп' ~ *си научила пуста макеа [ка си зела клетото сорче [си пресекла две луди млади [две луди млади, две неженети* [БВ,42].

клече impf 'стои на колена' [ПД(Ф)]; ~ *цăрно мéче на чикóрче клéче* (поговорка = лозница со грозје) [ИГ,122].

клечка f 1. 'дрвце од кибрит' 2. fig. 'човек што има власт **клéчка-ј**' [ПД (Ф)].

климастáр' (и: **кримастáр**) m 'закачалка, вешалка за алишта' [MS,s, 51].

климúа f 'дрвце што ги придржува страниците (**лóтрите**) на запрежна кола' [ПК,2(59)]; [СК,327].

клúн m 1.'парче железо со остар врв, се користи при цепење дрва и сл.'; 2. 'дрво со кое се чукаат алиштата кога се перат – копан'; 3. 'долниот дел од облеката, што го покрива бедрото', пр. детето се држи на мајка си *за клинó*; 4. 'парче штоф во форма на клин, се става во ногавицата од панталоните' [MS,s, 51].

клиника m, bot., Astragalus 'растение' [ПГ(Ф)].

клиниц m 1. 'желевце со остар врв со кој се коват коњи и др.'; 2. изр.: **кóј нă-клúниц, кóј нă-плóча** (= се кажува за семејство во кое секој тера по свое) ~ *нúјнта кăшта-ј кóј нă-клúниц, кóј нă-плóча, úч си нéмат слóга. Уф кăштта кá нéма нáредба, рéт;* со исто значење: **кóј нă-дéк** ~ *димéк сéкуј си-фáште нă-дéк ќи-стúгне* [ПК,2(169)].

клинка impf 'потскокнува на една нога', односно 'оди, се влечка по некого' [ПК(Гр)].

клиронóмус m 'наследник' ~ *и такá си устáна Аркудýт' клиронóмус на имáниту* [MS,t,18].

клирунумúса pf 'наследи' ~ *тузú мáлку ш'ту сă рудú тóс в'éч'ер и тóс ч'урбаџ'úја тук ш'ту сă лáха, тузú д'ăт'ą имáниту за му клирунумúса* [MS,t,16].

клисáр m 'човек што работи в црква, ја чука камбаната и сл.' [ПК,2(59)].

клóка* impf 'создава шум при вриење вода, пр. кога се варат јајца' ~ *клóкат иџá* [MS,s,51]; и: *кл'óкąт кустéнто* [ПК(Гр)].

клон m 'највисоката греда од покривот на *лувúшчето* (= рибарска колиба во Дојранското Езерото)' ~ *ка ќа-чăтúсиш ус читúри ќушéта, сă пукрúве уд гóре и ут стрáните су трăска; висóкăта грéда сă вúке* **клóн** [ПД(128].

клопце n 'преѓа замотена како топка' ~ *ú рекле: "Оди си скоро, да не дојде мајка ни, да та изеде!" Одештими са момата и паднало едно клопце от конци; она одила оно са мотало по неа* [V,PM,269]; ~ *самовилта го нашла клопцето. Одеки по конецут, утишла на колибата*

хăде момата [V,PM,269]; сп. **кла́мбу**.

кло́ца* f 'удар со ногата најчесто по задникот на некого (како освета, како казна)' ~ *му викна́ то́гăј во бе́гут нă-ра́пинот су кло́ци* [ДВ(1), 17]; ~ *брго којно, вăлкот ки те удаве [ак не дојдиш со ăбе ки те изедам [го достигна којна пеливана [со зăбите месото го кубе [а со клоци пердујте му летат* [БВ,28].

кло́цка f 'кога човек олцка, олцкавица'; сп. **кла́цка** [MS,s,51].

клочи impf ('создава шум', сп. **клока**) ~ *зе да точи листата [тенки, тенки, тенички [като наште вратата [зе да вие краишта [тенки, тенки, тенички [като наште гредите [зе да клочи зелито [като жаба фаф море* [БД,65].

клупа f 'направа за седење за повеќе души' [ПК(Гр)].

клупгар m 1.'направа од месинг (голем звонец), се закачува на вратот на овенот (водич) – со звонење да ги води овците, односно да сигнализира каде се наоѓа стадото' [ПД (125]; направа со иста намена што се става на вратот на добитокот се вика **звон** [ПД(Ф)]; 2. 'расипано, маток јајце'; 3. фиг. 'млад човек што не сака да работи, скитник' ~ *клупута́р и на клупута́ро, це́л де́н шки́тиш пу пăтишта, не́ фа́штиш не́каа рăбо́та* [ПК,2(59)].

кл'а́нке impf 'дрдори, зборува нејасно, неразбрано' [СК,327]; 'зборува непријатни работи' ~ *но́го, но́го ни́м кл'а́нки* [ПК,2(59)].

кл'а́фке impf 'кога ловциско куче гони дивеч лае испрекинато' [СК,327]; ~ *зага́ро кл'а́фке, пудгуни́л е́ј не́кој за́јц* [ПК,2(59)].

кл'о́куф* adj 'многу слаб' (рej.) ~ *кл'о́кува куби́ло н'а́адна* (се кажува за некоја слаба жена) [ПК,2(59)].

кл'уке impf 1. 'каснува змија' ~ *пеперуда л'атала [под букови корени [две са змии кл'уцаха [кои ша земи бабичка [да му вари кашичка* [БД, 26]; 2. 'чувство на силна болка' ~ *кл'уке пăрсто* (= ме боли прстот од гноење) [ПД(124)].

кл'у́кувиц (и: **кăлва́ч**) m, zool. Pucus varius 'птица клукајдрвец' [ПК,2 (59)].

кл'у́ске impf 'оди зад другите, настојува да држи чекор' ~ *то́о па се́ пу до́д-му кл'у́ске* [ПК,2(59)]; според Саќов: **кл'о́ске** 'се движи со трчање, но не силно' [СК,327].

кл'у́ста f 'вид детска играчка со две дрвца (со едното дрвце се удира другото)'; во други источни говори: **чили́к и ма́чка** [СК,327].

кл'уча́рка f 'вид старовремска брава' [ПД(119)].

кл'уч'а́рница f 1. 'метална направа за заклучување (катанец)'; 2. 'брава намонтирана на врата' ~ *му вели: "ај синку, куумциовата кăшта има девет порти жележани сос кл'учарници, штото некој човек не може да ги отвори"* [V,PM,68]; сп. **фра́нцка кл'уч'а́рница** 'здрава, солидна брава, увезена од "Франција" (= Европа) [MS,s,52].

кл'уч m 1.'метална направа со која се заклучува (и отклучува) вратата' ~ *гл'е́нда ч'итири́јси удајá, гл'е́нда ина́ гр'е́нда ч'итири́јси кл'у́ч'а* [MS,t, 53]; ~ *вили́: "зашто́ до́јди ти то́с са́т'?" "ги забра́х кл'у́ч'уве́ту"* [MS,t, 10]; ~ *да ки ти да́дам кл'у́чити ут небе́синта ца́рштина* [MV,K,322] – интересна множинска форма кај едносложни именки од м. род на -*и*: *кл'учи* (исто: *пу две гроши, дванадесет коши*), од др. страна има

случаи кога повеќесложни именки од м. род се јавуваат со наставката *-ови*: *пет карагрошови*, па дури и *писмови* [MV,K, 88] (за ова прашање види поопширно во граматичкиот дел); **2.** 'направа за вклучување на било каков механизам' ~ *и кóн'у бúш'и сăс кл'ýч'уви, врăтна кл'ýч'у, прулéтна кóн'у, утúди* [MS,t,20]; **3.** 'вид трн, глог' (?) ~ *забиха гребенот на земјата и на Бога се верно молиха двата: "Боже тос гребен тука да са чинит тес зимби сите трăни и кл'уча, та да не можи човек да промине приз тука"* [V,PM,260]; **4.**'зглобот на ногата'; сп. **кóкăлч'ą** [MS,s,52]; **5.** изр.: **кл'ýч врúе (вóта)** зн. 'силно врие водата' [ПК,2(59)].

кл'уче impf 'врие силно' ~ *вóота кл'ýче, тýр-ги кóрте* [ПК,2(59)].

кл'ýчуве pl.tt. 'украсни пафти од сребро за женски колан' [СК,327].

клăмбу n 'клопко' ~ *клăмбу пр'éлу* (= клопче волнена преѓа) [MS,s,51].

клăпнуве impf – според Саќов: 'си вообразува, си замислува нешто и ништо друго не гледа и не признава' [СК,327]; в. **клапе, 2.**

кни́га f **1.** 'печатен труд, со корици и подврзани лисја' ~ *ма ш'тó за јид'éми? трăбувáш'и да бúш'и халúс баклавá, ни на кни́гата пúсана* [MS,t,8]; ~ *га гл'éнда, д'ăт'ąнту и з'éлу иднá кни́га на ранкáта, п'ăј* [MS,t,81]; **2.** 'учебник' ~ *јазе не сам кадăр да гу хран'а негу, нели ки да плаштам ајлăк, да куповам книги; това не ке да биди* [V,PM, 37]; **3.** 'писмо' ~ *тогáс óн писá еднá кни́га кадé женáта му и вéли: "жéну, тóва дјáте, што ви гу пýштам динéска, зáéдноч дá гу погýбити* [V,PM,146]; ~ *сă ч'ýд'ąш'и кáк да му кáжи сăс кни́га и сăс ýста?* [MS,t,82]; ~ *му пúш'и инá кни́га ч'урбąш'ýја на Аркудýт' и му пúш'и н'éтр'ą ...* [MS,t,17]; **4.** 'хартија за пишување' ~ *напкун и му рече на Петре зананжијче: "да ми дадеш бела книга и едно каламар да изписам една молба на Имир Никола"... ~ му пиша книга молена: "или кабаатот да ми простиш или глоба ки ни глобиш, или глава ки ни сечиш"* [MC(B),93]; **5.** 'украсна хартија' ~ *на един калам го нанижјат, от едната страна на богазиата, сос бела книга прајат един крăст... На каламјут от гори сос едини лимон и две јабăлки прајат крăст* [V,PM,248]; **6.** 'документи' ~ *стóри кни́ги* (= приготви документи) [MS,s,51]; **7.** fig.'бледо лице' ~ *кни́га му-станá лúцто* (од страв или возбуда) [ПК,2(59)]; **8.** изр.: **игра книги** (= игра карти – хазардна игра) ~ *станáх и пáк излéгух накавинéту, најдóх другáри, игрáхми кни́ги, ма-тракáлиха, платúх јáс кавéтта* [ВБ,339].

книговит* adj 'тој што денот го поминува со книги, учен човек' ~ *и ричé: Ти сă пукајýам, Тáтко, Стопáн на нéбито и на зéмн'ата, шо си а скрúл вúа ут книговúти и разбрáни л'ýди* [MV,K,324].

ко conj 'ако, штом' ~ *на мајка му пак вели: "ами мале, ко татко ми беши авица, дека му са пушките и другите посати?"* [V,PM,41].

Кобалишча 'top.– име на село запишано во Драмско' ~ *Като, Като, Катерино [хајде Като да бјагаме [в долно село Кобалишча! [– Бјагај Кочо, јас ни мога [братја имам, ни ма пушчат* [БД,120].

кова (и: **кове**) impf **1.** 'става плочи (со помошта на клинци) на копитата на коњ и сл.' ~ *нили видја слăнце [мојте девет брата [мојта стара мајка? [– Видјах си ги Јано [*

тојта стара мајка [колаци мјасеше [тојте девет брата [кон'а си коваха [БД,90]; ~ *кăлтјато коне ковеше [кал'мана хлеба месеше [– Врни ма мајко, врни ма [че сам још мала малечка!* [БД,90]; во Солунско: **кувé** ~ *вóлувéту сă кувáт* (= воловите се потковуваат) [MS,s,59]; ~ *кóвам кóну* (= му ставам плочи на копитата) [MS,s ,53]; **2.**. 'обработува железо (обично загреано) давајќи му одредена форма' ~ *ковал хи Турчин, ковал хи [сребăран прстен да носи [Јана гу шака чин'аше [ја Турчин шака ни знаје* [БД,142]; ~ *штици се бичат, спици се прават [на Македонци под нокти клават [железа се коват, пранги се прават [на Македонци на нози клават* [БМ,62]; **3.** 'со удирање става, забива клинец некаде (пр. во дрво)' ~ *фати една скала да направи: тој га ковиши, он га расковиши, не можа никоја работа на мигдан да искарат* [V,PM,86]; ~ *ка гу придавáле на нéгу Книгувúтити и Старéити нáши на тéшко умрéш, и гу кувЛáле нáврас дăрвото* [MV,K,334].

ко́ва f **1.**'метална направа, сад за вода, основната намена ѝ е за вадење вода од бунар' ~ *го изваѓа на един бунар: вăнжи има, кова нема да извадат вода. Тогај јдатенто му вели: "искарај малко ј да да пиа!"*; ~ *вéли на нéго жéната: А фéндо, нúто кóва úмаш, и бунáрот мóшни дăлбóко* [MV,K,257]; ~ *... и му вели: "тука господарју, вăнжи има, кова нема. Ако сакаш, да те врăза и да ти пусна нетре на бунаро да пиии"* [V,PM,156]; **2.** 'направа за фаќање риби': се земаат два полукружни стапа, на средина се прицврстуваат, а на четирите краишта од стаповите се закачува мрежа, која станува како дно, и целата направа личи на 'кофа' (овде **кова**) – оттаму направата освен **вртал'ка** ја викаат и **кова**. Таму каде што се вкрстуваат стаповите се прицврстува една подолга мотка (2-3 аршина), којашто служи како рачка. Со **кова** (или **вртал'ка**) се ловат риби кога водата е матна и тоа на овој начин: лека-полека **вртал'ката** ќе ја стават под тревата што расте на брегот, ќе ги исплашат рибите што се сокриени таму, тие ќе запливаат кон средината но таму ќе ги дочекаат со **вртал'ката** [ТГ,397] – начин на ловење риби на р. Вардар во Гевгелиско.

ковчег m 'направа (обично од дрво) во која се чуваат ствари, има капак' ~ *един човек ловештими са риби уф ѓол'ут, ковчегут са фатил на мрежети, го отворил; децата, как плакале, пăлн бисер* [V,PM,268]; ~ *постој, почекај пауне [да ми дадеш клучеви [да отклучам ковчези [да дарувам лазарки [по две, по три јаболки* [БК,16].

кожа (и: **ко́ж'а**, чл.: **куж'áта**) f **1.**'надворешна обвивка на телото (на човек или животно)' ~ *тојнака, кату фăрли сос татковата му пушка, гу отепа фил'уту и му извади кожата* [V,PM,41]; ~ *ублич́éн ут влáтно камúлцко, и пóјас уф кóжа на пулувúната* [MV,K,307]; ~ *сă ч'ýди, ш'ó да и стóри на лиш'úцата? фáш'та, ж'ýва ја удрúва куж'áта* [MS,t,77]; **2** 'мев направен од кожа' ~ *и рекохá...: "Товá чјол'ак е бúл по-врјáдан от нáс". И станá адúна змúј та зé аднá бúволцка кóже, та отúде та е напăлни óда* [V,PM,262]; ~ *пак тóј рéче чјол'áка нá змиéта: "Кóпам, óти на мéн аднá кóже óда ни ми стúга да пúем* [V,PM,262]; **3.** 'горниот, мрсен дел од млеко (пресно или кисело)'; **4.** изр.: **áдна кóжа пúнци** ~ *кá сă-*

нăл'у́те не́кој, му-ви́кат деме́к ки-му изва́дат уд гăрбо ко́жа кулку зă-адни пи́нци [ПК,2(170)]; **ко·жта ма́-удра́а** (= претерано ск.по му наплатија) [ПК,2(150)]; **сј-а· чу́ве ко·жта** (= се кажува за·човек што многу внимава да не згреши нешто) ~ *гле́де дă не́ зăга́зе не́што, дă не́ гре́ше* [ПК,2(194)]; **уд-адна́ о́фца две ко́жи бăрке** (= се кажува за оној што сака од се́ да има корист) ~ *и́ма чуве́ци шо сă-но́го тăмă-хка́р... уд адно́то две́ пра́ват, ду́р и уд адна́ о́фца две́ ко́жи бăркат* [ПК,2(203)]; **ут-ко·жта ќ-и-спа́дне** (= се кажува кога некој е опфатен од завист и јад) ~ *ка́ ки-чу́ут ко́лко па́ри зе́хме ут-ко·жта ки-с-испа́днат, кут ка́ сă-зăвидли́ви* [ПК,2 (204)]; **ко́ска и ко́жа стана́л** (= многу ослабнал); **и́ма би́вулцка ко́жа** (= не се возбудува, не се засрамува) [ПК(Гр)]; **му-флизе́л пут ко·жта** ~ *дă-ре́чум не́каа же́на но́го зна́а дă сă-пра́ве а́рна мăжо ка·-зăса́ке но́го, ни́кој друк не призна́ве. Ил' пă и́ма и тăкви́ ма́јки шо́ им фле́ват пут ко·шта нă-си́нуфто* [ПК,2(190)].

кожуфа́рин (и: **кожуфа́р**) m, zool. 'езерска птица, *има кăси но́зи, те́мна пăпăло́ва* боја, шија *кăса*, клун *кăс*, широк, црвени очи, лов. ноќно време како и *ку́ри́цата, и а́л'гуто*, а сите други птици гледаат само дење; *кожуфа́рино* е голем колку една кокошка. Ја има во Дојранското Езеро [ПД(127)].

коза f, zool., Capra 1. 'домашно животно, големо колку овца, има рогови, покриена е со остри злакна (козата се чува главно заради млекото)' ~ *пујно́ вр'ăм'ą иди́н туμ'а́рин, жи́вини ш'ту бир'е́, ко́зи, о́фци, кра́ви, о́јди на ино́ се́лу* [MS,t,15]; ~ *офчарката кату веела на козата, ту одила пешак, сус козата меѓу hoseto, ту подигала си hoseto и веела на козата* [ШГ5,424]; ~ *е́ту то́лку гуди́ни шо ти рабо́там, и не́кој пăт не́ ти расипа́х ке́фут, и не ми и даде́ и на ме́н идна́ ко́за* [MV,K,281]; 2. изр.: **лу́да ко́за пре́сна ра́на** ~ *ви́кме нă де́чкăта, ка́-ќ сă-у́дрąт, ка́-ќ фа́тат да пла́чат, да-ј зąмо́лчиме ки-м ка́жме: лу́да ко́за, пре́сна ра́на. И та́м де́к пăдна́ло де́тто три пăти ки-пл'у́кне* [ПК,2(174)].

козар* m 'тој што има, односно пасе кози' ~ *малко ли сăм донела [мар донела и докарала [бил'ук хергел' с хергележија [бил'ук говеда с говедар [бул'ук кози с козаре [бил'ук јофчици с јофчаре* [БД,92].

козарче n, dem. од **козар** ~ *дали та братја бедјаха [јели та мајка корјаша [јели та татко главјаша? [– Учино мила сричина] нито ма братја бедјаха [нито ма мајка корјаша [л'у си ма татко главјаша [за зилјамвото козарче* [БД,108].

ко́зина f 1. 'волна од коза' [MS,s,53]; ~ *ут ко́зина сă-пра́ват диса́јги* [ПК,2(59)]; 2. 'влакна со кои е покриено телото на животните' ~ *колида бабо колида [шо си имаш на пулица [да ми кладиш у торбица [да си одам сус дружина [дă-н мă изеде пес кузина* [БВ,15].

козино (млеко) adj 'млеко од коза' ~ *но́го-ј а́рно за- де́цта ко́зино мле́ко, а́ма ко́јсте и сутре́е га́аре* [ПК,2(59)].

козица* f, zool., Capra, dem. од **коза** ~ *тă му тога дадјă пари, и тој си накупил кон'ă, воловјă, козици и овци, и бидăл много чорбаμијă, ожјăнил сă* [V,PM,291].

козичко (млеко) adj 'млеко од коза, козјо' [ПД(130)]; в. **козино (млеко)**.

козјак m 'дебела волнена покривка, ќилим' [СК,327].

кóгу pron 'кој' (употреба на акузативната форма во функција на номинативна) ~ *и му вилú стрáти-гóту на инсáнут : "кóгу знáј гáч'ица да кáж'и?"* [MS,t,73]; ~ *му вилú: "кáта трú дни за стуúш' гóл, кóгу за прумúна н'éма да вр'ăвиш' хúч' "* [MS,t,78]; ~ *с'ă ја пăта: "пúч'ку, кóгу т'ą ибá?"* [MS,t,78]. За ова и за др. нерегуларности кај заменките в. во граматичкиот дел.

кој (< 'кога') conj 'штом' ~ ... *или кој ки кундисăт ув селту некуј Турци... и ки фатăт дă ти правăт зулум не испаѓă сăип* [ME(P),90].

кој 1.pron 'некој, кој' ~ *ети тăрчаха солунските граѓани да го причекат, кој нога му бацува, кој рăка, кој полта* [MC(B),98]; **2.** pron, adj 'каков' ~ *когá чýха гражáдните, ча тóј ги утепá хајдýтите, нéмаха сóс кóја слáва да гу слáвјат* [V,PM,22].

којнак m 'силна алкохолна пијачка' ~ *не одăт ув таквијă кăвинијнă, кăдă имă екимлијнă, биро, којнак, скăпи вина* [ME(P),86].

којнче n, zool. **1.** dem. од **кој** (**кон**) ~ *вáјн си купúле нúвичка, ýтре кóјнче, рáло и – тăкá пучнáле бугáти дăсă-чинýвăт* [ПД,152]; **2.**'инсект што многу брзо се движи (обично над води), има убави бои, голем е околу 3-4 см. – вилино коњче'; кај Саќов: 'мравка што се движи брзо' [СК,327].

којнцки adj 'нешто што се однесува на коњ' ~ *кóјнцка кóла* [ПГ(Ф)]; ~ *адна-двé којнцки или вуловцки коли* [УЕ,6].

кóјто conj '(така) што' – укажува на последица ~ *úмаши на еднá касаба едúн човéк; млóгу бéши богат, кóјто иманѓето нéгову немаши крáј* [V,PM,7].

којто pron 'којшто' ~ *кату отиваха на пăт'у, три-четри дни нстатак најдоха един јунак, којто морету гу смрăкаши сос устата му* [V,PM, 44].

кóјчки adj 'нешто од коза, козји' ~ *кóјчка кóжа* (= кожа од коза) [ПГ(Ф)].

кок pron 'кого' ~ *телал јечи по селата [по селата, в градишчата [сички на јојскă да идат [стари бано, стари крал'у [л'у тој нема кок да пусни [кок да пусни, кој да иде* [БД,76].

кокал'ка f, zool. ~ *кокал'ката* е езерска птица со долг врат и кус клун. Пердувите на главата и на трупот од горната страна ѝ се црни, со зелен матен сјај, а одоздола имаат беж боја. Прсти има три и се поврзани со посебна кожичка за пливање. Ја ловат поради кожата која се продава по 10 гроша [**КД, 57**]. Се разбира дека станува збор за минатото кога Дојран (и цела Македонија) биле под турска доминација (кога *грошот* бил платежно средство).

кокалоса pf 'премрзне' ~ *са кокалосах* (= од студ станав како **кокал** 'коска') [BV,90].

кокона* f 'жена што премногу се дотерува' ~ *Лисаво, Лисаво, Лисаво коконо [џан бела кадăно, солунска коконо [ти кога запејиш далеку се чује* [БВ,233]; ~ *ој, удиничарче, баш пријателче [моите тонки веѓи твои нека бидат [смели ми го житцито [– Је мори нивесто делбел коконо [мене не ме устават моите другари [да ти смелам житцито* [БМ,130]; и: **кукона** ~ *гојори на куконата: "е! џјаним кукона јаз, да сам кату тебе млада, тос јунак, што промина от тука, го викнувам един вечјар да поигра с него!"* [V,PM,165].

кокош (чл.: **кокошта**) f, zool., Gallina 'најраспространета домашна птица

– кокошка' ~ *му вели: "ади, братку, јазе ке да пусна човек сос тебика... да не ти гибни некој ниту кокошта ти, а не тебика"* [V,PM,32]; ~ *да ти дам една кокош да ти снева по едно јајце ката ден* [V,PM,129]; ~ *вика: ..."чујте, сел'ани, от цар'ут има повелиа, на тој сиромах никој ништо да не чини лошу, ниту една кокош да му не си загуби"* [V,PM, 33]; в. **кукошка**.

кокошкин* adj 'нешто од кокошка, кокошји' ~ *жената кату јс чисти харно кокошта, кога гленда гол'амото дете, на кокошкината глава пишиши, ча кој за ја јаде главата, цар ки си чини* [V,PM,231].

кокуш'а (и: **кокуш'ка**) f, zool., в. **кокош** [MS,s,52].

кокуш'куф* adj 'нешто од кокошка, кокошји' ~ *и тос ги направи крилата... ги стори ут кокуш'кови пира* [MS,t,58].

кокăл* (и: **кокал**) m 1. 'тврд дел во телото на човек или животно, коска' ~ *едно дете от млогуту сипка, што имаши, дури веки кокалиту му са гледаха* [V,PM,40]; *и как утидух, că казах на идин икимц'ија и м'а вид'а, ми р'еч'и: "тас тфојта тр'еска има фл'азину у кокалету"* [MS,t,3]; ~ *му вели на цар'ут: "харну ти докара авциолиа таја кожа, ама сега да имаш и од филдишите кокалиту, да нс.гравиш една удаја!"... "харну ми велиш, цанăм лала, ами кој можи да отепи филдишите и да ми докара на меника кокалиту?"* [V,PM,41]; 2. 'глужд на ногата, меѓу стапалото и долгата коска' [ПК,2(59)]; 3. 'семка со тврдата кора од плодот од слива, најсија и сл.' [ПД(124,]; [MS, s,52]; ~ *вај колкаф кокăл има таа слифта* [ПК,2(59)]; 4. изр.: **гăрбна кокăло** (= се кажува за човек што успеал да се збогати) [ПК,2(149)]; **му-намисти кокăл'то** (= го изнатепа); **му-фăрли ади́н кокăл** (= му дадоа нешто и го замолчаа) [ПК(Гр)]; **кокал'то му-сă-бро́от** (= се кажува за претерано слаб човек) [ПК,2(150)].

кокăлче n 1.'коската отстрана на големиот *разглоп* кај стапалото на ногата' [ПД(Ф)]; во Солунско: **кокалч'а**, сп. **кл'уч'** [MS,s,52]; ~ *шо мă-боле кокăлчто на-но́кта* [ПК,2(59)]; 2. 'зглоб (општо)'; 3. 'коската на грлото кај мажите, адамово јаболко' [ПД(113)]; 4.'семка од овошен плод (од најсија, црешна и сл.)' [СК,327].

кокăлес* adj 'многу слаб' (= му се нasираат *кокăл'то*, коските) ~ *зе адна кокалеста жена* (= се ожени за една слаба жена) [ПК,2(59)].

кокăлци pl.tt. 'тврди остатоци од овршени класја на гумното' [СК, 327].

кол m 1.'парче право дрво што на едниот крај е заострено за да може (при потреба) да се набие в земја'; се користи и за чукање пченка (чл.: *кулo*) ~ *"на м'ен'а ми клади идин трăн, на н'еја, когу знај, пуидин како кол и клади!"* [MS,t,78]; ~ *лувишчето* (= наколна колиба во Езерото) *има сој, сој ги викăме ти: шо сă дăбуви колуве, сă зăбојцăт уф земăта пуд во́та* [ПД, 127]; ~ *напулнувами двајси, трајси калам'а ... з'евами прăнч'ки, карул'ки, коли и мутувилуту и пр'елуту* [MS,t,6]; ~ *влезе чамурциолу нетри, закова колите, фати ја враза за женцириту, и заеднош вјахна наврăх неа* [V,PM,233]; 2.. изр.: **кој ут-кол, кој ут-вăже** (= луѓе од кои не може да се очекува ништо добро, без норми, без воспитание); **кол тара́л два́ најде́л** (= се однесува предизвикувачки, бара закачки, за што се разбира ќе биде казнет) –

изразите веројатно потекнуваат од стариот обичај смртната казна да се извршува со набивање на кол [ПК(АЌ)].

кóла (и: **кóлă**) f 1. 'направа за превоз на луѓе и стока, има тркала, ја влечат коњи (или др. добиток)' ~ *си-уставúме кóлта и шéјфто, зéме вăлóјфто, магáрто туварúме áдна врéјка и адúн кутéл* [ПК,2(339)]; ~ *калтатана вели: [– "докарајте кола [кола и биволе [невеста да качем" [крцнаха колата [крцнаха, строшиха [ревнаха биволе [ревнаха, пукнаха* [БД,130]; 2. 'онаа количина што може да ја понесе една кола (товарена)' ~ *дéтто му кăжýве: "Мă купú ти мéне, ами áдна кóла трăјне ќи úмиш на гăрбут"* [ИГ,111]; 3. изр.: **он нека носе сус кола, ако она ваѓе низ иглии уши пá ки сă свршe** (= ако домаќинката работи расипнички, колку и да заработува мажот пак ќе бидат сиромаси) [ТГ,269]; **сă-убăрнáла кóлта** (= работата завршила несреќно) [ПК(Гр)].

кола f 'опклада' ~ *косачи косат ливада [сладок ми ручок ручаја [голема кола фаќаја:[кој ки привиши борчито [со сидумдесет кила жилезо [тој ки ја земе Божана* [БВ,301].

колаин* adj 'тоа што има назнака на лежерност, без тешкотии' ~ *тојнака отиде на жената му, га вели: "мари жену, царјут сака да му најда педа- човек лакот брада да има". Тогас жената му му вели: "за това гајле бериш? Това е најколајна работа"* [V,PM,80].

колај 1. m 'начин' ~ *тóј úскаш'а дата-грáбне, пак já, óти му надвúвам и привáрих та тá обзéх, и сегá тóј ма-млóгу гарезú и тéр- колáј да-ма-отрéпе* [ВД,328]; 2. adv 'лесно, на лесен начин' (в. **колаин**) ~ *одоздола иде едно лудо младо [ајде да го зејме вечер у назе [– колај да го зејме, вечера немаме [нејната вечера мојто бело лице* [БВ,238].

колак* m 'печено тесто, вид слаткиш' ~ *слăнце мило пиле [като греиш слăнце [јоткрај, накрај земја [нили видја слăнце [мојте девет брата [мојта стара мајка? [– Видјах си ги Јано [тојта стара мајка [колаци мјасеше* [БД,90].

колаклиа* adj (се среќава како атрибут на *сабја* = свиткана, полукружна како млад месец) ~ *де зачухă босненски делии [босненски делии, босненски конари [изјахахă кони ацамии [објасихă саби колаклии [отидохă на крај Бјал Дунава* [БД,110]; според Малецки: *кулаклúја нóш' , дрăвá* (= извиткан нож, извиткани дрва) [MS,s,56].

колан m 1. 'ремен (украсен), се носи на појасот' ~ *"Јано бела, Јано [нимој така думај" [и тој така дума: [Свилен колан кове [да гу ни докове да гу ни јопаше [на Јанино кршче [на тăнкото кршче* [БД,36]; 2. 'кожен ремен на кој се наредени куршуми; ~ *седи си мајо слободна [каурска пушка ни рани [каурско ноже ни сјаче [оште си Цемо говори [ето го Јордан кат иде [заметнал пушка берданска [припасал колан фишеци* [БД,160].

коланче n, dem. од **колан** ~ *мама ми купила [шарено фустанче [ни она го носе [ни на мен го даве [мама ми купила [свилено коланче [ни она го носе [ни на мен го даве* [БК,18]; ~ *мома си легнала, сон не ми ја фаќа [само се префрла како мренка риба [стани лудо, стани да би не станало [коланче е твојо и јас сам ти твоја* [БВ,213].

колачи* n (dem. од *колак*) 'лепче што при свадбени и религиозни ритуали се носи в црква' ~ *да така ки фати да меси, па другите около за пејат песми свадбарски... прајат много колачинта шарени и един гол'ам л'ап* [V,PM,247]; на истата стр. ја среќаваме и множинската форма *коланчинта* : ~ *на четвăрток рано зентјут ки акалеса десетина моми, и родни и неродни. Сички ки дојдат, за фатат да месјат коланчинта, и таја, што ки мјаси, да е дева сос мајка, сос татку, а не сирачка* [V,PM,247].

ко́лаш'* (чл.: **куласта́**)* f 'темната страна на задгробниот живот, пекол (според верувањето)' ~ *и гу пи́та пруфи́тис Иеримі́јас : "на́с мрăч'ува ш'то́-ји ?" – "на́с-и ко́лаш'у"* [MS,t,60]; ~ *и фатила уврјајката да го пита: "е, господине, што има, што нема гори?" И он фати да казува за коласта, ча млого мака тегл'ат грешните л'у и, пак на рај боже млого рахат имат правате л'уди* [V,PM,224].

колба f 1.'златен (или сребрен) украс, алка што ја носат жените (девојките) на раката, гривна' ~ *свéкурут, дéвирут, ќи донéсăт ạлтăјне, пăпу́ци, купри́нин кăврăк, иăми́а, ко́лба, сенка, спăлéто* [ИГ,116]; ~ *нă-а́рмăсо дéвиро га-дарува́л зла́тна ко́лба;* 2. ~ *ко́лба-ј и ту́ка, мéстто дéк сă вăрте ша́кта нă-рăкта;* сп. *ут-ко́пинто мă-бо́л'ат ко́лбите* (?) [ПК,2(59)].

ко́лдва́р m 'висока ограда на двор од камења' [ПК,2(59)].

Ко́л'де 'религиозен (христијански) празник – утрото пред Божик, кога **коледарите** одат по куќите и пеат песни' [ПК,2(59)]; и: **колида** ~ *колида бабо колида [шо си имаш на пулица [да ми кладиш у торбица [да си одам сус дружина [дă-н мă изеде пес кузина* [БВ,15].

коледар m 'дете што наутро на Коледе (утрото пред Божик) оди по куќите (обично во група со др. деца) и пее коледарски песни' [ПД(118)].

ко́ли (и: **коле**) impf 1. 'убива со нож – со пресекување на грлото' [MS,s,52] ~ *а бре Ту́рци, ви́ă мо́ј душма́не] и́ли мă кул'а́јте, и́ли мă-бăсéјте] ја́ска нéмум ни една́ ли́ра* [ПД,155]; ~ *ако на́е (на́јде) ни́кој дуќа́н утво́рин, ќи нă зăко́ле. Во́а рéкăл: "о́н ко́ле и ја́с ко́л'ум!"* [ИГ,113]; ~ *на тиа празници... кол'ат корбани, сé овни, не друг добитук... увенот за го дражи един на ранката* [V,PM,251]; 2. 'измачува, уништува' ~ *дали та глава боли [или та срце коли! [– Мајо, мила, мајо [ни ма глава боли [нит ма срце коли! [хабер ми е дошел [от главеницата: [за друг сă и главила* [БД,84].

колко (и: **ко́лку**) adv 1. 'колкаво количество, колкав број' ~ *он му хвăрли кл'учовете и га вели: "отвори хазната, повади колко пари сакаш"* [MC(B),94]; ~ *ви сă мо́л'а мло́гу, дад'ăти гу на м'éн'ạ заш'то́ јас ич' н'éмам ма́лки, ко́лку пари́ и́ш'тити за ви да́м!* [MS,t,16]; 2. 'до која степен' ~ *да нама́ж'ат ч'етирт'ăх ќуш'а́нта на ќупри́јата, ти с'éтн'ạ ко́лку да пăхкаш', ни мо́ш' да ја ту́рниш'* [MS,t,24];... *ко́лко де-ị ста́р па́ тé-ị та́тко* [ПК(Ал)]; 3. во директни прашања: ~ *ко́лко пăти еị дувạждáл уф-на́ска?!* ~ *"ко́лку вр'ăм'а и́ма ут тугáс?" т'а́ му вили́: "бро́ị ги ро́гувéту! ко́лку ч'ата́л'ạ и́ма, то́лкус гуди́ни и́ма"* [MS,t,19]. Сп. *ко́лку кусти́сува?* (= колку чини?); сп. **кош'ти́сува** [MS,s,58]; 4. 'било колку' ~ *ко́лко и д-и́миш,*

кóлко и дă-му-дáіш пáк мó-і мáлко [ПК(Ал)], **5.** 'колку многу' ~ *как са познáха тáму, знáите кóлку рáдос са чинú меѓу нúх* [V,PM,24].

кóлуве pl, fig. 'предните, очни заби' [ПК,2(59)].

колужег m 'името на најстудениот месец во годината' ~ *Април дујде, му веле: ... "дек ки замине Ристос да му речиш: "Даскале! Ти са мол'ум, воа леп да е ноф, да гу благословиш да е благ!" Офчарут чини коту как му повел'а Април... Тоги ричеа Коложег, Сечко и Мартин: "Ах, кој му кажа на воа, ниа ричеме да го фăрле сăт бирикет"* [V,PM,294].

колумбăрá m 'човек (маж) со хомосексуални склоности' [СК,327].

колчим adv 'секогаш, колку пати' ~ *колко за богатлака, толко оште и за чашата, чи, л'у колчим пила с нејă, сја напăлнела алтăнјă, расчјула сја на сјакаде* [V,PM,285]; ~ *овчаро го запитал...: "л'у колчиш поминеш през тука, все си радостан и засмјан. Кажи ми, мол'ă ти сă, от што ти дохожда тăзи радост?"* [V,PM,280]; – со завршок *-и* наместо *-м* (*колчиш* наместо 'колчим'), според *аднаш (еднош), дваш, триш* [V,PM,543].

колцичку adv, dem. од 'колку' ~ *кóлку, кулцúнă, кóлцичку* [ME(P),82].

колцијница f 'стражарница, царинарница' ~ *на вардарцкјут мос (има) и колцијница за тутунут* [ME(P),73].

кол'ано n 'големиот зглоб на ногата' ~ *и хич немој бериш гајле за царицата! Јазе да га чинам да дојди, пак на кол'аното ти да седни самас"* [V,PM,60]; ~ *јогăн гори постелата [кога нема малка мома [да ми седне на кол'ано да се брои на гол'амо* [БД,152].

кол'анца* n, dem. од **кол'ано** ~ *Драганке, ранобудници [шче ти са њашчо помол'а [ти да ма Драганке послушаш: [да ми јоставиш крилцата [крилцата до раменцата [крачката до кол'анцата* [БД,184].

Кол'у 'м. л. име, запишано во Драмско' ~ *та си ми јахна на кон, на капула [Кол'у си знае криви пăтишча [криви пăтишча, криви друмишча [та си ми тргна и си јотиди* [БД,150]; и: **Кол'о** ~ *да даде Господ бре Кол'о [млади војници да зберат [и тебе Кол'о да зеват [на фронтот да те занесат [првната пушка да пукне [и тебе Кол'о да јудре* [БВ,212].

команда f 'наредба од овластено лице, односно од некој што има поголеми можности' ~ *сардисаја ми четата [там во село Капинан [Крсте Кумановски [команда си даве* [БК, 116]; и: **куманда** ~ *тој Апостол постарјот [куманда си даваше [на порти си седеше [Турците ги плашеше* [БВ,135].

кóмка (сă) impf 'се причестува' ~ *сă кóмкам ... сă кóмкувам* 'се причестувам' [MS,t,9].

комка f 'причесна – религиозен, христијански ритуал по постите, кога верниците в црква земаат *нафора* (лепче) и винце' [ПК,2(59)]; ~ *срце ме тргнало на цркве да одам [на цркве да одам свеќа да запал'ам [крстот да си крстам комка да си зевам* [БВ,57].

кому pron – во примерот што следува има употреба на дативната форма (*кому*) во акузативна конструкција: ~ *детенто кога достигна дур на ламите, от далеку ошти здравоживо чини хем им вели: "варај страшни лами, кому чекати тука?"* [V,PM,225]. За споменатава нерегуларна употреба на заменските фо-

рми во југоисточните говори в. поопширно во граматичкиот дел.

комшиа* m 'тој што живее во близина, сосед' ~ *утрината за го варјат да на една тапсја хлеп месјат от цăрква, сетне на ручокот за викнат комшијте си и роднините* [V,PM, 295]; ~ *пусти да му останат нејните форинти [кога-ј мила мајко момчето малечко [дали да го кладам у мојто пригачче [молчи, молчи ќерко комшијте ке слушат* [БВ,175]; ~ *нájдоха еднó нéшту кату јáјце, гу земáха и с пúдоха да гу пúтат на комшúите, заштó óни не бéа вúдели такóф нéшту* [V,PM,119].

комшицки* adj 'нешто што се однесува на соседите' ~ *взела Јана кошничката [да набере бјало грозде [бјало грозде л'сичино...[ни нăбрала јут нихното [а ј тишла јот комшицко* [БД,44].

комăр m, zool. Culex **1.**'вид инсект со долги крилца и долги нозе, со ситни бодежи шмука крв од човек – комарец' [ПД(130)]; **2.** 'хазардна игра, со карти' [ПК,2(59)].

кон (и: **кóн', кој**н) **1.** m, zool. Equus 'големо домашно животно од редот на копитарите, коњ' ~ *базирґáнинот му купú едúн хáрин кóн, му дадé и тефтéрите... отúде на еднá касабá, кондúса на хáнот* [V,PM,20]; ~ *пујнó в'р'ăм'ạ на маќедóнскију цáр' на Фúлипáта му пýсна... идúн кóн' сăс вóлска глáва* [MS,t,59]; ~ *за тузú ми бирéш' гајлé* (васáну), *јáс за ти дáм идúн кóн'у* [MS,t,19] (овде имаме употреба на дативна форма со значење на акузатив); **2.** изр.: **уддé кóјно уф рéкта** (= се случи несреќа, направи погрешен потез) ~ *тăкá кăжýвме кá ќи-биде нéкуј зијáн. Кá-ќ сă-зăгýбе, кá-ќ сăскăрше нéшто* [ПК,2 (204)]; **áрн'о кóјн пуд вéтко чýл сă пузнáве** (= вистинскиот квалитет (независно од сé) сепак се забележува) [ПД(137)].

конар* m 'човек што чува коњи' ~ *де зачухă босненски делии [босненски делии, босненски конари [изјахахă кони аџамии [објасихă саби колаклии [отидохă на крај Бјал Дунава* [БД,110].

кондиса* pf **1.**'отседне (остане на ноќевање)' ~ *шо ув селто ако кондисат Турци и нејкјат да оат пишак ду друго место* [МЕ(Р),73]; и: **кундиса:** ~ *базирґáнинот му купú едúн хáрин кóн, му дадé и тефтéрите... отúде на еднá касабá, кондúса на хáнот* [V,PM,20]; ~ ... *или кој ки кундисăт ув селту некуј Турци... и ки фатăт дă ти правăт зулум не испаґă сăип* [МЕ(Р),90] **2.** 'застане (кацне птица)' ~ *ету и дојдóха дрýгите пúлција, кондúсаа на просóто, фатúха да јáдат прóсу. Голéмото пúле отúде, кондúса на врăх óлот* [V,PM,121]; и: **кинди́са** ~ *с'áки дăн' мумăта утúвăлạ нạ-сéнка пуд-дăрóту дạ-кинди́сạ* [ВД,329].

кондúсан adj 'сместен, прифатен за живеење и ноќевање' ~ *и óни, л'у чýха, ча дојдé таксилдáр мáксус за нúх, станáха, отидóха тáму, дéка бéши óн кондúсан* [V,PM,23].

конéц m 'крај' ~ *гу земáха Кулýфа сос женáта му, гу дукарáха при цáрјут, та сéтни са казá цáрјут на нéго, как са чинú рáботата. И седнá Кулýф при царјá до конéц живóта му* [V,PM,12]; сп. изр.: **удúгла ду-кóниц** (се употребува со значење: целокупност од нешто; се мисли дека првичното значење е: од почеток до крај) [ПК(Гр)].

кóнизма f **1.** 'икона, слика од светец рамка' ~ *утúди на зуграфинут, стóри инá кóнизма ут óсим икатумúра драхм'áнта...* **2.** 'специјален сандак' ~ *"јас стóрих иднá кóнизма,*

за фл'áза нăтр'ạ, ти за м'ạ ш'éташ' на идúн хамáлин на врăх" [MS,t,70].

Коникуву top. 'име на село во Еницевардарско' ~ *да зăфатимă уд уздолу: на угри-слăнцă Долнăтă Малă,... биз мегјă су Постул ... Кушинуву и Коникуву* [ME(P),81].

кониц* m 1. 'нишка со која се шие, се плете – направена од волна, памук' ~ *биз аршин нужици ти да ми гу кроиш [биз игла и конац да ми гу сушиеш* [ТГ,204]; ~ *и рекле: "Оди си скоро, да не дојде мајка ни, да та изеде!" Одештими са момата и паднало едно клопце от конци; она одила оно са мотало по неа* [V,PM,269]; ~ *самовилта го нашла клопцето. Одеки по конецут, утишла на колибата хăде момата* [V,PM,269]; и: **кун'éц** [MS,s, 57]; 2. изр.: **нă-кóниц му-вы.се живóто** (= сериозно му е загрозен животот) ~ *áк нé бúше бáч Тýше, нă-Вáно нă-кóниц му вúшише живóто, кóн-зăкóл'аа Гăрцте;* **ги-зăмăрсúа кóнците** (= се кажува кога некои се во конфликт, кога се сериозно налутени) [ПК,2(184)]; **вăлнин кóниц, нé сă кúне** (= издржлив човек, отпорен, не се предава) [ПК (АЌ)]; **дéк ќи-сă-скúне, тáм ќи-гувăрзиш** *(кóницо)* (поговорка што упатува на толеранција во однесувањето, т.е. избегнување на конфликти).

кондури pl 'тоа што се става на нозете кога се движиме надвор од куќата – обувки' [BV,92]; ~ *јиспаднала, Станка да расшета [да расшета, Станка, горе долу [горе, долу, Станка низ тој поле [си загуби Станка кондурите* [БМ,139]; Саќов во Кукушко запишал: **кудýре** [СК, 327].

кóница f 'направа (вид сад) од исплетени гранки, со рачка, погоден за носење, пр. грозје' [MS,s,52](в: **кóш'ница**).

конски adj 'нешто што има врска со коњ' ~ *им рече на хизмиќарите: "как ки идити на пăтјут, да земити конски мухи, да им кладети на мăлитата, за да ходат по-скору"* [V,PM,49].

контратате n 'писмен договор' ~ *тóј му дадé сáмо кутúјката, а пáк брáт му му дадé сúчката кăшта сос сúчко нéшто: парá, нúви, лóзја, сúчко капису́ капанăк, што вéл'ат Тýрците. Направúли контрáтате, са подписáли сúчки, дýри и владúката*[V,PM,149]; и: **кондрати** ~ *тогај му вели на Марина и на друзите: "ако можите виа испат да го чините това, јазе на вас да сам роб и сичкото мој имане да и вашјо. Хем пăрво да чинили кондрати"* [V,PM,166].

конуп (и: **кăнап**) m, bot., Cannabis sativa 'културно растение од кое се прават јажиња'...

кóн'ч'ă n (dem. од 'коњ') ~ *и сл'áзи дóлу, си јáхна кóн'ч'ạту* [MS,t,21]; ~ *тáм ш'ту му бúш'и н'éгувóту кóн'ч'ă удгóр'ạ* [MS,t,22]; ~ *тамо си најдох идно дивојче [идно дивојче вода налива [като ја видјах, умăт ми шчукнă [сокол исфркна, конче избјага [– учи мă, карај по кого да врвја [дали чо конче или по дивојче* [БД,154].

копа f 1. 'голем куп сено, слама'; 2. 'повеќе предмети заедно, на едно место' ~ *и-зимáле, а-дигнáле; нéли бóжа пувили, шу вéл'ат, а-прăпăрчúле плóчăта, испăднáло сé злáто, уддóло... И ти рăбутнúците а-бре у-бре, а-бре у-бре, а исцăрпéле такóпа злáто* [ПД,150].

кóпан' m 1.'дрво со кое се чука платно кога се бели' (се употребува и при чукање на 'рж или пченка за да се одделат зрната од класот, исто

така за гмечење грозје) ~ *па си го пратила дури на Амерка [пари да пичали, руба да ти купе [вршник ем пудница, маша и кацција [маша и кацција, копан и корито* [БВ,181]; ~ *утйвами на студ'éната вóда да гу б'ăлими, гу пир'éми у курйтуту, гу чýками на врăх кáмин'у удгóр'а сăс кóпан'éту* [MS,t,8]; ~ *раш'тá ја чýками на враш'йлуту сăс кóпани* [MS,t,67]; [ПД(133); **2.** 'батак, горниот дел од нога на живина' [СК, 327]; **3.** fig. 'нога од дете, од девојка' [ПК,2(59)]; ~ *копан немам да и чукам [да и чукам кошулити [твојте нозu две купајна* [БВ,256].

копе (и: **копа**) impf **1.** 'со алатка (пр. со мотика) ја обработува земјата' ~ *то: нăпрéт шо жнйе, мăкáр áк кóпе нăпрéт и óро áк играá:* [ПД (122)]; **2.** 'со помош на копач (и др. алатки) прави дупка во земјата' ~ *му вели на лудојут: "ајди да ја здигниш мајка сега на гăрбот, да ја занесеми на гробиту, и јазе да копам гроб, да ја заријми тамо!"* [V,PM,229]; ~ *и óн купй с'ван, и гу уткувá, да му завй су сáванут; да гу купá уф грóбут, шо бéши чинéту ут кáмин* [MV,K,255]; ~ *сон сум сонила, мојте два ми братќа [два бунара копат и двата биз вода* [ТГ,171]; и: **купáј** ~ *фáти да купáј ахýр'у, гу скýмнува вз дйлуту и сă грáмнува, утйва и кóн'у* [MS,t, 61]; **3.** fig. 'кога вошки или др. инсекти прават рани по телото' ~ *тă-јáат пу-снáгата, тă-кóпат* [ПК, 2(340)].

копач* m **1.**'човек што со направа (алатка) копа' (во случајот ров) ~ *млада Јана ми умрела [аведна се, целива е[нејзините црни јочи [и си каза на копаче; "Ој копаче, ој носаче [копајте си широк гроба [широк гроба за двамина"* [БД,182]; и: **купач** ~ *Никола јабре Никола [што ти порача мајка ми [што работа да посвршиш? [Марике либе, Марике [полни се ниви јурачи [полни се лозја купачи* [БВ,288]; **2.** 'алатка, копачка' ~ *уд-вујнйцте зимáа купáче, лупáти, гă-зăкупáа*; **3.** изр.: **удрй купáч** (= почна да прави куќа, т. е. да копа темели) ~ *т'á му р'éч'и: "кугá удрйхми прăву, прăву купáч' на кăштата, тугáс ја з'éхми"* [MS,t,19].

кóпи (< копе, со редукција) n 'долго, тенко дрво со метален, шилест врв; во минатото го користеле како оружје' ~ *"Јас, вéле, дујдéх д'сă бйăм ус тéбе". "Кá сáкиш д'сă бйјме ус кóпи (копија) йли дă сă бóрме?" "А, рéкăл, чýм ме е ус кóпи!"* [ИГ,112].

кóпила n 'дете родено од вонбрачни врски' [MS,s,52].

копинов* adj 'нешто од капина' ~ *нека исто з-уд година [з-уд година с ново жито [с ново жито, с ново вино [с ново вино копиново [с ново жито грашиново* [БК,64].

копне pf, dem. од **копе** 'ископа малку' ~ *тој ангел му каза: "ету от тука да копниш, на царјувата керка ки изл'азиш". И тојнака закопа малко и флезе таму аф онаја удаја, дек и била царјувата керка* [V,PM,150]; ~ *как го садат пиперот [така, така, сади го [дупни, клади коренче [как го вадат пиперот [така, така, вади го [клекни, копни, лии го* [БВ,174].

коприн'ан* adj 'нешто направено од **коприна** (= свила)' ~ *та раскапа три постели [три постели бубакерни [... три покриве коприн'ани* [БД,98]; ~ *лелјо, лелјо сива гон'о [сива гон'о лазарова [стегни ма, лелјо, погости [сăс ситото коприпено* [БД,17]; и: **куприпин** ~ *фати*

да тегле на пусти бели раци [куприниин гајтан да скине [МВ,262]; *~ ки дунесăт алтăјне, пăпăци, куприниин кăврăк, шăмиа, колба, сенка, спăлето* [ИГ,116].

копче* n 'мала округла направа сошиена на облеката, спојува два краја (со тоа што влегува во дупче) и ја држи облеката прибрана' *~ длибоко си је заспала [рукам, рукам, ни чује [јоткопчих хи је копчето [пак си мома ле ни чује* [БД,118]; *~ ај Герги, Герги, Герги златају! [не врви Герги на турцка свадба [на турцка свадба девер да бăде [девер да бăде прјапор да носи [прјапор да носи на нивјастата [да ми искове сребăрно копче* [БД,58].

копăне n 'обработка на земјата (пр. со мотика)' *~ ут копăнто бис рăци устăнăх гааре* [ПК,2(154)]; и: **копане́** *~ у утрината стана́ от со́нот му ве́ли на́ де́тето: "Аиде, си́нку, на копане́* [V,PM,150].

ко́ра f 1. 'надворешен тврд слој од нешто (пр. од дрво, од леб и сл.)' *~ што ти лице путимнело [како платно не билено [што уста ти подгорела [како кора калинкова* [БВ,254]; *~ ај дајти ми една кора лепче [да јадам да-с јодам [за теб има чиста погача [да јадиш, да-с јодиш* [БВ,180]; *~ там, дека ручеха леб покрај една рекичка, кривоју една суха кора кату ја тури да си накăсни аф водата, реката га зема кората на дол* [V, PM,91]; 2. 'струп (од рана)' *ко́ра фа́ш'та рана́та* [MS,s,52]; сп. **кора во срце** (= душевна мака) *~ врбу, ле врбу, зилена врбу [што си навела грани надолу? [дал и ти жалиш за прво либе? [тој ме напушти, тој ме остави [тој ме остави с кора во срце* [БМ,150]; 3. 'сукан лист од тесто (за баница, баклава и сл.)' *~ ко́ри ису́кăни ут стра́на, нăтре ко́ри и млéко бăркăни, друбăни́к* [ПД(119)]; 4. 'сукано јадење од лиснато тесто (пита, баница), се прави со урда, сирење, зелје, тиква и др.' *~ ва́адин за рăчо́к и́мме ко́ра ус си́рне* [ПК,2(59)]; 5. 'исушени сливи' [СК,327].

корабар* m 'тој што има кораб, односно врши превоз со кораб' *~ фати една страшна фурту́на, корабјут сакаши и да са загуби, на морету да са издави́. Тогај фатили корабариту да ви́кат на траговциту, вел'ајке на них да метнат по-малко има́ни на море́ту, за да уле́кни корабјут* [V,PM,191].

корабче n, dem. од **кораб (кураб)** 'направа за движење по вода' *~ магесницата му вели на царјут: "дај ми кадроту да ида да докарам и стопанката!" Царјут му даде кадроту, и тјанака зема нејноту корабче, влезе аф морету, сос магиите га најде и Цăрнодрехата* [V,PM,53].

корда f 1.'покриено трло' *~ că ви́ке нă тăрлуто шо́-ј зăгра́дăно, шо́ ле́жăт о́фците, пукри́јно-ј то́, уд една́та стра́на-ј ди́гнăно, сус тăрска кăд на́с и́ пра́вме. И тăка́ има пу́штăно, кулку еди́н, пулви́н ме́тăр ут пре́ди. По́криво нă тăрăлто că ви́ке ко́рда, пукри́јно тăрло* [ПД(125]; 2. 'јаженце, коноп од направата за навивање на преѓа' (кога се приготвува за ткаење) [MS, s,53].

кори pl.tt. 'развлечено тесто во вид на тенки листови, исушени, искршени на парчиња – јувки'. Зимно време (обично наутро) се варат за јадење, или пак се ставаат во пита' [ПД (119)]; *~ суки́ме ко́ри зă-зи́мта* [ПК, 2(59)]

кори* impf 'прави забелешки (укорува некого)' *~ дали та братја бедјаха*

[јели та мајка корјаша [јели та татко главјаша? [– Учино мила сричина] нито ма братја бедјаха [нито ма мајка корјаша [БД,108].

кóрин' (и: **корăн**)* m 1. 'дел од растение што се наоѓа в земја, има жили и преку нив се храни' [ПД (Ф)]; ~ *пýш'та трú, ч'éтиц листá и гу скупáвами инá мóтика; л'у за нараст'é дур на кул'áнуту ... гу зарúвами курин'ó* [MS,t,5]; ~ *úш'ти нájмрăва ш'éс дýш'и, úш'ти идúн да ц'áска ч'изúји, друк да пýш'та кóр'ин'ą* [MS,t,5]; ~ *и тóјнака га извадú крýшата, отдóл кóринот најдé едúн казáн алтăни; ги оставú тáмо алтăните и отúде на дóма, на брáта му* [V,PM,286]; 2. 'дрво што вегетира' ~ *отидоха аф байрот, тáмука најдéли двé кóрини смóкви... едúнојут кóрин úмаши сáл еднá смоква* [V,PM,28]; ~ *на раната беши зникнал орјах един корин, и си чини гол'ам орехот, хем и врăзал орјаха млого* [V,PM, 202]; ~ *тамо, дека чуваши, едвам дојде една страшна ламја, ревјаши ешти от далеку; царјувут син, как ја виде, млого си оплаши... и са скри osat корен'ут* [V,PM,19]; 3. 'потомство' ~ *имало една жена, штото са беши уженила, подношне и родила и млого пожалена ходиши на земјата, зашто нема да остави и тја кату свјатот корин на нејното место* [V,PM,218]; 4. 'основа од каде нешто потекнува' ~ *кату ходиши по реката, на крајут беши видел да носи реката три златни јабăлки... ц рекла на л'удето му: "карај ди, моја л'уди, по реката да ловими, да најдими коренот на тиа јабăлки"* [V,PM, 218]; 5. 'утроба, место каде што мајката го носи плодот' ~ *кога бех малечка многу сум плакала [мама ме кăлнала [расти да порасниш Јано милно чедо [и ти да се мажиш чедо да не видиш [в корен да си носиш в раце да не држиш* [БК,75]; 6. изр.: **(тáм) пушти кóрне** (= кога некој остане некаде многу време и добро се ситуира) [ПК(Грам)].

коренче n, dem. од **корин'** ~ *как го садат пиперот [така, така, сади го [дупни, клади коренче [как го вадат пиперот [така, така, вади го [клекни, копни, лии го* [БВ,174].

кóрини impf 'изваѓа корења, корне' ~ *звáж'дам кóрин'ą* [MS,s,53]; и: **корне*** ~ *пушките си пукаја [бумбите се фрлаја [буките се корнија* [БВ,83]; ~ *не пеј си песна л'убовна[тук пеј си песна жалосна [либето ти је рането [в левата страна срцето [Рада си фрли тантелче [руса си коса корнеше* [БВ,159].

коринкă* f 'краен, тврд дел од леб, кора' ~ *Марко хи вјали гојвори:[– Повниш ли мари, знаиш ли [кога бех у вас ратајче [мар та са бол'ăн побол'ах [пăк ти ми даде коринки* [БД,23]; ~ *кога сă вејке убаво смрачило, испекла си еднă пепелашкă (погача) и седнала да вечарјă; на петелчето и на коткăтă давала средăтă и ги миловала, пак тја јала коринките* [V,PM,286].

коркáк m 'плашливец' [СК,327]; кај Малецки: **најкуркак**.

коркодúлус (и: **крокодúлус**) m, zool., Crocodilium големо животно од родот на гуштерите, живее во водите на тропските предели, крокодил' [MS,s,53].

короконцјур* m 'митско суштество, вампир' ~ *една жена си имала сојă дăштерја и другă пак завареницă; нехинăтă си миловала, пак завареницăтă бахтала и ја праштала на воденицăтă да млејă наштја,*

белки ја изјадат короконцјуре [V, PM,286].

Корун 'м. л. име запишано во Мегленско' ~ *ајде ми јизлегал, јабре, Корун арамија [Корун ар мија [ајде ми јиспадна, јабре, три дни пред Благовец* [БМ,57].

кортолуш m 'спас' ~ *дăволчато сăдрăпновало и сă мăчило да побăгнă, ал как видăло, чи нăма кортолуш, трăбвало да изгори, рăкло на члјаку: "как ќу ма изгориш, што ќу сă научиш?"* [V,PM,290].

кóса f 1. 'направа за косење трева (има сечило и долга рачка)' ~ *устата му бúла крúва и отворéна, очúте му царвéни кату жáр, рăцúте му като кóси, што косјáт чаúриту* [V,PM,24]; [MS,s,53]; 2. fig. 'косач' ~ *пушти колку сакăш коси и некă косăт колку сакăт, ти сăл сакă да нојсш пу јднă колă сену* [ME(P),88].

кóса f 1.'влакна на горниот дел на главата на човек (жена)' ~ *му а мажá на Исус су мúро, и му избриши нóзити су кóсата му ут глáвата* [MV,K,286]; ~ *нај-малечката рекла: "мен да ми земе, да му родум едно дете, косата да му е ут злато, и кога ки плака, бисер сăлзи да роне"* [V,PM,267]; ~ *она отиде на младо терзијче, си крои от цар бостанџија руба, и отиде на берберот, си избриче руса коса* [MC(B),93]; 2. 'влакно' ~ *úскуб-ми áдна кóса* [ПК,2(59)]; сп. pl : ~ *дор да та мајка исхрани [исхрани јошче изгледа [косите хи побелјаха [зăбите хи јокапаха* [БД,46]; 3. изр.: **кóсте си-ј-скубáа** (= е скарале, дошло дури до тепачка) ~ *сја уд нúхка пóáрни нéма, áдно врéме кóсте си-ј-скубáа* [ПК,2(170)]; со исто значење: **сă-фатúа зă-кóсте**.

косáр m 'направа, алатка за режење лозја' (АЌ), во Гр: **кусéр** ~ *уснéго сă-кóсат дăрмăлăцте пу ендéцте* [ПК,2(60)].

кóсе (се) impf 'многу се тревожи за нешто' ~ *сă-кóсме кá тă-нéма дăс вăрниш цéла нóш* [ПК(М)]; ~ *ним сă коси* (= не се секираj) [ПД (116)]; ~ *кýсјо вăлк сус-нăвéдăна глáва им-рăскăжáл шó áл гу нăјдéло, а дрýгите вăлци му-ричéли: "Нúм сă кóси, пубрáтиме, ќă-фáтме тá фушкúа и пăрчá пу-пăрчá ќă-нăпрáвăме!"* [ВД,287].

кóсе* impf 'реже трева со замавнување на косата' ~ *устата му бúла крúва и отворéна, очúте му царвéни кату жáр, рăцúте му като кóси, што косјáт чаúриту* [V,PM, 24]; ~ *кóга сă кóсе ливáта, шо ќа исфăркат трéвăта и мăкáр точúсто мéсто нăмлúа сă вúке* [ПД(122)]; ~ *селту по-наприд да менă субашă, да си удредă коа ки сă косă* [ME(P),91]; и: **кусú** 'сече трева, коси' [MS,s,52].

кóсим* m 'влакно' ~ *ја разгóл'ува, гл'éнда на прáвата бúска три кóсим'а злáт'ана* [MS,t,71].

коска f 1. 'тврдиот дел од телото на човек (или животно), од коските е составен скелетот' ~ *дома да си дојдам, тебе да пригрнам [деца да приберам, на кревет да легнам [коски да размрзнам од големи снегои* [БВ,276]; 2. 'обувалка (лажица) за обување чевли' [СК,327]; 3. изр.: **устáви (фăрлú) кóски** (= умре) ~ *избигá уф Амéрка и тáм устáви кóски;* со исто значење: **истури коски** ~ *девет години сине болен как си лежиш [уште девет Богдан, болен да ми лежиш [болен да ми лежиш, коски да истуриш* [БК,88]; **фатúл се ду (мрáсна) кóска** (= се збогатил); **сăфú кóска**

и кóжа сă-чинúл (= многу ослабнал); **ќи му нăмéсте кóсќте** (= ќе го изнатепа) ~ *áрин ej мăжóт-ú, áк рăзбéре ќи-ј нăмéсте кóсќте* [ПК(Гр)].

коскин adj 'нешто направено од коска' ~ *на ти врано, коскин зăб, да ми дајиш сребрин* – така се кажува кога детето ги менува запчињата, и забот што ќе падне се фрла на ќерамидите со споменатио израз [ТГ,131]; веројатно во врска со ваквата употреба на синтагмата *коскин зăб* Саќов ќе запише дека **коскин зăп** значи 'млечен заб' [СК,327].

кóскоца́ adv 'големо множество' [СК,327].

кóсми n (< *косме* – со редукција) 1.'влакно' ~ *зентјут го бричјат, и сичките жени стојат около него, пејат, и јунациту даржат тавлата, да не падни на земјата некој косми* [V,PM,248]; ~ *аскерот промина и отиде на кавгата. Фатили да си биат. Тогај калеко лизнува кс смиту, мо дојде тајчиту с се таким и, кату го вјахна ветер си чини* [V,PM,160]; 2. pl *кóсминта:* 'влакната што ги имаат луѓето на главата, коса' [MS,s,52]; 3. 'влакна со кои е покриена кожата на коњ (или др. животно)' ~ *отиде, усе ли белата бесна кобила... да ме вјахниш и да ми припушташ перво две саата по зелено поли, да си назноја, дур еднош ми косми вода да капи* [V,PM,187]; 4. 'грива' (овде од ламја) ~ *ламјата, така кату чула, заедноч пуснала от кал'ата на дол нејните длăги косми и му вели на царјувут син: "фати си, синку, за мојте косми да да ти тегл'а на гори"* [V,PM,51].

Кóстата m (членувано лично име, запишано во Солунско) ~ *утúди при Кóста и Кóстата му вилú пáк: "кáк дóјди пóпут у вр'ăтиш'т'éту н'éтр'ạ"* [MS,t,70]; в. **Кунстантини**.

костурски adj 'нешто што има врска со Костур – град во југозападна Македонија (во егејскиот дел)' ~ *снагата ин рамна [морска тенка трска [лицето ин бело [тиквешка погача [очите ин црни [костурски череши* [БК,33].

костăлиц m 'котелец од плетка' [СК, 327].

кọтарáк m , zool. Felis domestica 'домашно животно, машка мачка – мачор' ~ *адúн стáр кọтарáк* [ПК,2 (60)]; и: **кутурóк*** ~ *тóо мáчто уф-нăтре глéде тáм áдни глýхци, áдни мúше, свáдба прáвăт и гу фáште кутурóко нă-кýмо, кутурóко, мáчто áјн гулéм стáфуриц фáште* [ПК,2(264)] сп. **кóтур'**.

коте n 'малото од мачка – маче' ~ *малко ли ви сам донела [донела и докарала: [шарăна крава с теленце [и теленцето шарăно [шарăна квачка с пилета [шарăна котка с котета* [БД,64].

котец m 'последен дел од *мáндрата* – ограден простор во Дојранското Езеро во кој птиците ги гонат рибите, рибите исплашени од птиците се собираат во *кóтецо* – тоа е простор колку еден поголем кревет, заграден со леси, има форма на срце, ќошињата на *кóтецо* се викаат *кăтове,* личи на *пиликáтнико* (простор во Езерото заграден со леси, во вид на круг, одозгора има мрежа, во него рибарите ги фаќаат птиците)' [ПД,127].

кóтка* f, zool., Felis domestica 1.'домашно животно, што лови глувци – мачка' ~ *момичката утишла и, кога сă вејке убаво смрачило, испекла си еднă пепелашкă (богача) и седнала да вечарјă; на петелчето и на коткăтă давала средăтă* [V, PM,286]; ~ *и жената му ги*

исчисти хубаве и клала да и готви. Тамо, дека ха готвјаши, дошла една котка, едната јарибица ја зема отамо [V,PM,240]; ~ *кату седна сос тајфата да вичерат, дошла котката, му ја зе главата и побегнала, оставила котката само бл'удуту на софрата* [V,PM,2..1]; **2.** 'железна потпорка, се користи кога се навива кросното, кога се снове' ~ *з'ёват крусно́ту, з'ёват ц'ăпуве́ту, з'ёват ко́тката и курди́сават крусно́ту* [MS,t,7].

коткоригне* pf 'запее петел, кукурикне' ~ *в сред нăшт дошли гороконцјурето, зели да хлопат на вратăтă и да рукат... , момичката тога боднала с една иглă петелчето и тој коткоригнало, боднала и коткăтă, и тја мјакнала* [V,PM,287]; и: **кукурикни*** ~ *кукури́кна пинт'ёлиту и сă пуб'а́гнаха дјáвулёту* [MS,t,24]

ко́тл'ą n; (и: **ко́тлинка** f) (dem. од **ко́тка**) 'маче, маченце' [MS,s,53].

котле* n, dem. од **кутѐл** ~ *кинисала Милка за вода да јоде [котлите му светат като јасно слăнце [тенка снага крше като мрена риба* [БВ,191].

котри pron 'кој' ~ *там наградила едни сарајă, на котри доварето били от голо злато, потонето от сăрче, и на сјакă камаркă светил златен свештник... ~ тја му се тога указала, чи му је керка и чи зарад тăзи чаша сја је сходила с нози, от котри ја је зела и је затрудн'ала* [V,PM,285]; и: **кутри** ~ *хи ре́че: "Ма́јку, ка шта́ та о́жене, като́ не мо́же ниту да хо́диш, ни́ту да гле́даш. И кутри́ шта е тоз́и челове́к, де́ту шта та зе́ме?"* [V,PM,264]; односно **котăр** ~ *јуначе ле, јуначе [хубаво, гиздаво [шчо вăз друм стоиш... [и са чудом чудиш [котăр пăт да фатиш [јел долăн, јел горăн* [БД, 118]; за ж. род: **кутра́** ~ *с'ăканд'ą има́ш'и дијадо́сану ('му има́ш'и пурăнч'ину') ... о́ти на кутра́ ска́ла да по́јат, да ги ни уста́в'ат да ја́хнат на гими́јата* [MS,t,58]; ~ *сид'ăха сăс дирминц'и́јата, си м'ăр'ąха пи́лкат'ą, кутра́ ји по́гул'а́ма* [MS,t,,78]; за ср. род: **кутро́** ~ *му вили́ на инса́ну: "за прумин'ёти ш'и́ч'ки ут мо́ју дво́р за ка́ж'ити, кутро́ н'ăш'ту-ј по́ху́ваву!"* – односнава заменка претставува потврда за тоа дека во периферните говори се чуваат повеќе лексички архаизми, коишто укажуваат на "единството" на словенскиот лексички систем, но (во конкретниот случај) со прекинати изоглоси [MS, t,20].

ко́тур' m, zool., Felis domestica 'домашно животно, што лови глувци – машка мачка, мачор' [MS,s,53]; сп. **ко̧тара́к**.

котăр* m 'направа од дрва и гранки врз која се одгледува свилена буба' ~ *та́-ј ве́јка то́лка̧ва ни́е ки-а-изви́тка̧ме, пу́те́сна ки-ą-пра́јме и та́ка̧ ки-а-кла́јме пу-кра́јта и стреди́на е́т пу то́лкуви ко́тăри* [BM, 318].

коферче* n 'сандаче во кое војниците ги чуваат алиштата' ~ *ти да дојдиш да ме испратиш [да ме испратиш, либе, ду станица [до станица, либе, до граница [ја подај ми, либе, ја подај ми [ја подај ми, либе, коферчето* [БМ,79].

кофнида f 'направа сплетена од тенки гранки, кошница' ~ *јаз ку́ ти дам ăднă билкă за сăвдă, ти зăми ă, стани тивдил, зăми в ăднă конфидă смокви и иди в градо, дă сăди нози цар, рукај по пăтиштăтă, чи продаваш смокви* [V,PM,289].

коч' (и. **браф**) m, zool., 1. 'нескастрирано машко од овца, овен' (сп. Ovis 'овца') [ПД(125]; [MS,s,52]; ~ *пунатáмка си-нăјдéл еднó кóч и-му-вéле на-мăгáрто: "Дéка побрáтиме ќ-óјш?"... ~ ут- стрáк шо-се-уплашúле мăгáрето фăтúло да-рúка, кóчот фăтúл да-бýца на-дурéците* [BM,315]; 2. fig. 'награда' ~ *чúниш кóчо ќи-мо дáдаа, та уддéл дăкажýве* [ПК,2(60)].

кóч'ина f 'заградена (евентуално и покриена) просторија во која се чуваат свињи' [MS,s,52].

кóч'ман m 'складиште за пченка во форма на голем кош'. Во Солунско не се употребува, но знаат дека го има во *"С'áрску пóли"* [MS,s,52].

Кочо 'м. л. име запишано во Драмско' ~ *Като, Като, Катерино [хајде Като да бјагаме [в долно село Кобалишча! [– Бјагај Кочо, јас ни мога [братја имам, ни ма пушчат* [БД,120]; ~ *јотвори Лено вратничка [сос твојата десна рачичка [не можам Кочо да станам [мама ми лежи крај мене [широк ми фустан под мајка* [БВ,227].

кóчуве pl 'распукани зрна од пченка што ги јадат дечињата – пуканки' [СК,327].

коџја adj, indecl. 'голем' ~ *тој как виде коџја дете сос неа да спии, рече на умот: "а! тас, как виде јаз што аргесах да дојда, и зела по-млат мăж"* [V,PM,163] **куџ'á** 'силен, од прва категорија' ~ *нарáсти, млóгу гудúни пруминáха, стáна куџ'á јунáк'* (= силен, голем јунак) [MS,s,55]; сп. прекар: *Куџ'á Вáно* (= Голем Вано – станува збор за висок, крупен човек) [ПК(Гр)] в.: **коџамити**.

коџáбашија* m 'главен управител на регија во турската Империја' ~ *коџабашиата конак не даде на неа, и тја се разедила, да отиде вăнка от селото на една пл'амн'а да спии. Ја запали пл'амн'ата, ја згорја* [V, PM,209]; ~ *за да си покáжи, ча тóј га чинú тáја рáбота, úм вéли на онúја човéци: "ви са мóл'ам , нéка úди едúн човéк да вúкни коџáбашијата"* [V,PM,22]; ~ *коџабашиата фати сос момата да си кара, момата му даде и на него единојут кавад и си куртулиса* [V,PM,209]; и: **куџáбăшúа** ~ *уф-Кýкуш и-нусúа, и-зăтвурúа тáм уф-сăрáј. Ут-тóо бúа скукнáли двýјца. Избигáли, уф-нáс дујдéа. Па-тáтко – тугáј тáтко бúше куџáбăшúа – тáтко вúке: "Скóро бигáјте, ќи-дóт Тýрцте, ќи-вă-искóл'ăт"* [ПК,2(343)].

коџабашиов* adj 'нешто што му припаѓа на коџабашијата' ~ *отиде вăнка от селото на една пл'амн'а да спии. Ја запали пл'амн'ата, ја згорја. Утрината, га глендат сел'анúту, коџабашиовата пл'амн'а са изгорјала* [V,PM,209].

коџáмити* adj 'голем, преголем' ~ *му вéли на децáта му: "а брé сúнку, вúа сегá са чинúхти коџáмити јунáци; не úдити да си глáвити на н'áкои чорбаџúи, да си насăтити л'áп"* [V,PM,209] (образувано од тур. *коџа* 'голем' + заменките *ми* и *ти*) [V,PM,542].

кóш' m 1. 'направа за носење различни работи, сплетена од гранки, собира околу 50 кгр.' ~ *на пазар се продаваха [черни череши в кошове [черни череши, черни ти јочи [кој замине, купува си* [БД,144]; ~ *да такá за пóјми да ја с'ăјми ашламáта на нúвата; субúрами идúн кóш', двá, спрутú л'уд'éту, спрутú аргáтиту ш'ту за úмаш* [MS,t,4]; ~ *и шо артирисувáле кумáти, и кринáле, и убрáле дванáдесет кóши пăлни* [MV,K,266] (во множинската

форма **коши** повторно среќаваме случај на проширена употреба на наставката *-и* кај едносложни именки од м. р. – за ова пошироко во граматичиот дел); **2.** 'голема направа од сплетени гранки (измачкана со кал) во која се чува жито – замена за амбар' ~ *и нă друјзте аку не повиќă бăрăм целă гудинă му биа пăлни кошувјту ранă* [МЕ (Р),90]; **3.** 'специјален сплетен кош во вид на конус, намачкан со земја, во него се чуваат пчели' ~ *то: éј éдна трéва шо̀ мирúсе, чéл'те шо ги збúрăт; кóшувуто ги нăмáчкувăт, чéлăта, кá ки сă рóе, дă флéзе у нăтре, ú мирúсе нă слáтко* [ПД(123)]; ~ *фати детенто, му вели една приказна на ќусету: "побратими! татко ми едно времја беши имал педесет кошови пчели; ката ден мухате, кога хошдаха да пасат, ха бројаши"* [V, PM,202]; **4.** 'дел од воденицата, во **кóшут** стои житото пред да почне да се меле' [ПК,2(60)]; ~ *е ăас гóрн'о: кáмăн дупúрăт чăкăлдáци, óни гу-трéсăт жúтто, дă-пăдúнăт зăрнăта. Чăкăлдáците сă-вăрзани на кóшо* [ПД,171]; **5.** изр.: **нăпăрчú кóшо** (= се кажува кога човек ќе ги заврши главните обврски) ~ *нáште дéца изучúа, сă ижинúа, сă-измăжúа, нéмум гајлé гáарс нăпăрчúх кóшо* [ПК,2(185)].

кошáра (и: **кушáра**) f **1.**'вид амбар' ~ *зă-чýвне мисúрка кá-ј срóнина, кá нéј нă-кубáци* [ПК,2(60)]; **2.** 'помошна просторија' ~ *глéде дéтто, áдна змúа прăкăршăна, лáзе низ адúн ендéк. Тóо дéте гă-фáште зă-глáфта, сјáа клáа уф цéбо. Вéчăрта гă нóсе дóма, ú напрáве áдна кушáра гулéма* [ПК,2(262)]; **3.** 'заградена и покриена просторија за овци – трло' ~ *ăднă ýтрин ч'ул'áка кáзăл на-женăта-си да-úдат и вúдат уфцéт'а. Кушáрăта билá далéч úзвăн сéлуту* [ВД,331].

кош-мара interj 'извик кога се мамат пчелите' ~ *мат матице, мат матице [кош мару, кош мару [кош мару [фиу, фиу, фиу* [БМ,35].

кошница f **1.** 'плетена направа (како длабок сад), за носење работи, пр. грозје' ~ *ут прибруждејнă дур нă тригускатă, sастрă и катă вечăр пăдајрјту носăт пу две кошници гроздă* [МЕ(Р),91]; ~ *кога ки влезиш во кралув конака в удајата, там да ги туриш силну на бун сос кошницата, а они ки си разбојат, ки хванат да бегат* [V,PM,243]; **2.** изр.: **си-сплитé кóшницта** (= се кажува за некој што искористил извесни погодности за лична корист) [ПК,2(194)].

кóшничка f, dem. од **кошница** ~ *отúде, земá от дрýгата смóква еднá кóшничка смóкви, отúде пáк на оновá грáт, са чинú тевдúл и фатúл да продáва смóкви* [V,PM,29]; ~ *момата не знаими, дали жува е или умрјала; но ти са мол'а, везми таја пита и тас кошничка сос това грозди, да поиш да најдиш момата, да ја дадеш грозди* [V,PM, 243]; ~ *взела Јана кошничката [да набере бјало грозде [бјало грозде л'сичино...[ни нăбрала јут нихното [а јотишла јот комшицко* [БД,44].

кошничарка f 'девојче што на св. Лазар оди по куќите, заедно со други девојчиња и пеат лазарски песни носат и **кошнички** во кои ги ставаат подароците, оттаму и името' ~ *Лазар си иде од Стамбол града [па носи коли, три коли полни [првата кола сребро и злато [втората кола машко и женско [третата кола сé се лазарки [сé лазарки, сé кошничарки* [БК,23]; освен девојчина, поретко и машки

деца пеат "Лазаре", пр. ~ *кажи Лени кој гу сакаш [јас гу сакам китка Ристо [Костивото кошничарче [кошничарче лазичарче* [БВ,299].

кошнички pl 'дрвена направа (дел од разбојот), на нив се прицврстуваат *скрипчи́јнта'* ~ *ра́збо́јут: ба́рдо и́ма, на́ба́рди́ла, кро́сно – са́дно и пре́дно... Скрипчи́јна на ко́шничките, шо са́ зака́ча́ва́т на ни́ша́лките* [ИГ,121].

ко́шно n 'обраќање кон мало, уште некрстено бебе' [СК,327].

кош'ти́сува impf 'чини' ~ *ко́лку кош'ти́сува*? (= колку чини?); сп. **кусти́сува** [MS,s,53].

ко́штури́ца f, zool. 'вид влекач, *зми́а, ца́рна кут ка́тра́н, а́к та́-клу́кне гуто́ф-си'* [ПК,2(60)].

ко́шув-а adj 'неисчешлан-а' ~ *та́а па се́ таква́ о́де, ко́шува, кут бисче́ша́л' да́-са́-до́ма*, со исто значење: **ро́шува** [ПК,2(60)]; кај Саќов: **ко́шуф** 'тој што има разбушавена коса' [СК,327].

ко́шуви́ца f, bot. 'паразитско растение' ~ *уф-ури́јсто ра́сте, тре́ва-ј, га пле́ват да-не́ му пре́че уф-ра́стинто на-ури́зо* [ПК,2(60)].

кошулка f, dem. од **кошул'а** ~ *молчи бабо не плачи [ти ки вјаниш петлето [јас ќе вјанам кутрето [на пазар ки одиме [ки ти купам кошулка* [БК,162].

кошул'че n, dem. од **кошул'а** ~ *мене ми ги купи нашиот кумшија [за мојто меракче, за твојто лнатче [јоти си го носам мојето кошул'че [на менка го купи нашиот кумшија* [БВ,176].

кошута f, zool. Cervus elaphus 'женското од елен' (диво шумско животно со разгранети рогови) ~ *та си поискај, потерај [от кошута прјасно млјако [от дива коза сирене [кутри са́ наем наеми [да ти донесе, донесе [от кошута прјасно млјако* [БД,158]; ~ *понуда да ми донесе [лута ракија негошка [црвено вино владешко [ем од кошута благота [од дива коза сирејне* [БВ,297].

ко́ша́р m (в. **кошара**) 'голема плетена направа во која се ставаат ствари, кош' [ПД(130)].

кра f, zool. 'езерска птица, голема колку *пил'ка́н* (= штрк), шарена боја (бело со црно), *и́ма ка́си жа́лти но́зе, жа́лта и изви́јна чо́пка* [ПД (127].

кра interj 'подржување на гласот што го пушта орелот, страчката' ~ *и ти да вја́хниш от го́ри; и, кога́ ки ви́кам "кра́!", да ми да́ваш по една́ парча́ ме́со, кога́ ки ви́кам "кро́", да ми да́ваш по ма́ра во́да да пи́а* [V,PM,136]; ~ *фати́ гу, закла́, гу удера́ оти́де на кру́шата, гу убе́си месо́то. Дојдо́ха га́рки, какара́ски, ви́каха на вра́к кру́шата "кра́, кра́!"* [V,PM,124].

крава* f, zool., Bos vacca 1. 'домашен рогат добиток, женско говедо'; ~ *пујно́ вр'а́м'а ради́н туѓ'а́рин, жи́вини ш'ту бир'е́, ко́зи, о́фци, кра́ви, о́јди на ино́ се́лу* [MS,t,15]; ~ *утишла и ра́кла на гова́дара́, да закол'а́ от та́хнитја крави да́са́т нај-убавитја и да кажја́ са́тна́ на ма́жја́ хи* [V,PM,291]; ~ *за субира́т лајна́ ут кра́ват'а, за ха клада́т у каза́н', за ту́рнат о́да на́тр'а у каза́н'ут* [MS,t,66]; 2. изр.. **не́ си уд ша́ре́нта кра́ва** (= се кажува за човек кој за себе бара привилегии) ~ *за́шо да́-т да́ат на́-те́п по́вике и по́а́ра́нто, ти́ не́-си ут ша́ре́нта кра́ва* [ПК,2(181)].

кравичка f, zool., dem. од крава [ПД (Ф)].

кравичко (млеко)adj 'млеко од крава, кравјо' [ПД(130)]; и: **кра́вчко** ~ *кра́вчкуто млéко-ej пó-áрно от нé-ј дибéло* [ПК,2(60)].

крадач m 'тој што присвојува туѓо, крадец' ~ *бéши крадáч, óти он а дрăжиши кéсито, и пáрити он а úмаши* [MV,K288].

кра́дба f 'кражба, крадење' [MS,s,54].

кра́де (и: **крад'é, кра́ди**)* impf 1. 'присвојува, зема насилно она што не е негово, на кое нема право' ~... *или ки-ј кладă сијменту ут пăтут дă ти-ј зăтворăт дубицте, дă ти крадăт некуă овцă* [ME (P),90]; [MS,s,54]; ~ *арамúата за дрýго не úди, туку́ да кра́ди, и да скúни, и да утéпа* [MV,K,299]; ~ *а-пă гáздăта крăдéл, чинувл, áма пóвике ут-сирмăштúте... ме-ј мăка, викáл, зăшó дă-кра́де пу-сирмашчúј* [ПД,169]; **2.** 'грабнува, зема девојка за жена без согласност на нејзините родители' ~ *ке дом Мушке, ки те крадам [– не мојш Мици да ме крадиш [јас си имам стари татко [саноќ седе, тутун пије [тутун пије, ќерка чува* [БВ,292].

краден* adj 'нешто присвоено, земено нерегуларно – во случајот: девојка грабена од дома, без согласност на родителите' ~ *сношчи дојдоха од Битола града [доведоха крадено девојча [сички вечерјат, пја не вечерја* [БД,187]; ~ *завел ми јунак крадено дивојча [та ја води приз гори зјилени [приз води студени, приз сјанки дибели* [БД,58].

краин* adj 'последен' ~ *и тијă... сăтă се нă плăнинтă и сă уткупени нај ногу зă вијă крајните 5(гудини* [ME(P),84]; ~ *вија крајните тикмилј гу имăт зăфăрлену бугарцкјут изикј* [ME(P),81]; ~ *сăтă ристенцки мала нă Пазăр сă туку речи сăл ут сил'ајнă шо имăт утидено там за крајните 40 гудини* [ME(P),91]; ~ *утúва дур на идúну кóл, сă врнува на дрýгију пак, утúва дур на крáјнију кóл* [MS,t,6].

крај* m 1. 'завршок на некој простор пр. на населено место' ~ *навáл'ăве адúн óг'ин на крáјта на нúăвта, а клáве глáвта да гóре* [ИГ,111]; ~ *сă фăрлú д'ăт'ату сăс кóн'у как л'áт'аш'и на инá дрýга цáрч'ина и си утúди на крајó с'éлуту* [MS,t,20]; ~ *тогај крајта блатто пустолци, елбет и друјзте села шо сă крајта блатто, садиа пчинички* [ME(P),77] – овде имаме беспредлошка синтагма кај додатокот за место: ... *крајта блатто* (м. ... на крајот од блатото); **2.** 'завршок на некој предмет' ~ *надјанала сина риза [син'а риза и бјал хустан [препасала ален појас...[преврзала тенăк тјулбен [пуснала му двата краја* [БД,36]; ~ *з'éват кóтката и курдúсуват крусно́ту, закувáват два кóли, клáват и пу идúн кáмин' на крајó* [MS,t,7]; ~ *и два л'ýди дрăж'áт хóртумáта, идúн ут идúну крáј, дрýгију ут дрýгију крáј* [MS,t,3]; **3.** 'освен крај означува и почеток' ~ *вечерта, дошел неин мăж, увреинот, фатила тја да му кажува на манжот, как станала работата от крај до крај* [V,PM,224]; ~ *и тој му каза сичко, што и трăгнал, от крај до крај, и нај-после му вели на слăнцето: "слăнце, мило слăнце, мол'ам ти, колај да кажиш на мене"* [V,PM,199]; ~ *ут крáј чáс му бéши Слóва, пáк Слóва бéши крáј Бóга, и Гóспот бéши слóва* [MV,K,1]; ~ *ут крáј ут Евангéл'от* [MV,K,307]; односново интересно значење на лексемата **крај** го констатирал и Малецки: ~ *ут крајó* 'од почетокот' [MS,t,70]; **4.** 'ивица, брег' (таму каде што свршува

водата и почнува копното) *излезе́ при е́зера, на кра́јут се́днал и чу́иши жа́бите, как кр'а́каа: му са виде ха́рно та́мука* [V,PM,28]; ~ *и му чи́ни харно вре́ме, и по́сле три́-четі́ри дни́ изле́зоха на крајут* [V, PM,24]; ~ *пампо́р'ут са зал'ąпи́ на крајо́т на ниш'и́ту* [MS,t,84]; **5.** 'орр. на центар, периферија' ~ *заедно́ч са ука́чи го́ри и фл'а́зи аф ца́р'увата удајá, му са поклони́ и са трăгна́ на еди́н кра́ј* [V,PM,31]; **6.** 'крај на некаков временски интервал' ~ *на крајта на ланцката скалјацка гудина са стукмих су брат ми Лазар па да си ом на патриата* [ME(P),67]; **7** 'крај на животот'... *бро́јни уре́е са мо́јте, ми са гле́де кра́јта ду́рмин* [ПК,2 (154)]; **8.** 'витка од баница' ~ *зе да точи листата [тенки, тенки, тенички [като наште вратата [зе да вие краишта [тенки, тенки, тенички [като наште гредите* [БД,65]; **9.** изр.: **на́јди му кра́јут** (= тешко се доаѓа до решение на некој замрсен проблем); или: **му-најде́ кра́јут** (= заврши некоја работа што изгледа комплицирана) [ПК (Гр)]; **ки-му на́јде кра́ј** (= ќе го убие) ~ *ки-и нăче́кăт не́кăте и су ви́ла или ла́чка ки му на́јдăт кра́ј* (станува збор за убивање на кучиња); **о-извличе́ дибе́лјо кра́ј** (= тој ги понесе тешкотиите во некоја работа); **а́с сум нă-кра́јта** (= не ми остана уште многу од животот) [ПК,2(149)]; **нă-кра́ј ќи-т из а́де** (= врските што ги имаш не веќаваат добар крај) ~ *а́рно си-тăргна́л уста́а же́на, нă-кра́ј ќи-т изва́де, ќи-сă-чу́диш шо́ те́-ј нăјде́ло* [ПК, 2(184)]; **нема крај** (= нешто во голема количина) ~ *и́маши на една́ касаба еди́н чове́к; мло́гу бе́ши богат, ко́јто иман'то не́гову емаши кра́ј* [V,PM,7]; **ут-крај ду-крај** (= уште од почеток (е таков) [ПК(Гр)]; **кра́ј ус кра́ј нă-мо́ш дă-вăрsум** ~ *не́мме ни́ви... че́кме са́мо нă-пла́та, идва́ј ни сти́ге ут-пăрви ду-пăрви* (= живееме со материјални тешкотии) [ПК,2(170)].

крај prep 'покрај, во близина' ~ *кога ј суо ногу-ј тепа дубиците и зарди то кој1ите оат повике крај друмут пу идната или пу другата страна* [ME(P),74]; ~ *казал: "Да са вăрнеш, синко, да му потераш пет кон'а натоварени: ..." И му казало: "Кога идеш крај морето, да исипеш пченицата"* [V,PM,258]; ~ *да и зел и дивојката негова, отишли крај морету да и пасат. Он ја речи на дивојката: "да поглендаш овците!* [V,PM,169]; ~ *зăрди шо се нăогјăт некуј уд них крајтă Вардăр... и облеклуту гу крăстăт су имиту "вăрдарцки пăртал"* (сп.: присуство на чл. морфема – **крајта**!) [ME(P), 80].

крајче n, dem. од 'крај' (= место на периферија, орр. на 'центар') ~ *и така́ влезе́ не́три а́ф градо́, фати́, заседна́ на едно́ ку́ше́, на едно́ кра́-јче про́сиши* [V,PM,152].

кр'а́ка impf 'жабата испушта глас, крека' ~ *излезе́ при е́зера, на кра́јут се́днал и чу́иши жа́бите, как крја́-каа: му са виде ха́рно та́мука и са́каши и то́јнака да си нау́чи жа́-бин јази́к да вре́ви* [Ч,Т,КЛ].

крал m 1.'раководител на држава, монарх; функцијата е наследна' ~ *Дефа станал пăрв крал на земета, и дур да се наплодет л'удето, сăдил на пилетата и на жјувините* [V, PM,266]; ~ *едно времја имало на крај земја един крал, којто имал жена много дјулбер. Когато излевала по горста да се шета, и дивите живини стојали умајани* [V, PM,264]; **2.** 'управител на регија,

великодостојник' ~ *телал јечи по селата [по селата, в градишчата [сички на јојскă да идат [стари бано, стари крал'у* [БД,76]

Крал 'м. л. име во Солунско' ~ *имаше едн дедо, Крал Колју сăвелише* [MC,B(75].

кра́ли Ма́ркува ра́бута f 'изостаната работа, од старо време' [MS,s,53].

кралица f 'жена на кралот' ~ *така кату на млого кахăр што си чаваши кралицата, ету един ден едни ґупки маесни шетаха по градот, та проминали приз кралицата* [V,PM, 208]; ~ *пак тој ја забави кралицата нетре в гимиата, шаштиса и, га изл'ават горе на триферич, кога гленда кралицата – градот си загуби, сал мори гленда* [V,PM,172].

кралски adj 'нешто што се однесува на крал' ~ *царјут гу викна кумшиата му и му вели: "кумшиа, ету на нас земја има една кралска мома; сакам да поиш, да ми ја донесеш на мене, ја, ако не, ти зевам главата"* [V,PM,211]; ~ *сл ńнцето изгрело и си опрело зарите на бахчето. Как гледало, видело, че на сред бахчето стои едно момче и една мома, облечени со кралски дрехи* [V,PM,266]; ~ *излела девојката, да помети рамни двори еден ден. Проминали кралски сеизи приз рамни ѝ двори, да напујат бăрза кон'а* [V,PM,243].

крал'уф* adj 'нешто што му припаѓа на кралот' ~ *като си качиши на скалата, дур да влезе на крал'увата одаја, детето от три дана като беши хванал да мо дава каршилик на крал'а* [V,PM,244].

кра́нин* (и: **краин**) adj 'последен' ~ *на кра́нинта де́н на гуле́мата уф пра́зник, де́ка сто́иши Исус а викна́, е́м и вел'а́: – Аку ї же́дин не́кој не́ка до́јди* [MV,K,261]; ~ *та́тко А враа́м, про́сти ми, и пу́шти на Ла́зар, да си натопи на кра́нинто прăстин уф во́дата, да до́јди да ми си разла́ди изи́ко́т* [MV,K,274]; ~ *а́ма се́гăг диме́к, ви́ја кра́јните го́сти шо́ си о́дăт, на пуздраве́јнто се́кој адно́ уд ни́х му-ј рăскопчу́ват ко́пчите на сăги́јта* [УЕ,23].

крап m, zool. Cuprinus 1. 'риба што живее во езерата и реките' ~ *ут ногуту турлиј риби шо-ј има ув блатту ки-ј речиме вија:* **сом, јăнгулјă, крап** [ME(P),77]; ~ *лиси́цта ут кра́јта му-ви́ка: "те́гли, ку́мчо вăлче, се́ со́муве и кра́пуве"* [ВД,286]; рибата **крап** ја викаат уште и **шаран**. Таа е најголемата риба што живее во Дојранското Езеро Должината ѝ достига до 1 м., а тежината до 12 оки (= турска мерка за тежина, поголема од кгр.). Целото тело ѝ е покриено со големи крлушки, со исклучок на главата која е гола. Од двете страни на горната челуст ѝ висат по еден пар мустаќи. Заби нема; **2.** fig. hip. 'убаво, здраво детенце' ~ *о́ј нă-ба́ба кра́пчито* [ПК,2(60)].

крапоф* adj 'нешто што се однесува на рибата крап' ~ *кăрпа́чинот, л'у оти́де, му ве́ли на риба́ринот: "колку га са́каш, господи́не, та́ја ри́ба кра́пова?"* [V,PM,17]; ~ *по́мниш, кога́ зема́х една́ голе́ма кра́пова риба, е́ту она́ја ри́ба ги докара́ ти́а алтăни на на́с* [V,PM,19].

красе impf **1.** 'разубавува'; **2.** изр.: **ру́ба кра́се, ру́ба гна́се** ~ *ру́пта о-пра́ве чуве́ко, ак сă-убле́чиш уфу́бува ру́ба по́-а́рин ки-си* [ПК,2 (191)].

красна* adj (m \\ f) 'убав-а' ~ *сирома́хот му ве́ли на траго́вецат: "ај гиди траго́вец, господа́р мој" – му казу́ва бра́тувата му кăшта – "ету*

гле́даш она́ја кӑшта, што е кату ца́рски конак кра́сна?" [V,PM,13].

красовит* adj 'убав' ~ *ој пиленце гласовито [гласовито красовито [што си толко нажалано [нажалано, наплакано* [БВ,119]; ~ *ој пиленце гласовито [гласовито, красовито [нахрани се, напоји се [пак речиси една песна* [БВ,120].

краста (и: **шуга**) f, Scabies 1.'кожна болест, се прифаќа од човек на човек, предизвикува силен србеж' [ПД(Ф)]; 2. изр.: **кра́ста до-ја́де** (клетва) ~ *но́го мӑ-измӑчи́, мӑ-изде́, кра́ста до-ја́де* [ПК,2(170)]; [MS,s, 54].

краста f 'лошо, непогодно место (со ситни камења)' ~ *ела да ме видиш на какво сам поле [поле е широко близу до Битола [село Карамани ју страшни јокопи [ју страшни јокопи, краста до колена* [БВ,153].

кра́стаф* adj 'тој што има рани по кожата' [MS,s,54]; ~ *бо́лни л'у́ди да и леку́вати, кра́стави да и чи́стите, умре́ни да и кре́нити* [MV,K,297]; ~ *а, мори Калино, ја дај ми тро вода [уста да натопам, срце да разладам [– Ај оттука Турче краставо кученце [клетва ја си имам од мојата мајка [на Турчина вода јас да не му дадам* [БВ,60]; ~ *отде дојде пуста сипка [та осипа тојто стадо [та јиспука до једничко [та остана дор једничко [и то бјаша бре краставо [и то бјаша бре келево* [БД,38]; и: **крӑста́в** ~ *бабата завела и нејă, откарала ја дома си, товарила хи двă сӑндăкӑ на један крӑста́в кон и, ...* [V,PM,286].

кра́стивца f, bot., Cucumis sativus 'зеленчуково растение, од него се прави салата' [ПК(Гр)], и: **краста-ви́ца** [MS,s,54].

красто́сќу (< крстовскиот – според празникот Крстовден) m 'месец септември' [MS,s,54].

красто́сува* impf 1. 'става на крст, распнува'; сп. **ставро́сува** [MS,s,54]; 2. 'со нож пресекува некој предмет во вид на крст' (на пр. баклава) ~ *сид'ӑ на-с'ӑкој ли́сту му-фӑрл'ат по-мрӑва ма́слу. И така́ с'е́тн'а з'е́ват но́ж'у, ја-красто́суват тапс'а́та и с'е́тн'а фа́ш'тат да-с'ӑка́т кума́т'а баклава́* [ВБ,342].

крастӑва жаба f, zool. 'голема жаба со петна по кожата, се крие во влажни дупки, но не во вода' [ПД (Ф)].

крати pf 'уништи, убие' ~ *Никола сино, Никола [миличӑк мајчин главеник![от де са најде Никола [болестӑ црна Никола [болестӑ црнӑ Никола [та си та тебја тја крати!* [БД,42].

крату́на f, bot. 'сад за црпење, направен од вид тиква' (Lagenaria vulgaris) [MS,s,54]; ~ *и зел хизмиќа́рја една́ ако́ла кни́га та е напӑлнил фсе́ ну́ли, и зе́л една́ крату́на ко́лко една́ ока́ да бе́ре, запа́сал е на по́јаса* [V,PM,256]; ~ *иска́рал крату́ната и ако́лата та му ка́зал: "Сас ај та́зикана крату́на приме́рих и на ако́лата пи́сових"* [V,PM,256].

кратунка f, bot. dem. од **кратуна** ~ *та јотиде до дома си [јобричи си бјала брада [извади си жӑлти зӑби [та си турна јот кратунка [та јотиде на хорото* [БД,63]; ~ *нај-после чини една кратунка, га издјалка добре, га тури аф чешмата* [V,PM,67].

кра́тус* m 'држава, крај' ~ *ви́кна с'е́луту да гу пш'ифи́сат и да гу зва́дат про́едрус на кра́тусут* [MS,t, 86].

краќе́л m 'рачка, кукичка за затворање на прозорецот'; сп. **ч'инѓе́л** [MS,t,54].

кра́фски* adj 'нешто што потекнува од крава, кравји' ~ *с'ă ѝш'ти пла́тнуту да гу изб'ăлими; з'е́вами мрắва кра́фски лајна́* [MS,t,7]; сп. **кра́фску ма́слу** (= кајмак од кравјо млеко) [MS,s,54].

крачка* f 'дел од телото, долен екстремитет, нога' ~ *Драганке, ранобуднице [шче ти са њашчо помол'а [ти да ма Драганке послушаш: [да ми јоставиш крилцата [крилцата до раменцата [крачката до кол'анцата* [БД,184].

крашник (и: **кра́ѝш'ник**) m 1. 'парче од крајот на лебот, корка, односно крајниот дел од баклава, пита и сл.' [MS,t,54]; 2. 'вид баница со повеќе кори собрани на крајот од тепсијата, а во средината придодадено нешто според кое се додава и втората компонента на н'зивот', сп. **кра́шник-мле́чник** – во средината се става млеко ~ *(ко́ри ису́кăни ут стра́на, нăтре ко́ри и мле́ко бăркăни, друбăни́к)* [ПД(118-9)]; или **кра́шник-зе́лник** 'вид баница со повеќе кори собрани на крајот од тепсијата, а во средината придодадено зелје' [ПД(119)]; *а́ко-ј уф-стре́т ус-ри́би – то́-ј* **ри́бник-кра́шник** [ПК,2(60)]; ~ *Ручо́кут. Ко́ј шо и́ма – аднăш сука́но ки би́де – кра́шник, ури́зник, зе́лник* [ИГ,120]; 3. 'така се вика крајниот, кружен дел од **подница** (= црепна)': кога се изработува **подница** калта се прави како погача, а периферниот, кружен дел се **виј**е и сосема на крај се **исправа** (тоа се вика **крашник**) и добива форма на голема тепсија [ТГ,357].

кра́пка* f 'дел од разбојот, дрво што го оптегнува кросното' ~ *и с'ă за гу привръз'е́ми на разбо́ју; з'е́вам цило́фтину, ги з'е́вам пати́трит'а, ги з'е́вам хумо́титу, ја з'е́вам кр'ắпката* [MS,t,7]; сп. во Кукушко: **утига́чка**.

крвнина* f 'крвав настан' ~ *јотишли са двата брата [двата брата, два сирака [отишли са двата ф једнăч [један друг са ни познали [направили двја крвнини* [БД,84].

кревă impf 1.'дига нешто од пониско на повисоко место' ~ *но́го-ј гуле́м не́ că-кре́вă; ~ ка́-ки-до́јде у-гуле́му но́гу и ки-по́чне о́на ви́ке ки-а-кре́ве гла́вта* [BM,317]; 2. 'средува нешто дома, раскрева пр. маса или кревет' ~ *са́мо о́на раскре́ва, ни́кој не́ пуфа́ште;* 3. 'зема' ~ *или ки тă нăкливетă нă бегут... или кој ки гу кревă делут ки ти нăтписă некој килу повикă* [ME(P),90]; 4. – **(că)** fig. 'се развива, напредува' ~ *су секуа менă нă субăштă и селту или паѓă или că кревă* [ME(P),90].

креи m, zool. Fuligula lerina 'вид езерска птица'. Оваа птица е голема колку птицата шатка. Кај нас (се мисли на Дојранско) доаѓаат само во зимно време. Се движат во ред или во куп и претпазливо се доближуваат до брегот. ја ловат поради нејзиното вкусно месо. Ги има два вида: едните се со пепелави пердуви, а другите црнобелузлави [КД, 58].

крека 1. 'испушта кречливи гласови'; 2. изр.: **ни́т ми-вре́кат, ни́т ми кре́кат** (= се кажува кога дома нема мали деца) ~ *не́ că-ва́ркум дă-сј-о́дум до́ма, ни́т ми-вре́кат, ни́т ми-кре́кат, са́ма сум* [ПК,2(182)].

кремăнче n 'вид камен' [ПД(Ф)].

кренă (и: **крене**) pf (в. **крева**) 1.'истави, тргне' ~ *нă-де́к о-крина́ то́о ше́ј ко́ј зна́а; ~ и шо артирисува́ле кума́ти, и крина́ле, и убра́ле двана́десет ко́ши пăлни* [MV,K,266]; 2. 'исели' ~ *или ки тă нăкливетă нă бегут и ки тă кренă ут кукăтă*

[МЕ(Р),90]; **3** 'земе' ~ *декă сă терише идно време бијлик и дека си гу берăт бејзте делут, ут ка ки гу кренăт* [МЕ(Р),85]; **4.** 'врати во живот, оживи' ~ *бо́лни л'у́ди да и леку́вати, кра́стави да и чи́стите, умре́ни да и кре́нити* [MV, K,297]; **5.** 'однесе' ~ *па дошло време Стојан да јумре [го однесоја, го погребаја, земја не декс.. па ги исфрлила [од там кренаја в море фрлија [три дни од Стојан море бегало* [БВ,63]; ~ *ој невесто калишава [нимо стои крај реката [река тече матна вода [матна вода јем студена [ќе те смăкне, ќе те крене* [БВ,166]; **6.** - **(сă)*** 'замине, тргне' ~ *сăта вијă пари, бегут си-ј сакашă, кој ки сă кренише јăрăцијтă му да одă нă друкј чифликј* [МЕ(Р),88]; **7.** изр. **крене глава** (= се бунтува) ~ *не оди Џемо, слободен Џемо [каури глава кренаја, Џемо [турски бегови фатија [су оки злато земаја* [БМ,69].

кренка́ло n 'човек кој постојано се жали и им досадува на другите' [ПК,2(60)].

кре́нке impf 'офка, стенка, се жали' ~ *шо́ мо-ј на-то́о де́те, ва́адин це́л де́н кре́нке* [ПК,2(60)].

кренува impf 'зема со себе, во придружба' ~ *и чиниха свадбата, тамо на Богариово си венч'аха. После свадбата неколко дена ја кренува невестата, ја занева на Солун на неговите куќа* [V,PM,164].

крепа (се) impf 'се одржува, опстојува' ~ *ама не ја сăл за тăргн вијата арин во пăт; оша повикја... се крепа и ув турцко време* [МЕ(Р),72]; изр. **кре́пе ду́ша** (= слаб е со здравјето, но опстојува) [ПК (Гр)].

креп m 'женска крпа за глава' [СК, 327].

кре́п-бăјно́ n 'свилено платно за домашни потреби' [ПК,2(60)].

кре́ска f 'црвениот израсток на петелот на главата'; со исто значење: **ќуфќу́л'** и **гре́бин** [ПК,2(60)].

крехто adj 1.'нешто лесно кршливо' [ПГ(Ф)]; **2. крефко** 'умилно, нежно' ~ *в раци носи лудо младо [до две китки [до две китки гороцвете... [ај земи ми мор Босилке [китка гороцвете [јона му се насмејала [крефко, крефко* [БК,43]; ~ *слăнце изгрева, зраците попаѓаат [Дојранско Језеро страшно се валнуве [дојранските моми крефко ми се смејат [крефко ми се смејат, луто Голаш колнат* [БК,134].

креч m, zool. 'инсект, летно време со крилјата прави силен шум; си ја менува обвивката и затоа викаат: *пукна́л ку́ту кре́ч;* во др. источни говори: **же́же-пе́че** [ПД(124)]; кај Саќов **креч** (= штурец) [СК,327].

Кречево лувиште top.'име на место покрај брегот на Езерото, семејството Кречеви таму имале *лувиште*'; се наоѓа во локалитетот **Рăт** [КД,65].

крештенлик* m 'крстениот на кумот му паѓа *крештенлик*' ~ *ету дујде един негов крештенлик, му вели: "калитати, ти са мол'а да ми дајш твојта кубила да ида на воденица, да мел'а едно кило чиница!"* [V,PM, 94]; ~ *виде тојнака, ча аргиса жена му да дојди, пусна бабата да види, и тјанака остана тамо; му вели на крешченлико: "иди и тинака да видиш што чинат жените долу!"* [V,PM,95]; и: **криштанлăк** ~ *му фтекна, што му рекла дјадоту: ако има харин кон, на чузд да гу не даде ... и му вели на криштанлăко му: "братко, хатăр да не ти остани, јазе, кубилата ми е трудна, не ти га давам!"* [V, PM,94].

кривак m 'вид бастун – специјално дрво, на едниот крај здебелено, со него се помагаат кога се движат слепи, односно стари луѓе' ~ *тој им велú: "јáзе, брáтќа мóи, ету провалúх кривáкот ми, гу стóрех сос дламбóка дýпка, та тýка нéтри ги клáвам алтуните, штото дека да пода, се сос нéго на рăнкáта"* [V,PM,189]; ~ *вјахна и кочут и пак отиде на хоруту кату дјун'а ѓузели, беши сторила млого чудби, кого сос кон'а гу тераши, на татка ѝ му разби ногата сос кривакот* [V,PM,206].

кривáт* m 'направа на која луѓето спијат, легло' ~ *си утúди думá ... и си л'éгна на кривáт'у да спú* [MS,t,21]; ~ *кој не знаје не верува [не верува луд ме прави [луд ќе шетам за комшијка [зид ни граде дворовите [сламка граде криватите* [БВ,208]; ~ *нúкој нé гу запал'ýа кандúл'ут, да гу завúва со нúшто, нúту гу клáва пу кривáтут, туку наврас светúлоту гу клáва* [MV,K,325]; и: **кревит*** ~ *и чýпăта си лигнáла на крéвитут...Тăквá лéпа шу-бúла му-дóшло грé д-ă-рăзбýдăт* [ДК,144]; ~ *ја да дујне морски ветер [да ја летне пуста сламка [да се здружат креватите* [БВ, 209].

криве impf **1.**'има проблеми, го болат нозете, се движи со тешкотии' [СК, 327]; ~ *кă-фăтúл дă-óде во јунáкут, он крúве. Пúл'ту гу-питáл: "Шó крúвиш?"* [BB,313]; **2.** изр.: **крúве ýста** (= изразува незадоволство, прави гримаси) [ПК(Гр)].

кривец m 'име на ветар, во Дојран доаѓа *уд Гăрцко'* [ПД(114)]; 'тој е источен ветар, дува од Поројско. Предвесник е на дожд затоа се вика и **дождовник**'. Вообичаено дува преку зимата, а понекогаш се задржува цел месец. Не е опасен за рибарите бидејќи не прави големи бранови [КД,63].

кривдалник m 'тој што ја држи главата настрана, што има крив врат' [ПД(115)].

крúвина* f 'виновност' (кривица, нечесност) ~ *óни побегнáха. Тогас кадиата познá нихната крúвина, прати да ги тера, ама не можá да ги стúгни* [V,PM,9]; [MS,s,54]; ~ *му вéли: "кади ефéнди,... гу најдéх товá човéк тáмо и ми каза сичко, што истрадал... не чини хáрно, што му дадé прáвина на тиа, а на товá човéк сиромáх крúвината"* [V,PM,9]; ~ *тогајн му веле нејнта миуна сестра:[– Аку сам си, братче, на кривина [да запалиш воја силин огајн [да пуддувне идин силен ветар [да изгорам млада ем зилена* [БМ,99]; сп. **кривотиа**.

кривогледăс adj 'човек со недостаток во очите, што гледа настрана' [ПД (Ф)].

кривотúа f 'виновност, кривица' ~ *тó па шо пáла слáва ут тó шо гу пуштú, вóа ї истúнцко, и кривотúа на нéго нé са наóѓи* [MV,K,256]; в. **кривина**.

кривулúца f 'свијок на пат, кривина' ~ *тóс пăнт' кривулúца утúва* (= тој пат има многу кривини) [MS,s, 54].

криен adj 'тој што не е достапен, што не се гледа, невидлив' ~ *Јанкула тога одише си криен, ама ка го дигна Шамлијче делијче на Ѓуро пијаница, напкун ка виде така ...* [MC(B),98].

крúј* impf 'става нешто на место каде што не може да биде забележано' [MS,s,54]; ~ *чјунки мајка хми ни могла да ги крија, сградила хми в тăзи горă златни сарајă и ги оставила там да сăдјат* [V,PM, 290]; **крúј (сă)*** 'се труди да остане

незабележан' ~ *в ăднă горĕ имало ăдни много убави сарајă, ... и в тјах сăдјали ду три сăстри ламии много гол'ами, котри ошта от малички сă крили там* [V,PM,290]; ~ *така от малко дојде времето, увреинот му даде зорт млого за парите, христианинот не имал пари, са крииши от него* [V,PM,193].

крилат* adj 'суштество што има крила' ~ *орле крилато високо леташ [високо леташ далеку пулиш [што пушки пукаат Турци се ухат* [БВ,98]; ~ *ој ти бре јорле, јорле крилато [високо леташ, широко гледаш* [БВ,100]; ~ *орле крилато, пиринско пиле [дали го гледаш нашто родно место* [БМ,103].

кри́лу (и: **кри́ло**) n 1. 'орган со кој летаат птиците или инсектите'; (pl **крилá**) [MS,s,54] ~ *и такá му згур'áва крилóту на кóн'у, устáнува сăс инó кри́лу кóн'у и фáи.'та да си пáж'да на зим'áта* [MS,t,23]; ~ *за у питнáјси дни́ нóс ку́цур гу прáви идúн кóн' сăс крилá да л'áта* [MS,t,20]; ~ *и кату стигнаха на стредја пăнтјут, ету отпрет них излезе една страшна змиа сос златни крили, летна наврăх нивја стата,* [V,PM,207]; – уште еден случај со проширена употреба на наставка *-и* во множинската форма *крили,* што е необична за именки од ср. род (за ова в. поопширно во граматичкиот дел); 2. 'дел од човечко тело, една страна од скутот' ~ *ма скрij ма, скрij ма миличка мају![– де да та скрија миличка керку?[– На твојано си десничку крилу [десничку крилу, десна пазува* [БД,56]; 3. изр..: **му-пурăсная крила** (= се здоби со авторитет – пр. ако му се случиле пријатни работи, успеси, особено кај децата) [ПК (Грам)]; **му-ј пăрсичéа кри́лта** (= го оневозможија) [ПД(Ф)].

крилце* n, dem. од **крилу** ~ *Драганке, ранобуднице [шче ти са њашчо помол'а [ти да ма Драганке послушаш: [да ми јоставиш крилцата [крилцата до раменцата [крачката до кол'анцата* [БД,184].

криминлија* adj 'оружје што функционира со помош од кременна запалка' ~ *елбет су то пусат они шу гу имиа тогај: пушки криминлиј или су капцули... можиа сăл да-ј заплашат на дивите прасијна* [МЕ (Р),77].

кристјáн* (и: **кристéн**) m 'припадник на христијанската вера' ~ *кристјáнто нéмаа зéмна и́ч. Уф-Тýрцте рăбóтаа, тă-дă-живéет. Измикáре, нéкуј ки-му-óре, нéкуј ки-му цили́ни кáпе...*

кри́у (< **криво**) adv 1.'она што не е правично, што не одговара на вистината' ~ *áку и́маш' прáу, на прáу да т'ą звáди Гóспут', áку-ј на кри́у, у дăнуту у мур'éту да т'ą фăрли́ Гóспут'* [MS,t,68]; 2. 'нешто сторено со злоба' ~ *кога ма Демире миловаше [менја ми пăк л'ак падаша [от де са врниш поврниш [и да ни ти је зготвено [хич ми на криу погледна [хич ми нифелну не рече* [БД,40].

криф* adj 1. 'предмет што не е прав, што е извиткан, несиметричен' ~ *момата му беши нај-харна и најпрокопсана от сичките свјатски моми: саде един кусур имаши момата му: носо и́ беши малку крив* [V,PM,53]; ~ *тóј бéши еди́н ди́в кату жи́ва чýма; устата му би́ла кри́ва и отворéна, очи́те му царвéни кату жáр* [V,PM,24]; ~ *тогас единојут рече: "на главата му има кату гребен и пашката му е крива кату сăрп"* [V,PM,182]; 2.. 'човек (или животно) што има недостаток,

мана во ногата (или нозете)' ~ *и калеку през друг пăт отиде на валтата, си пусна бăрза кон'а и вјахнува на кривото муле та си хожда ошти на кавгата* [V,PM, 160]; ~ *на ви́и лѐжија но́го л'у́ди бо́лни, сле́пи, кри́ви, фате́ни, шо че́ка во́дата ко́га си разѝграши* [MV, K,255]; ~ *испадни ско́ро пу дру́мишти и уф паза́рут уф гра́т, и шо ки на́јдиш сирома́си, кри́ви, сле́пи, ло́ши, а́рни за́нси а ва́ка* [MV,K,278]; **3.** 'нешто што не е во права линија' ~ *кри́ф пăт*; **4.** 'погрешен' (пр. за сметка) ~ *кри́ф те-ј иса́пут* (= неточна ти е сметката); **5.** 'виновен, неправичен, што се огрешил' ~ *заати́н за си́чко ме́н мă пра́фте криф* [ПК(М)]; ~ *оти се́ е кă што трибувă ув селту, и оти зă се́ криви силјајнту* [ME(P),86]; ~ *него го искăраа криф;* **6.** изр.: **кри́ви пăтишта фăти́** (= почна да не ги почитува општествените норми) ~ *та си ми јахна на кон, на капула [Кол'у си знае криви пăтишча [криви пăтишча, криви друмишча [та си ми тргна и си јотиди* [БД, 150]; **кри́во дăрво** (= се однесува на нервозен, претерано импулсивен човек, со лош карактер) [ПК,2 (170)]; ~ *на кри́фто дăрво а́к гу изго́риш па́ пе́пăлта мо-ј кри́ва* [ПК(Гр)]; **крив-куц** (= начин на одење – потсмешливо) ~ *една суха кора кату ја тури да си накăсни аф водата, реката га зема кората на дол. И тој фати крив-куц да га тера та, терајке кората, отиде дури на едно пусто и страшно место* [V,PM,91]; **криво сăди** орр. на "право" т.е. така како што не треба ~ *но они му да́ли мло́гу драгоце́ни ка́мина на кадиата, та кри́во са сăдиха: о́ни зема́ха пра́вината, па́к Кулу́фа гу тури́ха ха́пуз* [V,PM,8]; ~ *ни́м на кри́во сăдити, туку́ на пра́во да сăдити* [MV,K, 256].

криво adv 'нељубезно, со злоба (гледа)' ~ *што ми је мило ју вас да дојдам [тебе да гледам на црните јочи [твојата мајка мене криво гледа [мене криво гледа, ју вас не зима* [БД,136].

крилес* adj 'нешто што има крилја' ~ *пиле шарено, пиле крилесто [високо леташ, широко гледаш [широко гледаш Македонија [Македонија на град Јениче* [БВ,137].

кри́лцăнце (покрај **кри́лце**) n, dem. од 'крило' [ПГ(Ф)].

кринос m, bot., Iris 'домашно украсно цвеќе, вид перуника' [BV,93].

кришом adv 'кога се настојува нешто да остане незабележано' ~ *Атанасо моме, Атанасо [Атанаса бире бели китки [Аргир чека на камилишчето [Атанаса брала бели китки [та ги дава кришом на А ргира* [БД,156]; ~ *на сички дава по едно цвјатленце [на мен си дава ја еднă хурка [кришом ма поглева. Дали да го зема [дали да го зема мају, јели немој?* [БД,36].

кро interj 'подржување на гракањето на орел' ~ *и ти да вјáхниш от го́ри; и, кога́ ки ви́кам "кра́!", да ми да́ваш по една́ парча́ ме́со, кога́ ки ви́кам "кро́!", да ми да́ваш по мăра во́да да пи́а* [V,PM,136].

крои (и: **крујѝ**)* impf **1.** 'по одреден размер сече парчиња од штоф или кожа за шиење алишта (или чевли)' ~ *и с'е́тн'а кугá и́ш'тат, з'е́ват, крујáт куш'у́л'а и гáш'ти* [MS,t,8]; ~ *биз аршин нужици ти да ми гу кроиш [биз игла и конац да ми гу сушиеш* [ТГ,204]; ~ *напкун она отиде на младо терзијче, си крои от цар бостанџија руба, и отиде на берберот, си избриче* [MC(B),93];

2. изр.: **му крóо кáпта (на нéкој)** 'му спрема некоја непријатност' [ПК,2(157)]; **плануви кроје** (= прави стратегија за остварување на некои цели) ~ *Султан Мухамед седе и се чуде [седе и се чудѐ, плануви кроје [кој да коле, кој да убесе [дали Ермени ил Македонци* [БВ, 169].

кромидарка f , zool., Gryllotalpa vulgaris 'црв што ги јаде корењата на кромидот' [BV,93].

крондир m 'сад за вино и ракија' ~ *ки си собрат десетина жени да подат на повиш, за занесат една зја папуци, скахуни,... един крондир вину и един ракиа* [V,PM,246]; ~ *хазурлук чинат, за да трăгнат за нивјаста. Пăрво пуштат две деца сос един крондир вино, да акалесат нивјастата* [V,PM,249]; ~ *ако има јунакот татку, татко му за везми лингерот сос нештата и крондирјут сос ракиата* [V,PM,245]; и: **крундир** ~ *тугај се Јана променила [променила наредила [напунила крундир вину [уднел ја у татко си* [БД,96]; кај Саќов: 'украсен бокал за вино, со него канат за на свадба' [СК,327].

крондирче n, dem. од **крондир** 'украсено (шарено) бокалче за вино или ракија' ~ *после хорото си собират и акалесанити сватови, зеват ракиа едно крондирче и ририф едно бл'удо, и зентјут сос них, сос тăмпани ч'укајке, хождат да земат кумот* [V,PM,248].

крóсну* n 'дел од разбојот, округло дрво, има **пр'áдну и сáдну'**, на едното се намотува основата (преѓата), а на другото исткаената материја' ~ *з'éвам цилóфтину, ги з'éвам патúтрит'а, ги з'éвам хумóтиту, ја з'éвам кр'ăпката, гу з'éвам и крусно́ту* [MS,t,7]; ~ *з'éват крусно́ту, з'éват ц'ăпувéту, з'éват кóтката и курдúсуват крусно́ту* [MS,t,7]; ~ *úма нăбăрдúла, крóсно – sáдно и прéдно. На шо ќи гу зăвијш крóсното – зăвăртáл'ка* [ИГ,120].

крóтка adj (m || f) 'мирен, -рна, спокоен, -јна'; сп. **мăндра** [MS,s,54]. Со формата за ж. род се покрива и машкиот, за ова поопширно во партијата "Одбрани граматички прашања". Сепак има случаи (и говори во Долновардарско) во кои е употребена и формата за м. род **крóтук** ~ *чунким-ј тăка, елбетен мирбă ки имăт сил'ајнту сăл аку имăт некуј кротук субăшă* [ME(P),90]; ~ *зевáјте јáремут наврас вáс, и ки си наýчити ут мéне шó сам крóтук и на сăрцито чúст* [MV, K,310]; ~ *влакнáта ги вăрзá нá прăстúте му и турú сóс девет рачúцки казáно, и кубúлите са чинúха крóтки кату óфци* [V,PM, 124].

кротку* adv 'тивко, мило' ~ *тојнака отиде млогу кахарлиа на дома му. Как гу виде мајка му, така гу пита кротку-кротку: "варај, синку на мајка, што си толку кахарлиа"?* [V,PM,43]; ~ *ој Голаш, Голаш планино проклета [трева до колена, коски до колена [дојранските моми кротко ми се смејат [кротко ми се смејат и на Голаш думат* [БК,135-136].

крумид m, bot. Allium cepa 'зеленчуково растение со проширен корен, се користи за салата за разлика од лукот којшто е бел, кромидот има црвеникава боја, има вкус што налутнува' ~ *аку имă грăдинă, можă дă садă сăл лук и крумид и то колку зă идире* [ME(P),87]; во Солунско: **крумúт'** [MS,s,55].

крумидáрник m 'јадење, се прави со кромид и риба и се пече' [ПК,2 (60)].

крумитче n, dem. од **крумит** ~ *шо́ а́рно ни би́ше, ќ-о́јш ќи-си-нăбе́риш уд-дво́ро се́ не́што (круми́тче, лу́кче, мăгдăно́хче)* [ПК,2(205)].

крундир m 'висулка мраз на стреа' [BG,93].

Крунди́рци top. 'име на село во Кукушко' ~ *тувăри́ме нă-ко́лта ма́лко ше́ј и а́дна вре́јка бра́шно, дујде́ме ду Крунди́рци* [ПК,2(339)]; сп. прекар на баба според името на споменатото село (од каде е дојдена) ~ *ба́пта Крунди́рка се́че дала́к, са́мо о́на гу-лику́ве дала́кут* (= болест на кожата) [ПК,2(60)]; ~ *пумина́л, та́м и́ма е́дно се́ло, Крунди́рци, нă-та́а стра́на, о́н си-вăрве, не́ зна́ни о́н де́к о́де* [ПД,147].

крутушти́на f 'мило однесување, кроткост' ~ *то́а па шо падна́ на а́рната зе́мн'а, ви́и са шо слу́шат су се́ сăрци а́рно и чи́ста прика́зната, а дрăжат, и кирдосу́ат су крутушти́на* [MV,K,274],

круша f, bot. Pirus communis 1. 'овошно дрво што дава убави сочни плодови (така се именува и плодот)' ~ *на ни́вата му тиха́са да и́ма една́ ста́ра кру́ша, и то́јнака, кату ориши млогу саат, са умури́ и оти́де, легна пот кру́шата мăра да поспи́е* [V,PM,30]; [MS,s,55]; ~ *фати́ гу, закла́, гу удера́ оти́де на кру́шата, гу убе́си месо́то. Дојдо́ха га́рки, какара́ски, ви́каха на врăк кру́шата "кра́, кра́!"* [V,PM,124];~ **па́к вели́ на кру́шата: "кифи́л са чи́ниш ти́нака, кру́шо, за пари́те?"** *[V,PM,125]; 2.* **изр.**: *е́дна ду́ша, е́дна кру́ша (=* **човек што живее сам***) ~* **нă-ме́н ни́што не́ ми трибу́ве, е́дна ду́ша, е́дна кру́ша** *[ПК,2(162)]; ко́ј се́де пут-кру́шта (ја́де кру́ши) (=* **тој што ги има близу благодетите може лесно да ги ужива); сп. со исто значење:** *ко́ј е́ј уф-ме́до – ја́де ме́д [ПК,2(169)]; кру́шта пут ко́рăно си пăјци́не (=* **какви родители – такви деца) [ПД(138)];** *стигна́ ду кри́фта кру́ша (=* **се кажува за некој со големи амбиции, што, сепак, не успеал да ги реализира) [ПК,2(195)].**

крушка f, bot. Pirus communis, dem. од **круша** ~ *бре терзијче, кесаџијче [шу ма често прогледнуваш [ни сăм крушка дă мă зобниш [ни рăкија дă мă испијаш* [БД,128]; ~ *има́ло не́ко́о де́те, сидна́ло ду не́кăа кру́шка. Сă зăкăчи́ло кру́шкăта зăџăнгăрла́что. Мă-гă-зима́ла кру́шкăта џăнгăрла́что* [ПК,2(287)].

крушница f 1.'измет од птици' ~ *и́змети-ј кру́шницте, фăрли-ј нă-буни́штто;* **2.** fig. 'мало, неугледно суштество' ~ *крушни́чко н'а́адна* [ПК,2(60)].

крушов* adj 'нешто што стои во врска со круша' ~ *Јанка по горă ходјаша [с крушово листо свирјаша [и на горăта думаша:["Горо ле, горо зилена [имаш ли уода студена [имаш ли трјава зилена?"...* и: **крушков*** ~ *стани ми постели, јаска да си легнам [не ми се станува јаска ти се лутам [оти ка беше на града Солуна [оти не ми купи крушково фустанче [крушково фустанче чејли јуд видело* [БВ,44].

крăбла f 'голем дрвен сад, има форма на елипса', служи за носење, односно за гмечење на грозје' [ПК(60)].

крăдач m 'тој што присвојува туѓи работи, крадец' ~ *он еј билижи́та о́вца, де́к д-о́де не́ о-прăи́мат... о́т еј крăда́ч* [ПК,2(154)].

крăднина f 'група луѓе крвно поврзани, роднини' ~ *ти́а сă а́дна крăднина, а́јн со́ј, а́дна крăф. Мо́ш и думăзлăк сă-ре́че. Ти́а са а́јн думăзлăк* [ПК(60)].

крăк m 'округла, дебела штица на која се меси тесто, се сучат кори или се принесува леб кога се става во фурна' ~ *нă то: сýкăт, уд дăска-ј нăпрáвăно, цéло дăрво-ј дéлкăно; и сă турýве нă скýто, гу турýвăт жéнте и сýкăт нă нéго бáјнца, кóри сýкăт. Има рăчка до: фáштăт, дăрвăна рăчка, па уд нéго, сé-ј уд еднá штúца то:, вăртăлóк ај, длăгнăвéсто мáлко* [ПД(120)]; во Солунско: **крăнк**: ~ *с'éтн'ạ за гу зам'áсат ч'áстуту ... за гу зм'áсат хýбавúч'ка, да с'éтн'ạ за в'éнат крăнгу* [MS,t,8].

крăнч'ạ n (dem. од **крăнк**) 'мала округла даска на која се меси тесто, или се сучат кори' [MS,t,8].

крăпче n, dem. од **кăрпа** 'парче материјал' (во контекстот конгруенцијата е нарушена, имено наспрема именка од ср. род стои определба од ж. р.: *иднá крăпче,* – за ова поопширно во граматичкиот дел) ~ *кá ки дóјде Велúгдин, ки-си-иклáјме тúе кутúјте, ки-ј-тýрме у-иднá крăпче, ки-ј-зăвúјме и ки-си-гу-дăржме нạ тóпло* [BM,317].

крăс* m 1. 'фигура од 2 црти што се сечат под прав агол'; односнава фигура претставува симбол на христијанството ~ *кугá гу фáтиха Исус Христос и гу дикáсаха за да гу ставрóсат и брăкаха дрăвé да му стóр'ạт крăс* [MS,t,8]; ~ *на един калам го нанижјат, от едната страна на богазиата, сос бела книга прајат един крăст...* [V,PM, 248]; ~ *и а нóсише сáм крăстут на рáмото; испаднáле да утидéле на мéстото шо му вéлиа Глáва, чифýцки му вéл'ат Голготá* [MV,K, 292]; 2. 'дел од човечкото тело, задниот дел на половината' *мúти дијафурá имáш'и идúн кајúш' на крăсту, парú имăш'и н'éтрạ* [MS,t, 14]; ~ *носиш ли кемер през крста? [Струмка му порти јотварја [дено Стојан конче врзува [и тој там конче врзува* [БД,100]; ~ *фăрли инá хóртума да сă врăзам ут крăсту да м'ạ ц'áсниш'* [MS,t,53] – случај на проширена употреба на предлогот **ут** наместо предлогот 'за': **сă врăзам ут крăсту;** ~ *и с'éтн'ạ за нараст'é аналóгус на нúвата на кувéт'у мóж'и да стáни дур на крăсту* [MS,t,5] – уште еден (друг) случај во кој предлогот **на** се јавува со проширена употреба, овој пат наместо предлогојт 'до': **дур на крăсту**; 3. изр.: **мижду нăс чéсин крăс** (= клетва) [ПК(Гр)].

крăсáто adj 'пријатен вкус што не е ниту кисел, ниту благ, а е и едно и друго' ~ *мáлко кúсло и мáлко блáго: јăбýлкта-ј крăсáта – áко-ј кúсла ус блáго* [ПД(119)]; ~ *нáј сáкум крăсáти јăбýлки. Уд нúх данапрáвиш бáјнца – аднóто нéшто* (зн. многу убаво) [ПК,2(61)]; ~ *пуснете ми рăцете [да си достигна Бојана [нишчичко њама да и направја [бузите шă и одрпам [като крсата јабăлка* [БД,118]; кај Саќов: **кăрсáт** [СК,329]; пр. вишната е *кăрсата*'.

крăсúва f 'убавица' ~ *куту сáа ка избéрăвăт "крăсúва" нă свéтут, и уф стáро врéме, и тóг'и тăкá имáло, дујнá ѓузилúјка* [ИГ,112]; сп. **крáсна (конак)**.

крăснúк m 'болест, настинка' ~ *нăчувéк кá ќи настúне гу-бóле налăжúчката, пуврăште зилéно, вúкме гу-фатúл крăснúк* [ПК,2(61)].

крăстен* adj 'ако има поминато низ црквенскиот ритуал на крштевање (= кога се добива име)' ~ *не сам од Бога паднала [туку ме мајка родила [на ден Велигден родена [на ден Ѓурѓовден крстена* [БВ,266];

~ на сред Велигден крстена [с ѓурѓевско млеко доена [со ран босилок прскана [БВ,267].

крăсти* pf **1.** 'учествува во обредот на крштавање' *~ áко-ј дéтто бóлно и áк нéма пóп мóже и бис пóп дăсă крăсте* [ПК(Мут)]; *~ "Кóј тăвúка?" – "Ма-вúкăт, вéле, дăкрăстăм". Оде óна, јáде мéт* [ДК, 139]; *~ и пáк, кóга сáкаха да гу крăстјат, отúде бабата и на пóпот му вéли: "пóпе, ке да докáрами царјувото мáлко да гу крăстими* [V,PM,111]; **2.** 'даде име на дете' *~ на-врăх дв'ăт'ą гудúни ми дáди Гóспут' инá мумýш'ка, ја крăст'ąх Рисáнта* [MS,t,3]; *~ р'éч'и да фл'áзи и д'ăтинцéту, гу фáтиха ч'у áниту, гу з'éха на мáндрата и гу крăст'аха Аркудýт'* [MS,t,16]; **3.** 'давање име на нешто, пр. на облека' *~ зăрди шо се нăогјăт некуј уд них крајтă Вардăр... и облеклуту гу крăстăт су имиту "вăрдарцки пăртал"* (во претходниот пример имаме употреба на перфективен презент – *гу крăстăт*) [ME(P),80]; **4.** fig. 'млекото го направил неквалитетно додавајќи му вода' *~ árно сј-оо крăстúл млéкто, бăр ус чúста вóда ли бúше?*; **5.** – **(се)** 'допирајќи ги прстите од раката до челото, стомакот и градите прави (набележува) крст – религиозен ритуал на христијаните' [ПК(Гр)] *~ и тó шо не сă крăсти за мójто úми. и úди пу мéни и тó нé ми и достóин* [MV,K,263]; *~ срце мě тргнало на цркве да одам [на цркве да одам свеќа да запал'ам [крстот да си крстам комка да си зевам* [БВ,57]; сп. изр. **нájдé цăрква дéк дă-сă-прăкрăстиш** (= партнерот што си го избрал не е соодветен) [ПК(Гр)].

Крăстју 'м. л. име запишано во Драмско' *~ фрет жените на нивата [сăс мăжето, сăс деверето [л'у ја Крстју самă самичкă [снопе збирам и ги тварја [тојата Марушка Крстју [шче ја видиш на крмилто [задјаната з брјамја сăчки* [БД,40].

крăстом* adv 'во форма на крст' *~ виде го Јанке, виде го [на Стамбол града седеше [девет дукана држеше [крстом си нозе држеше [жăлти жăлтици броеше* [БД,182]; в. **крăстома**.

крăстома adv **1.** 'држи нешто во опсада' *~ ч'ухми, оти имаш јунак зент... молим на вашо величество да го пусните: на нашито поли има една страшна змија, штото седăм саати место даржи крăстома* [V, PM,187]; **2. крăстума** 'нешто се прави во форма на крст' *~ с'éтн'ą сă убрнýват пак úнак ја ут'éгнуват хóртумáта за да дójдат ч'изúјиту крăстума* [MS,t,3]; односно: **кăрăстума** (и: **ч'алдúсани нós'ą** = крснозе – начин на седење') [MS,s,55].

крăстóсан* adj 'нешто што има вид на крст' *~ от стрáх ки му изл'áзиши дýшата, станá пашáта от стóлот и тúде, стојá при сиромáхот сос крăстóсани рăци кату харамúа* [V, PM,28]; *~ и кату заспаха кралицата глендаши на них: најмалката ха имаши рăнцјате си крастосана, стр'адната ха имаши на гори...*[V,PM,208].

крăстувичáр m **1.** 'тој што произведува и продава краставици'; **2.** изр.: **нă-крăстувичáр крăстăвци ним прудáви** (= немој да лажеш пред оној што знае повеќе од тебе) [ПК,2 (184)].

крăтитúра f, zool. Talpa europea 'животно што прави ходничиња под земја – кртица' [MS,s,54].

крăф f **1.** 'црвена течност што се движи низ жилите (вените и артериите) на човек или животно и го одржува животот' *~ подранила за водица [*

чешма-л нема јуф селото [јуф селото на мегданот [има, има как да нема [клети Турци јомрсиле [детинцка крв помазале [БВ,124]; *~ на застрата станале, рекле: "Да одиме по крăвта, што тичела, да го најдиме тоа враг!"* [V,PM,271]; во Драмско ја констатиравме множинската форма **крви:** *~ зăл си сăм сăн'а сăнила [ф сăбота срешчу нидел'а [црно ма куче јохапа [црни ми крви л'ајнаха* [БД,104]; сп.*~ си-пу́ште крăф* (= со пробивање на крвен сад прави да му истече извесна количина крв – тоа се прави од здравствени причини): *~ до́д Ра́јна, о́ти а-бо́ле гла́фта, че́сто си пушту́ве крăф ус-пи́ивици, се́тне по́-а́рно и́ е́ј* [ПК,2(194)]; и: (чл. **крăфта́**) [MS,s,53]; **2.** во синтагмата *~ адна́ крăф сă* укажува на 'сродство, потекло' (= роднини се) [ПК(М)]; **3.** изр.: **бла́га мо-ј кăрфта** (= добар е, комуникативен) [ПК, 2(148)]; **крăф ка́пе** (= многу е студено) *~ сиде́јте си до́ма, зе́р во́нка крăф ка́пе* [ПК,2(170)]; **кăрфта сј-а: виде́х** (се кажува кога ќе се сретнат двајца што многу се мразат) *~ ка́-ј гле́дум, чи́нум кăрфта сј-а: гле́дум прăд ме́не* [ПК,2(172)]; **сăта крăф уф-гла́фта ми-с кăчи́** (= бев крајно изненаден и изнервиран) [ПК(Гр)]; **сă-нăпи́ла во́шкăта крăф** (= се кажува за некој што си го сменил статусот и се однесува многу важно и арогантно) *~ како́в би́ше, го́спо дă-тă чу́ве, а́ма сă напи́ла во́шкăта крăф, пурăсна́ла, сă-надо́ла* [ПК,2(197)]; **ус-буба́ј крăфта мј-а: пи́јш** (= многу ме измачуваш без некој да знае, тивко и бавно) [ПК,2(205)]; **се́ нă-крăф гле́де** (= секогаш е готов да се тепа – без особени причини) [ПК,2(193)]; **му-ва́ри крăфта** (= се кажува за млад човек – за неговиот немир, агресивност, нестрпливост) [ПГ(С)]; **уф-крăфта мо-ј** (= има недобро однесување од кое не може да се ослободи) [ПК(Гр)]; **се́ крăф дă-т сă-чи́не** (= пожелување: да бидеш здрав, она што го каснуваш крв да ти се стори) [ПК,2(192)]; сп. **кăрăф**.

крăхч'а n **1.** 'крсте' (dem. од *крст*); **2.** 'точка каде што се крстосуваат линии (во вид на крст) што се обележуваат на нивата кога се сее лозје' [MS,s,53]; *~ и з'е́ват двами́на ду́ш'а пуина́ фитифти́ра и ут крăхч'а на крăхч'а прува́л'ат ро́пки* [MS,t,3]; **3.** и: **кршче** 'дел од човечкото тело – појас, половина' *~ "Јано бела, Јано [нимој така думај"[и тој така дума:[Свилне колан кове [да гу ни докове да гу ни јопаше [на Јанино кршче [на тăнкото кршче* [БД,36];

крăцне* pf 'нешто се скрши и се направи шум' *~ калтатана вели: [– "докарајте кола [кола и биволе [невеста да качем" [крцнаха колата [крцнаха, строшиха [ревнаха биволе [ревнаха, пукнаха* [БД,130]; *~ куме, млад Јоване [закарај колата [да јахнем нивјастăта [јахнали нивјастăта [крăцнăла, срушилă сă* [БД,50]..

крăчке impf 'негодува, изразува несогласување' *~ та́ткуто фăти́л дă крăчке* (= такото почнал да возразува) [ПД(152)].

крăчмарица* f 'жена што работи в кафеана' *~ тури моме чеша бира [јаска моме да попијам [ти ке станеш крчмарица [јас ке станам пијаница* [БМ,37]; сп. изр.: **пра́ве иса́п биз крăчма́р** (не се сообразува со реалноста) [ПК(Гр)].

крăшманик (и: **крăшмалик**) m 'човек што работи в кафеана, крчмар' [V, PM,372]; *~ ти́а дveте́ бра́тќа не́ бе́ха чове́ци, туку бе́ха зме́јуви,*

има́ха и побра́тими крăшмали́ци (миханеми́е) ... и оти́де ју́р на крăшманли́ците и ги пита́: бра́тка крăшманли́ци, дали сти ви́дели да промине́ е́ди́н ара́пин со́с една́ диво́јка? [V,PM,116].

крăш'та́ва* impf 'дава име преку обредот крштевање' [MS,s,54].

крăш'т'ạнли́к (и: **крăш'тилуи́к**) m 'крстениот на кумот му паѓа **крăш'т'ạнли́к'** [MS,s,54]; во северната регија (од Долновардарско): *крăштăни́к* [ПД(117)].

крăштејне n 'свечен чин (в црква) кога се дава име на новороденче' *~ ваја гудина винчајне – ду гудина крштејне* (пожелување што го искажуваат свирачите на свадба во Гевгелиско) [ТГ,189]; *~ там му дошле три абе́ра... [ја гу иде́нјут ут винча́јне [ја гу друг'јут имал арма́с [ја гу друг'јут ут крăште́јне* [ME(P),95]. Заб.: во јужните (егејски) говори среќаваме интересна употреба на глаголски именки од перфективни глаголи, што не е познато во другите македонски говори. Возможно е дека ова има врска со една друга специфичност: употреба на презентски форми од свршени глаголи; за ова в. во граматичкиот дел.

ксуде́псува* impf 'ги плаќа погребните трошоци'; сп. **харц'ити́сува** [MS,s,55]; *~ тфо́ју мăн'ч' умр'ă, да јас ксуде́псах за тфо́ју мăн'ч' дв'ă хил'а́рки, да ми ги плати́ш'!* [MS,t,46].

куба́к m 'клас (кочан) од пченка заедно со зрна' (Пат), во Ник: **ма́л'ка**, во Фур: **пиче́нка** [ПД(123)]; во Солунско: **кукума́ра** [MS,s,55].

кубе́ n 'највисоката точка, врвот на покривот на куќа' [ПД(119)].

кубе* impf 1.'извади нешто со корења' *~ куга за Јана ојдоха [што да видјат за Јана: [руси си коси кубеше [бели си раце ги ѕиеше* [БД,142]; 2. 'каса' *~ брго којно, вăлкот ки те удаве [ак не дојдиш со зăбе ки те изедам [го достигна којна пеливана [со зăбите месото го кубе* [БВ,28].

куби́ла f 1. 'крупно домашно животно, "женски коњ" – копитар' *~ молими да на го пуснеш, на нашта гора има една бела кубила бјасна: ниту чувек жив остави, ниту добитук* [V,PM,186]; *~ дојде и мăжо и, хазăр сă чиниха, вјахна тјанака на кубилата, тојнака на жрјапчиту* [V,PM,81]; **куби́лта-ј па́сăна** (ако носи ждребе во утробата), бременоста кај различните животни си носи своја номинација, пр.: *~ кра́вăта-ј сте́лна;* 2. fig. 'крупна жена' (со негативен чувствен однос) [MS,s,55].

кувạнлăк m 'задниот дел од секира, тилје – со него се кова' [ПК,2(61)].

кован* adj 'железен предмет изработен со ковање' *~ текнала је река Дуналија [на реката кувана гемија [фăв гемија мома Вангелија* [БД,150].

кувачница f 'работилница во која се обработува железо'; со исто значење: **димирџијница** [ПД(Ф)].

кує́т m 1.'сила, моќ' *~ на́јгул'а́мата ла́м'а му р'е́ч'и на хи́тра Пе́три: "ја́ла, хи́тра Пе́три, да си ви́дими кує́т!"* [MS,t,75]; *~ не́мум кує́т дă-с-испра́вум* 'немам сила да се покренам' [ПК(М)]; *~ Исус па ричé: Ми фати́ иде́н; о́ти јас пикаса́х шо испадна́ кує́т уд ме́не* [MV,K,276]; 2. 'можности' (материјални) *~ бахчеванди́ата му ве́ли: "ај гити, господа́р мо́ј, ги пу́штам така́ на про́сти учи́тели... зашто́ ја́зе не́мам кує́т за да ги пу́штам мло́гу вре́ме на сколи́ите"* [V,PM,149]; 3. fig. 'плодородност на нивата' *~ л'у за нараст'е́ дур на кул'а́нуту ... гу*

зари́вами курин'о́ и с'е́тн'а за нараст'е́ анало́гус на ни́вата на куве́т'у [MS,t,5].

куветлинди́сува (сӑ)* impf 'се одмора, собира сили' ~ *да сӑ куветлинди́са зима́та* (= да соберам сили ѣо текот на зимата) [MS,s,55].

кувитли́ја adj 'силен' ~ *иди́н д'е́н' ги затфо́ри ме́чката пак така́ сӑс ка́мин'у, ама́ д'ӑт'ӑту ста́на кувитли́ја, гу пӑхна ка́мин'у* [MS,t,16].

кага́ I conj **1.** 'кога' ~ *кага́ за пуб'ӑла́ј ху́бав'ӑ гу прусти́рат на плито́* [MS,t,8]; ~ *кага́ ја ви́д'ӑ мӑш'тиха́ји сӑс пу́лна фу́та ма́ламу о́ш'ти по́по́вики изил'е́пса* [MS,t,,63]; ~ *гу зва́д'ӑхми за пикме́с гу кла́вами у каза́ниту ... кага́ и́ш'тими, јад'е́ми сӑс кач'ама́к* [MS,t,4]; **2.** 'штом' ~ *"ти кага́ и́ш'тиш' да сӑ уж'е́ниш', и́ма то́лку ца́рцка д'ӑцӑ"*[MS,t,84]; **3.** 'бидејќи' ~ *"кага́ бити́са – вили́ – браш'но́ту, ха́ди, по́т'!"* [MS,t,78]; **II** adv ~ *кага́ – тага́с* (= когаш – тогаш) [MS,s,55].

куде́ш m 'тој што поткажува, доушник' [BV,90].

кужа́к (и: **куца́к**) m **1.**'нешто што се зема со двете раце, заграб' ~ *зи́ми а́јн кужа́к јо́нца* (или: *сӑчки* и сл.); **2.** 'скут' ~ *се́дни ми уф-кужа́ко дӑ-т пукӑцкум* [ПК,2(61)].

кужу́рка (и: **кужу́ра**) f 'тенката обвивка на телото од човек (или животно) – кожа' [MS,s,59].

кужурук m, bot., Ceratonia siliqua 'плод од суптропско растение, има форма на рог, со сладников вкус' [СК,327].

кужу́рци pl, zool. 'буби од кои се добива свила, се одгледуваат во Јужна Македонија, ги хранӑт со лисја од црница' ~ *ки-по́чнӑт влӑкне́нца дӑ-испа́јӑт уд-му́цкӑта, сӑ-зна́е де́ка са́ке дӑ-ви́е кужу́рци и ки-о́јме у-плӑни́нта ки-се́чме бре́с, га́бир, дӑп* [BM,318]; и: **кужури*** ~ *и пича́лиши да си наја́ди ут кужу́рити шо јаде́ле сфи́ните* [MV, K,280] (?).

кужу́ф (и: **кужух**) m 'горна зимска облека од кожа (заедно со волната)' [MS,s,59]; ~ *ка си а чу́ за Исус, ути́шла уф инса́нут ут на́зот, му а фати́ла кужу́хут* [MV,K,324] – пр. за нерегуларна употреба на кратките заменски форми: со формата за директен објект ж. род **а (ја)** се покрива кратката форма за м. род **го** (*а фати́ла кужу́хут*).

кужух(ф)ар m 'мајстор што изработува кожуви' [ПК(М)].

кужуфа́рка f 'голема водена птица, слетува покрај барите' [ПК,2(61)]; сп. **кожуфарин**.

кузино́ф* adj 'нешто направено од козина' [ПД(130)]; *кузино́ви диса́јги, кузино́ва вре́јка* [ПК,2(61)].

кузирка f 'издаден дел од капата, којшто служи како сенка' [ПК(Гр)].

кузум m 'галовно обраќање кон помлад човек' ~ *ного ти са мол'ам, кузум баче Митре [Ти да ме послушиш јазе шо-ќ ти речум* [ТГ,204]; ~ *на чешма има три млади моми [полнеја јабре врвеја [јоздола лудо на којн качено [јодеше кузум врвеше* [БВ,178]; ~ *Румјано кузум хубава [мар като беша на дрва [нили ми видја стадото?[– Стојане, море Стојане [бре и да сам го видјала [јела ни сӑм го познала* [БД,38].

кузе́л m ~ *'ут ко́зина вӑлна'* (= козја волна) [MS,s,59].

куиаре n, zool.'вид риба' од Дојранското Езеро. Оваа риба е всушност мала **плати́ца** [КД,59].

кујимџ'и́ја m 'мајстор што изработува златни предмети, златар' ~ *сӑ ж'е́ни за иди́н кујимџ'и́ја* (**хрисо́ко́с**); *фа́тиха да сӑ ка́рат* [MS,t,19]; сп. **хрисоко́с** [MS,s,55]; и: **куемџиа*** ~ *и пича́лиши да си наја́ди ут кужу́рити шо јаде́ле сфи́ните* [MV, K,280] (?).

~ да ни ти строша гердаџо! [– Кога го строшиш, строши го [ја имам братја куемжии [шта го направјат похубавичек [БД,110]; односно: **кујумџиа** *~ тогáс цáрјут викнá сúчките кујумџúи, úм вéли, да му стóрјат éднá типсúа сóс еднá јáрибица и дéвет јáрчпчéта* [V,PM,136]; *~ и кујумџиата му вели: "работа, што да е за занајатут ми, мога да ти га чинам, али друга работа не знам"... куумџиата, кату ги виде ушниците, рече сос умот да са на жена му, али пак сос друг ум велиши, кој можи да влези аф неговата кăшта* [V,PM, 69] (примери за присуството на сврзникот **али** со адверсативно значење во Долновардарско, в. во граматичкиот дел).

кујнак ракија f 'вид ракија': некои ставаат **кори** од **калинка** ... трети ставаат гранче од зелено јаболко – за да добие црвенкасто-колтеникава боја – оваа ракија ја викаат **кујнак ракија**. Некои ставаат **чам сакăс** (за да добие мирис) [ТГ,355].

кујнáрин m, pl *(кујнáри)* 1. 'Турци од околината на Солун (таму дојдени од областа **Којна**)' *~ ш'у сă дóш'ли ут Кóјна* [MS,s,55]; 2. 'чов к што *пáсе кóјне'* *~ úде кујнáро прă гáздăта, плáче, му вéле: "Гáзда, éдно злó, вéле, нă-најдé вáјн и нéма как дă-т сă-јáвум сéга прăт тéбе"* [ПД,143].

кујнашница f 'просторија каде што ги чуваат коњите – коњушница' *~ Марку му веле на млада Марковица: [– Ај ти мори млада Марковице [ај тури се темна кујнашница [да наружаш мојта брза којна* [БМ,44]; *~ мори, чуде, јуме кучка Павлувица [какво чудо она да направе [море, да јумрзне сестра уд два брата [ми си влезе у нејна кујн шница* [БМ,99].

кујрýк m 'опашка од животно'; сп. **пáшка** [MS,s,55].

ку(ј)умџиов* adj 'нешто што му припаѓа на кујумџијата' *~ да имам толку пари, јазика хождам да открадам куумџиовата жена, а не да чинам тука чешма да пиат светот!* [V, PM,67].

кýк (и: **куку**) m , zool. Cuculus canorus 1. 'сива птица, живее во шумите, своите јајца ги снесува во туѓи гнезда - кукавица' *~ му вéли: "пóпе, да вúдиш, што чинúх јáзе динéска! Чýх кýкут без врјáме да вúка на брјастóт, отúдох, гу отепáх* [V,PM,128]; 2.'период од годината (пролет) кога кукавицата почнува да пее', сп. **от кýк до кýк** (= од пролет до есен, поточно од празникот Ѓурѓовден до Митровден) *~ пáк му вéли пóпот: "јáзе ти сáкам да ми си цјáниш хизмикáрин от кýк до кýк и хатúр да нé ти остáни"* [V,PM,127]; *~ кýкто кýка* (= кукавицата пее) [ПД(Ф)]; [ПД (130)]; *~ прóлит ај, кýкто фатú да кýке* [ПК,2(61)]; поретко: **кукавица** *~ Бог да бије сина кукавица] што закука три дни пред Благовец [ќе помине, ето Гоце Делчев [Гоце Делчев знаме да развеје* [БВ,93]; *~ што закука сијна кукавица [не ми била сијна кукавица [тук ми била Јанка сиротица* [БВ,236]; 3. изр.: **кут кýкувица** (= се кажува кога некој е сосема сам) [ПК(Гр)]; **нă-кýкуво лéто** (= тоа за што зборуваш никогаш нема да се случи) *~ ќи-сă-вăрне нă-кýкуво лéто* [ПК,2(184)]; кај Малецки 'ластовица' (веројатно превид) [MS,s, 55].

кýка f 1.'завиткано железо во полукруг, кукачка пр. за вадење вода од бунар (со кофа)' [MS,s,56]; 2. 'дел од плугот, на **куката** се монтирани другите делови' [ПК,2(61)];

3.'нешто завиткано полукружно'; сп. уште: ~ *утúвами на нúвата, ут'éгнувáми инá хóртума, прáвими инá кýка* [MS,t,3]; [MS,s,56].

кукал'ка f 'езерска бела птица со долг, прав клун, има долга шија, долги нозе, брзо плива, голема колку кокошка' – заедно со другите барски птици есента слетува во околината на Дојранското Езеро и тука останува зимата [ПД(127].

кукáр m 'ситен кромид за садење, расад – арпацик' [СК,327]; ~ *ни је јало, нито је видјало [јам је фл'ало ф кумовата нива [изјало је лука и кукарја [кум са урли, кумица са дурли [расăрди се малката кумичка* [БД,65].

кукачки pl 'купчиња окосена трева на ливада' (Пат); во Ник: **ул'нúци** [ПД(122)].

кукја (куќа) f 1. 'cosидано живеалиште со покрив во кое живеат луѓе' ~ *он му берă акут нă негу, он пул'ă зă кýките дă сă ув ред* [ME(P),90]; ~ *кăде óдиш вóја врéме? [чýзда кýка, мури лýдо, чýзда кýка [чýзди тáтку* [ME(P),99]; ~ *и он ут нáзут, врăтнúчки úмат кýките сéлцки, ут нáзут преку врăтнúчкăта испáјѓа* [KE,282]; и: **кăшта** ~ *изгурéе и кăштте и стáрто. Сé зăпăлúа. Ми жнúахме дýрмин, тăкá бúше тáа, ќи-бéгиш, шó ќи-чúниш* [ПК,2(339)]; ~ *с'é л'éку му сă гл'éнда идúн тупýс гул'áм кóлку нáш'та кăш'та* [MS, t,52]; ~ *ногу инăкви (истучну бугарцки) лăкăрдиј: баштa, кăштă, вонкă, искăм и ногу друзи* [ME(P), 82] (тргнувајќи од својот роден говор во кој се среќава **куќа** **кујќа**), Мисирков формата **кăшта** ја третира за источно бугарска); односно **кăшча**: ~ *бúло дóцкăна и то: тăргóвăцо видéл дéка свăтé: уф нéко: кăшча свитúло* [ПД(151)]; ~ *ти: шó сă дăбуви кóлуве, сă зăбóјцăт уф зéмăта пуд вó:та и пóсле ки сă нăрéдăт кути кăшча* [ПД(127]; 2. 'семејство' ~ *зăту окулу 15 кукји сăл дудек бе јас бигаа кој нă Солун, кој нă Пазăр* [ME(P),86]; ~ *саулувут дел су 5 куки чифчиј и 1 ајлакчијцкă немă кунак* [ME(P),84]; 3. 'просторија каде што гори оган, каде што се готви – кујна' ~ *и вилú ... : "пóт' у дрýгата кăш'та да дунис'éш' мáнц'а!"* [MS,t,81]; 4. изр. **кăшта ни врти** (= се кажува за човек шо не е домаќин) ~ *Јанинче моме каматно [нали ти пита мајка ти [шта ли та даде за мене? [– јас ни сам мајка питала [мене си мајка не дава [кату на тебе кумитин... [кумитин кăшта ни врти* [БД,156]. сп. **каш'тýрка**.

кýкла f 1 'играчка што имитира девојче'; 2. 'парче влачена волна' [MS,s,56].

куклика* f, zool. 'црна птица со бела црта околу вратот' ~ *тука се плодат ногу лиут, така има ут пилците лиутут шо се јада: диви папиј, куклики, диви кукошки* [ME (P),76]; [ME(P),173].

кукол' m 1.'паразит во житото' ~ *има ситни зрăнцта куту барут;* сп. **кăнкул'**; 2. 'икра од риба'; 3. fig. 'за низок човек со голем мев' [ПК,2(61)].

кукóл'ка f 'вид плескавица – мелено месо (во вид на топче), печено или пржено'; сп. **ќуфт'é** [MS,s,56].

кукошка f, zool. 1. (в. **кокош**) ~ *кукошки биле не снесат, а камо од друга работа аир (хаске) сакиш* (употреба на перфективен презент – *кукошки биле не снесат*) [ТГ,401]; 2. изр.: **кукóшка дéк пéе (цăрно сă пúше)** (= се однесува на семејство во кое главна улога има жената) ~ *кá-ќ сă-дéсе нéкаа кукóшка дă фáте дă пéе, сăјбúта гă нóсе прáво*

нă пăзáро, гă-прудáве, а пáрте ги дáвăт нă цăркăфта, тăкóф éј адéто; **ус-кукóшкте си-легúне** (= многу рано си легнува да спие); **кукóшкăта пúе вóда и нă гóре пуглéжде** (= изразот претставува порака кон луѓето коишто понесени од добрата ситуираност не ѓе контролираат што зборуваат, го навредуваат соговорникот понекогаш несвесно); **кýлк áдна кукóшка úма акăл** (= се кажува за некој што постапува многу неразумно) [ПК,2(170)]; **ут-кукóшка нóга-ј јадéл** (= се кажува за човек што не може (или не сака) да чува тајна) ~ *нă-нúх дă нé кáјш, óни ут кукóшка нóга сă-јăдéли, нă-цéл грáт ќи-т рăскáжат* [ПК,2(207)]; со исто значење: **кукóшка му рúе** ~ *áк нé кáже шо ќи-чýу óн бóлин ќе-ј. Нă-нéго кукóшка му-рúе;* **на може една кукошка да ране, па са фале оти може воја и тоја да праве** ! – поговорка (се кажува за некој што се натценува себе си).

кукóшкин дýп m 1.'кожна болест, вид егзем' ~ *испáѓе пу кóжта кут јалăци, јалăци*; кај Саќов: **кукóшкин гăс** 'егзем што се развива радијално' [СК,327]; 2 'израѓок на кожата, голема брадавица' ~ *вúј кóлкуф кукóшкин дýп ми-сă-чинú нă-рăкта* [ПК,2(61)].

куку! куку! interj 'викање (пеење) на птицата кукавица' ~ *речé на пóпа: "áди, сúнку, јáзе утра рано ки ида, на врăх един брјаст ки са качем тамо, "куку" ки фатам да викам... пóпова стáра мáјка отúде, сá укачú на едúн брјáст, рáно-рáно фатú "кýку! кýку!" да вúка* [V,MP,128].

кукувéјка f, zool. Athene noctua indigena 'птица што гледа ноќно време, утка' ...

кукуво грозде n, bot. 'диво јолско цвеќе, *дáве плóтчăта, прóл'ăтта рáно, кýту зрăнца, кýту груздáк, сúна – цăрвéна бујá'* [ПД(122)]; ~ *дúва кúтка, га úма и уф-пóл'ту и уф байришта. Нúско рáсте, ус-сúничко груздáче цăфте* [ПК,2(61)].

кукуж'дýп m, bot.,Crataegus monogyna; 'глог' (дрво со големи трње); сп. **кукурýш'ка, ш'úкла** [MS,s,56].

кукул'е pl 'печени кожурци од свилена буба' [СК,327].

кукул' m 1. 'панделка што се врзува на главата на дете' [СК,327]; 2. 'купче перја на главата на птица, како да се обрнати' [СК,327].

кукумáра f 'клас (кочан) од пченка'; сп. **кубáк, кабáк** [MS,s,56].

кукум'áфка f 1. 'птица што гледа ноќно време – утка'; 2. fig. 'човек што живее сам'; 3. изр.: **кукумáфки уф кăшти да ти кýкат** – клетва (= да ти се запусти огништето) [ПК,2 (170)]; [MS,s,56]; **кукумáфки кýкат (уф н'áа)** ~ *нéкаа гулéма кăшта, нúкој нé сéде уф н'áа, прáзна-ј, бис чувéци, кукумáфки кýкат уф н'áа;* сп. **кукувејка.**

кукурáда f 'измет, испразнување' ~ *ч'увăч'ка кукурáда* [MS,s,56].

кукурáтка f 1.'клас од пченка без зрна' [ПД(Ф)]; во Пат: **мал'ка** [ПД(123)]; 2. fig. 'мала, слаба, сува жена' ~ *кукурáтка и на кукурáтката вúди шо гувурúла, да фáтиш та да сплéскиш кут змúа* [ПК, 2(61)].

кукурáткичка f, dem. од **кукуратка** (= клас од пченка без зрна) ~ *кá дујдéме тýка нă-дéтинцто пубунúштта сум брáла вăлничка ут кăдăјнте шо шуткáли, н-ăдно тăквóво, кукурáткичка* [ПК,2(252)].

кукурéч m 'специјалитет од млади јагнешки црева, исплетени се печат во фурна' [ПК,2(61)].

кукуричка impf 'пее петел' ~ *и кога приближиха веки на неговата земја,*

тој имаши един пинтел на конаќут, са чуиши далеку: кога ке да кукуричкаши [V,PM,72]; во Солунско: *~ кукурикна пинт'елиту* (се гласија петлите, закукурикаа) [MS,s,56].

кукурузи pl 'кадрици' (на коса) *~ коста мо-ј кукурузи, кукурузи* [ПК, 2(61)].

кукурузна (коса) adj 'виткана, кадрава коса' *~ каква мо-ј кукурузна косичката на тоо нашто детин.е* [ПК, 2(61)].

кукурушка f, bot., Crataegus monogyna 'глог' (дрво со големи трње) сп. **кукуж'дуп** [MS,s,56].

кукуф снек m 'снег што ќе заврне напролет, по празникот *Благовестие*' [СК,327].

кукурџак m, zool. Meles meles (M. taxus) 'диво животно, помало од мачка, шарено (бело, црно, жолто)' *~ ного смарде, гу викат и* **смардлифка**, *али кукурџак асал ин ејиму'то'* (= **твор** ?) [ПД(125]; кај Саќов: 'личи на куче, има шари на глава та, се крие во дупки – јазовец' [СК,327].

кукушаниц* m 'бегалец од Кукуш (односно од Кукушко)' *~ по друм заминаја три синџири робје [првиот синџир беше се стари војници [вториот синџир беше се млади војници [се млади војници сите кукушајне [сите кукушајне, сите кумиташе* [БК,93].

кукушини pl, zool. Menopon pallidum 'паразити, вошки кај кокошките' [ПК(Гр)].

кукушинки pl, zool. Cinelus aguiticus. Тоа се мали птици, имаат пердуви со кафена боја. Клунот им е прав и остер, а исто и прстите, т.е. ноктите. Се вртат околу мочуриштата (околу Дојранското Езеро) и крадешкум ја чекаат храната [КД,58].

кукушка f 'украс со кој жените си ја држат косата стегната' [MS,s,56].

кукушкар* m 'крадец на ситни работи' [ПД(114)]; *~ устав-ги тиа кукушкаре, дај-им само да се гуштеват пу-чуздите кашти* [ПК,2(61)].

кукушкарник m 'заграден и покриен простор за кокошки, кокошарник' [MS,s,56]; [ПД(130)]; и: **кукушарник** *~ сега ки-ја питат лисицта шо срабутила, и та: кажала дека влизела у-един кукушарник и и-удавила сати кукошки* [BM,318]; *~ свातуштинте влизија у-кукушарникут, гуфатија петалут* [BM,319].

кукушки adj 'нешто што се однесува на гр. Кукуш' *~ први аскер е струмички [втори аскер гевгелиски [трети аскер е кукушки [да го фатат Леонида* [БВ,131].

кукарџик m 'расад за садење кромид, арпаџик' [ПК,2(61)]; в. **кукар**.

кул adj 'тој што криви'; сп. **сакат'** [MS,s,56].

кула f 'високо, зидано од камен здание, обично без прозорци' [MS,s,55]; *~ риче Госпот ва приказна: беши иден човек стопан, а сади лоза, и загради окулу на него, и а купа на него изба и а прави кула* [MV,K,269]; *дујдеме, рече, на-царо, Царуви кули има уф-Струмица, нели....* [ПД,150].

кулај (и: **колај**) **1.** adv 'лесно (без тешкотии)' *~ така и сегашните девојки требува колај да си не предават на јунаците сос малки или големи дарби* [V,PM,58]; *~ рече на хајдуците: "еј море, девет братка хајдуци, вија млогу душа изгорихти,ама мојата душа колај не изгор'ава"* [V,PM,21]; *~ оти покулај има да си замини спартината курабарц'ка уф иглицки ушите, нибиле зингинин да флези уф царштината господинцка* [MV,K, 279]; **2.** m 'соодветен начин, реше-

ние' ~ *му кажа: "а бе ти, многу будала си бил, бе Сраулци, 9-10 години да робуваш на мојот брат!" "Што да правам, мори сестро? Колај нема"* [MC(B),95]; ~ *и́лим ва́ бо́лка не́ испа́ги су дру́гут кула́ј, туку́ су мо́лба и су по́ст* [MV, K,267]; **3.** изр.: **сӑс кула́ј** 'на лесен начин' [ME(P),173]; ~ *за да фл'а́зи ч'ув'ӑк, сӑс кула́ј фл'а́ваш'и, ала́ за да сл'ӑзи, ни мо́ж'иш'и да на́ј пӑнт'* [MS,t,58]; [MS,s,55]; **и́ма кула́ј** 'може да се најде излез од извесен проблем' ~ *л'у́дӑ сме... можме и дӑ згре́шме. И на то́о и́ма кула́ј* [ПК,2(160)]; со блиско значење: **најде́ кула́ј** (= дојде до решение) ~ *пуминувајтту ут иден чифликј нӑ друкј мојшӑ да бидӑ или скришум нојкјтӑ или аку си гу најшӑ кулајут* [ME(P),88]; сп. уште: ~ *не́ гле́дум кула́ј ут та́а мӑка;* **не́к сј-о́ бӑрке кула́јут** (= нека си бара решение).

кулајлӑк m 'леснотија, лесен начин' ~ *то́о па се́ кулајлӑк бӑрке, не́јќе ич да сӑ-мӑче* [ПК,2(61)].

кула́к (и: **колак**) m **1.** 'кружна линија во форма на буквата **О**, т.е. на круг' ~ *кога приближи при вогинот, гленда, нетре на вогино имаши една страшна змиа, колак завиена* [V, PM,175]; **2.** 'лепче што се носи в црква во празнични, верски ритуали, а потоа се раздава – кравајче' ~ *и от ониа колаци клават на трапезата и други л'агови, мизента, ракиа* [V,PM,249]; ~ *така чинат и на Божикден, подобно и на Сирната нидјал'а халва заневат, така и на Великден колак с червени јајца* [V,PM,246]; ~ *после за растроши един кулак от ониа што с порили на пентук, и ки го фӑрли напрет и назат* [V,PM,250]; **3.** 'шамија завиткана во круг врз која се става терет кога се носи на глава' [ПК (M)]; **4.** fig. 'покана' ~ *да не́ че́киш кула́к* (бидејќи се канело со *кулачи́на*) [ПК,2(61)]; сп. : **Колак** top. 'според формата, име на локалитет во Дојранско' [КД,63].

куланче n, dem. од **кулан** 'украсен ремен со кој се стега половината' ~ *Стана ка си вели гојвори: [– "Ожени ме мамо, ожени ме [да си бидам мамо с момче!" [сите се мамо с куланче [Стана мома нема куланче* [БД,140]; ~ *није го видеме на пазар одеше [на пазар одеше мартин ке купува [мартин ке купува срманли коланче [свадба ќе си праве, тебе ки те зева* [БВ, 186].

кула́р m **1.** 'мајстор што прави (или поправа) коли (запрежни)' [ПД(Ф)]; **2.** 'човек што превезува со запрежна кола' ~ *и че́кат ти́а кула́рто ка́ ќи зами́нат за–Со́лӑн дӑ-пи́тат ко́ј е типа́чо... ~ та́п укру́жат ко́л'те, пи́тат: "Еди ко́ј-си кула́р ту́к леј"* [ПК,2(336)].

кула́р m **1.** 'вратоврска'; **2.** 'тврда јака' [MS,s,56].

кула́стра f **1.** 'првото млеко што се добива откако ќе се отели кравата' (не е погодно за исхрана); **2.** fig. 'неквалитетно млеко' ~ *ут-то́о мле́ко не́ би́ве ју́рт, о́т е́ј али́с кула́стра* [ПК,2(61)].

кулаци pl 'мали гевреци што им се даваат на коледарите и суроварите' [ПД(118)].

кулашник m 'дел од женска облека' ~ *сите си моми с фустанче [Стана мома нема фустанче [Стана ка си вели гујвори: [– Ожени мамо, ожени ме [да ми купиш мамо фустанче! [сичките моми с кулашник [Стана мома нема кулашник* [БД,141].

кулени́ч изр. **удри кулени́ч** (= клекна, клечејќи на колена се помоли) ~

на тóа врéми дујдé на Исус идéн млáдо дéти, му удрú куленúч на нéго, ем вéли: Дидáскале дóбар, шо добрó да чúнам, да úмам живóт ду вéка? [MV,K,268].

кулéшка f 1.'запрежна кола на 2 тркала, уште ја викаат и **арăплан кола**' [ПК,2(62)]; 2. 'богато украсена кола на две тркла, колесница' (во др. говори:**литарка**) [ПД(128];[ПД(130)].

кулúба f 'куќичка покрај бачилото во која спијат овчарите, помошна просторија' [MS,s,56]; *~ и прáи кулúба за ч'убáниту да спáт, да ни пумрăзнуват зимáта* [MS,t,67]; *~ ричé Пéтрус на Исус: Пувéлнин, áрно и тýка за нáс да бúдими; и да прáвими три кулúби* [MV,K,327]; *~ му р'éкуха : "ут нáм пó-јунáкси!" и утúдуха на кулúбата* [MS, t,75]; и: **кăлúва** *~ сă-нăјáжцăт грóзде и óдăт нă-кăлúвăта нă-пăдáрут. Висóка кăлúва, су-скáла сă-кăчфáја* [BK,323].

кулија f 'високо камено здание, в. **кула**' *~ Јана има деветина брата [те си Јана на нек ни давахă [изградиха висока кулија [висока кулија, врата железни* [БД,84].

кулиндáрин (и: **куландáрин**) m 'дете кое што (само или заедно со група деца) на празникот Коледе оди по куќите и пее коледарски песни' [MS,s,56].

кулитúка f 'болест колера, пцост' (?) [MS,s,56].

кулшито (и: **клупито**) n 'тврдиот дел (од рогова материја) со кој завршуваат нозете на тревопасни животни' [ПГ(Ф)] ; сп. **купитук** [ПД (130)].

ултýк m 1. 'кривина на пат'; 2. 'мишка'; М. Малецки во продолжение објаснува дека (освен 'мишка'), според други информатори, споменатава зборoформа значи: 'лакот'. Второво значење нам ни е поблиско бидејќи, како што рековме, основното значење на **ултýк** е 'кривина' [MS,s,56].

кулувóзник m 'привремен пат меѓу нивите, се користи за време на жетва, кога ги превезуваат снопјето' [ПД(129)]; сп. **кулувос**.

кулужек m 'првиот месец во годината, јануари' *~ кулужек, сечко, мартин и април ка одиле, рекле: "Ајде да му истепиме на тоа ќаа девит ил'ади офци!" Флизел кулужек, му утипал 3000. Флизел сечко, и он му утипал 3 ил'ади...* [V,PM,94].

кулундрúсе pf (в. **кулундрисуве**) 'употреби' *~ сé кулунрисá, нé уставú нúштичко зă-спóмин нă-дéцта* [ПК,2(62)].

кулундрúсуве impf 'употребува нешто, го користи во работа' (пр. садови, постелина) [ПД(134)].

кулундрúсăн adj 'употребен' [ПД(134); *~ éм мáлко-ј кулундрúсăно, ем н'обúве, рăсúпано-ј* [ПК(Мор)].

кулупúт m, bot. 'растение, има корења (плодови) како компирот (само се повеќе плоски), расте меѓу корењата на габер, има розов цвет' [ПД (122)].

кулувóс m (в. **кулувозник**) [ПК,2(62)].

кулýфка f 'луспа од класот од пченка'; сп. **лýспа** [MS,s,56].

кул'áну* n 'зглоб на ногата каде што се соединуваат бутната коска и долгата коска над стапалото – колено' *~ пýш'та трú, ч'éтир листá и гу скупáвами инá мóтика; л'у за нараст'é дур на кул'áнуту ... гу зарúвами курин'ó* [MS,t,5]; *~ с'ăд'а на кул'анá* 'клечам' [MS,s,99]; во западната и северната регија (од Долновардарско): **кулено** *~ кá видé Сúмон Пéтрос, му паднá на колéната Исýс-ува, да му вéлиши: úспадни уд мéне, óти сам човéк грéшин нóго* [MV,K,272]; *~ и си*

развикна́, му падна́ на кулéната и му că пуклуни́ на нéгу [MV,K,275]; [ПД(Ф)]

кул'да́чка f 'дрвце (прачка) со чатал на долниот крај, *кул'да́рто* на *кул'да́чкăта* ги наденуваат колачињата што ги добиваат кога викаат **ко́леде** (утрото пред Божиќ) [CK,327].

ку́м m 1. 'младоженец' (?) ; 2. 'тој што ги венчал младите, односно им ги крстил децата' (покрај: **калита́та**) [MS,s,56]. И двете значења се дадени од Малецки, за првото значење ('младоженец') немаме други извори; *~ ни је јало, нито је видјало [јам је фл'ало ф кумовата нива [изјало је лука и кукарја [кум са урли, кумица са дурли [рассăрди се малката кумичка* [БД,65]; *~ за гулéмјут ниша́н дујдéа па́к то́г'иска о́сум ду́ши: свéкурут, ву́јкото на мо́мчто, тéтинут дујдé, дéвирут (бра́т му), ку́мут дујдé* [ИГ,116]; *~ пак кумот вели: "Е, здравичка, ва, сватови!" "Здрави за имаш куми". Така после пие ракиа кумот* [V,PM,241]; 3. изр.: **му-дујдé акăло, ка́ с-уддé ку́мо** (почна да се однесува паметно, но со задоцнување) *~ и о́н că-чини́ думăі́ин, му дујдé акăло, ка́ с-уддé ку́мо* [ПК,2 (177)].

куманде impf 1.'управува со нешто, има главен збор' *~ то́о шо́ кума́нде нéгде, шо́ мо́ж, дă рéчум, дă тă ту́ре нă рабо́та ил' пă дă ти свăрше нéкаа дру́га рабо́та* [ПК,2(207)]; *~ пурăсна́ли дéцта, фати́ли дорăсту́рат има́нто, дă тро́шăт, та́ткуто нă-мо́ж дă-ј кума́нде* [ПК,2(158)]; *~ уф-на́ште кумши́ј жéнта кума́нде, ка́-ќ нăрéде тăка́ că рабо́те* [ПК,2(163)]; 2. – **(că)** 'во можност е да се грижи за своите постапки' *~ како́ф си́н ај то́о, о́ш са́а сирми́а нé тă-пра́ве, шо́ устăна́ло ка́ ќи-нă-мо́јш дă-că кума́ндиш* [ПК,2(194)].

кумандар* m 'одговорен во воената хиерархија – командант' *~ дал ти Бог добро Стоил кумандаре [јела горе, горе на чардаци [на чардаци на лимени пармаци [да те служам кафе шикерлија* [БД,163].

кумани́ка f, bot. *'трéва, ли́че на јо́нца, мо́ж да-пура́сне ду-два́ мéтра'* [ПК,2(62)].

кума́р' (и: **ко́мар**) m 'хазардна игра со карти' [MS,s,56]; *~ но́с в'éч'ер и и́ди ина́ мо́ма на удајáта и му вили́: "игра́јми ко́мар"* [MS,t,9].

кума́т' (и: **кума́т**) m 1.'дел од нешто, парче' *~ гу фáта за ина́та но́га сăс уста́та и гу расч'éкна два кума́т'а* [MS,t,61]; *~ ја красто́сват тапс'а́та и с'éтн'а фа́ш'тат да с'акáт кума́т'а баклава́* [MS,t,8]; *~ нé му стигна́л мéсуту, нима́л шо́ дă му да́де, уд-но́гта си-сéче ăнă-кума́т, ту́ка уд-жа́бта и му-да́ва* [BB,313]; 2. 'парче леб' *~ кума́т' л'а́п* (= парче леб); сп. **парч'а́** [MS,s,56]; *~ и скăрши́, да му дадé на учени́ците лéпот, па учени́ците дава́ле на свéтут, и си́ти јадéле, и си прија́дéле. И шо́ артирисува́ле кума́ти, и крина́ле, и убра́ле двана́десет ко́ши, пăлни* [MV,K,266]; за множинската форма **коши** (со наставката *-и*, м. *-ови* веќе зборувавме, в. во граматичкиот дел).

куматарéсе* impf 'издржува, храни некого' *~ ду-ко́га ќи-тă-куматарéсум, фа́т-си рабо́та га́аре, нé си малéчук* [ПК,2(62)].

кумата́рин m 'неработник, неранимајко' *~ кумата́рин и на кумата́рино, пуцéл дéн низ пăтиштта ус-кума́то уф-ра́що, ка́ нé că срăму́виш;* в.: **кумăта́р** [ПК,2(62)].

куматиса (că)* pf 'нешто се подели, стане на парчиња (кумати)' [ME(P),

173] ~ *се дилеле иден су другј или сӑ зӑбурџувале и тӑка имајнту сӑ кумӑтисало* [ME(P),83].

кумáч'ạ (и: **кумаче**) n 'парче' (dem. од **кумáт'**) [MS,s,56]; ~ *"иднó кумáч'ạ прудáдухми, з'éхми иднó икатумúрју фрáнгӑ"* [MS,t,86]; ~ *лам'áта гу змáч'ка у ранкáта кáминут и стáна кумáч'анта др'éбна* [MS,t,75]; ~ *пустолцкуто поле ј сӑл иднӑ кумаче ут ва чудбина гулемӑ рамнина* [ME(P),79].

кумаш m 'исткаена материја, приготвена за шиење – штоф' [CK,328].

кумбáр* m 'кум' [MS,s,56]; ~ *с'ӑ утúва за да винч'áј кумбáруту самóс* [MS,t,13].

кумбáра* f 'кума' ~ *н'áс нид'ӑла ш'ту браковат, сӑ разбул'áва кумбáрата* [MS,t,12].

кумбјá̆ (и: **кумб'á̆**) f (n) 'мала направа со која се закопчува нешто, копче' [MS,s,56]; и: **кумбјӑ** [BS,94]; сп. **копче.**

кумéрка f 'неколку дрва што ги прикачуваат кон туѓа запрега за да ги однесе до селото' [BV,94].

кумијна f 'она што останува од грозјето откако ќе биде изгмечено. т.е. откако биде одделено виното'; од **кумијната** се добива ракија: откако виното ќе се **пратче** во **куритото** останува само **кумијна,** се дотура малку вода, за да не се исуши **кумијната,** и во специјални казани **се варе** ракија. Во казанот некои ставаат **аласон** (вид семе што мириса на мастика); ракијата со аласон ја викаат **аласонлија,** некои ставаат **букувски пиперки** за да биде ракијата **л'ута,** некои ставаат **чам сакăс** (за да добие мирис) [ТГ,355].

кумисја f 'група избрани луѓе што треба да дадат оценка за некоја работа' ~ *и, сӑбáјлинта дујдé кумúсијта, удрúа кӑрвӑлóвта вóда* (= течност за дезинфекција, бидејќи се јавила колера) [ПК,2(340)]; ~ *кумшúита Нáко мӑ-тужú, сáкше дӑ-ми-зúме пулвúнта двóр, дунцé кумúсја, излизé дрýго* [ПК,2(192)].

кумитин m 'вооружен востаник, борец против турското ропство' ~ *и áјде испӑднáа кумúтто слубóдни, пучнáаа дӑ-кóл'ӑт Тýрци, дӑ-фáкă̆т Тýрци. Сӑрдúсӑт сéлто, тúӑ шó сӑ-пó ајл'акчúј нéкуј, óт гусӑрдúсӑт тýрцкуто сéло, ќо-збéрӑт нӑ-јӑмúта* [ПК,2(217)]; значењето може да биде проширено со негативна конотација ~ *Јанинче моме каматно [нали ти пита мајка ти [шта ли та даде за мене? [– јас ни сам мајка питала [мене си мајка не дава [кату на тебе кумитин* [БД,156].

кумиташ* m (в. **кумитин**) ~ *по друм заминаја три синџири робје [првиот синџир беше сé стари војници [вториот синџир беше сé млади војници [сé млади војници сите кукушајне [сите кукушајне, сите кумиташе* [БК,93].

кумица f 1. 'таа што ги венчала младите, односно им ги крстила децата – жена на кумот' (покрај: **калимáна**) ~ *ни је јало, нито је видјало [јам је фл'ало ф кумовата нива [изјало је лука и кукарја [кум са урли, кумица са дурли [рассăрди се малката кумичка* [БД,65]. Освен ова основно значење, М. Малецки во Солунско запишал и второ значење: **2.** 'младата што стапува во брак, невестата' [MS,s,56]. Во контекстот што следува не може со голема сигурност да се утврди на кое значење се однесува: ~ *утрината на субота хазурлăк чинат и от зентјут и от нивјастата готвјат за бракот јадени... Часо на дванајси хождат, зеват кумицата и неколко*

жени млади, и си собират јунаци десетина. Тогај тăпаниту чукат, свирките свирјат [V,PM,248].

кумичка f, dem. од **кумица** ~ *ни је јало, нито је видјало [јам је фл'ало ф кумовата нива [изјало је лука и кукарја [кум са урли, кумица са дурли [рассăрди се малката кумичка* [БД,65].

кумлу́к m 'рамно место, песокливо, ширина' (таму има: *п'ásук ут прујó* = песок донесен од пороj) ~ *гу з'éj тупу́зо...гул'ám кóлку нáш'та кăш'та, утúди на кумлу́ку да сă бóри сăс црна мрна арáп* [MS,t,52]; ~ *пујнó вр'ăм'а изл'ázи цáр'у сăс визúрину за сă шéтат пу силáта; дójдуха да кáж'ими кутó на нáш'ију клáјанц, на кумлу́ку* [MS,t,39]; сп. **писукúш'ти** (= песочиште) [MS,s,57].

кумоф* adj 'нешто што му припаѓа на кумот' ~ *после хорото си собират и акалесанити сватови, ... хождат да земат кумот. И л'у за подат на кумовата порта, викат и, кату за влезат у дома, зентјут за му бакни ранката на кумовиту* [V,PM,248]; ~ *нај-напрет хождат на кумот да го акалесат. Кату за влезат на кумовата кашта, вил'ат: "добро вечер, добрја ти најдохми, куме!"* [V,PM,247]; ~ *тогај перетиту земуват онаја каниската, што беха направили момите на четвăрток, ја поклонуват на кумовата трапеза* [V,PM,249].

кумши́р m, bot. Solanum teburosum 'земјоделска култура, којашто во состав на коренот образува еден вид "грутки" коишто служат за исхрана на луѓето' [ПК(Ал)],

куму́ prаep 1.'кон, кај' ~ *гу з'éва тój кóну, гу врăтнува куму́ слăнциту да гл'éда* [MS,t,59]; ~ *Л'áт'áташ'т'éм исл'ázуха ут Кирúт... дójдуха дур куму́ пулувúнуту мóри* [MS,t, 58]; ~ *куму́ думá* (= кон дома); **2.** 'за' ~ *куму́ кóгу си ти?* (= за кого си ти, на чија страна си?); сп. **кăнд'а** [MS,s,57].

Ку́мува слáма f 'cosвездие Млечен пат' [СК,328].

кумуту́к-кумутáм adv 'овде, онде' ~ *ж'инáта гу скрúва удóл фустáниту; úди гóр'а ман'и'ó, брка кумуту́к, кумутáм* [MS,t,10]; ~ *кумуту́к и кумутáм* (= тука и таму, на оваа и на онаа страна) [MS,s,57].

кумче n, dem. од **кум** ~ *млада невеста да бидам [со младо момче до мене [мали деверја крај мене [и старо кумче пред мене [и лепа свирка по мене* [БВ,296].

кумчо vok. од **кум** ~ *нă-мéне пă миnăднá нă-ăкăло дă-дójдум пăр-тéбе дă-т jă-вúдум кăшта. – Ими, ăксáкиш, кýмчо вăлчо, áj д-ójме дă-т сă-чúне атăро... лисúцта ут крáјта му-вúка: "тéгли, кýмчо вăлче, сé сóмуве и крáпуве"* [ВД,286].

кумши́ (и: **кумш'ија**)* m 1. 'тој што живее во близина, сосед' ~ *му дадé еднó бúини на чорбаџúата, штóто си собрáха сúчките комшúи; не можáха да гу куртулúсат* [V, PM,26]; ~ *"јас ýтри за пóда на кавин'éту и ти за дóш' тáм кумш'úјата на инá кăш'та"* [MS, t,27]; ~ *да нé утéпаш, да нé бăркаш су дрýга жéна, да не крáдиш, да нé чúниш úспат на крúво... и да си мúлуваш на кумшúата кáту тéп* [MV,K,268]; **2.** изр.: **сă-брúче ли кумшúта, ти сă тóпи** (= непријатноста кај соседите е непријатност и за тебе) [ПД(138)].

кумш'ијка (и: **кумшúка**) f 'жена што живее во соседството' ~ *ги клáват на инá кумш'úјка у удајáта н'аш'тáта* [MS,t,12]; ~ *нájати идúн д'éн', ш'ту с'ад'ăха ш'úч'кит'а кумш'úјки óкул бунáр'у, принд'ăха сăс фýркит'а*

[MS,t,61]; ~ *саноќ шетам по сокаци [кој ме знаје не верува [кој не знаје луд ме чини [ас претен ќ-одам, за комшијка* [БВ,208].

кумши́че* n 'момче, односно девојче што живее во соседството' ~ *ја́ кумши́что, шо́-ј ду-на́ска зе́ а-уставѝ ѐрма́сницта, сја́а мо́мта ни уф-те́лци, ни уф-гуве́да* [ПК,2 (182)]; ~ *на срце ме јас, како лута змија [како лута змија, како кара севда [сега ки помине нашето кумшијче [нашето кумшијче ѓузел бела Мара* [БВ,190]; ~ *Ми́гдо, Ми-гдо, Мигдалино [милите ти црни очи [црни очи кати грозде [ем са пѐлни като трнки...[– Кој ти Мигдо купуваше? – Кумшијчето, терзијчето [кој ма л'уби, тој ми купи* [БД,134].

кумѐндáре impf 1. 'управува, командува' (често се употребува со пејоративна нијанса) [СК,328]; 2. **кумѐндáре*** 'негува, чува, одржува ред' ~ *се́ о́на гу-кумѐндáрше стáрјо до́ма* [ПК,2(62)].

кумѐндант m (в. **кумандар**) ~ *а-пѐ ве́чѐрта сѐ субира́ле та́мка ѓа́вул'то и ги испитува́л ни́јно кумѐнда́нт ко́ј шо нѐпрѐви́л* [ПД,166].

кумѐтáр m 'погрден израз' (за млад човек што не сака да работи, јаде на готово) [ПД(133)] в. **куматарин**.

кунáјќ m (и: **конáк, конáќ**) 1.'палата (кралевска), седиште на градска управа, општина' ~ *гу на́јдоа ѵифаирѵи́ата на пѐт'у уте́пан, ... гу зари́ли, после ти́доа на конáку́т, дадели хабе́р на пашáта* [V,PM,27]; ~ *гу кале́са гиритли́цкију ца́р', за да му сто́ри иди́н кунáјќ* [MS,t,58]; ~ *и та́м пазáри да му сто́ри на ца́р'у иди́н кунáјќ* [MS,t,19]; 2. 'место за ноќевање, преноќиште' ~ *"ако нѐ мо́јш да да́јш ѵуáп, ѵѐнл'áт! ќи тѐ ко́л'ѐт!" ѝ о́де пак, де́ка би́л на кунáк, сѐ у́ме, сѐ чу́де, ни ја́де, ни пи́е* [ИГ,111].

куната f, zool., Mustela martes 'диво животно, куна' [ПД(130)].

кунди́л m 'специјален молив (направен од мек графит) со кој учениците пишувале по своите мали ученички табли' [ПК,2(62)]; ~ *предај си Јанче верѐта [дѐ не ми лежиш в зандане! [– Мајо ле мила мајчице [змија ти јало езика... [ошче триш толко да лежа [пак си верѐта не давам [дордето рече подрече [сребѐрѐн кѐндил сѐ е спуснал* [БД,106] .

кундилуфо́ру n 'перо, дршка за пишување'; сп. **п'е́на** [MS,s,57]; односно **кундил**.

кунди́сува impf (в. **кондиса**) ~ *на дво́ру кунди́сува и сл'áва ут ко́н'у ... утфáра вратáта и нахо́ж'да ца́рувáта мо́ма да спи́* [MS,t,21].

кундугум m 'кратка женска облека, се носи до половината, украсена со кожа' [BV,95].

ку́ндур adj 'краток, кус' ~ *ку́ндур ко́сми* (= кратка коса); *ку́ндур ч'ув'áч'анта* (= мали луѓе, цуциња); *ку́ндури др'ава́* (дрва вградени во ѕидот напреку, за стабилност) [MS, s,57]; ~ *фáш'тат т'еме́л'а, ги дукáрват дур на д'уш'ам'е́ту, ги фѐрл'ат гринди́т'а удго́р'а – ку́ндури и́дат* [MS,t,21].

куни (са)* impf 'молчи' ~ *сиромахут не позна, по кој тертип му кажа царјут да ходјат; и така са куниха и двата, и не знаиши сиромахут да му даде каршилѐк* [V,PM,54]; ~ *му ве́ли брáт му: "шо́ алтѐни ми вре́виш, а бре́ барли́в? Ку́ни си тáмо, ки на чу́јат сфе́тот, бре́!"* [V, PM,125]; ~ *един вечир са упи царјут и чини каул сос едни богати, ча морету да гу испие... гнусниот саде слуша от срјашта и са куни* [V,PM,58].

куничка f 'мала детска рака' ~ *куничкăта нă мајка* [ПД(115)]; и: **кунка*** ~ *дај на баба кункте* [ПК,2 (62)].

кунлучки pl 'странични дрвца на запрежна кола, на нив се потпираат страниците' [ПД(128)].

куноштисе (си) pf 'поразговара, се зближи' ~ *и кату си куноштисах сос ваша милос, имам севда да ти чинам и кум, да ми винчаиш* [V,PM,58]; ~ *му вели на кусету: "побратими, татко ми и порăнчел, сос кусе човек да не куноштисам"* [V,PM,202]; и: **каноштиса*** ~ *на скалата го беха ч'акали до хил'аде душа, хем от скалата до неин конак беши постелана се многоцен камин... Един саат каноштисали тамо* [V,PM,172].

кунуштисува (в. **куноштисе**) impf 'одржува врски, се договара' ~ *зă дă можă по кулај дă гу пувел'ă селту он кунуштисува су дватриминă по-зијнгијнă* [ME(P),91]; ~ *кату как му беши порăчала момата, и така ката вечир са коноштисуваши сос лалавата керка, васа ношт си хоратуваха и сос мајка и и со неа* [V,PM,56

куп m 1.'повеќе предмети, струпани на едно место' ~ *е от петнајси година сетне и рекла на господарјут му, да му даде хакот, да си пои на дома му. И господарот му раздели еден куп стребрена дребни пари и три жилта флурини* [V,PM, 161]; ~ *тогáс господáро извадú, му турú на едúн куп пет хил'áди грóшови и на едúн куп пет парú и му вéли: "ади сéга, котрúи сáкаш, онúа зéми!"* [V,PM,108]; 2. **по-куп** adv 'на едно место, заедно' (сп. **пикупа**) ~ *и тој, што беши млого хитра, извади дрехите, ги собра нетри на кутелот и кутелот го тури по куп на главата му* [V,PM, 199]; 3. изр. **прис-кýп зă-грóш** (= направено прекутрупа, на брзина); **кýпут дă-с напрáве** (клетва = дај Боже гроб да си направи) [ПК(Г)].

купа f 1.'голема количина сено собрано на едно место – обично има издолжена форма' ~ *ак гу субéрме сéнто уд нăмлúта, уд ил'нúците, нă куп, тáа гă вúкуме чилéнк, óнај вăртлеста, сиврúа, висóка, а ако ј длăгнăвéста нăпрáвăна кýпа гă вúкуме* [ПД(122)] 2. 'грамада, куп работи, збрани на едно место' ~ *стóр н'ă инá кýпа* (= не собра на куп); сп. *бабáч'ка кýпа* (= голема купа); ~ *ги субирá јáблăкúт'а, ги стóри инá кýпа и ги устáви* [MS,t,62]; ~ *млóгу сă упла́ш'и, даш'ó рáнуту б'ăш'и панагúр: нúту пóп, нúту дјáк ... ш'úч'ка умр'ăнта иднá кýпа* [MS,t,70]; 3. 'грутка шеќер'(?) [MS,s,57].

купáј impf 'ја рови земјата, копа (пр. со мотика)' ~ *фáти да купáј ахýр'у, гу скýмнува вудúлуту и сă грáмнува, утúва и кóн'у* [MS,t,61].

купáн'а (и: **купáнка**) f 'дрвено корито во кое се става храна на домашните животни (пр. на свињите)' [ПД (120)]; ~ *"с'éдни – вилú – на тáс купáн'а, јáс – вилú – за ја пăтам пúч'ката"* [MS,t,78]; ~ *вели на неа: "мадам така ти речи, мајко, царјут, да ми кладеш нетри аф една копанка и да ми фăрлиш нетри на морету"* [V,PM,89]; ~ *тја врăх купан'атă оставила сă пăрстен'а и уткшила горе да го види. Тога тој сл'ал от гн'аздото си, зел хи пăрстен'а* [V,PM,285].

купан'é n 'ровење на земјата, копање' [MS,s,57]; и: **купајне** ~ *на купајне одам, мотика на рамо [кога те смислувам стомната скришувам [*

дома да си дојдам, белкин ки те најдам [БВ,260].

купарáн m 'горна (зимска) облека, поставена со кожа, опшиена со гајтан'; сп. **кýрк** [MS,s,57].

купаранчā* n 'горна, машка облека, палтенце' [ME(P),173] ~ *одăт или су бели чалми и длăги дулами, кăту сăти турцки "богослови", или малечки визани купаранчијнă* [ME(P), 86]; во Кукушко: **купаран** 'кратка машка облека опшиена со ленти и гајтани' [BK,95].

куп'éн' m 'наредени снопје жито (на нива), стог'; сп. **стáва** [MS,s,57].

купечки adj 'она што не е произведено дома, туку е купено' ~ *жејнте носăт фустајни ут алацај ѥ друзи купечки арцува* [ME(P),81]; в. **купин**.

купéц m 'човек што се занимава со трговија' [ПК,2(62)].

купи (и: **купе**)* pf 1.'кога некој даде пари и во замена добие нешто што сака да го има – направи размена' ~ *дéтто му вúке на вýјку му, кă видéл пăјтóнут от úде ysгóре: "вóа ќи мă кýпе мéне, да сáкиш нóгу пáри билé"* [ИГ,111]; ~ *кýп'ах идúн ч'éрна кóн' за усимнáјси ж'лăти фрáнги* [MS,t,2]; ~ *и Настрадúнхóц'а з'é парú ут думá, утúди на пазáру, да си кýпи дрýгу магáр'а* [MS,t,55]; 2. fig. 'придобие некого да биде на негова страна, се разбира со извесна контрауслуга' ~ *áма он гу-купúл и сýбашта и тóо испаднáл на нéгува стрáна* [ПК(Гр)].

купúја (и: **купиā, купú**) f 'дрво, во вид на лопата со кое се весла, за да се движи *курабут* (по Дојранското Езеро'). *Купијата* е ... прицврстена од страна на дрвената чивија што се вика *скраматúк'* [КД,56]... ~ *ут стрáнта úма испýшчăно дéка лéже купúта* (= веслото), *купúта-ј дăлга трú и пýл мéтра; купúјте сă ут чáм, óти óни сă пó-лéки* [ПД(128].

купилáрка (и: **купилýш'а**) f 1. 'таа што родила пред време' (веројатно се мисли на овца односно крава) [MS,s,57]; 2. 'девојка што родила дете, а не е во брак' [ПК(Гр)].

кýпин* adj 1. 'она што не е направено дома, туку за пари добиено (купено)' ~ *мар и искарај Златина појас [мар л'у јобагрен, та ни јопасан [мар и искарај Златина скутник [мар л'у киндисан, та ни јопасан [мар и искарај Златина шарфета [мар л'у купена, та ни врзана* [БД,87]; 2. fig. 'тој што зел поткуп, да прави (или да зборува) нешто што не е точно, но е корисно за тој што дал пари' ~ *жинáтаму бóлна, икимц'úјата ја гл'éда, амá и тóј кýпин-и ут д'ăт'ату* [MS,t,13].

купин (или: **купéч'ка**) **кфáс** m 'квас купен од трговија' (не е од домашно производство) [MS,s,57]; во споменатава синтагма *купеч'ка кфас* имаме пример за нарушена конгруенција.

купúтук m 'долниот тврд дел од ногата на тревопасно животно од рогова материја' [ПК,2(62)]; в. **кулшто**.

купúшче n 'специјално дрво, долго 4 м., дел од опремата на *курáбо*, на крајот има прикачено бела крпа, со *купишчето* чукаат по водата за да ги плашат рибите' [ПД(128].

купишче* n 'ѓубриште' ~ *један друг са ни познали [један друг са јободили [направили двја крвнини [чудила са Ангелина [шчо да праи две крвнини [зарила ги ф купишчето* [БД,84].

купова* impf 1. (в. **купи**) ~ *јазе не сам кадăр да гу хран'а негу, нели ки да плаштам ајлăк, да куповам книги; това не ке да биди* [V,PM,

37]; ~ *пр'éлу дукáруват ут фáбрикáта, гу купóвами нú* [MS,t,6]; и: **купува** ~ *на пазар се продаваха [черни череши в кошове [черни череши, черни ти јочи [кој замине, купува си* [БД,144]; *Сјул'уманицв кадăну [ни си продавам дј тену [ни ти купувам папуце [папуце гиди цорапе* [БД,23]; **2.** изр.: *тóо сáмо купýве* (= се кажува за некој што само слуша и собира информации од другите, а за себе ништо не кажува); сп. **псунúсува** [MS,s,57].

купрал'а f 'подолг стап со клинец на врвот, со него се тераат воловите кога се ора, на задниот крај има железо за чистење на ралото при орање' ~ *стáни, лýдо, стани, млáдо, на нúва да јóдиш [– мури не си слéпа, не си нéма купрáл'а си нéмам* [ME(P),98].

купрúва f, bot. Urtica - Lamium 'растение со влакненца по лисјата што при допир испуштаат киселина и ја дразнат кожата, коприва' [MS,s, 57]; ~ *наори лудо равни дворове [посеј си лудо силни јадове...[ако поникне лудо босилек [сăс тебе лудо шче се земеме [ако поникне лудо коприва [нијă н'ама лудо да са земеме* [БД,128]; и: **коприва** ~ *мăж од жена бега [у копривн леже [копривн го парат [жена му се фали: – Испадни магарче] кожа да ти дерам* [БМ,107].

купрúна f **1.** 'светкави нишки што се добиваат од свилена буба, односно материја што се добива од односниве нишки, свила' [MS,s,57]; ~ *па момите правјат акалесарницата. Така за везмат един крондир, ... и онаја... ширвета алова, и сос алаво прело или коприна за нарендат секакво зелено цавти* [V,P 1,247]; и: **коприна** ~ *Геркинка вели зборова: ["Земи ма Стојан, земи ма [ја шча ти карам, докарам [девјат товара с коприна"* [БД,146]; **2.** изр.. **ти о-тéриш уф-купрúнта, он бéге уф-купрúфте** (се кажува кога некој не сака да ги користи погодностите што му се нудат) ~ *му кажýвиш кá дă мój пó-áрăн живóто, áма óн нé тă слýше* [ПК,2(199)].

купринáрка f, bot. 'растение со ситни гранчиња, погодно за метење на дворови' ~ *трéва, цăрна мéтла, бýпта ка: рáниш ќи бéриш купринáрки, ќи-тýриш бýпта дă сă кăчýве пу-н'áа, дă зăвúе, дă-нăпрáве финáк* [ПК,2(62)].

купрúфка f , bot., Radix zingiberis 'јужно растение, има мирислив корен' [СК,327].

купýк m 'простак, човек со лошо однесување' [ПК(Г)].

купцку adj 'она што е општо, заедничко, од купот' ~ *семиту прăвнăтă гудинă гу давă бегут, напкум сă чинă купцку* [ME(P),87].

купчал'ка f 'мала коскена направа со која се закопчува нешто, пр. дел од облеката' ~ *пăпýцте уф зăмáно бúа ус-купчáл'ки* (= чевлите во минатото се затвораа со копчиња [ПК,2(62)]; в. **копче**.

кýпăим (и: **кýпим**) adv 'добро (што е така)' ~ *кýпăим си нóго áрин, úнăк éс нă тéп саалáм ки тă нăтéпăх;* ~ *кýпăим сме родúна, úнăк ки ти сă кáрăх* [СК,328].

купăчéлник m 'алатка за копање, копач' [СК,328].

кýр* m 'машки полов орган' ~ *и на манц'óт му стáна кýрут и вилú на ж'инáта ...* [MS,t,77]; ~ *и вилú на сфáт'ата на стáрата: "ми трукулú кóн'ут, ми разбú кýрут"* [MS,t,78]; сп. **пúлка** [MS,s,57].

курабарцки* adj 'она што е поврзано со **кораб** (т.е. = корабски) ~ *óти пóкулáј úма да си замúни спартúната курабáрцка уф-úглицки ýшите,*

ни́биле зинги́нин да фле́зи уф царшти́ната Господи́нцка [MV,K,279]; и: **корабарски*** ~ *и му вели: "глендати, што имат моите керпичи нетри, но пак не ги ж'ал'а, за ги метна по речта корабарска нетре у морету"* [V,PM,191].

куражлиа adj 'се кажува за човек што издржува различни тешкотии (болест, напрегање и др.)' [ПК(Гр)].

курама́на f 'јадење'(?) ~ *и фа́т'ахми да ни да́ват курама́на и ш'иш'и́т'у ('ма́н'и'а на аске́ру')* [MS,t,٦].

кура́п* (и: **кора́п'**, **ко́рап**) m 'направа за движење по вода, поголем чамец, застарен тип, со рамно дно, го користат рибарите на Дојранското Езеро' ~ *испа́жг'е адна гуле́ма ри́ба – пулви́нта чуве́к, пулви́нта ри́ба, ама́ умре́на. А зима́л. Са а кла́ве уф ко́рбут* [ИГ,111]; ~ *"то́ј ми́ е занаја́ту на ме́ни; а́ма сега́, што́ ми докара́хти аф кора́б'у нетри, ско́ру да ми даде́ти да ја́м, ча мо́шни сам гла́дин!"* [V,PM,24]; ~ *кура́бо-ј широ́к ме́тăр и два́јсе, ме́тăр и пăтна́јсе, дăлк е́ј пе́т и ше́јсăт, вăрхо нă кура́бо сă ви́ке чило́'* [ПД(128]; се прави од дабови штици што се премачкуваат и однадвор и одвнатре со восок и "жив" катран. Рибарот го управува и тера *куработ* со две весла наречени *купии*. *Куработ* го управува само еден човек кој стои исправен во задниот дел од *куработ* и, држејќи ги веслата весла по водата на еден своевиден начин' [КД,55]; сп. поговорка: **ко́рбут уги́шăл, ти ло́стут ќи-гу-жа́лиш** (= не треба да им се обраќа внимание на малите несреќи и штети) [ПГ(Ст)].

кураш m 'храброст, сила' ~ *тс. же́на, или две́те, коуку биле, ки зăфа́тăт дур да му ви́кат, да му да́ват кура́ш на мо́мчито* [УЕ,23].

курба́н (и: **корбан**) m 1.'нешто што се жртвува за да се "смилостиват светците, односно Бог", пр. јагне се носи в манастир или пак се коле дома за Ѓурѓовден и се раздава на посиромашните', или: 'кога почнува изградба на куќа домаќинот коле јагне и месото го раздава на мајсторите, комшиите' ~ *на тиа празници... кол'ат корбани, се́ овни, не друг добитук... увенот за го дражи един на ранката, за езми домакинот на една кадешница ... за го прикади около три пăнтја* [V,PM,251]; ~ *и ки ми си да́ди курба́н ка́ту ка́к ре́кле на но́мото Господи́нов, иде́н чи́фт ... или две година́чки голу́би* [MV,K, 313]; ~ *гражданăто ăднă годинă нихтăли да хи фăрлăт, тă, като излăла от морăто и ни нашла корбан момă, разл'утила сă, та влăла в градо и изăла повăкă от сто моми* [V,PM,288]; 2. изр. **удде́ курба́н** (= се кажува кога некој ќе настрада за туѓа сметка) [ПК(Гр)].

курбанла́к m 'нешто што се добива без пари' ~ *пла́т-си, не́ ме́-ј то́о курбанла́к* [ПК,2(62)].

курбе́т m 'работа, печалба во туѓина' ~ *една́ ста́ра ба́ба, му ре́кла, ча това́ не́шту дру́г не мо́жи да гу позна́ј, л'у не́говите стопа́ни са жи́ви, ама оти́доха на курбе́т* [V, PM,119]; ~ *а најдоха алтуниту един казан...Сетне рекоха: "ајди да а зарăими, да кога за си вăрнеми от курбет, тогас пак а разрăвами, а делими!"* [V,PM,181]; в. **гурбет**.

курбетчи́ја m 'човек (обично мајстор) што работи на туѓина' [BV,96].

курд'е́ла f 'панделка' (ја врзуваат девојчињата во косата) [MS,s,57].

курди́са* pf 1.'намести нешто' (на видно место) ~ *ја виж'дат фо́тографи́јата та́м и т'ă вил'а́т: "ми́лата сфита́ Бугурди́ца ... ја сă*

курди́сали и на врăх кла́јанцу" [MS,t,25]; *~ ги зака́раха н'а н'та́та на ца́рскију дво́р, ги курди́саха та́м* [MS,t,20]; *~ извади дробен синџир ут сидумдесит оки [му а курдиса алка на вратут* [MB,262]; **2.** 'постави јадење на маса, трпеза' *~ и кату за ги извадјат от фурната, пак сос песми за ги занесат на зендјувата кашта. Тогас за си собрат млого жени и баби стари, за курдисат трапеза, за седнат* [V,PM,247]; **3.** 'создаде (нешто)' *~ ела́јте благосло́вени уф Та́тко ми, да зева́јтисти царшти́ната шо и азăр за ва́с ка си курдиса́ дунја́та* (= откако се создаде светот) [MV, K,282]; **4.** 'организира нешто (пр. свадба)' *~ и ткала, што ткала, дојде време за свадбата. Курдисали веки, свадба чиниха, дојдоха ја земаха нивјаста* [V,PM,195]; *~ сос неколко часа са познаха харно. Тогас уврејнот курдиса, ја објал'а каштата му, и стори свадба на санот му гулема и гостил ного инсан* [V,PM,239]; **5.** 'ангажира' *~ вели: "харно е да чиними така , туку ниа толкос аскер кăрдисахми, не можјахми да утепими филдиш"* [V,PM,171]; **6.** 'стави стапица во приправност, на готовс' *~ земá еднá стáпица, га курдисá еди́н вéчер, га фати́ самови́лата* [V,MP,139]; **7.** – **(се)** 'се намести, отседне' *~ ка се курдисале два-три ванглинаре [од Петровден денот, до Крстовден денот* [БВ,285].

курди́сува* (и: **курдисуве**) impf **1.** (в. **курдиса,1**) *~ з'éват крусно́ту з'éват ц'ăпувéту, з'éват кóтката и курди́суват крусно́ту* [MS,t,7]; **2.** 'навиткува' *~ курди́суам са́т'у* (= го навиткувам часовникот); **3.** – **(сă)** 'се спрема, се дотерува' *~ цéл дéн кá сă-курди́суве, ќ-óде нă-вáдба;* **4.**'почнува' *~ и́ди м'éч'ката, сă курди́сува да јад'é кадăнфатм'а* [MS,t,52] **5.**'се прави важен, се труди да остави впечаток' [ПК(л)]; *~ нóго сă-курди́суве, си штáа от л'ýјто не знáат кóја-ј, зă-тóо н'аа сáкат* [ПК(Гр)]; **6.** 'се шегува' *~ кá ќи-фáте дă курди́суве ќи-сă ски́ниш ут смéх* [ПК,2(62)].

курдóн m **1.** 'гајтан'; **2.** 'врвки за кондури'; сп. **писќýл** [MS,s,58].

курéа m 'мајстор, фризер' (pl *курéјуфци*); сп. **бербéрин** [MS,s,58].

кур'éм* (и: **курéм**) m **1.** 'предниот средишен дел од телото на човек (или животно), стомак' *~ "ди́лму и́ш'тиш' да сă науч'и́ш' и јас за ти кáжа!" цáснува куш'ýл'ата на гóр'а, му укáзува ниш'áнин на кур'éму* [MS,t,15]; *~ овчаро в сăндăко през сăрцето гледал и видел, чи на корема имала нишан маслинка* [V,PM,281]; *~ приближи́ при нéа, тури́ ухóто му аф моми́н курéм отгóри и, когá чýл хáрно, нéтри аф мóмин курéм жáби удрéвиха* [V,PM,29] – типичен пример за проширена употреба на предлогот **аф** (= 'во') кога се јавува во функција на предлогот **на (врз),** т.е. упатува на положба дека нешто се наоѓа згора на нешто: *тури́ ухóто му аф моми́н курéм* – за ова в. во граматичкиот дел; **2.** изр.: **курéмо мé-ј али́с тăпăн** (= многу се изнајадов, преполн ми е стомакот); **курéмо (прé·фта) ми кăркóре** (кажува кога некој чувствува голем глад и цревата му бучат) [ПК(Гр)]; **курéмо му-с зăлипи́л** (= се кажува за човек што многу ослабнал); **курéмо тáмбура ми игрáа** (= многу сум гладен) [ПК,2(170)]; **му хапи куремут** 'пројавува желба за нешто' *~ и са почуди, ча тојнака, колку алтăни имаши, пак кату онова алтăн немаши; и заедноч фати на цар'ут да му хапи*

куремут, за да гу чини зет [V,PM,48]; **са-дăрже зă-курéмут** (= се превиткува од смев) [ПК(Гр)].

куремлй adj 'човек со голем мев, дебел'; со исто значење: **глбеклй** односно **тулумлй** [ПД(115)].

кур'éмч'анта pl 'вид јадење' (= шкембе-чорба) [MS,s,58].

курйја* f 'место со дрвја, шумичка' *~ от Постол чувек гу пулја сăто поле су зилинилото му, су сăта му села и курији* ME(P),71]; *~ са идиш на протудраковата куриа, да сечиш едно дăрво* [V,PM,75].

Курйта (top.) 'име на место во Дојранското Езеро, таму се фрла грип' (= вид мрежа) [ПД(135).

курйтница f 'голема каца за гмечење грозје' (колку една помал соба) [ПК,2(62)].

курйту n 1 'поголем сад за перење, корито' *~ кугá исл'áзи ут курйтуту и са гл'éда б'ăл у снáгата* [MS,t,14]; *~ гу звáж'дами с'éтн'ą, утйвами на студ'éната вóда да гу б'ăлими, гу пир'éми у курйтуту* [MS,t,8]; *~ фтáса д'ăт'ąту на б'ăла вóда, си извáди рýбиту и фл'áзи на курйтуту* [MS,t,14]; **2.** 'голем дрвен сад во кој се гмече грозје за да се направи вино'; таквото **курито** се именува **груздарско** (или **груздуберско курито**); во коритото грозјовите прво ќе се исечат со мотика, а потоа грозјето се **газе**. Кога добро ќе се **изгазе** се **точе шира** од која се **варе пикмес**, а останатата шира ја оставаат во коритото, заедно со **кумијната**, да **преврие** и да стане вино, откако виното ќе се **праточе** во **куритото** останува само **кумијна**, се дотура малку вода, за да не се исуши **кумијната**, и во специјални казани **се варе** ракија [ТГ,355]; **3.** 'издлабен камен, нешто како поголем сад во кој се собира водата кога тече чешмата' *~ отиде царјувут син да напуи кон'ут... Пак момата, што беши млого лична, грејши нејното лице нетри на куритата* [V,PM,240]; *~ кон'ут вода не пијаши, тогас царјувут син, кату виде нетри у водата да нема ништу в куритата, да и видел образот на сандукот* [V,PM,214]; **4.** 'речно корито' [MS,s,58].

курйтце n, dem. од **курито** 'мал дрвен сад (за перење и сл.)' *~ тó: мóже де-ј куту курйтце нăпрáвăно, вăртлéсто и дăлбóчко. Уд зéмна ги прáва:, зă мéсăне лéп и дăржне тук дă кйсне, куту лиéн, сáмо-ј уд зéмна* (илустративниот текст е позајмен од објаснувањето за називот **тăар** – земјен сад, што се употребува во Дојранско) [ПД(120)].

курк* m 'горна дебела (кожена) облека' *~ отиде на бахчеванциата царјувут син, му вели: "момата от тебе ја сакам". Тој му вели, ча оставила тука куркут та побегнала оттамо* [V,PM,23Л']; исто и: **ќурк** *~ тогас тја изл'ава приз паратирот нетри на бахч'ата, фашта, си изважда ќуркот, гу остаја тамо, изл'ава сама на сокаќут* [V,PM,235]

куркáк m 1. zool. Mustela puterius 'вид грабливец, по селските дворишта грабнува пилиња, јајца – твор'); **2.** fig. 'плашливец' *~ тóс-и нáјкуркáкут ч'ув'ăк ут с'éлуту* (= тој е најплашливиот човек во селото) [MS,s,58].

куркóрбашйа m 'човек што командува, што води група' [CK,238].

курóн m 'посребрени (или позлатени) конци што младите жени ги замотуваат околу фесот (за свечености или кога се фотографираат)' [BV, 97].

куртулйја f 'спас, ослободување од некоја тешкотија' [BV,97].

куртулйса (и: **курталйса**) pf 1. 'спаси, ослободи некого (од мачна ситуа-

ција, болест и сл.)' ~ *л'у за до́ј да т'ạ упа́да... ја́сă кади́ја, ја́з за т'ạ курталисам т'е́б'ạ* [MS,s,56]; ~ *му даде́ едно́ би́ини на чорбаи́ата, што́то си собра́ха си́чките комши́и; не можа́ха да гу куртули́сат* [V,PM, 25]; ~ *на го́рата изле́зоха де́ветми́на хајду́ти, на собле́коха, на гу зема́ха си́чкото има́ни, и от омира́ло, што куртули́сахми, па́к берика́т* [V,PM,22]; **2.** – **(сă)** 'се спаси' ~ *и си ре́че: "Сега́ нека́ са ко́ртоли́сам, и се́тне пак шта са вăрна да си о́берам зми́јуви сара́е и си́нку да си кердо́сам"* [V,PM,260]; ~ *ама́ сега́ на вăрнова́ни без м'ира са куртулиса́х от умира́чката* [V,PM, 95]; **3.** изр. **куртулиса от вăже** (= спаси од бесилка, од смрт) ~ *така малкото дјате гу куртулиса от вăжето, и пак сетни отиде та пасиши гуведите* [V,PM,95].

куртули́ш m 'спас, решение (позитивно)' ~ *на́пкун сă-збра́ли нă-ăдно́ ме́сто и си ричели о́ти лиси́цта ги-нămăгăриса́ла, а́ма ќă-фа́тăт и не́ма ви́ќе куртули́ш зă-не́а* [ВД, 287].

куруба́чка f 'краставa жаба (со големи петна по телото), живее во дупки' [ПК,2(62)].

курулди́суве impf **1.** 'се лути, се заканува дека ќе направи некому зло' [СК,328]; **2.**. – **(сă)** 'се прави важен, се перчи' [СК,328].

курушни́ца f 'измет, испразнување на птица' [СК,328].

куршу́м (и: **курш'у́м**) m **1.** ' аправа за убивање, ја користи силата на изгорениот барут кога излетува од пушка, пиштол и сл.' [MS,s,58]; ~ *как да не сме нажалени [вчера вечер чудо стана [Гоце Делчев го убија [турцки куршум го пронижа* [БК,114]; ~ *тогас две сата ја припушташи кубилата, ја стори вода каша и, л'у ја пусна нетре на нузи мјасто, промина кату куршум под златната јабалка* [V,PM, 187]; **2.** 'сив метал со голема специфична тежина, се користи во муницијата, оттаму и името – во др. говори *олово'*; хемиски елемент Pb ~ *направиха две сандици, ха донесоха на удајата, ја беха напăлнили сандиките куршјум и камин* [V,PM, 177]; ~ *арни́ита ус-куршу́м сј-акăлăјдисува́л, не́ ус кăла́ј, сјаа ќипуцăрне́е;* **3.** fig. за предмет што е многу тежок ~ *то́о де́тто-ј куршу́м, не́ сă-ди́ге* [ПК,2(62)]; **4.** изр.: **куту куршу́м** (= нешто исчезнало со голема брзина) ~ *удде́ куту куршу́м, дуде́к дă-ви́јш* [ПК,2(171)]; **мо-трăгна́ куршу́мо** (= го уби) [ПК,2(177)].

куршумли́а adj **1.** 'како атрибут на *рана* (= здобиена од куршум)' ~ *го јудрија Исин бегот [... да му кажите на мојта нана [да донесе тулуп бубаќ [да ја врзам мојта рана [мојта рана куршумлија* [БВ, 148]; ~ *да набере Стана биле и корене [там си наиде Стана на ранен јунака [седемдесет рани – девет куршумлије* [БД,80]; **2.** 'нешто што има боја на олово, сиво' [ПК,2 (62)].

кус* adj, **1.** opp. на *'дăлг'* (т.е. = кратоК) ~ *подај ми мајко куса малихера [и није да одме, помош да направме [на Постол' војвода, на нашите братќа* [БВ,136]; во Дојран: **кăс**: езерска птица, има *пăпăлова* боја со бели перца, има *кăса* шија и *кăса чопка* [ПД(127]; така и во Драмско: ~ *нели ти е жално за твојото татко? – де мојото татко дăлгата ми сабја ... [– нели ти е жално за првото либе [– мојто прво либе кăса малихерка* [БД,173]; ~ *најгол'ам брат јотговарја:[–*

Хајдети чоп да си хврлим [на кога се падне кăсото [тој шче јоткрадне јагнето [БД,96]; **2.** орр. на **висóк** (= 'низок, ниска') [MS,s, 58]); ~ *кýсјо вăлк сус-нăвéдăна глáва им-рăскăжáл шó ál гу нăјéло, а дрýгите вăлци му-ричéли: "Нúм сă кóси, пубрáтиме, ќă-фáтме тá фушкúа и пăрчá пу-пăрчá ќă-нăпрáвăме!"* [ВД,287]; ~ *и сáкаши да а вúди на Исус кóј; и нé мóжиши ут сфéтут, óти на бóјут бéши кýс* [MV,K,280]; ~ *единојут рече: "Мус а најде". Другиот рече: "и бојут му е кус". Третојут и рекла: "и ногата му е крива"* [V,PM,181] – за несогласувањето на субјектот (м. род) и гл. л-форма (ж. род): *третојут рекла* повеќе лингвисти, долго време искажуваа мислење дека се работи за зачуван (вокализиран) краен ер во л-формата, нашите последни истражувања на долновардарските говори укажуваат на др. можност; в. во граматичкиот дел; **3.** 'мал' ~ *најнапред одеше свекорот ѓубре [свекорот ѓубре со кусто чибуче [куско, ного куско дури до колена* [БВ,173]; **4.** 'ограничен' ~ *рăбóттă на-урáчут му спóре, а нă жéнтă и ýмут му е кýсă, и рăбóттă му-нé спóре, брáтче* [ВВ,311]; **5.** изр.: **кýси ми сă рăцто** (= беспомошен сум, немам власт, сила) [ПК,2(152)]; **нă-кýсо мăгáре ќи-тă-кáче** (= ќе бидеш грубо нападнат) ~ *глеј дă не о-рăсипиш, зер мајк-ти нă-кусо мăгаре ќи-тă-каче* [ПК,2(184)].

кусáч* m 'човек што коси трева' [ПК(М)]; ~ *слăнчице мило пиленце [јот ми зарана ни зајдиш [да та аргате ни кăлнăт [посед аргате врзаче [на Драмцко Поле кусаче* [БД,26]; ~ *жалам бре сине, како не [кога ке море изгоре [зелен ми чаир да стане [да го искосат косачи [тогај ке мајка прежали* [БК,92]; и: **кусар** ~ *вáадин бих кусáр* [ПК,2(62)]. .

кус'áни n 'косење'; сп. **кусéни** [MS,s, 58].

кýси impf 'проба, касне' ~ *погул'áмојут брáт га изјáди смóквата, на по-мáлкојут иштáх му остáна, кáк и тóјнака не можá да не кýси от смóквата* [V,PM,28].

кусúдба f 'време кога се коси тревата од ливадите' [ПК(Ал)].

кусúло n 1.'долгата дрвена рачка на косата (околу 2 м.)' има и мала, таа се вика **рокче** [ПД(122)]; **2.** 'косење' ~ *пăрвуто кусúло úмше нóго árна трéва, втóрто нé чúне* [ПК,2(62)].

кусúлски кáмăн m 'специјален камен за острење на косата' [ПК(Ал)].

кусинúна f 'искосена ливада, косиште' [ПК,2(62)].

куско adj, dem. од 'кус' ~ *најнапред одеше свекорот ѓубре [свекорот ѓубре со кусто чибуче [куско, ного куско дури до колена* [БВ,173].

кускýн m 'дел од коњска опрема, колан – подопашник што го придржува самарот да не оди напред, особено кога добичето се движи по удолница' [СК,328].

кусла́нка f 'сплетена коса како опашка' (*кусланките* ги носат девојчињата) [СК,328]; ~ *што му веле џан Султана [стој, причекај Петре братчед [да исчешлам руса коса [да исплетам пет кусланки* [БК, 153].

кусмат* adj 'тој што има многу влакна по кожата' ~ *шó кусмáта жéна, алúс мăш* [ПК,2(63)].

кýсне* pf (в. **куси**) ~ *уддéме у-Сујлáки, гу убисúме кутéлут н-áјн трăн, сварúме áјн кăчумáк – бăркитýри, куснáме тáм мáлчко, нă тúа дéцта дăдéа п-áдна пăрчá и áјде*

тăргна́ме [ПК,2(339)]; и: **касне** ~ *то́ си-нанăрчи муста́кте и ричéлу: "влизéх у-ра́слут, кăсна́х ма́лце утра́слут и сă-пушти́ја три́ гулéми пцéта"* [ВМ,318]; ~ *а мăр, ја́с ки-кăснăм пиши́н, му вéле, сéтне ти. И пиши́н кăсну́ва о́на* [ДК,145].

Кустанди́ни (и: **Кустади́н**) 'м. л. име запишано во Солунско' ~ *на дру́гит'а дв'ăт'а гуди́ни ми сă руди́ ино́ д'ăтинци и н'éгу гу крăст'ах Кустанди́ни* [MS,t,3]; ~ *мојут татку си викаше Георгие Кехај, а татку му – Кустадин Кехај* [МС (В),69]; сп. **Кустаќе**.

куста́н' m, bot. Castanea sativa **1**.'многугодишно растение, го има во планински предели, дава плодови што се јадат печени или варени, костен (плод и дрво)' [MS,s,58]; **2**. fig. 'скржавец' ~ *нă-дина́ро вýјко ви́ке* [ПК,2(170)].

Кустаќе 'м. л. име запишано во Кукушко' ~ *нă Куста́кто адна́ ли́ра ади́н ла́ф* [ПК,2(151)].

костен adj 'нешто направено од коска' ~ *седнала ми је Драганка [крај море, крај бјал Дунава [на костен гергеф везјаша [като везјаш, пејаша* [БД,182].

кустенл'аф adj 'нешто со боја од плодот од костен, кафен' [ПД(131)].

кусти́са* pf 'приготви, спреми' ~ *за в'éниш' ура́луту, за по́ш' на ни́вата, за кусти́саш' ко́н'у* [MS,t,6].

кусти́сува impf 'чини' ~ *ко́лку кусти́сува*? (= колку чини?); сп. **коштисува** [MS,s,53].

кустра́ќ m, zool.Perca Fluviatili **1**. 'вид слатковидна риба, достига до 25 см.; и: **2**. **ко́стăрк** fig. 'нервозен, лош' ~ *то́о па́ ка́ се́-ј наустри́л али́с ко́стăрк* [ПК,2(60)]; ıo Дој: **пирки́а**.

кусту́н m 'надворешна облека од два дела, обично од штоф' ~ *сјáа дăка́жум ти и́миш у́буф кусту́н, а́к не́ си у́буф, диме́к, тугáј и кусту́но-ј грубути́ште* [ПК,2(152)].

кусу adv 'во мала количина' ~ *нă вăґајнту сноп, ки ти утберă баштă снопувă дă ти удрă некулку килă кусу* [МЕ(Р),90].

кусу́р' m **1**. 'пари што остануваат при одредена трансакција и треба да се вратат на тој што купува' ~ *вăрни мј-о кусу́ро* [ПК,2(63)]; **2**.'обврска' ~ *Исус ричé: да не утéпаш, да не бăркаш су дру́га жéна, да не́ кра́диш, да не́ чи́ниш испа́т на кри́во, да и́маш тими́а на та́тко ти и ма́јка ти... Вéли на не́го мла́дјот: Сăти ви́а а чува́х ут мла́дус, шо дру́г кусу́р и́ма о́шти?* [MV,K,268]; **3**. 'недостаток, мана' ~ *момата му беши нај-харна и нај-прокопсана от сичките свјатски моми; саде един кусур имаши момата му: носо и́ беши малку крив* [V,PM,53]; ~ *царјут имал и един друг кусур, който пијаши млогу, са упиваши и като безумин чиниши* [V,PM,58]; ~ *затова си вели една лакардиа: без кусур човек на дјун'ата нема, и царјут бил'а, цар што е, пак кусур има* [V,PM,53]; **4**. 'крај' ~ *а́ шо и́ма да и́ма – си́те да и́ избл'у́виш, да ј иска́риш! Избл'ува́ла и жи́ви и умрéни. Ен на кусу́рут, ма́јка му и та́тко му – жи́ви* [ИГ,109]; **5**. изр.: **ни́м фа́шти кусу́р** (= немој да се лутиш) [ПК(Гр)]; **шо́ кусу́р му-најдé** (= каков недостаток, мана му најде) [ПК(Гр)]; сп. кај Малецки: **кусу́р'** 'грешка' [MS,s,58].

кусу́рин adj **1**.'последен' ~ *ва́-ј кусу́рна ча́ша* [ПК,2(63)]; **2**. fig. 'неугледен, лошо поставен во општествените

односи' ~ *óн бúше нájкусýрин уфсéлто* [ПК,2(63)].

кут'á f 'направа во вид на мало сандаче, мала кутија' [MS,s,58].

кутар m 'преграден дел од трлото во кој се собираат овците пред да ги внесат во страгата за да ги молзат' [ПК,2(63)]; ~ *мóш дă сă кáже óфците дек живéт., пред тăрлуто шó-ј зăгрáдăно то:-ј кутáр. Мúсл'ум тăрăлто сé-ј тăрло, е пред н'о: úма зăгрáдăно, то: мигдáнче што-ј, гóлто мéсто, то:-ј кутáр* [ПД(126]; сп. **кутáр'** 'заградено место за овци (кози)' [MS,s,58].

кýт'ал (и: **кýтил**) 'бавно, рамномерно трчање на коњ' (?) [MS,s,58].

куталéнце n, dem. 'мало куче' (на галено) [BV,98]; и: **кутлéнце** ~ *маштéата ú-кажýва: "Нá ти еднó кутлéнце, еднó мáче и едúн питéл". Мумúчето ги-з'éла и утúшла в-гурáта и вл'áгла в-еднá кăшта* [FC,336].

кутéл m 'голем бакарен сад' ~ *зéме вăлóјфто, мăгáрто туварúме адна врéјка брáшно и адúн кутéл, уддéме у-Сујлáки, гу убисúме кутéлут нáјн трăн* [ПК,2(339)]; ~ *петлите пејат на јусăмнуване [котлите дрнкат по кладенците брзо престегај брзата којна [на пат ќе јодам, на силна војска* [БК,145]; ~ *и тој, што беши млого хитра, извади дрехите, ги собра нетри на кутелот и кутелот го тури по куп на главата му* [V,PM,199].

кути-кути interj 'извик за вабење кучиња' [ПД(126)].

кутú(ј)а f 1. 'направа во вид на мало сандаче'... ~ *пáк змéјут казá на нéја: "да зéмиш две кáдја, да тýриш áф тјáх по еднá кутúа сóл"* [V,PM, 132]; ~ *ки-мúнат симинáри и кидáват кутúи кóј кáк ки-úма лúс да-и-рáне* [BM,317]; ~ *тојте рăки два калăпа бјали [мојте рăки два симидја бјали [тојта уста благи јабăлки [мојта уста шикерви кутии!* [БД,178]; 2. изр.: **ут-кутúа извáдна** (= се кажува за убава и убаво облечена девојка, млада жена) ~ *снáата мé-ј ут-кутúа извáдна* [ПК,2 (204)].

кутијка f, dem. од кутија ~ *и тјáнака кату жéна са исмáми, га извадú от сандăкот óнаја кутúјка и га кáзува нá хентрава и: "ету, мáри сéстру, сос тáја кутúјка сúчку добúхми!"* [V,PM,149].

кутијче n, dem. од **кутија** ~ *јочите му беја воденски чиреши [вегите му беја морски пијавици [лицето му беше шекерно кутијче* [БВ,190].

кутла (и: **кутал**) 'дрвен сад за мерење жито' (12 оки) – обично ја користат воденичарите, но и на гумно кога се порамнуваат сметките [ПД(120)]; ~ *лозјăтă и пчиничките сă рăботăт су кирија: 20 гр. лирă 100 погунут лозă и 10 кутли погунут пчиничкă* [ME(P),89]; ~ *кутал пари ки си носе [шиник вошки ки дунесе* [ТГ,369].

кутлак m (в. **кутла**) ~ *ситна роса бирикетна [да навади жито, просо [жито, просо ем и грозде [жито расте до појасо [рăшта расте до стреите [од два класа кутлак жито* [БВ,22].

кýтле n 1.'малиот прст од раката'; 2. изр.: **нă-кýтлито не-т клáве** (= не те зема сериозно); **нă-мóже нă-кýтлито дă-т сă-фáте** (= се кажува за некој шо е на пониско општествено скалило) ~ *úч дă-н тé-ј гајлé шó гувóре, мó-ј мăка óт нă-мóже ус-тéп* [ПК,2(184)].

кутка impf (в. **кутнуве**) ~ *на Џандарцка Планина [малихери пукаја [буките ги куткаја [најнапреде врвеше [тој Услевин војвода* [БК, 126].

куткудјакă impf 'кога кокошката пушта глас – крека' ~ *зăигралă сувал'кăтă у-рăцту нă-младăтă женă, и нишчелките зăпијале кăту кукошкă, когă куткудјакă* [ВВ,310].

кутнăн* adj 'оборен – кутнат' ~ *от касапот беши земал един дреп, да отиде тамо, дека сакаха да ја обесат царјувата мома, та фатил да вика: "на ва тос дреп, обесејти за неа, та да знај, зашто ја имам кутна, а не да ме вика портокалџиа!"* [V,PM,192].

кýтне pf (в. **кутнуве**) [СК,328].

кутнýве impf 'оборува, положува (некого) на земја' [СК,328].

кýтре n, zool. 1. 'мало куче' ~ *нă трéтјо: дéн пá, óш пóндóле óдăт, глéде áдно прăкăршинó кýчинце, кýтре, шăрéно. И нéго о фáште ус-стáпо, и нéго о зúме* [ПК,2(262)]; ~ *молчи бабо не плачи [ти ки вјаниш петлето [јас ќе вјанам кутрето [на пазар ки одиме [ки ти купам кошулка* [БК,162]; и: **кутле** ~ *когá ки рóди... тúнака да ги зéмиш мáлките, да ги фăрлиш нá рекáта, та да зéмиш еднó мáче и еднó кýтле, на цáрју да му кáжиш, ча женáта му мáчле и кýтле родú* [V,PM,141]; 2. сп. **слéпо кýтре** 'вид гризач, живее под земја, има многу мали очиња' [ПК(Гр)]; и: **кутринце** [ПК,2(63)].

кутри* adj 'сиромав, за жалење' ~ *не дуј, не л'ул'ај ма [мили ле ветро [јаз са сăма л'ул'ам [по мајчин јадове [по татком пукнице [чи ма ни дадăха [кутро момче шетах ... ~ татко ú и маштеха ú кинисаха за Великден да подат на добрата рјача, ја викнаха и неа: "ади, кутро пипелашку, ел и ти да појми на добрата рјача!"* [V,PM, 205].

кýтрикут m (adj) 'несреќник, сиромав, сиромашец' [СК,328].

кутрăј pron 'кој' ~ *и кáза на лам'áта: "гл'éндам на кутрó типé да т'ą фăрл'а и на кутрăј дóл!"* [MS,t,74]; в. **котри**.

кутý adv 'божем' (со модално значење) ~ *имáш'и инó д'ăт'ą питнáјси, ш'иснáјси гудúни; бúш'и уч'éл кутý у Атина, сă бúш'и фáтил у идúн ч'урбąм'úја* [MS,t,26]

кутукáк 1. 'како што' ~ *на дрýгију в'éч'ер д'ăт'ąту пáк утúва, кутукáк си утúваш'и с'é* [MS,t,22]; 2. со модално значење ~ *кутукáк за инá гудúна н'éтр'ą гу науч'ú да п'ăј* [MS,t,26].

кýтура (и: **кутуру**) adv 1.'нешто направено непрецизно, приближно, од око' ~ *мéрум уд óко, кýтура, бис пăлáнsa* [ПК,2(63)]; 2. 'непотребно' ~ *тукý за прикáзната шо и писáна да си стóкми на нúнјото нóмо: шо ми пизмúле кутурý* [MV,K,297]; 3. adj (f,m) 'несигурен, небрежен' кај Саќов: ~ *éс ич нé арéсум кýтура рăбóти* (без мерка, без точна цена, без определено време) [СК,328].

кутăрџиа m 'човек што им помага на овчарите' ~ *"миґу кучијнта пуминах и дујдех да са главум на вас". – "Немме кутăрџиа, седи да ни териш офџите"* [V,PM,295]; сп. **кутар** 'дел од трлото'; Ст. Романски погрешно упатува на **катарџиа**, но се работи за друг корен – турцизам што се однесува на човек кој чува, односно врши превоз со мазги – мазгар [V,PM,544].

Куфáлову top. 'име на село во Долновардарско' ~ *и тикна за Ґуро пијаница от Куфалову* [MC(B),97].

куфтá m мајстор за обработка и сортирање на тутунот' ~ *дистúна аргáти за да прáв'ат пастáл и идúн куфтá за да с'ąчé пастáлąту. И куфтáта éм с'ąчé пастáла, éм кумáнда дáва на аргáтиту и пастá-*

лạту ш'ту ги с'ạч'е́ исти́ф гѝ пра́ви [MS,t,5].

куфти́н m 'чекан' [СК,328].

куфчек* m 'дрвена направа, слична на кутија (обично со капак) во која се ставаат работи' ~ *на̄пкумта ќи зи́ме та́ткото шо́ дạ би́де ут ру́ăбта, ќи блăгушо́ве, ќи фăрл'е уф куфче́гут... о́ни ќи ј нạди́пл'аа ру́ăпте, ќи ј нạпа̄лнаа куфче́јзте и ќи ј зăкл'у́чăт* [ИГ,117].

куца́ци pl 'две дрвца што стојат на задниот дел од самарот' [ПД(129)].

куцѝ impf 'има тешкотии при одењето, криви' [MS,s,55].

куцузлу́к m 'неуспех во животот (или работата)' [СК,328].

куцу́с adj, indecl. 'се кажува за тој што носи несреќа, баксуз' [СК,328].

куцулја f 'ѓубре' (од кое може да се лизне човек) ~ *кату ги занеси на един тјасин сокак, тамо најде времја да му тури една куцулја, да падна просикут на земјата, му падна калпакот на земјата* [V, PM,188].

куцу́р m 1. 'парче дрво', 2. 'пенушка' ~ *и то́с ма́стуру има́ш'и у дуло́ на п'ạсуко́ иди́н куцу́р гул'а́м* [MS,t, 20]; сп. **ч'анку́р** [MS,s,55].

куч-куч (или: **куц-куц**) interj 'извик за вабење кучиња' [ПД(126]; ~ *и му вели на царјут: "викни а сега, царју, кучката милна, да видиш как ке да дојди по тебика!" Га викна царјут: "куч! куч!" Заедноч кучката отиде при царјут* [V,PM, 60].

куч'а́н' m 'тврдиот дел (во средината) на зелка – кочан' [MS,s,55].

ку́ч'ạ n, zool. Canis familiaris 1.'домашно животно, ја чува куќата, односно овците (кога оди со нив), куче' ~ *ино́ д'а̄т'ạ гу фа́т'ạха, гу би́ха, има́ха и ино́ ку́ч'ạ гу сха́рках и какси* [MS,t,2]; ~ *"кажи шо́ те ј во́о шо тă но́се; речи му: ти́ куче, ти мăгаре, ти кл'уч на вратта"* [ИГ, 118]; ~ *ч'уба́ниту тут етиле́р на ку́ч'ạнта́та – гу пра́в'ат д'а̄т'ạту кума́ти* [MS,t,18]; 2. изр.: **ду-ку́че** (= сите заедно) ~ *свạти́нуфците дујде́е ду ку́че нă ви́за* [ПК,2(160)]; **кут кучи́на сă** (= се кажува за семејство чии членови се силно поврзани и секогаш се бранат) ~ *Пạке́тци кут кучи́на-сă ади́н зă друк. Ак мо́јш ка́жи не́што ло́шо зă-ни́јн, о́чте ќи-ти-ј-зва́ат, ич* [ПК,2(171)]; **ку́че-ј** *а.* (= нервозен, лош човек) ~ *нă мо́јш дă му прăгуво́риш, ку́че-ј; б.* (= многу работлив човек) ~ *у́ста́в-се, зă рăбо́та ку́че-ј*; **ку́ту ку́что и ма́что** (= се кажува за некои што не се поднесуваат) ~ *живо́то гу пумина́а кут-ку́что и ма́что, се́ ус-ăр, се́ ус-мăр;* **му-фăрл'ат ку́т на ку́че** (= лошо постапуваат со некого – обично со старец) [ПК,2(178)]; **мăкăмо ку́че** (= молчалив, но зол човек) [ПК,2(179)]; **ни кучи́нта а́ло не́ н'ојáдат** (= во многу тешка материјална состојба сме) [ПК,2 (182)]; **нăјде́ се́ло бис ку́че** (= се кажува кога некој ја злоупотребува состојбата во семејство, или друга заедница во која нема авторитетен член што би се грижел за сите работи) ~ *ко́ј ка́-ќ до́о гра́бе, нăјде́а се́ло би́с ку́че, ќи-пра́ват шо́ са́кат* [ПК,2(184)]; **чи́ниш кучи́нта о-дра́ли** (= испокинат) ~ *дујде́ а́ма ка́ дујде́, а́јн ума́цин, а́јн пăрта́л, чи́ниш кучи́нта о-дра́ли, де́ка-ј би́л, шо́-ј прăви́л, ко́ј гу зна́а* [ПК,2(211)]; **ку́че не́ма зă-де́к до́о фа́те** (= се кажува за многу слаб, односно многу беден човек) [ПК(Гр)]; **ку́че дă-м а́пне ќи-пубисне́е** (се кажува кога некој е преполн со јадови); **ку́че дă-вăрзиш не́ се́де** (се кажува кога условите се многу лоши, пр.

кога има преголем студ) · *димéк кýчто до-вăрsиш нéма дă стóо ут шó-ј студéно*[ПК,2(172)]; **куче кога виј некуј ки умре** (верување) [ТГ, 247]. Во Долновардарско збороформата *пес* може да се сретне само во одделни говори, сепак има ретки остатоци, пр. клетвата: *цéп ı дă-т јáдăт* е широко позната [ПК(Гр)].

кучи́а (и: **кучи́ја**) f 'кола со покрив, удобна, направена за превоз на луѓе' ~ *цар'ут... зема и царицата сос една златна кучиа, и така отидоа на гости* [V,PM,36]; ~ *и накарал неговите прăмните л'уди да земат млого аскер и да му направјат и на него една кучиа... ча за подат на кавгата* [V,PM,210].

кучицаа* m 'човек што врши превоз со **кучиа**' ~ *скрихом от татка и един ден сос неколку робинки и сос кучициата вјахна на кучиата, да иди на бан'ата ... и му вели пак на кучициата да запре* [V,PM, 56].

кучи́ло n 1.'место каде што се окучила кучка или волчица'; 2. fig. 'лошо потомство' [ПК,2(63)].

кучев adj 'нешто што се однесува на куче' ~ *није имаме девет п нагири [девет панагири и Велигден десет [виј имате еден кучев бајрам [и тој не го знајте на шо ден ки падне* [БВ,55]; сп. **кýчуви (нохте)** 'ситни искинати кожички околу ноктот – кучешки' [ПК,2(63)].

кýчка f, zool. 1.'женско куче' ~ *беши услекнала на јагнето мајка му, да остана без мајка; да фатих една кучка, што беши родила тогас, оклавах кучинтата, да кладох јагнето саиши* (= цицаше?) *от кучката* [V,PM,182]; ~ *малко ли ви сам донела [донела и докарала: [... шарăна котка с котета [и котета шарăни [шарăна кучка с кучлета* [БД,64]; 2. 'волчица' [ПД(125]; 3. fig. 'лоша жена' ~ *árно áма тáа кýчка дă-стáне една вéчăр, дéтто кá спијáло, дó дýне тóо пăрстăно* [ПК,2(264)]; ~ *налетала жална Мара [налетала на зло свекор [на зло свекор, зло свекрва [две јатрви клети кучки* [БК,70].

кучле* n, zool., dem. од 'куче' ~ *малко ли ви сам донела [донела и докарала: ... [шарăна котка с котета [и котета шарăни [шарăна кучка с кучлета* [БД,64]; и: **кутле** ~ *óн не га сáка; óна бúла кýчка: кýтле и мáчле родúла* [V,PM,143].

Кучăриново top. 'име на населено место во кое се засолниле бегалците од Кукушко за време на Балканските војни' ~ *кá тăргнáме ут-Цумáата, ут-сăбáјлинта, нидéл'чин дéн, ду-вéчăрта, ду Кучăрúново сé пéшки, е тýка тúа прăстто крăф ни пăртичéе* [ПК,2(340)].

кýчăнце* n, zool., dem. од 'куче' (*кучăнцијна* – pl) ~ *адни шăрéни кучăнцúјна úмше уф двóро... ~ момата рекла: "Ќ-одум, ки и палам; дајти ми магаренцето, и кученцето што збруве!" (Тоги кучијната знајале да збруват)* [V,PM,269].

кýчăшки зăбе pl 'предни заби, очни' [ПД(115)].

куџабаши́ка f, fig. 'жена со арогантно однесување, "во функција на **куџабăшиа**" ' ~ *ýбуво гă-изругá мăш-ај, нéма гáаре дă-м сă-прáве куџабаши́ка. Сјáа ми дујдé сăрцто нăмéсто* [ПК,2(175)].

куџ'áк m 1. 'сено (односно трева и сл.) што се носи со двете раце, заграб' (Ник), со исто значење во Фур: **увéшка** [ПД(122)]; сп. **нăрăнч'** [MS,s,58]; 2. 'скут' ~ *тáм гл'éндаш'и, имáш'и и инá сăрна у куџ'áку* [MS,t,19]; ~ *зéх дéтто уф-куџ'áкут* (го зедов детето во скутот) [ПК(Гр)].

куц'акладиса (сӑ)* pf 'се прегрна (со некого)' ~ *то́с в'е́ч'ер на врӑх ќерами́дит'а̣ и́сӑ тантани́сам, ала́ у́тр'а̣ в'е́ч'ер сӑс паш'о́ват; мо́ма и́сӑ куц'акладисам ('за си пригарнам')* [MS,t,54].

куша́к m 1. 'дебела шамија со која жените си ги врзуваат косите' ~ *мома ми Румена кршум, кршум јоде [вода да напӑлне, глава да измије [коси да исчешле, кушак да годврзе* [БВ,231]; 2. 'дрвена рамка на ѕид од камења – се става за стабилност' [ПК,2(63)].

куша́рник m 'заграден простор за овци – кошара' [ПК,2(63)].

куш'и́ја f 'трчање, натпревар' ~ *и гу súгна на ра́муту и сӑс куш'и́ја гу зан'е́си и гу фарли́ по́надлабо́ку* [MS,t,70]; ~ *си з'е́ва катанд'ӑт'а̣ и парӑт'а̣ и сӑс куш'и́ја хо́ж'да при д'ӑт'а̣нту* [MS,t,84]; ~ *најдоха на пӑт'у еди́н човек, којто имаши на двете му ноги пу две мелници вӑрзани и ходиши сос кушиа* [V,PM,44]. Во Зборникот на Верковиќ, во одделот "Речник на турцизми" среќаваме: **кушиа** со значење 'група луѓе, толпа' (стр. 373), но во примерите значењето е како што го посочивме погоре: 'трчање, натпревар' ~ *му вели на стараго дјада: "тате, јазе ки си чинам еди́н кон, ти да ме вјахниш, и да поими и ниа на свадбата. Да ми припусниш на кушиа, јазе сичките кони ки ги заминам"* [V,PM,217]; ~ *и е́ту еди́н господа́р голе́м ас една́ каро́ца сос че́три ко́ни опре́гнанти, сос куши́а дохо́ждаши* [V, PM,152].

Куши́нуву top. 'име на село во Ениќевардарско' ~ *да зӑфатимă уд уздолу: на угри-слӑнцă Долнӑтӑ Малӑ,... биз мегјӑ су Постул ... Кушинуву и Коникуву* [ME(P),81].

куш'ти́са* pf 'впрегна' ~ *за куш'ти́сам о́луве́ту на ура́луту и за фа́т'а̣ да...с'ӑја* [MS,t,66]; ~ *за ха куш'ти́сам па́к и за о́ра иди́н вр'ӑтин* [MS,t,65].

куш'ти́сува* impf (в. **куш'тиса**) [MS, s,58]

куштра́н m, bot. 'вид трева, расте висока колку пченицата, раѓа многу ситни зрна, успева на влажни места' [ПК,2(63)].

кушуварник m 'назив на просторија од селско-стопанскиот живот' ~ *бегут му дава нӑ јӑрӑци́јӑтӑ; кукјӑ су тремиштӑ, килар, аарӑ, кушуварник и сӑмӑлӑк* [ME(P),87].

кушу́л'а f 1. 'платнена машка долна облека, поткошула' ~ *антери́ӑ уд го́ре-ј, а уд до́л ај кушу́л'а – де́-ј до́ма ши́јна*; [ПД(117)]; ~ *"ди́лму и́ш'тиш' да сӑ науч'и́ш' и јас за ти ка́жа!" ца́снува куш'у́л'ата на го́р'а̣, му ука́зува ниш'а́нин* [MS,t,15]; и: **кошу́л'а** ~ *да излезам на бјала јаснина [да си видја Јулвана јунака [да му видја широка кошул'а [де му ја сӑ скришом направила* [БД,84]; 2. 'женска долна облека' (од платно, се носи под фустанот) ~ *бига́ла, бига́ла, мо́ма Пилурјанка [бига́ла, бига́ла, кошу́ла нима́ла [идна́чка има́ла, сна́ина му би́ла* [ME(P),97]; ~ *ету толко деца имам и јаз, сакат шамии, лелите и сестрите сакат кошули и прочее* [V,PM,246]; 3. **бӑнсӑр кушул'а** (= кошула за одбрана – панцир) ~ *то́а, ре́кла, Кара́ Ци́ндем е а̣дна мо́ма – дујна́ ѓузили́јка. Но́се бӑнсӑр кушу́л'а (панце́рӑ)* [ИГ,113]; 4. изр.: **кушу́л'та-ј по́бли́зо ду-гӑрбо** (роднинството е силен аргумент во односите) ~ *зӑ-мо́јте ќи-си-пра́вум, ми за дале́чинте-ли, кушу́л'та-ј по́бли́зо ду гӑрбо, тӑка́ се́-ј та́а;* **кушу́л'та уд гӑрбо ќи-мо сублечат**

(= сé ќе му земат, не го жалат, пр. кога се игра комар); или: ~ *тúа ли сă сúнуве, нă тáткуто кушýл'та уд-гăрбут му-субличéе;* **кушýл'та уд гăрбо сј-а: дáве** (не е себичен, многу е дарежлив) ~ *е, тăкóф ej мóо сúн, зă-чувéк кушýл'та уд гăрбо сј-а: дáве* [ПК,2(172)]; сп. **ус-кушýл'а рóдно** ~ *вúкат уф-ил'áата аднó мăлéчко сă-рóжде ус-кушýл'ка. Тóо дéте-ј кут билéк, нă-нéго нúшто нé о-фáште, ни куршýм, ни клéтва* [ПК,2(206)]; **пéјна кушýл'а** ~ *пéјна кушý'а-ј тáа шо стујáла уф-цăркăфта и над-н'áа читéл мулúтва пóпо: нă-нéго нé о-фáште бóлис, нóсе пéјна кушýл'а* [ПК,2(188)].

кфáс m 'тесто што содржи габички за ферментација (потквасување)' [MS,s,50].

кфáси impf 'натопува во (со вода' [MS,s,50].

кфáч'ка f 1. 'кокошка со пилиња, квачка'; 2. 'група sвезди, cosвездие **Квачка**' *(Плејада)* [MS,s,50].

кш'éнудухúју n 1. 'преноќиште, хотел' ~ *утúва у Сулýн, на иднó кш'éнудухúју с'éднува; с'éднува нóс в'éч'ер и úди инá мóма на удајáта, му вилú: "игрáјми кумáр' "* [MS,t,9]; 2. 'кафеана' ~ *утúдуха у с'éлуту на иднó кш'инудухúју; прáј гул'áма гóзба стрáтигóту* [MS,t,73].

кш'éнудóхин* m 'сопственик на хотел, хотелиер' ~ *гу пúта кш'éнудóхину: "заш'тó ти туќá, как дóјди?"* [MS, t,10]; ~ *кш'éнудóхину хúч' сă ни сказýва* [MS,t,10].

кш'имулугúсува (сă)* impf 'си ги кажува греовите на свештеник, се исповеда' [MS,s,55].

кш'инитјá f 'туѓина' ~ *ч'ýзда чув'ăк дóјди у нáм ут кш'инитјá* [MS,s,55], ~ *стáна утúди на гурбéт (кш'инитјá) и тáм пазáри* [MS,t,18].

кш'ифандóса* pf 'отседна некаде – преноќи' (сп. **кш'енудóхију** 'хотел, преноќиште') ~ *утúдуха, пúтаха: "тó ч'ýка на пóртата?" "јáс сă идúн ѓеч'кинц'úја, м'а ни ш'т'éти тóс в'éч'ер да кш'ифандóс'ам туќá?"* [MS,t,15].

кă adv 'како' ~ *седна Мина дă плаче [– ој ле леле до бјага (бога?) [кă шче ида до дома [кă шче кажа нă мајка? – Мăлчи Мино, не плачи* [БД,156].

кăбáдиа m 'се кажува за тој што има грубо, нетолерантно однесување' ~ *чувéк шó нé слýше нúкуј, нé сă пувéле, прáве шо сáке* [ПК,2(63)]; и: **кабáдај** 'фалбаџија, со претерано гордо однесување' [MS,s,44].

кăбăрдúсе pf 'набабри, се надуе' ~ *лéбут кăбăрдисáл* [СК,328].

кăбăрдúсуве impf, fig. 'се прави важен, се однесува предизвикувачки' [СК, 328].

кăвиалте n 'јадење наутро, појадок' [ПК,2(63)].

кăвицúцки* adj 'нешто што се однесува на *кáвинé* (= кафеана)' ~ *он нă мóже до: пузнá: кăвицúцкио сúн, óти тáм уф-цáро јăдéл, пијáл, зăнúшчо гăјлé нé вудúл* [ПД(150)].

кăвăлăк m 'специјален сад со долга рачка, се употребува за варење кафе – ѓезве' [ПК,2(63)].

кăвăрдúсе pf 'запржи (јадење)' ~ *ќ-о: кăвăрдúсе* (гравот) (= ќе го запржи) [ПД(119)].

кăвăрдúсуве impf (в. **кăвăрдисе**) [ПД(134).

кăжăница f 'зборување, искажана мисла' (само во клетва) ~ *кăжăнúца д-им сă-чúне уф гăрлуто* – се упатува кон оној што зборува лоши работи [ПК,2(207)].

кăдéл'а f 'парче влачена волна, приготвена за предење, односно ставена на фурка' [ПД(Фур)].

кăдре* impf 'косата ја прави на кадрици' ~ *се́ кога те видам долу на чешмата [огледало држиш бело лице гледаш [бело лице гледаш, црни ве́ѓи кăдриш* [БД,137].

кăдро́н m 'мала греда, избичена — има правилна форма' [СК,328].

кăдрăва (коса) adj 'виткана коса, кадрици' [ПД(Ф)].

кăдăна* f 'жена Турчинка' ~ *ка́ дујде́ме ту́ка нă-де́тинцто пу-буни́штта сум бра́ла вăлничка ут кăдăјнте шо шутка́ли, н-ăдно тăквово, кукура́ткичка* [ПК,2(63)]; и: **кадана** ~ *Тодорка веле говоре [не сам ја селцка Турчинка [не сам ја селцка кадана [јазе сам селцка робинка* [БВ,16]; в. **кадăнфа́тм'а**.

кăдăнка f, zool., Mustella putorius 'мало диво животно, има жолтеникава боја, опасна е, ги напаѓа кокошките – ласица, невестулка' [ПД(125].

кăдăнка* f, zool., Carduelis carduelis 1.'птица штиглец' [СК,328]; 'сивуресто пиле на вратот бело' [ПД(Фур)] ~ *сăба́линта фăти́х а́дна кăдăнкичка, нă-мо́јше дă-ле́те* [ПК,2(63)]; во Ник: **цинка** [ПД(126)]; 2. 'многу лута пиперка'; 3. fig. 'лоша жена' ~ *нă-н'а́а нă-мо́јш дă-ј-прăгуво́риш, кăдăнка-ј* [ПК,2(252)].

кăзла́ч m 'земја од којашто се прават стомни, керамиди – глина' [ПД (129)].

кăзлăч m 'дрвце што влегува во дупчето од **бундрукот** (= јаремот), ги држи каишите и така се регулира длабочината на орањето' [ПК,2 (63)].

Кăзăл Тупрак (top.) 'црвена земја' – место со лозја [ПД(135).

кăзăлши́ш m 'болест на кожата' ~ *та́-ј бо́л'ка, гу-ре́жат ме́стто де́к că-пуја́ве, се́тне că-кла́ве то́с и дута́м е́ј ле́кут* [ПК,2(63)].

кăзăм 'галено обраќање' (кон дете, односно кон млада девојка) ~ *и мăр Тудоро, кăзăм Тудоро [научила că кăзăм Тудора [вечер на јода нимој да ходи [се утром, утром по месечина* [БД,126].

кăи́ш (и: **кајѝш'**) m 1.'кожен ремен со кој се стегаат панталоните', и: 'ремен со паричник' ~ *ми́ти дијафура́ има́ш'и иди́н кајѝш' на крăсту, пари́ имăш'и н'е́тра* [MS,t,14]; 2. 'дебело парче кожа што го прицврстува гределот за јаремот' ~ *за по́да на ни́вата, за ра́стува́р'а ура́луту...за кла́да кајѝш'ут на бујундру́кут* [MS,t,65]; ~ *за ве́зма турба́та, за кла́да л'ăбут, ма́нц'ата, тисла́та, кајѝш'ут* [MS,t,65]; 3. 'дел од коњската опрема, колан со кој се прицврстува седлото' ~ *зима́л седлуто да му кла́де. Зи́ме кула́нут дă гу сте́ге. Кă гу удира́л кăи́шут, ко́јнут ду куле́ни уф зе́ми флива́л* [ИГ,115]; 4. изр.: **он гу-вле́че кăи́шо** (= тој се грижи за се́) ~ *нă-не́го-ј тува́ро, се́ нă-не́го-ј рăбо́тта, о́н că-мăче на́ј-по́вќе* [ПК,2(187)].

кăјдѝсе pf 1.'се реши да стори нешто непријатно' (пр. да потроши повеќе пари, односно некому да му направи нешто лошо, или пак да соопшти некоја лоша вест и сл.) ~ *и му вели́: "а бре́ гле́даш ли ти́а дванајсите де́лви, што́то са пăлни сос алтăни, и па́к не кăјди́сах да да́м еди́н грош за она́ја ри́ба, ами́ ти́нака как кăјди́са* [V,PM,17]; ~ *тога мајка му киниса та утиде на цар'ув кунак, са чудеши некој час, не кăјдиса на цар'у никак да кажи, така са варна на дома* [V,PM,88] 2. 'излезе нешто од некаде (со притисок од страна)' ~ *оттука, оттаму фати да ја побарува, ја фати за гăрлото малко, зăрното кајдиса от вунка, момата и ожувја-*

ла [V,PM,214]; *~ мишката кату си варнала, пашката и ја бутна нетри на носот; момата от пиперот кату си попари, еднош кихна; прăстенот кајдиса, излезе од устата* [V,PM,204].

кăјдисувани n 'решеност' *~ кини́са да гу те́ра на бишка́ринот со́с мома́та и, л'у́ приблѝжи да ги пристѝгни, жрја́пчинто ви́ка на́ бра́та му...: што́ чи́ниш, бра́те, и то́лко кăјдѝсовани па́к би́ва бра́т на бра́та си?* [V,PM,117].

кăјдăра́к* m 'рамен камен' *~ пло́сук ка́мин зă-и́грăне, дă-си-игрс.ıт де́чкăта нă-кăјдăра́чта* [ПК,2(63)].

кăјмитлѝа adj 'гален, надежен, единец во куќата' *~ чува́ла ма́јка си́н кăјмитлѝа, си́н кăјмитлѝа си́н питимѝја* (од народна песна) [ПК,2 (64)]; **кăјматлијка** *~ ах боже, ам стори ми сега едно пиле, да си летна; да пода на мајка ми да ме види и да видја, ча млого кăјматлијка ми имаши* [V,PM,195]; *~ да вели: "варај, мале, мила мајко, јазе не сам мајсторка, што ми велиш, но сам твоја нај-милна керка кајматлијка"* [V,PM,196].

Кăјмăка́м Чешмесѝ (top.) – чешма на патот од Стар за Нов Дојран [ПД(135).

кăјна́че n, dem. од **кајнăк** 'изворче со чиста вода' *~ а пă и́мше и Кла́јнци – вудни́ште, буна́рче тăкво́, кăјна́че, сă-цăрпе во́да уд ни́х* [ПК, (216)].

кăклица f, bot., Agrostemma githago 'едногодишно растение, го има во житото, дава црни плодови' [ПК(А л)]; и: **кăклă** *~ јотродјај са момин рода [като пепăл јот јогнишче [като кăклă јот пчиница [като риба јот извора* [БД,50]; сп. **кăнкул'**.

кăкăва́нин m 'простак, неупатен' *~ ко́га не́кој не рăзби́ре мо́ж да сă ре́че: "еба́-ти бил'ме́зо" , ме́сто бил'ме́с мо́ш да ре́чăме и кăкăва́нин* [ПД(116)].

кăкăреска (и: **креска**) f *~ гре́бино нă пите́ло* [ПК,2(64)].

кăла́ј m 1. 'бел метал, мек, служи за лепење или калаисување на бакарни садови; хемиски елемент Sn'; 2. изр.: **м-удрѝ кăла́јо** (= го запцу); **ва́ ве́чăр ки м-у́дре кăла́јо** (*"ко: зăле́де"* = ќе фати мраз) [ПД(137)].

кăлба́са f 'сувомеснат производ – тенкото црево од свиња или др. животно исполнето со месо и зачини' [ПК(М)].

кăлбо n 'преѓа намотана во клопче' [ПК,2(205)].

кăлве impf 1. 'удира, тепа *~ гу нăкăлва́ де́тто зă-ни́што'* [ПК,2(64)]; 2 'толче' *~ уф пăни́ца сă-кăлве лу́к* [ПД(120)]; *~ нă шчи́ца кăлвăхме ме́со* [ПД(117)]; 3. 'сече дрва (со секира)' *~ брадвата си јостреши [пиле му сă молеши [– Бре Димитре јуначе [ни кăлви ми дрвоно [ни брули ми гнездоно [ни пилеј ми пилцете* [БД,68]; *~ та јотиде с вăгл'арето [с вăгл'арето нăзи гора...[а кăлваха, шчо кăлваха [опалиха црно вăгле* [БД,86]; *~ "мар Гајтано, Гајтано [хајт да идем в горăта [та да кал'вем, да сјачем [та да си се надкăл'вем! [л'ако та ја наткăл'вă [шче ти зема ликото [л'ако ма ти надкăл'виш [шче ми земиш брадвата* [БД,184]; 4. 'кога птица со клунот зема (голтнува) зрнце' *~ ка прнаме, ка летнаме [ка паднаме јо бавчите [ка кăлваме бели цреши* [БВ,245]; *~ брат си сăм Мил'о сăнила [на неговите дорове [бјали уолове ораха [брат ми го Мил'о караше [бјала пчиница сјајаха [сиви голăбе клăвјаха* [БД,89].

кăлвáч m, zool., Pucus varius 'птица со шарени крилја и остар клун, со клунот отвора дупчиња во кората на дрвјата, каде што бара црви – клукајдрвец' [ПК,2(64)].

кăлдăрмá f 'пат послан со каменни плочи' [СК,328]; в. **калдăрăм**.

кăлéме impf 'кога на диво растение му се придава (прилепува на специјален начин) пупка од питомо дрво и така дивото се оплеменува' ~ *дúву нéшто, плóдно нéко: дрăфце, áли лóши плóдуве дáве, дивýркăта трéба дă се кăлéме* [ПД(124)] – уште една потврда за присуството на адверсативниот сврзник **ли** во југоисточните македонски говори.

кăлесáр m 'човек што оди кај роднини и пријатели и кани за свадба' [СК, 328]; в. **калеса**.

кăлимáн m 'тој што ги венчал младите, односно им ги крстил децата'; в. **калитáта** [ПК,2(64)].

кăлк m 'горниот дел од ногата (на состав со трупот), половина од задникот' [ПГ(Ф)] ~ *нáправи мáлце мéсто и-áска дă-сéднум, нé-л' глéјш н-áјн кăлк сéдум дýрмин* [ПК,2 (183)].

кăлкáк m, zool. 'кастриран овен' (тестисите му се уништени со *кăлване* 'удирање' – оттаму и називот) (Фур), и **скупáк** (сп. *скóпе* 'штрое'); во Ник: **чýкăн** [ПД(125].

кăлке impf 1.'удира со секирче за да направи нешто на ситни парчиња'; 2. 'тепа' ~ *ки-тă-скăлкум* (= ќе те изнатепам, ќе те направам на парчиња) [ПД(Ф)]; 3.'пие с. шум' (директно од чешма, односно од голем сад) [СК,328]; в. **кăлве**.

кăлкăмăнúа adj 'ексцентричен, чуден човек' ~ *ус-тáа кáпта алúс кăлкăмăнúа сă-нăпрăвú* [ПК,2(64)].

кăлн'é (и: **калн'é, кăлни**) impf 1. 'упатува лоши пожелувања кон некого, проколнува' [MS,s,53,46]; ~ *емин чу крал Милош, застана, и тој му риче: "ти сега вија млади деца ки ги сечиш, ама ки ти кăлни сиот свет"* [MC(B),95]; ~ *такá кăлнат жéнте: рикájќи дýша дă-дáвиш* [ПК,2(160)]; ~ *и му сă мóлија на нéгу да не а кăлни на нúх да си óдат уф пéкул* [MV,K,275]; клетвите може да бидат упатени и кон сопственото минато, од оној што проколнува ~ *и тој западнал млого сиромах, штото не имал леп да јаде, ... Нивјастата му, кату не беши научена на сиромаштиа ката ден плачаши и сама си калн'аши дните и касметјут* [V,PM,195]; 2. – **(са)** 'дава чесен збор, ветува, повикувајќи се на Бога, или на др. нешто свето, дека ќе го исполни ветеното' ~ *кралицата една мома имала, сé сос неа веки са калн'аши, хем ја пушташи на школју да учи книга и да ткаи* [V,PM,194]; ~ *дýмре мáјк-ми! – и дă-с кăлниш пá нé-т вирýве* [ПК(Гр)].

кăлнăн adj 1.'кога некој се однесува злобно, лошо' ~ *брé шó кăлнино дéте-ј тóо Блăгóј!;* 2.'кога некој ги поднесува последиците од тоа што бил проколнат' ~ *нéма кăсмéт óт-ај кăлнăн ут-мáјк-мо, нóго лóшо ú праувá, гă-умрé прăт врéме* [ПК, 2(64)].

кăлпăзáн m 'човек што не е уреден – неугледен' ~ *é, шó кăлпăзáн éј тóо мóјо чувéк, ич нé сă-спăстрýве* [ПК,2(64)].

Кăлýзо 'име на ѕвезда' [ПК,2(64)].

кăлчúште n 'она што останува (како отпадок) кога се обработува коноп' [ПК,2(64)]; ~ *тук е татко и мајка [тамо свекор, свекрва [там са золви, деверје [сабувај са лудо, младо...[чурапи са уд кăлчишта* [БД,44]; ~ *им-ричéла óти нă-сúте*

ḱ-им-кла́: па́шки, о́ште по́-у́бави уд-ни́:нте шо-и́мăа. Вăлците кăндиса́ли. Лиси́цта зе́ла ăјн-ку́п кăлчишта, им дјуздиса́ла пу-ăдна́ па́ш·а [ВД (П),287].

кăлчу́не (и: **кăлчи́јна**) pl 'вид чорапи направени од шајак (дебел штоф), достигаат до колената' ~ *нăвра́с чура́пто сă но́сăт, ги пра́вăт по́вике ус ша́јăк, ду ту́ка фа́шчăт* [ПД (136)]; [ИГ,125].

кăлăва́тник m 'специјално дрвце со кое се толче лук' ~ *уф пăни́цăта сă чу́ке, а то: шо́ кăлве еј кăлăва́тник* (Ник) во Дој со исто значење: **тăсте́** [ПД(120)].

кăлăјдžíја m 1. 'тој што работи со бакар'; 2. fig. 'тој што е исцрнет' *кăко́ф си, ку́ту кăлăјдžíа* (= се кажува за човек што оди извалкан, исцрнет); 3. изр. **кут-кăлăјдžíа сăвăрте** ~ *се́дни, не́ куту кăлăјдžíја си се развăрте́л* (= се кажува за некој што прави чести движења, т.е. се врти) [ПК,2(171)].

кăлăми́суве impf 'намотува *упри́на на кăла́ме* за ткаење' [ПД(133) – в. **каламиса**.

кăлăфа́т m 'вид маст, катран со кој се премачкува *кура́бо* за да се заштити од влага' ~ *дăбо по́ тра́: и шчи́ците дă сă уд дăб, по́-а́рни сă, по́ тра́т... ка́ ки би́де кура́бо гуто́ф сă-кăтрăни́суве кăлăфа́т* [ПД(128)].

кăлăч m 'вид нож со острило од двете страни' ~ *е́ту во́а ки сă на́јди за гре́хови и за жи́вот за но́гу л'у́ди Израи́лци, и на пра́во ки сăди; па на те́б ки зами́ни уф сăрцито тфо́јо кăлăч су дè врăс'* [MV,K,314]; сп. **калăчка**.

кăмбо́ста f 1. 'кисела зелка, ставена во пресол – расол'; 2. изр. **уф-кăмбо́ста ḱи-ј кла́м** (= не ми се потребни, не ги сакам) ~ *не́к ми до́:т, уф-кăмбо́ста ḱи-ј кла́м, но́го ми путриба́ли* [ПК,2(64)].

кăмбу́ли pl 'вид растение, има сини цветови' [ПД(123)].

кăмбуре́с adj 'човек со грпка, односно ако оди многу наведнат' ~ *ај-га кумши́кта и́ ви́кат Кăмбу́р Марі́а, о́т е́ј нăве́дна* [ПК,2(64)].

кăмбăрба́к m 'селанец што живее во селата меѓу Кукуш и Солун' ~ *ка́ се́-ј ублич е́л али́с кăмбăрба́к* [ПК, 2(64)].

кăмилче n, 1. dem. од 'камила'; 2. fig. 'височко, слабо девојче' ~ *ви́ди ка́ се́де, кăми́лче и нă-кăми́лчито* [ПК,2(64)]; в. **камила**.

кăмина́рка (змі́а) f, zool. 'вид змија, живее на суво, меѓу камења, опасна е' [ПК,2(64)].

кăмпи (сă) (и: **кампи са, кăпи сă**) impf 'се бања, си го мие телото' ~ *фта́са д'ăт'ату на б'ăла во́да, си изва́ди ру́биту и фл'а́зи на кури́туту да сă кăмпи* [MS,t,14]; ~ *да зе́миш еди́н каза́н сос де́вет рачи́цки, да ги цăркаш куби́лите, да са кăпи цăрјут а́ф онова́ мл'а́ку, тога́с ки гу зе́мам цăрјут!"* [V,PM,124]; ~ *гу земá казáнот сóс мл'áкото, гу закарá прет цăрјут, му ве́ли: "кăпи си, цăрју, а́ф това́ мл'а́ко, да си чи́ниш мла́т, да ти зе́ми дјун'а́ ґузели́!"* [V,PM,124].

кăмăни́ч m 'место со многу камења – камењар' (Ник), во Пат: **кăмини́к** [ПД(130)]; сп. **кăминарник** [ПК,2 (64)].

кăна́рка f, zool.'малечка, сосема ситна птица' ~ *нă-ги́нгăрто* (= вид трева со боцки) *сă-бе́рат, чо́пкат уд-ни́х* [ПК,2(64)].

кăнгал* m 'дел од запрежна кола' ~ *чети́ри тумпа́ла, два кăнга́ла, цăрве́н чукунду́р сус рăжина сла́мка* (поговорка = запрежна, биволска кола) [ИГ,122].

кăндйло 1. 'религиозен реквизит на христијаните – чашка со зејтин во која има потопено фитил што се запалува, освен во црквите се користи и во домовите за неко верски празник односно кога има помен' *~ тугáј нăмáло лáмби, сăдéле нă кăндйла, нă свéшчички* [ПД(151)]; и: **кандйл'** *~ Гроздо л'у мари, Гроздано! [Грозда по дори ходјаша [сребăрăн кандил мијаша [и са на Бога мол'аша* [БД,13]; *нйто кандйл'от гу запал'ýат, нé гу клáват пут светйлуту, тукý гу закачýат гóри* [MV,K,312]; односно **кандила** *~ кандйла на сфитá Бугурдйца* [MS,s,47]; *~ му вели: "виде ли прăмнојут вечир трапезата, как беши пăлна и три кандили горјаха; и фторај вечир две кандили, што горјаха; и третај вечир една кандила"* [V,PM,84]; 2. 'мало подвижно ламбиче направено од ламарина, го користеле кога ноќно време оделе кај добиците' *~ ут плéк, пóрáно шó-с сă-служйли мéстс лáмба, нéма стáкло; сус стáкло уд гóре пă áко-ј финéр сă вйке'* [ПД(121)]; 3. 'парче, остаток од недогорена свеќа' [BS,75]; 4. изр.: **нă-нéгуфто кăндйло шăрлáн нă мóш си клáде, па уддéл нă-друго** (= кога човек со мали можности се нафаќа на различни (и туѓи) работи) *нéгуфте рăбóти нă-мóш си-ј-свăрше, п-óде нă-дрýк дă-пумáге* [ПК,2(185)].

кăндýгуд'ă adv 'некаде' *~ ч'урбаи'йјата си клáј сăс умó, óти Гóспут' сă ни нахóж'да, за ш'éта ... и за си устáни кăндýгуд'ă и за сă загýби* [MS,t,14].

кăнйска (и: **каниска**) f 'специјална крпа во која се ставаат слатки работи за да се дарува некој' *~ сă-нóсе нă-свáдба, нă-грóбишта и нă-орáчо кá ки-зăфáте да-óре, дă-сéе; сă нóсе кăнйска. Уф кăнйската йма сăрлйа, пугáча и кăлйнка* [ПК,2(64)]; *~ у пентук за акалесат момите от махалата и роднините, ... За сторјат една каниска, штото га за дојдат сватовито и кумовиту, за да везмат нивјастата. Тогај му ја поклонуват тас каниска на кумот* [V,PM,248]; в. **каниса**.

кăнкул' m 'паразит во житата – какол' [MS,s,53]; сп. **кăклица, кăркол'**.

кăнон m 'вид музички инструмент – цитра' [СК,328].

Кăнтурăв* 'презиме во Гевгелиско' *~ ја сáа снáа му рăбóте, он дéтто гу дăрже дóма. Жéнтă му бйше ут Кăнтýрăвте ут Сéаво* [ИГ,120]; селото Сеово денеска се наоѓа на самата граница, но во Грција.

кăнт (и: **кăт**) m 1.'подигнат простор покрај огништето – таму седат и одмораат старите луѓе' *~ с'éдна на кăнту* (седна покрај огништето) [MS,s,53]; *~ си утйди гóр'ă, утфóри вратáта, с'éдна на кăнту ч'ă за гу спйј ш'урбéт'у* [MS,t,22]; *~ ду-умако, ут таа страна кăт и ут таа страна кăт; ~ седни нă кăто, нă кишéто* [ПД(119)]; 2. 'огниште во рибарските наколни колиби (*лувишча*) на Дојранското Езеро' *~ тугај гулеми лувишча прăвиле, и* **кăт** *уф сред имале, кăт е дек сă вале огин* [ПД(128]; 3. изр.: **сéј-си на-кăто, дéк си се рудйл** (= се кажува на старите луѓе дека треба да си останат во својата куќа и да не се шетаат од еден син до друг, од една ќерка до друга) [ПК(Гр)]; сп. **кат**.

кăнăвáза f 'сад од земја (глина), убаво изработен, глазиран' [ПК,2(64)].

кăнăпóф adj 'нешто направено од коноп' [ПД(130)].

кăпинáрче n, zool. 'вид птица со жолта боја, многу мала, помала од другите птици' [ПД(Ф)]; [ПД(126].

кăплăдúсе pf 1. 'покриве нешто (пр. става чаршав на јорган)' ~ *о-кăплăдисáх јургáно* [ПД(134); 2. fig. ~ *нéнто кá сé-ј кăплăдисáло, ќизăвăрне* (= се кажува за мурно време, кога има многу ниски облаци) [ПК,2(65)].

кăпóт m 'долго палто поставено со крзно, го носеле младите, а старите носеле **гýна**' [ПК,2(65)].

кăпăлґýчка f 'ќулавка од овчарско кепе' [ПД(118)].

кăпăнúна f 'стопена свинска маст' [ПК,2(65)].

Кăрáјанăв* 'презиме во Гевгелиско' ~ *Кăрáјанăвта кýка бúше тăквá: кă ќи флéјш уф кýкта, нă дéсно úма удáјка (зạ гóсте), нạпрáво трéмче, нă лéво килáрче* [ИГ,121].

кăрáкýндăк m 'човек што неосновано се фали дека многу знае' [СК,328].

Кăрáсуле top. 'име на населено место во Долновардарско' ~ *ґóл'о ни блúско, Арńáнскоо Ґóл', мăшúнта дéк вăрве зă-Кăрáсуле и зă-Кýкуш, тýк пукрај Арńо* [ПК,2(339)].

кăрачăлúн f 'вид трн' ~ *трăн шо рáсте висóко, úма плóдуве куту пáрички*, во др. говори: **драка** [ПД (124)].

кăрбла f 'плоснато буре, горниот крај е отворен и поширок (во него се гмече грозје)' [СК,328]; ~ *карај, учи, сино нивестата...[кога јоде, сино на бел Дунав [јоде като китка накитена [кога с-иде, сино, јуд бел Дунав [като крбла, сине растурена* [БМ,160].

кăр нива f 'нива на суво место' ~ *сă вúке нúва нă висóко мéсто, дéка-ј утцéдно, сý: мéсто, зă тунýн, зă лóзе, зă тăквú рăбóти: нă гóр вúкуме кăрăве, нă дóл вáлти* [ПД (121)].

кăрвав adj 1.'извалкан со крв' ~ *та ги неја запалихме [дур на Бога се нажали [ситна се роса крвави [текоха реки крвави* [БД,166]; ~ *сношти помина војската [ранетјот цар го носеше [крвави крпи переле [лути му рани миеле* [БВ, 122]; ~ *на кон'а имаше торба закачена [фăв торбăта има крвава кошул'а [фăф кошул'а има рăка завијена* [БД,162]; 2.'проклет' ~ *слăнце јасно, слăнце зајди помрачи се [и ти месечинко бегај удави се [нем светејте на нашите крвави тирани* [БК,109]; и 'омразен' ~ *кăрвуф мé-ј дă гу вúдум* [ПД(114)]; [СК,328].

кăрвави* impf 'станува крвав (извалкан со крв)' ~ *вăв Стара, мајо, Планина [там си неја најдохме [девет егрека јарата [и десетте ту јагнета [та ги неја запалихме [дур на Бога се нажали [ситна се роса крвави* [БД,166].

кăрвина* f 'одмазда за убиство (за "крв")' ~ *јас си немам мајка да ме жали [сестра немам рани да преврзи [тук си имам осуммина брака [што ке вратат крвина за брата* [БВ,141].

кăрвóсан adj 'извалкан од крв' ~ *дујдé ус кăрвóсани рăце* [ПК(М)]; сп. **кăрвав**.

кăрвуглет (< кривоглед) m (adj) 'човек што има недостаток во очите, што гледа настрана' [ПК,2(65)].

кăрвулóк (и: **крăвник**) m 'лош човек, крвопиец' ~ *нóго лóш чувéк бил тóо, кăрвулóк* [ПК(М)].

кăрвăлóва вóда* f 'течност за дезинфекција' ~ *и, сăбáјлинто дујдé кумúсијта, удрúа кăрвăлóвта вóда* [ПК,2(340)].

кăрéл m 'специјален конец, многу јак, за плетење мрежи (за ловење риби, во минатото го купувале од Солун)' [ПД(128)].

кăрдáр m 'овци од повеќе семејства што ги пасат заеднички' ~ *áку ги дáл си нéкуј дă ти-ј пáсе:* – **кăрдáр** *ги дăдéх* [ПД(125]; ~ *ги-дăдéх óфци-те кăрдáр уф-Аспарýх* (= овците ги дадов кај Аспарух да и пасе заедно со неговите) [ПК,2(65)].

кăрдúсе pf **1.** 'уништи, казни' ~ *как влезе в трите крал'уви и в аскерот, за две саата сите с неговата тешка бозлугана ги кăрдиса* [V,PM, 160]; ~ *гу чини четри парча и гу обеси на четри пăтишта, брати и другите, четиријси сите харамие, сичките ги кăрдиса;* ~ *ја царјут вели: "харно е така да чиними, туку ниа толкос аскер кăрдисахми, не можјахми да утепими филдиш"* [V,PM,170]; **2.** 'се лути' ~ *ај дă-с-јóдум, зéр дóма ќи-мă-кăрдúсат* (= ќе ме караат); **3.** изр. **сă-кăрдисáх ут-смéх** (= убаво се насмеав, пукнав од смеа – дејство изразено во голема мера) [ПК,2(65)].

кăрдăрúј pl 'овци од повеќе стопани кога пасат заедно' ~ *збéрăни ут пóвике дýши дă-ј пáсăт, ти кăрдăрúј сă вúкăт* [ПД(125]; сп. **кăрдар**.

кăргýј m, zool. 'вид птица' (сп. **карга** = чавка ?) ~ *нăтрă си сéде, кăргýј си глéда [прăста си кăрша – кăргýј гу рáна* [ME(P),93]; сп. и: ~ *крајегу седи на јовеза [чи шчо да му отдадеми? [дă му ѐăдјеми сиу стаду [сиу стаду нибруену* [БД,52].

кăрк ајăклú m 'инсект со многу нозе' [ПД(124)].

кăркáч adv 'начин на носење дете на врат' ~ *о-нóсиш дéтто нă-врáто, а нóјсте му вúсат нă-твóјте гăрди* [ПК,2(65)].

кăрке impf 'јаде лакомо' ~ *сă-накăркáх адно áрно* (= се изнајадов убаво) [ПК,2(65)].

кăрклúзи pl.tt. 'специјални ножици за стрижење на овци' [ПК,2(65)].

кăркóл' m, bot. Agrostemma githago 'паразитско растение во житото – какол' ~ *то: у жúтто излéве, гáт, úма цăрни зăрна, уд н'о пуцăрнуве брáшнуто* [ПД(123)]; в. **кăнкул', кăклица**.

кăркýш m 'стар орел со искубен врат' [ПД(131)].

кăркăлóк m 'високопоставен во општествената хиерархија, големец' [СК, 329

кăркăчúна (и: **кăртăчúна**) **1.** f, zool., Talpa europaea 'мало животинче, живее под земјата, ја рие и прави купчиња – кртица'; **2.** 'купче земја изриена од крт' [ПД(Ф)]; сп. **кăрт**.

кăрлáк m 'дрво запалено, недогорено – гламја' [ПК,2(65)].

кăрланиа adj 'проклет' (зборот обично се употребува во клетви) ~ *áх тúа кăрлăнúă óчи шó нé глéдат гáаре*; со исто значење: **кăрлáнцки**: ~ *прăбéр-сјо тóо кăрлáнцки кóјн* [ПК,2(65)].

Кăрлицки фам. име ~ *нýчто нă-Димитрúја Кăрлúцки, чúниш уфтéп глéде, а óн мéн мă-глéде – глéде нă-крúво* [ПК,2(208)].

кăрлиш' (и: **кăрлáш'**) m, zool. Ixodes ricinus 'паразит, се впива во кожата на овци и др. животни, крлеж' [MS,s,48].

кăрлúă мéсто n 'суво, песокливо место, неплодно'; сп. **кăăр** [ПК,2(65)].

кăрлúк* m 'долг овчарски стап, на крајот има кука, со него овчарите ги фаќаат овците' [ПК,2(65)]; ~ *имáл кăрлúк тóо уфчáро; бýтне кăрлúко, гу фатúл за нóгата. Пóсле гу-пуштúл кăрлúко уфчáро, закачúл нéкуј чикóр, жúла тéгле* [ПК,2

(233)'; и. **кăрлига** ~ *умовитојут кинисе, отиде да копај гроб на гробите, пак лудојут зева една кăрлига да ја наврја приз мајчинот му нос, да татраштем ја занева на гробот* [V,PM,229]; односно: **кăрл'ук*** ~ *јовчари јодат за Рада зборват [секо сабајле Рада да стретнат [ова сабајле Рада не стретнаа [писале Рада на крл'узите [стани ми стани галеник Радо [стани ми стани чупче чујено* [БВ,41].

кăрлмăдан adv 'случајно, како ќе се згоди, приближно' [СК,329].

кăрмá f 'крупно мелена храна за добиток, содржи и сол' ~ *кóн' ш'ту јид'é* [MS,s,53]; сп. изр.: **двá óстри кáмăне кăрмá прáвăт, брáгно нé мéл'ăт** (= нетолерантните луѓе тешко доаѓаат до компромис, односно прават бркотници) [ПД(137)].

кăрме impf 'го прихранува добитокот со житна храна, му дава **кăрмá**' [ПД(125]; [ПГ(Ф)].

кăрмен* adj 'добиче што е прихрането со крма' ~ *стани ми, стани Стојане [да видиш Јанка вдовица [сăс девет деца сирака [десето дјате фăв мајка! [конче ти вика ф јахăрја... [дал је на врјаме крмено* [БД,104]; ~ *ој јовчари две добри јунаци [што ви јовци, јовци потимнети [дали јовци трева непасени [или јовци вода непојани [или солче јовци не крмени* [БВ,27].

кăрмило n 'селско место каде што на овците им се дава крма' (се среќава како чест топоним) ~ *фрет жените на нивата [сăс мăжето, сăс деверето [л'у ја Крстја самă самичкă [снопе збирам и ги тварја [тојсто Марушка Крстју [шче ја видиш на крмилто [задјаната з брјамја ја ка* [БД,40].

кăрмнăк m, zool. 'машка свиња, вепар' [ПК,2(65)].

кăрпа f 1. 'парче материјал, пр. од штоф' ~ *нă-трéтјут дéн пá óде анăмкăта, му-и-шýка, му-и-шýка бáсмите, и-устáва. Нă-трéтјут дéн му-устáва ńднă кăрпа вăрзáна у-бáсмите унăтре* [ДК,134]; ~ *ами жената, кату чу така, си наполни шишету вода, земала и малко кал, враза на една кăрпа...* – уште еден случај на проширена употреба на предлогот **на** кога упатува на внатрешност од нешто, наместо предлогот 'во' (*враза на една кăрпа...* м. 'во една крпа'); 2. 'шамија со која жените си ги врзуваат косите' ~ *ни ми свекрва мăмрица [нито ми свекăр зăл чул'ак [зăл си сăм сăн'а сăнила [братов ми калпак јот глава [и мојта крпа на глава [од силăн уогăн горјаха* [БД,72]; ~ *ни треперај тенка крпо [ни треперај шче трепераш! [тук је мајка, там свекрва [тук је татко, там свекăра* [БД,54]; 3. изр.: **сј-о ńма уф кăрпа вăрsино** (= се кажува кога некој длабоко има доживеано нешто, пр. неправда што му е сторена, и ќе ја памти долго време) ~ *óн ќи м-вăрне áрно зă-тóо шó мо-нăпрăвú... сј-о ńма уф кăрпа вăрsино* [ПК,2(194)]; **уф-кăрпа гу-нéмше вăрsино** (= се кажува за човек без авторитет, лошо поставен во средината) ~ *и уд нéго биде чувéк, сă-жинú, удимá дéчка, а прăт тóо гу-нéмше уф кăрпа вăрsино* [ПК,2(207)]; **цăрна кăрпа дă-вăрsиш** (клетва = да ти умре некој близок) [ПК,2(210)].

кăрпачин (и: **карпáчин, крапачин**) m 'мајстор што поправа чевли, чевлар' ~ *та тóј от-уше бéши сиромáх и кăрпáчин, са чини сéтника едúн богáт* [V,PM,19] ~ *и така крал'у не и можјал грешка да мо најде*

на крапачино, да го убиј, ами он си отишел на дома му с радос... ~ Кога гледат сиромах карпачин, от права страна малкото дете от три дана чибук пие [V,PM,244]; сп. и: *~ тогај рече крал'у: "јазе не сам достоин за крал". Туку кладеха на столнина сиромаха* **крапачин** [V,PM,244]; в. **карпач.**

кăрпи* impf 'дејност кога мајсторот поправа чевли, односно домаќинката става крпи на облека' *~ тој е би́л папучи́а, карпа́ч, штото изле́ваши на чаршиата, кăрпиши папу́ци, ама и тајфа́ и́маши мло́гу дре́она* [V, PM,16]; *~ изговорили траговците за крапачино, зашто е сиромах... Та го и занел в дома му ку́туко, и па испадна на селата да кăрпи* [V, PM,243]; *~ кăрпа́чинот, л'у оти́де, му ве́ли на риба́ринот: "колку га са́каш, господи́не, та́ја ри́са кра́пова?"* [V,PM,17] – уште еден случај на проширена (изместена) употреба на кратката заменска форма за директен објект **га (ја)** во дативни конструкции (*колку га са́каш* м. 'колку и́ бараш').

кăрпăло́к* m 'земјоделска алатка што се користи при вршење (односно веење) на житото – дрвена вила, служи за обраќање на сламата' *~ о́на не́-ј це́ла, о́на-ј куту бунéла, и́ма куту ра́го́ве, ро́шки; са упутре́буве за ве́јне на вра́о дуде́ка и́ма сла́ма, ус н'а́ са фăрке* [ПД (122)]; *~ зима́јте-ј кăрпăло́јсте, убăрне́јте сла́мата, збра́јте жи́тто* [ПК,2(65)]; кај Саќов: **кăрпулок** [СК,329].

кăрпăни́ци pl 'она што не е ново, крпеж' *~ се́ ус-кăрпăни́ци сме, нăмо́жме ни́штичко но́во да́-ку́пме* [ПК,2(65)].

кăрсти́ца f 'става, наредени снопје жито, пред да се врши (13 снопје)' [ПК(Мут)].

кăрт m, zool., Talpa europaea 1. 'мало животинче, живее под земјата'; 2. изр.: **ку́ту кăрт** (= се кажува за човек што е многу работлив) *~ ба́пта Све́тла ку́ту кăрт рăбо́тише* [ПК,2(171)]; в. **кăркăчи́на.**

кăртичи́на* (и: **кăртучи́на**) f (в. **кăркăчи́на**) *~ це́лта ни́ва-ј кăртичи́ни* [ПК,2(65)].

кăртуна f 1. 'црпка од специјален вид тиква' (на кората има дупка, а во средината е празна) [ПК,2(65)]; 2. fig., рej. за 'глава'; 3. во струмичкото село Смоларе го констатиравме називот **картун месец** – тоа е времето кога се вари ракија од црници, наесен; називот е добиен според тоа дека ракијата се пие со **картуна,** т.е. ја има во изобилство.

кăрќалăан m 'човек склон на лажење, измамник' [СК,329].

кăрфуве́ла f 'игла што се затвора, безопасна' [СК,329].

кăрце impf 'создава шум од триење' – **кăрце зăбе** *~ но́го-ј л'у́т, се́ртéј; чуве́к кăрце зăбе и ка́-ј бо́л'ăн, ка́ и́ма мăка* [ПК,2(172)]; *~ и́лим царшти́ну си́нови ки си хо́дат на те́мно надворе́шн'ото, та́мо шо ј плака́нито и шо си кăрцат зăбите* [MV,K,265]; и: **кăрăца** (односно: **крца**) *~ кăрăца араба́* (= чкрипи колата); *кăрăцам зăмба* (= чкрипам со забите) [MS,s,54].

кăрцки adj 'нешто што се однесува на **кăр** (= ридска, сува, неплодна месност)' *~ тија села шо се наогјат узгорă ут друмут са велјăт кăрцки села, уздолните полцки* [ME(P),74]; *~ кăрцката земја ј песоклива, цăрвеница, цăрна прăс, бела прăс* [ME(P),78]; сп. **кăрăцку (м'ăсту)** 'високо, суво' (место) – обично песокливо [MS,s,54]

кăрча́к m 'мало зајаче' ~ *ај мла́д за́јц, не́ ми́сл'ум мăле́чко ептен, не́го мо́же веч дă бе́ге* [ПД(125].

кăрчак* m 'сад направен од глина во кој се чува сирење' ~ *Магдо мори мигдалова [чула ли си или ни си? [на пазар са продаваши [прјасно сирени в крчази [какво е бјало прјасно сирени [такво е бјало твојто лице* [БД,144].

кăрча́н m, zool. 'вид крлеж, голем' ~ *сă-ле́пат пу-о́футе* [ПК,2(65)].

кăрчма f **1.** 'јавно место каде што се собираат луѓето (почесто мажите) на разговор и пиење алкохол, пивница' [MS,s,53]; **2.** 'пос едната чашка алкохол при некоја пијачка'; **3.** изр.: **кăд ва́ска-ј кăрчмăта** (веселба, честење по повод завршувањето на некоја важна работа) ~ *сă-свăрши́ла не́каа гуле́ма рăбо́та, дă ре́чум сă-јзбра́л тит'у́но, сă-јзвăрши́ло жи́тто; туга́ј ви́кме от ај кăрчма, зăто́о сă че́стим, пи́јме кăрчма* [ПК,2(172)]; **4.** 'пиење ракија, веселба дека невестата била чесна на првата брачна ноќ' ~ *кога ки изл'ази крăчмата пак, тогај сă чини голем радос, та много зјан чинат на зентјувата кашта, горјат вогни на дворо, траштјат ки замиди* [V,PM,250].

кăрша́ло* n 'чаталеста коска од грбот на кокошка, со *кршáлто* се обложуваат децата, тој што ќе победи вика **јаде́ц'**; сп. уште: **јаде́ц** и **ма́мец'** [ПК,2(65)].

кăрше* impf **1.** 'прави нешто на парчиња' ~ *сите ми моми играја [само една мома стојеше [бели симити кршеше [на ергени даваше* [БМ, 128]; ~ *го́стето ќе вече́рат, ви́но ќе пи́јат, ќе-и-кăршат мису́рито, ќе се опи́јат... ќе и́грат, ќе лу́дуват* [B,EB,301]; **2.** 'го одделува класот на пченката од стеблото' ~ *кăрше миси́рка, куба́ци*; **3.** 'бере тутун' ~ *седи Като, нимој ходиш [нимој ходиш в Кобалишча [тјутјун имам за кршене [за кршене, за нижене* [БД,121]; **4.** изр.: **кăрше прăсти (рăце)** *а.* (= реакција на човек што е многу загрижен) ~ *куга за Јана ојдоха [што да видјат за Јана: [руси си коси кубеше [бели си раце кршеше* [БД,142]; ~ *Кол'овата мајка низ двори шете [прстите си крше, жешки сăлзи роне* [БК, 119]; ~ *нăтрă си се́де, кăргу́ј си гле́да [прăста си кăрша – кăргу́ј гу ра́на* [ME(P),93]; *б.* **кăрше рăце** 'милува, притиска' ~ *и тојата главеница – тја хорото водјаша [между двамина јунака [бјали хи рăки кршаха [прстенето хи капјаха [та ги јунаци збираха* [БД,74]; **атер не кăрше*** (= не работи противно на желбите на познатите) ~ *Стојан го Боја чекала [машко и дете заплака [и што и веле свекрва:[– Легни си дете да заспиш [на свекрва атер не крше [легна си дете да заспи* [БК,68]; **глава кăрше*** 'убива, уништува' ~ *на мен деца бабо ситните патрони [дек да ги пратам работа ми вршат [работа ми вршат, турцки глави кршат* [БК,125]; ~ *мојте деца жолтите патрони [глави кршат на клети шпиони* [БВ,132]; **кăрше сна́га** 'се движи премногу грациозно, со превиткување, предизвикувачки' [ПК(М)]; ~ *ка се вије, ка се крше [куту гранка миндалова* [ТГ,177]; ~ *што се вртиш, море, што се кршиш? [како змија, море кујнашница [като рипче, мори, ју водата* [БМ,146]; ~ *кинисала Милка за вода да јоде [котлите му светат като јасно слăнце [тенка снага крше като мрена риба* [БВ, 191]; **кăрши́ вра́т** (= замина некаде)

~ кăрши врáт ут тýка дă нé тă глéдум [ПК,2(173)].

кăрши adv 'на спротива' *~ Карá Циндéм и Јарăм Минарéто гу слидáле. Нéли кунáцте сă кăрши́-кăрши́* [ИГ,115].

кăршум* adv 'оди многу грациозно, кршејќи се' *~ мома ми Румена кршум, кршум јоде [вода да напăлне, глава да измије [коси да исчешле, кушак да подврзе* [БВ, 31]; *~ море, јодоздола јиде, бре џанам, момата Руменка [ширум, ширум, јоде, леле, като ирибица [ајде, кршум, кршум тегне, бре џанам, право на чешмата* [БМ,152].

кăрăбáша f 'овца со црна волна на главата, околу очите'; в. **кăлéша** [ПК,2(65)].

кăрăкóнцула* (и: **кăркóнцула, короконцјура**) f 'лош дух – од митологијата, се употребува како погрден израз' [ПД(134); *~ тугáјце дујдéла кăркóнцулата уф-вудни́цта* [ПК,2 (65)]; *~ и ја праштала на воденицăтă да млејă наштјă, белки ја изјадат короконцјуре, зашто на воденицăтă сјака нăшт ходили короконцјуре и изјавали воденчарја* [V, PM,287].

кăрăнтиа (и: **кăрăнтии**) adj, indecl. 1. 'стара ислужена работа која што не е за употреба'; 2.'нечист ориз, со искршени зрна'; 3. fig.'слаб, болен, исцрпен човек' *~ кăрăнти́а и нăкăрăнти́ита* [ПК,2(65)].

кăрăнфили́а пýшка f 'стар вид пушка, долга, кременлија, се полни одозгора' [СК,329].

кăрăмфил'че n 'цвеќе направено од хартија, имитира карамфил, во него се ставаат исушени цветни пупки од јужно растение (Caryophyllus aromaticus) што се купуваат од аптека, се викаат *кăрăмфил'че* и убаво мирисаат, тие цветчиња се прават (се виткаат) кога се прави *армăс* (= веридба)' [ИГ,115]; сп. **каруфил**.

кăрăшмăнлăк m 'нешто размешано, бркотница' [СК,329].

кăрăшти́сува impf 'нешто размешува' [СК,329].

кăсак m 'вид горна клашнена облека со ќулавка' (ја носат овчарите против дожд) [ПК,2(65)].

кăсал (и: **ки́сал**) adj 'нешто што има вкус на оцет, кисел' *~ кăсалу мл'áку* 'кисело (потквасено) млеко' [MS,s, 50]; сп. **ки́сăла чăрéша** 'овошје, вишна' [ПД(124)].

кăсáпница f 1.'работилница каде што се коле добиток'; 2. изр.: **сă-нăучи́ло кýчто нă-кăсáпница** (= навиките човек тешко ги менува) [ПК,2 (197)].

кăскандýсуве* impf 'завидува' *~ áку нé му и сфарши́х сăти рабóти на них, шо дрýѓ пу мéн нé а чини́л, грéх немáле; и́лим сéга и а видéле и кăскандисувáле и на мéн и на Тáтко ми* [MV,K,297].

кăскăнди́се pf (в. **кăскадисуве**) *~ нé-ј áрно нă-брáт дă-кăскăнди́сиш* [ПК,2(65)]; *~ и за тó зéле да ă кăскăнди́сат малéчката* [BV,79]; и: **каскандисе** *~ кату чул царјут, ча попов син за дојди и тој на борбата, много каскандисал. Тој турил четиријсет страшни лами на пăнтјут... да го изјадат* [V,PM,225]; *~ сăстра си повăкă миловал и л'убил от жјăнăтă си, тă затова каскандисала и сă мăчила, да јă увинувă за да ни јă толко л'уби* [V,PM,291].

кăскăнци́а m 'завидливец' *~ брéе шо кăскăцйа мăгáре-ј, нă-брáто кăскăцилăк му и́ма* [ПК,2(173)]; *~ седи сину, нимој ходи [в нăзи гора бустанлăчка... [руждене са касканжије [јелешане са пушкобије* [БД,86]; сп. **каскацци́јка** [BV,79].

кăскăцилăк m 'завист, омраза' ~ *брée шо кăскăцúа мăгáре-ј, нă-брáто кăскăцилăк му úма* [ПК,2(173)]; и: **кисканцилук** 'завист' [V,PM,372].

кăсмéт (и: **касмет**) m 1. 'среќа – она што се присакува, што е пожелно' ~ *тогај кинисуват за нивјаста сички да подат. Кумот вели: "ајди соз-драви, добар пăнт, добро касмет! Хил'ада да појдими, хил'ада и идин да са вăрнеми"* [V,PM,249]; ~ *и тройцата спăлзнáха рăка и излéзоха от тáтковата му кăшта, кинúсаха и тройцата да тéрат кăсмéт* [V,PM,20]; ~ *да ја сигá станá касмéт, да ја в'éна мумáтати и да ти кáж'а ш'ту ми р'éч'и Гóспут'* [MS,t,15]; 2. 'она што е предодредено од судбината – судбина' ~ *нивјастата му, кату не беши научена на сиромаштиа ката ден плачаши и сама си калн'аши дниту и касметјут* [V,PM,195]; ~ *вилú: "тас мумýш'ка, ш'ту са рудú, сигá на тузú арáпч'а кăсмéт да ја вéни"* [MS,t,14]; ~ *му вилú: "за ти ја дáм мумáта јас на т'éб'а" тój и вилú: "áку-ј касмéт стáнува!"* [MS,t,15]; 3. изр.: **му бúше вăрsан кăсмéтут или тăксирáтут** (= му беше одредена судбината) ~ *ут тăбијатут нă мал-сăјбијтă му бише вăрsан кăсметут или тăкс ратут нă јарăцијтă* [ME(P),85]; **ми-рăбóте кăсмéто** (= среќата ми е наклонета) ~ *вáа лéто и нă нáска ни прăрăбутú кăсмéто* [ПК,2(176)]; **сј-о рúтке кăсмéто** (= се кажува кога некој не го зема понуденото, туку пребарува нешто повеќе) ~ *нóго будлá мóма, нé о сáке, стор бúл., сáма сј-о рúтке кăсмéто* [ПК,2 (195)]; со исто значење: **ут-кăсмéто си-бéге**.

кăсметлúа adj 'човек што има среќа и работите му се развиваат успешно' ~ *нóго-ј кăсметлúа, сé му сă-пугóжде, ус-гóспо вичирáл* [ПК,2(205)]; ~ *кăсметлиа беши големојут, понеже неговата работа га благослови Господ, отиваши напрет, и си чинил тој нај-богат от сички тамошните* [V,PM,82]; и: **касметлија** ~ *излези ми момкова мајко [да пусретниш два младенца [два младенца луди млади [луди млади ацемији [ацемији, касметлији* [БД, 58].

кăстринúци pl 'ситни гранки, *искáстрăни* (= исечени)' ~ се користат *зă-пуд врăшник* [ПК,2(65)].

кăсăвéт (и: **касавéт**) m 1.'неспокојство, грижи' ~ *ут кăсăвéте сă-рăзбóл'уве чувéк* [ПД(116)]; ~ *чувéк шо úма нóго кăсăвéт, нóго мăка, вúке жăлчки бл'ýвум* [ПК,2(163)]; ~ *ни кăсавет не-мо-ј, нă-бисило ки-т уднесе* [ПК,2(183)]; 2. 'потреба' ~ *нéмат касавéт здрáвити л'ýди ут икимцúата, тукý бóлнити шо лéжат уф пустéл'ата* [MV,K,300].

кăсăветлúа (и: **кăсăветлúи**) adj 'загрижен, неспокоен' ~ *кăсăветлúа дујнá* (= животот е само со грижи) [ПК (Мор)].

кăсăтýра f 'вид нож, кус; дел од оружјето на турската војска' [СК,329].

кăт m 1.'подигнат простор покрај огнишето, таму одмараат старите'; 2.'роден крај, дом' ~ *сéкуј си сáке дă-сé-ј нă-кăто* [ПК,2(65)]; в. **кăнт**.

кăт conj 'кога' ~ *му дунсéле на Исус Граматúците и Фарисéити иднá жéна, а фатúле кăт чинúла кафпилăк* [MV,K,316]; ~ *устинаа за чифлиците и фатиа да пулјăт сăл нă то кăт може дă-јспаднă повичкјă* [ME(P),86].

кăт adv 'каде' ~ *кăт јóк сă-чинú?* (= каде исчезна) [ПК,2(65)].

кăтáра f 'болест што зафаќа широки размери, епидемија' ~ *кá-ј фаѓú адна кăтáра кукóшките, сúте-ј сутрé, аднá нé уставú* [ПК,2(65)].

кăтаднешин* adj 'секојдневен' ~ *сăл двамина субајште и читиримина сијмена сă кăтаднешните живуваче* [МЕ(Р),84].

кăте impf 'чува, настојува да штеди' ~ *шó дă-чúне, кăте нéкуј динáр дă-сă-нájде* [ПК,2(65)].

кăтéре (сă) impf 'се качува по нешто стрмно' (дрво, карпа) [ПД(131)].

кăтин adj 1. 'тоа што се однесува на "катен заб" '; 2. изр.: **кăтин зăп до-зăкáче** (= клетва – да му се случи нешто многу непријатно) [ПК,2(65)].

кăткăдúсе (и: **кăркăрúсе**) impf 1. 'издава глас кокошката кога ќе снесе јајце, т.е. крека' [ПД(126]; ~ *кукóшката кăткăдúсе, ќ..-снéсе, бăрке мéсто;* 2. fig. 'се радува, гласно ги искажува своите емоции' ~ *кумшúкта вáдин цéл дéн кăткăдúсе, нóго-ј шéн, кóј знáа шо-ј тóо* [ПК, 2(66)].

кăтлăк m 'голем недостиг, сиромаштија' [СК,329]; сп. **кăт** – во изр. **кăт сă-чини** (нешто) 'она што недостасува, односно го има во мала количина' ~ *вáа гудúна кăт сă чинú пипéрките* (= оваа година малку ги има пиперките) [ПК(Гр)]; ~ *кăт сă-чинú и лéбут тóги* (= тогаш го снема дури и лебот, односно: малку го имаше) [ПК,2(65)].

кăтна f 'заградена, покриена просторија за кокошки – кокошарник' [ПД (126]; ~ *тáм си-лéжат кукóшките, уф-кăтăнта* [ПК,2(65)].

кăтранúсуве impf 'мачка со катран' ~ *кá ки бúде курáбо гутóф сă кăтранúсуве* **кăлăфáт** (*ут сгрáнта нă курáбо)* [ПД(128].

кăтăк m 'јадење, она што го јадеме со леб' ~ *издăлбăно уд дăрво, има кăпáк и дулнúште; уф-лýпкăта сăтýре, ниă му вúкăме кăтăк* [ПД (120)]; ~ *кá дујдéме ут–Кýкушко, уд дóлце, тýкашните ни сă-смéјаа óти сме прăвúли нóго кăтăк,...ѓóо сме јăдéли бáница ус лéп* [ПК,2 (168)]; ~ *Нáсо утúде нă рăбóта сáмо ус сýх лéп, биз никăкóф кăтăк* [СК,329].

кăтăкчúа adj 'штедлив во исхраната' ~ *тóо шó гу-чýве кăтăко, шó гујáде пу-мáлце* [ПК,2(66)].

кăýр* m (в. **ка(ј)урин**) ~ *Турцијă, коа а клăде нă рăци Мăкидонијă... и удбра нај плодородните земји ут кăурјтту* [МЕ(Р),84].

кăфијáф adj 'нешто со боја на кафе' [ПД(131)].

кăцáк m 'овен што не е за приплод, скопен' (сп. **кăлце** 'толче, удира' – со удар врз тестисите на овенот тој ја губи моќта за оплодување) [ПК,2(66)].

кăц-кăц interj 'извик за терање кози'.

кăцáр m 'мајстор што прави дрвени садови (бочви, каци)' [ПД(Ф)].

кăци-кăци interj 'од песничка што им се пее на сосема мали деца' ~ *кăци, кăци бабичка [напрела је бабичка [до две, до три вретенца [на каца ги ставила [дошла маца бутнала* [БК,161]; исто: **кăц-кăц** 'кога се лула дете се вика: *кăц-кăц*, покрај: *л'ули-л'ули'* [ПК,2(66)].

кăцка* impf (в. **кăсне**) ~ *кăцкат блăхи* (= болвите касаат) [MS,s,53].

кăцне* pf (в. **каца**, 1.) ~ *фркнали ми са, фркнали [до девет реда гăлаби [чи де ми сă кăцнали?[кăцнали ми са кăцнали [на кумови дворови* [БД,50]; ~ *нạ-дăрóту кáцнăлу ăднó пúл'ạ и си-кáзăлу: "Дạ-знáја тузú чул'áк тáм дéту лăжú, чи-úмạ зăкупáну гăрн'ạ сăс пăрú"* [ВД,330];

и: **кăсне** ~ *тогас тојнака са чини пиле, кăсна на паратиро и рече на нивјастата: "остани сос Богом!"* [V,PM,91]; ~ *чопл'акот легна от гриндата, кăсна наврăх каниската, ја зема каниската сос нозјате* [V, PM,242].

кăч' m 1.'задник' (на коњ или магаре, односно на човек – поретко) ~ *ја клáва на кóн'у на кăч'у ... си прул'éтнува утáм и кáрат, кáрат, з'éха млóгу пăнт'* [MS,t,23]; ~ *речé да зéми двé óлови, дá опрéгни, та да úди да óри, áма едúнојут óл на чéло да гу бодé, дрýгио нá кăчут* [V,PM,114]; ~ *да растóпиш смóлата и да ги намáкаш кóжите сос смóла и да ги залипúш на кочовето ми (сáднината ми)* [V,PM,124]; 2. изр.: **кăч фăрле** (= се прави важен и покажува лажно достоинствен) [ПК,2(173)]; ~ *устáв-го сáмо кăч фăрле* (= се прави незаинтересиран за важни работи) [ПК,2(66)].

кăчáк m 1.'дезертер, бегалец'; 2. 'криумчарена стока' [СК,329].

кăчунка f, bot., Galanthus nivalis 'жолто цвеќе, се јавува прво, уште кога има снег и ја најавува пролетта' [СК,329].

кăчăрдисе* (и: **качирдиса**) pf 1.'прогони, отстрани' ~ *вéли нá женáта му: "вúде жéну?" Сегá éту што на чинú нáш господáр! От Бóга да нáјди! Ке да гу качúрдиса дéтето о-тýка* [V,PM,151]; кај Саќов: **кăчăрдúсуве** [СК,329]; 2. 'префрли, односно прескокне' ~ *вáадин кăчăрдисá, о-нимá дă-дóје, биз нéго ќибúде ѕимбúшо* [ПК,2(66)].

кăчăмáк (и: **кăчумáк**) m 1. 'вид јадење од варено пченкарно брашно со колбаси или др.' ~ *уддéме у-Сујлáки, гу убисúме кутéлут н-áјн трăн, сварúме áјн кăчумáк – бăркитýри, куснáме тáм мáлчко, нă тúа дéцта дăдéа п-áдна пăрчá* [ПК,2 (339)], 2. изр.: **óште нóго кăчăмáк сáке дă-јáјш** (= за да постигнеш нешто треба уште многу време) ~ *дýр дă-стúгниш ду-жинýвне, óште нóго кăчăмáк сáке дă-јáјш* [ПК,2 (187)].

кăшлă f 'зимско трло, зимувалиште на овци' ~ *уф-нáшто и пó-дóлце уф-Сóлунско, зúмно врéме фáштаха кăшла дă-прăзúмуват óфците, а нúа пă лéтно врéме óдăхме чáт-пáт нă-Пúрин, нă-кăшла, áма нé бис пáри, трибýвише да сă-плáште* [ПК,2(66)] ~ *сеа истум ка ки дојдă времиту зă урајнă зă уров, арнăјјтту шо а имăт кăшлăтă, не уставăт дă стăпнă ралу* [ME(P),88]; ~ *дéк пáсăт óфците нă дăлéко, нă прúмер зúмно врéме дéк ги слéвăт* (Ник), во Дој: **јăзлá** [ПД(126].

кăш'тич'ка f 'куќичка' (dem. од **кăш'та**) ~ *утúди тáм на инá кăш'тичка* [MS,x,21].

кăштóвница f 'жена што се грижи за семејството, за куќата'; ~ (*кафпéа*) *сă-кажýве нă-нéкаа жéна шо нé-ј кăштóвница, шó óде ус-мăже* [ПК,2(191)].

кăш'тýрка f (dem. од **кăш'та**) 'куќичка' ~ *нáјди инá кăш'тýрка, ш'ту с'ад'ăш'и инá стáра н'éтр'а* [MS,t, 61].

кăштубéрник m 'добар домаќин, тој што е преокупиран со куќата и фамилијата'; за жена: **кăштубéрничка** [ПК,2(66)].

кăшăрóк m 'јадење од варено брашно – каша (со пејоративно значење)'.

ОДБРАНИ ГРАМАТИЧКИ ПРАШАЊА

ЗА ЗАМЕНСКИОТ СИСТЕМ ВО ЈУЖНИТЕ МАКЕДОНСКИ ГОВОРИ

1.1. Говорите во егејскиот дел од Македонија, или барем поголемиот дел од нив, поради очекуваната возможност да илустрираат повеќе архаични посебности, како периферни изоглосни огништа, а освен тоа како регија во која се трага по елементи од дијалектната база на јазикот на Кирил и Методиј, спаѓаат меѓу оние македонски дијалекти што многу одамна, уште кон крајот на минатиот век, го привлекле вниманието на славистите и тој интерес продолжил – понекогаш со поголем, друг пат со помал интензитет - и трае сè до наши дни.

Меѓу првите поважни работи од оваа област, иако предимно од фонолошки карактер, секако спаѓа студијата на В. Облак[1], во која го разгледува говорот во солунските села: Сухо, Ново Село, Градобор, Бугариево, Ватилак и Вардаровци.

„Покрај Облака кој со своите Македонски студии и донесол победа на јагиќевата македонска теорија за татковината на старословенскиот јазик", одделни проблеми од најјужните македонски говори обработувале и бугарските научници Јордан Иванов и Љубомир Милетич.

1.2. Наскоро, само пет години по Македонските студии на Облак, 1901 год. **во списанието СбНУ[2] од Димитар Мирчев се појави поголема студија за кукушко-воденскиот говор. Како што истакнува авторот трудот е работен, главно, врз материјалите од К. Шапкарев,**

---

[1] V. Oblak, *Macedonische Studien,* Wien,1896.

[2] Д Мирчевъ, *Бѣлѣжки по Кукушко-воденския говоръ*, СбНУ, 18, София 1901, с. 426-470.

што Мирчев ги проверувал во Солун со информатори од Кукуш и Воден.

Мирчев во одделот Морфологија посебна глава им посветил на заменките, што ги разгледува низ контрастивен метод. Пр. Наспрема кукушките форми за 1. **л. ед.** *ез, езе, еска,* **ги наведува формите од Воденско:** *јас, јаска.* **Во тоа забележуваме и извесни престарувања, пр. авторот како воденска ја наведува употребата на кратката дативна форма** *му* **за машки во примери од женски род:** *на неа му,* **исто и во множина** *на них му,* **наспрема кукушките:** *на неа ѝ, на них им,* **додека испитувањата покажаа дека „воденските форми":** *на неа му,* **особено** *на них му* **нормално егзистираат и во Кукушко. Натаму авторот како кукушка ја наведува формата од повратната заменка** *на себе си,* **а воденска** *на себи-ѿу.* **Последнава форма колку е воденска толку е и кукушка, формантот** *ѿу* **што Мирчев го дава како кратка заменска форма фактички претставува членска морфема на поименчената заменка** *себе,* **сп. од Кукушко:** *он са́мо се́нто с-јо:-гле́де,* **од Дојранско:** *не́ си зна́: се́бутo*[3] **(не знае за себе си).**

1.3. Во триесеттите години од нашиов век во Солун доаѓа полскиот славист Мјечислав Малецки и во селата Сухо и Висока врши дијалектни истражувања. Резултатите од таа работа планирал да ги презентира преку една комплетна студија за односниов говор, од која за жал - поради прераната смрт - објави само два дела: текстови и речник[4]**, а третиот дел - граматика, дополнително во поново време го објави неговиот ученик** 3. **Голомб**[5].

1.4. Меѓу работите посветени на југоисточните говори со сериозноста на пристапот секако се истакнува студијата *Кулакиско еванѓелие,* **издадена од француските слависти Андре Вајан и Андре Мазон**[6]**. Се работи за ракопис на евангелски текст пишуван на македонски јазик, долновардарски говор, со грчко писмо.**

Разгледувајќи го јазикот на евангелието, А. Вајан направил комплетна студија на овој, можеби најјужен македонски говор – селото Кулакија се наоѓа непосредно до утоката на реката Вардар. Многу

---

[3] **К. Пеев,** ***Дојранскиот ѓовор,*** **Македонистика** 2, **Скопје** 1979, **стр.** 77.

[4] M. Małecki, *Dwie dwary macedońskie, Sucho I Wysoka w Sołuńskiem,* Część1. Teksty, Kraków 1934. Część 2, Słownik, Kraków 1936.

[5] 3. **Голомб,** ***Два македонски ѓовора (на Сухо и Висока во Солунско),*** **МЈ**, XI-XII, 1960/61 **и** XIII-XIV, 1962/63, **Скопје (ДМГ)**.

[6] A. Mazon, A. Vaillant, *L'évangéliaire de Kulakia. Un parler slave du Bas-Vardar,* Paris 1938.

прашања, било фонетско-фонолошки било граматичко-структурални, во односнава студија се така обработени, што освен за компарирање можат да послужат и како модел при разрешувањето на одделни проблеми.

А. Вајан во спомнатава работа (стр. 124-145) како и А. М. Селишчев во „Очерки по македонской диалектологии" (стр. 188—205), приведуваат богат материјал од повеќе македонски говори во врска со системот на заменките, т.е. со темата што е предмет на нашево иследување.

1.5. Податоци за најјугозападната македонска говорна оаза, дијалектот во Корчанско, што денеска се наоѓа во границите на Албанија, наоѓаме во Documents, contes et chansons slaves de L'Albanie du sud, Paris 1936, од А. Мазон. Авторот во одделот, студија за јазикот (стр. 15-108) дава комплетен опис на дијалектот на село Бобошчица (Корчанско). Основна карактеристика е чувањето на голем број архаизми, како во фонетиката (широк изговор на ѣ и ѧ, под акцент), назален призвук на рефлексот од носовките: *damp, lendina,* така и во морфологијата: чување на синтетичката дативна форма кај именките и придавките: *Петру, брату-ми,,* исто и во членската морфема: *брату тому.* Кај заменките сѐ уште се чува формата *сази (саз), сој,* мн. *сија.*

1.6. Во истиот временски период, триесеттите години од нашиов век, паѓа и чешкото издание на народни приказни од југоисточна Македонија, собрани од С. Верковиќ[7]. Книгата ја приготвиле П. Лавров и Поливка, а ја издала Чешката академија на науките и уметностите.

Иако пишуван како фолклорен материјал, Зборникот има соодветно значење и за македонската дијалектолошка наука, бидејќи може да послужи како едно дополнување на општата дијалектна слика на југоисточните македонски говори. Во ова помага и опширната статија „Опис на говорот што претставува дијалектна база на Зборникот од Верковиќ", пишувана од П. Лавров. Статијата е приклучена кон Зборникот и ги содржи следниве поглавја: Опис на гласовите, Опис на формите, Синтакса (предлози, сврзници, извици, редот на зборовите) и Семантика.

Сериозна слабост на Зборникот, при неговото користење за дијалектолошки потреби, претставува нередовноста во лоцирањето

---

[7] *Lidové povídky jihomakedonské z rukopisů St. Verkovičových,* vydali P. A. Lavrov a J. Polívka, v Praze 1932.

на материјалите. Овој пропуст во извесна смисла (во поново време) се надополнува со статијата на проф. Конески „Запишувачот на приказните од Солунско од збирката на Верковиќ", во која освен на запишувачот, се укажува и на тоа дека дел од приказните биле запишани во солунското село Висока[8].

1.7. Во нашава работа исто така ја користевме студијата за долновардарските говори од С. Романски[9], работена главно врз материјали од Ст. Верковиќ. Во предговорот, зборувајќи за материјалите, Романски прецизира дека некои од нив собирачот ги означил како „Песни сфатбарцки ут село Бугданци до Полелин близу", други како „Годишни адети (обичаи) от Мачуково", трети како „Приказни од Пазар (Еницe Вардар)" и сл. Треба да се спомене дека на маргините од материјалите собирачите понекогаш давале ценети забелешки за односниов говор, пр. меѓу другите особености на материјалите од Еницe Вардарско под т. 5 пишува „во Пазар и за машки и за среден род кај придавките се употребува само формата за среден род".

Иако авторот поопстојно ја разгледува фонетиката, а од морфологијата се задржал само бегло на именките, заменките и глаголот, сепак односнава студија дава и драгоцени податоци за заменките, особено за споредбени анализи на состојбата во кукушкиот, наспрема воденскиот од една, и наспрема гевгелискиот говор, од друга страна. Притоа тој успеал да екстрактира некои заменски форми општи за Долновардарско, пример употребата на кратката дативна форма од "тој" *му* во множина: *мајка му на деца̄та,* натаму, како општа ја претставува и кратката акузативна форма *и* (< "ги"): *п̄а́рите не и фа́ка сус ра̄ка, ами уф ка́п̄а и бе́рат̄,* независно што останува дискутабилна претпоставката дека во ова имаме извесна пропорција со еднинската форма *неа а* (: *них и).* Како општа особеност за југоисточните говори Романски ја наведува и широката распространетост на именските синтагми во кои во композитум се јавуваат определена именска форма и показна заменка: *во чове́кӯт, ва же́нта, то де́тто,* кај Верковиќ: *ја едно дете на воа да̄рвото* (стр. 135).

Како разликувачки Романски истакнува повеќе фонетски посебности, пр. во прво лице наспрема кукушкото *ес, езе, еска,* во

---

[8] Б. Конески, *Запишувачот на приказните од Солунско од Збирката на Верковиќ,* МАНУ—ОЛЛН, Прилози VII 1, Скопје, 1982, 37—43.

[9] С. Романски, *Долновардарскиятъ говоръ,* МПр 1932, VIII, кн. 1, София.

Воден среќаваме *јас, јаска,* или кратката акузативна форма од *она* во Кукуш гласи *ѓа,* а во Воден *а* или *ја* и сл.

1.8. Иако периферен во однос на јужните, гевгелискиот говор исто така го привлекувал вниманието на славистите. Како сериозен труд ни се претставува книгата „Гевгелискиот говор" од Д. Иванов[10], излезена во триесеттите години. Во системот на заменките авторот наведува повеќе специфичности пр. редукција на полните форми: *мен, тој,* отсуство на демонстративната заменка "оној", но со зачуван реликт во прилогот *унаадин* "задутре": *не ýтре, унáадин,* сп. оној ден. Натаму авторот одбележува „Синтаксичка особеност на овој говор е дека кратката дативна форма во множина гласи *му: му-дáл* м. им дал, *му-ѓлидáл* м. им глидал и др." (стр. 85).

Д. Иванов од заменката *они* како акузативна ја наведува формата *них ин* (стр. 85). Според истражувањата што ги имаме вршено на односниов терен кратката форма *ин* егзистира како дативна форма од "таа": *ин кажáх на-мóмта,* а во множина паралелно со формата *му: ин кажáх на-мóмте,* односно: *му кажáх на-мóмте,* но пак во датив, а не за акузатив, како што наведува Иванов.

1.8.1. На прашањата врзани за гевгелискиот говор повторно се навраќа Л. Милетич во списанието „Македонски преглед"[11]. Во споредба со претходно спомнатиот труд на Д. Иванов, статијата на Милетич остава блед впечаток, сепак одделни синтаксички проблеми се разработени посериозно кај Милетич отколку кај Иванов. Такви се случаите во врска со конгруенцијата, во кои средниот род, во служба на атрибут, се јавува генерализиран и за трите рода: *мójто жéна, мójто вóл, éдно човéк,* па дури: *éдно брáка.*

1.9. Подоцна за една деценија од досега спомнативе работи, во четириесеттите години, се јавува студијата за воденскиот говор од В. Думев[12]. Во оваа студија авторот сериозно ја дополнува и корегира работата на Мирчев. Пр. Мирчев од кукушко-воденското говорно подрачје како заеднички ги изнесува следниве форми на посвојната заменска придавка *нéѓув, -а, -о, -и* (м.р.) и *нéјн, -а, -о, -и* (ж.р.), стр. 464, додека во воденскиот говор според Думев „формата *нéејн, нéејна, нéјну* (ж.р.) ја заменува *нéеѓуф,* -а, -у (м.р.): *он бéше нóѓу буѓáт чувéк, ама нéјнут син* (м.. неговиот) *издé с é"* (с. 54).

---

[10] Д. Ивановъ, *Гевгелийскиятъ говоръ,* София 1932.

[11] Л. Милетичъ, *Къмъ особеностите на гевгелийския говоръ,* **МПр**, VIII, 1932, **кн**. 2.

[12] В. Думевъ, *Воденскиятъ говоръ,* **МПр**, XIII, 1943, **кн**. 3 **и** 4 (**ВГ**).

Иако студијата на Думев импонира со својот задлабочен пристап кон повеќе проблеми, пр. партијата за редукција на неакцентираните вокали, сепак и во оваа студија се забележуваат одредени слабости. Пр. во неопределените лично-предметни заменки за лица Думев ја наведува формата *не́куј,* без забелешки (стр. 55), додека на стр. 53, пак кај него, ги среќаваме примерите: *а-о́на ӣусистри́мӣа му са-истӣгнува́ла ӣуд-ни́куа се́нка;. .. ӣукрај них зӑмина́л ни́куј-ӣоӣ.*

1.10. Последниве години во соседна Бугарија се објавени две монографии за југозападните македонски говори: костурскиот и долно-преспанскиот, од Б. Шклифов, обележани со политичка пристрасност.[13]

---

[13] Б. Шклифов, *Костурският говор,* София 1973 (КГ); *Долнопреспанският говор,* София 1979 (ДПГ). **За да ја покажеме политичка обоеност на овие трудови ќе се послужиме со еден текст од книгата за долнопреспанскиот говор што го користи авторот за илустрација на заменската форма за** 1. **лице множина *ние: Тој збо́рваше оӣи ни́е не́ сме Грци, а сме Бо́гари и ӣре́ба да рабо́ӣаме за на́шаӣа слобода. Ние са наде́ваме, о́ӣи Грциӣе и Србиӣе не́ма да осӣане ӣу́ка, о́ӣи Бо́гарја, ќе до́јди. Ни́е си́ӣе бе́меф чи́сӣи Бо́гари, не́маше гӑркома́ни. Ни́е сӣа́намеф ӣа́рӣиза́ни да са бо́риме за ӣра́ва да и́маме и ни́е бо́гариӣе во Ма́кедон'а. Па́рӣијаӣа ни ве́леше, не́ чи́нело ни́е за да са ка́жва́ме Бо́гари, а да са ка́жваме са́мо*** Ма́кедонци. **Сетне *ние* разбравме, шо ма́кедонизмото ни и се́чи ко́рените (Долно-преспанскиот говор, с.** 58). **Ова е случајно избран пасус, на истата страна сигурно уште десетина пати се кажува дека Македонците се Бу́гари, така на секој читател му станува јасно дека овој текст има многу малку заедничко со заменките.**

Сепак тоа не е најголемиот проблем. На истата стр. (58), **подолу, под т.** 2. **каде што се даваат акузативните форми од заменката "ние": *нас // нам, ни,* го среќаваме овој пасус: „Во селата Граждено, Ореово... се претпочита исконската акузативна форма и ретко се слуша *вам".* Уште подолу, т.** 3., **каде што се илустрира датив од "ние" го среќаваме и примерот: *ӣо́ј му ка́зал: „Се́ј, јас са́кам да ја́да, ако не́ ви са јај ва́с, не́ ја́јӣе".***

Веднаш на почетокот од наредната страница (59), **кога се́ уште се зборува за** 1. **л. мн. ја наоѓаме реченицата: „Во говорот на селата Герман и Роби, формата *нас е* само акузативна, а *вам* само дативна".**

Долу на истата страница, во формите за трето лице, под т. 2. **каде што се даваат примери за акузативната форма од *"ӣие"* го наоѓаме примерот: *на ни́ми му да́дов ӣа́ри на за́ем, а́ма не́ ми и врнаа, изле́гоа не́чесни.***

Станува збор за пропусти, во првиот пример, кога зборува за *1. л. мн.* ја дава и дативната форма од *2* л. мн. *вам.* Во вториот и третиот пример исто така се мешаат формите за 1 **и за** 2 **лице.**

2.1. Скоро пред две децении на страниците на списанието Македонски јазик беше објавена поопширна студија за заменските форми во македонските дијалекти од проф. Б. Видоески.[14] Таму, авторот со методите на лингвистичката географија нашироко ги демонстрира посебностите на заменските системи во македонските говори, вклучувајќи ги и јужните. На тој начин просторот за нашава работа е прилично стеснет, но сепак врз основа на материјалите што ни ги нуди картотеката на Дијалектолошкото одделение, како и од исписите што ги направивме од литературата и материјалите од јужните говори, што веќе ги споменавме, се надеваме дека ќе дадеме скромен придонес во збогатувањето на познавањата за заменските форми во јужните говори, особено на синтаксички план.

3.1. На просторот на јужните македонски говори за 1 л. ед. се јавува архаичната заменска форма *ас* (Дојранско и Кукушко), во градот Кукуш, каде што *а* по правило се прегласува во *е,* ако се наоѓа зад палаталните *ј, ч, ж* и *ш,* среќаваме *ес,* на сето останато подрачје, со мали исклучоци, се јавува формата *јас.* Паралелно со *јас* егзистираат и варијантите *јас-ка* (со постпозитивната партикула *-ка)* (Воденско, Мегленско, Леринско и др.), во пунктот Тиолшча (Костурско) развитокот отишол подалеку, таму среќаваме и придодаден формант *ј*: *јаскај*. Во Гуменџа ја имаме запишано иновациската форма со партикулите *-зе* и *-ка: ја́зика* (од *јазека,* со редукција).

За одбележување е дека во крајните југоисточни села (Зрново, Драмско) и крајните југозападните (Езерец, Бапчор и во Костурско — Бобошчица) се јавува фонетската разновидност *ја.* Географската распространетост по крајните периферии не́ тера на заклучок дека е во прашање стара појава, независна од влијанието од северните говори.

Последниот пример во кој акузативот го илустрира со дативни конструкции е уште поуказателен за пристапот на авторот. Слични грешки се јавуваат и на др. места, но ние - во оваа пригода - ќе укажеме само уште на случајот од другата книга - за говорот во Костурско (стр. 75) во кој дативот за заменката од 1 лице еднина се демонстрира со следниве примери: *му-ре́ку да-до́ј при-на́с. Му-ви́кам не́мој ша́ка, но не́-ме-шчу́ка. Му-да́вам да-пи́е и-ја́ди*

Во заклучок ќе истакнеме дека при користењето на односниве работи, треба да се пристапува внимателно и со резерва.

[14] Б. Видоески, *Заменските форми во македонските дијалекти,* МЈ, XVI, 1965, 25—71 + 55 карти.

За говорот на Кулакија (Солунско) исто и во Кукушко (Крецово, Амбар Ќој и др.) треба да се спомене обопштувањето на предлогот *на* во акузатив: *на ме́н(е) ма виде́*. Вакви конструкции се среќаваат и во Костурско (пунктови: Езерец, Марковени, Горенци). „Не е исклучено дека во создавањето на овој тип одиграло улога романското влијание"[15]. На целото подрачје доминира кратката акузативна форма *ма* или *мă*. Исклучок прават некои села во Костурско и Леринско каде што ја среќаваме првичната форма *ме*, „тука тие и ја кинат изоглосата *ма, та*".

Иако, по правило, со прибавување на партикули се потсилуваат едносложните заменски морфеми, во односниве говори вакво проширување среќаваме и кај полните форми од личните заменки, пр. во Гуменца запишавме *менќа* м. мене (уште во: Г. Котари, Був, Горенци, Тиолишча).

3.2. Аналитички, со предлогот *на* се изразува дативот во Кукушко, Солунско, Гуменциско, Воденско, Кајларско, дел од Леринско и Костурско; но има пунктови во Костурско (повеќе на север) и Преспа во кои се јавува без предлог: *мене ми рече* (Вăмбел, Крчишча, Ошчима, Лак, Шулин, Граждено).

3.3. Општомакедонската форма за 2 лице ед. *ти* доминира и во јужните говори, мал е бројот на пунктови во кои кон односнава форма се прибавени партикули, пр. *ти́зика* покрај *ти* во Воденско (Тресино) и *тискај* покрај *ти* во Бобошчица.

3.4. За 3. л. ед. машки род во долновардарското подрачје превладува постарата земенка *он;* исклучок прават некои говори во Солунско (пунктовите Сухо и Висока) каде што се јавува формата *тој*. Во Кулакија обратно, во употреба е и формата *он: па о́ни то́гга си упули́ле, да гу пузнајáле*; - *и он не си виде́ ви́ке кăд них*. Изоглосата на оваа појава продолжува на исток до Серско и Драмско. Заменската форма *тој,* со разновидноста *тос* ја покрива југозападната регија: Костурско и Леринско. Во некои преодни говори од Кајларско и Мегленско паралелно егзистираат и двете форми *он* и *тој*.

3.5. Во гевгелискиот, дојранскиот, кукушкиот и воденскиот говор среќаваме интересна елиминација на опозицијата меѓу машки и среден род кај заменките за 3. л. еднина со преструктуирање меѓу формите на личните и показните, имено со инфилтрација на показната форма за среден род *тоо (то)* во употреба на лична. Системот на личната заменка за 3. л. гласи *он, она,* а наместо *оно* среќаваме *то*

---

[15] З. Голомб, *op. cit.*, MJ, XI-XII, стр. 120.

(тоо), што е всушност општа показна заменска форма за м. и ср. род; во множина нормално се јавува формата *'они'*. На ова прашање се осврнале и Д. Иванов во студијата за гевгелискиот говор[16] и В. Думев[17] во работата за воденскиот, но само како констатација дека отсуствува личната заменска форма за ср. род *оно*, без да го поврзуваат овој факт со стремежот за елиминација на опозицијата меѓу машки и среден род во овие говори.

Полната форма за 3. л. машки род 'него' во дел од југозападните говори, во Костурско се јавува со елизија на интервокалното *г̄: нео,* исто и во југоисточните, само што таму процесот напреднал: со асимилација и контракција формата 'него' поминала во *н'оо (н'ó:).* На односниве подрачја во кратката форма исто така среќаваме елизија на консонантот *г̄ (о видéх нео, о видéх н'оо).*

3.6. Кратката акузативна форма за женски род 3 л. ед. во Кукушко гласи *ја*, добиена според формата за машки род; истава форма се среќава делумно и во Леринско. Во крајните западни говори во Костурско (Езерец, Марковени) се јавува фонетската разновидност *је,* а во Бобошчица *јо*.

3.7. Кратката дативна форма од "таа", "она" во крајниот источен дел од јужните говори гласи *и,* односно со неорганско *х: хи* (Серско и Драмско), во Солунско се јавува паралелно со *му,* а во Кукушко забележивме наспоредни форми *му* и *ин,* односно *ни.* Последнава форма е „преобразувана од потребата да се избегне омонимијата со акуз. множ. форма *и,* а елементот *н* е пренесен од полната форма". На запад од Солун, на целиот простор, т.е. во Мегленско, Кајларско, Леринско, Костурско, со исклучок на тесниот појас покрај албанската граница, ја среќаваме заменската форма *му.* Оваа заменска морфема на север се пенетрира сé до битолските села Живојно *(на неа му даде),* Диово, Букојчани *(нејзи му* даде). Во односниве говори „се извршило совпаѓање на сите три рода во кратката заменска форма за индиректен објект за 3 л. во еднината: *му реков на човекот (жената, детето).* Таа форма е така сведена на знак за дативен однос без да укажува на родовата припадност на предметот. Ова се должи на албанско и романско влијание врз југозападните говори"[18].

---

[16] **Д. Иванов,** *op. cit.*, стр. 83.

[17] **В. Думев,** *op cit.*, стр.53.

[18] **Б. Конески,** ***Историја на македонскиот јазик, Скопје*** **1982, с.113**

Односнава заменка покажува уште поголема експанзија како множинска форма, односно на уште поголем ареал ја истиснала кратката дативна форма за множина *им*. Освен во јужните говори, се среќава уште во Битолско (Тополчани, Путурус: *нив му // ним му*, Скочивир: *на ни му*, Живојно: *на нај му)*, Ресенско, Преспа (Крушје, Царев Двор: *ниму му)*, Прилепско (Прилепец: *ниму му*, Тројаци *ним му)*, Мариовско (Старавина: *на ни му*), Тиквешијата (Конопиште: *на ним му)*, па стигнува дури до јужните велешки села (Подлес: *ним му даде)*. Односнава употреба на заменката *му* наместо *им* претставува „уште еден чекор понатаму во сведувањето на таа форма до чист граматички показател на индиректниот предмет".

Во материјалите од Кулакија ваквата употреба на формата *му* е скоро регуларна: *да му ричé на них: Чии са вии прикáзни, шо са лáфити миг'у ...; Ка му ричé, му дујнá на них, да рéкăл* (253). Нешто повеќе, неретко таа се јавува и во сферата на акузативот, што јасно укажува дека реликтите од синтетичката деклинација и кај заменските форми веќе се нестабилни, сп.: *па вии не му пузнајáле на нéго* (м. не го познале него) (253), - *му распитáа, да му са, рéкле на нéго* (254); - *да гу фати́ ут гăркл'áнот, ки му удáвиши, ем му вéлеши* (268); - *и му лекýва на бóлните л'ýди* (266).

3.8. Ваквата проширена употреба на формата *му*, барем во опсегот на дативните конструкции, е позната работа. Она што сега сакаме специјално да го нагласиме е фактот дека во дел од јужните македонски говори исто така и акузативната заменска форма од 'таа' *ја (а)* покажува тенденција за генерализирање во трите рода, па и во множината, со што се ослободува од односнава детерминација и останува само признакот за директен предмет. Сп. примери од Кулакија: *Да чýнки са прибрá су них, а зé лéпот и благосóви* (м. *го* зе лебот, 253); *Да му вéлеа дрýзите учени́ци: А видóхми на Афéндот* (м. *го видовме*, 252); *На тóа врéми удéки пу пăтот Исус а видé иднó чувéк шо бéши слéп ут ка си роди́* (м. *го виде*, 258); *и прави́ кáл ут пл'ýнката, да му а липи́ кáлот уф óчите на слéп'от* (м. *го лепи калот*, 258); *Му рикóа на нéго: Кóј и вóа човéк? Вéли: Нé а знáм* (м. *не го знам*, 259); *Не верувáле Чуфýтите за нéго да бéши слеп, да си упули́, дури а викáле на тáтку му* (м. го викале татко му, 259); *Вóа ј стопáнот . . . и-а-зéле на нéго, а извади́ле нáдвор уф лóзата* (м. *го зеле ... го извадиле*); - *оти нéгови́ти Анѓели дáјма а ѓлéдат ли́цито на Тáтко ми, шо сéди на небúин'ата* (м. *го ѓледаат*, 262).

3.8.1. Како што **истакнавме, акузативната еднинска форма** *ја* **се обопштила, та се јавува и на местото од множински форми:** *па во́а ре́кăл и́сти́на на них: Аку не а ви́дам уф ра́ци́ти́е ду́пките ут кирфи́ити́е* (м. *ако не ги видам дупките*, 252); - *Ко́га бех јас су них на сфе́ту́т, јас а чуа́х на них су и́мито сфој* (м. *ги чув нив*, 261); *На то́а вре́ми уде́ки Исус крај мо́ри́ту Галиле́јцко а виде́ две бра́тка* (м. *ги виде*, 263); *Та́тко, сфете́ц си, да а чу́ваш на них су и́мито* (м. *да ги чуваш*, 261); - *фăрли́ле гри́пут ... а вика́а на ни́х* (м. *ги вика*, 263).

3.9. Отсуството на чувство за синтаксичката вредност на закономерноста во деклинацијата особено е изразено во проширената употреба на кратката акузативна форма и во опсегот на дативниот предмет; сп. пр. кај Верковиќ: - *после отиде пак на царската мома да ја вели на неа* (м. *да и вели*, 192); *И тој ја дава адин алтин многоценно* (м. *и дава*); **од Кулакија**: *гувори Исус е́м а ричé на не́а: Се́кој шо пи́и ут ва́ во́да, па́к же́дин* (м. *ем и рече*, 257); *И на же́ната а ве́леа: не́ за́рди шфо́јот ла́ф вики веру́ваме* (м. *и велеа*, 258). **Така и во множина**: *И он а ричé на них: А не́разбрани, да те́шки уф сарцитy, требу́ва да веру́ате* (м. *им риче*, 253).

Употреба на акузативната заменска форма *ја* **во дативни конструкции се среќава и во Преспа, сп.:** - *и му вели: „Ка́жи а на ма́јка ти ..."*; - *на друго ден ма́јка пла́чеше и а ре́че на стрина ми Доне́јца: „Еве, е́ве, се́га гре́де ...*"[19].

3.10. Уште од еден дијалектен текст од Солунско, од пунктот Ватилак, објавен од Л. Милетич[20], се потврдува дека во југоисточните македонски говори одделната маркираност на падежните конструкции, изразена преку личните заменски форми е комплетно расколебана. Таму многу често формите за индиректен се изместени од формите за директен објект.

Сп. примери во кои кратката акузативна форма за м. р. *го се* **обопштила и ја заменува датавната** *му: го хвати и го вăрза нозете и ра́цете, го извлече от одајата* (м. *му вăрза*); - *он му хвăрли кл'учовете и го вели: „Отвори хазната, повади пари колко сакаш"* (м. *и му вели*); - *наикун му даде бог една голема сила на Сраула, . . . и го зема главата* (м. *и му ја зеде главата*); - *и го кладеха главата на дисазите и отидоха на Милоша* (во последниов пример освен падежниот систем е засегната и категоријата род).

---

[19] Бл. Шклифов, *Долнопреспанският говор*, стр. 57.

[20] Л. Милетичъ, *Изъ живота на българите въ Солунско. По животописни спомени на дѣдо Трайко Кехайовъ отъ село Ватилъкъ*, МПр, VIII, кн. 1, 1932.

Случаите во кои дативната форма за ж. р. *ѝ* (од "таа") е изместена од формата за акузатив *а (ја, ѓа)* сé уште помногубројни. Како да се работи за норма, сп.: *свăкăрвашѿ ке а даваше две свешѿи* (м. *ке ѝ даваше*); - *найкун ѿија на мојашѿа дружина а вел'ат* (м. *ѝ вел'аѿ*); - *и как ѓи виде сесѿра ми... дојде ѿăрчаки до ѿам. И ѓа вел'ам: „Ним викај, само оѿули се..."* (м. *и ѝ вел'ам*); - *найкун оѿиваѿ на ѿойадијашѿа и ја кажа: „Браѿ ѿи умре"* (м. *и ѝ кажа*); - *как фаѿих с ѿа ѿиква ѓа ших една кожа и найравих на ѿиквашѿа една дуйка* (м. *ѝ ших*).

Во множинските форми исто така се присутни случаите во кои дативните конструкции се маркирани со кратки заменски форми за акузатив: *ѓи викна и ѓи е дал ѿо един хирмилик* (м. *им е дал*); - *найкун йашашѿа ѓи рече: „Кабаашоѿ е на вас, вие оставихѿе харамијашѿа да беѓа"* (м. *им рече*); - *ки одиха да йасаѿ овциѿе на йăѿоѿ, и јас ки сѿанах каде ручок, ки ѓи носах леб, ки ручахми* (м. *ки им носах*); - *Нија, ка ке одиме да ѓи кажиме, шо има нихни овци у нашиоѿ бил'ук* (м. да им кажиме); - *оѿидоха да йриминаѿ една вечер на Буѓаријво, ама буѓаричаниѿе не са ѓи дали кунак* (м. *не са им дали*); - *Тија как ѓи йречекали, оѿийаха 4 души, зашѿо не са ѓи дали леб* (м. *не са им дали*); *на уѿроѿо јаз оѿидох ѿам и ѓи вел'ам: „А бе вија, шѿо л'уди сѿе..."* (м. *и им вел'ам*); - *ама оѿидох да видам и овчариѿе и ѓи викам: „Как сѿи бе, здрави ли сѿе?"* (м. *и им викам*); - *ка ѓи нусихме, ѓи вăрзахми шерветите на муцкаѿа, каѿо на добици* (м. *им вăрзахми*); - *земај ѓи назаѿ и праи ѓи свадба, дилмо сă харисаха нека им биде халал оѿ дедо ѓосйоѿ* (м. *йрави им свадба*). Последниов пример во кој за изразување на дативни односи паралелно се употребуваат покрај акузативната заменска форма "ги" и дативната "им" јасно укажуваат дека се работи за незавршен процес.

Уште повеќе тоа се гледа и од присуството на примери во кои покрај спомнативе начини за изразување на датив со акузативни заменски форми, ја среќаваме обопштената употреба на еднинската форма *му* и во множина: - *дојдеха двамина арнауѿи. . . јас му вел'ам* (на арнаутите, б.м.), *а они викаѿ. „Хлеб ни дај"*.

До која степен оди упростувањето на заменскиот падежен систем, може да бидат указателни случаите, иако ретки, во кои номинативните ги изместуваат останатите падежни форми: *па јаз му рекох: "јаз ми е страх, ако не јаз сам ки одах"* (м. *мене ми е сѿрах*).

Во односниве израмнувања може евентуално да ги наѕреме и идните контури на упростениот заменски систем.

3.11. Во југозападните говори рушењето на остатоците од деклинацијата го забележуваме во употребата на акцентираните дативни множински форми: *нам, вам, ними* во акузативни конструкции, сп.: *за́-вам е́сти то́ва не́шчо* (м. *за вас*) Костурско (Косинец, КГ, 78); *на́м на оса́кати бо́рбата, на о́стај без л'удје и на иси́рска по цели држави* - Преспа (Орово, ДПГ, 58); *Нам на затво-ри́ја во Герман, на држија таму една не́дел'а;* Преспа (Стрково, ДПГ, 58); *и виду не́ми* Костурско (Дреновени, КГ, 78); *ја́с са о́ткинав од ними, без да ма ви́де Ту́рците* - Преспа (Герман, ДПГ, 59); *со́-ними не збо́рваме, са ска́рамев за па́рите* - Преспа (Оровник, ДПГ, 59).

Се работи за несталожен процес, има и обратни случаи: во дативни конструкции се јавуваат полни акузативни форми: *нас ни да́доа лей во Албанија* (Оровник, ДПГ, 58); *на́с ни́што не́ ни до́јсеа чу́пите* (Граждено, ДПГ, 58); *ла́ни вас ви да́дов* (Оровник, ДПГ, 59),

На исток од Преспа и Костур: во Леринско, Кајларско, Мегленско, Воденско, Кукушко дативниот однос се искажува аналитички: предлогот *на* + полна акузативна форма + кратка дативна форма.

Синтетичките дативни форми: *нам, вам, ним* повторно на исток се јавуваат во Солунско и нивниот ареал продолжува во Серско и Драмско. И овде се губи осетот за старите падежни односи и оттаму се случува дативните форми да се јавуваат во предлошки синтагми во својство на акузатив: - *ут на́м по́ јуна́к си; - пукра́ј нам за про́мин'е́ш и ти; - ја́с до́јдух при вам*. И обратно во дативни конструкции покрај *вам* се јавува и акузативната форма *вас: шичкуту има́н'и на ва́с н'е́кај* (Солунско, ДМГ, XIII—XIV, 197). „Сето ова сведочи за тоа дека деклинацијата на личната заменка за 1. и 2. л. мн. се наоѓа во состојба на преоден хаос кога најстарите форми *(на́м, вам)* се истиснуваат од поновите *(на нас, на вас)* и од најновите *(на нам, на вам)*. Тука имаме најдобар пример дека јазикот е жив, дека е "систем во движење" (пак таму).

3.12. Редукција на деклинациските форми среќаваме и во лично-предметните заменки за прашања: *кој, -а, -е, -и,* неопределената *некој, -а, -е, -и,* односно за негација *никој, -а, -е, -и,* во кои номинативната форма се обопштила во дативните и во акузативните конструкции, сп.: *аку утва́рза́хте на не́кој гре́ховити на них утва́рза́не да би́дат*. Оваа појава е прилично раширена во говорите што ги истражуваме, зафаќа дел од Леринско и Костурско, Воденско, Гуменциско и Кукушко. Во оваа поширока регија како оаза се јавува говорот во Кајларско, каде што ја констатиравме општата форма

кого (пункт Тремно), на северозапад се јавува уште во неколку пунктови меѓу Костурско и Преспа, пр. во пунктовите Був, Вăмбел и др.

3.13. Во врска со употребата на личната заменка за секое лице *себе (се)* како особеност на југоисточните говори треба да се спомене членувањето на долгата форма "себе". Думев од Воденско го наведува примерот: *нај-ми́лу не́шчу на-се́кој чове́к е се́б'ту-му* и со право истакнува дека во ваквите случаи „повратната" заменка исполнува именска функција (ВГ, 54), вакви примери имаме забележано и во Кукушко.

3.13.1. Како втора специфичност треба да се одбележи фактот дека во повеќе говори (Леринско, Преспа, Солунско, Воденско, Кукушко) паралелно со формите на личната заменка за секое лице *себе (се, си)* се шири и употребата на формите за личните заменки, сп.: *прăд не́го си-гу ѿури́.*

Според 3. Голомб во Солунско процесот е многу напреднат. Таму, истакнува тој, „освен *că* < **se* и *cu* < **si* проклитичко-енклитички акуз. и дат. форми, сите други форми на првобитната „повратна" заменка се загубиле. Во врска со исчезнувањето на акцентираната форма на повратната заменка *(себ'а)* во С(ухо) и В(исока) ги има следниве обрати: *за си ха е́зма căс м'е́н'а* В 87. – *Д'ă-ѿ'ạѿу з'е и смо́квăѿ'а сас н'е́гу* . . ., во кои старата заменка "себе" е застапена од соодветните форми на личната заменка" (ДМГ, МЈ, XIII—XIV, 198).

Во Кукушко исто така се претпочитаат формите на личните заменки наспрема оние на повратната 'себе': *муги них că ра̣збра́а* (м. *меѓу себе*) Мотулово, во Крецово: *мижду них;* во Амбар Ќој: *зă-ме́н си гле́дум* (м. *за себе*). Од Воденско: *гу-најде́к пред ме́не* (м. *ѿред себе* - Луковец). И во Леринско среќаваме аналогни примери: *то́ј си ѿу́л'е са́мо за не́го, că скара́ја ме́ѓу ни* (Зеленич), во Папалжани: *се скара́а ме́ѓу не́ј.*

Во крајните југозападни говори, Корчанско (Бобошчица), акцентираната форма *себе* се́ уште се чува: *курѿулисај себе си;* уште: *сам со себе.* Во Костурско паралелно се употребуваат и двете заменски форми: *се́бе си се ви́ду*, покрај: *се́кој кам не́го* (Тиолишча) во Горенци: *се́бе си се фа́ли.*

3.14. Од посвојните заменски придавки треба да се спомене формата за 3 л. женски род *те́ен* "нејзин", што се среќава во пери-

ферните југозападни говори, во дел од Костурско, уште и во Корчанско: *то́јен, то́јна* (Бобошчица).

Пак во југозападното подрачје, од односнава заменка како множинска се јавува формата *те́мен* Костурско (Марковени, Вамбел) и *те́мни* (Езерец, Крчишча); во Корчанско *т'ӓмен* (Бобошчица). Оваа заменка повторно се јавува на југоисток во Солунско *т'ӓхнајут*.

Како и другите заменски форми од оваа група и *т'ӓхен,* со разновидностите *темен, темни,* е добиена од генитивната форма *т ѣх-* + суфиксот *-ан*.

4.1. Кај заменските форми во јужните македонски говори, освен во падежните, нивелирање среќаваме и во формите за род.

Покрај спомнатиот случај кај личната заменка за 3. лице, елиминација на опозицијата меѓу машки и среден род среќаваме и кај демонстративните заменки. Пр. во кукушкиот говор за машки и среден род среќаваме една показна заменка *тоо (то),* веројатно добиена со асимилација и контракција од формата за среден род "тоа". Во воденскиот говор, според Думев (цит. раб., стр. 54) личната заменка *он\она* се јавува во својство на показна, но овде - како и кај личните заменки - за среден род не се јавува формата "оно", туку си останува *то.* Во Солунско се јавуваат други форми за показни заменки, но пак во редуциран систем (како во Кукушко), - една заедничка за м. и ср., во полза на формите за среден род: *то (това) човек.*

4.2. Кај посвојните заменски форми упростувањето на шемата на родот исто така е присутно нашироко во овие говори, но постојат ареални разлики. Пр. во Гуменциско формата за среден род се јавува обопштена и за машки, сп. *у на́што буна́р две Ара́па има́ло скри́јно; на́што де́до има́л две́ си́на*; во Воденско, според Думев, има аналогни примери: *ни́ску тава́н, ку́су чуве́к, дибе́лу уве́н,* или: *адну у́мну чуве́к не́ пра́ве ло́шу*, од Пазарско: *мо́јто каба́ат,* слично и во Кајларско: *мо́јто бо́п бе́ше е́ндро*; додека во Висока - Солунско, обратно, се наложила формата за машки род: *не е наш јаѓнето, - јазе сум твој нуче.*[21]

Во Кулакија истовремено се јавуваат случаи и од првиот и од вториот тип: *Ве́ли на ни́х Исус: .. да чи́нам пуве́л'аша на то шо ми пушту́, и да сва́ршам не́ѓово́то ла́ф* (258), - *ут со́фраша на ни́њото ступа́н,* покрај: - *уф са́рциту ваш.*

---

[21] Б. Конески, *Јазични белешки за приказните од Солунско од Збирката на Верковиќ,* Прилози. МАНУ—ОЛЛН, VII 1, Скопје 1982, с. 31.

4.3. Уште понеобични се случаите во кои категоријата род е засегната на ниво на машки и женски род. Пр. од Кулакија кај показните заменки: ***и ни́а зна́ими на ва́ човек оти уф гре́хови било*** (259); ***туку за ва́ сфе́т, шо не́ му зна́јат номото, афурица́ни да би́дат*** (262); - ***ду́ри не́ко не мо́жиши да зами́ни у-та́ пăт*** (252).

Овде ќе ги споменеме и примерите од воденскиот говор, каде што, според искажувањето на В. Думев (ВГ, 54**), заменската форма за машки род** *"негов"* **е изместена од формата за женски род** ***нејн.*** **Ова е завршен процес, имено не се работи за дублетни форми, туку за исклучиво наложување на женскиот род:** *о́н бе́ше но́гу буга́т чуве́к, ămă не́јнјут син* **(м. неговиот)** ***из'де́ се́.*** **Исто така и во множина:** *чурбăци́ăтă нима́л де́ца, не́јните рудни́ни му да́ле ĭ-ăдну де́те . . .*

Ваква обопштена употреба на посвојната заменска форма за женски род ***нејн*** **забележивме и при дијалектните истражувања на пунктот Гуменџа:** ***то си има́л не́јно куко́шки*** **(се однесува на** ***игумен),*** **натаму во Ѓупчево (Ениџевардарско):** ***свăдба́рут, диме́к та́ткуто на зе́тот де, си-ј ĭука́нува са́те не́јни рудни́ни, уд не́јнто се́ло; мли́вото ej ĭо́муш уд са́те не́јни бли́ски на свăдба́рут.***

4.4. Се работи за појава што нашироко се наложила, на исток најдалеку ја кај статиравме во пунктот Савек (Серско), па преку Солунско (Богданско), Воденско, Кукушко, Ениџевардарско стигнува *се́* **до Кајларско (пункт Тремно).**

5.1. Во јужните македонски говори, како периферни, на показ се ред архаизми, меѓу другото и во заменскиот систем.

Од Солунско е лично-предметната заменка за прашање: ***котри́, котра́, котро́, котре́*** **(Сухо),** ***кутрăј, кутре́ја*** **(Висока), сп.** ***кутри́ си ти*** **"кој си ти", или во релативна служба:** ***да си удбира́т, кутри́ гу и́штат*** **"да си одберат кого сакаат" (MJ,** XIII—XIV, стр. 200—203**). Се среќаваат и сложени форми:** ***с'ăкутри, с'ăкутра, с'ăкутру;*** **уште** ***ни́котри.*** **Заменката** ***котри́,*** **со разновидноста** ***кутрăј*** **со право се третира како континуација на прасл. *kotorу.**

5.2. Како архаизам се сфаќа и зачувувањето на првобитната форма на именската прашална заменка *то* **(<** *който***), „додека во македонскиот и во бугарскиот јазик оваа форма е сосема загубена и е застапена од** *кој* **во првобитна придавска прашална заменка со значење каков" (MJ,** XIII—XIV, 200**). Заменската форма** *който* **се скратила во** *то,* **откако „се загубило** *к* **во соседство со** *т,* **појава сосема обична во нашите дијалекти". Прашалната форма** *то* **со значење "кој" е забележана во Солунско (Сухо).**

5.3. Југозападната македонска дијалектна оаза, говорот во Корчанско, презентира - тоа е познато - ред архаични посебности, како на фонетски, така и на морфолошки план. Во овој случај *ќе* се задржиме на првобитната заменка **vъsъ, vъsja, vъse* за која на македонската јазична територија не постои директна континуација, ако го исклучиме општопознатиот прилог *везден,* односно скаменетите изрази во Солунско *ва́са нош"*цела ноќ", и *ва́зи д'ен'* "цел ден". Исклучок претставува споменатиов говор во Корчанско (Бобошчица), каде што А. Мазон[22] ја констатирал архаичната форма *вес, веса, весо,* во којашто несомнено се крие првичната заменка *vъsъ.*

5.4. Прегледот на архаичните заменски форми ќе го завршиме со еден необичен, поправо неочекуван податок што го добивме при дијалектните истражувања вршени кај доселеници од пунктот Гуменџа. Таму, што е многу необично за јужните македонски говори, меѓу количествените заменски придавки, со демонстративно значење ја забележивме формата *то́лик, (то́лик пурăсна́л на-ма́јка*), исто така и прашалната *ко́лик.* Првата форма претставува директен континуант на стсл. демонстративна заменка толикъ, а втората на старата прашална заменка коликъ.

Многу е веројатно да се претпостави дека се работи за зачувани архаични форми, бидејќи досега не се познати на македонската јазична територија, освен во северните говори, а тешко може да се замисли дека тие оттаму се пенетрирале во јужните говори, без да остават траги во централните.

6.1. Од изложеното за особеностите на заменските форми во јужните македонски говори може да се заклучи дека на односново подрачје евидентна е тенденцијата за натамошно упростување на заменскиот систем, коешто се врши на два нивоа.

Прво. Се забележува нивелирање на падежните односи, изразено преку мешањето на дативните и акузативните заменски форми; пр. во овие говори, освен што се мешаат акцентираните форми за директен и индиректен објект од типот: *нам не́ виде, нас ни даде* - појава позната пошироко во западното наречје - среќаваме и интересна употреба на кратката дативна форма за машки род *му,* која, освен што ги покрива формите за женски род и за множина, се шири и во акузативни конструкции: *па ви́и не му пузнајáле не́го; - му распитáа, да му са ре́кле на не́го* (Кулакија).

---

[22] A. Mazon, *Documents, contes et chansons slaves de L'Albanie du sud,* Paris 1936, s. 69.

6.2. Има и обратни примери - употреба на кратки акузативни форми во дативни конструкции, што заедно зборува за една сериозна разнишаност на падежниот систем во јужните македонски говори. Сп.: *и тој ја дава адин алтин многуценно* (во материјалите од Верковиќ); уште: - *гувóри Исус ем а ричé на нéа...* (Кулакија); - *отидох там да ги вел'ам* (Ватилак).

6.3. Второ. Во југоисточните македонски говори, поконкретно во долновардарските, конгруенцијата, односно категоријата род е прилично засегната. Од работава конкретно излегува дека несоодветна маркираност на родот е евидентна и во системот на заменките. Како илустрација за нарушената конгруенција ќе наведеме примери од двојниот објект - именката во машки а заменката во среден род: *а зé лéпот и благосóви*; - *а вúдохми на Афендот.* Истава несоодветност ја забележуваме и во синтагми со показни заменки: *да замúни ут та пăт; - и нúа знáѣми на вá човек* (Кулакија). Кај посвојните заменки во едни говори се наложила формата на среден род: *нáшто дéдо имáл двé сúна*; - *у нáшто бунáр* (Гуменџа); *мојто кабáат* (Пазарско), во пунктот Висока (Солунско) заменките од м. р. се јавуваат во спрег со именки од с. р.: *нé е нáш јáгнето,* додека во Кулакија се среќаваат примери и од првиот и од вториот тип: *нéговóто лáф; - уф сăрцито вáш.*

ON THE PRONOUN SYSTEM OF THE SOUTH MACEDONIAN DIALECTS

(Summary)

Because of the likelihood that they exhibit several archaic features, the Macedonian dialects of the Aegean area, or at least the majority of them, are among those which as long ago as the late 19th century, attracted the attention of Slavists. That interest has continued, with fluctuations in its intensity, and has lasted right to the present.

In the region in question there is clear evidence of a tendency to further simplify the pronoun system, at two levels.

1. Case relations are levelled through the mixing of dative and accusative pronoun forms, e.g. the short dative form for the masculine gender *ти* (to him/if), which, in addition to covering the forms for feminine gender and for plural, is also penetrating accusative constructions: cf ***па вии не му пузнајале на неѓо*** (You didn't know him); *Му* ***распитаа да му са рекле на неѓо*** (They asked him if they could talk to him)

There are examples of the opposite process — the use of short accusative forms in dative constructions — and together they indicate a considerable weakening of the case system in these dialects. Cf *и тој ја дава* ***один алтин многуценно*** (And he gives her a very valuable gold coin); ***оштидох штам да ѓи*** *вел'ам* (I went there to tell them).

2. In the south-eastern Macedonian dialects, to be precise in the Lower Vardar region, concord of gender is similarly affected. Inappropriate marking of gender is evident in the pronoun system. Here are some examples with double objects — a masculine noun with a feminine pronoun: ***а зе лепот и благосови*** (He took the bread and blessed it). We note the same lack of concord in demonstrat ve pronouns: *Знаими на ва* ***човек*** (We know this man); ***туку за ва сфет*** (But for this world), and so on.

Cf further, with possessive pronouns: *то си имал нејно* ***кукошки*** (She had her own hens); *он беше но* ***ѓу буѓашт чувек, ама нејнјут син из'де се*** (He was a very rich man, but his son spent it all).

1988

ЗА ДЕЗИНТЕГРАЦИЈАТА НА ЈУГОИСТОЧНИТЕ МАКЕДОНСКИ ГОВОРИ*

1.1. Општопознато е дека македонскиот и бугарскиот јазик, како и јужните српски дијалекти (делумно), коишто ја зафаќаат јужната периферија на словенската општност, вклучувајќи се во балканската јазична алијанса, во многу нешто ја измениле својата структура и се дезинтегрирале од словенскиот јазичен систем. Елементите што ја обликувале споменатава дезинтеграција исто така се познати: губење на деклинацијата, удвојување на објектот, појава на членот, присуство на глаголски конструкции со помошниот глагол *има (нема)* + глаголска придавка, образување на футур со честичката *ќе,* препозитивна употреба на глаголските клитики во однос на глаголот, употреба на предлогот *од* „како граматички показател на односот на припадност во конструкција што го заменува стариот посесивен генитив – датив" и др.

1.2. Односниве посебности до скоро се третираа како регионално врзани (барем поголемиот дел од нив) со западното македонско наречје, но последните истражувања укажуваат дека југоисточните македонски говори, не само што ги споделуваат овие карактеристики, туку некои од нив ги среќаваме со доразвиени и проширени значења. Во овој момент само ќе ги споменеме: натамошно упростување на падежниот систем, пр. кај личните и роднинските имиња, односно кај заменските форми, проширена употреба на предлогот *од* - под влијание на грчкиот јазик, возобновување на множинската наставка *-е* кај именките од женски род, раширена особено во микротопонимската граѓа, под влијание на ароманскиот јазик, изразито присуство на примери со нарушена конгруенција од контактот со турскиот јазик, од истиот јазик се позајмени и моделите на синтагми со

---

* Види: К. Пеев, *Натамошна десловенизација на македонскиот дијалектен јазик,* Предавања на **XXV** меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура, Скопје, 1993, с. 39-44.

непосредно прибавување на атрибутот - именка кон друга именка, случаи на двојна определба -- со член и показна заменка (од грчкиот јазик) и др.

2.1. Значи во долновардарските говори се среќаваме со еден многу понапреднат процес на дезинтеграција не само во однос на општословенските елементи туку и во однос на нормативниот јазик, односно на останатите македонски говори.

Ваквата ситуација проф. 3½ Голомб ја објаснува со билингвалниот, односно трилингвалниот статус на македонското население (особено кај мажите), во средина со изразито мешано население. Тоа довело и до анулирање на одредени јазични законитости наследени од словенската структура од којашто останал само речникот. Меѓутоа и лексичката граѓа во Долновардарско е сериозно засегната од туѓи влијанија, од јазиците со кои македонското население контактирало: грчкиот, ароманскиот и турскиот. Потврда за ова наоѓаме повторно кај споменатиот проф. 36. Голомб, во монографијата за говорите во Солунско (селата Сухо и Висока), каде што истакнува дека во Речникот од проф. М. Малецки за говорите на споменатите села, туѓата лексика учествува со цели 40%[1].

2.2. Какви биле можностите за јазична интерференција, обусловена од мешањето на населението во Долновардарско, најрепрезентативно ни укажуваат демографските податоци објавени во почетокот на нашиов век, според кои на пр. во Гевгелиска каза (во градот Гевгелија и областите Трнава, Маја Даг и Караџова), во 68 населени места имало 20.643 Македонци (христијани), 14.900 Турци и околу 13.000 Власи. Турските властодршци особен притисок вршеле во градовите, така на пр. во градот Пазар нивниот број достигнал до 5.100, а Македонци имало 4.000[2].

Ваквиот однос на бројките претставува резултат на она што било започнато уште со навлегувањето на Турците во Македонија, а е потврдено и од повеќе патеписци коишто забележиле дека уште кон почетокот на XV век повеќе јужни градови биле просто потурчени (Битола, Солун, Енице-Вардар и др.)[3].

2.3. Според поновите демографски податоци од истата регија (Долновардарско), добиени од информатори при собирање на дијалектна и

---

[1] 3½ Голомб, *Два македонски говора (на Сухо и Висока во Солунско),* сп. „Македонски јазик", XIII-XIV, Скопје 1962/63, с. 262.

[2] Етнографските податоци се земени од книгата на В. К'нчов: *„Македонија, етнографија и статистика"*, Софија, 1970. К'нчов македонското население го прикажува како бугарско.

[3] К. Иречек, *Кнјажество Б'лгарија,* т. II, 24, Сп. В. К'нчов, цитиран труд, с. 301.

микротопонимиска граѓа (анкетирањето е вршено по Втората светска војна со преселници)[4], ситуацијата во врска со бројноста на турското население е прилично изменета, зашто претходно изнесените податоци од К'нчов се однесуваа на период кога споменативе краишта беа сé уште турски вилаети (пред Балканските војни). Сепак грчкото и влашкото присуство останува и понатаму реалност во овие краишта.

Во тој однос предничат градските населби коишто остануваат со мешано (и полилингвално) население, како пример да го споменеме градот Воден во кој според информаторот имало околу 2.800 куќи, а само половината биле Македонци (околу 1.400 семејства). Сепак не е мал и бројот на селата во кои освен Македонци живееле Власи, Грци и помалку Турци, пр. во с. Долно Аласе од 230 куќи, Македонци биле 150, другите Власи и Грци, во с. Мандалово од 450 куќи 60 биле македонски, или во с. Тресино имало 280 од кои 140 биле македонски и сл. Треба да се одбележи дека во споменатава регија, особено во Мегленско, имало и села со чисто влашко население, конкретно селото Бериславци имало 70 куќи, сите влашки.

Се разбира дека бројот на селата во кои живееле само Македонци бил голем, пр. во с. Владово имало 400 куќи, сите Македонци, во с. Пожарско имало 300 куќи, сите македонски, во с. Чичигас имало 250 куќи, сите македонски, во с. Тремно имало 220 куќи, сите македонски, или во с. Ајватово имало 400 куќи, сите македонски и др.

3.1. Во обработката на најавените јазични посебности во Долновардарско, коишто претставуваат несомнена дивергенција од општите системи, ќе се послужиме и со елементите што ни ги нуди микротопонимиската граѓа, зашто таа сигнализира на „бројни појави што се резултат на сложени и често невидливи и нејасни процеси на етничката, лингвистичката и, воопшто, на културната симбиоза на хетерогеното население"[5].

Да илустрираме: во микротопонимискиот материјал од с. Радомир (Енице-Вардарско) го среќаваме топонимот *Двете Рѫтишта,* во кој очигледно е нарушена категоријата род, т.е. не функционира противставеноста на формата за женски и среден род *две* со формата за машки род *два.* Дека не се работи за превид ни укажуваат повеќе примери од разговорниот

---

[4] Во работата се користени материјали од Одделението за дијалектологија и Одделението за ономастика при Институтот за македонски јазик. Во анкетирањето и собирањето на материјалот сум учествувал и самиот, но основниот корпус од топономастичката граѓа од јужните македонски говори е собран од Д. Угриновски.

[5] Оливера Јашар-Настева, *Меѓујазичните контакти и нашата топонимија,* Втора југословенска ономастичка конференција, Скопје, 1980 год., с. 133.

јазик, од односниве говори, така во Зборникот на Верковиќ[6] среќаваме: *и две ангели му прјастоиха: един од десна страна, друг од лева* (91); *виде друзи две братќа* (264); исто така и во Кулакиското евангелие[7]: *не́ мо́жи не́кој да рабо́ти измиќа́р на две а́ги* (264).

Сепак процесот не е завршен, во с. Петгас (Гуменџа) се забележени следниве два топоними: *Две́тạ Ка́мина* и *Две́тạ Ре́ки,* во кои определбата *две́тạ* еднаш е во конгруенција со именка од машки род (камен), а друг пат со именка од женски род (река). Во материјалот од Верковиќ имаме и обратен пример: формата за машки род *два* се однесува на именки од женски род: *таму најде една дивојка дјуна гузели и една арапка, са биеха двата* (162).

3.2. Споменатиот пример со нарушена конгруенција лесно се вклучува во цела серија од слични примери. Ке започнеме со употребата на бројот 'еден' со формата за среден род *едно* како одредница на именка од машки род *(кораб),* којашто истовремено стои и во корелација со формата две (за женски род): *фатили две кораби, на едното влезе чилиби Тодорак* (Верковиќ, 167). Во микротопонимискиот материјал од Долновардарско многу се чести примерите во кои атрибутската одредница се јавува во среден род, а именката од машки, сп. примери од с. Крушаре (Енице-Вардарско): *Широ́куто Гири́с* 'селски поток, служи како водовод', *Го́рно Баи́р (баи́р* 'рид'), *Си́инто Ви́р* 'извор со "сина" вода', *Кри́вто Ја́з (јаз* 'бразда со вода'), *Смạкна́тто Брег* (: истурен, паднат брег). Во називот *(Дедо) Димитре Думчевут Трла,* запишан во с. Бабјани (Демир-Хисарско) тешко е да се каже дали е засегната и категоријата број (покрај категоријата род), бидејќи именката ' трло' понекогаш се јавува од женски род "трла". Во секој случај определбата е од машки род, а именката или е од женски, или пак во множина.

3.21. Кон споменативе објаснувања на проблемот би требало да го додадеме и она од проф. Б. Конески, коешто има попрецизен карактер во смисла на изнаоѓање на образецот, за првоспоменатата промена. Имено, констатирајќи го односниов феномен проф. Конески истакнува: „...во случајов, во средина со изразита македонско-грчка двојазичност природно

---

[6] P. Lavrov a J. Polívka, *Lidové povídky jihomakedonské, z rukopisů St. Verkovičových.* V Praze 1932.

[7] A. Mazon et A. Vaillant, *L'évangéliaire de Kulakia, un parler slave du Bas-Vardar,* Paris 1938.

ни се налага заклучокот дека промената станува под влијание на грчкиот, во кој единствената форма *δύο* иде со трите рода"[8].

3.3. Дека нивелирањето на опозициите на родот претставува сериозна граматичка претумбација со реперкусии што и понатаму го засегаат системот, се огледа и во тоа што со делумното отсуство на споменатите опозиции како да престанува да важи и изделувањето на посебни множински форми и типови, со свои формални обележја какви што среќаваме во другите говори. Имено, во овие говори освен познатите упростувања на промените по основи (во женскиот род меѓу меката и тврдата промена: *жена - жени,* исто *душа - души,* или во средниот род по изедначувањето на промената на консонантските основи на -t и -n), среќаваме и нови отклонувања на разликите, така што е очигледна тенденцијата да се наложи во множината една наставка.

3.31. Да конкретизираме: наставката *-и,* со која по правило се изведува множина кај повеќесложните именки од машки род (и од женски), се среќава и кај именките од ср. род, што во множина се јавувале со наставката *-ета (: телета),* односно со поновата *-ања*; пр. кај именката *прасе: и óни испаднáле, си утидóа на бил'ýкот на прáсите. Кá утúшле уф прáсите, си тарчáло сáто бил'ýк* (MV,K,265); така и кај именката *јагне*: *вéли на нéгу: "пáсај jáгнити мój"* (MV,K,338). Истава множинска наставка се јавува и на местото од наставката *-а,* што обично оди со именките од ср. род (на *-о* или *–це*) пр. за *ребро : и да клáдам прáстот уф дýпките, и рáката да кл áдам уф рéбрити нéгови* (MV,K,252), односно за *срце: шó си стрéсити такá, и зáшт'о си расчýдити и си ýмити уф сáрцити вáши* (MV,K,335). Споменатава наставка *-и* се инкорпорирала и во примерите што правеле множина со наставката *-ена: и имúнити на дванáдесет Апóстоли бúле вúа* (MV,K,323).

3.32. Иако за проширената употреба на множинската наставка *-и,* континуант на истата наставка кај именките од некогашните *о- јо-* основи, во југоисточните говори, кај именките од машки род (кај едносложните, како и кај повеќесложните), исто и кај именките од среден род, извесна поткрепа може да претставува влијанието од стариот јазик (сп. *чесни куми, соспи снеги, друми широки* - Конески, *Историја на мак. јазик,* 138*),* сепак не е исклучена извесна врска со нивелирањето на опозициите по род, имено и едното и другото израмнување природно наоѓаат наслон во аналогната ситуација во турскиот јазик, во кој, како што е познато, не

---

[8] Б. Конески, *Македонскиот XIX век,* Скопје, 1986. Јазични белешки за приказните од Солунско од Збирката на Верковиќ, с. 175.

постојат родови опозиции, а множинските форми се јавуваат само со една наставка: *-lar,-ler* (balıkçı-lar = рибари, kalp-ler = срца), ова дотолку повеќе што во односниве говори (за ова има објаснување и во демографската состојба) влијанието на туркиот јазик било особено силно изразено.

4.1. Повеќе модели при редењето на зборовите во реченицата, како што е познато, се позајмени од соседните балкански јазици (препозитивната употреба на кратката заменска форма во однос на глаголот, непосредното прибавување на дополнението за место кон глаголот и др.). Овие посебности се среќаваат и во долновардарските говори, но во моментов ќе се задржиме на еден образец позајмен од турскиот јазик во кој атрибутската одредница е претставена од именка без зборообразувачки моделирања и како таква се додава кон друга именка. Некои од ваквите позајмени синтагми се пошироко познати, пр. *шам кајсија,* или пак домашните образувања според овој модел *(ветар работа)*, но прави впечаток дека во Долновардарско, особено во микротопонимијата среќаваме неочекувано голем број вакви обра-зувања, пр. од Енице-Вардарско: *Ва́р Би́гур* 'извор во варовник' (с. Вадришта), *Че́лите Ре́ката* 'сува река'(с. Крушаре), *До́л Калу́гер* 'месност со долови' (с. Бајбани), *Гу́птин Гро́п* 'месност, циганско гроб' (с. Радомир), *Бугда́н До́л* (според личното име *Богдан);* од Гуменциско: *Бу́фут Го́рница (був* - птица + *горница* - вид круша), *Га́вран Ка́ман* 'планинска месност', *Ри́дут Ло́зја* 'место со лозја', *Тува́р Пра́х* 'место', *Га́вран Ка́мин* (с. Петгас), *Црна́кут Пре́лок* 'ниви со црници за свилена буба', *Калу́гер Ка́мен* 'издлабена карпа, веруваат дека е лековита, оставаат пари' (Гуменца); од Кајларско: *Гла́вте Во́тта* (: *глава* 'извор' - ваквото значење на *глава* е познато и од други регии) (с. Ранце), од истото село е и топонимот *Са́ва Чу́ка* 'рид, ниви'.

4.11. Има синтагми во кои турскиот елемент е поприсутен, бидејќи и лексичките единици се турцизми (барем едната од нив), покрај тоа што и моделот е позајмен од турскиот јазик, сп.: *Та́ш Буна́р* (: *та́ш* 'камен'), значи 'место каде што има ѕидан бунар' (Харсово, Кукушко), *Стра́ната Ае́рут* 'пасиште, има и штали' (: *аер* 'просторија за добици, штала') (с. Луковец, Воденско), *Мухаре́м Ха́н* 'пат, теснина, некогаш имало ан' (с. Владово, Воденско), *Ајва́н Буна́р* 'извор, вода од која пијат добиците' (: *ајва́н* 'добиток'), *Бор Буна́р* 'пладновиште, појалиште (за стока), има борови' (с. Куфалово), од истово село: *Че́шмата Вудини́ца* 'воденица' (сега не работи), *Џаде́ Азма́к* (: *џаде́* 'пат', *азма́к* 'неплодно земјиште') (с. Ѓупчево), *Карта́л Та́ш* (: *карта́л* 'орел', *та́ш* 'камен'), *Ибраи́м Ту́мби* 'ритчиња' (: *Ибраим* - муслиманско име, *тумба* 'ритче') (Гуменца).

4.2. Се разбира дека ваквите модели, освен во микротопонимиската граѓа се среќаваат и во секојдневниот говр; ќе наведеме примери прво од Зборникот на Верковиќ: *кату чу царјут такос одговор от една сел'анка мома* (54) (именката *сел'анка* е употребена со придавско значење 'селска'); *на корема имала нишан маслинка* (281); *ни́а и́мами за́кон: мӑж чове́к не кла́вами не́три* (9); *здигна́ един мерме́р ка́мин мишанли́а* (17).

Во Кулакиското евангелие вакви синтагми среќаваме почесто: *и но́гу аске́р л'у́ди ут сӑта Јуде́а* (323) - овде именката *аске́р* е употребена како атрибутска одредница со значење 'воинствен' и сл. Сепак повисок степен на прифаќање на туѓиот образец (во овој случај турскиот) среќаваме во синтагмата: *даде́ле на не́гу ри́ба пиче́но идно парча́, и ут во́сук пче́ла ме́т;* во која имаме две именки во функција на придавки: *пче́ла* наместо 'пчелин', *во́сук* наместо 'восочен'.

5.1. Влијанието на ароманскиот јазик врз југоисточните говори е релативно силно, проф. Зб. Голомб[9] македонскиот и ароманскиот јазик ги претставува како едно потесно колце во општите рамки на балканската лингвистичка лига, со многу развиена комуникација, што условила големи етно-лингвистички промени. Натаму, објаснувајќи ги околностите тој нагласува дека "основната маса на претсловенското автохтоно население со коешто словенските освојувачи или новодоселеници стапиле во потесен контакт (кога се доселиле на Балканот) биле Балканските Романци... (додека) поголемиот дел од грчкото население за време на словенската инвазија во 7. век се повлекло во крајбрежните градишта и во врска со тоа, изгледа, директните контакти меѓу Словените и Грците биле ограничени". Потврди има многу, како прво да го споменеме обопштувањето на предлогот *на* во формите на директниот предмет, на што е укажано и во Историјата на македонскиот јазик од проф. Б. Конески[10], натаму во нивелирањето на извесни опозиции на категоријата род[11], иако овде пресудно било влијанието на турскиот јазик, но сепак факт е дека во ароманскиот има спротиставување само на два рода, а не на три како што е во нашиот јазик, така што и ова сигурно имало извесно значење во развојот на споменатава посебност. За учеството на ароманскиот јазик во „десловенизирањето" на долновардарските говори можат да се наведат и други

---

[9] Зб. Голомб, *За механизмот на словенско-романските односи на Балканскиот Полуостров,* „Македонски јазик", **XX,** Скопје, 1970; *Szkic dialektu Arumunow macedońskich,* Prace językoznawce, 4, Kraków, 1961.

[10] Б. Конески, *Историја на македонскиот јазик,* 1982, с. 127.

[11] К. Пеев, *Од реконструкцијата на еден македонски говор од Солунско,* Македонските дијалекти во Егејска Македонија, МАНУ, 1994, с. 90.

моменти. За ова гледаме реална основа во бројното присуство на ароманско население во оваа регија, на што веќе и укажавме во уводот.

Сега ќе се здржиме на еден друг аспект, имено како ароманскиот јазик влијаел да се зачува или да се доразвие (во споменативе говори) употребата на некогашната множинска наставка -ѧ (> *-е),* од меката промена кај именките од женски род. Имено во микротопонимиската номенклатура од Долновардарско, а особено од Енице-Вардарско, одредницата што маркира именка од женски род во множина се јавува со наставката *-е: Авду́ле Бе́гуве Че́шми* (чешми во с. Власе, Енице-Вардарско), *Алиму́руве Кру́ше* (ниви во с. Крушаре, Енице-Вардарско), *Усуве Авли́е (авли́ја* 'бавча до дворот' Крушаре); во последниве два случаја освен одредницата, и именката во множина се јавува со наставката *-е,* а такви случаи има и во други села: *Ки́рковте Ни́ве* (Долно Власе). Има и обратни примери: одредницата прави множина со наставката *-и* а именката со *-е: На́нуви Ни́ве* 'ниви на некој Турчин во Пазар', *Пла́снички Тупо́ле* 'орман во с. Пласничево', *Асан Бе́гуви Ни́ве* (чифлик на Асан бег во с. Крушаре); *Белушо́рте Ни́ве* (ниви со бела земја, с. Крушаре), *Мигле́нцките Дѫ́рме (дѫ́рма* 'грмушка', место кон Меглен, с. Асарбегово), *Да́куви Типо́ле* (место со тополи, с. Линиован, Солунско), сп. уште: *Па́дине* (страни на планина во с. Тремно, Кајларско).

5.2. Ваквите множински форми кај именките од женски род со наставката *-е,* за разлика од она што е општо раширено во нашите говори - именките од женски род множина да прават со наставката -и, уште се познати од северните говори, некои дебарски говори (с. Жерноница) и од корчанскиот говор (с. Бобошчица). Појавава во северните говори се објаснува како заедничка црта со соседните српски говори, за дијалектот во Жерноница се допушта контакт со говорите во Призренско, додека за с. Бобошчица ваквото влијание е исклучено, овој говор „...бил несомнено повлијан во овој поглед од албанскиот (и ароманскиот), во кои во множината кај придавките и заменките имаме противставување на формите за женски и машки род. Морфемата *-е* со тоа била потсилена како знак за женски род и затоа можела да надвладее над морфемата *–и* од тврдата именска промена, што останала како знак типичен за м. род[12].

Ако за Корчанско се допушта албанско (и ароманско) влијание, за микротопонимите во Енице-Вардарско, Солунско, Кајларско и др. првата можност отпаѓа бидејќи овие говори немаат контакт со албанскиот елемент, но затоа ароманското влијание, како што рековме, овде било изразито

---

[12] Б. Конески, *Историја на македонскиот јазик, с.* 140.

силно, па дури и имало села во кои влашкото население било во мнозинство.

6.1. Влијанието на грчкиот јазик е присутно и во случаите на истовремена употреба на членот и на показната заменка: *óди нă-то изéру-то, ќи-си вăрзиш ину-ќуп* (143); - *И гу-фăрл'а вăлкут нăтре у-изéрто тó кóшут* (144); - *Му-ă-дáва та згрáнта* (144); - *итăрвите не-ă-сăкáле таа пóмалéчката нивéста* (150); - *сă-тýри тó прóсуто* (141); - *Бре, вúкните-гу тó Ґýптинут шу-сфúре* (141). Во примерот што следува показната заменка се наоѓа во постпозиција во однос на именката: *Кă-гу-видóа бигóјте тúа тăкфó кóјн, тăкфó нúшто гу-зéват* (141). Освен во кајларскиот говор, вакви примери има забележано и во Корчанско (Бобошчица): *тој помлáдјо син*[13].

6.2. Меѓу сериозните сигнали за адаптација на говорите во Долновардарско кон туѓите модели, сигурно треба да се спомене и замената на општо познатата честичка за негација *не* со грцизмот μ᾽η, конкретно во Зборникот на Верковиќ: *свăти Горги хи рăкá: ми сă бóиш, аз ќу кортолúсум тóјă момă* (288); - *се моли: „аман, брате, ми хождаш аф гората"* (83); - *му вели: „ади, царју, ми са чуди така"* (201).

7.1. Меѓу лесно забележливите отстапувања од структурата на општонационалниот јазик секако треба да се споменат случаите кога е изгубена корелацијата „меѓу одделните типови зависност и нивните експоненти", т.е. кога среќаваме навлегување на заменските форми за акузатив во сферата на индиректниот предмет: *и на неа тогас га погледна сос грозност и га вели* (Верковиќ, 63); во Кулакија обратно „Се чини дека *му* (за дативен предмет, б.м.) прераснува во универзален сигнал за објектска врска било да се работи за директен било за индиректен објект, било во еднина било во множина"[14]: *да кáк му слушá Исус, сă чудú* (Кулакија, 265).

7.11. Проф. Б. Конески за ваквите, односно слични отстапувања во заменскиот систем (пр. употреба на кратки наместо долги форми) во долновардарските говори вели дека сериозно го засегнуваат словенскиот карактер на синтаксата на односново наречје: „Општата состојба на еден говор како кулакискиот, во кој туѓото воздејство е очевидно во повеќе насоки, па случаите како: *сетне на ти ке ти кажа; - не те сакам на ти* (Киреч-ќој, Солунско), во кои имаме навистина изразито отстапување од

---

[13] З. Тополинска, *Од синтаксата на македонските евангелија,* Прилози. Одделение за лингвистика и литературна наука, XIV-2, МАНУ, 1989, с. 142.

[14] З. Тополинска, види фуснота 13, с. 148.

словенската синтакса..."[15], ни ги отсликуваат најновите развојни фази на заменскиот систем во овие говори.

7.12. Некои од овие посебности и досега ѝ беа познати на нашата дијалектолошка наука, пр. проширената употреба на кратката заменска форма за индиректен објект *му*. Она што го третираме за новина и што јасно укажува до која степен падежниот систем кај заменките останал без своја физиономија, т.е. до која степен е загубен осетот за функционирање на формите најрепрезентативно ни се претставува со случаите во кои номинативната форма ја презела функцијата на индиректен објект, сп.: *па јаз му рекох: „Јаз ми е страх, ако не јаз сам ки одах"* (Ватилак, 86) *(јас ми е* м. 'мене ми е'); или: *Он идну зăрну у-чи́змата му-вле́гăл* (Кајларско, 141) *(он* м. 'нему').

8.1. Промените во словенскиот лексички фонд, иако не во толкав обем како во граматичката структура, сепак силно се изразени во долновардарските говори. Како што веќе споменавме во Речникот на М. Малецки од Солунско туѓите лексеми учествуваат дури со 40%.

Сондажните истражувања што ги направивме во номенклатурата на микротопонимиската граѓа од односнава регија во општи црти како да се сложува со споменатиов однос. Позајмените лексеми главно се земени од турскиЕЇ и ароманскиЕЇ јазик. Прави впечаток дека првите, т.е. турцизмите се среќаваат во повеќе места, додека оние земени од ароманскиот јазик се ограничени на оние села во кои ароманското население било во мнозинство.

Во овој случај ќе ги илустрираме турцизмите: *Чăта́лут* 'место каде што се крстосуваат патишта' (основно значење: 'дебела гранка што се разделува на две гранки') (с. Петгас, Гуменџа), во с. Баровица е запишан топонимот: *Чита́лут на Палио́ри* 'раскрсница кон Старо Село'; *Шадрава́нут* 'повеќе чешми, водоскок' (Гуменџа); *Капиии́ица* 'нива на граница со с. Крива' (: *капи́ја* 'врата') (Гуменџа); *Авли́ите* 'бавчи' (с. Ризарци, Гуменџа); *Ка́јнак* 'ниви' (: *ка́јнак* 'извор') (с. Ризарци, Гуменџа); *Мера́та* 'пасиште, ниви' (Ризарци, Гуменџа); *Гири́зот* 'јаз, бразда со вода' (с. Горопик, Гуменџа, истиот топоним се среќава и во Пазар); *Кăр* 'суви ниви' (Горопик, Гуменџа), во с. Петрово (Гуменџа): *Кăрцките Ни́ви* 'ниви на рид'; *Гере́ну* 'пасиште, неплодно место" (с. Петрово, Гуменџа); *Ама́мот* 'сега ниви, порано бања' (Бојмица, Гуменџа); *Ада́та* 'ниви' (првично значење 'остров') (с. Бојмица, Гуменџа); *Чăти́ита* 'извор' (: *чати́ја* 'дрвена конструкција на покрив') (с. Мандалово, Енице-Вардар); *Ѓо́л'от* 'ниви'

[15] Б. Конески, *Македонскиот XIX век,* Скопје, 1986, с. 205.

(ѓол' 'бара') (Пазар); *Пачавѝцата* 'ниви' (: по форма - *пачавѝца* 'ногавица') (с. Радомир, Енице-Вардар); *Усуве Авлѝе* 'бавчи на Јусуф' (Бабјани, Енице-Вардар); *Баѝрут* 'рид' (с. Бабјани, Енице Вардар); *Думу́зут* 'ниви' (: *думу́с* 'свиња') (Бабјани, Енице-Вардар); *Куџа́ Таше́* 'рид' *(коџа́* 'голем'; *таш* 'камен') (Бабјани, Енице-Вардар); *Ми́тирѝзите* 'место в планина' *(метирѝз* 'сточарски термин') (Бабјани, Енице-Вардарско); *Дѝнк* 'место, има *дѝнк* - работилница за луштење ориз' (Вадришта, Енице-Вардар); *Џаде́ Азма́к* 'неплодно место, има пат' (Ѓупчево, Енице-Вардар); *Вла́шкуто Урма́н* (: *урма́н* 'шума') (Кадиново, Енице-Вардар); *Азма́чката* (сп. *азма́к* ' влажно место', има и јаз) (Кадиново, Енице-Вардар); *Ана́ Чаѝр* 'ливада бегинска' (Араплија, Солунско); *Дерве́н* 'ниви, место за поминување' (Ајватово, Солунско); *Сулина́ро* 'ниви, двомеѓа со с. Ајтос' (: *сулина́р* 'мразулец') (Негован, Солунско); *Џа́јто* (: Џадето 'патот') (Негован, Солунско); *Сара́ Ѓол'* 'жолта бара' (фиг.: поле со зрело жито) (Неволјани, Солунско).

N THE DISINTEGRATION OF THE SOUTHEASTERN MACEDONIAN DIALECTS

Summary

It is well-known that after entering into the Balkan linguistic alliance the Macedonian and Bulgarian languages changed their structures considerably and separated from the Slavic linguistic system. However, this process of disintegration is much more advanced in the dialects from the lower parts of the Vardar region. Prof. Z. Golomb explained this situation with the bilingual, i.e. trilingual, status of the Macedonian population (especially of the men) living in an exceptionally multiethnical environment. In other words, the influence of Greek, Aromanian and Turkish led to the annulment of certain linguistic laws descending from the Common Slavic system.

1991/1996

ПОВТОРНО ЗА "ЛАЖНИТЕ ОСТАТОЦИ" ОД КРАЈНИОТ *ЕР* ВО ЈУГОИСТОЧНИТЕ ГОВОРИ

1.1. Долновардарските спаѓаат меѓу оние македонски говори што се најшироко истражувани и за кои има најмногу пишувано. Ваквиот интерес, пројавен уште кон крајот на минатиот век бил обосновен од стремежот на славистите за изнаоѓање на елементи од дијалектната база на јазикот на Кирил и Методи.

За време на Балканските војни 1912/13 Јордан Иванов престојувал неколку недели во селата Сухо, Висока и Зарово што се наоѓаат североисточно од Солун, во реонот Богданско. Резултатите од дијалектните истражувања во споменативе солунски села Иванов ги објавил во познатото париско славистичко списание "Ревија за славистички студии"[1] во која разгледува неколку архаични посебности во односниве говори : за континуантот на гласот *ери* (*ы*), за гласот *s* и особено се задржува на "фрапантниот податок" дека во Богданско има случаи на зачуван *ер* (*ъ*) на крајот на зборо форми што завршуваат на група согласки: *скъмпъ ли-ј тјутјунъ, силнъ аск'ер (С), тој тъ̄ј му реклъ (В), ендръ грат падна* (В,С), *плиткъ ḡол* (С), *ендръ фасул* (В), *мъндръ мънчъ, мъндръ кон* (В,С), *тенкъ* , *нискъ, чърнъ, нискъ, мъшкъ* (се однесува за човек) (С), *слаткъ пекмес* (С), *мънтъ пекмес* (С), *скъмпъ орис* (С), *чърнъ ол, чърнъ кон'* (В).

1.2. Задржувањето на крајниот ер (*ъ*) во односниве примери од Сухо и Висока Иванов ги објаснува од еуфонични причини, односно со стремеж да се олесни изговорот на крајната група согласки. Обратно, во селото Зарово проблемот се решава на подруг начин, што е и општопознат, со вметнување во согласничката секвенца вторичен ер: *рекъл, топъл, ендър,* поради што присуството на крајниот ер станува излишно.

---

[1] J. Ivanov, *Un parler bulgare archaique.* Revue des études slaves, II,1922, s. 86-103.

1.21. Рецензирајќи ја статијата на Иванов, Л.Милетич на страниците на сп. Македонски преглед[2], иако ги допушта еуфониските причини, сепак заклучува дека тие тешко би можел да бидат основниот агенс за зачувување на крајниот ер, бидејќи нив ги среќаваме и во останатите говори, а тоа значи дека овде треба да постојат и други посериозни погодности. Понатаму Милетич заклучува дека една од таквите причини претставува континуацијата на гласот *ери (ы)* што овде се совпаднала со големиот *ер (ъ),* како во средината, така и на крајот на зборформите, пр. *козъ, кравъ* (мн. ф., стсл. козы, кравы), што натаму наложило по аналогија да се задржи и етимолошкиот краен ер, кај зборови што завршуваат на група согласки.

Основно е дека на Милетич му изгледа недоволно аргументирана тезата на Иванов – оти кај одделни зборформи, при одредена фонетска окруженост, од причини за благозвучност и полесен изговор, се задржал крајниот ер.

1. 22. Рускиот славист А.Селишчев во сп. *Slavia* објавил приказ[3] во кој возразува, иако со други аргументи, на објаснувањата на J. Иванов во врска со наводно зачуваниот краен *ер*. Тој коментира дека во повеќето примери на крајниот ер му претходи еден од сонантите **р, л, н:** *ендрЪ, мЪндрЪ, реклЪ, силнЪ* и сл., кои по губењето на крајниот ер станале слоготворни (*ендр, мокр, рекл* и сл.), но понатаму во резултат на "тенденцијата крајната согласка да се ослободи од слоготворноста", а паралелно со тоа да се зачува "општиот карактер на основата", како што гласи во женски и среден род: *мЪндр-а, мЪндр-о, рекл-а, рекл-о* и сл., дошло до повторна појава на еден вторичен ер на крајот на зборот. Ова понатаму се проширило, односно почнало да се изговара во придавските форми и зад други согласки (*нискЪ, сладкЪ* и сл.).

1.23. С.Романски во својата статија "Лажни остатоци од крајниот ер"[4], анализирајќи го ова толкување на Селишчев, заклучува дека тоа е "премногу исконструирано за да биде вистинско", и не само тоа, Романски комплетно ја отфрла тезата на Иванов за "зачуван *краен ер*" во Солунско, што впрочем излегува и од самиот наслов што пред малку го споменавме. Тој во синтагмата "*прЪмнЪ*" (човек), поточно во придавката *прЪмнЪ* не

---

[2] Л. Милетичъ, *Jordan Ivanov, Un parler bulgare archaique.* Revue des études slaves, II,86-103, Paris, 1922. (Rézumé). МПр, I, 1925, кн. 3, с. 119-121 + 168-169.

[3] А. Селищев, *Новый сборникъ по диалектологии и фолклору Македонии,* Slavia, IV, 1925, с. 354 и натаму.

[4] Ст. Романски, *Мними остатъци отъ краесловенъ еръ въ единъ български говоръ въ Македония,* МакПр. III, кн. 1, с. 23-32.

гледа зачуван *краен ер*, туку зачувана првична сложена придавска форма. "Тоа се согласува и со фактот дека во односниов архаичен говор за *ери (ы)* се јавува рефлексот *ъ*, и тоа не само во коренските слогови, туку и на крајот на зборoформите; покрај *мъшка* (стсл. *мышъ*), *сън* (стсл. *сынъ*), *сът* (стсл. *сытъ*), во селата Висока и Зарово во множински форми на именки и придавки, како во машки, така и во женски род, среќаваме редовно: *козъ* (стсл. *козы*), *кравъ* (стсл. *кравы*), *къткъ* (стсл. *кыткы*), *зъмбъ*, *живъ* (стсл. *живы*), *прочуенъ крушъ* и сл." (в. Ј. Иванов, с. 94). Во таков случај јасно е дека "натрупувањето на согласки само помогнало да се задржи имено сложената форма на придавката и да се прошири нејзината употреба наместо простата, при тоа значењето на определеност постепено се затемнувало" (Романски, цит.раб., с. 31).

Меѓутоа и толкувањето на Романски содржи еден мал, но сериозен превид. Имено тој ги зема предвид само атрибутските сегменти од типот *пръмнъ* (човек), во кои крајниот ер го објаснува како континуант на *ери* од определената придавска форма *пръмны*, но испушта предвид дека Ј.Иванов споменува присуство на крајно *ер* и во глаголската *л*-форма, пр. *реклъ* (*тој тъј му р'еклъ)* во која е исклучено секакво комбинирање со *ери*. Освен тоа треба да се нагласи дека: ако во Висока постои некаква можност придавската форма во синтагмите *ендръ* (фасул), *нискъ* (човек), *дребнъ* (добиток) да се објаснува како развој од сложените форми: *ендры, нискы, дребны*, поради редукцијата на *ы* во *ъ*, тоа апсолутно не би можело да важи за пунктот Сухо бидејќи таму *ы* се рефлектира во *и*, впрочем како и во другите македонски говори, а како што видовме од материјалите на Иванов во Сухо има забележано повеќе примери со зачуван краен *ер: силнъ аск'ер, ендръ грат, прънвнъ* (човек), *плиткъ* (ѓол), *дребнъ* (добиток) и др.

1.3. Како што е познато на два пати во триесеттите години, поточно 1933 и 1934, полскиот славист М. Малецки ги истражувал говорите во Сухо и Висока. Резултатите од оваа работа планирал да ги презентира преку една комплетна студија за односниве говори, од која за жал, поради прераната смрт, објавил само два дела: текстови и речник[5].

Малецки не можел да го одмине начнатото прашање од Ј. Иванов за "зачуван краен ер" во Солунско. На односниов проблем му се навраќа со одделна статија во сп. Lud Słowański[6].

---

[5] M. Małecki, *Dwie gwari macedońskie. Sucho i Wisoka w Sołuńskiem.* Część I, Teksty, Kraków 1934. Część II, Słownik, Kraków 1936.

[6] M. Małecki, *Drobjazgi z Macedonji: Jeszcze o rozwoju końcowego jero w gwarach "Bogdańska"*, Lud słowiański II, 1933, s. 106-119.

1.31. Немајќи комплетен преглед врз проблемите што произлегуваат од засегнатоста на категоријата род во долновардарските говори, Малецки делумно го прифаќа мислењето на Иванов за зачуван краен ер, односно го модифицира како вторично појавен.

Становиштето на М. Малецки повторно го презентира Зб. Голомб во монографијата за говорите во Сухо и Висока[7], со која ги заокружува напорите на Малецки реализирани во споменативе две книги во кои недостасуваше граматичкиот дел.

1.32. По односново прашање тој пишува: "Кај придавките во говорите на С - В треба да се разгледа уште една работа, впрочем, веќе објаснета на убедлив начин од Малецки... Овдека работата е во мешањето на формите на nom. sing. masc. со nom. sing. fem. во редот на придавките со основа на консонантска група. Ова, се разбира, е описно пристапување кон работата. Од историска гледна точка овдека имаме работа со специјален развој на nom. sing. masc. кај оние придавки што имале на крајот тешка за изговор консонантска група и поради тоа по неа развиле вторичен "ер" што овозможил да се зачува таа група во неупростена состојба. Најверојатно тој процес прво се извршил кај придавките што ги имале во завршокот сонантите *р, л, н,* подоцна по пат на аналогија можел да ги опфати и другите што имале во завршокот консонантска група без сонанти. Новонастанатиот "ер" во неакцентирана позиција се изедначил со неакцентираната наставка *-а* на nom. sing. fem.: оттаму доаѓа и идентичноста на формите за машки и женски род кај таквите придавки:

мокра m., f., *мокру* н. С - В
мъндра m., f., *мъндру* н. С - В
б'ăсна m., f., *б' ăсну* н. С - В.

Оваа појава многу посилно истапува во С одошто во В. Таа не се ограничува на придавките, ами ги опфаќа и *л* - формите, на пр.: *д' ăдуту и р'екла* (< reklъ)". Цит. раб., MJ, XIII-XIV, с. 208.

2.1. Ќе се обидеме паралелно да ги даваме своите забелешки кон разбирањата на Иванов и Малецки /Голомб/, бидејќи тие се релативно блиски: од истите еуфонични причини, според Иванов, на крајот на зборо-формите се зачувал некогашниот *ер*, а според Малецки се развил нов, секундарен ер, но пак на крајот на зборо-формите. Меѓутоа, и едниот и другиот не

---

[7] Зб. Голомб, *Два македонски говора (на Сухо и Висока во Солунско),* MJ, г. XI-XII, кн. 1-2, с. 113-182, и г. XIII-XIV, кн. 1-2, с. 173-275.

му обрнале внимание на фактот дека сите забележани случаи се однесуваат само на придавски форми во синтагми од типот: *ендрЪ* (град), *мЪндрЪ* (човек), додека кај именките, кај истиве согласнички групи, пак на крајот на зборот тие се отклонуваат со вметнување на секундарниот "ер", начин познат и од другите говори, пр. *ветЪр (< вѣтрЪ)* и сл.

2.11. Второ, бројот на примерите забележани од Иванов во кои по губењето на крајниот *ер* би се создале согласнички групи тешки за изговор и во кои овде - за разлика од останатите дијалекти - прашањето се решава со "чување на крајниот *ер*" (според Иванов), односно со развивање на вторичен *ер* на крајот на зборот (според Малецки) е навистина мал: *мЪндрЪ, ендрЪ, реклЪ*, наспрема другите случаи: *силнЪ, сладкЪ, мЪнтнЪ, сп. уште: скЪмпЪ, плиткЪ, тенкЪ, нискЪ, чЪрнЪ* и сл.. за да се допушти дека првите неколку случаи биле единствениот агенс и со аналогија им се наложиле на сите останати.

Самиот Иванов за "крајниот ер" во првите примери: *мЪндрЪ* и сл. тврди дека останал уште од почетниот период на старословенскиот јазик, приближно од крајот на IX век, а во втората, изразито поголема група, крајниот *ер* се раширил по аналогија по губењето на ъ и ь во претпоследниот слог. С. Романски со право заклучува дека односново тврдење е неосновано, бидејќи за да се загуби *ерот* во претпоследниот слог, требало тој претходно, по некои причини, да се задржи на крајниот слог: само тогаш првиот *ер* би се чувствувал во отворен слог и би исчезнал /цит. раб., с. 29-30/. Навистина за односниве објаснувања би можело да се рече дека претставуваат вртење во круг.

3.1. Сите споменати толкувања на односниве, навистина необични случаи од Солунско имаат фонетски карактер. Обратно нашите повеќегодишни истражувања на долновардарските говори ни даваат доволна основа вниманието да го свртиме кон морфолошкиот фактор.

Прво, реонот Богданско, во кој се наоѓаат селата, чиј говор го преокупира толку многу вниманието на славистите, долг период во минатото, сé до Балканските војни - според Романски - претставувал изолиран македонски остров во еден поголем комплекс од турско население. И не само говорите во Богданско, воопшто југоисточните македонски говори ни се претставуваат како типични за "балканската лингвистичка унија", во кои се среќаваат интересни резултати од билингвизмот, што се родил од контактот со балканските несловенски јазици. Освен турскиот елемент, во односниве говори силно било изразено и влијанието на балканските Романи, чии потомци се денешните Власи.

3.2. Без сомнение во овој контекст треба да го гледаме и стремежот за елиминацијата на одделната маркираност на машкиот и средниот род, но и пошироко. Меѓу првите тоа го одбележил еден од собирачите на материјалите за Зборникот на Верковиќ, кој на маргините од материјали од Еницевардарско покрај другите забелешки, под т. *5* пишува: "... во Пазар и за машки и за женски род кај придавките се употребува само формата за среден род"[8].

3.21. Думев во студијата за воденскиот говор истакнува: овде " .. . се забележува една колку љубопитна, толку и несреќна појава, која што се должи на грчко и турско влијание" .Натаму, меѓу другите случаи на засегнатост на категоријата род, во смисла на обопштување на атрибутот од среден и за машки род наведува повеќе примери: *áрну чувéк, лóшу инсáн, нúску тавáн, кýсу чувéк, дибéлу увéн, дóбру урáч*[9].

Од пунктот Ѓупчево (Еницевардарско) среќаваме слични примери за нарушена конгруенција: *злáтно кóниц, аднó дрýго адéт, гулéмто áрмас, чúсто пичéно лéп, сéлцкуто бунáр* и сл. Од Кајларско /пункт Тремно/ се случаите: *чýјмо чóек, цéло лéп, чúсто úзвур* и др.

3.22. Во микротопонимијата од односниов терен исто така среќаваме двочлени синтагми во кои именката е од машки, а атрибутот од среден род: *Стáрту Јáвур* (Воденско), *Дéдво Извур* (Кајларско), *Влáшкуто Гроп* (Еницевардарско)[10] .

Во Солунско, според материјалите од Кулакиското евангелие среќаваме и обратни случаи - со именка од среден се јавува одредница од машки род: *видéа млáд дéтенци, му бéши стрáх и чýдо голéм*. Овде, освен што се мешаат машки и среден, има и случаи во кои е засегнат и женскиот род, имено атрибутот од среден ја маркира именката од женски род: *вервáле на нéго зáрди жéнцкото прúказна, - бунáр шо да úма вóда солéно, ки ти дáдиши вóда жúво*.

Од односниов тип синтагми со нарушена конгруенција има забележано примери и во микротопонимијата: *Нóвиот Џадé* (Мегленско), *Маџúрско Махалá* (Серско) - во првиот случај со именка од среден стои

---

[8] Ст. Романски, *Долновардарския тъ говоръ,* МакПр, г. VIII, кн. 1, с. 104.

[9] В. Думевъ, *Воденския тъ говоръ,* МакПр, XIII, 1943, кн. 3, с. 8-42, кн. 4, с. 26-88.

[10] Поопширно за ова в. во статијата *"За дезинтеграцијата на југоисточните македонски говори"*, уште: А. Поповски - К. Пеев, *Дијалектните особености во македонската топонимија како одраз на меѓујазичните контакти,* Втора југословенска ономастичка конференција, Скопје 1980, с. 287-292.

атрибутска одредница од машки род, а во вториот со именка од женски стои атрибут од среден род.

3.23. Крсте Мисирков кој потекнувал имено од овие краишта (Ениџевардарско) дури и во своите програмски записи не можел да се ослободи од својот говор па му се поткраднале примери во кои родот е погрешно маркиран (од истиот тип како и во претходните случаи): *на тија двата имијна* (За мак. работи, 107), уште: *два важни событија* (Вардар, 32).

3.3. Кај посвојните заменки упростувањето на шемата на родот исто така е присутно нашироко во овие говори, но постојат и ареални разлики. Пр. во Гуменџиско формата за среден род ја забележуваме обопштена и за машки: *на́што де́до*, од Воденско: *на́шчу учи́тал*, од Пазар: *мо́јту кба́ат*. Обратно во Солунско се наложила, формата за машки род: *не е наш јагнето*; *- јазе сум твој нуче,- са̄рцето мој*[11]. Еве уште еден пример од Зборникот на Верковиќ: *ка ки видиш мој писмо.*

3.31. Во Кулакиското евангелие паралелно егзистираат примери и од првиот и од вториот тип: *се́кој на не́говото брат, - ут ни́нјото сана̄р, - ут со́фрата на ни́нјото стопа́н, - не́гууто дуби́ток, - гри́пут ва́шо*, покрај: *про́сти-му на де́тито мој, - чуа́х на ни́х су и́мито сфо́ј, - уф са̄рциту ва́ш.*

4.1. Процесот на неутрализација на разликите во родот евидентен е и во глаголската фраза. Интересни се случаите на несогласување меѓу субјектот и именскиот дел од предикатот: првиот од машки, а вториот во среден род. Сп. примери од Кулакиското евангелие: *гро́бот шо бе́ши чине́то ут ка́мин, - и буна́рот мо́шни длабо́к.*

Од истиот материјал од Кулакија среќаваме и примери во кои субјектот е во женски, а именскиот предикат во машки род: *пло́чата намисте́на, о́ти бе́ши голе́м но́го.*

4.2. Конгруенцијата меѓу субјектот и *л*-партиципот во сложениот предикат исто така е нарушена. За разлика од другите случаи во кои обопштувањето најчесто оди на релација машки: среден, овде неретко е засегнат и женскиот род. Ќе илустрираме пак од Солунско, од Кулакија - субјектот во женски, а *л*-формата во машки род: *ве́ли на не́а...: а́рно си ре́кал, шо не́маш ма̄ш о́ти пе́т ма̄жи има́л си.* Сличен пример среќаваме и во материјалите од Верковиќ: ... *и она отидел, гу бакна ранката и тој ја дава един алтин многоценно.*

4.21. Пак од Солунско, од пунктот Висока М. Малецки (З.Голомб) наведува обратен пример: субјектот во машки, а *л*-партиципот во женски род: *д'а̄дуту* и *р'екла* (МЈ, Х111-Х17, 208), и го истакнува како пример за

---

[11] Б. Конески, *Јазични белешки за приказните од Солунско од збирката на Верковиќ,* МАНУ, Прилози, VII-1, Скопје 1982, с. 30.

развој на вторичен ер на крајот на зборoформите. Сличен е примерот: *тој тЪј ѿу реклЪ,* што на Ј. Иванов, му послужил како аргумент за тезата дека во Богданско сé уште се чува некогашниот *ер* во финална позиција.

Се разбира дека примерот од Кулакија, што пред малку го споменавме и во кој среќаваме обратен случај: *л*-фЊрма за машки род, со вметнат секундарен ер, во спрега со субјект од женски род (*áрно си рéкал, шо нéѿаш ѿăш)*, многу убедливо демонстрира една состојба: и првиот и вториот и третиот случај имаат еден заеднички именител - станува збор за нарушена конгруенција, предизвикана од нестабилноста на категоријата род, независно што различно се појавува во селата на северо-исток од Солунско, во реонот Богданско, наспрема оние на југ (Кулакија).

Потврда за ова наоѓаме и во споменатата статија на проф. Конески во која од истиот пункт (Висока) тој наведува различни комбинации и неуедначеност меѓу субјектот и партиципот: *вăжето не стигна, врăзаха и четиријси лактја појас, тогас достигнал, - тогај рибата ѿу беши дал едно ребро, - и стапот веки беши останало като иглин вăрх.*

Во Кукушко и Дојранско исто така среќаваме примери со различно и несоодветно поврзување на субјектот со *л*-формата: *ка дујдéл дéтто - нéма ѿóѿа и измиќáр сă-главúл, - Тýрчито избигáл уд Нимáнци*, наспрема: *еднá ѓýпка на-ѿóѿата га-накарáл д-ин лéгне на-скýто, - ут-кривáто га-шутнáл, такá, ѓýпката на ѿóѿата.*

4.3. Во заклучокот ќе истаЊеме дека од богато илустрираните примери во врска со категоријата род во југоисточните македонски говори, евидентно се наложува заклучокот дека овде нашироко е присутен стремежот за елиминација на родовите опозиции. Ј. Иванов и М.Малецки кои немале увид во раширеноста на оваа појава се обиделе нејзините резултати *(ендрЪ грат, силнЪ аск'ер, д'ăдуту и р'екла)* да ги разгледуваат од подруг аспект и маркираат посложени објаснувања: како остатоци од некогашната состојба, имено дека *ерот* оставил траги на крајот на зборот, со што говорите во Богданско би претставувале исклучок .

Спрема нашите согледувања, разгледуваниве примери од Богданско треба да се сфатат само како еден сегмент од општата разнишаност на конгруенцијата во овој говор, којашто не може да се разгледува надвор од присутната општа нестабилност на категоријата род во југоисточните македонски говори. Во сето тоа, колку да имало самородни причини, не може да се исклучи влијанието од структурата на несловенските балкански јазици, пред сé на турскиот.

СКРАТЕНИЦИ

А,БТР – Л. Андрейчин и др. , *Български тълковен речник*, София 1963.

БМ – Ст. Бојковска – Максимовска, *Дијалектни текстови од Мегленско,* Македонистика, бр. 5, Скопје, 1992.

Б(М,В,СД,К) – Т. Бицевски, *Македонски народни песни од Мегленско,* Македонско народно творештво, 6, Скопје 1985; *Македонски народни песни од Воденско,* Македонско народно творештво, 8, Скопје 1989; *Македонски народни песни од Серско и Демирхисарско,* Македонско народно творештво, 13, Скопје 1997; *Македонски народни песни од Кукушко,* Македонско народно творештво, 9, Скопје 1989.

Б,ОГ – П. Бицевски, *Орловото гнездо,* Скопје 1996.

В (V,K,S) – W. Budziszewska, *Słownik bałkanizmów w dialektach Macedonii Egejskiej,* Warszawa 1983 (V – Воден, K – Кукуш, S – Солун).

ВГ,БЕР – В. Георгиев и др., *Български етимологичен речник,* София,1971...

В,СД – Б. Видоески, *Говорот на селата Плевна и Горно Броди, Драмско,* МАНУ, Прилози XXII, 2, 1992.

V,PM – P. Lavrov a J. Polívka, *Lidové povídky jihomakedonské z rukopisů St. Verkovičových.* V Praze, 1932, s. IV-596.

VM,ESJČ – V. Machek, *Etymologický slovnik jazika českého a slovenského,* Prag, 1957.

Г,ДМГ – Зб. Голомб, *Два македонски говора (на Сухо и Висока во Солунско),* Македонски јазик, Скопје, XI-XII, кн. 1-2, с. 113-182, XIII-XIV, кн. 1-2, с. 173-276.

ДВ – В. Думевъ, *Воденския тъ говоръ,* МакПр, XIII, с.8–42.

ДК – В. Дрвошанов, *Кајларскиот говор*, Скопје, 1991.

ДС (Ч) – С. Давкова, *Лексиката на говорот на с. Чифлиник* (Демирхисарско), магистерска дисертација, машинопис, Скопје 1997.

ИГ – Д. Ивановъ, *Гевгелийскиятъ говоръ,* София, 1932.

КЕ – М. Карамфиловски, Еницевардарскиот говор, докторска дисертација, машинопис, Скопје 1995.

ЛС(К) – Веселинка Лаброска, *Говорот на с. Кула* (Серско), магистерска дисертација, Скопје 1997.

MS,t,s – M. Małecki, *Dwie gwary macedońskie (Suche i Wysoka w Sołuńskiem), I, Teksty,* Kraków 1934; *II Słownik,* Kraków 1936;

ME(B) – Б. Ристовски, *"Вардар". Научно-литературно и општествено-политичко списание на К. П. Мисирков,* Скопје, 1966.

MV,K – A. Mazon et A. Vaillant, *L'évangéliaire de Kulakia un parler slave du Bas - Vardar,* Paris 1938.

MC(B) – Л. Милетичъ, Изъ живота на Българитѣ въ Солунско, МакПр, VIII, София, 1932.

ME(P) – Бл. Ристовски, Раните ракописи на К. П. Мисирков на македонски јазик, Скопје, 1998.

О,СРЯ – С. Ожегов, Словарь русского языка, Москва 1963.

ПД – К. Пеев, Дојранскиот говор, Македонистика, 2, Скопје 1979.

ПК,I,II – К. Пеев, Кукушкиот говор I, 1988; II, 1989.

ПК(Гр) – Според (лично собрани) необјавени материјали од с. Грбашел, Кукушко.

ПК(Кр) – Според (лично собрани) необјавени материјали од с. Крецово, Кукушко.

ПК(М) – Според (лично собрани) необјавени материјали од с. Морарци, Кукушко.
ПК(Мут) – Според (лично собрани) необјавени материјали од с. Мотулово, Кукушко.
ПК(Грам) – Според (лично собрани) необјавени материјали од с. Грамадна, Кукушко.
ПГ(К) – Според (лично собрани) необјавени материјали од с. Коњско, Гевгелиско.
ПГ(С) – Според (лично собрани) необјавени материјали од с. Стојаково, Гевгелиско.
ПД(Ник) – Според (лично собрани) необјавени материјали од с. Николич, Дојранско.
ПД(Пат) – Според (лично собрани) необјавени материјали од с. Патарос, Дојранско.
ПД(Ф) – Според (лично собрани) необјавени материјали од с. Фурка, Дојранско.
PS, ERHSJ – P. Skok, Etimologijski rječnik hrvatskoga ili srpskoga jezika, Zagreb, 1971...
Р,ДГ – Ст. Романски, Долновардарскиятъ говоръ, МакПр, кн. 1, София 1932.
РМЈ – *Речник на македонскиот јазик* I, II, III, Скопје 1961...
РСХКНЈ – *Речник српскохрватског књижевног и народног језика*, Београд, 1959...
СК – Д. Сакъов, *Принос към речника на кукушкия говор,* Българска диалектология, III, София 1967.
ТГ – Ст. Таневиќ, *Српски народни обичаји у ћевђелијској кази*, Српски етнографски зборник, XL, Београд, 1927.
УЕ – Д. Угриновски, *"Народни обичаи од Еницевардарско"*, машинопис.
Ф,ЭСРЯ – *Этимологически словарь русского языка*, Москва 1986...
ШГ,1(К,Д) – К. Шапкарев, Сборник от *български народни умотворения,* т. 1, София, 1968 (К – Кукушко, Д – Дојранско).
ШГ,5(С,К,Д) – К. Шапкарев, *Избрани дела,* V, Скопје, 1976 (Г – Гевгелиско, С – Солунско, К – Кукушко, Д – Дојранско).

ВГ (Д,К,С,В,ЕВ,М,С,Д) - Б. Видоески,*Текстови од дијалектите на македонскиот јазик,* Скопје, 2000 (Гевгелиско, Дојранско, Кукушко, Солунско, Воденско, Еницевардарско, Мегленско, Серско, Драмско).

ТРАНСКРИПЦИЈА

ă. – Со овој знак го предаваме темниот вокал независно од неговото потекло.

a, e, o. – Точката под вокалот го означува полуредуцираниот изговор: *a* клони кон *ă*, *e* кон *и*, *o* кон *у*.

a:, e:, o:. – Должината на вокалите ја означуваме со знакот : (две точки) поставен од десната страна до буквата.

ä. – Со овој знак го обележуваме широкиот изговор на вокалот *е*.

л'. – Овој знак го означува полумекото *л*.

н'. – Со овој знак се означува мекото *н'*. Во крајната југоисточна периферија, др. во Лагадинско консонантите си имаат свои меки парници што ги претставуваме на истиот начин – со надреден знак од десната страна на буквата (*д* - *д'*, *з* – *з'*, *т* – *т'* и сл.).

л. – Со овој знак се означува вокалниот изговор на *л*.

р. – Овој знак го означува вокалниот изговор на *р*.

CIP - Каталогизација во публикација
Народна и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски", Скопје

811.163.3'282.4(495.6-12)

ПЕЕВ, Коста
Речник на македонските говори во југоисточниот егејски дел. Т. 2 / Коста Пеев. - Скопје : Студентски збор, 2002. - 408 стр. ; 24 см

Фусноти кон текстот. - Скратеници: стр. 405. - Содржи и: Одбрани граматички прашања

ISBN 9989-45-164-8

а) Македонски јазик - Дијалекти - Егејска Македонија, југоисточна - Речници

СОДРЖИНА

Уводни белешки..... 9

Речник

Ѓ..... 15
Е..... 22
Ж..... 35
З..... 49
S..... 125
И..... 128
J..... 203
К..... 234

Одбрани граматички прашања

За заменскиот систем во јужните македонски говори..... 365
За дезинтеграцијата на југоисточните македонски говори..... 385
Повторно за "лажните остатоци" од крајниот *ер* во југоисточните говори. 397

Кратенки..... 405